ДРЖАВЕН АРХИВ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



ЦРНИТЕ СТРАНИЦИ НА УДБА
Зборник на документи

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предговор:
Д-р Филип Петровски

Одговорни уредници и составувачи:
Д-р Александар Даштевски
Д-р Филип Петровски
Игор Сотиров

Рецензент:
Д-р Ленина Жила

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

327.84(497.1:497.7)"1945/..."(093.2)

ЛУСТРАЦИЈАТА - недовршен процес. Т. 9 / [одговорни уредници и составувачи Александар Даштевски, Филип Петровски, Игор Сотиров]. - Скопје : Државен архив на Република Македонија, 2016. - XXIII, 2068 стр. : илустр. ; 30 см. - (Црните страници на УДБА)

ISBN 978-608-4745-26-6 (Ед.)
ISBN 978-608-4745-35-8 (Том 9)

а) Тајни служби - Македонско прашање - СФРЈ - 1945 - Документи
COBISS.MK-ID 101600266

© Државниот архив на Република Македонија, д-р Александар Даштевски, д-р Филип Петровски, Игор Сотиров, за ова издание. Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми, или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

ЦРНИТЕ СТРАНИЦИ на УДБА

ЛУСТРАЦИЈАТА - НЕДОВРШЕН ПРОЦЕС

ТОМ IX
ДЕЛ 2

лустриран

КОЧО БИТОЉАНУ

Raboteno vo UDB za Makedonija
na 14.VII.1946 godina

Saslušanje

Na Nedelko Mitrev Makrevski, rodom od s.Vitolište, star 32 godini, ženen so dve deca, nepsuduvan.

Pokanen sum da zboram istinata

pismen sum
Nedelko M.Makrevski, s.r.

Vo sabota na 13.VII.1946 godina kaj pladne se nejdovme so Mitre Krstev. Mitre mi reče deka ke me zavede kaj Čento, koj ima da zbori nešto so mene. So nego pojdov kaj Čento na dukjan. Tamo go najdovme Čenta no imaše mnogu narod i ne moževme da zboríme-samo mi reče da li ke možam da go zavedam vo Vitolište. Čento mi reče da pojdam kaj 3-4 satot po ruček da prozboríme. Okolu 4 satot pojdov na dukjan kaj Čento. Toj počna da mi zbori kako nije se borevne za Makedonija a ete pak ni se naturi srpski režim. Me praša da li ke možam da go odnesam vo Vitolišta i da go sprovedam na granica. Jas mu rekov deka na granica ne ke možam da go odnesam no do Vitolišta ke go sprovedam, toj mi mi reče deka ako ne možam da go sprovedam toj ke si najde čovek ili pak ke odi sam bidejkum go poznava patot. Me praša da li ima pak kaj Železna vrata. Po patot Čento mi reče: "Ako slučajno ne fatat ke rečiš deka odam po veresija da sobiram vo Bitolišta kaj Done Mladenov i Krste Sivevski, a vo Pličišta kaj Riste Čule. Po patot me praša koj pat je po blizok na što mu odgovoriv deka po blizok je od kaj Kokre no e poteškok a od kaj Štavica e podalek no e poaren. Togaj mi go dade pištolot i mi reče jas da go nosam oti jes nemam kubur. Koga izlegovme dvaeset ina čekpri od gradot ne zapustavija dvajca ni go zedoja pištolot i ne sprovedova.

Gornoto što go rekov e seto verno i zatova se podpišuvam.

Gornoto mi je pročitano.

Pismen sum

Nedelko M.Makrevski, s.r.

Saslušal

K.Bitoljanu, s.r.

6

Работено во УДБ за Македонија
на 15 јули т.г.

ДОПОЛНИТЕЛНО САСЛУШАЊЕ

На Неделко Митрев Макревски

Покажан сум да говорам интимата.Затоа се потпишувам и изјавувам следното:

Подпис

Неделко Макревски,с.р.

Во петок на 12.VII,1946,г.кинисав од с.Витолиште за Прилеп.На пат ме настигна Митре Крстев на местото Брез.Потем не ми зборуваше ништо,бидејќи имаше луѓе.Во саботата на сабајле кај е сетот се најдов во Прилеп со Митрета и тој ми рече дека имало нешто да зборам со Ѓенто.Ми рече дека кај 12 сетот ке појдиме кај Ѓенто.Митре ми рече дека Ѓенто има намерение да бега за Грција."Да не кажиш за това никому,оти да знајеш ѕ-то те чека ми рече Митре.Тогај ми рече Митре дека јас ке го водам Ѓенто преку граница.Јас му одговорив дека јас го знам патот само до влашките колиби а потамо незнам."Ако денеска не појде Бошко,ке го факјам Јован Попето од с.Витолиште да го пренесе тој."Това ми го рече Митре.За Бошка знам дека је од Прилеп,но јас не го познавам ниту му знам презимето.Вечерта кога отидов кај Ѓента-Ѓенто ми рече дека ке требе да го пренесам во Грција.Ми даде два наполеона да ги скријам и ако случајно ми се најдат да речам дека ми се од татка ми.Тамо ги скрив во гунјата.Жена му на Ѓенто тоја вечер је видов да плаче.

Да је горното вистино се потпишувам

Писмен сум

Неделко Макревски,с.р.

Саслушал
К.Битољанец

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-29/1
13.01. 2014 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Кочо Битољану од Скопје, согласно член член 4, член 10,член 14, член 18 став 6 и 7, член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 13.01.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Кочо Битољану, кое било носител на јавна функција - службено лице во УДБ - Македонија, со ЕМБГ 0801924450021, роден на 08.01.1924 година, бил наредбодател и корисник на информации, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За, лицето Кочо Битољану, кое било носител на јавна функција - службено лице во УДБ - Македонија, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност, Комисијата утврди дека за лицето Кочо Битољану, во Државниот архив на Република Македонија, во личното досие бр.45009946 водено за лицето Методија Андонов Ченто, од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствувања со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните во смисла на горенаведениот Закон.

Од увидот во документите кои постојат во Државниот архив на РМ, ,се утврди дека за лицето Кочо Битољану, како наредбодател и корисник на информации, во смисла на член 18 став 6 и 7 од горенаведениот Закон, постојат следниве документи, и тоа:

Изјава од сослушување на лице од 14.07.1946 година, сотавена од 1 (една) страница; и Дополнение на изјавата за сослушување од 15.07.1946 година, Кочо Битољану

Од горенаведени документи јасно се гледа дека лицето Неделко Макревски е сослушувано со цел да се соберат информации за Методија Андонов Ченто, со што се кршени или ограничувани основните слободи и права на лице за кое се водело досие од идеолошко-политички причини. Лицето било сослушувано од Кочо Битољану, како службено лице во УДБ - Македонија

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, затоа, соглано член 4, 14, 18 став 6 и 7,член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека лицето Кочо Битољану, бил наредбодател корисник на информациите на органите на државната безбедност, и согласно наведеното го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Кочо Битољану, да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Кочо Битољану.

2 - 2

лустриран

КРСТЕ ПЕНДАРОВСКИ

4321

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИСПОСТАВА "КАРПОШ"
Опер.работник: [redacted]
Отчукано во 3 примероци
Вв.бр. 215/1321
25.03.1983 година
С К О П Ј Е

СД 21.4.83

Врз основа на Член 23 од Законот за внатрешни работи (Сл.весник на СРМ бр.37/80),а во врска со точка 2 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење како и за примената на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност СД бр.01-73/1 од 10.04.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

Продолжување на мерката КОНТРОЛА НА ДОМАШНИОТ ТЕЛЕФОН на претплатничкиот број 261-531 во станот на лицето ДИМИТАР НИКОЛОВ - роден на 10.02.1958 година во Скопје, Македонец, државјанин на СФРЈ,студент на Филозофско-историскиот факултет, во Скопје, живее во Скопје на ул."Павле Илиќ" бр.21/2.

Мерката е одобрена со Решение бр.54/385 од 10.02.1982 год.

О б р а з л о ж е н и е

Димитар Николов претставува интерес на Службата поради своите идејно-тутки анархолибералистички стојалишта и определби кои ги застапува и манифестира јавно и во повеќе форми и облици.

Досегашната примена на мерката даде особен допринос во осознавање на неговите контакти со познати и непознати носители на анархолиберализам од Белград, Загреб и Љубљана меѓу кои и неколку отпаднати професори од Филозофскиот факултет во Белград - Таиќ, Попов, Стојановиќ и пр.

врската со познати анархолиберали од Загреб и Љубљана беше воспоставена преку Владо Мијановиќ од Белград - лидер на студентските немири во 1968 год. и Владо Десница новинар во "Студентски лист" од Загреб.

Николов е во повремени контакти и со познати анархолиберали од Скопје.

Од натамошната примена на мерката очекуваме нови сознанија за степенот на нивната меѓусебна поврзаност,како и комуникација со други носители на анархолибералистичка активност во земјата и надвор.

За безбедносно позначајните разговори брзо да се информира заради навремено и ефикасно преземање на потребни оперативни мерки и активности.

СОГЛАСНИ:
Началник на УСДБ - Скопје
[redacted]
Началник на III - Сектор
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Шеф на МУСДБ "Карпош"
Крсте Панделовски

ОДОБРУВА
РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
[redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИСПОСТАВА "КАРПОШ"
ИНСПЕКТОР: [redacted]
Ев.бр. 1-71/ 7781
21.11.1983 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи (Сл.весник на СРМ бр.37/80), а во врска со точка 1о од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење, како и за примената на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност СД.бр. о1-73/1 од 1о.4.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

Примена на мерката контрола на телефонските разговори на претплатничкиот тел. 258-о87 во станот на лицето САЗДОВСКИ НИКОЛА, од татко [redacted] роден на 7.1о.1925 година во Кавадарци, Македонец, државјанин на СФРЈ, пензионер, живее во Скопје, на ул."Јан Хус" бр.7.

О б р а з л о ж е н и е

Саздовски заради негативност од бирократско-етатистички позиции во 1982 година бил осуден на 5 годишен затвор. Истиот се води во предмет на претходна оперативна обработка.

Соработниците од минатото е особено поповите укажуваат на тоа дека тој се уште стои на своите, идејно туѓи определби. Во последно време ја користи новонастанатата тешка економска состојба во земјата и се поостро ги осудува мерките што се преземаат за надминување на истата.

Според него налев од економската криза е промена на системот кој ваков каков што е, не може да ги надмине тешкотиите.Се повеќе го

критикува нашето врвно политичко и партиско раководство и при тоа за разлика од порано кога свио пред одбрани сотоворници (истоми - оленици) да експонираше својата интима, тој во ново време се поотворено го искажува своето идејно наслагање со општествено-политичкиот систем .

Со своето делување Саздовски представува латентна општествена опасност поради што се налага потребата, неговата активност да се следи и покрива и преку мерката која се предлага, од која очекуваме да ги надополниме и потврдиме сознанијата што се добиени по оперативен пат и ги осознаеме неговите контакти во земјата, и во странство а особено неговите општења со лица од МРБ.

СОРАБОТНИК
Началник на УСДБ - Скопје
[redacted]
Началник на [redacted] Сектор
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Раф на ИУСДБ "Карпош"
Крсте Пендаровски

Ценејќи ги горните наводи, сметам дека се исполнети условите од член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ бр.37/90) за примена на мерката а врз основа на точка 10, став 2, од споменатото упатство, Предлогот го доставуваме за донесување на соодветно Решение.

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
[redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА НА СЛУЖБАТА ЗА ДР АВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИСПОСТАВА "КАРПОШ"
Инспектор: [redacted]
Отчукано во 3 примероци
Бв.бр. 46/292
27.01.1984 година
С К О П Ј Е

Врз основа на Член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр.37/80) а во врска со точка 10 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење како и за примена на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност СД бр.01-73/1 од 10.04.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

примена на мерката КОНТРОЛА на ТЕЛЕФОН на претплатничкиот број 29[redacted]-087 во станот на САЗДОВСКИ [redacted] НИКОЛА - роден на 7.10.1925 год. во Кавадарци, Македонец, државјанин на СФРЈ, пензионер, живее во Скопје на ул."Јан Хус" бр.7.

О б р а з л о ж е н и е

Саздовски заради активност од бирократско-етатистички позиции во 1976 год. бил осуден на 5 год. затвор.Истиот се води во предмет во претходна оперативна обработка.

Сознанијата од минатото и особено поновите укажуваат на тоа дека тој сеуште стои цврсто на своите идејно туѓи определби. Во последно време ја користи влошената економска состојба во земјата и се поостро ги осудува мерките што се превземаат за надминување на истата.

Според него излез од економската криза е промена на системот кој каков што е, не може да ги надмине тешкотиите. Се повеќе го критикува нашето врвно политичко и партиско раководство и при тоа за разлика од порано кога само пред одбрани соговорници (истомисле лици) да експлонираше својата интима, тој во почово време се постоперно го искажува своето идејно неслагање со општествено-политичкиот систем.

Со своето дејствување Саздовски претставува латентна општествена опасност поради што се налага потребата, неговата активност да се следи и покрива и преку мерката која се предлага, од која очекуваме да ги надополниме и потврдиме сознанијата што се добиени по оперативен пат односно ги осознаеме неговите контакти со безбедносно интересни лица и да се откријат нови врски и нивниот начин на договарање.

Од примената на мерката да се изготвуваат информации а поинтересните разговори да се даваат во оригинал. Снимениот материјал да се чува за доказ и одлучување.

СОГЛАСНИ
Началник на УСДБ-Скопје
[redacted]
Началник на РЦ Сектр
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Шеф на ИЗСДБ "Карпош"
Крсте Пендаровски

Ценејќи ги роните наводи, сметам дека се исполнети условите од Чл. 25 од Законот за внатрешни работи (Службен весник на СРМ бр.37/80) за примена на мерките а врз основа на точка 10, став 2 од споменатото упатство, Предлогот го поддржувам за донесување на соодветно решение.

РЕПУБЛИЧКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА СДБ
[redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИСПОСТАВА "КАРПОШ"
ИНСПЕКТОР: [redacted]
Отчукано во 3 примероци
Ев.бр. 319/1366
18.06.1984 година
С К О П Ј Е

Врз основа на Член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ бр.37/80), а во врска со точка 10 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење како и за примената на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност СД бр.01 - 73/1 од 10.04.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

Примена на мерката ТАЈНО ОЗВУЧУВАЊЕ СО ФИКСНО ПОСТАВУВАЊЕ на технички средства во станот на САЗДОВСКИ НИКОЛА - од татко Бла жо, роден на 7.10.1925 год. во Кавадарци, Македонец, државјанин на СФРЈ, пензионер, живее во Скопје на ул."Јан Хус" бр.7.

О б р а з л о ж е н и е

По објасувањето на резолуцијата на информбирото одпочнал да де лува на оваа непријателска основа, за која цел се поврзал с група лица приврженици на РИБ , со кои имал намера да оформи н пријателска група која организирано би работела во корист н СССР и останатите ИЕ земји. Заедно со уште две лица растурал л тоци со ИБ-е содржина, а според непотврдени податоци чувал ил галец - Бугарин кој умрел и бил некаде погребен. Од 1976 годи на опфатен е во ПОО. Осудуван на 5 год. затвор. [redacted]

Поновите сознанија укажуваат дека Саздовски и натаму манифестира, односно ги застапува поранешните идејни непријателски определби и гледања. Во оваа смисла ги користи актуелните состојби во земјата како погодни теми за својата вербална непријателска активност.Така порел општествено-политичкиот систем кој не можел да ги надмине сегашниве тешкотии истовремено го критикува нашето највисоко партиско и државно раководство, при што за разлика од порано кога само пред одредени истомисленици ја експонираше својата непријателска определеност, во поново време се' поотворено го искажува своето идејно неслагање со општествено-политичкиот систем.

Во последно време исто така ги интензивира контактите со поранешни приврзеници на РИБ и со нив дрско го критикува општествено-политичкиот систем и политичкото и партиското раководство во земјата.

Поаѓајќи од сознанијата за неговата сегашна непријателска активност,а посебно поврзаноста,блискоста и редовните контакти со ПОО"Но би Дик" се предлага примена на оваа мерка, од која се очекува да се надополнат и потврдат одредени индиции и сознанијата, добиени по оперативен пат а истовремено да се осознаат неговите контакти, разговори и намери што ги остварува и води во својот стан.

Паралелно со ова ќе се создадат услови за создавање на оперативна документација, а со примената на мерката очекуваме да се даде придонес и во обработката на предметите ("Вловец", "Три"и други лица од оваа непријателска структура.

Мерката ќе се реализира во однапред создадени безбедносни услови и со максимална конспиративност, за која ќе биде изготвен и конкретен оперативен План.


СОГЛАСНИ:
Началник на УСДБ - Скопје
[redacted]

Началник на III - Сектор
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Шеф на ИУСДБ "Карпош"
Крсте Пендаровски

3.-

Ценејќи ги горните наводи за оправданоста и целисходноста на предложената мерка, се констатира дека се исполнети условите предвидени со Член 23 од Законот за внатрешни работи (Службен весник на СРМ бр.37/80) за примена на мерката а врз основа на точка 40, став 2 од правилата на СДБ и точка 6 став 4 од споменатото Упатство предлогот го доставувам на соодветно Решение.



РЕПУБЛИЧКИ [redacted] НА СДБ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1118/1
17.07.2013 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Крсте Пендаровски од Скопје, согласно член 3 точка 16, член 4, член 10,14, член 18 став 6 и 7 , член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 17.07.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Крсте Пендаровски, лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување - шеф на ИУСДБ "Карпош", со ЕМБГ 1805946450040, роден на 18.05.1946 година, бил наредбодател и корисник на информациите, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За, лицето Крсте Пендаровски, кое било носител на јавна функција или јавно овластување -шеф на ИУСДБ "Карпош", Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), по службена должност поведе постапка за утврдување дали бил наредбодател и корисник на информациите или имал соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите,Комисијата утврди дека за лицето Крсте Пендаровски, во Државниот архив на Република Македонија, во неколку лични досиеја на други лица постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствувања со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните и дека исто така бил и корисник на информациите на тајниот соработник, во смисла на горенаведениот Закон.

Од увидот во личните досиеја кои постојат во Државниот архив на Република Македонија, се утврди дека се работи за следниве документи: Предлог за продолжување на мерката контрола на домашен телефон, Ев.бр.215/1372 од 25.03.1983 година, составен од 2(две) страница; Предлог за примена на мерката контрола на телефонски разговори, Ев.бр.715/4781 од 21.11.1983 година, составен од 2(две) страница; Предлог за примена на мерката контрола на телефон,

Ев.бр.46/292 од 27.01.1984 година, составен од 2(две) страница; Предлог за примена на мерката тајно озвучување со фиксно поставување на технички средства во стан, Ев.бр.319/2366 од 18.06.1984 година, составен од 3(три) страница;

Во документот Ев.бр.215/1372 од 25.03.1983 година, Крсте Пендаровски, како -шеф на ИУСДБ "Карпош", предлага продолжување на контрола на домашен телефон на лице кое било интересно за службата поради своите анархолибералистички ставови кои ги застапувал и манифестирал јавно, со цел да се добијат сознанија за неговите контакти со лица со исти ставови од земјта но и од Белград, Љубљана и Загреб. Во документите Ев.бр.715/4781 од 21.11.1983 и Ев.бр.46/292 од 27.01.1984 година, предлага примена на мерката контрола на телефон за лице кое се водело во претходна оперативна обработка, кое иако претходно било осудено на 5 години затвор поради активности од бирократско-етатистички позиции, сеуште не ги имал променето своите ставови, и според предлагачот претставувал "латентна општествена опасност". Од наведените причини, лицето било следено и прислушкувано, со цел да се осознаат неговите контакти со други безбедносно интересни лица и да се открие нивниот начин на договарање. Во документот Ев.бр.319/2366 од 18.06.1984 година, Крсте Пендаровски предлага примена на мерката тајно озвучување со фиксно поставување на технички средства во станот на одредено лице, со однапред создадени безбедносни услови и изготвен конкретен оперативе план,од причина што имало сомнение дека лицето имало намера да оформи непријателска група која организирано би работела во корист на СССР И останатите ИЕ земји, и вршел вербална непријателска активност.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите, смета дека се релевантни, затоа, соглано член 4, 14, член 18 став 6 и став 7 , член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека лицето Крсте Пендаровски, бил наредбодател и соработник на органите на државната безбедност, и согласно наведеното го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Тодо Алцев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Крсте Пендаровски, да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Крсте Пендаровски.

2 - 2

лустриран

ЉУБЕ ЧКЛАМОВСКИ

4

ОО „Пандан"

МВР на РМ
ЈБК
УЈБК-Битола
ОУЈБК-Битола
Линија: БНРС

23 895

Врз основа на точка 4 алинеја "В" и "Г" од Упатството за користење на средствата за специјална намена (Сл.бр. 01-2133 од 26.05.1993 година) поднесувам

Лу Дедов

П Р Е Д Л О Г

За надоknада на потрошени девизни парични средства направени за извршување на оперативно-технички работи за остварување на kвалитетно оперативно присуство над ОО "Пандан" во износ од 1900 ((илјада и деветстотини) денари со соработникот "Ацо".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во рамките на предвидените програмски задачи за успешно и kвалитетно остварување на оперативна присутност над лицето опфатено во ОО "Пандан" по линија на БНРС соработникот "Ацо" беше вkлучен во обезбедувањето на услови за примена на оперативно-технички мерки планирани во посочената ОО.

При тоа за негово инструирање, припрема и организирање на состанокот беа потрошени парични девизни средства во висина на горенаведениот износ.

Предлагам истите во целост да бидат подмирени.

Битола, 29.08.1995 година

Предлага:
Началник на ОУЈБК-Битола
Љубе Чкламовски

Врз основа на точка 10 од Упатството за користење на средствата за специјална намена, Одобрувам да се исплатат трошоците во висина од 1900 (илјада и деветстотини) денари направени со соработникот "Ацо" за извршување на оперативно-технички задачи спрема ОО "Пандан".

Одобрува:
Началник на УЈБК-Битола
[redacted]

6.11.09 ЈЧ.

85

Ѓ.02-708/642

Министерство за внатрешни работи на Р.Македонија
Дирекција за безбедност и контраразузнавање
УДБК-Битола
ОУДБК-Битола
Нач. Љубе Чкламовски
Битола, 23.01.1996 година

ЕВИДЕНЦИЈА бр. 52
30.01 1996 год.

Линија: БНРС
- ОО "Пандан"

[redacted]

И З В Е Ш Т А Ј

I. Извор: "Ацо" - соработник

Податоците и сознанијата се однесуваат на ОО "Пандан"

Состанокот е одржан на 19.01.1996 година во станот на соработникот од 10 до 12.30 часот по претходен заеднички договор.

Трошкови не се направени, а материјалот се доставува до I и IV Управа на ДБК-Скопје и УДБК-Битола

II. Претходна задача на соработникот му беше да ја следи активноста на ОО "Пандан".

III Добиени сознанија и податоци:

"Пред и по новогодишните празници редовно контактирам со [redacted] Тој е многу повлечен, се плаши да не му биде од Вас поднесена кривична пријава.

Бил сигурен дека и телефонот му се прислушкува, па затоа и ретко го користел домашниот телефон. Се обидел да го користи телефонот на неговиот сопартиец [redacted] кој категорично го одбил, по што [redacted] него го смета како соработник на ДБК, така да и го избегнува.

Сум запознат дека го користи станот на [redacted] одборник на ВМРО-ТП во битолското собрание. Од тој стан [redacted] имал клуч, а најверојатно го-користи телефонот. Покрај овој голема веројатност е да го користи телефонот на неговиот вујко [redacted] кој живее кај медицинскиот центар.

Смета дека не е безбеден па во една пријлика ми напомена доколку можам да го снабдам со пиштол на црно бидејќи Вие сте му го зеле цело оружје.

./.

29.02.96

2.-

Ме информира дека секретарот на ВМРО-ТП [redacted] ги купил објектите на "Авторемонт"-Битола, меѓутоа немал доволно пари да ги доплати. За тоа од мене бараше сума од 50000 ГМ кои ќе ми ги врател кога ќе му дојделе парите од [redacted] од Белгија.

Дискутира и за неговото опстојување во Битола, а во размислување му е и заминување во бугарија или Белгија. наводно причина за тоа била ДБК koja според него е просрпски настроена. Цени дека е стално следен и надгледуван и дека и најблиските пријатели дури и роднини се врбувани и работат за ДБК. Стално го споменува [redacted] koj вели континуирано се интересирал за него преку неговиот зет за внука [redacted] и одреден инжинер во РЕК-Битола [redacted]

Запознат сум дека неговата сопруга сама патуваше во Софија-Бугарија заради здравствени проблеми при крајот на 1995 година"

IV. Оперативен коментар, оценка, мислење, предлози.

Соработникот "Ацо" се користи по линија на АЕН во земјата и исламски фундаментализам. Блискоста со ОО "Пандан" ни остава можност да го користиме за негово покривање. нивните контакти датираат од поодамна, според "Ацо" од 1983 година кога соработникот бил секретар на илегална ВМРО-група формирана од ОО "Пандан" на подрачјето.

Во рамките на остварувањето на оперативното присуство над ОО "Пандан" - "Ацо" има презентирано значајни сознанија и податоци и е користен непосредно при примената на одредени мерки.

Приоритет на сегашниот состанок со соработникот беше добивање на сознанија од каде ОО ги одржува телефонските контакти со лицата од Бугарија и интересните по оваа линија во земјата, како и други активности во тие рамки

Добиените сознанија ги цениме за веродостојни и во таа смисла се дадени натамошните инструкции на изворот.

Изработено во 2 примероци.
Доставено до:
- I Управа на ДБК
- IV Управа на ДБК

Да се уништи, ф. 1 от.
К [redacted]
Зеле "мр котурна.
[redacted]

418

ДФ 4395/

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола, 25.07.1990 година

Линија: МВС

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I - Извор: "Ацо"
Сознанијата се однесуваат на ПО"Црни".
Состанокот е одржан на 23.07.1990 година во службените простории на испостава по иницијатива на изворот.
Трошкоци нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - Предходна задача на соработникот му беше да прибира сознанија за безбедносно интересни лица и настани.

III - Добиени сознанија:
"Непосредно по одржувањето на основачкото собрание на ВМРО-ДПМНЕ за формирање на секција за Битола се сретнав со [redacted] и му честитав за изборот за претседател на секција. Тој онака среќен како да очекуваше средба со мене ме замоли како стари пријатели да му помогнам во натамошна натаработа бидејќи неговата партија сепак се борела и за правата на албанската народност и главниот непријател Србија ни бил заеднички.
Во разговорот истакна дека јас како образован интелекуталец од албанската народност треба да се ангажирам за покренување на иницијатива меѓу Албанците кои живеат во Битола да формираме "единствен фронт" за заштита од хегемонистичката политика на Србија врз сите граѓани кои живеат на македонската територија.

Според него"единствениот фронт" би го координирал ВМРО-ДПМНЕ конкретно за нашето подрачје -секцијата во Битола, а во него би влегле сите напредни лица со демократски идеи - Македонци,Албанци, Турци ,Власи и Роми, кои јасно ја согледуваат опасноста од српскиот шовинизам и сепаратизам.

Во основа "единствениот фронт" ќе имал за цел спречување од навлегувањето на догматската комунистичка мисла која главно доаѓала од Србија и отворање на широка сестрана соработка со разбиените републики првенствено Словенија и Хрватска.

Тој неќе имал остварено контакти со припадници на турската народност и нивните влашката етничка група од Битола со кои постигнал заедничка согласност во овој правец. е претерано занесен во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, дури моти да речам на ниво на фанатик.Самата негова преокупираност во неговата партија му го усложни семејниот проблем и бракот воопшто.

Ми соборуваше деке неколку членови од ВМРО-ДПМНЕ ќе ноќевале кај него неколку дена со цел да конкретизираат некои прашања, особено финансирањето, работни простории за секцијата и сл."

IV - Соработникот "Ацо" е од албанската народност инструиран за следење на селектираните безбедносно интересни лица по линија на АНС.Мефутов е во блиски односи со ПО"Црни" кои датираат од поодамна.Случајната средба со ПО"Црни" соработникот ја искористи да ни приберя сознанија од нашиот работен непокруг.

"Ацо"е инстуриран да ги продолжи контактите со ПО"Црни" во рамките на остварување на континуирано оперативно присуство на неговата активност со цел проширување, продлабочување на сознанијата.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

Ф 4395/

7

26-2 581 90 год.

РСВР – СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава – Битола
Инсп.Љ.Чкатамовски
Битола,2о,07.1990 година Линија:МНС

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: ПО"Црни","Банкари","Унион" и други безбедносно интересни лица по оваа линија.-

На 17.07.о.г. во просториите на Спомен домот на културата "АСНОМ"-Битола од 19,оо до о2,оо часот се одржа оснивачкото собрание на ВМРО-ДПМНЕ за формирање на секција за Битола на кое присуствуваа околу 970 лица од Битола,Ресен,Демир Хисар, Охрид,Струга,Берово,Делчево,Пехчево,Струмица,Скопје,Прилеп, како и наши работници на времена работа во САД,Австралија и Шведска.

За претседател на битолската секција е избран [redacted] (ПО"Црни").Карактеристично е дека меѓу присутните поголемиот дел беше составен од поранешни осуденици по линија на МНС и ВМ-третман нивни роднински и пријателски врски, како и лица кои се под третман на Службата во земјата и странство(ПО"Банкари "Унион", [redacted] и др.).

По изложувањето на програмата за работа на ВМРО-ДПМНЕ од страна на нејзиниот претседател [redacted] е избрано работно претседателство [redacted] и иницијативен одбор за Битола од 15 члена, по што беше отворена дискусија за присутните.

./.

[redacted](писател од Скопје, полемираше со [redacted] во "Нова Македнија")истакна дека секој штоработел и раководел во "акеднија од друга националност само ја ограбувал, обесправувал стопирал и назадувал Македонија;

[redacted] -(од с.[redacted]Ресен, сопруга на ПО"Унион") "изрази каење и се извини што 33 години воспитувала македончиња со литература наметната од Белград, сега е време за акција и упорност во неа, секоја Македонец има своја организација-ВМРО-ДПМНЕ.Македонците од прекуокеанските земји се спремни финансиски да ја помогнат ВМРО-ДПМНЕ и каде организацијата има голем број симпатизери;"

[redacted] -(од Битола, студент на Градежен факултет во Скопје, сина на ПО"Банкари") -"денешната младина е спремна за трет илинден - на чело со ВМРО-ДПМНЕ, смрт или слобода за Македонија - амин".

[redacted]- (од с[redacted]-битолско, осудуван за МНЕ) - "само тој што лежал затвор за ВМРО знае што се неговите цели, тоа треба да се пренеси на помладите и грижливо да се негува затоа што ВМРО е единствена перспектива за Македнија";

-претставник на организираната група "Комити" од Скопје - [redacted]стар 14 години -"младитек омити се за акција и отворање вистината за Македонија на сите полиња и безрезервно верување во сегашното раководство на ВМРО-ДПМНЕ";

[redacted] -(од Битола, вработен во РЕК-Битола) " ние бевме сликани од УДБ-а кога го посетувавме гробот на гемицијата Павел Шатев,45 години се работеше за искоренување на се што е македонско, јас сум да не постои "ВЕП" туку само Македонија,бидејќи вака само ја делиме и така ~~xxxxxxxxx~~ поделената Македонија, со тоа што ќе речиме Вардарска ~~xxx~~ им годиме на северните соседи оти за нив постои како Вардарска бановина";

./.

[redacted]-(соработник "Питомец") "со самото конституирање на независна Македонија е помошта од нашите славјански браќа по крв, ние во Солун треба да влезиме културно, духовно, технички ,а не војнички со пушка";

-член на секцијата на ВМРО-ДПМНЕ од Струга од с.Присовјане- "неминовно треба да се мени републичката влада која работи илегално, со предходно заземање на РТВ-Скопје и држење под контрола на севкупните витални објекти во републиката, прво по пат на преговори, а покасно со примена на други средства. Пред 15 години во нашето село [redacted] формира ВМРО и беше затворен од политичката полиција, беше мачен и понижуван иако пишуваше песни за Македонија";

- на оваа дискусија се јави за полемика постаро лице од Охрид, осуденик за МНС "[redacted] беше србоман, јас со него заедно бев суден,тој пред судот ја изрецитира песната"мајка Србија";

[redacted](свештеник од Битола)"дозволивме во оваа Македонија да ни ја пцујат светоклиментовата мајка некои колонизатери срби, а на тоа не реагираат ни борците([redacted], се што беше македонско има сека српски белези,а тоа е од владеењето на [redacted], [redacted] и слични на нив, смрт на шпионите";;

- наш граѓанин од Битола на времена работа во Шведска "моите слики ги има во УДБ-а, дури сега се чуствувам слободен, [redacted] е донесен од Франција со дипломатска кола -киднапиран од УДБ-а и е мачен во Идризово; тој и сега не може да дојди во Македонија; [redacted] е убиен во Германија, а од кого од македонската УДБ-а";

-наш граѓанин од Битола на времена работа во Шведска"владиката [redacted] кога му рековме дека ќе правиме црква во Шведска ни рече нема работа со ВМРО-вци";

./.

4.-

-граѓанин од Битола на времена работа во Австралија (одредено време се школувал во Словенија)"јас подарувам 10 000 долари на организацијата во чест на вујкото на мојата сопруга [redacted] кој чесно и се оддолжи на Македонија";

-член на ВМРО-ДПМНЕ од Струмица "за Македонија да оди напред треба предходно да се изведат на суд припадниците на СДБ, судиите и обвинителите, кои од матицата на иселениците направија гнездо на шпиони, не ни дозволуваа да го блокираме патот за Грција на граничниот премин";

[redacted] од Скопје-"какви злосторства изврши СКЈ на најдобрите македонски синови тоа се граничи со геноцид, барам рехабилитација за сите нив."

На оснивачкото собрание во дискусијата учествуваа околу 30 лица, меѓу нив и бивши осуденици по линија на МНС и ВМ кои евоцираа спомени за престојот во КПД-Идризово.На истото присуствуваа соработниците "Смилевец", "Питомец","Давид","Мисирков", "Бонд", "Мирослав" за што ќе презентираме поконкретни сознанија по остварените контакти со нив за безбедносно интересните настани и лица.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 п.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

„Пајрак" 08-9611

МВР на РМ
Служба за државна безбедност
РУСДБ-Битола
ОРУСДБ-Битола
Линија на работа: екстремизам
Инсп. [redacted]

Ев.бр.1158
20.04.1992 година

Врз основа на член 41 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, („Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), поднесувам

П Р Е Д Л О Г

За примена на мерката ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ во земјата на лицето [redacted] роден [redacted] година во Битола, машки пол, државјанин на Р.Македонија, со живеалиште во Битола на ул. [redacted]

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Целта од примената на посочената мерка ќе биде идентификација на лица со кои истиот контактира, а во тие рамки да се приберат, проверат и документираат податоците за неговата противуставна дејност заради попречување на таквата активност.

Со примената на мерката ќе се документираат неговите контакти со припадници на ВМРО-СМД од Софија-Р.Бугарија ([redacted]) и други интересни лица за СДБ од подрачјето и пошироко.

Мерката ќе се примени на 21.04.1992 година на територија на РМ.

За лицето спрема кого ќе се применува мерката располагаме со сознанија за негова вклученост и поврзаност со активности опфатени во ОА "М-91" и ОА "Дервен".

Битола, 20.04.1993 година

СОГЛАСНИ:
Началник на ОРУСДБ-Битола
Љубе Чкламовски

Началник на РУСДБ-Битола
[redacted]

2.-

Врз основа на член 41 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност и образложението, ценам дека се исполнети условите да се изврши следење на лицето, [redacted] и да се одобри налог за следење.

Скопје,_____година

Началник на VI Управа на СДБ

[redacted]

„Пајрак"

03-9512

1

МВР на РМ
Служба за државна безбедност
РУСДБ-Битола
ОРУСДБ-Битола
Линија на работа: екстремизам
Инсп. [redacted]

Ев.бр.1157
9.10.1992 година

Врз основа на член 41 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност. ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), поднесувам

П Р Е Д Л О Г

за примена на мерката ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ во земјата на НН лице.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Поаѓајќи од добиените сознанија дека на 10.10.1992 година во Битола ќе пристојува НН лице кое ќе оствари контакт со [redacted] - опфатен во ОА "М-91" и ОА "Дервен" се предлага примена над наведената мерка.

Целта што се сака да се постигне со примената на мерката е идентификување на НН лицето, установување на карактерот на воспоставените врски и контакти со [redacted] како и прибирање, проверка и документирање на податоците за нивната противуставна дејност - заради попречување на истата.

Битола, 9.10.1992 година

СОГЛАСНИ:
Началник на ОРУСДБ-Битола
Љубе Илиевски
Началник на РУСДБ-Битола
[redacted]

Врз основа на член 41 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност и образложението ценам дека се исполнети условите да се изврши следење на НН лицето и да се одобри налог за следење.

Скопје,_____година

Началник на II Управа на СДБ
[redacted]

10

02-538
0
IV

МВР на РМ
СЈБ
РУСДБ-Битола
ОРУСДБ-Битола
Нач. Љубе Чкламовски
Битола 24.01.1994 година

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 42
24. 01 1994 год.

Линија: екстремизам

И З В Е Ш Т А Ј

I.Извор: "Ацо" - соработник
Сознанијата се однесуваат на ОО "Пандан".
Добиени се на 18.01.1994 година од 18 до 19 часот во станот на изворот, по негова иницијатива.
Трошкови нема, а материјалот се доставува до II и IV Управа на СДБ-Скопје и РУСДБ-Битола.

II. Претходна задача на соработникот му беше да информира за движењето, контактите и однесувањето на ОО "Пандан" по запалувањето на просториите на партијата ВМРО-Татковинска - Битола.

III. Добиени сознанија:
"Во 16.30 часот денес во посета ми дојде [redacted] со неговиот најстар син. Кај мене остана до 15.15 часот. Целта на неговото доаѓање беше да конкретизира кога последен пат беше кај мене. Јас го потсетив дека тоа беше на 12.01. о.г. истата ноќ кога му се запалија партиските простории. На тоа откако се сети ми напомена дека на излегување забележал дека од пред мојот дом до неговата куќа бил следен од одредени две лица за него непознати кои користеле ПМВ Југо бела боја. Таа ноќ тој го управувал своето ПМВ марка Лада бела боја.
Истакна дека по запалувањето на партиските простории имал претчуство дека ќе му се случи нешто лошо и имал сознанија дека му се припрема атентат. За да се заштити од ова секогаш одел оборужен носејќи го својот пиштол калибар 7,62 мм.
Напомена дека тој ги познавал сторителите кои ги запалиле партиските простории, можел да изнуди од нив признанија меѓутоа сторителите имале таков карактер што во УВР и пред судот тоа ќе го негирале.
Воедно бил сигурен дека сторителите запалувањето го извршиле по директива на [redacted] и дека истите биле од Прилеп или Скопје".

./.

IV. Оперативен коментар, предлози, оценка и мислење:

Одма по престојот на "Пандан" е реализиран контектот со соработникот. Наша оценка е дека ОО "Пандан" по запалувањето на партиските простории на ВМРО-Татковинска се ангажира во зацврстување на неговото алиби. Притоа се користи со разни измислувања дека наводно бил следен и му се заканувала опасност од атентат.

Во однос на "сторителите" кои ОО "Пандан" веќе ги имал откриено ценими дека со таа негова активност сака да ги сврти нашите ангажирања во спротивен правец. Во оваа смисла измислувањата ги има презентирано и пред УВР-Битола, каде при секој престој е заинтересиран кој ја води истрагата, дали е вклучена СДБ и дали има нови сознанија.

Во контекстот на следењето на неговото однесување соработникот е инструиран за сите новодобиени сознанија навремено да информира.

Изработено во 2 примероци.

Доставено до:

1 пр. II Управа на СДБ

1 пр. IV Управа на СДБ

Сд.СЧ-515/1131

Сб.бр. 97 од 26.01.89 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љупчо Чкламовски
Битола, 25.01.1989 година

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" број 37/80), и член 62 и 63 од Правилата за работа на СДБ, а во врска со точка 2 од Упатството за примена на мерки со кои се отстапува од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење, поднесувам

П Р Е Д Л О Г

За примена на мерката КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОНСКИТЕ РАЗГОВОРИ што ги обавува лицето [redacted] (митрополитот преспанско-битолски [redacted] од претпалатинчикот број 34-032, сопственост на Битолската митрополија. Лицето [redacted] од татко [redacted] роден на 29.05.1946 година во с.Богомила - Ко Титов Велес, а живее и работи во споменатиот објект, опфатен во ПОО "РАСИПНИК", по линија на внатрешна проблематика - непријателска дејност од редовите на верските заедници - МПЦ.

Мерката се предлага заради расветлување на карактерот на воспоставените врски и односи со членови на МНЕ, експонирани клерономационалисти од СПЦ и други безбедносно-интересни лица од подрачјето и пошироко, со цел документирање на нивната непријателска активност.

До колку Предлогов биде одобрен, изворот ќе се регистрира под псевдоним "МОНАХ".

О б р а з л о ж е н и е

ПОО "РАСИПНИК" како митрополит на преспанско-битолската

епархија е во контакт со лица членови на МНЕ ([redacted] и [redacted]; епископот на СПЦ [redacted] во Западен Берлин; познатите клеронационалисти од СПЦ [redacted]; ПОО "Матица" по МНС; лица селектирани како безбедносно-интересни по експонираноста од позиции на влашки национализам ([redacted]; претставници на задграничните православни цркви ([redacted] свештеник на руската задгранична црква во СРГ) при што содржина на меѓусебните разговори се состојбите во МПЦ, односот со СПЦ на планот на признавање на автокефалноста на МПЦ, раководството на МПЦ, нивната способност на организациски план, кадровската положба, вмешаноста на државата во верскиот живот и слично.

Во таа смисла досега се добиени сознанија дека ПОО "Расипник" остварувал телефонски разговори со негови блиски свештеници од канадско-американската епархија и им давал одредени сугестии, односно невистинито ги прикажувал состојбите во МПЦ, од што резултира подвоеноста на свештеничкиот и верничкиот состав во споменатата епархија, а се одразува на положбата на самата МПЦ и пошироко во општествената средина. Исто така во договор со митрополитите [redacted] и [redacted] преземале активности да се омаловажи личноста на архиепископот на МПЦ [redacted], лица од раководните структури во општествено-политичкиот живот во СРМ и членови на "Св. Синод" на МПЦ.

Имајќи го во предвид горенаведеното, цениме дека предложената мерка ќе допринеси за целосно расветлување на карактерот од воспоставените врски и односи на ПОО "Расипник" со споменатите лица и документирање на неговата непријателска активност.

ПРЕДЛАГА
Инспектор,
Љупчо Чкламовски

СОГЛАСНИ:
Шеф на Испоставата на СДБ,
[redacted]
Началник на III сектор,
[redacted]

04-984/1751

16.2.89 194

Р С В Р - О Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп. Љупчо Чкламовски
Битола, 15.2.1989 год.

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи ("Сл. весник на СРМ" бр. 37/80), а во врска со точка 6 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење, како и за примена на техничките средства за работа на Службата за државна безбедност Сл.бр. 01-73/1 од 10.4.1973 година, се поднесува

П Р Е Д Л О Г

За примена на мерката ТАЈНО ОЗВУЧУВАЊЕ СО ФИКСНО ПОСТАВУВАЊЕ НА СТС во просториите на битолската митрополија, каде работи и живее лицето [redacted] (преспанско- битолски митрополит [redacted], од татко [redacted], роден [redacted] година во село Богомила, СО Титов Велес, Македонец, државјанин на СФРЈ, опфатен во ПОО "РАСИПНИК", по линија на внатрешна проблематика - непријателска дејност од редовите на верските заедници - МПЦ.

Мерката се предлага заради расветлување на карактерот на воспоставените врски и односи со членови на МНЕ, експонирани клеронационалисти од СПЦ и други безбедносно-интересни лица од подрачјето и пошироко, со цел документирање на нивната непријателска активност.

До колку Предлогот биде одобрен, изворот ќе се регистрира под псевдоним "МИРЈАН".

./.

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] како митрополит на преспанско-битолската епархија е во контакт со лица членови на МНЕ ([redacted]; епископот на СПЦ [redacted] во Западен Берлин; познатите клеронационалисти од СП ([redacted], [redacted], [redacted] (ПОО) по линија на МНС; лица селектирани како безбедносно-интересни од позиции на влашки национализам [redacted]; претставници на задграничните православни цркви [redacted] - свештеник на руската задгранична црква во СРГ) и сл. Содржина на меѓусебните контакти од кои повеќето се остварувааат во просториите на битолската митрополија најчесто се состојбите во МПЦ, односот со СПЦ на планот на признавање на автокефалноста на МПЦ, раководството на МПЦ, нивната способност на организационене план, кадровската положба, вмешаноста на државата во верскиот живот и сл.

Во досегашната обработка потврдени се првичните сознанија дека [redacted] во разговорите со споменатите лица невистинито ги прикажувал состојбите во МПЦ, од што резултира подвоеноста на свештеничкиот и верничкиот состав во епархијата и има импликации врз положбата на МПЦ пошироко во општествената средина.

Исто така во договор со митрополитите [redacted] и [redacted] преземале активности да се омаловажи и дискредитира личноста на архиепископот на МПЦ [redacted], членовите на "Св. Синод" на МПЦ и лица од раководните општествено-политички структури во СРМ.

Покрај ова кај [redacted] се регистрирани непријателски искажувања (критизерски по содржината) и криминални однесувања кои одат на штета на епархијата со која раководи и пошироко во МПЦ.

./.

Контактите со споменатите лица ги остварува во својата работна просторија или во канцеларијата за прием на гости.

Имајќи ги во предвид сите овие околности и зголемениот интензитет на неговото непријателско делување во последно време, се предлага примената на мерката во споменатите простории со цел продлабочување и проширување на досегашните сознанија и добивање на релевантна документација за непријателската активност на [redacted] и безбедносно-интересните лица со кои е во контакт, како и за негови криминални и други општествено негативни поведенија, со што ќе се овозможи понатамошна поквалитетна обработка на овој ПОО и ќе се создадат оперативно-технички услови за примена на други мерки и активности.

До колку предлогот биде одобрен ќе се изготви посебен план на активности за реализација на мерката.

ПРЕДЛАГА
Инспектор,
Љупчо Чкламовски

СОГЛАСНИ:
Шеф на Испоставата на СДБ,
[redacted]

Началник на III сектор,
[redacted]

Ценејќи ги горните наводи за оправданост на предложената мерка, сметам дека се исполнети условите од чл. 23 од Законот за внатрешни работи ("Сл. весник на СРМ" бр.37/80), за примена на мерката, а врз основа на точка 2 од споменатото Упатство, Предлогот го доставувам на соодветно решение.

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ,
[redacted]

Сф. 03-3018/3018

М В Р – Р М
Служба за државна безбедност
ОРУСДБ – Битола
Линија: Екстремизам
Инсп. Љупчо Чкламовски

Еви. бр. 345
12-12 1991 год.

Ев. д. 6210
28.3.92

Врз основа на чл. 16 од Законот за внатрешни работи ("Сл. весник на РМ" бр. 37/80), Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи ("Сл. весник на РМ" бр. 36/91) и точка 56 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Сл. весник на СФРЈ") доверливо гласило бр. 18/90, поднесувам

П Р Е Д Л О Г

За ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА (ОО) на лицето [redacted] роден 29.5.1946 година во с. Богомила – Титов Велес, Република Македонија, а живее и работи во Митрополијата – Битола на [redacted] митрополит на Преспанско-битолската епархија.

Лицето ќе се води под псевдоним [redacted]

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] од 1977 до 1989 година беше ангажиран како соработник на СДБ, меѓутоа поради неговата несамоиницијативност и оценката дека презентираните негови сознанија се површни и субјективни е дерегистриран од соработничката мрежа и до 27.9.1990 година беше под оперативен третман на Службата (ПО).

Во наредниот период добиени се сознанија дека без знаење на Св. синод и поглаварот на МПЦ [redacted] остварувал контакти со претставници на СПЦ [redacted] кои манифестираат екстремни шовинистички определби

./.

спрема Република Македонија и ги информирал за состојбите во МПЦ и Републиката.

Во оваа смисла евидентирани се негови патувања и контакти со свештеници на грчката православна црква и други задгранични верски заедници.

Напоредно со овие активности новодобиените сознанија укажуваат дека истиот е во врска со зголемениот број кражби на икони и други црковни предмети од црковно историско значење (скапоцени крстови, црковни книги) и други криминални однесувања кои ги манифестирал во Преспанско-битолската епархија и пошироко МПЦ.

Деструктивноста, неодговорното ретроградно и индиферентно однесување на Каровски со зголемен интензитет на екстремизам е аргументирано со многуте преставки кои се доставени до републичките органи за таквото негово однесување, за што тој врши притисок врз свештениците кои ја покренале иницијативата за разобличување на неговата активност.

Во овие рамки од особено значење се добиените сознанија дека е во телефонска врска со екстремисти од емиграцијата каде сугестивно ги наметнувал своите ставови и определби.

Од причини што ваквата активност на [redacted] ескалира и понатаму и поприма карактер на далекусежни последици, се налага потребата од негово заведување во ОО,со што на еден поорганизиран начин би се остварил увид над неговата активност и би се проширила, продлабочила и документирала постојните сознанија со цел негово соодветно реализирање.

Битола, 11.12.1991 год.

СОГЛАСНИ:
Началник на ОРУСДБ-Битола,
Киро Дамчевски

Началник на II Управа,
[redacted]

13-252

МВР на РМ
Служба за државна безбедност
РУСДБ-Битола
ОРУСДБ-Битола
Линија на работа:клерикализам
[redacted]

Ев.бр.16
4.01.1993 година

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), поднесуваа

П Р Е Д Л О Г

За ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето [redacted] роден 29.05.1946 година во с.Богомила - Титов Велес, машки пол, државјанин на Р.Македонија, со место на живеење во Битола на [redacted]

Мерката ќе се примени во неговата работна просторија.

Лицето се води во ОО под ев.бр.345 и псевдоним "Расипник".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Поаѓајќи од сознанијата дека ОО"Расипник" и во 1993 година продолжува да манифестира активности од клерикалистички позиции, постојат основи на сомнение дека ќе продолжување на примената на предложената мерка ќе се обезбедат докази

./.

за неговата противуставна дејност. Продолжувањето и примената на мерката се предлага поради тоа што истиот злоупотребувајќи ја својата положба како митрополит на Преспанско -битолската епархија одземал и оттуѓувал разни предмети и реликвии од големо историско и црковно значење за МПЦ и Р.Македонија.Споменатите предмети ги изнесувал надвор од земјата, а најчесто во Шведска и СР Југославија.

Добиени се сознанија дека ОО"Расипник" и натаму одржува контакти со српски великодостојници, познати по своите [redacted] кои со примената на мерката планираме да ги документираме.

Во овој период очекуваме негови почести контакти со наведените лица, особено по поставувањето на" администратор [redacted] за МПЦ од страна на СПЦ."

Исто така ќе примената на мерката благовремено ќе бидеме во тек со плановите и намерите на ОО"Расипник" за неговите патувања во странство, како и неговите контакти и карактерот на истите од ин терес за СДБ.

Ценими дека со примената на мерката, оперативната присутност и поставеност спрема ОО"Расипник" ќе се подигне на повисоко ниво и ќе се прибират релевантни докази за неговата противуставна дејност.

Битола, 4.01.1993 година

СОГЛАСНИ:
НАЧАЛНИК НА ОРУСДБ-Битола,
Љубе Чкламовски

НАЧАЛНИК НА РУСДБ-Битола,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА СДБ II УПРАВА,
[redacted]

./.

Ф-2572

Вх.бр.327
24.3.1988 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола,14.03.1988 година Линија:Православен клер

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I -Извор:"Поца"
Податоците се однесуваат за состојбите во МПЦ, преспанско-битолска епархија.
Состанокот е одржан на 8.03.1988 година во мојот стан, од 17,00 до 18,30 часот, по наша иницијатива.
Трошкови нема, а материјалите се доставува до III и IV сектор на СДБ на 17.03.1988 година.

II - Предходна задача на соработникот му беше да ги следи состојбите,појавите и проблемите во преспанско-битолската епархија.

III - Добиени се следниве сознанија:

"Пред две недели во посета на владиката [redacted] во митрополијата дојдоа два новинари од "Нова Македонија", кои разговараа со владиката за организираноста на МПЦ во Западна Европа,посебно какви се можностите за отворање на црковни објекти во Белгија, каде македонското иселеништво чуствува таква потреба.Кога е во прашање Западна Европа,[redacted] се однесува незаинтересирано, па дури и пасивно што резултира од неговото повлекување се управувањето на црквите во тој дел, и нивното давање да управува друг владика.

Во врска со написот во "ЛИК" и разговорот со митрополитот [redacted] вели дека [redacted] по збор ги кодирал неговите мислења во врска со корените и историскиот континуитет на МПЦ.

./.

Од 9.о3.88 година [redacted] ќе присуствува на седницата на "Св.Синод" на МПЦ која ќе започнела на 1о.о3.1988 година, асодржина ќе бидат извештаите на владиците [redacted] од визитацијата на канадско-американската епархија и извештајот на владиката [redacted] од посетата на Австралија.

Сум запознат за негативните искажувања на свештеникот [redacted] во Австралија, кој таму се наоѓа во посета на негови блиски роднини, дека ги напаѓал со лоши зборови сегашните владици на МПЦ,пред група наши иселеници.

За сегашните состојби во преспанско-битолската епархија можам да в информирам дека [redacted] некој свештеник од Битола му велел на судијата [redacted] дека што се однесувало до него "со МПЦ можело да управува и патријархот", а [redacted] ова го кажал на предавање на правниот факултет.

Во митрополијата е вработен во својство на хасмајстор [redacted] од Битола, кој предходно работеше во РО"Раде Кончар" кој покрај тоа ќе работи и како возач. Истиот е оженет, има две деца, ќерка мажена во Скопје и син ученик III година на богословското училиште се вика [redacted].

За сегашниот секретар [redacted] кој му е зет за внука од братучед на [redacted] можам да дадам оценка дека е неоформена личност која лесно потпаѓа под туѓо влијание,но сепак ги задоволува личните интереси и е човек на владиката.

Пред еден месец умре татко му на владиката [redacted], па имаше и присутни од Скопје.Во разговор со еден од тие мислам се викаше [redacted] дознав дека [redacted]-секретар во архиепископијата имал весник во кој бил насликан [redacted] како се поклонува на гробот на Цар Борис во Бугарија. Бидејќи [redacted] бил во недобри односи со [redacted] по секоја цена настојувал да му наштети, па за таа цел сликата му ја покажувал на раководни лица од ваш републиката кои го советувале и натаму да прибира такви материјали, за да подоцна се одлучело за натамошните мерки спрема [redacted]

.II

Во врска со престојните преговори на СПЦ [redacted] вели со какво лице ќе настапи МПЦ кога во претставниците на МПЦ е [redacted], кого СПЦ добро го знае неговото компромитирано минато и тврди дека СПЦ на индиректен начин ќе го потенцира неморалот на владиката [redacted]

Пред една недела бев во Минхен,СРГ со цел да земам печат-документ дека сегашното возило на митрополијата ауди 100 е купено од [redacted], препродавач на коли по потекло од Битола, кој ми беше потребен при преводот на возилото и одредувањето на данокот. Документот го добив па сега е во тек преводот на колата.Во Минхен бев во еден одпад за возила и наидов на еден летак со антијугословенска содржина, потпишан од ХДП (хрватски државотворен покрет).Во него пишуваше дека секој кој ќе дојде до овој летак доволно е да ја го растури или да го стави на видно место во СФРЈ, дека 1988 година е судбоносна за Југославија во вид на порака и повик до сите поштени луѓе да се борат за независна Хрватска.Во истиот се навредуваше српскиот народ како хегемонистички во СФРЈ и се негираше присутноста на специјалните милициски единици на Косово."

IV - Новинарите на "Нова Македонија" кои разговарав со владиката [redacted] и содржината на разговорот се познати на службата, бидејќи еден од нив е оперативна позиција по II сектор.

По одземањето на правото за управување во црквите во Западна Европа владиката [redacted] не пропушта прилика тоа да го коментира како негово отстранување во донесувањето и реализирањето на најважните црковни проблеми и неправилен однос кон него од страна на раководните структури во СРМ и "Св.Синод" на МПЦ кое водело кон омаловажување на неговите лични способности и образование.Во таа смисла ценими дека настојува да го сврти вниманието кон него како чесен црковен раководител во однос на некои владици кои според него со поткрепа на повисоките републички органи([redacted]) настојуваат да бидат во центарот на решавањето на црковните проблеми, но поседуваат компромитација и неморал особено познати кај СПЦ.

./.

Пласирајќи ги тие автентични мислења и самиот манифестира негативни однесувања кои му годат на СПЦ во односите и признавањето на автокефалноста на МПЦ, а се регистрирани од наша страна.

За негативните искажувања на [redacted], свештеник во црквата "Св.Богородица"-Битола, сега престојува кај свои роднини во Австралија, е запознат линискиот инспектор со кој е договорено по враќањето во земјата да се обави информативен разговор и расчистување. [redacted] е познат како нестабилна личност, но [redacted] доста е начитан и ги познава состојбите во МПЦ.На неколку пати се регистрирани негови искажувања кои водат надвор од црковниот живот и се мешаат со општествените проблеми.Истиот е безбедносно диференцирач како личност која треба да се проучи со цел одредување адекватен оперативен третман.

Во врска со добиените сознанија за истапот на свештеник од Битола кој оди во прилог на СПЦ ќе се обави разговор со судијата [redacted] со цел проширување на првичните сознанија и идентификација на лицето.

По пензионирањето на возачот во битолската митрополија [redacted] на негово место е вработен [redacted], во својство на хаос мајстор и возач.Во наредниот период планираме проучување на истиот, со цел ангажирање за наши потреби.

Сознанијата кои изворот ги презентира за секретарот на архиепископијата во Скопје, [redacted] заслужуваат интерес во смисла истите да се проверат, бидејќи се работи за лице под оперативен третман на службата [redacted]

Со "Цоца" е договорено да во разговор со владиката [redacted] се интересира со содржината на седницата во Скопје на "Св.Синод" неговите коментари, престојните преговори со СПЦ како и други појави и состојби во преспанско-битолската епархија и пошироко МПЦ.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

СД 4857/

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола,23.05.1988 година

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 523
9.06. 1988 год.

Линија:Православен клер

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I - Извор:"Пеца"
Податоците се однесуваат на состојбите во преспанско-битолската епархија, владиката [redacted] свештеникот [redacted] и патување на изворот во Грција.

Состанокот е одржан на 18.05.1988 година од 13,30 до 15,00 часот во мојот стан, по предходен заеднички договор.

Трошкови нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - Предходна задача на соработникот му беше да ги следи состојбите и проблемите во преспанско-битолската епархија.

III - На состанокот соработникот ги презентира следните сознанија:
"Владиката [redacted] поседува мини касетофон кој го набавила време на престојот во Рим-Италија на постдипломските студии.Истиот го користи за снимање на разговори за задоволување на негови лични интереси.Така да на радио-~~касетафонот~~ касетата го имал снимено разговорот со владиката [redacted] (пред аферата со [redacted]) кога свој во вечерните часови отишол во битолската митрополија и муабетувал на [redacted] секакви благодети само [redacted] да премолчел за неговите односи со [redacted]. Во таа смисла му нудел архиепископски престол, вработување за неговите блиски роднини и пријатели,продолжување на свештеничката работа на некои свештеници блиски на [redacted] во странство.[redacted] сè можел да прифати на негово "нашестено"поставување за архиепископ многу го повредило.

./.

На друга касета бил снимен разговорот меѓу [redacted] и претседателот на републичката ~~верска~~ комисија за односи со верските заедници [redacted], чија содржина била како [redacted] го предупредува и му се заканува на владиката да престане со озборувањата. за [redacted] бидејќи тоа му штети на авторитетот на МПЦ.
На друга касета е снимена изјавата на владиката [redacted] во која [redacted] давал збор да доколку [redacted] останел во Св.Синод, самиот тој повеќе нема да и служи на МПЦ.

Сите овие касети, комплетирани со изјави на свештеници и други луѓе од црковниот живот се наоѓаат во касата на владиката [redacted] во битолската митрополија или во доверлив човек на владиката сега е тој или неговиот зет за внука [redacted]-секретар во митрополијата или [redacted], нов везач и хаус мајстор во митрополијата.

Сметам дека во погоден момент и услови владиката овие работи би им ги соопштил на одреден круг лица, со цел да си создаде поволни услови за негова перспектива.

Пред една недела како што сум запознаен владиката [redacted] заминал за Шведска,Не знам по кој повод, но со себе го понесе и касетофонот.Во последно време [redacted] се однесува самоволно.Тоа се огледа во тоа што кога заминува надвор од епархијата, не се јавува на никого зошто и каде оди, ~~што~~ би требало да го чини кај мене како архиепископски намесник.Кога се јавува, тоа го прави кај [redacted] или [redacted],старешина на црквата "Св.Димитрија" кај [redacted] го нарекува "прч" со врзано репче од коса", а [redacted] тоа го знае и ништо не презема.

За постапките кои ги презема [redacted],свештенството е иритирано од неговото однесување за кое може да со право да се рече дека е недозволено.Причини за незадоволството кај свештениците се тие што владиката вработува луѓе надвор од епархијата.Во таа смисла чистачката сегашна во митрополија [redacted],која важи за жена со минато исполенто со неморал ја донесе во митрополија; куварката [redacted] ја донесе од Скопје, [redacted] од ромската народност регистрирана проститутка ја стави за домаќинка во црквата "Св.Арангел" и "Св.Петка", а неговиот зет за внука [redacted] го донесе од Струмица, го постави за секретар и му даде куќа во која порано живееше владиката [redacted]

./.

Што се однесува до [redacted] го ценам како неоформена личност, кој доволно не ги разбира работите, но има поткрепа од владиката и неговиот дедо по жена му кој работел во ОЗН во Скопје.Истиот е во недобри односи со поголемиот дел од свештенството,се однесува како нездрел, а се што прави,прави со знаење на владиката. Но неговото доаѓање во Битола одма се пресели да живее во куќата на владиката, која му ја отстапи [redacted], а не во митрополијската помошна куќичка, во две соби, каде живееше поранешниот секретар [redacted].Со сегашните пари кои се собираат по црквите, манипулираат [redacted] и владиката, но дали злоупотребуваат ништо неможам да тврдам.

Друга причина за појава на незадоволство кај верниците и свештенството е тоа што владиката самоиницијативно ги менува парохиските црковни одбори, а со одделни од нив е во крајно недобри односи-одборите во с.Буково и с.Цапари.Во овие села стално пушта контролни кои всушност не ја откриваат фактичката состојба Патаму свештенството е иритирано од купеното возило за потребите на владиката.Одредени свештеници сметаат дека возилото ја ќе надмине платежната способност на епархијата која се наоѓа во тешка материјална положба.Возилото досега чинеше 1 милијарда и 200 милиони, а сега за регистрација се потребни уште 2ое милиони.Владиката секое свое патување го прави службено, а во стварност тоа некогаш е приватно.Тој пред да стани владика една година беше калуѓер и беше заколнат на вечно сиромаштво, но тоа кај него како да не важи, туку дури и парите за патарина (300 дин) и клозетската хартија за свои потреби ја наплаќа од касата на митрополијата.Сега напомена дека таа каса треба да се затвори,а дали ќе се користи за потребите на митрополијата или лични негови треба да се види.Со ова негово однесување ги раздели свештениците на два дела, "коњи за работа и парада",За жал јас сум во коњите за работа, додека ако треба да се оди негде на"парада" разни ручеци,вечери и гозби, тогаш јас како архиреjски намесник за тоа не сум запознат.

Досега не има исполнето некое барање на свештеник за вработување на сопругa, стамбено прашање, а ветува но тоа не го решава.Ова негово незалагање за решавање на примарните проблеми на свештениците, нив ги критира и секогаш владиката е огорчен како

./.

неспособен ,интригант и сл.
Во последниот разговор со мене пред да замине на "службена пат" истакна дека владиците [redacted] воделе " лакташка" политика спрема власта, а нивната цел се знаела.Па сега било време на некој начин и тој да води една слична политика како нив, бидејќи досегашниот негов однес бил без резултати. Мое мислење е ако еден владика е способен тој треба да го обединува народот во позитивна смисла, а не да ги дели на антагонистички страни и позиции, бидејќи е лесно човека да го оцрниш, но е тешко правилно да го ориентираш.Таков е случајот со свештеникот [redacted] кој сега е суспендиран.Тој е оставен на немилост од страна на владиката за него да решава архиепископскиот суд.[redacted] не прима личен доход од епархијата, па затоа неговата правање нее решено, но ако тоа беше случај и беше на терет на епархиската каса, случајот одма ќе беше решен.Денес бев во Грција-Лерин,со цел да купам стакло за наочари за сестра ми.Во оптичкиот дуќан каде купував немаше такви, а ми рекоа дека за 10 дена ќе набават од Солун.Затоа јас оставив капар.На ливчето на кое беше заведен капарот продавач ката го запиша моето име, а долу напиша дека сумСрбин.На мое реагирање дека јас сум Македонец, и ако таму стои Србин јас ќе го да повлечам капарот,грешката беше исправена, но газдата на дуќанот ме прашуваше каде и што работам, на што не му ја кажав вистината.

[redacted] свештеник во црквата "Св.Богородица" сега е во Австралија во посета на свои блиски.Како што слушам бил во контакт со екстремната емиграција од која е барал да остане таму. Воразговори се нив негативно се произнел за МПЦ и нејзиното раководство.Коментирал дека МПЦ е исполнета со неправилности, а една од нив била таа што претседателите на комисиите за односи со верските заедници не биле верници, туку "шпиони на власта.".

IV - Со доаѓањето на [redacted],зет за внука на владиката [redacted], за секретар во битолската митрополија, во преспанско - битолската епархија, од Струмица, нарасна незадоволството на

./.

активното свештенство врз владиката [redacted] кој и пред тоа не уживаше особен авторитет меѓу свештениците.За тоа придонесоа и други самоиницијативни и недозволени однесувања на [redacted] како штоа се вработување на лица надвор од Битола, купување на возила кое не одговара на платежната моќ на епархијата, менувањет на парохиските управни одбори,чести дисциплински постапки спрема свештениците,поделеноста меѓу свештениците и слични негативности. Иритирани од вакво однесување на владиката свештениците на неформални собири го критикуваат,оговараат и негираат,имајќи го пред себе фактот дек истиот се однесува незаинтересирано за нивните животни проблеми.Истото го чинат и членовите и некои верници од селските црковни одбори,за што располагаме со сознанија-дека намерувале да му ги затворат вратите на владиката при неговиот престој во нивните села за време на верските празници. Неспорни се податоците кои укажуваат на блискоста на владиката и секретарот [redacted] и одреденисвештеници ќе причини за поделеноста на активноста свештенство.Ценимо дека поседувањето на мини-касетофонот, содржините во касетите и изјавите на одделни свештеници,верници и лица од црковниот живот, владиката [redacted] би ги користел при евентуално барање на негова одговорност за сегашните состојби, проблеми и односи кои владеат во неговата епархија, па и пошироко во МПЦ.

Се негативното однесување на владиката и неговата привржаност кон одредени лица од епархијата погоден е и соработникот "Цоца" кој иако е архиерејски намесник во преспанско-битолската епархија не е во можност да има увид во целокупното работење на епархијата, од причини што одредени работи кои се во негов работен делокруг, а се интересни за службата,ги вршат и се запознати луѓето од " поверење" на владиката [redacted]

Во наредниот период соработникот е инструиран да го утврди местото каде владиката ги чува касетите и изјавите, со цел да во договор со секторот се испитаат можностите за нам увид во истите.

Напоредно со тоа "Цоца" има во задача кд и натаму да ги следи состојбите во епархијата, однесувањето на владиката [redacted] и да собира сознанија за активноста на свештеникот [redacted],кој при престојот во Австралија е регистриран со контакти(инепријателски искажувања) со лица непријателски настроени спрема земјата.

ОТПУКАНО ВО 3 ПРИМЕРОЦИ
Доставено до:-1 пр.СДБ III сектор
-1 пр.СДБ IV сектор
-1 пр.СДБ-Битола

117

ЕВИДЕНЦИОНЕН БР. 70
29.1. 1989 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна без бедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола,6.01.1989 година

Линија- клер-МПЦ

Иоо „Дрсиншн"

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I - Извор: "Цоца"
Сознанијата се однесуваат на преспанско-битолскиот владика ќе состојбите во неговата епархија и пошироко МПЦ.
Состанокот е одржан на 29.12.1988 година од 11,оо до 13,во часот, во мојот стан, по заеднички договор.
Трошкови нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II -Соработникот имаше во предходна задача да ги следи состојбите во преспанско-битолската епархија, МПЦ и актив носта на митрополитот [redacted]

III - Добиени сознанија се следните:
"Преспанско-битолскиот митрополит [redacted] ме убедуваше да покренам иницијатива кај активниот дел од свештенството во епархијата со цел да влијае врз "Св.Синод" на МПЦ да не го поддржува новоизбраниот владика [redacted].Притоа ме наведуваше таквиот притисок да се остварува со пишување на претставки и анонимни достави чија содржина ќе била укажување на непријателската експлонираност на [redacted] во минатото како и негова неспособност и компромитираност меѓу свештенството.Исто така митрополитот [redacted] насојува покренатата иницијатива да се прошири и во другите епархии со нивна непосредно учество во остварувањето на неговиот план.Јас неговото настојување не го прифатив но тоа така замаскирано, бидејќи еднаш заглавив на ист начин кога се работеше за митрополитот [redacted] но отворено тоа не го изјавив пред него.

./.

[redacted] е хиротонисан за владика со име [redacted] и поставен на повардарска епархија,додека [redacted] имал пак расправии со [redacted] во врска со [redacted]
Од Америка биле пристигнати четворица од Скопје и се сретнале со "Св.Синод" од кој барале да го отсранат [redacted] од владика во Америка, а на негово место да се врати [redacted] Во расправиите се јавиле други лица од Америка и прашале кој ги овластил овие четворица да ја претставуваат американската епархија и прашале што е вистината со [redacted], на што [redacted] и [redacted] по телефон им објасниле дека [redacted] бил женет и други работи, атие пак во Америка ги снимиле нивните изјави се разбира со нивна дозвола.

Ситуацијата во МПЦ е доста опасна според зборовите на [redacted] и ќе се одело до крај со расчистување па макар и жртва да се одело. Тој е многу налутен бидејќи [redacted] бил устоличен без присуството на него, [redacted]

Сакам да напоменам во врска со едно мое поранешно сознание, т.е. [redacted] професор на Теолошкиот факултет во Белград бил во Битола на прославата во црквата "Св.Димитрија", по покана на [redacted] на 2.1о.1988 година.Прославата била во врска со празникот на сите "македонски светители", а како што бев запознат од [redacted] бил личен пријател и долгогодишен негов познаник. [redacted] на прославата бил воодушевен од организираноста на истата, а прославата била снимена и на видео касета.

Важно е тоа дека [redacted] имал притисок од некои лица од влашката етничка група, но не ги спомена имињата, да му дозволи да формираат влашка црква, но тој за тоа неќи ни да чуе и е спремен да се спротистави на таквата иницијатива со секакви средства.

На 25.12.1988 година заедно со д-р [redacted], д-р [redacted] новпримениот економист во епархијата [redacted] што го вработи незнам од кои причини и зошто свештеникот [redacted] и секретарот во митрополијата [redacted] беше отиден во Прилеп на прославата на 15о годишнината од црквата, а вечерта отиде при жупникот на РКЦ-Битола да му го честита божиќниот празник.

./.

3.-

Во врска со свештеникот [redacted] кој при престојот во Австралија истапувал непријателски спрема земјата и МПЦ, нарекувајќи ги сите митрополити на МПЦ "титови копилиња" на [redacted] бил вршен притисок да преземи мерки спрема него.На овој вели дека делото [redacted] го сторил надвор од неговата епархија, па сега мој "имал мака нека се жали", а јас сум информиран дека [redacted] при истапите не го напаѓал [redacted] па мислам затоа овој не презема никакви мерки спрема него. Во врска со ова го слушнав како разговара со некого по телефон и му вели дека кога [redacted] настојувал [redacted] да биде казнет власта го бранела, сега сакал да биде оставен настрана од цел овој случај.

На почетокот на декември о.г. до [redacted] свештеничкото здружение во Битола стигна достава од претседателството на републичкиот сојуз на здруженијата на православните свештеници на СРМ во вид на одлука, потпишана од претседателот [redacted], секретарот [redacted] и одредени членови на претседателството. Во истатапомегу другото се пишува дека:одржаното собрание на нашето здружение од 29.09.1988 година и неговите одлуки се спротивни на законските мерки; дека на истото не слободно се одлучувало: истото се смета за неважно, бидејќи се изнесувале невистини и тенденциозни сугестии; дека е одржано без согласност на републичкиот сојуз и е спротивно законските одлуки на истиот; бидејќи не биле поканети претставници на ССРНМ-Битола; не биле известени сите членови кои да присуствуваат, а тие што биле повикани биле бирани по рецепт и полезност спрема намерите на здружението; донесените одлуки биле пристрасни и тенденциозни; дека со собранието раководел митрополитот [redacted] и друго.

Во врска со ова јас направив фактички преглед на она што се случуваше на состанокот на еден објективен начин што ти го доставувам во писмена форма.

Имено:битолскиот пододбор секогаш работел вака, со повикување на свештениците 3-4 дена порано, без да има забелешки од повисоки структури т.е. пододборот нема статут како да се водат собранијатам, тој го нема во ниеден град во СРМ,а зошто е така знае

./.

[redacted] (за да би можел да поставува свои луѓе во претседателството и за разни тенденции со нив и со православниот календар-моја забелешка). Друго владиката [redacted] има право да присуствува на собранието на поддоборот како негов член, да даде благослов. Дали на собранието се изнесени невистини и тенденциозни сугестии се гледа и од записникот што ти го доставувам(моја забелешка е дека [redacted] смета дека известието од борците од с.Вратница за неговото минато е тенденциозно и невистиниот). За одржување на собранието не постоел од никогаш востановен ред, ниту пак присуствувал некој од републичкиот сојуз. пр.јас и [redacted] бевме при [redacted] и тој му рече:"пред да заминеш за САД свикај едно собрание и изберете делегати" а не стана прашање за барање на согласност. Биле поканети претставници на ССРНМ-Битола но тие не дошле. На собранието биле присутни 35 свештеници што е доволно мнозинство истото да се одржи и никој не раагирал или протестирал против свикувањето.

На собранието се избрани нови членови со тајно гласање (се гледа од записникот). Одлуките на битолското собрание, републичкиот сојуз не може да ги анулира, бидејќи тие се однесуваат за нашата епархија. За тоа кој раководел со собранието, има во записникот, а не како ~~кмх~~ што вели републичкиот сојуз дека добивал "сознанија" од свои луѓе дека со собранието раководеле владиката [redacted] и [redacted]

Битолскиот поддодбор смета дека казните што републичкиот сојуз му ги изрекува на [redacted] и [redacted] се неважни.

Ваквиот став на републичкото претседателство сигурно а дека се изнудени од страна на [redacted]. Интересно е да се спомени дека се тврди дека одлуките на републичкиот сојуз биле извршени и конечни, но тоа е само заплашување. Исто така се поставува прашање зошто кога се знае дека [redacted] бил најгласен во барањето да се острани [redacted] нее казнет и земен на одговорност? Исто така зошто нее казнет митрополитот [redacted] кога и тој се огрешил спрема [redacted]

./.

[redacted] има испратено едно контра известие под име "Сведочење -жалба" до борците од Лазарополе, во која се брани од оптужбите,ако ја немаш оваа ќе ја најдам и ќе ви ја доставам. Кога [redacted] ја пишувал одлуката сигурно се збунил и сакал да се потпиши како претседател, но потоа го прецртанл па го напишал [redacted] Исто така се гледа дека предходно е пишувано, а потоа со пенкало се додавани датите и цитираните одлуки."

IV -Дел од извештајот со сознанијата кои ги презентира соработникот се добиени во писмена форма, кои по ваше барање можеме да ви ги доставиме како и записникот. од одржаното собрание на 29.09.1988 година на битолскиот поддодбор, доставените одлуки на републичкиот сојуз на здружените свештеници до здружението во Битола кои се доставени и до СВР-Битола.

Предходно поставената задача "Цоца" ја реализира, со тоа што направи и ја достави скицата на битолската митрополија, внатрешниот и надворешниот распоред што ќе ни користи за наредни планирања и преземања на мерки и активности од наш интерес.

По наше барање изворот можи да ги обезбеди известитето на [redacted] до борците од Лазарополе "Сведочење-жалба", како и видео касетата на која е снимен престојот на професорот од Теолошкиот факултет во Белград [redacted] во црквата "Св.Димитрија"-Битола, а што митрополитот [redacted] држи во тајност.

Во наредниот период ќе се следи активноста на митрополитот [redacted] преку постојните оперативни позиции ,во врска со покренатата иницијатива за омаловажување на лица од високото свештенство на МПЦ, како и неговите коментари,движење, контакти и карактерот на истите.

За истиот се изготвени предлози за дерегистрирање од активната жива соработничка мрежа и негово заведување во ПОО.

Отчукано во 3 примероци

Доставено до: - 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

Ц.093/

ЕВИДЕНТИРАНО 22.3.89 год.

а безбедност

а

989 година Линија:Клер -МПЦ

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I - Извор: "Цоца"
Податоците се однесуваат на ПОО"Расипник" и состојбите во преспанско-битолската епархија и пошироко МПЦ.
Состанокот е одржан на 6.03.1989 година од 11,00 до 13,00 часот во сл.простории на испоставата, по иницијатива на соработникот. Трошкови нема ,а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - Предходна задача на соработникот му беше да ја следи активноста на ПОО"Расипник" и состојбите во преспанско битолоката епархија и пошироко МПЦ.

III - Добиени се следните сознанија:

"На 1.03.-о.г. во службена посета на нашата епархија беше [redacted] архиепископот [redacted] во придружба на митрополитот [redacted] Целта на нивната посета беше да разговараат со општинското раководство и одговорните во ЦОУ"Кирил и Методиј" за тоа дали можи ОУ да го искористи МПЦ да отвори средно богословско училиште во Битола.Архиепископот бил информиран дека просториите на ОУ ќе биле празни со иселувањето на ОУ и дека е можно среднот богословско училиште да се премести од Скопје во Битола.Откако беше запознат дека ОУ нема да биде иселено, му беа предложени други објекти во Битола со нивно преуредување за потребите на МПЦ.Но констатација на поглаварот беше дека со преуредувањето на предложените објекти ќе се потрошат истосредства како да се гради нов објект, па затоа беше заклучено ако се гради ново средно богословско училиште да се гради во дворот на црквата " С.Архангел"-Битола."

2.-

Владиката [redacted] ие му обрати големо внимание на архиепископот, а и овој како да не сакаше со него поконкретно да разговара, контактите и разговорите им беа онака површни- со сила. Мое мислење е дека архиепископот знае дека [redacted] го оговара и затоа нејќе многу да биде со него во дискусија.

По повод изјавата на владиката [redacted] во весникот "Вечер" за состојбите во МПЦ, истиот бил телефонски предупреден од митрополитот [redacted] дека за тоа што изнесол во весникот ќе му било замрено од "Св.Синод" на МПЦ и раководството на СВМ . На ова [redacted] му одговорил дека доколку некој не се согласува со неговото мислење може слободно да го демантира во јавните гласила, атој истото ќе го истакнал и во поширокиот југословенски печат, со тоа што ако се вршел притисок спрема него, поименично ќе ги истакнел носителите на постојните лоши односи во МПЦ од "Св.Синод" и раководните републички структури.

Според владиката [redacted] сегашнета раководство на МПЦ и одделни републички функционери биле компромитирани и неавторитетни, а во таа смисла митрополитите [redacted] и [redacted] ги оквалификувал како личности единствено заинтересирани за штитење на личните интереси. [redacted] како морално деградиран, [redacted] за нестабилен, [redacted] за бугарски шпион, а архиепископот [redacted] за сенилен. Во овие рамки за митрополитот [redacted] истакна дека од републичкот раководство и "Св.Синод" бил цекет како непресметлив, и спрема него не биле преземени никакви мерки за манифестираните истапи пека Лазар Колишевски требало да се казни бидејќи на МПЦ им ќ ги одзел црквите и манастирите."

Поаѓајќи од овие негови квалификации за членовите на "Св.Синод" на МПЦ [redacted] смета дека е единствена личност која може да биде архиепископот за што и [redacted] претендира.
Но исто така вели дека доколку се појави некој подобар од него, тој ќе се повлечи од таа функција.Колку владиката [redacted] е во судир и недобри односи со владиката [redacted] се гледа и ота тоа што честитката која [redacted] му ја испрати на [redacted] за Нова година, овој одма ја скина и ја фрли во корпа.

./.

На 7.03. ог. владиката [redacted] беше информиран дека новинарот на "Вечер" на кој тој му дал интервју наводно бил суспендиран од работното место.За ова тој смета дека стоеле одредени личности од "Св.Синод" на МПЦ, а без да ги именува ги нарекуваше "масони,дволичњаци и лицемери".Негодувајќи за симнувањето на новинарот, планира да се обрати до највисоките органи во републиката и го заштити,бидејќи тој не бил виновен и истиот автентично ја пренел неговата изјава за состојбите им и односите во МПЦ во весникот.
Во моментот владиката ќ го менува името од [redacted] во [redacted] бидејќи како таков бил познат во јавноста, а и поштенските кратки ги прима на тоа име.

Интересно е да ве информирам дека едно лице кое е вработено кај судијата за прекршоци ми велеше да му речам на владиката да му пушти поп Влав(го спомена пензионисаниот свештеник [redacted] кој ќе ја обавувал свештеничката работа во влашката црква.Истото му го кукиирм сугерирал и на судијата за прекршоци [redacted] и на секретарот во епархијата К [redacted].

IV - На соработникот му е ставено во задача да прибира пошироки сознанија за активностите кои намерава да ги преземи ПОО "Расипник" и благовремени да информира за неговите коментари, контакти и движења во врска со неговата изјава во весникот "Вечер".

По лично барање на "Цоца" на местото архиерејски намесник во преспанско-битолската епархија е поставен свештеникот [redacted], а "Цоца" е негов заменик и воедно старешина во црквата"Св.Богородица".Според "Цоца" на ова се решил затоа што бил оптоварен со работа, а ПОО"Расипник" повеќе не се придржувал на неговите совети, туку самоволно ги решавал сите проблеми

Порано добиените сознанија од оперативната врска"Добрушево" (дека ПОО"Расипник" ги омаловажува личностите на архиепископот [redacted] и другите архиререи на МПЦ на состанокот на 17.12.1988 (Цоца" ги потврди со тоа што рече дека за лицата од "Св.Синод" ПОО"Расипник" не рекол дека се мафијаши маскирани туку масони.

4.-

За намерата на ПОО"Расипник" да ангажира курс за свештениците од што истите се иритирани мислење на соработникот е дека нема да има траен карактер,но дека е негово самоволие со што ќе се влошеле состојбите во епархијата.

На состанокот "Доца" информира дека разговорите во четири очи ПОО"Расипник" ги обавува во неговиот кабинет, гостите ги прима во митрополијата, а доверливите материјали ги чува во собата каде спие.Овие сознанија ќе се користат при изготвувањето на планот за поставување на ОТС во приеториите на митрополијата.

Во врска со лицето од СО-Битола (судија за прекршоци) сознанијата ќе се прошират и продлабочат со обавување на информативен разговор со судијата [redacted] пријателска врска.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

Ѓ 2493/

ЕВИДЕНТ... Г. 343
6-4-1989 год.

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола,14.03.1989 година Линија:Клер - МПЦ

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I -Извор:Цоца"
Податоците се однесуваат на ПОО"Расипник" и состојбите во МПЦ.
Сознанијата се добиени на 12.03.1989 година во 18,2о часот преку телефон по иницијатива на изворот.
Трошкови нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - Предходна задача на соработникот му беше да провери дали ПОО"Расипник" има остварено контакти на 4.03. о.г. со претставници на СПЦ [redacted], [redacted] и [redacted] и да ги следи состојбите во епархијата и пошироко во МПЦ.

III - Добиени сознанија:
"Владиката [redacted] ми кажуваше дека му се јавил директорот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата инг.[redacted] по телефон, кој му бил добар пријател на владиката и му се извинил за тоа што ја демантирал изјавата на [redacted] во весникот "Вечер",образложувајќи го тоа дека за да го демантира [redacted] во весникот бил приморан од [redacted]. Инаку, како што ми беше владиката, [redacted] наполно се согласувал со изнесените констатации на владиката во весникот.

Сега владиката планира да објави напис за состојбите во МПЦ во пошироките југословенски печат.

Во врска со задачата што ја имав да проверам дали на 4.03. о.г. [redacted] имал контакт со претставници на СПЦ, добив сознанија

./.

дека истиот ден владиката до 15 часот бил во Митрополијата заедно со секретарот [redacted]- таа била работна сабота. И после тоа останал во Битола, бидејќи неговиот возач тие денови бил отсутен од работа. Во контактите со другите свештеници не добив потврда на конкретните сознанија.Како што сум запознат свештеничкото здружение од СРМ, му дало отворена поддршка на политика на [redacted] на состанокот на сојузното свештеничко здружение.Меѓутоа, кога за ова дознал претседателот на сојузното здружение [redacted] изјавил дека повеќе нема да присуствува на состаноците ако имало присутни од МПЦ. Пред да даде официјална одлука здружението на свештениците од СРМ во врска со ова прашање, одредени свештеници биле убедувани од [redacted] дека ако МПЦ му дале поддршка на [redacted], тој ќе се заложел на планот за признавање на МПЦ од страна на СПЦ.

По именувањето на [redacted] како сојузен секретар за правосудство, му се јавив и го провоцирав владиката дека "еве ималогосподе се мена [redacted]" на што ми рече дека тој целовреме се молел за тоа и се надева дека на негово место ќе дојдел објективен човек."

IV - Целокупната активност на ПОО"Расипник" во врска со неговите изјави за состојбите и односите во МПЦ ќе се следи и документира преку соработникот"Цоца", а сознанијата ќе се проверуваат преку мерката "Полог".

На истиот му беше дадена во задача да провери дали на 4.03. о.г. ПОО"Расипник" има остварено контакти со претставниците на СПЦ [redacted], [redacted] и [redacted] при што не се потврдени првичните сознанија.Меѓутоа,цениме дека е можен таков контакт, а да [redacted] соработникот нее запознат.

Во врска со изјавите на претседателот на сојузното свештеничко здружение [redacted] на "Цоца" му е ставеноо задача да ги прошири и продлабочи првичните сознанија.

./.

3.-

Бидејќи на 11.03. о.г. во станот на "Доца" беше предизвикан пожар од електричната инсталација, при што му беа оштетени просториите од станот, планиравме во знак на привржаност кон службата, со цел санирање на настанатите последици парично да го помогнеме, за што во договоре со секторот ќе изготвиме предлог и ја одредиме висината на паричните средства кои имаме намера да му ги дадеме.Ценивме дека со оваа помош, би ги зацврстиле односите и привржаноста на соработникот кон службата, и би отвориле можности за негово пошироко ангажирање.

Отчукано во 3 примероци
Доставен одо:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

Сф 7690/

582
22.6.88

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Љ.Чкламовски
Битола,1.06.1989 година Линија:клер - МПЦ.

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I -Извор:"Јоца"
Податоците се однесуваат на состојбите во МПЦ и ПОО"Расипник".
Сознанјата се добиени на 8.05.1989 година по иницијатива на изворот.
Трошкови нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - Задача на соработникот му беше да ги следи состојбите во преспанско-битолската епархија и активноста на ПОО"Расипник".

III -Добиени сознанија:
"На 9.05. о.г. околу 3о свештеници од преспанско-битолската епархија планираат да се соберат во црквата "Св.богородица" -Битола од каде намераваат да отидат во битолската митрополија со цел да ги искажат своите барања пред владиката [redacted].Содржина на барањата ќе била да се укажело на [redacted] неговото недолично,деструктивно, самоволно и необјективно однесување што било спремено во форма на реферат,да се изнесе пред него со крајна цел истиот да се смени од владика.Во планот било предвидено секој свештеник поединечно да го искаже своето незадоволство и мислење.

Доколу барањето насвештениците не се остварале во Битола, истите намерувале во 11,3о часот со приватни автомобили да заминат за Скопје при архиепископот каде упорно ќе настојувале да се решат нивните проблеми и барања, каде ги чекле и новинари од "Вечерни новости".

.%.

Спрема договорот свештениците се собрале на збирното место.Меѓутоа незадоволството спрема однесувањето на владиката требало само да го искажат свештениците од намесништвото од Прилеп.Во план било доколку не се решат нивните барања, да се приклучат и свештениците од Битола,Ресен,Крушево и Демир Хисар и заеднички да отидат при архиепископот во Скопје.Од оваа намера свештениците (Битола,Ресен, Крушево и Демир Хисар) се откажале под сугестија на нивните колеги од Скопје.

Владиката поединечно разговарале со сите свештеници од Прилеп чии изјави со нивно знаење ги снимил на радиокасетофон, а потоа на заедничкиот состанок со нив истите му ги предочи и му даде до знаење дека се дојдени првенствено да ги задоволат личните интереси, а не да укажат на неговите грешки.

Разговорите завршија во 17 часот истиот ден, со тоа што меѓу поединци беѓе присутна иницијативата организирано да се оди во Скопје при архиепископот, но се прифати идејата и констатацијата дека за таа цел не постои заедништво и организираност."

IV - Целокупната активност на свештениците од преспанско-битолската епархија во основа беше да се искажат незадоволствата од однесувањето на ПОО"Расипник" со крајна цел истиот да се отстрани од епархијата.Според добиените сознанија од постојните оперативни позиции иницијатор на сеа купните споменати активности бил свештеникот [redacted] од Прилеп.

Покрај соработникот "Цоца" за следење на споменатата активност, беа користени оперативната врска "Добрушево", ОТС "Монах", како и нашето непосредно присуство. Преку изворот "Монах" добиени беа сознанија дека ПОО"Расипник" за планираните активности на свештениците бил запознат предходниот ден, додека од наша страна беше регистрирана присутност на приватни автомобили од Прилеп(лада ПП 55-12; југо 45 ПП 221-55 и застава 128 ПП 216-16).

При преземањето на мерките и активностите за следење на споменатиот случај (движења, намери и планови) беа вршени консултации со секторот, а благовремено беа информирани општинските структури.

./.

Цениме дека ваквата манифестирана активност на свештениците од преспанско-битолската епархија резултира од недоличното однесување на ПОО"Расипник", меѓутоа, во овие рамки е очигледна присутноста на застапување на личниинтереси користејќи ја постојната состојба во МПЦ. Во оваа смисла оперативните позиции се инструирани благовремено да информираат за појавите и состојбите од наш интерес.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

СЈ 6406/

ЕВИДЕНЦИЈА бр. 297
14. 9. 15-87 год.

Р С В Р - С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп. Љупчо Чкламовски
Битола, 6.9.1989 год.

Линија: Клер МПЦ

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I. Извор: "Цоца"

Сознанијата се однесуваат на ПОО "Расипник", состојбите во преспанско-битолската епархија и пошироко МПЦ.

Состанокот е одржан на 4.9.1989 година од 17,3о до 19 часот. во службените простории на Испоставата по претходен заеднички договор.

Трошкови нема, а материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II. Претходна задача на соработникот му беше да ја следи активноста на ПОО "Расипник".

III. Добиени сознанија:

"Владиката [redacted] годишниот одмор го помина во Португалија- при некој негов пријател со кого заедно биле на постдипломски студии во Италија. Архиепископот [redacted] заедно со владиката [redacted] и потпретседателот на ИС на СРМ [redacted] се наоѓаат во САД и Канада. Според мене сметам дека митрополитите [redacted] и [redacted] го искористија нивното отсуство и го хиротонисаја во владика [redacted] - [redacted] бидејќи како што сум информиран дека истите за да изберат нов владика не добиле дозвола од архиепископот и [redacted]. Во врска со ова разговарав со владиката [redacted] кој ми рече дека "сега биле четворица" за што сметам дека ми асоцираше дека сега биле најблиски тој [redacted], [redacted] и новиот владика, а во "другите" ги става архиепископот и митрополитите [redacted], [redacted] и [redacted]. Новоизбраниот владика ми го опишуваше како

./.

стабилен, интелегентен и некомпромитиран за разлика од [redacted]

Истакна дека СПЦ и така неќела да води преговори со МПЦ, а со доаѓањето на [redacted] за преговори не станувало ни збор, бидејќи [redacted] бил добро познат на СПЦ како "симпатизер на Бугарите".

Од него бев информиран дека владиката [redacted] имал конфликт со одборниците во Струмица кои настојувале него да го отстранат од нивната епархија затоа што не го регулирал прашањето за порезот.

Свештеникот од Прилеп [redacted] кој со владиката [redacted] беше во недобри односи, сега работи во црквата "Св. Недела" во Битола, а на негово место од Битола е испратен свештеникот [redacted]. Во договор со владиката [redacted] владиката [redacted] го пушти свештеникот [redacted] од Битола да ја обавува свештеничката функција во Австралија. Инаку [redacted] му е зет за сестра на [redacted]

Владиката [redacted] делува нервозно, нема доверба скоро во никого, тврдоглав е и не сака на никого да му се почини, смета дека само тој е во право. Изрази жалење дека не бил во можност да присуствува на средбата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија на 30.7.1989 година иако бил поканет.

На 2.9. о.г. во битолската митрополија беа владиците [redacted] и [redacted], не основата за нивното доаѓање и контактот со владиката [redacted] не сум запознат."

IV. ПОО "Расипник" и натаму продолжува со своето самоволно однесување како во неговата епархија така и во "Св. Синод" на МПЦ. Истото го манифестира преку испраќање на свештеници во прекуокеанските епархии (негови блиски или роднини - пријатели на владиците [redacted] и [redacted]) за што постои револт меѓу свештенството во преспанско-битолската епархија. Од неговата активност во устоличувањето на новиот митрополит на

./.

МПЦ [redacted], без присуство на архиепископот, свештенството очекува ПОО "Расипник" да биде изведен пред црковниот суд.

Преку неговите манифестирани коментари се констатира дека настојува да ги групира членовите на "Св. Синод" на МПЦ, при што врши поделба на способни и неангажирани (компромитирани).

Интересни се неговите почести контакти со митрополитите [redacted] и [redacted] чија содржина ќе биде предмет на нашиот оперативен интерес во наредниот период, за што е инструиран соработникот "Цоца".

Отчукано во 3 пр.
Доставено до:
- 1 пр. III сектор
- 1 пр. IV сектор
- 1 пр. ИСДБ-Битола

Комисија за верификација
на фактите
Бул. "Гоце Делчев" бр.8
МТВ 17-ти кат
Тел. 02 / 3254-200
Фах. 02 / 3254-205
www.kvf.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 08-168/1
2.3 2015год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност и иницијатива од трето лице, за лицето Љубе Чкламовски од Битола, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, на седницата одржана на ден 15.12.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Љубе Чкламовски, поранешен Началник на Одделението на РУСДБ Битола, Началник на УДБК Битола и Началник на Регионално одделение на УБК Битола при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, ЕМБГ 0410961410022, роден на 04.10.1961 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Љубе Чкламовски од Битола, со ЕМБГ0410961410022 , роден на 04.10.1961 година, поранешен Началник на Одделението на РУСДБ Битола, Началник на УДБК Битола и Началник на Регионално одделение на УБК Битола при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот, по службена должност и по барање од трето лице бр.07-809/1 од 22.04.2013 година поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, како и дали бил наредбодател или корисник на информации од таен соработник, согласно Законот.

Во постапката Комисијата, најпрво, од изведениот документ-доказ: Известување бр.36-3225/5 од 10.12.2012 година, добиено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија се утврди утврди дека Љубе Чкламовски во периодот од 1992 до 1998 година бил на функција Началник на Одделението на РУСДБ Битола, од 1998 година до 1999 година Началник на УДБК Битола и од 2001 до 2003 година Началник на Регионално одделение на УБК Битола при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија.

Понатаму, во постапката се утврди дека за Љубе Чкламовски, во Државниот архив на Република Македонија, во две лични досиеја, постојат документи од кои се утврди дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за

слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини.

Во личното досие бр. 25887 водено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, постојат документите: Телеграма бр.887 од 27.04.1994 година, Службена белешка од обавен информативе разговор Ев.бр.23 од 22.01.1997 година, Предлог за надокнада на потрошени денарски парични средства од 23.08.1995 година, Извештај Ев.бр.52 од 30.01.1996 година, Извештај од соработник од 26.07.1990 година, Службена белешка Ев.бр.587 од 26.07.1990 година, Предлог за тајно следење на лице во земјата и во странство ЕВ.бр.1158 од 20.04.1992 година, Предлог за примена на мерката тајно следење во земјата на Н.Н. лице Ев.бр.1157 од 09.10.1992 година и Извештај Ев.бр.42 од 24.01.1994 година.

Во личното досие бр. 26281 водено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, постојат документите: Предлог за примена на мерката контрола на телефонски разговори Ев.бр.97 од 26.01.1989 година, Предлог за примена на мерката тајно озвучување со фиксно поставување на ОТС во простории Ев.бр.144 од 16.02.1989 година, Предлог за заведување во оперативна обработка Ев.бр.345 од 12.12.1981 година, Предлог за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациски средства Ев.бр.16 од 04.01.1993 година, Извештај од соработник Ев.бр.327 од 24.03.1988 година, Извештај од соработник Ев.бр.523 од 09.06.1988 година, Извештај од соработник Ев.бр.70 од 19.01.1989 година, Службена белешка Ев.бр.156 од 16.02.1989 година, Службена белешка Ев.бр.248 од 09.03.1989 година, Извештај од соработник Ев.бр.298 од 29.03.1989 година, Извештај од соработник Ев.бр.343 од 06.04.1989 година, Извештај од соработник Ев.бр.582 од 22.06.1989 година и Извештај од соработник Ев.бр.799 од 14.09.1989 година.

Од увидот во горенаведените писмени документи, од личното досие бр.25887, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа дека на предлог и одобрување на Љубе Чкламовски, биле издадени налози за заведување на лицето во претходна оперативна обработка на линија македонски национализам, се оформила мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него, сето тоа, особено во периодот по осамостојувањето на Република Македонија.

Од увидот во писмените документи содржани во личното досие бр. 26281, се утврди дека И овие документи укажуваат на фактот дека Љубе Чкламовски издадавал налози за заведување на лице во претходна оперативна обработка на линија македонски клер, истиот оформил мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него, кршејќИ ги основните слободи и права на ова лице.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Љубе Чкламовски, како наредбодател, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на повеќе граѓани од идеолошко-политички причини, што е предвидено во член 18 став 6 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека Љубе Чкламовски бил наредбодател во смисла на Законот, поради што го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апчев

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.

ДНА: Да се достави до Љубе Чкламовски, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државна Изборна Комисија.

лустриран

ЉУБОМИР ГЕОРГИЕВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Бр. 1684
25. 01. 2001 година
С к о п ј е

ДО
Стојановски Гоце
с. Мартиница б.б.
Мартиница, Крива Паланка

ПРЕДМЕТ: Барање за пристап и увид во лично досие, известува.-

Во врска со Вашето барање бр. 1684 од 12.01.2001 година за пристап и увид во лично досие , Ве известуваме дека од страна на поранешната Служба за државна безбедност, односно Дирекцијата за безбедност и контраразузна вање за лицето Стојановски Гоце **Е ЕВИДЕНТИРАНО ПОСТОЕЊЕ** на лично досие од политички и идеолошки причини.

Пристап и увид во личното досие може да остварите на **14.02.2001** година во 9 часот во Министерството за внатрешни работи, ул. "Димче Мирчев" б.б. Скопје, барака бр.2, соба бр.25 или соба бр.26. За лична идентификација потребно е да носите лична карта или патна исправа.

Доколку, во случај на болест или друга објективна спреченост не сте во можност да остварите пристап и увид во досието во определеното време, Ве молиме поитно да не известите за причините за спреченоста, како и за времето во кое може дополнително да го остварите Вашето право, но не пред закажаниот термин.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА
ПРИСТАП И УВИД ВО ЛИЧНИТЕ ДОСИЕЈА ВО ДБК
Ремзи Салиу

36

СЗ-2496

ИВР на РМ
ДБК – II Управа
УДБК – Куманово
ОУДБК – Кр.Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.89/9
Крива Паланка, 01.04.1996 год.

Линија на работа:
Спротиставување на македонски екстремизам

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. ИЗВОР: "Брат" пријателска врска со постојано место на живеење во Кр.Паланка.

Презентираните сознанија се однесуваат за вербални искази за насилно заземање на институциите на власта.

Контактот со изворот е оджан на ден 26.03.1996 година во 22,30 часот во стан и по иницијатива на изворот.

Презентираните податоци беа во усмена форма, а оперативни трошоци не беа направени.

II. ЦЕЛ НА РАЗГОВОРОТ: Добивање на сознанија за екстремни изјави на Стојановски Гоце од Кр.Паланка.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

III. ДОБИЕНИ СОЗНАНИЈА:

На ден 26.03.1996 године изворот "Брат" ги презентира следните сознанија:

Денеска случајно минувајќи кај местото каде што се гласа за вонредни избори беа повикан од лицето Стојановски Гоце, со кој што се познавам од порано за да се потпишам за новите избори кој што ги организираат вонпарламентарните партии. Јас му одговорив дека уште сум малолетен и дека со политика не се занимавам. Стојановски на тоа ми рече дека не сум сакал да се потпишам бидејќи сум бил за [redacted]. Веднаш потоа почна да објаснува како Р.Македонија се што имала, да го има земено и дека единствено што го има оставено било сонцето и воздухот.

./.

2. -

Потоа јас го прашав Стојановски Гоце што ке се случи доколку се соберат тие потребен број на гласови, а партиите на власт не дозволат да се организираат повторни избори. На тоа Стојановски Гоце одговори дека не преостанувало друго, туку со "шмајзери" да одат на Парламентот.

IV. ОПЕРАТИВЕН КОМЕНТАР:

Сознанието од изворот го сметаме за точно и цениме дека заслужува наш интерес.

Лицето Стојанов Гоце и од порано т.е. од 1994 година па наваму имаше вакви слични изјави па затоа цениме дека ДБК, односно ОУДБК Кр.Паланка на поорганизиран начин да го следи вакво негово држење.

ЗАБЕЛЕШКИ, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ОД:

НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Георгиевски

ОПЕР.РАБОТНИК,
[redacted]

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

32

03-4405

МВР на РМ
ДВК – II Управа
УДБК – Куманово
ОУДБК – Крива Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.166/1
Крива Паланка, 28.06.1996 год.

Линија: Екстремизам
[redacted]
IV
ПО, Македонија

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. **ИЗВОР:** Лични запазувања. На ден 25.06.1996 година во угостителскиот објект [redacted]бев во друштво со лицата Симоновски Ацо и Светлан Н. двајцата од Крива Паланка и имав можност да го следам разговорот како и да учествувам во него.

II. **ЦЕЛ** на разговорот: Ценејќи дека од разговорот можат да се извлечат одредени интересни сознанија за ДВК присуствував до крај на разговорот,а и иницирав одредени теми, со цел да се добијат сознанија по линија на македонски екстремизам.

III. **ДОБИЕНИ** сознанија: На горе наведената дата бидјеќи лично се познавам со двајцата, седнав со нив и почнавме да водиме слободни разговори.Во еден момент почнавме да разговараме за актуелната состојба во Р.Македонија и притоа Симоновски Ацо со забележлива револтираност почна да коментира дека сегашната состојба кај нас е многу лоша, имено непостои никаква демократија, правната држава нефункционира, постоечката гарнитура на власт е комунистичка и сл. Исто така се произнесе дека судството и полицијата се корумпирани, но на мое прашање дали може да посочи конкретни личности истиот неможеше да каже ништо конкретно или пак знаејќи дека јас работам во полиција несакаше повеќе да коментира на оваа тема.

За време на целиот разговор истиот постојано алудираше на тоа дека се неопходни промени во сите сфери во државата и пред се промена на актуелната власт.

./.

2. -

На моето прашање провокативно дека е член на политичката партија на ВМРО истиот прокоментира дека тој може да е член или симпатизер на било која партија, но дека работата треба да се извршува онака како што е поставена со норми и прописи, истакнувајќи дека за времето кога работел како возач во АРМ никогаш него потенцирал своето членство во партијата како и активности за сметка на истата.

На мое прашање како е и што работи неговиот другар Гоце ("клечката") (ПО "Мартин") истиот одговори дека него го интересира само злато и ништо друго.

IV. ОПЕРАТИВЕН КОМЕНТАР: Заслужуваат внимание коментарите на Симоновски Ацо во врска со промената на актуелната политичка власт во Р.Македонија. Дел од незадоволството цениме дека е можно поради неговото отпуштање од работа како возач во АРМ како и неговата сопруга која е прогласена за технолошки вишок во фирмата во која работеше. Од друга страна истиот често е забележуван во друштво со Стојановски Гоце од с. Мартиница и други лица од Унијата на млади сили на ВМРО кои доста екстремно се изјаснуваат за сегашната состојба во Р.Македонија. Од тие причини цениме дека Ацо треба да преставува наш интерес и ке извршиме проверки на лицата со кои се дружи истиот заради негово оперативно покривање.

V. ЗАБЕЛЕШКИ, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:

Опер.работник,

[redacted]

НАЧАЛНИК НА ОУДБК,

Љубомир Георгиевски

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЧАЛНИК НА УДБК,

[redacted]

28

US-0071

МВР на РМ
ДБК - II Управа
УДБК - Куманово
ОУДБК - Крива Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.206/48
Фб.о891996 год.
Крива Паланка

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!
Линија:Македонски
екстремизам и врховизам
ПРЕДМЕТ:ПО "Мартин"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
Од контакт со оперативна врска

I. ОПЕРАТИВНАТА врска "Градски" е контактиран во врска со ПО "Мартин"

Контактот е одржан на о2.о9.1996 година во Кр.Паланка, од 17,оо до 18,оо часот.

Трошоци не се направени.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Службената белешка се подиесува на об.о9.1996 год.

II. Оперативната врска е ориентиран на следење на активности и коментари на ПО "Мартин".

Ода е прв контакт со оперативната врска во врска со ПО "Мартин", односно досега не му се давани задачи во врска со ПО "Мартин". Оперативната врска на контактот се произнесе дека добро стои со ПО "Мартин" и водат разговори и се познаваат од порано.

Задачите ги прифати и дека ке не информира за ѕна што ке го дознае.

IV. Оперативната врска е користен од порано од наша страна по други прашања од наш делокруг, и се покажувал како искрен. Сметаме дека и во овој случај ке биде искрен и коректен кон нас, а неговата искреност ке ја провериме преку други извори кои ке се усмерат спрема ПО "Мартин".

ЗАБЕЛЕШКИ, ОЦЕНКА,МИСЛЕЊЕ:
НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Георгиевски

Опер.работник,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

26

МВР на РМ
ДБК – II Управа
УДБК – КУМАНОВО
ОУДБК – Крива Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.207/49
11.09.1996 год.
Крива Паланка

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!
Линија: Македонски
екстремизам и врховизам
ПРЕДМЕТ: ПО "Мартин"

И З В Е Ш Т А Ј
Од оперативна врска

1. СО ОПЕР.ВРСКА "ГРАДСКИ" Е ОДРЖАН СОСТАНОК ВО ВРСКА со ПО "Мартин".

Состанокот е одржан на 10.09.1996 година во Крива Паланка, од 12 до 13,30 часот, по иницијатива на оперативниот работник.

Трошоци не се направени.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Извештајот се поднесува на 11.09.1996 год.

II. 1. Оперативната врска е ориентиран на следење на активности и коментаря на ПО "Мартин".

2. На претходниот контакт му се дадени задачи за следење на коментари на ПО "Мартин" во врска со моменталните состојби во земјата и негови планови за време на претстојните локални избори.

III. Оперативната врска "Градски" почесто се гледа и контактира со ПО "Мартин", а се знаат од порано, бидејќи имат работено во иста работна организација.

На состанокот оперативната врска ни го презентира следното:

Пред два дена т.е. некаде 7 или 8 септември седеле заедно и воделе разговор. Оперативната врска го запрашал како се снаоѓа што работи и сл. за да ПО "Мартин" веднаш почнал револтирано да ја напаѓа актуелната власт дека не водат сметка за работничката класа дека поединци се богатат и тоа само од партијата на власт.

./.

2. -

Но, ќе дошло и негово време, па се тогаш ке ставил под нож и пушка. Само чекал да дојдат изборите и со сигурност морало да дојде до промена на сегашната владеачка гарнитура а потоа кога немало да се на власт и немало да ги штити полицијата тој ке се пресметувал со нив.

Посебно бил иритиран и револтиран од добивањето на судската пресуда со која се прогласувал за виновен од поднесена кривична пријава за нарушување на ЈРМ и тепачка со службено лице. Истиот тврдел дека бил невин, претепан а сега и прогласен за виновен. Кажувал дека ке пишувал отворено писмо до Претседателот на Републиката до партиите во опозиција за постапките на полицијата и Судот, а доколку не му биле уважени неговите барања и жалби по пресудата во пригодни прилики тој знаел како да се реваншира.

Запрашан од оперативната врска што конкретно планира, ПО "Мартин" самовелел "јас си знам" и со највулгарни зборови ја напаѓал актуелната власт.

Друго поконкретно во разговорот оперативната врска не дознал, т.е. целиот разговор се сведувал на изразување незадоволство и навреди на актуелната власт.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

IV. Презентираните сознанија од оперативната врска ги сметаме за точни, бидејќи ПО "Мартин" и порано се јавувал со слични коментари.

Бидејќи истапите на ПО "Мартин" се сведуваат само на вербални коментари преку оперативната врска настојуваме да дознаеме дали ПО "Мартин" само коментира или врши и конкретни припреми. Ке продолжиме да ја следиме неговата активност и преку други позиции.

ЗАБЕЛЕШКИ, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:

Овлс. работник,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
ЉУБОМИР Георгиевски

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

25

03-7051

МВР на РМ
ДБК - II Управа
УДБК - Куманово
ОУДБК - КРИВА ПАЛАНКА
Опер.раб: [redacted]
Ев.бр.235/54
Крива Паланка, 14.10.1996 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!

Линија: Македонски екстремизам
ПРЕДМЕТ:ПО"Мартин"

И З В Е Ш Т А Ј
Од оперативна врска

I. Оперативна врска "Градски"

Податоците се однесуваат за ПО "Мартин".
Состанокот е одржан во Кр.Паланка,на 08.10.1996 година
од 11 до 11,30 часот.

Состанокот беше одржан по иницијатива на оперативната врска.

Оперативни трошоци не се направени.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Извештајот се поднесува на 14.10.1996 година.

II. Оперативната врска е ориентиран спрема ПО "Мартин".

На претходниот состанок оперативната врска во задача имаше добиено да ја следи активноста на ПО "Мартин" посебно за време на предизборниот период (локалните избори).

III. Според договорот од претходниот состанок оперативната врска "Градски" остварил контакт, односно бидејќи почесто се гледат отпочнал разговор во врска со претстојните избори. Провокативно го потикнал ПО "Мартин" дека оваа власт е незаменлива. На ова ПО "Мартин" се произнел дека "готово е и дојде крајот, сега доаѓа наше време, првин со локалните избори, а потоа и со вонредни парламентарни".

На ова оперативната врска го запрашал што зарем мислите дека сегашната власт ќе изгуби и на кој начин мисли опозицијата да победи. ПО "Мартин"

./.

се произнел дека и народот увидел до каде го довеле овие сега што се на власт и доста му е од него, односно народот ќе се определи.

IV. Во сегашните дискусии ПО "Мартин" многу бил умерен без оние негови вообичаени агресивни истапи дека со сила ќе биде срушена актуелната власт, дека ќе паѓат и глави и сл., сега бил многу воздржан и толерантен и дека самите бирачи ќе се определат за кого се, односно така ќе победи опозицијата.

Невообичаено е негов таков благ однос, без агресивности и вулгарности.

На оперативната врска во задача повторно му е дадено да и понатаму ја следи активноста на ПО "Мартин", посебно негово екстремно делување.

ЗАБЕЛЕШКИ, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:
НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Георгиевски

Опер.работник,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

23

10.2 - 3347

МВР на РМ
ДБК – II Управа
УДБК – Куманово
ОУДБК – Кр.Паланка
Опер.раб. [redacted]
Бв.бр.122/19
Крива Паланка, 14.04.1997 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!
Сектор за заштита од политички и верски екстремизам
Линија: Македонски екстрем.
ПО "Мартин"

И З В Е Ш Т А Ј

Од опер. врска

I. ОВ "ГРАДСКИ"

ПОДАТОЦИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПО "МАРТИН". Состанокот е одржан во Крива Паланка, на ден 09.04.1997 година од 10 до 11,00 часот.

Состанокот е одржан по иницијатива на оперативната врска.

Материјални трошоци нема.

II. 1. Оперативната врска е ориентиран спрема ПО "Мартин".

2. Задачите од претходниот контакт беа продолжување со следење на активностите на ПО "Мартин".

III. На состанокот оперативната врска ги презентира следните сознанија:

Со ПО "Мартин" се виделе претходниот ден, односно на 08.09.1997 годин во Крива Паланка и седеле во мебусебен разговор извесно време. Моментално ПО "Мартин" бил во село Мартиница, се вратил од Скопје, каде бил извесно време на работа како физички работник, но бидејќи немало повеќе работа, сега бил дома без работа. Во град излегувал, но не толку често, бидејќи бил револтиран од неговите блиски партиски колеги поради тоа што истите почнале да му свртуваат грб. Тој им бил потребен само кога ќе биле избори за трчање и агитирање, а однапосле како да не постоел. За него не воделе грижа да го вработат или пак да го повикат барем на разговор дека е нивен член. Иако бил голем приврзаник кон партијата,

./.

бил разочаран од раководните луѓе на општинско ниво. Наведуван во разговорот дека од порано се раководел од ставовите дека треба да се ликвидират актуелното државно раководство, како корумпирано и сл. Сега ПО "Мартин" бил многу променет во тој однос. Се произнел дека тоа било само од интерес да се придобијат повеќе симпатизери на неговата партија и гласачи. Но, сега видел дека од неговата партија челниците биле поголеми бирократи и гледале само лични интереси така да сега немал верба ни во нив. Повторно нагласувал дека бил многу разочаран Дури и планирал да се повлече од партиски активности извесен период.

Главна преокупација сега и во иднина ке му било да најде вработување, кое морал сам да го стори, а не партијата што му ветувала.

Запрашуван и на други теми за разговор од оперативната врска ПО "Мартин" не сакал ни да коментира или било во нормала без оние претходни коментари и истапи дека треба ликвидација , требало промени и слично во тој стил.

IV. Преку оперативната врска ке продолжиме и понатаму да ја следиме активноста на ПО "Мартин". Точно е дека истиот по одреден период кога беше отсутен сега е на подрачјето, односно во родното село и повремено престојува во Кр.Паланка.

Исказите дека е разочаран од партиските колеги се повтрдуваат, односно истиот и пред други лица има изјавувано дека е незадоволен од истите дека бил само искористуван.

На оперативната врска и понатаму во задача е дадено за следење на активноста на ПО "Мартин".

ЗАБЕЛЕШКА, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:

НАЧАЛНИК НА ОУДВК,
Љубомир Ѓеоргиевски

ОПЕР.РАБОТНИК,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА ОУДВК
[redacted]

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

102.4/26

МВР на РМ
ДБК – II Управа
УДБК – Куманово
ОУДБК – Кр.Паланка
Ев.бр.144/22
Опер.раб. [redacted]
Крива Паланка, 12,05.1997 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!
Сектор за заштита од политички и верски екстремизам
Линија: Македонски екстремизам
ПО "Мартин"
ОА "Индиго"

И З В Е Ш Т А Ј

Од оперативна врска

I. Ов. "Градски"

Податоците се однесуваат на ПО "Мартин".

Состанокот е одржан во Кр.Паланка, на ден 12.05.1997 година од 09,00 до 10,00 часот.

Состанокот е одржан по наша иницијатива.
Материјални трошоци нема.

II. 1. Оперативната врска е ориентиран спрема ПО "Мартин".

2. Задачите од претходниот контакт беа продолжување со следење на активностите на ПО "Мартин".

III. На состанокот оперативната врска ги презентира следните сознанија:

ПО "Мартин" на 10.05.1997 година бил присутен на другарската комитна вечер, организирана во хотел [redacted] во Кр.Паланка. Истиот бил облечен во познатата традиционална комитска облека со црвена беретка.

На другарската вечер присуствувале околу 200 лица од Кр.Паланка, меѓу кои имало и присутни од Скопје, Кратово и Пробиштип.Другарската вечер поминала во видно еуфорично расположение. Колите со кои

./.

пристигнале гостите од Скопје било декорирани со партиски симболи и со плакати и памфлети со повикот за најавениот митинг што треба да се одржи во Скопје на 15-ти мај на плоштадот Македонија. Потоа по завршување на другарската вечер од гостите од Скопје, биле оставени поголем број на памфлети со повикот за присуство на граѓаните од Кр.Палаика на најавениот митинг. Одреден број на памфлетите биле поделени и на присутните гости од Кратово.

На другарската вечер биле присутни одреден број и на лицата излеферинцирани по ОА "Паваротти".

Други сознанија изворот не презентира, бидејќи немал директен разговор со ПО "Мартин", а останува да разговара со него за другарската вечер и престојниот митинг.

IV. Со оперативната врска договорено е да разговори со ПО "Мартин" за престојниот митинг, а и за самиот митинг потоа.

ЗАБЕЛЕШКА, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:
НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Бубомир Георгиевски

ОПЕР.РАБОТНИК,
[redacted]

НАЧАЛНИК НАУДБК,
[redacted]

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

11

10.2.-5028

МВР на РМ
ДБК - II Управа
УДБК - Куманово
ОУДБК - Кр.Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.182/25
Крива Паланка, 02.06.1997 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!
Сектор: за заштита од политички и верски екстремизам
ПО "Мартин"
ОА "Индиго"

И З В Е Ш Т А Ј

Од оперативна врска

I. ОВ. "Мацко"

Податоците се однесуваат на ПО "Мартин". Состанокот е одржан во Крива Паланка, на 02.06. од 09,30 до 10,00 часот. Состанокот е одржан по наша иницијатива. Материјални трошоци нема.

II.1. Оперативната врска е ориентирана спрема ПО "Мартин" и други екстремни однесувања на подрачјето.

2. Задачите од претходниот состанок беа следење на активностите на ПО "Мартин" како и други екстремни однесувања на подрачјето.

III. На состанокот опертивната врска ни ги презентира следните сознанија:

На ден 30.05.1997 година се сретнал со повеќе лица во градот кои му пренеле дека на ден 31.05.1997 година во 20,00 часот на Градскиот плоштад ке се одржел најавуваниот митинг во организација на ВМРО - ДПМНЕ, а кој ке се совпаднел со другите митинзи низ Републиката. Така веднаш одпочнале и припреми од одредени лица за одржување на митингот. Било објавено и преку локалните средства за информирање за одржувањето на митингот и повикување на граѓанството за помасовно присуство.

На ден 31.05.околу 19,00 часот во градот отпочнале со собирање на симпатизерите за одржување на митингот. Меѓу присутните бил

./.

6

и ПО "Мартин". Истиот на чело на колоната со партиско знаме на два пати со колите а ги имало околу 10 лесни коли направиле два круга низ центарот на градот, со сирени, а во 20,30 часот се искачиле на бината каде имало и озвучување. ПО "Мартин" бил на централното место на бината со знамето. На говорницата се појавиле тројца говорници од кои прв бил претседателот на стечајните работници на Кр.Паланка, а потоа од партиското раководство.

На митингот имало мало присуство од граѓанството а и дел од присутните биле од радозналост или како случајни минувачи низ главната улица на градот. Митингот завшрил во 21,оо часот. ПО "Мартин" потоа се повлекол и си заминал.

Освен присуството на ПО "Мартин" на митингот и неговата забележителност меѓу првите редови како во колоната со возила и на бината на централното место некои посебни екстремни одиесувања од негова страна небиле регистрирани.

Други сознанија изворот не ни презентираше.

Истиот е инструиран да продолжи со следење на коментари од одржаниот митинг, а и активностите на ПО "Мартин"

IV. Активностите на ПО "Мартин" пред и за времѐ на митингот беа само во неговото присуство на самиот митинг и заземањето на централно место како во колоната, така и на бината. Не се регистрирани други екстремности.

ЗАБЕЛЕШКА, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:

НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Ѓеоргиевски

ОПЕР.РАБОТНИК,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

1

[redacted] 10.2.-5442

МВР на РМ
ДБК - II Управа
УДБК - Куманово
ОУДБК - Крива Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр. 188/27
Крива Паланка, 09.06.1997 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!

Сектор за заштита од политички и верски екстремизам
Линија: Македонски екстремизам
ПО "Мартин"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. ОСВРТ НА ДОСЕГАШНИТЕ СОЗНАНИЈА ЗА АКТИВНОСТА НА ПО "МАРТИН"

Во времето пред заведување во ПО "Мартин", истиот на предизборните активности во 1994 година имаше одредени вербални коментари од тоа да во Републиката тогашната актуелна власт е корумпирана, дека не заслужува повторно да биде избрана и сл. Неговите коментари одеа дури и дотаму да треба одредени личности од политичкиот врв на државата и физички да се отстранат. Овие коментари истиот ги изнесуваше во одредени кругови негови блиски, а си допушташе да коментира и пред други лица. Истиот посебни активности појави за време на изборите 1994 година, кога беше како главен пропагатор на политика на одредена партија.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

После изборите истиот продолжи со своите активности и коментари дека изборите се фалсификувани од владеачката партија и дека тука се гледа недемократското однесување на политичкиот врв на тогашната гарнитура. Тука посебно имаше коментари за да се среди состојбата во земјата мора да има и физички ликвидирања на првите луѓе во државата.

За севкупните активности и коментари лицето во мај 1996 година беше заведено во ПО "Мартин".

По заведувањето во ПО истиот имаше повторно одредени коментари кои се сведуваа на претходните дека актуелната власт не заслужува да и натаму остане на чело на државата дека треба да се сруши и да дојдат нови водачи алудирајќи на лидерите од неговата партија.

./.

Посебни активности лицето манифестира за време на протестни митинзи, организирање промоции од партиски карактер и сл.

Одреден период од водењето во ПО лицето беше отсутно од подрачјето и работеше во внатрешноста на републиката.

Одреден период истиот имаше и некои недоразбирања со општинското раководство на неговата партија. Тоа се случи после локалните избори кога истиот остана како незадоволен, бидејќи не се нашло соодветно место во општината и за него, а многу бил наводно заслужен за успешните избори. Тогаш имаше изјави и дека се дистанцира од понатамошни активности и ке се повлекува од понатамошна активност.

Но, после најновите партиски активности за барање предвремени избори истиот повторно е меѓу првите активисти во пропагирање на политиката на предвремени избори.

По заведувањето во ПО коментарите не беа во тој стил дека треба да се оди на физичка ликвидација но како да беа поумерени, дека треба промени, но по редовна процедура.

По заведувањето во ПО за следење на активностите спрема истиот беа ангажирани две позиции и тоа "Градски" и "Мацко". Преку истите е остваруван увид над ПО "Мартин" при што се добиени мал број на сознанија. И тие сознанија што се добиени преку оперативните позиции се сведуваат на коментари на ПО "Мартин" искажувани во одредени кругови дека во државата требат промени дека актуелното раководство не заслужува да ја води државата дека ја води во пропаст и сл.

Нашата поента и цел на заведувањето беше откривање на негово организирање, придобивање на истомисленици со него и организирање во групи за извршување на вербалните коментари.

Од расположивите сознанија констатираме дека активностите на ПО "Мартин" останаа само на вербални коментари, дури после тоа и во поблага форма од претходните.

./.

13

3. -

Истиот и понатаму продолжува со активности во рамките на партиските програми.

Поради ограниченият временски рок на водење во ПО а за истиот период бидејќи не е дојдено до нови и конкретни сознанија за поекстремно делување наПО "Мартин" на план сме да со истиот биде обавен разговор по претходно изготвен план за водење на разговорот, а по исходот да се изготви предлог за дерегистрација и истиот биде дерегистриран.

ЗАБЕЛЕШКА, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:
НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Георгиевски

ОПЕР.РАБОТНИК,
[redacted]

НАЧАЛНИК НА УДБК,
[redacted]

ДРЖАВЕН [illegible] НА РЕПУБ[illegible]

03 - 8834

[redacted]

МВР на РМ
ДБК - II Управа
УДБК - Куманово
ОУДБК - Кр.Паланка
Опер.раб: [redacted]
Ев.бр.318738
Крива Паланка, 09.12.1996 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!

Линија:Спротиставување
на македонски екстремизам

ПО "Мартин"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. ИЗВОР: Лично запазување. -

Презентираните сознанија се однесуваат за лицето Стојановски Гоце, и неговите вербални напади на Претседателите на Собранието, Владата на Р.Македонија и знамето.

Сознанијата се добиени во Кафе-барот [redacted] Кр.Паланка, во време од 15,00 - 16,00 часот.

Сознанијата беа во усмена форма, а оперативни трошоци не беа направени.

II. ДОБИЕНИ СОЗНАНИЈА:

На ден 05.12.1996 година во разговорот што го водев со лицето Стојановски Гоце, ПО"Мартин", ги добив следниве поинтересни сознанија:

Стојановски Гоце рече дека градоначалниците кои што се изберени од партијата Социјал Демократски Сојуз нетреба да ги нарекуваме градоначалници, туку кметови или Селоначалници, бидејќи да небиле селата СДС во Р. Македонија ке доживееше тотален неуспех, а тоа тие го знаеле па затоа и на села од 500 жители дозволиле да станат општини.

Знамето на Р. Македонија исто така не го признавам, бидејќи тоа личи повеќе на "вентилатор" отколку на знаме.

Во Р. Македонија од страна на властите направена е голема грешка за знамето, од причини што тоа требало да биде црвено со лавче, а не вакво какво што е сега. Тоа лавче е наш македонски

./.

15

најголем национален симбол, а не вакво неодредено нешто.

Исто така во Р. Македонија не признавам никакви празници освен 2-ри Август. Тука се слават некакви Устави, 11-ти Октомври и други кои немаат никакво значење за Р. Македонија. Таквите празници треба да се укинат.

За Претседателите на Собранието и Владата рече дека се најголемите "мафијаши" а посебно за Претседателот на Собранието дека имал податоци за работи стекнати на нелегален начин. Платата не му овозможувала такво богатство какво што истиот поседува, но еден ден тоа ке излезе на виделина. За изборите кои што пом инале рече дека нивниот коалицион партнер ДП, а посебно новоизбраниот градоначалник од ДП на трибините ги лажел луѓето дека ке се направело многу во нашата општина, но незнаел дека утре луѓето ке му префлуваат на Гоце, бидејки тој бил заслужен за 800 те гласа од ВМРО - ДПМНЕ дадени на градоначалникот

За нивниот член во претседателството на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, [redacted] новоизбран советник во Собранието на Кр.Паланка, рече дека е [redacted] кои што ке си ги гледа само сопствните интереси.

Според неговите сознанија во Кр.Паланка, ке се формирал Комитет кој што ке ги координира работите од највисоките партиски кругови до советниците во Собранието а тие ке бидат смао фигури со кои партијат ке раководи за нивната работа во Собранието.

Доколку советниците не работеле по барање на партијата тие ке бидат исфрлани.

Истиот потенцира дека неправилно се работело и во Полицијата, бидејки и таа била партиски ориентирана.

ДРЖАВЕН ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Според негови сознанија двајца полицајци имало од ВМРО-ДПМНЕ, а познавал многу и од СДС.

./.

16

3. -

За неуспешниот атентат на [redacted] кажа дека извршителите се од СДС, со цел да го ликвидираат за целосно да ја имаат власта во Р. Македонија.

IV. ОПЕРАТИВЕН КОМЕНТАР:

На мислење сме дека сознанијата заслужуваат внимание, а посебно заслужува внимание изјавата за извршителот на неуспешниот атентат на претседателот на Р. Македонија - [redacted] од гледиште на тоа дали е тоа партиско сервирање или пак став на Стојановски Гоце, како поединец.

Продолжува и понатаму со вербални напади и критики кон актуелната власт, но во рамките на вербални испади.

Поради таквото негово однесување, од наша страна ќе продолжиме да ги следиме неговите активности.

ЗАБЕЛЕШКА ОД НАЧАЛНИЦИТЕ НА ОУДБК И УДБК: **ОПЕР.РАБОТНИК,**

Љубомир Георгиевски

[redacted]

[redacted]

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12

ОБ - 100

IV

МВР на РМ
ДВК - II Управа
УДВК - Куманово
ОУДВК - Кр.Паланка
Опер.раб. [redacted]
Ев.бр.328/42
Крива Паланка, 23.12.1997 год.

ДРЖАВНА ТАЈНА!
СТРОГО ДОВЕРЛИВО!

Сектор за заштита од политички и верски екстремизам
Линија: Македонски екстремизам во земјата
ПО "Мартин"

СЛУЖБЕНА ВЕЛЕШКА
За обавен разговор

Крива разговор = расчистување

На ден 22.12.1997 година во просториите на ОУДВК Кр.Паланка, од 14, до 16 часот, обавен е разговор (расчистување) со лицето Стефановски Гоце ПО "Мартин".

Повод за обавување на разговорот е планираните мерки и задачи за расчистување со ПО "Мартин" и негова дерегистрација.

Разговорот беше воден со коректен однос и нормална атмосфера.

Во разговорот ПО "Мартин" го изнесе следното:

Подолго време е како невработен. По враќањето од Белград во 1993 година каде работел и престојувал околу 10 години во Кр.Паланка не се снашол најдобро во средината, односно неможел да се вклопи во средината, бидејќи небил сватен со неговите идеи и размислувања.

По сопствено убедување смета дека е голем патриот, а дека многу луѓе на позиции не се вистински патриоти, туку маска за лични интереси. Вакви дволични личности во основа не поднесувал и затоа според него најисправна опција била политиката што ја застапувала партијата на ВМРО - ДПМНЕ на која и тој бил член.

./.

2. -

Повеќето од сегашните политичари на власта биле само заради лични интереси, а не ги застапувале интересите на сиот народ во државата.

Лично бил погоден што тој како личност на два пати бил одбиен од вработување само затоа што бил Гоце Стојановски и член на партија која небила на власт.

Неговиот подолг престој во Скопје го објасни со тоа што барал работа и сакал да замине од Кр.Паланка, но во Скопје не нашол работа или ако најдел некаде било со ниски примања, од што не можел да опстанува материјално и бил принуден да се врати назад во с. Мартиница и да се занимава со земјоделство за да заработи пари за основна егзистенција.

На прашањето за негови блиски пријатели во Кр.Паланка и пошироко се произнесе дека се движи во круг на одредени другари од селото од каде е роден и некои колеги од партијата на која и припаѓа. Нивните дружења се сведувале на размени на мисли и идеи за изнаоѓање начин и средства за егзистирање.

Директно запрашан за негови коментари и изјави дека е незадоволник од актуелната власт и дека истата само со ликвидација може да се смени, истиот се произнесе:

Точно е дека е незадоволен од актуелната власт во земјата и кога дошле по изборите и сега. Тоа се должело на многу работи како лично на него како невработен, исто и со целокупната состојба во земјата, безброј невработени, фабрики во распродажба за багателни цени и сл.

Меѓутоа втората работа дека е поборник за насилства, а посебно за убиства и терористички акции врз одредени личности за него не биле својствени. Прв бил поборник за елиминирање на насилства

./.

за било каква работа. Меѓутоа ако нешто такво за него било пренесено тоа било со зла намера да биде дискредитиран како во лицето на граѓанството, така и меѓу сепартиите.

Повторно потсетен дека се тие негови изјави и коментари можеби поодамна, но дека ги има зборувано, зошто и со која цел , истиот повторно мирно и сталожено одговараше: Не можам точно да се сетам каде сум го зборувал, но со сигурност тврдам дека или сум погрешно сватен, и разбран од соговорникот или тој слободно си вршел интерпретација на нашиот разговор. Тврдам со сета одговорност дека ни во најмала рака не сакам да се занимавам со насилни работи, а не и со сила да менувам власт. За тоа постојат правила ове се ближат избори па ќе се види дали некој е во право и треба да остане или ќе си замине од власта.

Во тој момент на разговорот уште неколку пати категорично тврдеше дека кему како личност не му е својствено да убива, руши и ликвидира, а сега не му е јасно од каде такво мислење за него. Уште еднаш се произнесе дека или е погрешно сватен, или злонамерно е пренесувано против него. Самиот се произнесе дека доброволно ќе помогне доколку дознае нешто за тероризам, праниране на диверзии или трговија со оружје и сл.

Потоа беше запрашан каде очекува и кога да се вработи, на што истиот се изјасни дека ќе почека уште малку, а по изборите требало би и тој да најде работа при што се надева дека на наредните избори неговата партија ќе дојде на власт.

II. Од водениот разговор со Стојановски Гоце, сметаме дека истиот знаше во дадени моменти да крие одредени работи.

Посебно се бранеше за неговите коментари за употреба на сила и оружје за смена на власт и сл. Но, посебно интересно беше

неговото самоиницијативно нудење за пој[redacted] ако нешто дознае од тој вид и не извести, со што сакаше да го потврди неговото тврдење дека насилството не му е својствено нему.

Во пошироки коментари не се впуштавме бидејќи истиот сите работи сакаше да ги потврдува со неговото членство во партијата и дека затоа и така се гледа на него.

Оставивме простор да се држи на неговата самоиницијативна понуда за известување ако дојде до некои сознанија.

За неговата самоиницијативкост ќе биде повремено потсетуван од наша страна па во понатамошниот период ќе анализираме и вршиме други проценки.

После обавениот разговор сметаме да истиот биде дерегистриран од ПО за што ќе биде изготвен и Предлог за дерегистрирање на ПО "Мартин".

ЗАБЕЛЕШКА, ОЦЕНКА, МИСЛЕЊЕ:
НАЧАЛНИК НА ОУДБК,
Љубомир Георгиевски

ОПЕР. РАБОТНИК
[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 08-126/1
16.2. 2015год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Љубомир Георгиевски од Крива Паланка, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012), и член 3 став 2, член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05 и натаму), на седницата одржана на ден 16.02.2015 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Љубомир Георгиевски, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи-Началник на ОУДБК - Крива Паланка, со ЕМБГ 1508958424008, роден на 15.08.1958 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Љубомир Георгиевски, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи - Началник на ОУДБК - Крива Паланка, по барање на лицето Гоце Стојановски бр.07-2733/1 од 07.08.2012 година, согласно член 14 алинеја 3 и 5 и член 34 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот.

Во постапката се утврди дека за лицето Љубомир Георгиевски, во Државниот архив на Република Македонија, во личното досие бр. 26551 водено за лицето Гоце Стојановски, постојат документи од кои се утврди дека Љубомир Георгиевски, вршејќи ја својата функција на раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи - Началник на ОУДБК - Крива Паланка, во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од

јавен карактер, како раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, при Владата на Република Македонија, вршејќи ја својата функција и јавно овластување со писмени документи наредувал или одобрувал дејствувања со кои беа кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните, односно дека тој бил наредбодател, во смисла на член 18 став 6 од Законот.

Во личното досие бр.26551 се утврди дека постојат следниве документи: Известување од Министерството за внатрешни работи бр.1684 од 25.01.2001 година; Службена белешка Ев.бр.89/8 од 01.04.1996 година; Предлог за воведување во претходна обработка за лицето Стојановски Гоце Ев.бр.93/34 од 01.04.1996 година; Извештај од извршена целосна проверка на податоци за лице Ев.бр.122/40 од 20.05.1996 година; Службена белешка Ев.бр.166/1 од 28.06.1996 година; Службена белешка од контакт со оперативна врска Ев.бр.206/48 од 16.09.1996 година; Извештај од оперативната врска Ев.бр.207/49 од 11.09.1996 година; Извештај од оперативната врска Ев.бр.235/54 од 14.10.1996 година; Извештај од оперативната врска Ев.бр.122/19 од 14.04.1997 година; Извештај од оперативната врска Ев.бр.144/22 од 12.05.1997 година; Извештај од оперативната врска Ев.бр.182/25 од 02.06.1997 година; Службена белешка Ев.бр.188/27 од 09.06.1997 година; Службена белешка Ев.бр.318/38 од 09.12.1996 година; Службена белешка Ев.бр.328/42 од 23.12.1997 година;

Од увидот во горенаведените писмени документи во личното досие бр.26551 се утврди следното: Од Известување од Министерството за внатрешни работи бр.1684 од 25.01.2001 година се утврди дека досието за лицето Гоце Стојановски се водело од идеолошко-политички причини.

Од увидот во документот: Службена белешка Ев.бр.89/8 од 01.04.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на прибирање информации од информатор за изјавите и ставовите на лицето Гоце Стојановски по однос на собирањето на потписи за организирање на избори, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Предлог за воведување во претходна обработка за лицето Стојановски Гоце Ев.бр.93/34 од 01.04.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, предложил, Стојановски Гоце да биде воведен во претходна обработка, поради тоа што истиот уште од 1994 година имале добиени сознанија за неговите вербални настапи по линија на македонски "екстремизам", што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од извршена целосна проверка на податоци за лице Ев.бр.122/40 од 20.05.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на проверки на податоците и прибирање информации за лицето Гоце Стојановски по однос на неговите вербални настапи и ставови, а по однос на тогашната актуелна власт, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Службена белешка Ев.бр.166/1 од 28.06.1996 година, од истото лично досие, се утврди исто така, дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на прибирање информации од лица блиски на лицето Гоце Стојановски, за нивните политички ставови по однос на тогашната актуелна политика, за нивната блискост или членство на Унијата на млади сили на партијата ВМРО, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нив им биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

2 - 5

Од увидот во документот: Службена белешка од контакт со оперативна врска Ев.бр.206/48 од 16.09.1996 година, од истото лично досие, се утврди исто така, дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку оперативна врска, преземал дејствија на прибирање информации за активностите и коментарите на лицето Гоце Стојановски, односно за неговите политички ставови, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, него му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од оперативната врска Ев.бр.207/49 од 11.09.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на прибирање информации од оперативната врска за лицето Гоце Стојановски по однос на неговите вербални напади и ставови кои тогашната актуелна власт, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од оперативната врска Ев.бр.235/54 од 14.10.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку оперативната врска "Градски" преземал дејствија на прибирање информации за однесувањето на лицето Гоце Стојановски по однос предизборниот период и добивање на информации за неговите ставови кон тогашната актуелна власт, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од оперативната врска Ев.бр.122/19 од 14.04.1997 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку оперативната врска"Градски" преземал дејствија на следење, прибирање информации за однесувањето на лицето Гоце Стојановски по однос тогашната актуелна власт како и за односот кон неговите сопартијци, за неговите коментари за случувањата во државата и сл., што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, на лицето Гоце Стојановски му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од оперативната врска Ев.бр.144/22 од 12.05.1997 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку оперативната врска"Градски" преземал дејствија на следење, прибирање информации за однесувањето на лицето Гоце Стојановски по однос тогашната актуелна власт, за неговото присуство со другарите на "Комитската вечер", каде бил облечен во традиционална комитска облека со црвена беретка, како тоа да на истата имало присуство околу 200 лица од Крива Паланка кои ноќта ја поминале во видно еуфорично расположение. Љубомир Георгиевски добивал информации и за тоа дека колите на присутните гости од Скопје биле декорирани со партиски симболи, плакати и памфлети со кои се повикувало за присуство на престојниот митинг во Скопје. Добил информации и за присуството на лица опфатени со оперативната акција "Павароти". На оперативната врска му дале во задолжение да контактира со Гоце и за време и по одржувањето на митингот во Скоје за што ќе имале повторно средби. Ова укажува и се потврди, дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, на лицето Гоце Стојановски му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Извештај од оперативната врска Ев.бр.182/25 од 02.06.1997 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку оперативната врска "Мацко" преземал дејствија на следење, прибирање информации за однесувањето на лицето Гоце Стојановски и други "екстремни" однесувања на подрачјето на Крива Паланка. Љубомир Георгиевски наредувал и прибирал информации за

престојните митинзи во организација на партијата ВМРО-ДПМНЕ во повеќе градови во државата, за собирањето на нивните симпатизери кои се подготвувале за митинзите, а кои ги предводел Гоце Стојановски, за организацијата и одржувањето на митингот, како и однесувањето на присутните на истиот, што укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, на лицето Гоце Стојановски и на други лица им биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Службена белешка Ев.бр.188/27 од 09.06.1997 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преку направениот осврт на досегашните сознанија за активноста на лицето Гоце Стојановски, за неговото однесување во предизборните активности, каде се појавувал како главен пропагатор на одредена партија, како и за неговите коментари за постоечката политичка и сеопшта состојба во државата и неговите коментари околу одржаните парламентарни избори, каде ги оквалификувал како "фалсификат". Ова укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, на лицето Гоце Стојановски и на други лица им биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Службена белешка Ев.бр.318/38 од 09.12.1996 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на прибирање информации за лицето Гоце Стојановски по однос на неговите вербални напади и ставови кон тогашниот Претседател на Собранието, Претседателот на Владата, градоначалниците, како и ставовите околу промената на знамето на државата, за кое не се согласувал, укажувајќи дека знамето требало да биде црвено со лавче, кое било најголем национален симбол. Исто така се утврди дека Љубомир Георгиевски наредувал и прибирал информации и за ставовите на лицето Гоце Стојановски за избраните градоначалници, за неговите ставови околу однесувањето на коалициониот партнер-Либерална партија, за неговите ставови околу организационата поставеност на партијата ВМРО-ДПМНЕ и сл. Ова укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во документот: Службена белешка Ев.бр.328/42 од 23.12.1997 година, од истото лично досие, се утврди дека по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, оперативниот работник ангажиран во предметот, преземал дејствија на прибирање информации за лицето Гоце Стојановски преку водење разговор и крајно "расчистување" со него, како и негова дерегистрација. Од овој документ се утврди дека Љубомир Георгиевски по прибраните информации за однесувањето на лицето Гоце Стојановски за состојбата во државата, за одржаните избори, за неговите ставови околу актуелната политичка гарнитура која била на власт, и по сознанијата за неговото однесување дека било резултат на неговото незадоволство од состојбата во која се наоѓала земјата и тој лично, неговата невработеност и сл., предложено беше истиот да се дерегистрира И овој документ укажува дека со овие дејствија, по наредба и одобрување на Љубомир Георгиевски, нему му биле кршени или ограничувани основните слободи и права.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Љубомир Георгиевски во периодот додека бил на служба во Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, како Началник на ОУДБК Крива Паланка, вршејќи ја својата функција, со писмени документи наредувал или одобрувал дејствувања со кои беа кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните. Што е согласно член 3 став 1 точка 16 и член 18 став 6 од Законот, односно истиот бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Од сето погоре изнесено, согласно член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на

4 - 5

соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Љубомир Георгиевски бил наредбодавец во смисла на член 18 став 6 од Законот, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примена на овој Закон.

Согласно член 31 став 5 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност , против ова решение во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована врз начелата на приоритет и итност. Согласно став 6 од истиот член, ако не се покрене постапка во рокот од став 5 на овој член ова решение станува конечно. Согласно став 7 од истиот член, по конечното решение на Комисијата нема право на жалба.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Адиев

ПОУКА: Љубомир Георгиевски може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Љубомир Георгиевски.

лустриран

ЉУБОМИР ФИШИЌ

RSVR-SRM-SDB 11.02.1982 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. I-17057/1

N O S I T E L :

PREZIME : SIMOVSKI

TATKO : [redacted]

IME : TODOR

RODEN NA 14.02.1924 GOD. VO KUKUŠ-S.IZVOR, EGEJSKA MAKEDONIJA

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRZAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : NAUČEN RABOTNIK

ŽIVEE VO SKOPJE

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. IZVRŠITEL NA USNA NEPRIJATELSKA PROPAGANDA

DOSIETO FORMIRANO VO USDB SKOPJE 1958 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

KAKO UČESNIK VO POKRETOT VO GRCIJA PO OSLOBODUVANJETO DOADA VO SRM. BI-LE ZABELEŽANI ISTAPI NA NACIONAL-ŠOVINISTIČKA OSNOVA, A KAKO NAUČEN SO-RABOTNIK NA INSTITUTOT ZA NACION.ISTORIJA NA SRM KONTAKTIRAL SO NAJVISO KI RAKOVODITELI NA CK.KPG VNATREŠNA I NADVOREŠNA. SE KORISTI KAKO OPER. VRSKA I INFORMIRA ZA NAVEDENITE KONTAKTI.

RSVR - SRM
I oddelenie
Izvor: Fišić Ljubomir
Službenik: [redacted]
4.10.1965 god.
Otčukano vo 3 primerka
Dostaveno:
2 prim. vo VIII uprava
1 prim. vo dosieto na kontr."Zvečarka"

Ф 1061/5-XX-66

Оп. 003ј
т.м. 033.00

SLUŽBENA BELESKA

PREDMET: Nekoj soznanija za kontrolata "Zvečarka"

Na 4.10.1965 god. Fišić Ljubomir me zapozna za slednite momenti, koj gi soznal od konetaktite so Živka Simovska žena na objektot pod kontrola "Zvečarka".

Pred nekoj den na "Zvečarka" mu došla i drugata kola "Fićo. Tie imaa namera da kupat fijat 1300, medjutoa porsdi opišanite pričini vo predhodnata službena beleška toa ne stanalo, a sega na mesto fijat 1300 im došlo fićo, taka da sega imale dve koli. Sega za sega ne mislele da gi prodavaat, ednata će ja vozel "Zvečarka" a so drugata će se učela da ja vodi Živka. Nejze će ja učel da vodi Nikola Siskovski, naš službenik. Pokasno nameravale dvete da gi prodadat i da kupat "Pežo".

Vo vrska so gostite od Grcija, Živka iznela deka bile dve ženi i edno dete. Ednata bila bremena i go očekuvala svojot maž od Grcija da dojde za da si odat vo Grcija. Vo vrska so nivnata poseta Živka se žalela deka mnogu se potrešile bidejći skoro cel mesec im sedele na gosti.

Ponatamu Živka iznela deka so "Zvečarka"bile na graničniot sobor "Propust" kaj Novo Selo so cel kako što Živka raspravala za da se vidat so nekoja rodbina na "Zvečarka" koja se ožažila a ne možele da i otidat na svadba.

Inaku po odnos na rabotata na "Zvečarka" iznela deka "Zvečarka" cel mesec će rabotel domai nemalo da odi na rabota vo institutot. Sem toa navela deka "Zvečarka" imal napišano ogromen materijal okolu 10.000 stranici, samo nemalo koj da mu go otkuca

2.-

материјалот. Веројатно се работи за неговата дисертација.

Други моменти не изнесе сем што изнесе дека пред некој ден пак биле собрани колегите на Живка но таа не била присутна и при таа ситуација било меѓу другото предмет на дискусија зборувањето на Живка, "дека дома немале обична чаша, туку се од кристал и од Италија, а една од присутните досетала "дека еден ден ќе му дошло крајот на "Ѕвечарка", бидејќи не може вака многу да троши, значи дека ќе бил откриен.

Инаку Фишиќ се уште не им направил посета, но наскоро тоа ќе го стори.

[redacted]

Сторено во времето.

RSVR na SRM
I oddelenie
Izvor: Fišić Ljubomir
Službenik: [redacted]
24.IX.1965 god.
Otčukano vo 3 primerka J/S
Dostaveno:
2 prim. vo VIII uprava
1 prim. vo dosieto na "Zvečarka"
Ф 990/24-IX-65

Оп 0031
ч. 012-07

SLUŽBENA BELEŠKA

PREDMET: Nekoi podatoci za kontrolata "Zvečarka"

Vo sklad so dogovorot, Fišić Ljubomir započna da me informira za soznanijata koi će gi soznava bilo vo direktni kontakti so kontrolata "Zvečarka" ili so negovata žena ili pak posredno preku svojata žena.

Taka pred izvesno vreme Fišić me obavesti deka se sretnal so Živka Simovska i vo razgovori se pofalila za turnejata koja ja napravile i istaknala deka dobro si pominale, no pri toa i dosta se potrošile, no sepak se isplatilo. Go pokanila da gi poseti i će im rasprava za svoite vpečatoci. Fišić i obećal deka će gi posetat. Po ova prašanje mu dadov soglasnost i se dogovorivme kako da bide negovoto držanje i vo koj smer da se odviva negoviot interes. Sem ova na 23.IX.1965 godina Fišić me obavesti deka preku žena mu doznal da "Zvečarka" od Grcija imal trojca gosti negovi rodnini. Vo vrska so posetata na istite nešto značajno Živka ne iznela sem toa deka bile dosta potrošeni i so nivnata poseta ušte poveće će se potrošele. Ponatamu Živka se žalela deka "Zvečarka" na dva tri pati ne doadjal doma po den-dva i ne znaela kade odi i što pravi. Na prašanje od Zivka kade bil "Zvečarka" i odgovaral deka bil so društvo, ednaš i rekol deka bil so društvo vo Leskovac, bez da i poveće objasnuva.

0031

Operativna zabeleška:

Vo vrska so gorneto so Fišića se dogovorivme kako ponatamu da se odnesuva kako po odnos na turnejata na "Zvečarka" taka i po drugite prašanja. Žena mu na Fišić za Živka zboruvala se najubavo deka e zlatna žena, a dodeka "Zvečarka" go napadjala,

izrazuvala i somnenie vo nego. Fišić će nastojuva da pribere poveće podatoci od svojata žena za "Zvečarka". Vo vrska so posetata na gostite od Grcija pokušav preku "Polog" da se pointenzivno kontrolira medjutoa, od službata "Polog" dobiv odgovor deka poradi neki tehnički smetnji ne se vo sostojba da organiziraat nikakva kontrola.

[redacted]

RSVR - SRM
I oddelenie
15.VI.1966 god.
Izvor: Fišić Ljubomir
Primil: [redacted]
Otkucano vo 2 primerka
Dostaveno:
2 prim. VIII uprava
C 1371/K-VI-66

SLUŽBENA BELEŠKA

PREDMET: Obaven razgovor so Fišić naš službenik, vo vrska so "Zvečerka"

Fišić e službenik vo Krim.OVR K.Voda. Žena mu e prijatelka i kuma na žena mu od "Zvečerka". Porano i zaedno rabotele vo rab. dom. Od tamu i nivnata bliskost. So cel da gi vidam negobitè možnosti,razgovarav otvoreno. Na ovaa linija ś e i porano razgovarano. Eve što iznese:

- So familijata na "Zvečerka" neodržuval porano mnogu bliski odnosi. No, posle razgovorot so nas gi neguva i tie nego go prihvaćaat.

- Živka, žena mu na "Zvečerka" ja vrzuvalo za nego samo decata i dobriot život što toj i go obezbeduva. [redacted] -tvrdi Fišić. Nejzinite vrski ne gi znae, no može da gi izuči.

- Dosega "Zvečerka" mu e najproblematičen po dva momenti: 1. Negovite materijalni izdatoci i 2. Kontaktite mu so pčseti od Grcija i NR Bugarija.

Po prašanje na sredstvata, Fišić iznese: po priroda e cicija, no ako e žena vo prašanje ne bira sredstva i e široka raka. Živee na visoka noga i postoela golemo razlika od negovite prinadležnosti i sredstvata što gi troši. Eve dokazi: negovata plata i na žena mu iznesuva vkupno 170.000 dinari. Ovoa e redoven prihod. Siguren, no misli da ima zemeno kredit od

1.000.000 dinari. Medjutoa, toj ima vkvi rashodi: kupil dve koli /fića/; ednata posle zemjotresot, a drugata vo 1954 godina. I dvete gi čuva doma. Misli deka ne gi ima kupeno od zemeniot kredit; ima utrošeno za kućata poveće od dva miliona dinari, za sanacija, a predi toa ja sogradil sam; doma živee na nivo: ima sve, decata mu se nosat najubavo /učitelkata na sin mu zborela na žena mu od Fišić, deka ja čudi kako uspeva toj da gi taka oblekuva decata/; Živka kažuvala deka "Zvečerka", pri sekoe vaćanje od stranstvo mu kupuva mnogu stvari na nea i decata; trošat golemi pari za doma/ imal 6 servisi - italijanski i bugarski/. So eden zbor toj smeta deka "Zvečerka" ne e vo sostojba da taka živee od stalnite mesečni prinadležnosti.

Po prašanjeto na negovite vrski reče: "Zvečerka" se ima odlično plasirano pred rakovoditelite kako komunist i patriota. Toa go potenciral i naguval, a mu služi samo kako kamuflaša, bidejći ne samo što ne e komunista, tuku misli da e neprijatel. Eve dokazi: kaj nego doma doadjase samo Egejci i Grci. Toa e svrtalište na golem broj Grčki gradjani, koj ja posetuvaat našata zemja. Što se niv ima e prašanje? Se peelo samo grčki pesni, se zboruvalo grčki i drugo. Fišić nekolku pati zatekinal Egejci. Otvoreno diskutiraat po prašanjeto na Egejcite napadjajći ja našata politika. Slušal, naprimer, da zboruvaat deka se tie namerno zapostavuvaat, osobeno stručnjacite i onie koj doadjaat od istočnite zemji. Zatoa i site stručnjaci-Egejci, od istočnite zemji bile orientirani da odat vo NRB, a ne vo SFRJ. No, ne gi znae iminjata na negovite bliski prijateli, teško može da gi ustanovi. Edino stalno go gledal vo društvo so Kole Šalvarina, koj mu bil eden od najintimnite; vo maj mesec kaj nego bil doma eden Grk od Solun. Posle nekoj den Fišić otpatuval vo Bitola i slučajno, "Zvečerka" ja našol vo negovo društvo vo edna kafana. Vo kratkiot razgovor, Fišić se interesiral koj e, od kade i što raboti. Verovatno od ovoj nastap uvreden, Grkot luto mu odgovoril: "ne samo što sum kapitalist, tuku i fašista". "Zvečerka" go pogledal grkot i diskusijata se prekinala. Zašto bile zaedno vo Bitola, ne mu e poznato;

- Preku žena mu Fišić razbral, deka site vo rab.dom /sredinata kade raboti žena mu/, zboruvale za "Zvečerarka": "Ovoj čovek mora eden den da ja zatvori svojata familija, čudno kako dosega ne e zatvoren, bidejći toj brka dosta raboti kako švercer". Taka misli i žena mu na Fišić, no toa e poradi golemiot standard, no od kade toa ne može da odgovori.

Na 10 om. po naša zadača, kontaktiral so žena mu. Eve što mu rekla: Zaedno so sestra mu i "Zvečarka" otpatuvale za NRB.Tie ostanale vo Sofija, a toj otpatuval za Rumunija-službeno. Vo Sofija i kupil mnogu pokloni. Se dogovorile so "Zvečarka" da odmorot go provedat vo avgust /15 dena/, vo Rumunija. Sredstva obezbedil toj. Se dogovorile da okolu 20 avgust, celata familija ja odvede vo SSSR na odmor. Obezbedil sredstva preku svoj prijateli. Od druga strana toj će izdejstvuval da službeno patuva vo Moskva, taka da ne gi snosi za sebe sredstvata.Kako uspeal e čudno- toa može samo on!.

OPERATIVEN KOMENTAR

Fišić, prema izloženoto se gleda deka može dosta da ni koristi za rešavanje i proverka na odredeni prašanja.

Postavenosta na "Zvečarka" kaj našeto rakovodstvo kako komunist i patriota e takvo, da ni dosta smeta vo obrabotkata. Zaklučokot na Fišiće podpolno točen. Za našata stvarnost go vrzuva samo demokratijata, koja mu ovozmožuva da pravi što saka, koristejći gi vrskite i blefiranjeto, po odnos na navedenoto golemo učestvo i doprinos za istorijata na Makedonija. Toa mu obezbeduva, čisti patuvanja vo stranstvo iako prestavuva obična provera, jer so toa trguva na sramen način. Na ovoj način i uspeva da se probie kaj drugarite vo Belgrad /može da zamisli čovek kako se prestavuva/, i kolku mu toa služi vo prodorot vo site naši krugovi. A kolku e toa opasno, ne treba da se komentira. Dali ova go pravi zaradi lično bogatstvo, ili poradi tudji interesi e prašanje na koe treba da odgovorime.

Od ovaa pričina, mislam deka bi trebalo da se vo kontrolata ima tendencija, da mu se ovie pozicii prekinuvaat

sistemno. Toa može preku Apostolski i na nekoj način preku drugarite vo Belgrad.

Zasega e nužno ova:

- Obezbeduvanje na tehnika, bez koe ne može da se očekuvaat rezultati. /Ova mora da go rešime vo avgust mesec na sekoj način/;

- Da mu se istovremeno izvrši pretres vo stanot i na rabotnoto mesto.Za na rabotnoto mesto će go izvršime legalno preku "Orde", koj kako stručnjak može da dade ocena na materijalot. "Orde" možam i doma da go pratam, za da go vidi onoj materijal što go ima.

- Linija vo obradata će bide - negovata švercerska dejnost, ako postoi. Detalno pratenje i dokumentiranje na site troškovi i primeni pari.

- blokiranje na rabotnoto mesto preku:"Orde", Ivan Kantardžiev,, Manail Pandevski, a vo plan e angažiranje na Aleksandar Candov, moj zemljak, bivši pop, koj veruvam će može da mu se dobliži na drugi relacii. Preku site ovie će se odi da se prati negovata rabota i dejnost kako istoričar, niz prizma na negovite stavovi po makedonskoto prašanje i odevanje na onie raboti što prestavuvaat tajna za Institutot. Možeme duri i da izmislime nekoja dezinformacije, i ja proturime preku generalot.

- Namestuvanje žena, koja vo negoviot slučaj može da ima izvanredno mesto. Ne e problem za nafrluvanje, tuku koja?

- Da se preči negovoto odenje vo SSSR, na način, koj će obezbedi konspirativnost;

- Da organiziramе pretres pri vraćanje od Rumunija, za da tačno registrirame što sve će prenese i da potoa vidime što e toa i dali će nešto /mislam na fotokopiran materijal/;

- Morame ednaš za sekogaš da obezbdime da bidime redovno obavestuvani za patuvanje na bilo koj član od negovata familija vo stranstvo. Barano e pismeno od SVR no bez uspeh.

- Morame povremeno da go pratime, mislam koga će ima kontakt so Grci; i

- da izvršime preku banka pregled na sredstvata što gi ima, no zemeniot kredit i toa postojano da go pratime.

5.-

Na Fašić mu postaviv vo zadača:

- da pojde vo poseta ovie denovi i preku ženata mu /koja mnogu zboruva/, da dobie soznanija. Za planiraniot odmor vo Rumunija i poseta na SSSR i sredstva; nejzinite odnosi so "Zvečarka" i sklonost da se upušti vo avanturi; bliska drugarka, ili prijatel na rab. mesto; za sredstvata uopšte i ustanovuvanje na negovite [redacted] vrski.

o/JK

[redacted]

RSVR SRM
I oddelenie
Izvor: Fišić Ljubomir
Službenik: [redacted]
14.IX.1965 god.
Otčukano vo 3 primeroci k/DM
Dostaveno:
2 prim. VIII uprava
1 prim. vo dosieto na kontrolata "Zvečarka"
908 /15-IX-65

SLUŽBENA BELEŠKA

n.m. 012.07

PREDMET: Nekoj podatoci za kontrolata "Zvečarka" i negovata žena Živka Simovska

Proučuvajki go objektot "Zvečarka" konstatirav deka drugarkata na Fišić Ljubomir službenik pri OVR "Kisela Voda" raboti zaedno so Živka Simovska vo rabotničkiot dom - Skopje, so koja se duri i kumovi.

Taa okolnost nameravav da ja iskoristam kako možnost za proširuvanje na našite soznanija za objektot "Zvečarka".

Vo vrska so toa Stapiv vo kontakt so Fišić Ljubomir i na 14.IX.1965 godina razgovarav so istiot za objektot "Zvečarka" i negovata žena Živka. Vo razgovor Fišić ne zapozna so slednoto.

Vo vreme koga toj so segašnata negova drugarka, bile verenici, a toj se naodjal vo vojska Živka predložila da i bide kuma. Predlogot bil usvoen i taka stanale kumovi. Po doadjanjeto na Fišić od vojska se na se so "Zvečarka" imal tri kontakta ednaš bile na rodjenden kaj "Zvečarka", vtoriot pat koga bile kaj Blagoja Antić, novinar čija žena isto taka raboti vo rabotnički dom kako službenik i tretiot pak koga kolektivot od rabotničkiot dom otišle kolektivno na Popova Šapka. Inaku drugi poseti nemalo, sem što Živka 2-3 pati navratila pri niv doma na kratko vreme.

Od tie kontakti i od razgovorite so drugarka mu i od komentarite i vpečatocite koj bile steknati pri tie kontakti Fišić iznese mislenje, deka Zvečarka trošela poveće i živeela

oči i si postavuvale prašanje od kade tolku pari. Do takva konstatacija došle gledajki kaka kuća imal objektot "Zvečarka", kakov nameštaj imale doma i kako bile podredeni, kolku trošat, svalni patuvanja vo stranstvo, oblekuvanje na decata i sl. Odgovor na ova prašanje nemale ednostavno mislele deka Egejcite se snajduvaat i verovatno da imale nešto od porano. So takvo mislenje prividno se zadovolile.

Karakteristično e da se navede i sledniot moment. "Zvečarka" koga kogx na svoeto dete mu pravel rodjenden ima gosti rodnina od Grcija, so koj pokasno bile i kaj Blagoja Antić na poseta. Pri taa prilika Fišić go prašal Grkot kako mu se bendisuva socijalizmot kaj nas. Toj odgovoril dobro, dobro, a na prašanje kako e kaj vas kapitalizmot kaj vas vo Grcija, odgovoril deka toj ne e kapitalista tuku fašist. Fišić mislel deka so takviot odgovor grkot se seguva i pak go zaprašal no toj pak povtoril sosema ozbilno i pogledal kon Zvečarka koj sedel vo blizinata da vidi kako će reagira, no toj ništo ne rekol. Toa site prilično gi iznenadilo. Pomenatiot Grk kaj Zvečarka bil skoro mesec dena na gosti. Pokasno Fišić goprimetil Zvečarka vo Bitola so Grkot, kako vo kafana ručaat. Toa mu napravilo vpečatlenie ako otišle vo Bitola kaj rodbini zosto bi ručale vo kafana.

Inaku pri kontaktite so Zvečarka koga bile na rodenden kaj Zvečarka, konstatiral da bile dosta postari Egejci so ženi koj toj ne gi poznava, se pilo se i jalo imalo dosta jadenje, pa posle rodjendenot pravele smetka od kade tolku sredstva za takov trošok. Živka samata se falela deka nameravale da kupat Fijat 1300 i za planiranata turneja vo Italija, Austrija, Madjarska i Bugarija . Kupile Fiéo, koe po turnejata nameravale da go prodadat pa da kupat Fijat 1300. I ova isto taka medju službeničkite bilo predmet na diskusija od kade pari za takvi turnei i počesti nivni patuvanja vo godinata po nekolku pati vo Italija i kupuvanje na servisi i sl.

Pri tie kontakti"Zvečarka" so svoeto ponašanje bil neprijaten za društvoto, bidejki na očigled na svojata žena praktikuval [redacted] da bide interesen ke kažel nekoj neukusen vic no efektot bil obraten.

3.-

Živka se žalela deka "Zvečarka" ja zapostavuva [redacted]. Vo posledno vreme Živka se žalela deka se vo škripec za pari pa servisite što gi kupile vo Italija nameravale da gi prodadat. Raspravala i toa deka "Zvečarka" prestojuval na podolgo vreme vo Belgrad kade nesto rabotel.

Drugi momenti neznaeše poveće sem navedenite.

Operativna zabeleška: So Fišić Ljubomir se dogovorivme, bez da i stava do znaenje na svojata drugarka za "Zvečarka" za nasiot interes, da razgovara so neja so cel da pribere i drugi podatoci koj gi znae od dosegašnite kontakti so Živka. Na ova se odlučivme bidejki Fisić do sega ne projavuval nekoj interes za "Zvečarka" a pretpostavuva deka drugarka mu znae i drugi raboti.

Sem ova se dogovorivme da niz razgovori so drugarka m i ponatamu projavuva interes za Zvečarka i negovata žena Živka, računajki na dosegašnite nivni bliski odnosi i posredno preku razgovori so drugite službenički od Domot so koj Živka raboti. Siot ovoj interes da se odviva normalno bez da svati drugarka mu deka e toa naš služben interes.

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1263/1
16.9 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи, по службена должност за лицето Љубомир Фиши́ќ од Скопје, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 20, 26, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012), на седницата одржана на ден **16.09.2013 година** донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Љубомир Фиши́ќ со ЕМБГ 0407939450087 роден на 04.07.1939 година во Скопје, со живеалиште во Скопје, бил вршител на јавна функција - Советник на Републичкиот секретар за внатрешни работи.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Љубомир Фиши́ќ, од Скопје со ЕМБГ 0407939450087, роден на 04.07.1939 година во Скопје, со место на живеење во Скопје, лице кое било носител на јавна функција - советник на Републичкиот секретар за внатрешни работи, по добивање список бр.123-49075 на лица поранешни и сегашни носители на јавни функции или поранешни и сегашни вршители на јавна дејност или јавни овластувања од Министерството за внатрешни работи, во кое беше и името на горенаведеното лице, Комисијата по службена должност согласно член 10,14, 16 и 20 од Законот, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата по службена должност покрена постапка и утврди дека за лицето Љубомир Фиши́ќ, во Државниот Архив на РМ постојат документи од личното досие бр.17057, со кои се докажува неговата соработка со службите на државната безбедност.

Во Архив на РМ постојат следните документи од лично досие со кои се утврдува соработката на лицето Љубомир Фиши́ќ: прва страна од лично досие бр.17057 од 11.02.1982 година; службена белешка бр.1061 од 05.10.1965 година од две страни; службена белешка бр.990 од 24.09.1965 година составена од две страни; службена белешка бр.1371 од 16.06.1966 година, составена од 5 страни; службена белешка бр. 908 од 14.09.1965 година, составена од три страни.

Од увидот во горенаведените документи, се утврди дека тие укажуваат на соработка на лицето Љубомир Фишиќ со органите на државната безбедност при оперативно прибирање на информации што биле предмет на обработка. Истиот на службата им давал информации и им укажувал одредени сознанија за одредено лице кој бил интересен за Службата за државна безбедност.

Од документот лично досие се гледа јасно дека досието е формирано за лицето Симовски Тодор и дека досието се водело поради македонски национализам и шовинизам, значи се водело од идеолошки политички побуди. Од службените белешки се гледа дека Фишиќ Љубомир се јавува како извор на сознанија за лице со псевдоним "Звечарка" и дека на службеното лице му дава повеќе информации за тоа него, за сопругата на тоа лице, тој исто така давал информации за контролата на "Звечарка" како и тоа дека почнал да информира за сознанијата кои ќе ги сознае било во директни контакти со "Звечарка" или со неговата жена. Фишиќ искористувајќи ја блискоста со луѓе од семејството на "Звечарка" зима и дава битни информации на службата.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Љубомир Фишиќ постојат документи во Архив на РМ, а составени од органите на државната безбедност, дека тој, како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, притоа остварувајќи и погодности за себе при напредување во службата, со што се исполнува условот од член 4 и член 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 18, 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Љубомир Фишиќ бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиов

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.


За покренување постапка пред надлежен суд Љубомир Фишиќ да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Љубомир Фишиќ,Собрание на РМ, Влада на РМ и Државна Изборна Комисија.

2 - 2

лустриран

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ



Врз основа на чл.24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84),а во врска со член 5 од Уставниот закон на Р.Македонија ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.52/91) и чл.36 од Правилата за работа на СДБ ("Сл.весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), а по предлог на потсекретарот на СДБ ев.бр.214 од 6.04.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката **тајна контрола на телефон** спрема лицето Црномаров [redacted] Димитар роден на 9.09.1952 година во Битола, државјанин на Р.Македонија со место на живеење во Битола на ул."Мирче Ацев" бр.[redacted]

Мерката ќе се применува на неговиот домашен телефон бр.39-985 и телефонот во неговите работни простории бр.23-369.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Црномаров Димитар се наоѓа под обработка на СДБ, поради контакти со бугарски дипломатски претставници во Р.Македонија, со припадници на ВМРО-СМД во Р.Бугарија, припадници на верховистички организации во странство, лица кои се водат во ОО на СДБ (ОО"Брундо", ОО"Екстремист", ОО"Јула", ОО"Окорели II") и други екстремно определени лица, па основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за неговата противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ,
д-р Љубомир Фрчковски

JOVANOSKI [redacted] IVANCO LICNO DOSIE BR. M-26414

RODEN NA 03.03.1954 GOD. VO PRILEP S.BELOVODICA

„ЛЕВИ"

ZIVEE VO PRILEP UL.'TRAJKO TARCAN' BR.[redacted]

NARODNOST MAKEDONSKA DRZAVJANIN NA MAKEDONIJA

ZANIMANJE: FINANSISKI KNIGOVODITEL

SKOLSKA SPREMA SREDNO EKONOMSKO-KOMERCIJALNO USILISTE

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. TERORIZAM NA MAKEDONSKI EKSTREMISTI
2. MAKEDONSKI EKSTREMEN NACIONALIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST ; KARAKTERNI OSOBINI:

VO 1981 GODINA BIL BLIZOK SO LICA OSUDENI ZA RASTURANJE NA PISUVANA NEP RIJATELSKA PROPAGANDA.PO OPSTESTVENO POLITICKITE PROMENI KAJ NAS I ZAPO CNUVANJETO NA PLURALIZMOT TOJ SMETA DEKA MAKEDONIJA KAKO SAMOSTOJNA DRZ AVA NE E VO SOSTOJBA SAMA DA FUNKCIONIRA. PORADI STO TREBA DA SE NAKLON I KON BUGARIJA. OVAA CEL SPORED NEGO MOZE DA SE POSTIGNE SO SREDSTVATA I METODITE NA IVAN MIHAJLOV A TOA ZNACI DEKA POLITICKITE PROTIVNICI TRE BA DA SE OTSTRANUVAAT NASILNO. POSTOI NEPOTVRDEN PODATOK DEKA E FORMIRA NA ILEGALNA POLITICKA PARTIJA 'TODOR ALEKSANDROV'.

DOSIETO E FORMIRANO OD ORUSDB PRILEP NA 23.01.1993 GODINA

OBRABOTIL : [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK :

1

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност (Службен лист на СФРЈ број 15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија (Службен весник на Р.Македонија број 52/91) и член 36 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност (Службен весник на Р.Македонија – посебен Службен весник број 10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ евидентен број 77 од 21.02.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ СРЕДСТВА спрема лицето ЈОВАНОСКИ [redacted] ИВАНЧО, роден 03.03.1951 година во с.Беловодица, прилепско, Р.Македонија државјанин на Р.Македонија, живее во Прилеп ул."Трајко Тарчан" број [redacted] телефон број 098 35-710.

О б р а з л о ж е н и е

ЈОВАНОСКИ ИВАНЧО е заведен во ОО под псевдоним "ЛЕВИ", бидејќи досега добиените сознанија укажуваат на активности кои се спротивни на Уставот на Р.Македонија. Имено, во постојан е контакт со безбедносно интересни лица во земјата и странство, со кои заговара примена на насилни средства и методи, со крајни цел рушење на уставното уредување на Р.Македонија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка ќе се обезбедат докази за неговата противуставна активност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

[redacted] ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
[redacted] Љубомир Фрчковски

Врз основа на точка 5 и 20 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" - доверливо гласило број 18/90), а согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 52/91), по предлог на потсекретарот на СДБ, Евидентен број: 131 од 25.5. 1992 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За **ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ** на лицето **НЕДЕЛКОВСКИ МИЛЕ**, Македонец, државјанин на Република Македонија, вработен во ИП "Култура" - Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение во поднесениот предлог на потсекретарот на СДБ, Евидентен број: 131 од 25.5.1992 година, се констатира дека се исполнети условите од точка 5 и 20 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност за тајно следење на лицето Неделковски Миле, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Организационата единица и поднесителот на прдлогот да превземе мерки за извршување на решението согласно со точка 22 од Правилата за работа на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчкоски

4

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" број 15/84) и согласно со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/91), точка 5 и 20 од Правилата за работа на СДБ ("Службен лист на СФРЈ" доверливо гласило бр.18/90), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ - НАБЉУДУВАЊЕ на лицето НЕДЕЛКОВСКИ МИЛЕ од Скопје, државјанин на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение од поднесениот Предлог на потсекретарот на СДБ, ев.број 02-63 од 8.02.1992 година, се констатира дека се исполнети условите од точка 5 и 20 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење на лицето Неделковски Миле, заради што е одлучено во диспозитивот.

Организационата единица - според поднесениот Предлог да преземе мерки за извршување на Решението согласно точка 20 од Правилата за работа на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
д-р Љубомир Фрчкоски

Врз основа на точка 5 и 20 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ") - доверливо гласило бр.18/90, а согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91), по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр. [illegible] од [illegible] 1992 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За тајно следење на лицето НЕДЕЛКОВСКИ МИЛЕ, Македонец, државјанин на Р.Македонија, вработен во ИП "Култура" - Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение во поднесениот предлог на потсекретарот на СДБ, Евидентен број. [illegible] од [illegible] 1992 година, се констатира дека се исполнети условите од точка 5 и 20 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење на лицето Неделковски Миле, заради што е одлучено како и во диспозитивот.

Организационата единица - подносителот на Предлогот да преземе мерки за извршување на Решението согласно со точка 22 од Правилата за работа на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 107
27.7 1994 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 41, 43 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Службен весник на Р. Македонија" - посебен службен весник број 10/92), а по предлог на Потсекретарот на СДБ, Ев. број: 02.169 од 6.04. 1994 година донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ-НАБЉУДУВАЊЕ во странство - Софија, Р. Бугарија на повеќе објекти каде се остваруваат контакти на повеќе лица од нашата земја (опфатени во ОО) со припадници на БНРС и раководни лица на врховистичката организација ВМРО-СМД од Софија, Р. Бугарија.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение од поднесениот Предлог на Потсекретарот на СДБ, Ев. број: 02-169 од 6.04. 1994 година, се контстатира дека се исполнети условите од член 41, 43 и 44 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење-набљудување на повеќе објекти во Софија.

Заради што е одлучено како во диспозитивот.

Организационата единица - подносителот на предлого да превземе мерки за извршување на Решението.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

НАЧ-ВН-ЗПК 12.05.1995 GOD. 1 STRANA

BOSKOV [redacted] DIMITAR LICNO DOSIE BR. N-01724

RODEN NA 26.01.1929 GOD. VO NEGOTIN

ŽIVEE VO SKOPJE-CENTAR S.SKOPJE DEL IV UL.MARŠAL TITO BR. [redacted]

NARODNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA MAKEDONIJA

ZANIMANJE PENZIONER

ŠKOLSKA SPREMA FILOZOFSKI FAKULTET

LINII NA RABOTA NA SBŽ

1. BIROKRATIZAM - ETATIZAM (IB)
2. RAZUZNAVAČKA SLUŽBA NA ŽND

SORABOTNIČKI ODNOS: SORAB.NA DB ANGAŽ.NA KOMP.MATERIJAL

SUDSKO ADMINISTRATIVNI MERKI: BIL POD ISTRAGA

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

VO POČETOKOT NA 1949 GOD. STANAL PRIVRŽENIK NA RIB. SE SOGLASIL DA SE FORMIRAAT IB TROJKI SOSTAVENI OD STUDENTI ZA KASTURANJE NA PISANA NEPRI JATELSKA PROPAGANDA. VO JUNI 1949 GOD. E PRIVEDEN NA SOSLUŠUVANJE I JA PRIZNAL SVOJATA DEJNOST. ANGAŽIRAN E ZA SORABOTKA. KAKO SORABOTNIK NE DAL NIŠTO. PRIKRIENO I PONATAKA OSTANAL PRIVRŽENIK NA IB-E.KONTAKTIRA

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Служба за државна безбедност -

СТРОГО ДОВЕРЛИВО!

О С В Р Т

за ПО "Даскал"

ЛИНИЈА: Разузнавачка служба на Заедницата на независни држави

ИЗГОТВИЛ: [redacted]

Скопје, јануари 1995 година

Евид.број: 10

2

Преткодната обработка "Даскал" е заведена на 24.12.1992 година спрема Димитар Бошков*, заради првични сомненија дека се занимава со разузнавачка активност во полза на разузнавачката служба на Заедницата на независни држави.

Имано, ПО "Даскал" подолг период работел како лектор по македонски јазик при Филолошкиот факултет во Москва, подоцна во Хале, Р.Германија и во Краков, Р.Полска, каде што контактирал со безбедносно-интересни лица кои исцрпно ги информирал за актуелните општествено-политички, економски, безбеднсни и други состојби во Р.Македонија, а посебно презентирал податоци за одбраната на Р.Македонија.

По враќањето во Скопје, ПО "Даскал" воспоставил блиски односи со Наталија Фједотовна**, (ПО "Ирина") лектор по руски јазик при Филолошкиот факултет во Скопје, а посебно индикативни се неговите чести посети на Амбасадата на Руската Федерација во Белград, каде контактирал со Александар Гришенко, советник во Амбасадата (опфатен во ОА "Курган") безбедносно интересен, установен разузнавач на Руската разузнавачка служба.

ПО "Даскал" добро е информиран за политичките ставови на Руската Федерација спрема Република Македонија, (интерес за политичко влијание во Р.Македонија), а се интересирал и прибирал податоци и сознанија за актуелни политички и безбедносни состојби во (и за) Република Македонија (заштита на православието, поврзување на православна основа, признавање на меѓународно правниот субјективитет на Р.Македонија).

* - Димитар Бошков, роден 26.01.1920 година во Неготино, од татко [redacted] и мајка [redacted] пензионер, живее на ул."Горче Петров" бр. [redacted] во Скопје.

** - Наталија Фједотовна, родена е на 20.04.1947 година во Москва, ЗНД, државјанин на ЗНД, со привремен престој во Р.Македонија, живее на ул."Коста Новаковиќ" бр. [redacted] населба Аеродром, Скопје.

10

3

ПО "Даскал" остварува чести и ненадејни патувања и престои во Хале, Р.Германија каде што од 1969 година работел како лектор по македонски јазик на Универзитетот "Мартин Лутер". Имал воспоставено блиски односи со повеќе колеги професори на овој Универзитет, со кои контактирал и по враќањето во Скопје, а при престојот во Хале редовно отседнувал кај својот близок пријател, професор по марксизам кој според ПО "Даскал" бил "ортодоксен" комунист.

Исто така, остварува контакти и со Н.Н. германска поетеса која ја запознал на манифестацијата Струшки вечери на поезијата на која бил редовен посетител. Наводно целта на тие контакти била научна соработка помеѓу Република Македонија и Р.Германија која би се остварувала преку размена на културно научни групи, со што би се зацврстиле односите помеѓу двете земји.

Оценка е дека честите патувања и престои на ПО "Даскал" во Р.Германија не се безбедносно-интересни, бидејќи во Германија живеат неговите син и ќерка, кои често ги посетува, а воедно остварува посета и кај своите колеги на Универзитетот "Мартин Лутер" во Хале. Неговото упорно настојување да издејствува повторно назначување за лектор по македонски јазик на истоименот Универзитет е најверојатно со цел да добие материјална корист преку остварување право на пензија од Р.Германија, по основ на работен стаж.

Од презентираните оперативни мерки и активности од страна на Службата, не се потврдија првичните сомненија поради кои ПО "Даскал" е заведен, односно не се утврди мотивот и целта на неговите контакти со Александар Гришенко, тогашен советник во Амбасадата на Руската Федерација во Белград, поради што се наметнува потребата од преиспитување на неговото заведување во ПО "Даскал", односно одредување на неговиот натамошен третман од страна на СДБ.

Во овој контекст за одбележување е и тоа што веќе три години не се остварува воопшто никаков оперативен увид врз ПО "Даскал", а не е познато дали причините за тоа се од субјективна или објективна природа, со што се наметнува потребата од преиспитување на целисходноста на неговото заведување во претходна обработка.

11

3.-4

ДОСТАВЕНО ДО:

- Д-р Љубомир Фрчкоски, министер за внатрешни работи
- [redacted], потсекретар на СДБ
- [redacted] началник на I Управа
- [redacted], началник на РУСДБ-Скопје

ВС/

12

ТРАКИЈА

SDB 20.01.1995 GOD. 1 STRANA

LOV [redacted] ANGELE LIENO DOŠIE NR. [illegible]

NA 30.07.1935 GOD. VO STRUGA

E VO OHRID UL.''11 OKTOMVRI' BR.3

DNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA MAKEDONIJA

MANJE: FINANSISKI KNIGOVODITEL

LSKA SPREMA: EKONOMSKI FAKULTET

LINII NA RABOTA NA SDB:

TERORIZAM NA MAKEDONSKI EKSTREMISTI

EKSTREMNO DELUVANJE VO ZEMJATA

DEJSTVUVANJE OD VANEOVISTIČKI POZICII

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

MAKEDONSKI EKSTREMEN NACIONALIST

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI

I POSLEDNO VREME SE POVEĆE SE DOBIVAAT SOZNANIJA ZA NEGOVATA PROTIVUS-
AVNA AKTIVNOST.POVRZANA SO EKSTREMNO POLITIČKI ORIENTIRANI I OPREDELE-
I NAŠI GRAĐANI I NIVNI ORGANIZACII VO ZEMJAVA I STRANSTVO.IZTIČI SE DE
LARIRA KAKO MAKEDONSKI BUGARIN I JA ZASTAPUVA TEZATA DEKA VO MAKEDONI-
A NE POSTOI MAKEDONSKI NAROD TUKU SAMO BUGARI.SO SVOITE ISTOMISLENICI
OMUNICIRA NA BUGARSKI JAZIK I POSEDUVA PROPAGANDNA LITERATURA KOJA JA
AVA NA ČITANJE NA SVOI ISTOMISLENICI. INICIJATIVATA ZA FORMIRANJE NA
DRUŠTVO ZA SORABOTKA I PRIJATELSTVO SO BUGARIJA' E POTTIKNATA I POMA-
ANA OD VMRO-SMD OD BUGARIJA SO KOJA TOJ E NA VRSKA.

JETO E FORMIRANO OD ORUSDB OHRID NA 27.01.1994 GODINA

S OBRABOTIL: [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK

13

Бр. 155
30.9. 3

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ"бр.15/84),а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Република Македонија"-посебен Службен весник бр.10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Бв.бр.432 од 07.09.1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето КУРТЕЛОВ [redacted] АНГЕЛЕ, роден 30.07.1935 година во Струга, машко, државјанин на Република Македонија, со постојано место на живеење во Охрид на ул."11 Октомври" бр.[redacted] телефон бр.22-166.

О б р а з л о ж е н и е

Куртелов Ангеле се наоѓа под обработка на СДБ поради добиени сознанија за негова противуставна активност, има широк круг на врски во Републиката и во странство (Бугарија) со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примена на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа, одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за понатамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци

Доставено до II и IV Управа на СДБ - Скопје.

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

„Грација"

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 156
30.9. 1993 год.

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за Државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 35 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник Бр.19/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр.43ѓ од 09.09. 1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За примена на мерката ПРИСЛУШКУВАЊЕ на работната просторија во Службата за општествено книговодство во Охрид, спрема лицето КУРТЕЛОВ [redacted] АНГЕЛЕ, роден на 30.07.1935 година во Струга, машки, македонец, државјанин на РМ, постојано живее во Охрид на ул.„11 Октомври" бр[redacted]

О б р а з л о ж е н и е

Куртелов Ангеле се наоѓа под обработка на СДБ поради негова противуставна активност, каде што има широк круг на врски во РМ посебно во Охрид со кои секојдневно контактира приватно по работната просторија во СОК и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци

Доставено до II и IV Управа на СДБ - Скопје

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 661
27.9.94
скопје

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр.10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев. бр.661 од 09.09.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето КУРТЕЛОВ [redacted] АНГЕЛЕ, роден 30.07.1935 година во Струга, машки, македонец, државјанин на РМ, живее во Охрид на ул."11 Октомври" бр. [redacted] телефон бр. 22-166.

О б р а з л о ж е н и е

Ангеле Куртелов се наоѓа под обработка на СДБ, поради негова противуставна активност, именуваниот има широк круг на врски во земјава и странство (Бугарија), со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна активност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

За резултатите од оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
д-р [redacted] Фрчковски

15
24.01. 6

ОО „ТРАКИЈА"

Врз основа на член 29 и 33 од Правилникот за работа на ДБК ("Службен весник на Р.Македонија"-посебен службен весник бр.10 од 31.10.1995 г.) и член 3 од Упатството за постапката и начинот на примена на оперативно-технички средства и методи од работници со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, а по поднесениот Предлог на директорот на ДБК, Евидентен бр.387 од 28.11.1995 г, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето ЕВГЕНИЈ [redacted] ЕКОВ, роден 15.03.1961 г. во Плевен - Р.Бугарија, државјанин на Р.Бугарија, копретседател на ВМРО-СМД и пратеник во Бугарскиот парламент.

О б р а з л о ж е н и е

Лицето Евгениј [redacted] Еков за време на неговите патувања во Р.Македонија, често остварува контакти со безбедносно интересни лица и лица заведени во ПО и ОО, кои настапуваат од Врховистички позиции. При контактите Еков разговара и дава инструкции во понатамошните нивни превземања со цел поуспешна реализација на "нивната идеја". За комуникација со своите истомисленици го користи телефонскиот број 22-166 сопственост на Куртелов Ангеле кој се води во ОО под псевдоним "ТРАКИЈА", Ев.бр.431 од 07.09.1993 г.

Основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за неговата активност насочена кон загрозување на демократските институции утврдени со Уставот на РМ.

Според тоа, одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

Врз основа на член 29 и 37 од Правилникот за работа на ДБК (Службен весник на Р.Македонија - посебен службен весник бр.10 од 31.10. 1995 година)и член 10 од Упатството за постапката и начинот на примена на оперативно-технички средства и методи од работници со посебни овластувања и должности во Министерството за внатрешни работи, а по поднесениот предлог на Директорот на ДБК,Ев.бр.953 од 11.12.1995 година, донесувам:

Р е ш е н и е

Да се примени мерката ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ И НАБЉУДУВАЊЕ спрема лицето [redacted], роден 25.10.1952 година во с.Г.Речица-Е.О Тетово а живее на ул."132"бр.[redacted] дипломиран правник, државјанин на Р.Македонија, вработен во Претпријатие за печатарска обработка Д.О "Павијанг".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.б. 953 од 11.12. 1995 година, одобрен од Директорот на ДБК, се констатира дека постои основа за активна систематска и организирана активност насочена кон загрозување на безбедноста на Р.Македонија, заради што е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

За резултатите од примената на оваа мерка,повремено да се известува, а кога ќе престанат потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Примерок од решението да се достави до Секторот за оперативно документирање и набљудување и Управата за аналитика,документација,евиденција и информирање.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Др.[redacted]

МВР на Р.МАКЕДОНИЈА
СДБ — IV Управа
Ев. бр. 20 / 28.1. 1993 г.
ИЗВОР "Качо"
ВРСКА
ИЗГОТВИЛ [redacted]

ЛИНИЈА: Екстремизам

СОЗНАНИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИЛЕГАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО СКОПЈЕ КОЈА ДЕЛУВА ОД ВРХОВИСТИЧКИ ПОЗИЦИИ

Преку извор на Службата за државна безбедност добиени се сознанија кои укажуваат дека во Скопје е формирана илегална организација која во спрега со одредени поединци и групации во Бугарија и САД (МПО), делува од врховистички позиции.

Според сознанијата главни носители на активноста било т.н. десно крило на ВМРО ДПМНЕ, а раководството на оваа организација го сочинувале Владимир Перев*, Иван Кацарски(професор во пензија од Скопје, познат на СДБ) и уште тројца засега неидентификувани членови.

Раководството на оваа организација остварувала контакти со Коста Црнушанов** од Бугарија, Љубен Топчев и Ванчо Василев од САД членови и раководители на петорките на МПО во Њујорк и Њу Џерси, познати на СДБ, од кои добивале инструкции за спроведување на активноста во Р.Македонија (печатење на весникот "Македонска Трибуна" и сл.).

Постапувајќи по инструкциите, организацијата во Скопје засега имала обезбедено печатница и простор за истата, а пропаганден материјал добивала од Коста Црнушанов.

Изворот на Службата со поедини членови на оваа организација и други лица остварил две средби во Скопје, при што постекнатата доверба дека е "ВМРО-вец" му се презентирани одредени сознанија за активноста на оваа организација и од него е барано да извршува одредени задачи.

---

* - Владимир Перев, роден 1945 година во Прилеп, живее во Скопје, вработен во МТВ. Во 1962 година бил добиен податок дека е член на младонационалистичка група. При расчистувањето е установено дека му било предложено да се вклучи во веќе оформена организација која работела на присоединување на Македонија кон Бугарија. Наводно не се согласил, а од разговорот стекнат е впечаток дека не бил доволно искрен.

** - Роден 1903 год. во Прилеп, 1930 год. емигрирал во Бугарија, каде и живее ванчомихајловистички определена личност, ОО по Бугарска разузнавачка служба.

Имено, во април 1992 година при престојот во Скопје,изворот со посредство на Владимир Перев со кого од поодамна се познавал во угостителскиот дуќан "Рома-Париз" во Градкиот трговски центар (се познавал со газдата и еден од келнерите), остварил средба со Доста Димовска од ВМРО-ДПМНЕ, пратеник во Парламентот на Р.Македонија. Во разговорот, откако Доста Димовска и Владимир Перев се убедиле дека изворот е"ВМРО-вец", од него барале да прифати и пружи потребна помош на нивен човек кој тие ќе го испратат во САД. Воедно, на изворот поради тоа што често патувал во Бугарија (сопругата му била од Софија) му дале телефонски број од Коста Црнушанов со цел при престој во Бугарија да со него стапи во контакт и од него земе пропаганден материјал (книги од Иван Михајлов) и ги донесе во Скопје. Меѓутоа, откако изворот изнел дека поради временски недостиг тоа неможел да го стори, барале од него да им посочи човек од Крива Паланка кој ќе им ја врши таа работа. По извршениот избор, предлогот на изворот за лицето кое ќе ја врши оваа работа бил прифатен од раководството на организацијата во Скопје. Според сознанијата Коста Црнушанов преку ова лице редовно испраќал пропаганден материјал до организацијата во Скопје.

На 18.01.о.г. во Скопје изворот остварил повторно средба со Владимир Перев, во угостителскиот дуќан "Вардар" каде бил запознат со Иван Кацарски. По изнесувањето на Перев дека изворот е од Америка, дека има сопруга од Бугарија, дека се познаваат подолго време, дека е доверлив, дека им завршил многу работи и дека има широк круг на пријателски врски во Македонија, Бугарија и САД, Иван Кацарски меѓу другото го запрашал дали ги познава Љубен Топчев, Ванчо Василев и други припадници на МПО во САД. По добиените позитивни одговори Иван Кацарски го информирал изворот дека веќе два месеци не се јавиле од Америка, дека се во "колапс" и ако не се јават, Македонија ќе се приклонела пак кон Србија. Нагласил дека било неопходно да се јават заради договор, инструкции и помош, бидејќи печатница и простор за истата обезбедиле, но немале средства за хартија и друг материјал како би отпочнале да ја печатат "Македонска трибуна" во Скопје. Во таа смисла, Кацарски му сугерирал на изворот по заминувањето во Америка да стапи во контакт со Ванчо Василев и да му пренесе по телефон да му се јави на Кацарски, како овој би стапил во контакт и со Топчев заради договор и инструкции. Воедно, Перев од изворот барал да по пристигнувањето во Софија се јави кај Борче Н. (живеел на ул."Кнез Борис I" бр.47) кој ќе го поврзел со Коста Црнушанов. При тоа да му пренесе дека Перев ја примил честитката од него за Божиќ и дека во февруари о.г. ќе го посетеле за да го прославеле неговиот 90-ти роденден.

По завршувањето на разговорот, Кацарски инсистирал изворот да остане и биде нивен гостин на вечера на едно тајно место каде ќе присуствувале уште тројца од раководството на организацијата.Поканата изворот не ја прифатил со образложение дека немал време бидејќи требало да замине за Бугарија, а потоа за САД, но вистински мотив за откажувањето на вечерата бил стравот дека еден од тројцата "главни" (не ги познавал) е Љупчо Георгиевски, кој можел да го препознае, бидејќи кога тој минатата година престојувал во манастирот "Св.Ѓорѓи" во Љубојерси во придружба на Ванчо Василев и други од МПО му поставил прашање зошто зборувал само против Србија, а ништо не рекол против Бугарија и Грција кој исто така не ги признавале Македонците, на што ќе добил одговор.

Врз основа на презентираните сознанија може да се извлече заклучок дека врховистичките определени поединци и групации од Бугарија и САД настојуваат активноста да ја пренесат и во Р.Македонија заради остварување на големобугарските стремежи спрема Македонија.

Заради организирано и систематско следење, документирање и попречување на ваквата активност, покрај другите мерки што ги презема Службата,се налага потребата Владимир Перев и Иван Кацарски да бидат заведени во обработка.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Љубомир Фрчкоски, министер за внатрешни работи
- [redacted], потсекретар на СДБ
- [redacted], помошник на министерот и началник на II Управа

вс/

СДБ
ВНАТРЕШНИ
Служба за државна
8 бр. 32
8.02.93
Скопје

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), а по предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр.61, од 04.02.1993 година донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката **ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН** и други телекомуникациони средства спрема лицето **НАЦАРСКИ [redacted] ИВАН**, роден на 21.03.1925 година во Богданци, државјанин на Р.Македонија, професор во пензија, постојано настанет на ул."Даме Груев" бр[redacted], сопственик на претплатничкиот телефонски број 201-224.

О б р а з л о ж е н и е

Иван Нацарски се наоѓа под оперативна обработка на СДБ, член е на раководството на илегалната организација која делува од врховистички позиции, во спрега со поединци и групации од Бугарија и САД (МПО) именуваниот има широк круг на врски во Република, во Р.Бугарија и во САД со кои контактира, така што основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

м-р Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 107
25.7. 1994 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен сл. весник бр.10/92), а по предлог на подсекретарот на СДБ Ев.бр. 03-147 од 4.04. 1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се продолжи примената на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства спрема лицето Кацарски [redacted] Иван роден на 21.03.1925 година во Богданци, државјанин на Р.Македонија, професор во пензија, постојано настанет на ул."Даме Груев" бр. [redacted], сопственик на претплатничкиот телефонски број 201224.

О б р а з л о ж е н и е

Иван Кацарски се наоѓа под оперативна обработка на СДБ, член е на раководството на илегална организација која делува од врховистичк позиции, во спрега со поединци и групации од Бугарија и САД (МПО) именуваниот има широк круг на врски во Републикава, во Бугарија и во САД со кои контактира, така што основано се претпоставува дека со продолжувањето на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во примероци

Доставено до:

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Д-р Љубомир Фрчкоски

Рес... ...ика
М... ...ГВО
ЗА ... ...ТРЕШНИ РАБОТИ
Служ... ...безбедност
Бр. 131
23. 8. 93 год.
...

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Република Македонија"-Посебен службен весник бр.10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр.249 од 22.06.1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето ПАУНКОВСКИ [redacted] ВЛАДИМИР, роден о9.11.1954 година во Охрид, машко, државјанин на Република Македонија, со постојано место на живеење во Охрид на ул."Галичица" бр.[redacted], телефон број 37-299.

О б р а з л о ж е н и е

Паунковски Владимир се наоѓа под обработка на СДБ поради добиени сознанија за негова противуставна активност, има широк круг на врски во Републикава и во странство (Бугарија) со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примена на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Споради тоа одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за понатамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци

Доставено до II и IV Управа
на СДБ - Скопје

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Паунковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Сд.05-130
19.08.93

4

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.-15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 35 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - Посебен службен весник бр.10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев. бр.288 од 16.07.1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ПРИСЛУШКУВАЊЕ на приватниот стан на лицето ПАУНКОВСКИ [redacted] ВЛАДИМИР, роден 09.11.1954 година во Охрид, машки, Македонец, државјанин на РМ, постојано живее во Охрид на ул."Галичица" бр. [redacted], телефон бр.37-299.

О б р а з л о ж е н и е

Паунковски Владимир, се наоѓа под обработка на СДБ, поради добиени сознанија на негова противуставна активност, има широк круг на врски во странство, со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примена на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известите, а кога ќе престане потребата за понатамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци
Доставено до II и IV Управа
на СДБ-Скопје

Д-р Љубомир Фрчковски

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија"-посебен Службен весник бр.10/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр. 527 од 22.06.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето ПАУНКОВСКИ [redacted] ВЛАДИМИР, роден 09.11.1954 година во Охрид, машки пол, Р.Македонија, државјанин на РМ, постојано живее во Охрид на ул."Галичица" бр.[redacted], телефон 37-299.

О б р а з л о ж е н и е

Паунковски Владимир се наоѓа под обработка на СДБ поради противуставна активност од позиции на Тероризам во земјата и странство, именуваниот има широк круг на врски во Р.Македонија и во странство (Р.Бугарија, САД, Белгија) со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Д-р. Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр 171
15.9.199 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системо за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84) а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 35 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр.1о/92), а по Предлог на потсекретарот на СДБ, Ев. бр. 605 од 1о.о8.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ПРИСЛУШУВАЊЕ спрема лицето ПАУНКОВСКИ [redacted] ВЛАДИМИР, роден о9.11.1954 година во Охрид, машки пол, Македонец, државјанин на РМ, постојано живее во Охрид на ул."Галичица" бр.[redacted], телефон 37-299.

О б р а з л о ж е н и е

Паунковски Владимир се наоѓа под обработка на СДБ, поради негова противуставна активност од позиции на Тероризам во земјата и странство, именуваниот има широк круг на врски во земјава и странство (Бугарија, САД, Белгија) со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во _____ примероци

Доставено до:

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
д-р Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 16
24.01 1996
Скопје

„Одрин"

Врз основа на член 29 и 32 од Правилникот за работа на ДБК ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр.1о од 31.1о.1995 г.), и член 3 од Упатството за постапката и начинот на примена на оперативно-техничките средства, и методи на работници со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, а по поднесениот Предлог на Директорот на ДБК, Евидентен бр.386 од 28.11.1995 г., донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ПРИСЛУШКУВАЊЕ спрема лицето КНЧЕВ НИКОЛАЈ роден о6.о8.1968 година во Средногорие - Р.Бугарија, пол - машки, државјанин на Р.Бугарија, копретседател на ВМРО-СМД.

О б р а з л о ж е н и е

Лицето Кнчев Николај често патува во Р.Македонија со цел остварување на контакти со безбедносно интересни лица заведени во ПО и ОО, кои настапуваат од Врховистички позиции. За време на контактите именованиот дава подршка и инструкции за понатамошни превземања во правец на реализација на нивните идеи. При вакви и слични контакти и разговори го користи станот, сопственост на ПАУНКОВСКИ ВЛАДИМИР кој се води во ОО под псевдоним "ОДРИН", Ев.бр.248 од 22.о6.1993 г.

Основано се претпоставува дека со примена на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за неговата активност насочена кон загрозување на демократските институции, утврдени со Уставот на РМ.

Според тоа, одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р. Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 116
19.10.1992 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/84) а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија бр. 32/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр. 10/92), а по предлог на потсекретарот на СДБ Ев.бр. 882 од 29.09.1992 год., донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето Фејзулаи [redacted] Гулао, род. 18.07.1931 год., во с. Беновиште, Гостиварско, македонец, државјанин на Р.Македонија, постојано живее во Гостивар на ул. "Беличица" бр. [redacted] телефон бр. 63-016.

О б р а з л о ж е н и е

Гулао Фејзулаи, се наоѓа под обработка на СДБ, поради дејност насочена кон насилна промена или загрозување на Уставниот поредок и безбедноста на Републиката, именуваното има широк круг на врски во земјата и странство со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате., а кога ќе престане потребата за натамошна примена веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во три примероци.

Доставено до: IV и V-Управа
на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р Љубомир Фрчковски

Врз основа на чл. 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/84), а во врска со чл. 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија" бр. 52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр. 10/92) а по предлог на потсекретарот на СДБ, Евид. бр. 582 од 1.11. 1993 година донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се продолжи примената на мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА опрема лицето Фејзулаи [redacted] Гулас, роден 18.07.1951 год. во с. Беловиште, гостиварско, машко, државјанин на РМ, невработен, постојано живее на ул. "Беличица" бр. [redacted] во Гостивар, тел. бр. 63-016.

О б р а з л о ж е н и е

Фејзулаи Гулас, се наоѓа под обработка на СДБ поради негова противуставна дејност, насочена кон насилна промена или загрозување на Уставниот поредок и безбедноста на Републиката. Инкованиот има широк круг на врски во земјата и странство со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата од натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци:

Доставено до: IV и V Управа на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
д-р. Љубомир Фрчковски

Врз основа на чл. 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/84), а во врска со чл. 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ ("Службен весник на РМ, бр. 52/91) и чл. 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на РМ" – посебен службен весник бр. 10/92), а по предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр. 533 од 13.10.1994 год. донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се продолжи примена на мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА, спрема лицето Фејзулах [redacted] Гулас, роден 18.07.1931 год., во с. Беловиште гостиварско, македонец, државјанин на РМ, невработен, постојано живее на ул. "Беличица" бр. [redacted] во Гостивар, тел. бр. 63-016.

О б р а з л о ж е н и е

Фејзулах Гулас, се наоѓа под обработка на СДБ, поради негова противуставна дејност, насочена кон насилна промена или загрозување на Уставниот поредок и безбедноста на Републиката, кој има широк круг на врски во земјата и странство, со кои контактира приватно и службено се претпоставува дека со примената на оваа мерка, можат да се обезбедат докази за негова противуставна дејност.

Според тоа одлучено е како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Работено во 2 примероци.
Доставено до IV и V Управа на СДБ.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
м-р Љубомир Фрчковски

02. 901

РСВР на СРМ
СДБ — IV Сектор
Ев. бр. 42 / 24.02. 1992 г.
ИЗВОР Оперативен материјал
ВРСКА
ИЗГОТВИЛ [redacted]

ЛИНИЈА: Албански сепаратизам
и шовинизам

НАЈНОВИ МОМЕНТИ ОД АКТИВНОСТА НА ПДП И НДП ВО ВРСКА КОНКРЕТНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЛОЖБИТЕ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА И ПОЛИТИЧКА АВТОНОМИЈА

Во последно време Службата за државна безбедност регистрира зголемена политичка активност на албанските еднонационални политички партии ПДП и НДП насочена кон конкретна реализација на нивните заложби за територијална и политичка автономија на Албанците во Р.Македонија. За таа цел поедини раководители на ПДП и НДП остваруваат бројни контакти со челниците на "Косовската алтернатива" од кои добиваат конкретни инструкции за натамошните активности за "институционализација" и меѓународно "озваничување" на т.н. "албанска автономија".

Така, Ставилеци Есад од Приштина, во разговор со Фејзулаи Гулас (претседател на нелегитимното "Собрание" на автономијата на Албанците и претседател на огранокот на ПДП во Гостивар), го запознал дека од страна на "изборната комисија" во Приштина бил изготвен текст во врска со барањата на ПДП за измена на Уставот на Р.Македонија и за одредувањето на карактерот, статусот и распространетоста на границата на "албанската автономија" во Р.Македонија, кој на 12.02.о.г. по телефакс требало да го достави до раководството на ПДП во Гостивар.

По добиените инструкции од страна на Ставилеци Есад, а во врска со испратениот материјал на 12.02.1992 година бил одржан состанок на раководството на ПДП во Гостивар на кој е одлучено да се формира група на претставници од три члена кои треба да побараат прием кај претседателот на Републиката Киро Глигоров, со цел непосредно да му ги презентираат барањата за промена на Уставот на Р.Македонија и документите за карактерот, распространетоста и статусот на политичката и територијалната автономија на Албанците во Македонија. За таа цел наводно деновиве се отпочнало со цртање на картата со границите на "автономијата", а се планирало да се формира и "влада".

Според сознанијата, на 19 и 20.02.о.г. во поголемите градови во Републиката каде живее албанско население требало да се отпочне со изготвување на петиција со најмалку од триесет илјади потписи. Според Ставилеци, потписите во петицијата требало да ги собира посебно за тоа формирана група активисти на ПДП и НДП. Начинот на собирањето на потписите требало да биде сличен како и при попишувањето на албанското население непосредно пред одржувањето на Референдумот за територијална и политичка автономија на Албанците во Македонија. Со петицијата требало да се прикаже пред јавноста дека ваквите барања за промена на Уставот на Р.Македонија потекнуваат од "албанскиот народ", а не од политичките партии ПДП и НДП. На 18 овој месец во печатницата "Љума" во село Одри - тетовско отпечатени се шест илјади формулари, на кои биле отштампани посебни редови за триесет потписи.

Покрај овие "работни групи", раководствата на ПДП и НДП требало да формираат и други "работни групи" (комисии) составени од по три члена и тоа: група за подготовка на Амандманите за измена на Уставот на Р.Македонија, за карактерот на автономијата, за одредување на територијалната распространетост на автономијата и група за распишување на изборите.

Со цел за постручно и побрзо завршување на работите околу конечното "озваничување" на албанската "автономија" во Македонија, како и подготвувањето на материјалите во врска со барањето за измена на Уставот на 15.02.о.г. во Гостивар, од Косово допатувале Есад Ставилеци, Зенула Грудај и уште двајца други професори од Приштина, кои во Гостивар требало да остварат контакт со Фејзулаи Гулас (ОО), Селмани Неим (ОО), Митхат Емини (ОО), Невзат Халили (ОО) и Халими Иљаз, претседател на НДП. Покрај ова, според искажувањето на Зејни Билали, член на претседателството на огранокот на ПДП во Гостивар оваа група требало да го изготви и Предлог-Уставот на "автономијата". По конечното изготвување на овие документи со нив требало да се запознае и Европската заедница со цел да изврши притисок за непризнавање на државноста на Р.Македонија.

Според непроверени сознанија деновиве меѓу албанското население се правеле евиденции на лица со цел формирање на воени одреди кои ќе имале за задача да го бранат албанското население и да организираат општонароден отпор на населението на територијата на автономијата по нејзиното меѓународно призна-

ување и отпочнување да функционира доколку органите на власта на Р.Македонија се обидат да преземаат било какви репресивни мерки спрема албанското население на нејзината територија.

Според оценките на Службата, ваквите активности на албанските сепаратисти и шовинисти за "институционализација" и меѓународно "озваничување" на т.н. "албанска автономија" се во склоп на севкупните активности на екстремните припадници на албанските еднонационални партии за прекројување на границите на Р.Македонија, како дел од глобалната стратегија за создавање на големоалбанска држава на Балканот, што претставува директен атак за уставниот поредок на Републиката. Поаѓајќи од тоа, Службата презема интензивни мерки за следење, документирање и попречување на ваквата активност.

ДОСТАВЕНО ДО:

- д-р Љубомир Фрчкоски, министер за внатрешни работи
- [redacted], потсекретар на СДБ
- [redacted] потсекретар за информирање и координирање
- Началникот на I, II и III Управа
- Началникот на РУСДБ-Скопје.

Бр. 43
03.03. 3
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/84), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија"-посебен службен весник бр.10/92), а по предлог на потсекретарот на СДБ ев.бр.16 од 4.01.1993 годи-на, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето Каровски [redacted] Петар, роден 29.05.1946 година во с.Богомила -Титов Велес, машки пол, државјанин на Р.Македонија,со место на живеење во Битола на ул."Гуро Гаковиќ" [redacted] телефон број 47 292.

О Б Р А З Д О Ж И Н И Е

Каровски Петар се наоѓа под обработка на СДБ поради манифестирање на противуставна дејност од клерикалистички позиции.Именуваниот има широк круг на врски во Р.Македонија и странство, со кои контактира приватно и официјално се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за неговата противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена, веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Изработено во 2 примероци
Доставено до:
- 2 пр.СДБ II управа

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ,
Д-р Љубомир Фрчковски

Ѓ. 118
02-27-3

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84) а во врска со член 5 од уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на РМ" бр.54/91) и чл.36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија", посебен сл.весник бр.10/92) а по предлог на потсекретарот на СДБ, Ев.бр.87 од _____93 год. донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката **ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН** и други телекомуникациони средства, спрема лицето **СТОЈМЕНОВ [redacted] СЛАВЧО**, роден 8.11.1945 година во с.Вељуса - струмичко, машки пол, државјанин на Република Македонија, шпедитер во шпедицијата на "Млаз" од Богданци со стан на ул."Ристо Чавдаров" бр.[redacted] Гевгелија, сопственост на прет.тел.бр.86-938.

О б р а з л о ж е н и е

Славчо Стојменов се наоѓа под оперативна обработка на СДБ поради непријателска активност односно противуставна активност, именованиот има широк круг на врски во земјата и странство со кои контактира по разни основи и основано се претпоставува дека со примена на оваа мерка можат да се обезбедат докази за неговата противуставна активност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

За резултатите од примената на оваа мерка, повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

Примерок од решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Д-р Љубомир Фрчковски

4

Врз основа на точка 56 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност (Сл.лист на СФРЈ-доверливо гласило бр.18/90), а согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.52/91), по Предлог на потсекретарот на СДБ, ев.бр.____ од _____1992 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА (ОО) на лицето ВЕЉАНОСКИ [redacted] НИКОЛА, роден 19.10.1954 год. во с.Рамне, СО-Охрид, Република Македонија, Македонец, државјанин на Р.М., со постојано место на живеење во Охрид на ул."Марко Цепенков" бр[redacted]

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот ев.бр._____ од _____1992 година одобрен од потсекретарот на СДБ, се констатира дека постои основ за активна систематска и организирана непријателска активност на лицето Вељаноски Никола, насочен кон поткопување и уривање на поредокот утврден со Уставот на Република Македонија.

Според тоа одлучено е како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика и документација, заради евиденција.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

д-р ЉУБОМИР ФРЧКОСКИ

Врз основа на точка 5 и 54 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Сл.лист на СФРЈ" - Доверливо гласило бр. 18/90), а во согласност со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ПРЕТХОДНА ОБРАБОТКА (ПО) на лицето МУРТЕЗАНОВ [redacted] ИСМАИЛ, од мајка [redacted], роден на 16.2.1958 година во с. Горно Јаболчиште, титоввелешко, каде и постојано живее, земјоделец, Албанец, државјанин на Република Македонија.

Лицето ќе се води под псевдонимот "КАСТРО".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението на Предлогот ев.бр. 437 од 26.2.1992 година, одобрен од Републичкиот потсекретар на СДБ, се констатира дека постои основ за активна, систематска и организирана непријателска и противуставна активност на лицето МУРТЕЗАНОВ ИСМАИЛ, насочена кон коткопување и уривање на поредокот утврден со Уставот на Република Македонија.

Со оглед на изнесеното, исполнети се условите од точка 54 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од ова Решение да се достави до Организационата единица за аналитика и документација заради евиденција.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ:
Д-р. Љубомир Фрчковски

Бр. 141
23.6.1994

Врз основа на чл.36 став 3 од Правилата за работа на СДБ (Сд.број. 01-1710 од 19.05.1992 година) и точка 3 и став 1 од Упатството за постапката и начинот на примената на оперативно-технички средства и методи на СДБ (Сд.бр.01-1711 од 19.05.1992 година) а по предлог на Потсекретарот на СДБ, Ев.бр. 735 од 14.06.1994 година, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН и ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето ЗИБЕРИ [redacted] МИФТАР, роден на 20.10.1949 година во Тетово, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, живее во Тетово на ул."Благоја Тоска"бр.[redacted] со завршен факултет за физичка култура во Белград, работи како тренер на одбојкарскиот клуб "Шкендија" од Тетово.

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.бр. 735 од 14.06.1994 година одобрен од Потсекретарот на СДБ, се констатира дека постои основ за активна, систематска и организирана активност на лицето Зибери Мифтар, насочена кон загрозување на безбедноста на Р.Македонија.

Со оглед на изнесеното исполнети се условите од чл.36 од Правилата за работа на СДБ и точка 3 од Упатството за постапката и начинот на примена на оперативно-технички средства и методи на СДБ поради што е решено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате а кога ќе престане потребата од нејзина натамошна примена веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-р.Љубомир Фрчковски

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
Бр. 29 10. 1992 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр. 15/90), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија ("Службен весник на Р.Македонија"бр. 50/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" -посебен Службен весник бр. 10/92, а по пречистениот текст на Деловникот на СДБ бр. 02-[illegible] од 7.10.1992 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се [illegible] Тајна [illegible] на [illegible] ДКУТИ [illegible] спрема лицето [illegible] РЕШАТ, [illegible] 1939 година во с. Гркчари- СО Кичево, [illegible], државјанин на Македонија, [illegible] во Битола на ул."Охридска"бр. [redacted], [illegible] од 05-370.

О б р а з л о ж е н и е

Решат Ќешки се наоѓа под обработка на СДБ поради негово дејствување од позиција на АЕМ.Имено,тој има [illegible] врски со земјава и странство [illegible] [illegible] основано се претпоставува дека со [illegible] за [illegible] можат да се обезбедат докази за [illegible] дејност.

Оттаму, [illegible] е одлучено како во диспозитивот .
Со реализацијата на примената на оваа мерка навремено ќе се известуваат, а кога ќе престане потребата за натамошна примена веднаш ќе се поднесе барање за нејзино укинување.

[illegible] ВНАТРЕШНИ РАБОТИ,
[illegible] Трифковски

RSVR-SRM-SDB 17.05.1985 GOD.

NEDZIPI [redacted] PLUS LICNO DOSIE BR. ...

RODEN NA 11.01.1938 GOD. VO RESEN S.GRNCARI

ZIVEC VO BITOLA UL.'OHRIDSKA' BR.[redacted]

NARODNOST ALBANSKA DRZAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE PROFESOR NA UNIVERZITET

SKOLSKA SPREMA: OSTANATI FAKULTETI I VISOKI SKOLI

ZNAENJE NA JAZICI:

1. ALBANSKI

2. MAKEDONSKI

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. ALBANSKI NACIONALIZAM I SOVINIZAM

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII

1. ALBANSKI NACIONALIST (SOVINIST,SEPARATIST I HEGEMONIST)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI

ISTAPUVA OD POZICII NA ALBANSKI NACIONALIZAM. VELI DEKA ALBANCITE SE DISKRIMINIRANI, POSEBNO VO BITOLA I RESEN. PROJAVUVA INICIJATIVA I POTTIK-NUVA GRADANI OD ALBANSKATA NARODNOST DA VRSAT PRITISOK VRZ SOBRANIETO NA OPSTINATA ZA OTVARANJE GIMNAZIJA NA ALBANSKI JAZIK. KONTAKTIRA SO LICA EKSPONIRANI PO LINIJA NA ALBANSKI NACIONALIZAM I IRREDENTIZAM.

DOSIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-BITOLA

OBRABOTIL: [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK

41

14 Кратка содржина на досието:

Произлегувал од селска земјоделска фамилија, економски
расположена. Татко му [redacted] бил воен емигрант по осло-
бодувањето, а сега се наоѓал во Германија.

Рекат, во 1973 год. се поврзал со разни националистички
елементи, судени, емигранти и повратници од битолско
и Преспа и покренал иницијатива за формирање на алба-
ска гимназија во Битола. Како не најмал на под ним од
настојните во Битола, органи: ирал делегациик до репу бли
чките фактори, жалејкисе дека му се нарушуваат правата
на албанската народност во сите краеви.

Според мислењето на органите на овој четкот преставувал
интерес за одб.

Јк.
Откуцано на 14.10.1977 година

98 79
1 80

15 Што да се прави со досието | на остане во оперативен архив.

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: .....
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: .....
(читок потпис)

ПРАШАЛНИК ЗА ЛИЧНО ДОСИЕ


X 1

Број на лично досие	3160
Основен орган	МСДБ-Битола
Датум на пополнувањето на прашалникот	15.6.1977 година

1003160 8

04 10

	11 презиме		25 татково име	35 име
1	ПЕЛИНИ		[redacted]	РЕЗАТ
2	Датум на раѓање	11.1.1938 година		38 47
3	Место на раѓањето и општина	с.Грнчари - Ресен		2401/5 52
4	Народност	Албанец		07 54
5	Државјанство	СФРЈ		01 56
6	Стално место на живеење-живеалиште	Битола, ул.Охридска бр. [redacted]		02009 61
7	Занимање	професор		292 64
8	Однос со органи за ВР	немал		07 65
9	КАТЕГОРИЈА Прва			00 67
	КАТЕГОРИЈА Втора			00 69
	КАТЕГОРИЈА Трета			00 71
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени	не се превземени		0 72
11	Колку пати е осудуван			0 73
12	Висина на казната-осудата			00 75
13	Кога е формирано досието	22.3.1973 година		73 77



Врз основа на член 24 од Законот за основите на системот за државна безбедност (("Службен лист на СФРЈ" бр.15/84) а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р.Македонија (("Службен весник на Р.Македонија" бр.52/91) и член 36 од Правилата за работа на СДБ (("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92), а по предлог на Потсекретарот на СДБ ев.бр.1082 од 16.11. 1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Да се примени мерката ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОН И ДРУГИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ СРЕДСТВА спрема лицето Нецип [redacted] Решат, роден 11.01.1938 година во с. Грнчари општина Ресен, машки пол, државјанин на Р.Македонија, постојано живее во Битола ул."Охридска" бр. [redacted] корисник на претплатничкиот домашен телефонски број 25-979.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Решат Нецип се наоѓа под обработка на СДБ поради негово делување од позиции на АЕН. Именуваниот има широк круг на врски во земјава и странство со кои контактира приватно и основано се претпоставува дека со примената на оваа мерка можат да се обезбедат докази за неговата противуставна дејност.

Според тоа е одлучено како во диспозитивот.

За резултатите од примената на оваа мерка повремено да ме известувате, а кога ќе престане потребата за натамошна примена веднаш да се поднесе барање за нејзино укинување.

МИНИСТЕР ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Д-Р [redacted] Јовчевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-907/1
27.05.2013 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи согласно поднесената писмена изјава заверена на нотар и по службена должност за лицето Фрчковски Љубомир од Скопје, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка , на седницата одржана на ден 27.05.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Фрчковски Љубомир, лице кое било носител на јавна функција - министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија и носител на јавно овластување-професор на Правниот факултет "Јустинијан први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, со ЕМБГ 0212957450110 роден на 02.12.1957 година бил наредбодател и корисник на информациите од органите на државната безбедност, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Фрчковски Љубомир од Скопје со ЕМБГ 0212957450110, роден на 02.12.1957 година, лице кое било носител на јавна функција - министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија и носител на јавно овластување-професор на Правниот факултет "Јустинијан први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, по поднесената писмена изјава заверена на нотар и по службена должност, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и дали бил наредбодател и корисник на информации од таен соработник, согласно Законот.

Во ова постапка Комисијата утврди дека за лицето Фрчковски Љубомир, во Државниот архив на Република Македонија, во повеќе лични досиеја постојат документи од кои се утврди, дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, добивал и се послужувал со информации од органите на државната безбедност врз основа на кои носел или учествувал во носење на одлуки со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини. Во личното досие бр. 26281 постои решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.43 од 03.03.1993 година. Во личното досие

бр.3804 постојат: решение за тајно следење на лице, решение за тајно следење-набљудување на лице и решение за тајно следење на лице. Во лично досие бр.26385 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.116 од 19.10.1992 година, решение за продолжување на применета на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.207 од 30.11.1993 година, решение за продолжување на применета на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.228 од 04.11.1994 година, најнови моменти за активностите на ПДП и НДП Ев.бр.42 од 24.02.1992 година. Во личното досие бр.25887 постојат: решение за тајно следење-набљудување Сд.бр.107 од 27.04.1994 година и решение за примена на мерката тајна контрола на телефон Сд.бр.108 од 04.05.1994 година. Во личното досие бр.1721 постои документ-осврт за ПО "Даскал" Евид.бр.10 од јануари 1995 година. Во личното досие бр.26524 постои решение донесено по предлог Ев.бр.956 од 11.12.1995 година. Во личното досие бр.26414 постои решение Сд.бр.55 од 09.03.1994 година. Во личното досие бр.26419 постојат: документ Ев.бр.20 од 28.01.1993 година, решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациски средства Сд.бр.32 од 15.02.1993 година и решение за продолжување примената на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациски средства Сд.бр.104 од 25.04.1994 година. Во личното досие бр.3160 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.221 од 10.12.1993 година и решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.123 од 29.10.1992 година. Во личното досие бр.26412 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.174 од 25.12.1992 година и решение за примена на мерката тајна контрола на телефон Сд.бр.24 од 27.01.1994 година. Во личното досие бр.223147 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.13 од 10.02.1992 година и решение за продолжување примената на мерката тајна контрола на меѓународниот телефонски сообраќај Сд.бр.47 од 03.03.1993 година. Во личното досие бр. 26471 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.155 од 30.09.1993 година, решение за примена на мерката прислушкување на работна просторија Сд.бр.156 од 30.09.1993 година, решение за примената на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.187 од 27.09.1994 година и решение за примената на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.15 од 24.01.1996 година. Во личното досие бр.26445 постои решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.118 од 02.07.1993 година. Во личното досие бр. 26418 постои решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.30 од 15.02.1993 година. Во личното досие бр.26411 постои решение за заведување во оперативна обработка на лице. Во личното досие бр.26370 постои решение за заведување во претходна оперативна обработка на лице. Во личното досие бр. 25881 постои решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.141 од 23.06.1997 година. Во личното досие бр.26446 постојат: решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.131 од 23.08.1993 година, решение за примена на мерката прислушкување на приватен стан Сд.бр.05-130 од 19.08.1993 година, решение за примена на мерката тајна контрола на телефон и други телекомуникациони средства Сд.бр.148 од 08.07.1994 година, решение за примена на

мерката прислушкување Сд.бр.171 од 15.09.1994 година и решение за примена на мерката прислушкување Сд.бр.16 од 24.01.1996 година.

Од увидот во горенаведените писмени документи, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа да лицето Фрчковски Љубомир издавал наредби или одобрувал дејствувања за тајна контрола на телефони и телекомуникациски средства, следење, набљудување, прислушкување и озвучување на лица, како и тоа да добивал и се послужувал со информации од органите на државната безбедност за одредени активности на одредени лица при формирањето и дејствувањето на одредена политичка партија и неговите членови.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека лицето Фрчковски Љубомир со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, добивал и се послужувал со информации од органите на државната безбедност врз основа на кои носел или учествувал во носење на одлуки со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини што е согласно член 18 став 6 и 7 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Фрчковски Љубомир бил наредбодател и корисник на информациите утврдени во Законот, согласно што го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апчев

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.


ДНА: Да се достави до Фрчковски Љубомир, Собрание на РМ, Влада на РМ и Државна Изборна Комисија.

3 - 3

лустриран

МАХИ ИСА НЕСИМИ

Копија бр. 1
стр. 1



RSVR-SRM-SDB IV SEKTOR 23.02.1990.

DEREGISTRIRANI SORABOTNICI

DOSIE ZA LICE

USDB - SKOPJE

8 STRANICI

0430 40 201284 220 661 00

SORABOTNIKOT 'ŠAR' E KORISTEN PO LINIJA NA ANS. VO SORA-
BOTKATA POKAŽAL NEDISCIPLINIRANOST I ODBEGNUVANJE NA KON
TAKTI. DEREGISTRIRAN E NA 24.11.1988 GOD.

L I C A :			DATUM I MESTO NA RAĐ.	STR.
NESIMI	[redacted]	MAHI	13.02.1952 TETOVO	1

OBRABOTIL : [redacted]

ODGOVOREN RABOTNIK : [redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Оп.работници: [redacted]

Св.број: 4836
20.12.1984 година
С к о п ј е

[redacted]

Врз основа на член 41 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, Сд.бр.7492 од 02.08.1975 година, се поднесува

П Р Е Д Л О Г

За регистрирање во активна соработничка мрежа на лицето МАХИ НЕСИМИ од татко [redacted] роден 13.02.1952 година во с.Отушиште, СО Тетово, Албанец, државјанин на СФРЈ, оженет, татко на две деца, постојано живее во с.Отушиште.

Махи потекнува од позитивно селско средноимотно земјоделско семејство, кое на општествено-политички план имало пасивно држење. Татко му [redacted] роден [redacted] година во с.Отушиште, каде и живее, земјоделец, политички незаинтересиран али има позитивно држење, мајка му [redacted] почината, била домаќинка, моминско презиме [redacted] родена [redacted] година во с.Оромје, потекнува од позитивно семејство кое активно учествувало во НОБ.

Од потесното семејство има брат [redacted] роден [redacted] година, моментално на времена работа во Копенхаген-Данска, вториот [redacted], роден [redacted] година во истото село каде и живее, пензиониран инвалид на трудот и [redacted] роден [redacted] година, на времена работа

" стр. 2

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОП.РАБОТНИК: [redacted]
Евид.број: 1558
24.11.1988 година
С к о п ј е

П Р Е Д Л О Г

За дерегистрација од активна соработничка мрежа на лицето Несими Махи

НЕСИМИ МАХИ од татко [redacted] роден 13.02.1952 година во с.Отушните, СО Тетово, Албанец, државјанин на СФРЈ, со високо образование, вработен како уредник во Редакцијата на весникот "Фјака е влазеримит", Скопје, постојано живее во Тетово, во активна соработничка мрежа на СДБ беше ангажиран на патриотски основи во 1984 година, со псевдоним "Шар".

Ангажирањето на Махи, беше извршено со цел, следење, потврдување, проширување и документирање на непријателската активност на лицата: Теки Дервиши, Џабир Ахмети, Мехметоли Хоџа, сите ПОО по линија на АНС; Фејзи Бајку, Ешреф Аппу, Сами Ибраими и други безбедносно-интересни лица по линија на АНС.

Уште во почетокот во контактите со Махи Несими, настанаа проблеми во диференцирањето на поедини активности на горе споменатите лица, и нивно издвојување и квалификување како непријателски од позиции на АНС. Во повеќе случаеви Несими и дејствувал од позиции на АНС, солидаризирајќи се со ставовите на безбедносно интересните лица. Заради ваквиот однос во целиот период на соработката имавме проблеми со поставување на задачи и нивно реализирање.

Во контактите беше доста недисциплиниран и истите ги избегнуваше. Заради ваквиот однос предлагаме соработникот "Шар" да биде дерегистриран од активната соработничка мрежа на СДБ.

СОГЛАСЕН
ЗАМ.НАЧАЛНИК НА УСДБ-СКОПЈЕ
[redacted]

ПРЕДЛАГА:
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
[redacted]

ОДОБРУВА
НАЧАЛНИК НА ||| СЕКТОР
[redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Мар"
ОП.РАБ.: [redacted]
Евид.бр. 415
20.03.1985 година
С к о п ј е

Кочија бр. 1
стр. 2

И З В Е Ш Т А Ј

I – Контактот е остварен на 15.03.1985 година од 12,30 до 13,40 часот, во просториите на ресторантот "Панорама", по негова иницијатива сознанијата се добиени во усмена форма.

II – Добиени сознанија:

Меѓусебните односи во Редакцијата не се добри, таквата состојба ја предизвикуваат повеќе причини. Од порано не е водена исправна кадровска политика, одредени лица кои завземаат раководни работни места се со поголем број слабости како, неадекватно образование, неквалитетно и неажурно извршување на работните обврски, и задачи, што директно влијае на квалитетот на весникот и другите изданија.

Во Редакцијата присутни се фамилијарни и пријателски односи кои имаат влијание во севкупните состојби. Критериумите за оценка на извршените задачи и обврски се субјективни и предизвикуваат револт и незадоволство. Се стимулираат и форсираат некои т.н. проверки и докажани новинари кои не се истакнале, со квалитет и работа. На некои им се толерира целодневни недоаѓања на работа, поради комар-играње на карти, а на други им се замера за неколкучасовно каснење и сл. Не се поставуваат, разгледуваат и расчистуваат некои актуелни прашања, така во една прилика Гајур Пустина, на состанок на Секретаријатот на ОО на СК почна револтирано да ја пцуе Партијата. На наредниот состанок Секретарот го постави

тоа прашање, истото како истап го потврди и уште еден член на Секретаријатот но никој не пројави интерес за расправање и преземање на мерки. Што значи дека е нагласен субјективизмот на поедини раководни лица кои настојуваат да сите работи течат како они што ќе кажат.

Во една сложена состојба, треба да се сослуша и другата страна за да се има исправен приод во оценката на одредени состојби.

III - Оперативен коментар:

Контактот со Махи Несими е по негова иницијатива. Во изминатиов период, контакт со него не беше остварен , наводно поради неговата презафатеност, бројните работни и приватни обврски и сл

Поради неговите однесувања, во разговорот не иницираме никакви актуелни прашања за него и за Редкацијата.

Сметаме за потребно да се разговара со повеќе лица од Редакцијата, да се дознаат сите елементи и околности за неговото одбивање за пишување на коментар на весникот "Зери е популит" како и реакциите на Фељтонот на Д-р Сеферин Сулејмани, кои сознанија ќе бидат искористени за согледување на неговото однесување, мотивите за истото, со цел одредување на неговиот понатамошен третман.

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК

[redacted]

о/СГ.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
бр. 07-2661/1
30.07.2012 год.
СКОПЈЕ

Бр.07-648/734

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Махи Несими од Тетово, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Махи Несими, ЕМБГ 1302952470019, роден на 13.02.1952 година во с.Отушиште,Тетово со псевдоним "Шар", бил вршител на јавна функција- Амбасадор на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

За Махи Несими, лице кое било носител на јавна функција, Амбасадор на Република Македонија, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Махи Несими во Управата за безбедност и контраразузнавање постојат документи - предлог за ангажирање на соработник под псевдоним Шар, предлог за дерегистрација , додека другите податоци од неговото досие се уништени, како и во Државен Архив на РМ во личното досие со бр.25925, постојат и службени белешки составени според исказот на изворот "Рено" кои се поврзани со Махи Несими.

Од увидот на податоците доставени од Управата за безбедност и контраразузнавање се утврди дека тие се состојат од следните документи: предлог за регистрација на лицето Махи Несими со евидентен бр.4836 од 20.12.1984 година составен на четири страни, документ од РСВР- СРМ- СДБ IV Сектор Дерегестрирани соработници од 23.02.1990 година, Предлог за дерегистрација

евидентен број 1538 од 24.11.1988 година од две страни и извештај евидентен бр. 415 од 20.03.1985 година од две страни.

Од увидот во документите добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на РМ и увидот во личното досие под бр.25925 водено за друго лице, во Државниот архив на Република Македонија, се утврди дека лицето Махи Несими , со ЕМБГ 1302952470019 , роден на 13.02.1952 година во с.Отушиште,Тетово, со псевдоним "Шар", бил вршител на јавна функција- Амбасадор на РМ, најпрвин бил ангажиран во оперативен однос, а од 20.12.1984 година службата го регистрирала како оперативна врска, соработник на доброволна основа. Истиот, соработката ја обавувал преку добиениот псевдоним " Шар" а бил ангажиран во соработничката мрежа по линија на АНС (Албански национализам и сепаратизам) за следење на активностите на одредени лица, граѓани на тогашната СРМ, доставување информации од разговорите од неговата работна организација, но и надвор од неа. Според нотираната документација и тоа предлог регистрација, поради тоа што имал блиски врски и односи со лица интересни на АНИ, со кои остварува бројни контакти како на работното место, така и дома, можноста да разговара за многу актуелни теми политички настани и состојби, за кои во претходниот период бил користен како оперативна врска. Истакнато е дека во тој период реално презентирал бројни сознанија од интерес на службата, кои беа потврдени од други извори. За оперативниот однос на лицето стои дека оперативниот однос бил воспоставен на почетокот на 1983 година, врз база на претходни проверки и проучувања за неговото потесно и пошироко семејство. Во континуитет се одвивал процесот на негово систематско и стручно оспособување за извршување и на посуптилни задачи, во кои даде и бројни безбедносно интересни сознанија за лицата интересни за службата. Истакнато е дека службата ќе му ги надоместува материјалните трошоци само во исклучителни случаи и околности, ако тоа го наметне потребата од извршување на задачите и при евентуални други трошоци што произлегуваат од позитивните правни прописи за кои ќе се поднесе предлог во секој случај одделно. Неговиот соработнички однос се утврди и од документот ев.бр.415 од 20.03.1985 година, каде на службите и презентира сознанија за односите во редакцијата каде работи и лицата кои ги следи. Неспорноста за соработката се поткрепува и во документите и податоците утврдени во личното досие бр.25925 водено за друго лице, неспорно се утврди дека истиот бил соработник на службата за државна безбедност.

2 - 3

Неговиот соработнички однос завршува на 24.11.1988 година, кога бил даден и предлог за престанок на соработката и да биде дерегистриран.

Сите овие докази за Махи Несими содржани во документацијата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Државен архив на РМ,Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите.
Претседател,
Томе Алцев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Махир Несими да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Махир Несими .

3 - 3

лустриран

МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ

SSVR-SRM-SDB IV SEKTOR 13.06.1991

DEREGISTRIRANI SORABOTNICI

DOSIE ZA LICE

USDB - SKOPJE

7 STRANICI

0430 40 170982 220 661 60

ZA SORABOTKA E ANGAZIRAN VO 1982. ZARADI NEPOSTOENJE USLOVI I MOZNOSTI ZA PONETANOSNO KORISTENJE, DEEVIDENTIRAN E VO 1990 GODINA.

L I C A			DATUM I MESTO NA RAB. STR
STEFANOSKI	MIRKO	MILOVAN	26.08.1952 RESEN 1

OBRABOTIL [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK [redacted]

1

Ц 05-7273/99 2
04-5909
0521

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Евид. број: 2750
17.09.1982 година
С К О П Ј Е

П Р Е Д Л О Г

За регистрирање во активна соработничка мрежа на СДБ на лицето Стефаноски Милован, од татко Мирко и мајка Вера, роден 26.08.1952 година во Ресен, живее во Скопје, Булевар "АВНОЈ" бр.108/28, Македонец, државјанин на СФРЈ, завршил Филолошки факултет - југословенска книжевност, вработен во РО "Мак-петрол" како уредник на истоименованиот весник, оженет е, татко на едно малолетно машко дете, воената обврска ја регулирал, член е на СК.

Во евиденцијата на СЈБ и СДБ не минува. Стефаноски Милован потекнува од семејство чиј татко Мирко е воен пензионер, а мајка му Вера домаќинка.

И покрај тоа што Милован е роден во Ресен каде татко му се најобел еден период на служба, детството го поминал во Кичево каде и сега неговите родители живеат. Основно училиште и гимназија тој исто така завршил во Кичево и тоа со солиден успех.

По завршувањето на гимназијата се запишал на Филолошкиот факултет во Скопје, група југословенска книжевност, каде во 1977 година дипломирал. За време на студирањето развил широка општествено-политичка активност, и тоа во 1973 година е примен во редовите на СК. Бил секретар на младинската организација на Факултетот, претседател на книжевниот клуб "Кутри" исто така на Факултетот и сл.

3

2

2.-

Со вработувањето во 1976 година во "Нова Македонија" почнува да се бави со професионална новинарска дејност.

Воена обврска служел во Врање и Скопје, каде како новинар дал свој прилог во армискиот весник "Победа".

Во "Мак-петрол" работи од крајот на 1977 година како шеф на одделението за информатика, односно е уредник на весникот "Мак-петрол". На работното место важи за еден од совесните и амбициозни работници, авторитетен и сл. Општествено-политички е доста активен, моментално е секретар на ОО на СК, бил член на секретаријатот на СК при работната организација.

Повеќе години се бави со пишување на поезија и добитник е на наградата "Браќа Миладиновци" во 1978 година на СВП за неговата стихозбирка "Змд пред бескрајот". Наскоро од печат треба да излезе уште една негова збирка на песни, инаку негови песни објавувани се во разни списанија во земјата, а дел од нив се преведени во странство на италијански, француски јазик и др. Член е на ДПМ и член е на Сојузот на новинарите на Југославија.

Оженет е за Гроздановска Зорица, родена во 1950 година во с. Подмочани, Ресен, чиј татко Круме е учесник во НОВ од 1941 година. Зорица има завршено исто така Филолошки факултет во Скопје и работи како лектор во ЦК СКМ. Во бракот имаат едно малолетно дете по име Дарко.

Татко му на Милован, Мирко роден е 1924 година во с.Орбеци, Кичево, а учесник во НОВ е од 1943 година. По завршувањето на војната останал како активен офицер во ЈНА. На служба бил во повеќе места во Југославија, Струга, Ресен, Петровец на Шипка од каде се пензионирал поради здравствени причини. Со оглед да по пензионирањето развил голема општествено-политичка активност во Кичево зазема раководни функции во претставнички органи и тела и има исправни гледања, се користи од страна на ОСЗ Кичево.

3

3.-

Покрај мајка му Вера која е домаќинка Милован од потесното семејство има еден брат [redacted] и една сестра [redacted] кои живеат и работат во Кичево.

Условни врски кои се евидентни во активна соработничка мрежа на ОДБ

а) Објективни услови:

Стефановски Милован од 1978 година се користи во рамки на оперативна врска по линија на МВР и тоа за следење на безбедносно интересни појави и состојби во културните средини, односно книжевните од каде се манифестира непријателска активност (вербална или пишана) на поединци и групации по споменатата линија. Како поет, новинар, член на ДПИ, односно средината во која се движи и работи одржува непосредни контакти со позната лица кои преставуваат интерес на ОДБ и тоа: [redacted] и др. Посебно значаен е неговиот придонес при обработката на Атанас Вангелов (ПОО), со кого се во блиски односи (иста генерација на поети) а преку него за следење на одредени интересни појави на Филолошкиот факултет, односно дејството и однесувањето на лицата тему вработени Милан Гурчинов (ПОО), Тодоровски Гане (ПОО), и др. Исто така се користи за следење на безбедносно интересни појави за време на одржувањето на ОВП и сл.

Во досегашната соработка со Стефановски постигнати се добри резултати кои се темелат на организираност, ангажираност и стручно извршување на поставените задачи.

Тргнувајќи од неговиот широк круг на познаници, развиена комуникативност, блискиот однос со лицата интересни од аспектите средини како и неговата спремност за идна соработка укажуваат можност да истиот одговори на нови или поставени задачи.

5

4

4.-

б) Субјективни услови:

Стефаноски Милован како човек го красат позитивни карактерни особини, скромност, сталоженост, педантност и работливост. Интелектуалното ниво му е на висина, идејно-политички е цврсто определен за курсот и политиката на СКЈ.

Имајќи ги во вид неговите човечки и идејни квалитети, средината во која работи и живее, постигнатите резултати во досегашната соработка како и можноста и условите да на непосреден начин ги следи безбедносно интересните појави во културните - книжевните средини, односно непријателската активност на лицата во ПОО од истите, цениме дека се исполнети потребните критериуми за регистрираше во активна соработничка мрежа на СДБ.

Соработникот ќе го носи псевдонимот "Превер". Врската ќе се одржува непосредно и организирано.

На врска ќе го држи сам. инспектор Милорад Лазески, а ќе се користи по линија на МНС.

СОГЛАСЕН:
ПОМ.НАЧАЛНИК НА УСДБ-СКОПЈЕ
[redacted]

ПРЕДЛАГА:
САМОСТОЈЕН ИНСПЕКТОР
[redacted]

СДОБРУВА:
НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

04-6187
5 6

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОП.РАБОТНИК: [redacted]
Отчукано во 2 примероци
Евид.број: 486
12.12.1990 година
С к о п ј е

Врз основа на точка 17 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Службен лист на СФРЈ" бр.13/90), се поднесува

П Р Е Д Л О Г

За дерегистрирање од соработничката мрежа на лицето СТЕФАНОВСКИ МАРКО МИЛОВАН, роден на 26.08.1952 година во Ресен, Македонец, државјанин на СФРЈ, со завршен филозофски факултет-југословенска книжевност, вработен во РО "Мак-петрол" како уредник на истоименото весник, постојано настанет во Скопје, Булевар "АВНОЈ" бр.106/28 од месец декември 1989 година работи во Истамбул-Р.Турција, во лекторатот по македонски јазик.

О б р а з л о ж е н и е

Стефановски Милован од 1978 година се користеше на ниво на оперативна врска, а во текот на месец септември 1981 година е ангажиран за соработник на СДБ под псевдоним "Превер" по линија на македонски национализам и сепаратизам.

Воспоставувањето на оперативниот однос и ангажирањето на соработник имаше за цел негово организирано користење во обработката на повеќе дерегистрирани предмети во обработка (ЈО "Брегал-

7

6

2.-

ница", ПО "Бигор", ПО "Апотеоза", ПО "Критичар" и др.) како и за следење на појави и состојби во одредени културни, научни и други средини и за врме на одржувањето на СВП, од безбедносен интерес на СДБ.

Во досегашната соработка со Стефановски постигнати се добри резултати кои се темелат на организирано, ангажирано и совесно извршување на поставените задачи. Со оглед на тоа што, повеќе не постојат никакви објективни услови и можности за негово понатамошно користење како соработник спрема лицата односно предметите во обработка и средините за кои се користел, а имајќи во предвид и дека од месец декември 1989 година од Ректоратот на универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје е назначен за лектор по македонски јазик во лекторатот во Истамбул-Р.Турција каде ќе остане подолго време, предлагаме да се дерегистрира од активната соработничка мрежа на СДБ по линијата.

Меѓутоа, неговиот временски подолг престој во Р.Турција ја наметна потребата од продолжување на оперативните контакти кои во понатамошниот период со негов статус на оперативна врска ќе ги реализира оперативниот работник по ТРО во УСДБ-Скопје.

[redacted]

ПРЕДЛАГА:
[redacted]

[redacted]

Ценејќи ги горните наоди сметам дека се исполнети условите од точка 17 од Правилата за работа на СДБ ("Службен лист на [illegible]" бр.[illegible]), предлогот го доставуваме за донесување на соодветно решение.

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван [illegible]

7 8

Врз основа на точка 5 од Правилата за работа на СДБ ("Службен лист на СФРЈ" бр.18/90), а по доставен предлог одобрен од републичкиот потсекретар на СДБ, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За престанок на соработката со лицето Стефановски Килован.

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението на поднесениот и одобрен предлог на републичкиот потсекретар на СДБ, Ев.број [redacted] од 12.12.1990 година, се констатира дека се исполнети условите предвидени во точка 17 од Правилата за работа на СДБ ("Службен лист на СФРЈ" бр.18/90), заради што е донесено решение како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до организационата единица за аналитика и документација заради евидентирање.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР
Јован Арненовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1107/1
10.01 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи, по службена должност за лицето Милован Стефановски од Скопје, согласно член 14, 20 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012), и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка (" Службен весник на РМ" бр.38/05) на седницата одржана на ден 10.01.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Милован Стефановски со ЕМБГ 2608952450021, роден на 26.08.1952 година во Ресен, со живеалиште во Скопје, со псевдоним "Превер", бил вршител на јавна функција- член на советот за радиодифузија.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Милован Стефановски , од Скопје со ЕМБГ 2608952450021, роден на 26.08.1952 година во Ресен, со место на живеење во Скопје со псевдоним "Превер", лице кое било носител на јавна функција- член на советот за радиодифузија, по добивање список бр.03-105/1 на лица поранешни и сегашни носители на јавни функции или поранешни и сегашни вршители на јавна дејност или јавни овластувања од Совет за радиодифузија на Република Македонија во кое беше и името на горенаведеното лице, Комисијата по службена должност согласно член 16 и 20 од Законот, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата утврди дека за лицето Милован Стефановски, во Управата за безбдност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат документи во микрофилм. На Комисијата на ден 04.01.2012 година со известување достава бр. 36-47/1 во форма на копија и беше доставен

1 - 3

микрофилмскиот запис бр.0430401709822206б100, додека досието со документите за соработка биле уништени согласно подзаконските акти на УБК.

Во Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат следните документи во микрофилмски запис со кои се утврдува соработката на лицето Милован Стефановски: Регистрационен лист на соработник од 13.06.1991 година од една 1 (една) страна; Предлог за регистрирање во активна соработничка мрежа на СДБ, ев.бр.2750 од 17.09.1982 година од 4(четири) страни; Предлог за дерегистрирање од соработничката мрежа на лицето Милован Стефановски ев.бр.786 од 12.12.1990 од 2 (две) страни и Решение за престанок на соработката со лицето Милован Стефановски од 1 (една) страна.

Од увидот во горенаведените документи, се утврди дека тие укажуваат на соработка на лицето Милован Стефановски со органите на државната безбедност при оперативно прибирање на информации што биле предмет на обработка. Истиот на службата им давал информации и им укажувал одредени сознанија за одредени лица кои биле интересни за Службата за државна безбедност.

Од документот издаден на 13.06.2012 година од РСВР-СРМ се гледа дека лицето Милован Стефановски е ангажиран за соработка во 1982 година и дека заради непостоење услови и можности за понатамошно користење е дерегистриран во 1990 година. Исто така се гледа од Предлогот за регестрирање дека Милован Стефановски роден на 26.08.1952 година во Ресен а со место на живеење во Скопје од 1978 година се користи како Оперативна врска по линија на Македонски национализам и сепаратизам, во следење на безбедносно интересни појави и состојби во културните средини, односно книжевните од каде се манифестира непријателска активност на поединци и групации по споменатата линија. Како член на ДПМ односно средината во која се движи и работи одржува непосредни контакти со повеќе лица кои претставуваат интерес на СДБ: [redacted] и др. Посебно значаен бил неговиот допринос при обработката на [redacted] со кого бил во блиски односи и преку него следел одредени интересни појави на Филолошкиот факултет, а исто така се користел и за следење на безбедносно интересни појави за време на одржување на Струшките вечери на поезијата и сл. Од образложението на дерегистрацијата се гледа дека тој во септември 1981 година бил ангажиран за соработник под псевдоним "Превер" на линија на македонски национализам и сепаратизам и дека во периодот на соработката се постигнати добри резултати кои се темелат на организирано, ангажирано и совесно извршување на поставените задачи а со решение за престанок на соработката се гледа јасно дека се исполнети условите согласно правилата за работа на СДБ за дерегистрација на лицето Милован Стефановски.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Милован Стефановски постојат документи во органите на државната безбедност, дека тој , како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, притоа остварувајќи и

погодности за себе при напредување во службата, со што сеисполнува условот од член 4 и член 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 18, 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност И согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Милован Стефановски бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аниев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд Милован Стефановски да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Милован Стефановски,Собрание на РМ, Влада на РМ и Државна изборна комисија.

[redacted]

лустриран

МИРКО БУНЕВСКИ

Врз основа на чл. 23 од Законот за внатрешни работи, Сл. весник на СРМ бр. 45/72, по предлогот на Републичкиот потсекретар на СДБ, ев. бр. 107 од 14.VI.1978 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Се определува уградувањето на оперативно-техничките средства за тајно прислушкување во работната просторија на лицето Целаковски Петар, заведен во ПОО "Завеан" живее во Битола на ул."Охрид" бр. [redacted] секретар на СИЗ за образование - Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во предлогот ев.бр. 107 од 14.VI.1978 година, одобрен од Републичкиот потсекретар на СДБ, се констатира дека постои основано сомнение дека Петар се бави со непријателска дејност.

Со оглед на изнесените околности, исполнети се условите од чл. 23 од Законот за внатрешни работи за отстапување од начелото за неповредливост на средствата за општење.

Примерок од решението да се достави до организационата единица за оперативно-техчички работи заради изведување и примерок до организационата единица за аналитика и документација заради евиденција и одлагање во предметот.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР,
Мирко Буневски

РСВР на СРМ
СДБ — IV Сектор
Ед. бр. 339 / 25.07. 1980 г.
ИЗВОР Досие,оперативни материјали ОТО
ВРСКА Инф.бр.37/25.01.1980 год.
ИЗГОТВИЛ [redacted]

Фа се читаат шпорт
фр. посебни
Судски. Притв.

ЛИЧНИ/ПОПОВИ СОЗНАНИЈА ЗА АКТИВНОСТА И ОДНЕСУВАЊЕТО
НА РИСТО ШИШКОВ

Според најновите сознанија Ристо Шишков и натаму манифестира непријателска активност преку перманентни некажувања, коментари и ставови преку кои ја изразува својата огорченост во неодамнешните преземените мерки спрема него, а во врска со неговиот непријателски истап во Охрид, при снимањето на филмот "Големи води".

За време на издржувањето казната затвор во траење од две месеци, неговото однесување било нешто коректно и воздржано без непријателски коментари и истапи за општествено-политичките состојби во нашата Република и земјата пошироко,што продолжило за кратко и по пуштањето од затвор, при што во средините каде се движи одбегнувал да дискутира за поголемите случаи, најавувајќи дека коментално единствено го интересирало да што побрзо отпочне со играње во некоја нова претстава или во претставите симнати од репертоар во кои тој имал улога, а во една прилика се пофалил дека го губел чувството на артист и ако не заигра уште во една сезона, во правило би дојдело одржувањето на неговата артистичка сигнала.

Неговата, во последно време се почесто во пијани состојби продолжува да го изразува својот гнев што пред и за време на издржувањето на казната го крие. Сега веќе е учесник и во кафеански бесеи, особено поради"молчењето" на раководството на МНТ во врска со случајот, поради неизвесноста,изразувајќи желба за што поскоро вклучување на артистички план. Во одбрана

на неговите постапки и однесување, а заради одбегнување на одговорноста и заслужената казна и натаму целосно е ангажиран Живко Чикго.

Во своето севкупно однесување Шишков и натаму ги манифестира своите националистичко-сепаратистички определби особено во комуницирањата со лица од српската националност. Така во една прилика на лице од службата за телефонски информации на мошне отворен и невредлив начин му забележал што зборувал на српски јазик под мотивација "дека требало да знае дека овде е Македонија, а не Србија".

Исто така потенцирајќи ја својата артистичка дејност, омаловажувачки се однесувал спрема претставата на телевизија прикажана во очи на 1-ви мај, а во која главната улога ја играше Петре Прличко, оценувајќи ја како несодржајна и не адекватна за тој празник.

Честитајќи му го 2-ри мај на свој роднина од Струмица се произнел "нека тие честит срдлив и плачлив 2-ри мај".

Во врска со неговиот непријателски настап на 13.12.1979 година Окружното јавно обвинителство - Битола, до Окружниот суд, против Ристо Шишков покрена обвинителен акт за кривично дело "предизвикување на национална, расна и верска нетрпеливост, омраза и раздор" по Чл.134 од КЗ, и за кривично дело "повреда на угледот на СФРЈ" по Чл.157 од КЗ, кој предмет за 5. и 6.05. 1980 година беше настрочен, меѓутоа, по барање на Претседателот на Врховниот суд на СРМ е одложен за неодредено време, а со цел да се види неговото однесување по излегувањето од затвор.

Поаѓајќи од напред добиените сознанија за неговата непријателска активност, а и од реалната претпоставка дека и по излегу-

ќе ги засталува истите стапови, врз него и натаму ќе се остварува целосен увид и ќе се применуваат адекватни средства и методи на Службата заради благовремено осознавање и попречување на неговата активност.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Мирко Буневски - републички секретар
- [redacted] - републички потсекретар на СДБ
- [redacted] пом.на републичкиот секретар
- [redacted] началник на III Сектор
- [redacted] - началник на УСДБ - Скопје
- ССВР - СДБ - III Управа

о.КП

РСВС на СРМ
СДБ — IV Сектор
Бв. бр. 37 / 25 01 1980 г.
ИЗВОР сор. "Буjнова"
ВРСКА
ИЗГОТВИЛ [redacted]

ЛИНИЈА: Внатрешна проблематика

К —

СЛУЧАЈОТ НА АРТИСТОТ РИСТО ШИШКОВ ВО МНТ ДОВЕДЕ ДО ПОЛАРИЗАЦИЈА НА СНАГИТЕ

Според најновите податоци познатиот случај на Ристо Шишков, против кого во последните месеци се преземаат мерки по линија на СК и мерки на прогон (од 15.1.о.г. се наоѓа на издржување казна затвор од 2 месеца), кај вработените во Театарот предизвика поларизација на силите. За одбележување е дека по сторениот инцидент Живко Чинго и режисерот Бранко Ставрев целосно се ангажирале за да се заштити и прикаже дека неговата грешка била ненамерна и без политички мотиви.

На овој план особено се залагал Бранко Ставрев како секретар на ОО на СК, кој мошне субјективно ја водел акцијата и лично се ангажирал да се одбрани постапката и однесувањето на Шишков, заради одбегнување од одговорност и заслужена казна. Поради ваквиот негов став, при разгледувањето на случајот на Шишков некои дискутанти, кои го изнесувале своето мислење, ги прекинувал повеќе пати, или пак им го одземал зборот.

Се ценк дека ваквиот став и однесување на Ставрев е смислено и е сврзано со неговите неостварени амбиции. Имено, како бил фаворизиран режисер, кој долго време скоро на сите југословенски фестивали учествувал, повеќе пати доживувал неуспеси, кои ги поднесувал мошне тешко, а причините за тоа редовно ги барал кај другите, при што секогаш настојувал да докаже дека за неговиот неуспех биле виновни одделни Срби, Хрвати и др., кои на Македонците гледале "со помлеви очи", поради што наводно тој секогаш бил

жртва на таквите гледања. Вакви искажувања манифестирал повеќе пати пред свои блиски пријатели и во строго затворен круг.

Поради напред наведените убедувања и во оваа година, Ставрев пред самото одржување на "Стеријно позорје" создавал атмосфера и расположби и во кругот на театарските работници за тоа дека тој како режисер, а Шишков како носител на главната улога, тре ба да освојат награди. Меѓутоа, бидејќи не се остварите предвидувања, револтиран од претрпениот неуспех, Шишков на 2о.о минатата година во Земун, според еден извор, направил испад (не се знае точно каков, но претпоставуваме дека и тој бил на националистичка основа), а после три дена дојде и до неговиот инцидент во Струга.

Се смета дека за испадот на Шишков сноси вина и самиот Ставрев, кој исто така, "перфидно" негодувал за недобивањето награда на "Стеријното позорје" од кои причини сегашното залагање на Ставрев да го извлече Шишков може да значи и сопствена одбрана, бидејќи и тој имал националистички испади, но за разлика од Шиш - ков тоа досега не го манифестирал јавно.

Инаку, до самото одење на Шишков на издржување прекршочна казна затвор од 2 месеца, своето однесување во кругот на Театарот не го подобрил. Напротив, предизвикувал проблеми во МНТ за што и понатаму бил бранет од двајцата гореспомнати. Сличен или колеблив став по однос на случајот на Шишков заземале и артистките Јакимовска Цветанка, иако е член на ГК на СК и Чундева Љупка.

Со оглед на тоа дека испадот на Шишков во Земун досега не ни бе ше познат, ќе се настојува истиот да се провери и евентуално до кументира, особено заради тоа што против него е покренатата и кри вична постапка која сеуште е во тек.

Податоците добиени за деструктивното и националистичко-шовинистичко делување на режисерот Ставрев Бранко, ќе бидат предмет на

наше понатамошно оперативно ангажирање заради проценка каков став да се заземе спрема именуваното. Исто така, Службата и натаму ќе биде присутна во наведената средина заради откривање на носителите на деструктивната и непријателска активност.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Мирко Буневски - републички секретар
- [redacted] - републички потсекретар на СДБ
- Пом.на републичкиот потсекретар на СДБ
- [redacted] - началник на III сектор
- [redacted] - началник на УСДБ - Скопје

ДБ

РСВР на СРМ
СДБ — IV Сектор
Ев. бр. 11/1 / 6 - 9 - 197 6 г.
ИЗВОР Повеќе
ВРСКА
ИЗГОТВИЛ [redacted]

ОБЛАСТ: Внатрешна проблематика

ВЕРБАЛНИ НЕПРИЈАТЕЛСКИ ИСТАПИ И ИСКАЖУВАЊА НА НАЦИОНАЛИСТИЧКО-ШОВИНИСТИЧКА ОСНОВА

Во последните три месеци регистрирани се повеќе вербални непријателски истапи и искажувања на националистичко-шовинистичка основа од припадници на македонската нација, во кои, главно, со навредливи зборови се омаловажуваат припадниците на албанската и турската народност, изнесуваат тврдење дека Албанците во нашето општество уживале поголеми бенифиции во однос на останатите народи и народности и сл. Некои од нив, користејќи ја својата положба како раководни личности во своите работни организации, настојувале при вработувањето на нови работници да не се примаат лица од другите народи и народности, особено Албанци и Турци, а при изборот на кандидатите настојувале да ја наметнат својата волја.

Тоа, Негриевски Јован[x], сликар и уредник на Радио-Струга, седејќи по друштво со повеќе лица во ресторанот "Мали Београд" - Струга, во пијана состојба, на едно од присутните лица припадник на албанската нација му се обратил со следните зборови: "Ќе ко си? Шеташ како турски ѓаур. До кога со вас Турците ќе сиде вака. Гоце Делчев умре многу млад, инаку да живееше подолго ќе ве чистеше сите вас Турците". На примедба дека тој не е Турчин туку Албанец, именуваниот и понатака продолжил со слични истапи зборувајќи: "Вас Албанците ќе ве качиме во воз и ќе ве пуштиме

x - На службата и е познато дека лицето и порано истапувал на оваа основа.

во Албанија". Својот националистички истап го завршил со пеење на песна во која, покрај остонатото, се зборувано за "чистење-то" на становништвото во едно село, нагласувајќи дека така тре-ело да се постапи и со Албанците.

Тимосиевски Јордан[x] пред повеќе граѓани рекол дека денес при-падниците на албанската народност во однос на останатите наро-ди и народности во нашата заедница уживале поголеми бенефиции како на пример: предност во поставувањето на раководни места, при вработувањето, во отворањето на приватни угостителски објек-ти, поглаг критериум за време на школувањето и сл.

Кирев Александар[xx], директор на Заводот за заштита на култур-ните споменици на град Скопје, со самото негово доаѓање на оваа функција во некои случаеви настојувал вработените да ги натера на послушност закануваќи им се со органите на внатрешни работи, а при изборот и вработувањето на нови лица да ја наметнува сво-јата волја кога истапувал и на националистичко-шовинистичка ос-нова со следните зборови: "Чувари за чување на гробот на Гоце Делчев не можат, не смеат, а не е ни згодно да бидат Турци /ку-лимани/".

Сличен случај е и со Илија Весин[xxx], инженер - археолог во Зао-дот за заштита на културните споменици на град Скопје, кој сме-тал дека во организацијата не требало да се примаат Срби, Босан-ци, Турци и др., бидејќи такви лица не им се потребни на колек-тивот. Инаку, го непаѓал нашиот самоуправен социјалистички сис-тем, а го величел системот во СССР, бидејќи за разлика од кај нас таму владеел голем ред.

---

x - Роден 1929 година во Тетово, вработен како продавач во ОЗТ-ЗИК "Тетово" - Тетово.

xx- Роден 1932 година во Скопје, инженер, досега непознат за Службата

xxx- Роден 1934 година во с.Треново - егејскиот дел на Македонија, повратник од Ташкент, настанет во Скопје, досега непознат на Службата.

По документирањето на случајот против Негриевски Јован поднесе на е прекршочна пријава по член 18 од Законот за прекршоци про тив ЈРМ, Тимосиевски Јован е предупреден, а спрема останатите во тек е целосна оперативна проверка после што ќе се одлучи за понатамошен наш став спрема именуваните.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Бирко Буневски - републички секретар
- Светислав Митровски - републички потсекретар на СДБ
- Пом. на републичкиот потсекретар на СДБ
- Началник на III сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

ИСДБ - Охрид
- ИСДБ - Тетово
- СОВР - СДБ - III Управа и Управа за АОП и документација - I Одделение

ОЛ

РСВР на СРМ
СДБ — IV Сектор
Ев. бр. 142/ 31.3 1982 г.
ИЗВОР Оперативен материјал
ВРСКА
ИЗГОТВИЛ [redacted]

ЛИНИЈА: Албански национализам и иредентизам

ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ НА СЛУЖБАТА ВО ВРСКА СО ПОЈАВАТА НА ПЕЕЊЕ НА АЛБАНСКИ ПЕСНИ СО НАЦИОПАЛИСТИЧКО-ИРЕДЕНТИСТИЧКА СОДРЖИНА ОД СТРАНА НА УЧЕНИЦИ ОД ТРГОВСКИОТ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР "СКОПЈЕ" ВО СКОПЈЕ

Запознувајќи ги активностите во врска со појавата на пеење на албански песни со националистичко-иредентистичка содржина од страна на поголем број ученици во ТУЦ "Скопје" често со придружба на народни инструменти (чифтелија, дајре и сл.), како и други однесувања, во повеќе наврати и на повеќе места, од почетокот на второто полугодие од учебната 1981/82 година па наваму, Службата обави разговори и расчистување со 28 ученици[x] и четворица наставници[xx] од ова училиште.

Во текот на расчистувањето потврдени се и проширени сознанијата за овој вид непријателска активност која во оваа средина егзистирала од поодамна, односно од почнувањето на контрареволуционерните демонстрации во САП Косово од 1981 година. Имено, непосредно по демонстрациите и подоцна по разни поводи како прослава на 28-Ноември, школски екскурзии (во Сарај, Охрид и Маврово) семејни празници (во домот на ученикот Рамазан Шакири во с.Никиштани - Скопско), дочекот на Новата 1982 година во истото село и во училиштето за време на паузите, особено големиот одмор или кога за-

---

x - Исеин Дануш, Бошњак Небахат, Бектеши Исо, Љута Небахат, Шабедин Халити, Телхаи Љулзиме, Блерим Шакири, Исак Ибрахими, Хајдари Зарифе, Шакири Рамазан, Веби Суља, Шакири Ибадете, Љута Иљаз, Коџа Џелал, Гука Идаи, Жарку Џабир, Буши Абибе, Мухамед Нуредини, Ариф Невзади, Ракип Сакипи, Хасани Бесим, Асани Башким, Јусуфи Арун, Терзиу Рамзие, Хаскај Незахат, Ресиме Бучи, Елези Скендер и Бекир Цури

xx - Незахат Рамадани, Сотировски Ламбро, Полуи Доко и Галип Љатифи.

ради отсуство на предметен наставник имале т.н. слободен час поголема група ученици од ТУЦ "Скопје" пееле песни чија содржина е сврзана со имињата на личности од албанската историја (Бајрам Цури, Миц Соколи, Хасан Приштина, Наим и Авдиљ Фрешери и др.) и настани од албанската историја како Призренска лига и сл.

Текстот на некои песни бил изменет, прилагоден кон поддршка на минатотодишните демонстрации во САП Косово, како што е на пример песната за Качаник:

"Да ти го изгорат окото,
не смее да ја пипне границата
кога ќе дојде добра работа,
ќе го правиме Косово невеста..."

Оваа песна била пеена во три варијанти од кои во едната се осудуваат "мажите на Качаник" зошто не излегле на демонстрации,што дозволиле во Косово да влезат тенковите (од Македонија), и затоа тие треба да ги соблечат панталоните, а да облечат димии:

"Ej Качаник од црни мажи Вие мажи со исушени раце
зошто не се кревате на демонстрации?
.....
Соблечете ги панталоните, облечете димии
како вие оставивте
во Косово тенковите да влезат..."

"Инспириран" од демонстрациите на Косово ученикот Рамадан Шаќири составил песна посветена на овие настани со следната содржина

"Ej другари дали слушате
ви кажувам нова вест,
што се случило во Приштина
на свои нозе станале студентите,
за да го бранат Косово.

Што му е на сонцето што не свети,
пукна пушка во Митровица,
бараат своја Република.

Рамазан Шаќири редовно пеењето на овие песни го придружувал со свирење на виолина или чифтелија, а ученичката Ибадет Шаќири чукала на дајре. Неретко со пеењето на песните се играло и оро во училиштата и со стиснати тупаници и со кренати раце се изразувала поддршка на "браќата од Косово".

Врз основа на досегашните расчистувања се оценува дека пеењето на националистички песни е појава инспирирана од настаните на Косово, а во одделни случаеви во прашање е индоктринација од страна на постари членови на семејството во смисла на тоа дека "Косово може и мора да стане Република, а тоа може да се постигне на два начина: со барање до Собранието на СФРЈ или преку демонстрации". Поедини ученици во текот на 1981 година престојувале во странство (СР Германија - Жарку Џабир и Данска - Шаќири Рамазан)[x], оттука и можност за контакти со албанската непријателска емиграција и влијание од надвор. Заради попречување на натамошните контакти на Жарку со горенаведените лица во странство одземена му е патната исправа.

Во склопот на мерките што Службата ги презема поднесени се 2 кривични и 4 прекршочни пријави против ученици од ова училиште.

---

x - Жарку Џабир, на двапати престојувал кај свои блиски роднини од САП Косово, Рецеп Трена и Авдуљ Нухај повеќе од 10 години на времена работа во СР Германија (Манхајм и Хановер), кои исто така стојат на позиции од АНИ и вршеле влијание врз него и во добра мера непријателски го индоктринирале.

- Шаќири Рамазан, престојувал кај свои блиски роднини Сами и Каил Исуф од с.Нераште - Тетовско, а повеќе од 10 години на времена работа во Копенхаген - Данска.

На 16.03. о.г. беа приведени учениците Жарку Џабир[x] и Шаќири Блерим[xx], ученици во III-17 клас кои беа издиференцирани како организатори и иницијатори кои по тродневниот притвор (за што им се врачени решенија) и изготвувањето на кривична пријава ќе бидат предадени на Окружното јавно обвинителство заради изготвување на обвинителен акт и одредување на натамошен третман.

Во досегашниот тек на расчистувањето потврдени се досегашните сознанија за нивната непријателска активност што е документирано со повеќе изјави и од други ученици. Засега нови моменти претставуваат признанието на Жарку Џабир дека "е добро што е откриен бидејќи во спротивно сигурно ќе продолжел со пишувањето непријателски пароли и би одел на Косово заради учество во демонстрации" и сознанието дека Шаќири Блерим (заедно со Шаќири Рамазан) за време на зимскиот распуст, една недела престојувал во с.Копаничќе, Тетовско, каде што лицето Вејсели Џевдет/роднина на Рамазан) ги научил двете варијанти на песната за Бајрам Цури.Вејсели бил член на КУД "Џеладин Зекири" и со друштвото имал снимено касета со националистички песни. Една касета му дал на Блерим која пред еден месец (по првото повикување) неговиот брат ја изгорел.

На 17.03.о.г. беа приведени и учениците: Ѓука Идаи, Рамазан Шаќири,Шаќири Ибадете и Љута Иљаз, како главни актери во изведувањето на песните, кои со релевантна документација на 18.03.о.г.

---

x - Жарку [redacted] Џабир, роден 1964 година во Скопје, каде и живее на ул."Дижонска" бр.[redacted] испишувач на пароли на (двапати) иницирал одење на Косово заради учество во демонстрациите, ги поддржувал барањата на демонстрантите, учествувал во пеењето песни во Охрид и Сарај. Во текот на 1981 година предупреден заради испишување на паролите.

xx - Шаќири [redacted] Блерим, роден 1964 година во Скопје, каде и живее на ул."Павле Илиќ" бр.[redacted]. При пречекот на Новата година во с.Никиштани - Скопско, одржал говор пред присутните во кој ги поддржувал контрареволуционерните демонстрации и извикувал пароли (Косово Република"), а учествувал и во пеењето песни во ТУЦ.

се предадени на Судијата за прекршоци заради прогон по брза постапка, кој прекршочно ги казни со по 15 ѓука Идаи, Шаќири Рамазан и Љута Иљаз, а со 60 дена затвор Шаќири Ибадете.

На 19.03. о.г. од страна на Управата на училиштето исклучени се 5 ученици од III-17 клас, заради непријателска активност од позиции на АНИ[X], а преземените мерки во III-17 клас предизвикале манифестирање на однесувања: Асани Башким остро реагирал и предложил сите да го напуштат училиштето, Коџа Џелал, изнел дека не требало да се преземат такви мерки, Идаи ѓука, одбил да го прими решението, а поголем број ученици манифестирале плачење. За цело време Асани ги поддржувал и поттикнувал на реагирање.

Истиот ден во II-14 клас на одморот помеѓу 5 и 6 час по соопштувањето дека некои ученици од III-17 клас се исклучени од училиштето, група на ученици ги кинеле школските униформи (кецели). Прв отпочнал ученикот Ракип Сакипи и тоа се проширило во целиот клас, при што биле искинати околу 11 кецели, со кои наредниот ден истите ученици на настава дошле со искинатите униформи.

Расчистувањето со напред споменатите лица продолжува и натаму спрема кои ќе се преземат мерки на прогон, општествено-политичка диференцијација, а спрема помалку експонираните ориентацијата создавање на оперативни позиции во оваа средина заради следење на непријателската активност и пошироко на состојбите во ТУЦ "Скопје" во Скопје.

---

x – ѓука Идаи, Шаќири Блерим, Шаќири Рамазан, Шаќири Ибадете и Љута Иљаз

ДОСТАВЕНО ДО:

- Мирко Буневски, републички секретар
- Светислав Митровски, републички потсекретар на СДБ
- [redacted], пом.на републичкиот секретар
- [redacted] началник на III Сектор
- [redacted], началник на УСДБ-Скопје
- ССВР-СДБ-III Управа

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр.45/72) по Предлог на републичкиот потсекретар на Службата за државна безбедност Ев.бр. 78 од 9.01 1975 година донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се определува превземање на мерката КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОНОТ број 32-926, сопственост на ШИШКОВ [redacted] РИСТО, роден на 23.03.1940 година во село Мрена - Серез, живее во Скопје на ул."5о Дивизија", по занимање артист, вработен при Македонски народен театар во Скопје, Македонец, државјанин на СФРЈ.

2. Контролата да се врши на сите негови разговори.

3. Мерката од точка 1 да се применува додека постојат причините поради кое е определена.

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Прилогот Евид.бр. 78 од 9.01 1975 година одобрен од републичкиот потсекретар на СДБ, се констатира дека постои основ на сомневање за активна, систематска и организирана непријателска дејност на лицето Шишков [redacted] Ристо, насочена кон поткопување и уривање на поредокот утврден со Уставот. Со оглед на изнесените околности исполнети се условите предвидени во член 23 од Законот за внатрешни работи, за отстапување од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење поради што е решено да се примени мерката КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОНОТ.

Примерок од решението да се достави до организационата единица за оперативно-технички работи, заради извршување и примерок до организационата единица за аналитика и документација, заради евиденција и одлагање во предметот.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР
Мирко Буневски

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр.45/72) по предлог на републичкиот потсекретар на Службата за државна безбедност Евид.бр. 79 од 9.01 1975 година донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се определува превземање на мерката КОНТРОЛА НА ПРЕПИСКАТА И ДРУГИТЕ ПОТЕШНСКИ ПРАТКИ на ШИШКОВ [redacted] РИСТО, роден на 23.03.1940 година во село Мрена - Серез, живеe во Скопје на ул."5о Дивизија", по занимање артист, вработен при Македонски народен театар во Скопје, Македонец, државјанин на СФРЈ.

2. Контролата да се врши на сите негови пратки испратени од него и добиени на негова адреса.

3. Мерката од точка 1 да се применува додека постојат причините поради кое е определена.

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во предлогот Евид. бр. 79 од 9.01 1975 година одобрен од републичкиот потсекретар на СДБ, се констатира дека постои основ на сомневање за активна, систематска и организирана непријателска дејност на лицето Шишков Васил Ристо, насочена кон поткопување и уривање на поредокот утврден со Уставот. Со оглед на изнесените околности исполнети се условите предвидени во член 23 од Законот за внатрешни работи, за отстапување од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење поради што е решено да се примени мерката контрола на преписката и другите поштенски пратки.

Примерок од решението да се достави до организационата единица за оперативно-технички работи, заради извршување и примерок до организационата единица за аналитика и документација, заради евиденција и одлагање во предметот.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР
Мирко Буневски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-334/1
12.9 2012 год
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Мирко Буневски од Скопје, согласно член 2 став 1 точка 16 и член 18 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 10.09.2012 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека службеното лице - Републички секретар на Службата за државна безбедност, Мирко Буневски ЕМБГ 1010928450138, роден на 10.10.1928 година бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За Мирко Буневски, лице кое било носител на јавна функција-Републички секретар на Службата за државна безбедност, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Мирко Буневски во Државниот архив на Република Македонија постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствување со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните.

Од увидот во Државниот архив на Република Македонија се утврди дека постојат следниве документи: Решение бр.1037 од 14.12.1978 година за уградување на оперативно- техничките средства за тајно прислушкување од една страна, информација за некои понови сознанија за активноста и однесувањето на одредено лице бр. 339 од

25.07.1980 година од три страни; Извештај бр.37 од 25.01.1980 година од три страни; Извештај за вербални непријателски истапи и искажувања на националистичко шовинистичка основа бр.499 од 06.09.1979 година од три страни; Решение за одобрување мерка контрола на преписка и други пратки бр. 1167 од 05.04.1982 година од една страна; Решение за одобрување мерка контрола на телефони бр.1168 од 1982 година од една страна; Извештај за преземени мерки на службата во врска со појавата на пеење на албански песни со националистичко-иредентистичка содржина од страна на ученици од трговскиот училишен центар "Скопје" во Скопје бр.142 од 31.03.1982 година од 5 страни; Решение бр.78 од 09.01.1975 година од една страна и Решение бр.79 од 09.01.1975 година од една страна.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 2 став 1 точка 16 и член 18 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност утврди дека Мирко Буневски бил наредбодател во смисла на овој закон и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција или јавно овластување во периодот на примената на овој закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Ацков

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави на лицето Мирко Буневски.

лустриран

МИХАИЛ ЈАНУШЕВ

RSVR-SRM-SDB 19.03.1985 GOD. 1 STRANA

[redacted] [redacted] [redacted] LICNO DOSIE BR. N-01064

RODEN NA 10.11.1929 GOD. VO SR SRBIJA

ZIVEE VO SKOPJE-KARPOS [redacted]

NARODNOST BUGARSKA DRZAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: PRAVNIK

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. BIROKRATIZAM - ETATIZAM (IB)

2. RAZUZNAVACKA SLUZBA NA BUGARIJA

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. PRIVRZENIK NA RIB

2. AVTOR(UCESNIK)VO PISUVANJE NA PAROLI,LETOCI I KINENJE NA ZNAMINJA

3. SORABOTNIK NA STRANSKA RAZUZNAV. INSTITUCIJA-OPRAVD.SOMNITELEN

SUDSKO ADMINISTRATIVNI MERKI: SOSLUSUVAN

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

PO OSLOBODUVANJE, AKTIVNO NEPRIJATELSKI DELUVA MEDU MLADINA. KAKO PRI-
PADNIK NA GRUPA, PISUVAL I RASTURAL PAROLI NA PROBUGARSKA OSNOVA. POZNA-
NAT KAKO PRIVRZENIK NA RIB, RABOTEL ZA PRISOEDINUVANJE NA BOSILEGRADSKI-
OT TEREN KON BUGARIJA. SE PRETPOSTAVUVA DEKA SORABOTUVAL SO DS. ZA VRE-
ME NA CESTI POSETI NA NRB, KONTAKTIRAL SO LICA OD POSEBEN INTERES ZA
SDB. OD 1975 GOD. ZAVEDEN E VO POO 'AVTOR' PORADI POSTOJANI ISPADI OD
BIROKRATSKO-DOGMATSKI I ANTISAMOUPRAVNI POZICII.

DOSIETO E FORMIRANO OD UPRAVA ZA SDB SKOPJE

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИНСПЕКТОР: [redacted]
14.02.1977 година
С к о п ј е

1192

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

На 27.01.1977 година од 8 часот во ресторанот "Метропол" обавен е информативен разговор со оперативната врска [redacted] на наша иницијатива.

- Податоците се однесуваат на [redacted] род.9.8.-1931 година [redacted], Босилград, Бугарин, државјанин на СФРЈ, наставник по руски јазик во ООУ "Живко Брајковски" настанет во Скопје, [redacted] ПОО "АВТОР".

ПОДАТОЦИ КОИ ПРЕЗЕНТИРА ИЗВОРОТ:

[redacted] му е комшија, и со него доаѓа во почести контакти и може да ги следи неговите активности. Именно, годинава бил ангажиран на доградување на бараката. Од таа причина е во една материјална преоптеретеност. На прашање од изворот дали му праќа извесна помош, неговиот брат, [redacted] - [redacted] полковник во министерството за НО, [redacted] одговорил дека досега такво нешто нема добиено. Единствено комуницираат преку писма во кои го обавестува до каде дошол со изградбата. Некои други разговори на општествен и политички план не се воделе. Единствено на наставнички план истакнал дека престојувањата на два пати му овозможи да го усоврши јазикот.

Изворот истакна и тоа дека во текот на месец мај преку телефон се јавила некоја [redacted] го барала, причините за тоа не ги кажала, изворот и објаснил дека [redacted] моменталю е на настава во ООУ "Живко Брајковски" па ако сака да се сретне да отиде таму.

Во однос на "Автор" истакна дека на два пати во Босилград го срекавал со Јанушев Михаил, директор на Гимназијата"Гоце Делчев" - Скопје. За Јанушев истакна дека е добар како директор од причини што спроведува мерата дисциплина, а преку тоа наставничките колективи ги враќа на прав пат, со стварање на работна дисциплина, без оговарање и различни расправии. Со таквата негова дејност успеа колективот на гимназијата да го среди. Потекнува од фамилија иредуски расположена . Имено неговиот татко, доцол веднаш по октомври ската револуција и се настанил, прими во некое село а по - тоа во Тетово. Факултет завршил во Скопје - Југословенска книжевност, член е на СКМ и ценет од градските просветни фактори.

ОПЕРАТИВНА НАПОМЕНА:

Изворот е корнетен на ниво на соработник од ослободувањето до 1953 година од СДБ, Босилград. Од тему потекнува и осетите да наведи проблеми интересни за СДБ. Интелегентен,образован и комуникативен, допринесува да биде ценет во работните и домашната средина. Во текот на 1975 година беше секретар на друштвото на историчарите на СРМ и претседател на работничкиот совет во училиштето.

Податоците што ги презентира се потврдени преку други наши извори, пример "Радопи", "Полог" и сл.

Имено братот на [redacted], полковник во ЈА,Министерство за НО, настанет во Софија "Красно Село" бр.19. Обавештајно е интересен и према наши сознанија истиот работи во Воената обавештајна служба, према СФРЈ. Од таму и оправданото сомневање према [redacted]. Истиот на два наврати престојувале во СССР со мотив специјализација. Последните неколку години не бил активен на одтаму и интересот на лицето [redacted], Бугарека нама државјанка,предмет во работа на органите за безбедност на ЈНА, оправдано сомнителна за соработка со ЕРС (најмиот вет за сестра полковникот [redacted] е офицер на воената разузнавачка-служба во Софија). Разговорот е документиран преку мерката "Полог" во кој [redacted] инспектира да се сретнат конспиративно, а [redacted] истото го одбива тврдејќи дека не ја познава. Но сепак се договориле да [redacted] претпладне к се јави по телефон за да се договорат, термин и место за средба. Во тоа [redacted] му дава и извесни упатства каде да ја бара.

Точни се податоците во однос на контактите, помеѓу "Автор" и Јанушев Михаил род.12.11.1929 година во Тетово, Македонец државјанин на СФРЈ, директор на гимназијата "Ѓорѓи Димитров" - Скопје, настанет во Скопје ул:"Копанка" бр.7.Во евиденциите на СДБ минува. Поднел барање за запослување во МАНУ, како стручен соработник место што го штити СДБ.

Контактите со "Автор" датираат од поново време а се однесуваат со интензивност, чести домашни посети, патување на лов и риболов на Радика и Вожичка река кај Босилград. За истите оперативни податоци собира инспекторот [redacted] по завршувањето на истите зависно од исходот ќе планираме и наши натамошни оперативни зафати.

Примено на 14.02.1977 година
Отчукано на 30.03.1977 година
о.мм

2012

ТVс.

РСВР - СРМ
СДБ - I сектор - ИЕРС
С.Инспектор: [redacted]
6.5.1977 год.
С к о п ј е
отч. во 3 прим.

ИОО "АВТОР"

1343

266

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Обавен разговор со ЈАНУШЕВ МИХАИЛ
со цел на негово ангажирање.-

На 29.4.1977 година во просториите на МАНУ, беше обавен разговор со лицето Јанушев Михаил, советник во Академијата. Повод за овој разговор беше неговото познанство и контакти со "Автор" а до кој дојдовме во текот на самата обработка. Притоа ева што тој изнесе:

"Со "Автор" се познавам од пред неколку години. Се запознавме впрочем преку неговата брачна другарка [redacted] која работи во редакцијата на едно детско списание а јас пак бев коректор. Ова познанство со [redacted] се пренесе и на "Автор" кој е пасиониран риболовец и кој почна и мене се почесто да ме поканува. Иако не сум бил дотогаш риболовец ниту пак и сега чувствувам некој аѓи нитет, неѓутоа почнав и јас да одам. Најчесто сме оделе на реката Радика, кај Брезовица и два пати во босилеградско, родно место на "Автор" каде се уште има жива мајка.

Во однос на самиот "Автор" како што јас го ценам мислам дека нешто не е во ред со него. Често критизира се кај нас, негира многу работи овде, прави упоредби со животот и системот во другите ИЕЗ посебно во СССР и сл. Со една реченица, се однесува

анархистички и антисамоуправно без притоа да има некоја одредена цел, поточно мислам дека ни самиот не знае што бара и што сака. Ќе наведам само неколку примери: Во една прилика кога стануваше збор за Партијата, ("Автор" не е член на СК) ми се супростави велејќи ми дека "слепо сум одел по одреден пат без да сам размислам". Или кога ми се жалеше дека ќе биде сменет од работното место директор, изнесе дека тоа е затоа што бил Бугарин и дека овде на сите бугари се гледало со поинакви очи. Наравно јас му се спротивставив велејќи му дека е во заблуда и како пример го наведов фактот со личните карти каде не пишува националност.

За себе и неговата фамилија изнесуваше дека од секогаш биле за "правда". Дома има портрет на дедому под кого и пишува "правда". За татко му дека бил прогресивен и учесник во НОБ, а за него дека работел како иследник, дека бил на школо во Белград каде им држел предавања [redacted] и сл. Изнесуваше дека ако не биде сменет од сегашното работно место сам ќе се повлече како советник, бидејќи многу од внатре и од надвор му правеле непријатности а тој неможел тоа да го поднесе. Лично мислам дека "Автор" е комплексиран затоа што не завршил никакви студии и дека како резултат на тоа е и оваа негова одбојност, критизерство, анархичност и комплекс. Меѓутоа, кај мене не наидувал на одобрување, секогаш сум го сечел и супроставувал, па веројатно затоа и ме цени и настојува да биде почесто со мене. Наравно доколку нема други намери спрема мене.

"Автор" има и некое чудно друштво што оддалеку не му одговара, ниту по квалификациите ниту пак по интелигенција. Се со некои бравари, дреари и сл. Јас го познавам некој [redacted] а него го запознав кај него дома а еднаш и на риболов бевме.

За разлика од него, неговата сопруга [redacted] мислам дека е по реална. Често пати кога ќе почне нешто да критикува или озборува таа го сече или опоменува. Истата е член на СК и досега

од неа не сум слушнал нешто непријателско.

Како што споменав во Босилеград сме биле двапати кај мајкаму. Има доста познати меѓу кои и некој судија со кого имав можност и јас да се запознам, меѓутоа, не му го запамтив името. Евоцираа спомени од помладите години а судијата ми изнесе дека своевремено иако биле другари кога скривил некоја грешка бил на сослушување кај "Автор".

Друго немам што да изнесам од проста причина што не сум прифаќал дискусии со него и секогаш сум го сечел. Ако се запознавме пред една година и ми беше предочена од Ваша страна, сигурно поинаку ќе беше и ќе можевме да дадеме поодредена оценка.

II

Како што наведов, од обработката над "Автор" покрај другите во последно време ни се споменуваше како врска и Јанушев Михаил. По оперативните и други изучувања на истиот се одлучивме на разговор, со цел негово ангажирање за соработка, со посредство на претседателот на Академијата другарот [redacted] Јанушев се стави на услуга и вети дека за сите позначајни сознанија околу "Автор" ќе не информира, за што од наша страна ќе биде и соодветно инструиран и организирано насочуван.

Со еден примерок од белешкава потребно е да се запознае инспекторот во УСДБ - Скопје - [redacted]

Сан.Инспектор,
[redacted]

СЈ.

V

РСВР НА СРМ
СЈБ – I сектор – КЕРО
Сам.инспектор: [redacted]
Извор: М. Јанушев
7.6.1977 год.
С к о п ј е
отч. во 2 прим.

ПОО "АВТОР"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

На 3.6.1977 година оперативната врска Михаил Јанушев која се користи спрема ПОО "АВТОР" информира:

"Односите на "Автор" со неговата сопруга се многу лоши. Има 2 – 3 недели не зборуваат, само "службено". Ова го кажувам по ради тоа што сето тоа се случи кај нас кога "Автор" пред нас ја напреди а покасно призлезе дека јас сум бил виновен. Затоа и не се посетуваме дома туку само по телефон разговараме.

Пред неколку дена "Автор" ме сретна на улица при што ме замоли да му ја најдам за да ја прочитал најновата книга за сталинизмот мислам дека е од [redacted] Притоа ми рече дека тоа многу го интересира бидејќи книгата била многу ѕимна 40 илјади стари динари.

"Автор" неколку пати забележал контактира со [redacted] ("снимател"). Во една прилика кога му скренав внимание повеќе да контактира со [redacted] "Автор" ми одговори дека истиот бил "многу интересна личност со богато минато а тоа него посебно го интересирало".

Со [redacted] јас сум во родбински односи – братучеди, меѓутоа многу малку, скоро воопшто не контактираме. Најчесто тоа е за време на некои фамилијарни свечености или смртни случаи. Со не го избегавам да контактирам затоа што тој како човек е многу

контраверзен, прекосен, не трпи милост, сиви да кажеме чо век маченик се за некакви глупи принципи а живее од пензија та на неговата сопруги.

Со еден збор, тој е човек кој "дави жолч" а токму тоа изгледа му погодува на "Автор" па оттаму и таа блискост.

II

Изворот се користи како оперативна врска спрема ДОО "Автор. Гледајќи се добри пријатели и на исто интелектуално ниво по многу ќе може да допринесе за успешна обработка на "Автор" во која насока му се дадени и потребните инструкции.

Сам.инспектор,

[redacted]

СЈ.

[redacted] 8189

РСВР НА СРМ
СДБ - I сектор
Сам.инспектор: [redacted]и
Извор: М.Јанушев оп.врска
27.06.1977 година
С к о п ј е
Отчукано во 3 примероци

ЛОО "АВТОР"

318

1625

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

На 22.06.1977 година беше обавен разговор со оперативната врска М.Јанушев за ЛОО "Автор", Предмет на тој разговор беше опис на станот во кој живее "Автор", заради преземање на планираните мерки "таен претрес" и озвучување.

Од она што ми го изнесе изворот произлегува дека станот - барака на "Автор" се состои од дневна соба, две спални, кујна и доградена дел - голема приемна просторија. Материјали и документи чува на три места, и тоа во дневната соба во плахарот, и работната маса која се подига со поклопец која ја има сам изработено како и во приемната - доградена просторија исто така во плахарот што го има сам изработено. Телефонска инсталација постои а телефонот се наоѓа во ходникот. Станот има еден влез и друг од задната страна за влегување во подрумот кој се наоѓа испод доградениот дел. Во задниот дел на дворот "Автор" држи огромно куче кое реагира на секој непознат кој ќе влезе во дворот.

Во однос на времето кога оди на однор "Автор", изворот изнесе дека тоа ќе било од 18 јули бидејќи имале званично известување до Академијата, а практикувале да одат колективно. За местото каде ќе оди и со кого не му беше познато, што му е дадено во задача да провери и да ме информира.

2.-

Со примерок од службената белешка потребно е да биде запознат инспекторот од УСДБ - Скопје, кој ја води обработката на "Автор", заради успешно реализирање на планираните мерки и акции, а со распоредот на просториите е запознат усмено.

Сам.инспектор,

[redacted]

АБ.

254

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Инспектор [redacted]
6.2.1976 година
С К О П Ј Е

П Л А Н

За оперативно водење на ПОО"АВТОР"

За успешно водење на предметот се предлагува превземање на следните оперативно-технички М Е Р К И

Ценејќи за неговото непријателско дејствување во изминатата програмска година, како и позицијата што ја зазема по основ на работното место кое му овозможува контакти со творечки ангажирани луѓе и други граѓани и трендот на односите меѓу двете земји, заслужува интензивирање на обработката заради откривање, следење, документирање и спречување на непријателската.

За реализација на наведената ориентација, оперативните набљудувања и мерки ќе бидат насочени во правец на:

1. Соработнички позиции

- соработникот "[redacted]" во кого "АВТОР" има доверба ќе продолжи со контактите при што ќе бидат дадени неопходни ориентации и инструкции.
- Оперативната врска [redacted] ќе се користи и понатаму за покривање на работно место и следи неговата антисамоуправна и друга непријателска дејност.

- Оперативната врска [redacted] и понатаму ќе се користи опсервација на станот заради регистрирање на лица кои го посетуваат истиот во попладневните часови.

- Оперативната врска Јанушев Лишо ? ? ? навремено од разводот на односите со "АЛТОР" ќе се користи на планот, согледување на неговите ориентации и планови, преку повремени домашни посети.

- Ќе се продолжи со следење на лицата што го посетуваат на работното место и дома и расветлување на тие контакти заради избор на лица за создавање на оперативни позиции.

- Преку УСДБ - Тетово и Гостивар ќе работиме на создавање услови за следење на неговата активност за времените престои на нивни терен често мотивирано со риболов.

- Лицето [redacted] веќе работиме на создавање услови за ангажирање в соработка.

- Лицето [redacted] по проучувањето ќе работиме на создавање услови за ангажирање в соработка.

- Преку УСДБ-Тевгелија и понатаму ќе биде контактиран за времето на неговиот престој, кај своите роднини, пријатели.

- Ќе се изврши оперативна проценка за подобноста на лицата [redacted] и други лица со кои "АЛТОР" остварува контакти.

- Ќе работиме на установување карактерот на врските со [redacted] заради тој ќе биде запознаат УСДБ-Куманово со активноста на "АЛТОР".

- Заради отпор главно покривање на теренот во Босилегред ќе направиме напори да се продолжи овој медиа и во текот на оваа година.

Оперативно- технички средства и мерки

Ке се продолжи со примената на ОТС, "Радика","Полог", и "Рила" а ке се работи на создавање услови за вградување на ОТС во неговиот стан.

- Добиените информации ке бидат предмет на чек интерес и ке се остварува функционално единство со секојдневната оперативна работа.

- Во погоден момент ке се изврши конспиративен претрес на работната просторија.

- Во контекст на споменатите мерки ке се организира и следење.

Создавање оперативна документација

- Интересните негови искажувања ке бидат документирани, посебно оние за кои добиваме и сознанија преку горе споменатите мерки.

- Искажувања добиени преку "Рила" ке се снимуваат лентите зависно од потребата за нивно докажување ке се преземат адекватни оперативни и други мерки.

- Други оперативни зафати.

Во текот на тековната година добиени се сознанија интересни за СЈБ, заради тоа ке постои потреба од оперативно истражување.

Ке се работи на создавање услови за вработување лица со стекнати оперативни позиции.

Раководител,

[redacted]

Ј..

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-6811
9.10. 2014 год.
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Михаил Јанушев од Скопје, согласно член 3,4,10,14,18,29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012), и член 3, 205,209,210 и 212 од Законот за општа управна постапка (Службен весник бр.38/05),на седницата одржана на ден **09.10.2014** година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Михаил Јанушев, со ЕМБГ 1211929450064, роден на 12.11.1929 година во Скопје, кој бил носител на јавна функција - директор на гимназијата "Ѓорѓи Димитров".

О б р а з л о ж е н и е

За Михаил Јанушев, лице кое било носител на јавна функција - директор на гимназијата "Ѓорѓи Димитров", Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Михаил Јанушев во Државниот Архив на Република Македонија во досие бр.N-01064 изработено од Републички секретаријат за внатрешни работи, Служба за државна безбедност при МВР,постојат документи со кои се докажува соработката со органите на државната безбедност.

Од увидот во досието се утврди дека истото се состои од повеќе документи и тоа: Насловна страна од лично досие со бр. N-01064 оде една 1 (една) страница; Службена белешка од 14.02.1977 година од 3 (три) страни; Службена белешка од 06.05.1977 година од 3 (три) страни; Службена белешка од 07.06.1977 година од 2 (две) страни; Службена белешка од 27.06.1977 година од 2 (две) страни и План за оперативно водење на ПОО "Автор" од 06.02.1978 година составена од 3 (три) страни.

Комисијата утврди дека во Државен Архив на РМ постои лично досие бр.N-01064 водено за лице Владо Хараламписе каде што постојат документи од кои јасно може да се утврди соработката на Михајло Јанушевски, со ЕМБГ 1211929450064, роден на 12.11.1929 година во Скопје, со службите на државната безбедност.

Од службена белешка од 14.02.1977 година изготвен од Републички секретаријат за внатрешни работи служба за државна безбедност управа на град Скопје, меѓу другото може да се види како оперативната врска дава информации за Михаил Јанушев за тоа каков директор бил тој и дека бил член на СКМ. Исто така се даваат информации дека Михаил Јанушев минувал низ евиденциите на СДБ дека поднел барање да се вработува во МАНУ како стручен соработник, место под заштита на СДБ и за неговите блиски контакти со ПОО "Автор" и можноста за негово ангажирање како соработник на СДБ

Во службена белешка од 06.05.1977 водена од Републички секретаријат за внатрешни работи на СРМ-СДБ-1 сектор ИЕРС може да се види како се прават разговори за ангажирање на Михаил Јанушев како лице кое е близок со "Автор" за следење на истиот.Од документот јасно се гледа дека Михаил Јанушев свесно станува соработник и ветува дека СДБ редовно ќе ја информира за активностите на "Автор".Од документот јасно јасно може да се види дека Јанушев е дава информации како Автор се однесувал анархистички и антисамоуправно значи дава информации од идеолошко политички причини. Во службена белешка од 07.06.1977 година може да се види дека Михаил Јанушев се споменува како извор на СДБ и дава информации за "Автор" од идеолошко политички причини, односно Јанушев информира за ПОО "Автор" за неговиот личен живот како и за неговите контакти со други лица и за неговите согледувања за државниот поредок. Во документот службена белешка од 27.06.1977 година Михаил Јанушев веќе се јавува како оперативна врска и како таков дава детални описни информации за станот на ПОО "Автор", за превземање на мерки таен претерес и озвучување и од документот План за оперативно водење

на ППО "Автор" се гледа како Републички секретаријат за внатрешни работи СДБ Скопје прави оперативен план за следење на ППО "Автор" и мегу имињата кои ќе бидат ангажирани за следење и информирање е и името на Михајло Јанушев.

Од сите горенаведени документи јасно може да се утврди дека Михаил Јанушев бил ангажиран од СДБ како соработник инрформатор и оперативна врска во врска со предметот ПОО "Автор" за кои Комисијата смета дека се релевантни, со што се согласно член 4, 18,29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност Михајло Јанушев го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Хиџов

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Михајло Јанушев.

лустриран

МИХАЈЛО КОСТУРАНОВ

[redacted] НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ПВК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: Оперативен материјал
ИЗГОТВИЛ: [redacted]

Ев.број: 239
24.02.1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

На 22.02.с.г. со почеток во 19,00 часот на плоштадот "Македонија" во Скопје беше одржан најавениот музички хебенинг (журка) и овој пат организиран од страна на студентската организација на Педагошкиот факултет и дел од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. На оваа прослава кој помина без инциденти присуствувале околу 3.000 учесници.

УДВК-Скопје во доменот на својот интерес дојде до одредени безбедносно интересни сознанија. Имено, непосредно по завршувањето на хепенингот пе: од организаторите на протестот имаку членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (Горнчо Јовановски, генерален секретар, Димитар Димовски, потпретседател и Филип Петровски) воспоставиле средба со Иван Соколов на која истиот им дал инструкции за начинот на понатамошното организирање и водење на протестите.

Горенаведените младинци воедно воспоставиле и средби со други свои сопартијци меѓу кои и со Александар Флороски. На оваа средба им била дадена морална подршка за нивно истрајување "остварувањето на целите на протестот" со убедување дека"поголемиот дел" од структурите во државата биле на нивна страна, освен некои служби во МВР на Р.Македонија. Во однос на материјалните средства потребни за непречено одвивање на протестите Флороски напоменал дека"покрај парите" биле обезбедени и станови со телефони во случај на некој од организаторите на протестите да му претстои опасност да биде повикан на разговор од страна на полицијата" Главна задача на организаторите според, насоките на Флороски била на излезот на улиците што повеќе средношколци и студенти, а другото било "нивна работа".

Воедно добиено е и сознание дека"новинарот на американскиот прес центар (информирано со информација бр.234) на средбата која што ја остварил з

време на хепенингот со Филип Петровски и Димитар Димовски го изразил своето задоволство од начинот на кој била организирана журката.

По завршување на овој "музички хепенинг" Иван Соколов и Горанчо Јовановски го напуштиле Скопје (според наши проценки се упатиле во други делови на Републиката со цел агитирање и добивање пошироки димензии на протестите и приклучување на нови незадоволни категории на лица кон истите).

Што се однесува до другите организатори, студентите на Педагошкиот факултет УДБК-Скопје, располага со сознанија дека во неделата на 23.02. о.г. бил одржан состанок на Педагошкиот факултет на кој бил заземен став протестите да продолжат и оваа недела, а според непотврдени сознанија и оваа сабота ќе имало "похана за журка" на плоштадот "Македонија".

Според податоците со кои располагаме поголем дел од професорскиот кадар од Педагошкиот факултет ја дале својата подршка на Студенската организација на овој факултет за натамошно продолжување на протестите.

УДБК-Скопје и натаму во доменот на своето работење ќе го следи начинот на одвивање на протестите за што благовремено ќе информира.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа ✓+
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓+
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-693
15.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со генералниот митинг што денеска во 18,00 часот ќе се одржи на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија", од аспект на негово можно ескалирање и предизвикување последици по безбедноста и стабилноста на Република Македонија, УДБК-Скопје дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, на денешниот одржан состанок на организаторите на протестниот митинг (инаку митинг во организација на најголемата вонпарламентарна опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ) на кој меѓу другите присуствуваа Зоран Петревски викан "Снајпер", Димитар Димовски, Борис Трајковски и други, Александар Диневски потенцираа да истиот помине во мир и без предизвикување на било какви ексцесни ситуации. Според срочената сценарио, протестот ќе започне во 18,00 часот кадe на насобраната маса со говор (во траење од 5 до 7 мин.) ќе им се обрати Зоран Петревски, за да на крај ги "покани" да претходно изготвениот меморандум (на кој се нотирани барањата поради кои ќе се организира овој митинг) се достават до официјалните власти на Р.Македонија (Влада на Р.Македонија, Собрание на Р.Македонија и Резиденцијата на Претседателот Киро Глигоров). По обиколката и доставувањето на меморандумот, насобраната маса повторно ќе се врати на плоштадот "Македонија", каде на бината со свои говори ќе настапат повеќе лица. На крај на насобраната маса ќе им се обрати со говор (во траење од околу половина час) и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Георгиевски, со што околу 21 часот и ќе заврши протестот.

Според организаторите протестот ќе продолжи и утре 16.05.1997 година, во исто време (со оглед на тоа што очекуваат да не бидат прифатени нивните барања) но, со помал интензитет од денешниве. Имено, на утрешниот ден незадоволството ќе го изразат лицата од Скопје и неговите околни градови.

Воедно, УДБК-Скопје располага со непотврдени сознанија дека вакви слични протести но во организација на УНСМ наредните денови ќе се организираат и во повеќе градови во внатрешноста на Републиката, како "увертира" во организирање на масовно присуство на новиот "генерален митинг" што наводно повторно ќе се организира во Скопје, за 10.06. оваа година. Имено, овој ден е крајниот "рок" кој организаторите наводно ќе го достават до официјалните власти на Р.Македонија за исполнување на нивните барања.

Во врска со текот и начинот на одвивањето на најавениот протест, како и последиците кои ќе произлезат од истиот посебен интерес појавија и вработените од Амбасадата на Р.Бугарија во Скопје и Мисијата на УНПРЕДЕП. Имено, В.лчов Димитар, службеник во Бугарската Амбасада во Скопје побарал од останатите службеници како и од други лица да го следат текот на протестот за што благовремено да информираат. Воедно, на предлог на Бугарската Амбасада денеска треба да допатува и бугарска ТВ екипа која од "лице место ќе известува за настанот". На вработените од Мисијата на УНПРЕДЕП во Скопје, деновиве им било издадено соопштение (по претходно одржаната средба помеѓу претставникот на оваа Мисија Керим Н. со претставници на МВР) со сугестија да ги избегнуваат местата во периодот на одвивањето на протестот "поради опасност од нарушување на ЈРМ". Воедно, при оваа Мисија се "формирани" и три екипи со задолженија за следење и информирање за одвивањето на сакиот митинг.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на

состојбите, и попречување на екстремните активности со можност за нарушување на ЈРМ во поголем обем, а кои би можеле да настанат за време на одвивањето на протестите.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа ✓+
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓+
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-694
16.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со вчерашниот одржан митинг на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија" како и најавите на организаторите на истиот дека вакви протести ќе продолжат "сé до моментот додека нивните барања не се реализираат" (информирано) УДБК-Скопје во доменот на своите надлежности во смисол на безбедноста и стабилноста на Републиката а со можност на предизвикување на ексцесни состојби, дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, непосредно пред започнувањето на самиот протест меѓу организаторите на истиот настанала меѓусебна караница и разидување во реализирањето на претходно сроченото сценарио за реализирање на протестот. Причина за вака настанатата состојба била разочараноста од малиот одзив* на граѓаните кои дојдоа да го "изразат своето незадоволство" на плоштадот "Македонија", и проценката дека нема реални можности во наредните денови да се продолжи со организирање на вакви слични масовни собирања. Така, по согледувањето на вакватa состојба, дел од организаторите на протестот Љупчо Георгиевски, Иван Соколов и Борис Змејковски предложиле отстапување од сценариото за движење на масата по маршрутата Собрание на Р.Македонија, Резиденција на Претседателот Киро Глигоров со доставување на

---

* - Пред одржувањето на протестот организаторите на митингот очекуваа на истиот да присуствуваат 50.000 лица, додека според нивна интерна оценка станува збор за бројка од 10-12 илјади лица, а на јавноста ја презентираа цифрата од 25.000 присутни.

меморандум, а целокупната активност да се одвива на самиот плоштад (опција која во дел е и реализирана на вчерашниот собир). На овој предлог со свои ставови се спротивставиле Зоран Петревски викан "Снајпер" и Владимир Змејковски викан "Лаци". Првиот, кој според сценариото ја имал улогата на "уводничар кој требал да ја повика масата на протестка" ја застапувал таа опција, додека вториот, инсистирал на безусловно доставување на меморандумот, а во зависност од дадените услови "и со насилно влегување во објектот на Собранието на Р.Македонија". Недоразбирањето и конфликтот меѓу организаторите на протестот кулминирало со настанатата тепачка за време на говорот кој го држел Љупчо Георгиевски. Имено, позади бината во дискусијата *околу организирањето на протестот* водена помеѓу Владимир Змејковски викан "Лаци" и Н.Н. лице од внатрешноста на Републиката преминала во меѓусебна тепачка.

За време на одвивањето на протестот на плоштадот "Македонија", дел од присутните, разочарувањето од пропустите во организирањето на самиот протест, релативно малиот одзив на лица кои присуствуваа на истиот, како и од промената на сценариото, го искажаа со извикување на негодување упатени до организаторите. Така, дел од нив самоиницијативно, во помали групи се упатија кој Собранието на Р.Македонија, каде околу 22,15 часот пристигна неколкучлена "делегација" на организаторите предводена од проф.Бојков, кој му го врачи меморандумот во архивата на Собранието на Р.Македонија.

Разидувањето меѓу организаторите на протестот уште повеќе се продлабочи пред самиот крај на истиот и тоа околу завземањето на "став во врска со прашањето за континуирано одвивање на вакви протести" за наредните денови. Од тие причини, организаторите на протестот во раните утрински часови одржаа затворен состанок во својот "Штаб", кој состанок својот епилог ќе го има денес во 11 часот, за кога е и закажано продолжението на состанокот. Додека дел од организаторите се залагаат за континуирано одвивање на протести, ставот на Љупчо Георгиевски, во врска со оваа прашање е "да се прекине со секакви

+

3.-

понатамошни собирања, а за резултатите од организираниот протест се пласираат преку конференција за печат". Овој негов став е образложен од проценката дека на секој понатамошен собир ќе доаѓа до сѐ поголемо осипување на масата, што всушност ќе биде и "доказ повеќе на фијаското од вчерашниот митинг, како и од неговата лична разочараност од несогласувањата, конфликтите и разидувањата кои владеат меѓу неговите најблиски соработници.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на идните можни состојби, и попречување на евентуалните екстремни активности што можат да доведат до нарушување на ЈРМ во поголем обем.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чохревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сињан Аврамовски, началник на I Управа ✓
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓ +
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ [redacted]
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евил.број: 14-1053
10.09. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Расколот кој неодамна настана во најголемата вонпарламентарна опозициона партија во Р.Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на партијата, како и поводот и причините кои доведоа до ваква состојба (информирано) со несмален интензитет е предмет на интерес како на странските разузнавачки служби, така и на лица под третман на ДБК, а на директен или индиректен начин се вклучени во општествено-политичкиот живот во Републиката.

Имено, "идејата" на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, да го подигне рејтингот на партијата и да ги среди состојбите и превирањата во истата, само со чинот на поднесување на оставка на потпретседателот, [redacted], генералниот секретар, Борис Змејковски и целокупниот Извршен комитет, а на индиректен начин и да се "ослободи" од т.н. "бизнис-блок" (Борис Змејковски, Чедо Радомировиќ и Александар Диневски), за кои се манипулира дека под "параван на партијата" се вмешани во разни финансиски малверзации" не го вродија саканиот плод.

Така меѓусебните несогласувања, а во поново време и обвинувања помеѓу двете фракции во партијата, една на чело со сега екс-потпретседателот [redacted] за која "спротивната страна" вели дека е поборник на "врховистичката пробугарска струја" и втората на екс-генералниот секретар Борис Змејковски, за кого приврзаниците на [redacted] велат дека ја застапува "просрпската струја", поткрепувајќи ја оваа теза со фактот дека "позади себе го има Чедо Радомировиќ, акционер на стаклата "Зајачар" од Р.Србија", придонесе за сé поголема дезориентација помеѓу

членството и активистите на партијата со "лична дилема", кон која фракција да се приклонат.

Ваквата дезориентација придонесе и да отпочнат со меѓусебни физички пресметки, помеѓу засега челниците на оваа партија. Така на 03.09.о.г. во Штабот на партијата, по една "партиска расправија" помеѓу Борис Змејковски и Никола Трајанов, викан "Хилер", правен заставник на ВМРО-ДПМНЕ, дошло до меѓусебна физичка пресметка, што резултирала со закана од страна на "Хилер" дека ќе го употреби пиштолот, марка Магнум, кој го имал фперено во Змејковски. Во "одбрана" на лицата во конфликтот, притекнале, Владимир Змејковски, викан "Лаци" (брат на Борис Змејковски), од едната страна и Стефановски Влатко, викан "Рамче", (телограничител на Љубчо Георгиевски) од другата страна.

Во врска со превирањата кои настанаа во ВМРО-ДПМНЕ, Тодор Петров, претседател на Семакедонскиот светски конгрес, се произнел дека, "во оваа партија дошло до меѓусебна пресметка, помеѓу двете струи кои лебдеа во истата и тоа, пробугарската на чело со Љубчо Георгиевски и [redacted] и просрпската на чело со Борис Змејковски и Чедо Радимировиќ". Во тој контекст го дал и своето толкување дека, досега "партијата работела по инструкции кои ги издавала Р.Бугарија лично на [redacted], а истите биле спроведувани во дело од страна на лидерот Љубчо Георгиевски". Во понатамошното образложение Петров напоменал дека, "без разлика на расплетот на настаните во самата партија, непосредно пред одржувањето на новите парламентарни избори, во Р.Македонија, ќе дојде до коалиција помеѓу СДСМ и фракцијата на ВМРО-ДПМНЕ, предводена од Борис Змејковски". Оваа своја констатација, Петров ја поткрепува со фактот дека и досега постоеле контакти помеѓу овие две партии (Борис Змејковски) и дека "ова е договорена акција помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ".

Што се однесува до угледот на екс-потпретседателот [redacted] во самата партија меѓу дел од активистите владее мнение дека "истата во новонастанатата ситуација е искористена од страна на лидерот Љубчо Георгиевски како "пробен балон" за да ги разобличи своите противници". Меѓу дел од активистите на оваа партија

+

2.-

кои ќе се приклонети на [redacted], а индиректно и на Љубчо Георгиевски, сметаат дека "расколот во партијата е смислена акција на МВР на Р.Македонија со цел, да го уништи рејтингот, кој оваа партија го има меѓу народот" и тоа во периодот кога се наближува времето на одржувањето на парламентарните избори. Воедно, меѓу овие приврзаници е раширена и вест дека на денот на поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на партијата, лидерот на истата Љубчо Георгиевски, наводно, покажал документ во кој се "кријат доказите со кои располагаат, дека Борис Змејковски, Александар Диневски и Иван Соколов" се работници на одредени припадници на МВР на Р.Македонија.

Расцепот, кој настана во политичкиот врв на оваа партија, се рефлексира и во останатите партиски органи, па така деновиве дојде и до разрешување на Зоран Петревски од функцијата претседател на "Унијата на млади сили", кој беше приклонет кон Борис Змејковски.


УДБК-Скопје располага со сознанија дека Штабот на ВМРО-ДПМНЕ, на 03.о.м. бил посетен од страна на Амбасадорот на Р.Франција во нашата земја, господин Жак Унцингер, при што остварил средба со претседателот на партијата Љубчо Георгиевски.

УДБК-Скопје и понатаака континуирано ќе ја следи и попречува разузнавачката активност на странските разузнавачки служби, а воедно ќе ги следи и попречува евентуалните екстремни активности на лица под третман на ДБК експонирани од почетокот на македонски екстремизам и врховизам, а кои се инволвирани во споменатата партија.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин, Томислав Чокревски, Министер за внатрешни работи,
- Г-дин, Добри Беличковски, Директор на ДБК,
- Г-дин, Сињан Аврамовски, Началник на I Управа, ✓
- Г-дин, Живко Георгиевски, Началник на II Управа,
- Г-дин, Михајло Костуранов, Началник на IV Управа, ✓
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-1257
11.11. 1997 година
С к о п ј е



И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

На 16.10.1997 година во црковниот храм "Свети Ѓорѓи", во нас.Чаир, во Скопје, беше одржана панихида во чест на марсејскиот атентатор Владо Черноземски. Панихидата, односно чествувањето го извршил парохискиот свештеник Владимир Кралев, а истата била снимана и пренесувана од страна на приватната телевизија "КРТ". На самиот чин на чествување присуствувале околу 80 лица, меѓу кои и лицето Александар Рунтев, безбедносно-индикативен и експониран од позиции на македонски екстремизам, кој панихидата приватно ја снимал.

Што се однесува до организаторите и нарачателите на оваа панихида, УДБК-Скопје по претходно извршени оперативни проверки дојде до сознанија дека повеќето од нив се безбедносно-индикативни и експонирани од позиции на македонски екстремизам, а некои од нив и по линија на спротивставување на БНРС. Како најекспонирани лица кои ги презеле активностите околу организирање на панихидата се следните:

- Перев Владимир, роден [redacted] година, во Прилеп, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со постојано место на живеење во Скопје, на ул."Народен фронт" бр.[redacted]. Истиот минува во евиденциите на ДБК, со дејствување на БНРС, преку Бугарската амбасада и други врховистички елементи во Р.Македонија, но и со учество во терористички групи или организации на македонски екстремисти.

- Тодорчевски Љупчо, роден [redacted] година, во Прилеп, Македонец, државјанин на Р.Македонија, вработен во "Фершпед", со постојано место на живеење во Скопје, на ул."Шекспирова"

бр.[redacted]. Истиот поседува лично досие во врска со македонски екстремизам, дејствување од ванчовистички позиции и разузнавачка служба на Р.Бугарија.

- Чушков Крум, заведен во оперативна обработка под псевдонимот "Градинар", роден [redacted] година во Велес, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со постојано место на живеење во Велес, на ул."Скопски пат" бр.[redacted]

- Спасовски Зоран, роден [redacted] година, во Скопје, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со постојано место на живеење во Скопје, на ул."Воденска" бр.[redacted]

Иако поглаварот на Македонската православна црква, Господин Господин Михаил, им дал свој благослов за одржување на панихидата, во највисокиот свештенички врв на МПЦ, мислењата за одржување на вакви или слични панихиди се поделени: додека едни не се истите да се одржуваат доколку не се нарачани од членови на потесното семејство, другите јавно и позитивно го изразуваат својот став.

Според канонските правила на МПЦ, панихида спрема секој починат е дозволена, доколку истата не добие политичка димензија со што евентуално негативно би влијаела врз угледот и авторитетот на МПЦ. Во овој случај како и во претходниот (со панихидата на Тодор Александров, одржана неодамна во Штип), МПЦ се искористува за маркетинг на одредена политичка партија, со што директно влијае не само за заострување и поделеност во самиот врв и предизвикува конфузност кај сите православни верници во Р.Македонија и пошироко во дијаспората, туку и истата влијае врз целокупниот углед и авторитет на МПЦ.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин, Добри Величковски, Директор на ДБК
- Г-дин, Живко Георгиевски, Началник на II Управа
- Г-дин, Михајло Костуранов, Началник на IV Управа
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-1276
13.11. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Веќе подолг временски период УДБК-Скопје преку повеќе свои извори на времена работа во Западноевропските земји, добива одредени сознанија од интерес и значење за ДБК, а кои се однесуваат на екстремната емиигрантска организација "Македонски лавови".

Сознанијата кои континуирано беа добивани укажуваат дека се работи за паравоена организација, чија цел била "да ги брани интересите на македонскиот народ и да интервенира со своја војска, во случај да дојде до загрозување на територијата на Р.Македонија, од север или евентуални меѓуетнички судири".

Со цел превентивно делува и пресечување на ваквата активност, на лицата експонирани од позиции на македонски екстремизам, УДБК-Скопје обави повеќе разговори со лица познати на ДБК:

- Даваиловски Горан (ПО"Волга"), роден [redacted] година, во Скопје, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со постојано место на живеење на ул."Волгоградска" бр.[redacted].

- Петревски (Тодоровски) Киро, од Скопје, со стан на ул."Павле Илиќ" бр.[redacted]

Ставревски [redacted] Трајче, роден [redacted] година, во Скопје, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со постојано место на живеење во Скопје, на ул."4 Јули" бр.[redacted]

Во контекст на обавените разговори со овие лица, како најекспониран од позиции на македонски екстремизам беше посочено

лицето, Ристо Поповски, наречен Кец*, кој според нив бил иницијатор за формирање на оваа екстемистичка организација. Во неа членувале млади лица, Македонци, чија активност се состоела во учество во повеќе демонстрации и протести во Дизелдорф, Берн и Денхаг, а кои се однесувале на промената на името и знамето на Р.Македонија. Исто така нивни претставници биле присутни и на семакедонскиот конгрес на Тодор Петров, одржан во Р.Македонија, каде истите биле облечени во црни кошули и баретки.

Во врска со делувањето на оваа екстремна емигрантска организација, беа добиени сознанија, кои укажуваат дека членовите на организацијата "Македонски лавови" изведувале воени подготовки на терени во близина на Карлс Руе, СР Германија. Нивна цел била во случај на војна во Р.Македонија "со своја војска да интервенираат, за да го одбранат суверенитетот и територијалниот интегритет на Р.Македонија".

Од интерес и значење на ДБК, претставуваат сознанијата, кои се однесуваат на честите посети и гостувања на некои од раководителите на најголемата опозициона политичка партија мегу кои има лица експонирани од позиции на македонски екстремизам, во СР Германија кај лицето Ристо Поповски-Кец. Истиот во Берлин остварувал чести средби со лицата Мане и Гојко Јаковлевски од с.Зубовце, Гостивар (познати на ДБК), кои биле сопственици на кафаната "Ново Скопје", во Берлин.

*- Ристо Поповски-Кец е роден на [redacted] година, во Лерин, Р.Грција, од каде во раната младост се преселил во Скопје, Р.Македонија. Истиот повеќе од 20 години живее и работи во СР Германија. Сопственик е на италијански ресторант, во Дуизбург, каде поседувал и мала куќа за привремен престој, додека постојаното место на живеење му е во Дизелдорф. Во брак е со Хрватка, со која има еден син, кај кого била изразена исклучиво рационална определеност спрема Р.Хрватска. Со сопругата и синот, Ристо комуницирал исклучиво на италијански јазик. Самиот себеси се сметал за "голем Македонец", кој издвојувал "големи парични средства за финансиска поддршка на организацијата "Македонски лавови". Инаку според негова теорија, проучувајќи ја историјата на македонскиот народ, дошол до заклучок дека територијата на Р.Македонија се протега од Егејот до Русија.

Според најновите сознанија, членовите на најтесното раководство на МААК-Конзервативна, Страшо Ангелески и Заре Апостоловски деновиве престојувале во СР Германија, кај Ристо Поповски-Кец, при што членовите од организацијата "Македонски лавови" пристапиле кон членството на МААК-Конзервативна.

Од преземените мерки и активности од страна на ДБК, спрема поедини членови на оваа организација, како и нејзината моментално незавидна материјално-финансиска состојба во последно време нивните активности се замрени, а членството се осипува.

Во тој контекст УДБК-Скопје и натаму ќе продолжи со своите активности насочени кон превентивно делување и евентуално пресечување на планираните екстремни активности, како и следење и продлабочување на новодобиените сознанија кои се однесуваат на припојување на дел од членството на организацијата "Македонски лавови", кон МААК-Конзервативна.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Г-дин, Добри Величковски, Директор на ДБК
- Г-дин, Живко Георгиевски, Началник на II Управа
- Г-дин, Михајло Костуранов, Началник на IV Управа ✓
- [redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07 – 1315/1
03.10.2013год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Михајло Костуранов од Скопје, согласно член 3 точка 16, , член 4, член 10, член 18 став 6 и 7, член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 03.10.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Михајло Костуранов, кое било носител на јавна функција - началник на IV Управа на ДБК-Скопје, со ЕМБГ 2912955450015, роден на 29.12.1955 година, бил наредбодател и корисник на информации, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За, лицето Михајло Костуранов, кое било носител на јавна функција - началник на IV Управа на ДБК, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот.

Во постапката за утврдуање на соработка со органите на државната безбедност, Комисијата утврди дека за лицето Михајло Костуранов, во Државниот архив на Република Македонија и во досието доставено од страна на Собранието на Република Македонија по барање на трето лице,како член на одредена политичка партија, во досието или предметот под кодното име "Темел", постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствувања со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните во смисла на горенаведениот Закон.

Од увидот во документите кои постојат во Државниот архив на РМ, како и во досието доставено од страна на Собранието на РМ ,се утврди дека за лицето Михајло Костуранов, како наредбодател и корисник на информации, во смисла на член 18 став 6 и 7 од горенаведениот Закон, постојат следниве документи, и тоа: Информација Ев.бр.239 од 24.02.1997 година, составена од 2 (две) страници; Информација Ев.бр.14-693 од 15.05.1997 година, составена од 3 (три) страници; Информација Ев.бр.14-694 од 16.05.1997 година, составена од 3 (три) страници; Информација Ев.бр.14-1053 од 10.09.1997 година, составена од 3 (три) страници;

Информација Ев.бр.14-1257 од 11.11.1997 година, составена од 2 (две) страници;и
Информација Ев.бр.14-1276 од 13.11.1997 година, составена од 3 (три) страници:

Сите горенаведени документи со кои се кршени или ограничувани основните слободи и права на лица за кои се водело досие од идеолошко-политички причини, доставени се и до лицето Михајло Костуранов, како началник на IV Управа на ДБК. Документите се состојат од информации и извештаи за прислушкување, тајно следење, набљудување, документирање на дејствија преземени од страна на повеќе лице, членови на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Повеќето информации се однесуваат на организацијата на "музички хепенинг", од страна на студентската организација на Педагошкиот факултет и Унијата на млади сили на партијата ВМРО-ДПМНЕ, потоа организацијата на генерален митинг на плоштадот "Македонија" и други протести. Информациите се добивале преку оперативната мрежа која преземала континуирани мерки и активности за следење на развојот на состојбите и попречување на екстремните активности на лица експонирани од позиции на македонски екстремизам и врховизам, инволвирани во споменатата партија, со цел спречување на ситуации кои можат да настанат за време на одвивањето на протестите и при тоа да ја загрозат безбедноста државата. Информации преку повеќе извори на УДБК-Скопје кои биле на времена работа во Западноевропските земји, се добивале и за екстремната емигрантска организација "Македонски лавови".

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, затоа, согласно член 4, 14, 18 став 6 и 7, член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и согласно член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека лицето Михајло Костуранов, бил наредбодател корисник на информациите на органите на државната безбедност, и согласно наведеното го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Ацков

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Михајло Костуранов, да ја извести Комисијата.

ДИА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Михајло Костуранов.

2 - 2

лустриран

НАУМ НАЧЕВСКИ

ПРАШАЛНИК ЗА ЛИЧНО ДОСИЕ

Број на лично досие	25219
Основен орган	ИСЛБ-Битола
Датум на пополнувањето на прашалникот	07.01.1982 година

1025219 04

	11 презиме	25 татково име	35 име		
1	[redacted]	[redacted]	[redacted]		
2	Датум на раѓање	19.02.195ог.		50	47
3	Место на раѓањето и општина	с.Драчево – Скопско		13015	52
4	Народност	Македонец		04	54
5	Државјанство	СФРЈ		01	56
6	Сегашно место на живеење-живеалиште	Торонто – Канада		00053	61
7	Занимање	Работник		305	64
8	Однос со органи за ВР	Немал		0	66
9	КАТЕГОРИЈА: Прва	Член на емигрантска организација "МЛО" во Канада.		21	67
	Втора	Југословенски државјанин постојано настанет во Канада.		15	69
	Трета	/		00	71
10	Судски и административни мерки по ДВ и кога се превземени	/		0	72
11	Колку пати е осудуван	/		0	73
12	Висина на казната-осудата	/		00	75
13	Кога е формирано досието	04.04.1977 година		77	77

14 Кратка содржина на досието:

Со наша патна исправа заминат е во Канада.
Во 1975 година [redacted] станува член на организацијата "Обединети Македонци", а 1976 година секретар на истата. Во 1977 година станал член на Македонската православна црква "Св.Климент Охридски" во која бил назначен за секретар на црковната управа. Во 1978 година бил избран и за претседател.
[redacted] истапува од националистички позиции. Го среќаваме како член на МЛО /Македонска ослободителна организација/ формирана 1978 година од [redacted]


15	Што да се прави со досието	Да остане во оперативен архив.

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: _____
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: _____
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: [redacted]
(читок потпис)



сф 6707/1153

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШ...

18.9.81

CONSULATE GENERAL
of
THE SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA
377 SPADINA ROAD
TORONTO, ONT., CANADA
M5P 2V7

10 Бр. 6207

Str. Pov. Br. 28/81
11.09.1981. godina

Po kurir

Republicki sekretarijat za
vnatresni raboti

S k o p j e

Vo prilog vi dostavuvame fotokopija na letokot sto bese rasturen okolu MPC "Sv. Kliment Ohridski" vo Toronto, vo denovite koga ovde se odrzuvase Sedmiot crkovno-naroden sobir - 5 i 6 septemvri o.g. Nabrgu po rasturanjeto letokot e sobiran, zatoa sto ispadna deplasiran - vladikata Kiril prethodno veke polozi venec i pred spomenikot na padnatite za slobodata na Makedonija, podignat od Obedineti makedonci pred crkvata.

Spored nekoi sporedbi izvrseni od nasi poznanici, izgleda deka za letokot e koristena istata masina so koja se pisuvani pisma sto gi nosat potpisite na [redacted] i negoviot sin [redacted]

Generalen konzul,
Naum Nacevski

СФР ЈУГОСЛАВИЈА — SFR JUGOSLAVIJA
САВЕЗНИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА УНУТРАШЊЕ ПОСЛОВЕ
САВЕЗНИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА УНУТРАШНИ ПОСЛОВИ
ZVEZNI SEKRETARIAT ZA NOTRANJE ZADEVE
ЗВЕЗЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ДРЖАВНЕ БЕЗБЕДНОСТИ — СЛУЖБА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
СЛУЖБА DRŽAVNE BEZBEDNOSTI — SLUŽBA DRŽAVNE VARNOSTI
Бр. — Број — Številka 139687
2. 8. — Год. — Leto
БЕОГРАД — БЕОГРАД — BEOGRAD

ДС 5404/1606
5696
3.08.82
03 9.5404

REPUBLIČKI SEKRETARIJAT ZA UNUTRAŠNJE POSLOVE SR MAKEDONIJE
Služba državne bezbednosti — II sektor —

1/.25219

S k o p l j e

PREDMET: [redacted], dolazak u zemlju.

U celosti vam prosledjujemo informaciju našeg GK u Torontu:

"Naš GK u Torontu nas je obavestio da će [redacted] član uprave organizacije "Ujedinjeni Makedonci" iz Toronta, otputovati 21. jula avionom JAT-a za Ohrid, sa namerom da provede oko šest nedelja u SR Makedoniji. Sa njime je otputovala i njegova surpuga, sa dvoje male dece. Najveći deo vremena provešće u Skoplju, Crvene armije 19(Djordče Petrov), a izvesno vreme boraviće i u Ohridu.

Prilikom podnošenja zahteva za vizu, 9.7.o.g. [redacted] ze tražio susret i tom prilikom izrazio želju da ga poseti kući generalni konzul. Uzgred je uveravao generalnog konzu la da nikada nije ni pomislio da radi protiv SRM i SFRJ. Ako je bio umešan u neke sukobe, to je pre svega bilo rezu ltat ličnih opterećenja, odnosno ličnih netrpeljivosti.


Utisak je gen. konzula da je [redacted] zabrinut zbog mo-gućnih nepovoljnih interpretacija njegovih stavova i akti-vnosti u okviru organizacije "Ujedinjeni Makedonci", čije je rukovodstvo praktično izabrano od strane njegovog oca [redacted] i grupe ekstremista oko njega. Vasil je

veoma vezan za svog oca, a to mu je pre nekoliko godina dovelo u pitanje i brak.

GK preporučujeda se [redacted] samo observira. Kontakt službe sa njime u ovom trenutku mogao bi biti kontraproduktivan. Jedino bi se moglo razgovarati u Matici iseljenika, ukoliko sam izrazi želju da je poseti. Pozitivan uticaj na njega vrši njegova supruga, ali i njoj treba više vremena da bi ga otrgla od uticaja njegovog oca. Treba takodje voditi računa da [redacted] nije javno eksponiran kao nosilac antijugoslovenskih stavova, mada ga je sukob sa upravom crkve "Sv. Kliment Ohridski" objektivno gurao na pozicije u kojima pristune rezerve prema politici naše zemlje".

Prednje vam dostavljamo radi informisanja.

A-II-VK/GB



РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОТСЕК ПО ЕМИГРАЦИЈА
САМ.ИНСПЕКТОР: [redacted]

23.10.1982 година
С К О П Ј Е

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Од разговорот обавен во просториите на II - Сектор СДВ, со НАУМ НЕЧЕВСКИ, генерален конзул на СФРЈ во Торонто - Канада. Разговорот е обавен на 19.о.м., во присуство на началникот на II - Сектор - СДБ.

Нечевски се трудеше да ни ги изнесе своите импресии и сознанија од својот досегашен боравок во Торонто, но оние, кои досега не биле презентирани во детали во информациите кои званично ги испраќал на надлежните.

- Во поново време во македонските иселенички кругови во Торонто и пошироко, доста се манипулира со Методи Андонов - "Ченто" и [redacted]. Често се слуша дека политиката што ја водел [redacted] е всушност продолжување што ја водел "Ченто". (Барања од иселеници да се објасни зошто своевремено делови од македонските единици се бореле на "Сремскиот фронт", зошто не биле упатени на Солун и сл. Сознанијава се добиени од [redacted] Егејски Македонец со позитивна ориентација.

- Обединети Македонци своевремено била масовна, позитивна, ориентирана иселеничка организација која со успех се чоселе со грчката и бугарската пропаганда. Сега се забележуваат извесни промени. Пасивна е во однос на споменатите две пропаганди, а се добива впечаток дека преокупацијата и е критиката на СР Македонија и СФРЈ. Некои мислат дека ОМ го преставуваат пора-

нешниот "ОКЛ", па некои заклучуваат дека не ни треба формирање на ОКМ кога веќе постои ОМ. Водечки личности на ОМ, а и кривци за сегашната состојба се: [redacted] син му [redacted]

Конзулот Начевски се обиде да изнесе и некои карактеристики за некои од споменативе лица:

- [redacted], летово престојуваше во Скопје. Ставот што го зазеде СДБ - да не се контактира со него, се покажа како исправен. Пред да дојде во земјава од својот влијателен татко, а и од некои негови поблиски пријатели бил советуван да не патува бидејќи тука ќе бил малтретиран, затворан и сл. Сега [redacted] се колеба во оценката за добронамерноста на споменатите совети, бидејќи во земјава не му се случило ништо. Сепак, и покрај тоа [redacted] и понатаму би требало да биде објект на интерес на СДБ. За него се мисли дека бил доста национално мотивиран, а некои активности ги правел заради некаков инат.

- [redacted] иако е припрост човек, можно е со него некој да манипулира. Бил на студии во Софија, а на некои илинденски пикници се јавувал со читање на свои реферати. Националистички е обоен, а во последно време неговото однесување е чудно (тепачката со [redacted].

- [redacted] (претседател и потпретседател на ОМ) барале да се сретнат со [redacted] за време на неговата званична посета на Канада, со образложение дека ОМ "се нешто посебно". Барањето не им е удоволено. Таговски веројатно е и човек на домашниот фактор.

- [redacted] сопственик на ресторантот [redacted] во кој се собираат т.н. "лидери" на ОМ, доста критизерски е расположен

спрема СРМ и СФРЈ.

[redacted] познат во иселеништвото, кого така критиверски потапува, а неговиот брат оди во грчката црква.

[redacted] на овогодишниот илинденски пикник читал реферат во кој, покрај другото изнел дека "македонскиот народ стенка под четири држави". Брат му [redacted] некако ме е сега активен, а можно е да оди кон поправен пат, односно да го коригира своето поранешно држење.

[redacted] по се чини дека има извршено корекција на своето поранешно држење. Отворено и се спротивставува на групацијата на која порано и припаѓаше.

Кечевски кажува дека некои од т.н. лидери на СМ одржуваат контакти со Матицата на иселениците, но тоа го злоупотребуваат и затоа би требало ваквите случаи да се преиспитуваат.

Во врска со МПО во Торонто, Кечевски смета дека нејзината активност не е многу забележлива за разлика од активноста во САД која не би требало да се потцени. Процекува дека конзулатот на СФРЈ во Детроит недоволно ја следи активноста на МПО на овој простор и дека за ова недоволно ги користи можностите кои ги има. Интересно би било да се евидентира дека [redacted], Македонец, доселен од Албанија во Детроит, минатата година бил во посета на своите роднини во Албанија. Исто така за одбележување е и случајот со [redacted] по потекло од СР Македонија, кој ја помагал Македоно - бугарската црква во Детроит, но во последно време има позитивен однос спрема СФРЈ. Бил сопственик на спортски клуб.

Новото раководство на ЦК на МПО, после 61 конгрес одржан во Торонто го преставуваат:
- [redacted] претседател
- [redacted] почесен претседател

- [redacted] - секретар
- [redacted] - член
- [redacted] - член
- [redacted] - член
- [redacted] - член

Се смета дека охриѓанката [redacted], била главна и непосредна врска помеѓу [redacted] и ЦК на МПО.

Покрај изнесените куси карактеристики за поединци членови на ЦК на МПО (познати на СДБ), Начевски ја изнесе и својата оцена за [redacted] Во одредени околности би можел да биде користен од бугарите, измислувал и бил склон кон озборување и ширење дезинформации. Често можел да се види во друштво со припадници на МПО, а во некоја прилика рекол дека "неможе да се мегува со бугарскиот конзул [redacted] што не упатува дека со него имал некакви контакти.

Конзулот Начевски боравеше во приватна посета во Скопје, која, покрај средбите со некои наши институции, ја искористи и за контакт со СДБ.

Самостоен инспектор,
[redacted]

о.мм

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-443/1
24.11

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Наум Начевски од Скопје, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05...), на седницата одржана на ден 09.10.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Наум Начевски , ЕМБГ 0903930450022, роден на 09.03.1930 година, поранешен носител на јавна функција, јавно овластување или вршител на јавна дејност - Генерален конзул.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите за лицето Наум Начевски, поранешен носител на јавна функција, јавно овластување или вршител на јавна дејност - Генерален конзул, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Наум Начевски во Државниот архив на Република Македонија во личното досие бр. 25219, водено за лицето Пандовски Васил, постојат документи за соработка со органите на државната безбедност на лицето Наум Начевски.

Комисијата ги утврди следниве документи: Прашалник за личното досие бр.25219; Допис-информација од Генералниот конзул на поранешна СФРЈ во Торонто Канада, доставена до Службата за државна безбедност, потпишана од лицето Наум Начевски од 11.09.1981 година, Допис-информација од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи на поранешната СФРЈ доставена до Службата за државна безбедност Скопје од 02.08.1982 година, Службена белешка од 23.10.1982 година.

Од документот: Прашалник за личното досие бр.25219 Комисијата за верификација на фактите утврди дека досието бр.25219 кое било водено од поранешната Служба за државна безбедност и дека истото се водело за лицето Пандовски Васил. Од истиот документ се утврди дека истиот бил македонски политички емигрант во Канада, дека бил член на емигрантската организација МЛО и Обединети Македонци во Канада, како и тоа да станал член на Македонската православна црква Св.Климент Охридски, каде бил назначен за секретар, а во 1978 година бил избран и за претседател. Тој настапувал од националистички позиции и сл., односно досието било водено од идеолошки и политички причини.

Од документот: Допис-информација од Генералниот конзул на поранешна СФРЈ во Торонто Канада, доставена до Службата за државна безбедност, а потпишана од лицето Наум Начевски, генерален конзул во Торонто Канада од

11.09.1981 година, Комисијата утврди дека лицето Наум Начевски се појавува како извор на информации на Службата за државна безбедност. Тој на Службата и ја доставил фотокопијата од летокот што бил растурен околу МПЦ Св. "Климент Охридски" во Торонто, како и тоа да летокот дека бил испечатен од лицата Стојан Пандовски и неговиот син Васил Пандовски. Документот-допис... е потпишан од лицето Наум Начевски.

Од документот: Допис-информација од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи на поранешната СФРЈ, доставена до Службата за државна безбедност Скопје од 02.08.1982 година, Комисијата утврди дека информациите во дописот се добиени од Генералниот конзул во Торонто и дека истиот информирал за патувањето на лицето Васил Пандовски, член на управата на организацијата "Обединети Македонци" за Охрид. Од истиот документ се утврди дека Наум Начевски информирал и за однесувањето на лицето Васил Пандовски и неговиот татко Стојан Пандовски, при што го изнесувал неговиот впечаток за В. Пандовски и неговата загриженост заради можните неповолни интерпретации на неговите ставови и активности во рамките на организацијата "Обединети Македонци", чие раководство, практично било избрано од страна на неговиот татко Стојан Пандовски и група екстремисти околу него. Се утврди и тоа како Генералниот конзул препорачувал да В. Пандовски само да се обсервирал, а контактот на Службата со него во тој момент би бил контрапродуктивен. Од овој документ се утврди и тоа како Генералниот конзул на Службата и препорачува да стапи во контакт со В. Пендовски преку "Матицата на иселениците", доколку тој сам изразел желба да ја посети. Изнесувал и за тоа како врз него позитивно влијание вршела неговата сопруга, но и дека и на неа и било потребно повеќе време да го отргне од влијанието на неговиот татко.Се утврди дека сето изнесено во дописот било со намера да биде информирана Службата.

Од документот: Службена белешка од 23.10.1982 година, Комисијата утврди дека лицето Наум Начевски, Генерален конзул на СФРЈ во Торонто Канада, повторно се појавува како извор на информации за Службата за државна безбедност, дека информациите се однесувале на македонските иселенички кругови во Торонто и пошироко, како и тоа да тие таму доста манипулирале со Методија Андонов-Ченто и Крсте Црвенковски. Изнесувал дека став бил на емиграцијата дека политиката што ја водел Црвенковски, всушност била продолжување на онаа што ја водел Ченто. Изнесувал дека иселениците барале објаснување зошто своевремено делови од македонските единици се бореле на "Сремскиот фронт" и зошто не биле упатени на Солун и сл. Од овој документ се утврди и фактот како Начевски ги посочувал лицата од дијаспората кои му давале нему информации, а тој ги пренесувал на службата. Се утврди и тоа дека пренесувал информации за организацијата "Обединети Македонци", како таа била масовна, позитивна, а како сега се забележувале извесни промени и нејзиното преокупирање со критизерството кон СР Македонија и СФРЈ. Исто така се утврди дека лицето Наум Начевски изнесувал информации и податоци за организацијата на иселениците "ОМ", кој бил виновен за сегашната состојба, посочувајќи ги и нивните имиња, каки нивните карактеристики. Се утврди дека Начевски изнесувал известувања и за организацијата "МПО", нејзината поставеност и делување, доставувајќи им ги на Службата и имињата на раководството на организацијата "МПО".

Од овој документ се утврди и фактот да Наум Начевски бил во приватна посета во Скопје, која покрај средбите со некои наши институции, ја искористи и за контакт со Службата за државна безбедност.

Сите овие докази-документи, содржани во личното досие на Васил пандовски, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, одлучи дека лицето Наум Начевски бил соработник со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција, јавно овластување или јавна дејност.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апчев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Наум Начевски.

лустриран

НИКОЛА ЃОНЧЕСКИ

РСВР СРМ
САБ

ПРАШАЛНИК - ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕ

ВК У 1

Регистарски број	2571
Датум на пополнувањето на прашалникот	3.XII.1968 g.

7

	презиме		татково име		име	Изворно 8 - 42
1	8 DJONČEVSKI 20		22 [redacted] 30		32 NIKOLA 42	
2	Датум на раѓање	13 septemvri 1932 god.				48
3	Место на раѓањето и општина	s. Oktisi - Ohridsko				53
4	Народност	Makedonec				55
5	Државјанство	SFRJ				57
6	Стално место на живеење-живеалиште	Skopje , Zelen pazar I zg. IV bl.				62
7	Занимање	student - tehnički fakultet /togaš/				65
8	Однос со органи за ВР	sorabotnik na DB angaž.na kom.materi.				66
9	мерки: а) оперативни мерки	ne se prezemeni merki				68
	мерки: б) судски					70
	мерки: в) прекршочни					72
10	Висина на казната осудата					74

II. Оперативни податоци

Nikola proizleguva od bedna selska familija, kako stu-
dent na tehnički fakultet vo 1955 g. ima poveke istа-
pi po linija na RIB. Taka pred liceto Naum Badolovski
Bogdanovski Dragi ѣ na rabota vo personlano vo RSVR
i pred nivnite soprugi za vreme na prečekot na novata
godina oštro istapil po linija na IB. Nikola zboruval da
kako Djilas i Dedier bile vo pravo, kako kaj nas
nemalo nikakva demokratija, kako ne trebalo da se odi na srem-
skiot front a da se odi na Solun. Kako rabotničkite
soveti bile izmama a ne demokratija, Stalin bil nepo-
grešiv itn.
Ne osnovu ovoj materijal e vrbovan od Rade Mančevski
ali kako rabotel nema samo stoi da e 1957 g. dere-
gistriran.

o/DjM

101/1 78

1010 78

1010 80

[redacted]
Прашалникот го пополнил

[redacted]
Го шифрирал

2

ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

| x | 1

Број на лично досие	26105 04300587
Основен орган	МСЗО-Струга
Датум на пополнувањето на прашалникот	20. 05. 1987

			1 0 2 6 1 0 5 8
			4 9 5 5 10

	презиме	татково име	име	
1	Гончевски	[redacted]	Никола	11-40

2	Датум на раѓање	1931	3 1 0 42
3	Место на раѓањето и општина	с. Октиси - Струга	4 8 2 8 0 4 7 47
4	Народност	Македонец	1 1 2 49
5	Државјанство	СФРЈ	1 0 0 51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Струга	4 8 2 8 0 4 7 56
7	Занимање	Пензионер	5 0 1 1 59
8	Однос со органи за ВР	Соработ. по 36 алб. по лонг. основа	2 60
9	КАТЕГОРИЈА — Прва		62
	КАТЕГОРИЈА — Втора		64
	КАТЕГОРИЈА — Трета		66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се преземени		67
11	Колку пати е осудуван		68
12	Висина на казната-осудата		70
13	Кога е формирано досието	14. 10. 1977.	77 72

3

14 Кратка содржина на досието:

Потекнува од селско-сиромашко селиште, кое во војната се определи за НОБ и по ослободувањето и консолидирањето.

Николо беше позитивен младинец и учител како средношколец беше користен од СЗБ-скоро како обр. врска. Како учител беше користен и по работното време од СЗБ-службата се до 1977 г. кога беше и двапати ангажиран и користен по внатрешни проблематики, а учествуваше и во обработките на БПО. Со оглед да зборува врвно англиски јазик - по што беше скоро секојдневно од 3-4 години, во 1987 г. е ослободен од оваа своја обврска.

74

15	Што да се прави со досието	За остаток во историски архив	75

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: .....
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: .....
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: .....
(читок потпис)

1147
Сф 14-6432/36-57

4 V

РСВР на СРМ - Скопје
Испостава на СДБ - Охрид
Инспектор: [redacted]
Охрид, 14.10.1977 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 177/706

П Р Е Д Л О Г

за ангажирање на лицето ЃОНЧЕСКИ Спасев НИКОЛА, дип. инжинер од село Октиси - Струшко, по линија на внатрешен непријател.

Роден 1931 година во село Октиси - Струшко, по националност македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, оженет, дип. градежен инжинер, вработен во ХЦ "Глобочица" -Струга, не осудуван ниту притворан, стално настанет во Струга.

Никола, потекнува од средноимотно селско семејство. За време на Стара Југославија, неговата поблиска фамилија, односно неговиот татко, Спасе, се занимавал како зидар - фасадер, работејќи во Белград кој во политички поглед бил незаинтересиран - пасивен.

За време на окупацијата, исто така, се занимавал со зидарство и како домаќин на свое имање, како би ги прехранил своето семејство. Политички бил заинтересиран, бидејќи морално и материјално го помагал НОБ. Негов помал брат, а стрико на Никола, [redacted] зел активно учество меѓу првите и бил командант на батаљон. Погинал во 1951 година при пилотирање како воздухопловни капетан.

./.

5

2.-

По ослободувањето на нашата земја [redacted] и понатака работел како зидар во повеќе краишта на нашата земја на кого државето му било позитивно. Помалиот син на [redacted] брат на [redacted] по име [redacted] роден 1934 година се појавил по ИБ за кого постои лично досие во РСВР на СРМ - Скопје. Истиот сега се занимавал со зидарство и не е регистриран некој истап.

Никола, основното четиригодишно училиште го завршил во село Октиси, а седмолетка во село Вевчани кој по завршувањето се запишал на средно-техничко училиште во Скопје. Како ученик бил примерен и трудољубив. Со завршувањето на средното образование се запишал на редовни студии на Техничкиот факултет - градежен отсек кој на време дипломирал. Како ученик во Средно-техничкото училиште во Скопје, за време на ИБ, бил користен од страна на СДБ како оперативна врска за обработка на Тофил Будоски, негов зет од сестра, техничар, родом од исто село, а кој беше осуден на две години затвор. Истиот е вработен во објектот ХЦ "Глобочица" - Струга какде се вработени наши интересни лица по ВМ и ИБ кој за некои интересни појави од непријателски карактер повремено не информирал. Укажувал на појави од бирократско-догматски, односно антисамоуправни и групашки позиции, така да сме биле во тек при превземањето на понатамошни мерки.

Постојат објективни и субјективни можности, односно е вклопен во интересни средини, а како карактер е интелегентен, проницлив, консперативен и објективен. Повеќе пати е во контакт и со Круме Миладиноски, порано осудуван по ВМ кој за интересни случаеви и не информирал.

Имајќи ги предвид ваквите негови можности предлагам да истиот се ангажира и се користи по бирократско-либералистички и антисамоуправни позиции.

./.

6

3.-

Ако предлогот се одобрида се регистрира во активна соработничка мрежа под псевдоним "ВИХОР".

СЕ СОГЛАСУВА
За Шеф на ИСДБ - Охрид,
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Инспектор,
[redacted]

О Д О Б Р У В А

Началник на III сектор
[redacted]

Ѓ-05-4174/444

6814

Скок. 7

РСВР на СРМ – Скопје
Испостава на СДБ – Охрид
Извор: "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 2.6.1978 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ – Охрид
Евид. бр. 514 /444/

И З В Е Ш Т А Ј

На 2.6.1978 година беше одржан состанок со соработникот "Вихор" кој покрај другото, ме информира следното:

На 24.5.1978 година бевме во Скопје, јас, Јаковче Попоски и Ангелоски Нестор, инжињер, сите вработени во ХЕ "Глобочица" – Струга. Кога привршивме работа во Електростопанство – Скопје ручавме во трговскиот центар. Покрај другиот разговор Нестор постави прашање за сегашните политички состојби во Африка. Јаковче на тоа му одговараше, а јас не се упуштив да дискутирам. Потоа Јаковче зборуваше и за личноста на другарот Тито како бил доста стар и го губел паметењето и не бил во состојба да работи. Сега скоро кога Тито заседавал со Претседателството на СФРЈ, наводно, да станало дискусија и во врска пушењето – да не се пушти на седниците. Тогаш Тито, наводно, им рекол ако се донесела таква одлука немало да присаствува на состаноците, бидејќи да бил страсен пушач. Во врска со Јованка ни каже вид кој наводно го слушал од други кој гласи: "Тито у нашу хртвовао даму да добие партију!".

Кога се враќавме од Скопје за Струга Јаковче дискутираше за воените вежби кои денес се изведувале и да тој бил поставен

./.

8

2.-

командант на голема воена единица во ТВО. Поранешниот командант на гарнизонот во Охрид бил со него љубар другар и имал увид, бидејќи истиот на Јаковчета се му кажувал и сегашниот командант понекаде се понашал со него и одбегнувал да се произнесува пред него, но тоа нему не му било потребно од друга страна бил запознат со воени тајни.

Какви коментари и ставови на Јаковче се зачудувачки и по моја оценка интересни. Истиот е доста комуникативен и насртлив, контактира со наши високи личности и водените разговори ги пренесува пред разни лица во Струга, што е доста штетно - неводејќи сметка за консперативноста на поедини податоци. Јаковче е доста чуден и нешто со него се одиграва и ќе треба над него да имате увид. Здрав комуниста и патриота на оваа земја не дискутира такви невистинитости поврзани со личноста на другарот Тито!

II

Опишаниот податок во извештајов, и ако не е проверен, го приман за точен, бидејќи изворот е многу стабилен и одмерен, а Јаковче, како карактер, склон кон вакви и слични коментари. Точно е тоа да кај истиот не постои консперативност и коментира се и сешто пред граѓани - негови другари, неводејќи сметка за штетноста на таквите коментари.

Истиот е доста интелегентен и комуникативен, доста радознал и сака да знае се, односно да биде во тек со состојбите во земјата. Насртлив е контактира со наши раководители, а потоа разговорите ги пренесува на други лица, што е доста штетно и укажува на една негова нестабилност.

./.

9

3.-

Коментарите во врска со другарот Тито од негова страна се произволни и пропагандно штетни во околината кај ги коментира. За истиот постои досие во РСВР на СРМ кое треба да се проучи и понатака прати неговиот одиос.

Соработникот беше ориентиран да и понатака ги следи коментарите на Јаковче и нас не информира.

III

1. ПОПОСКИ ЈАКОВЧЕ, роден 1925 година во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, оженет, директор на ХЦ "Глобочица", не осудуван, стално настанет во Струга.

Инспектор,

[redacted]

РСВР на СРМ - Скопје
Испостава на СДБ - Охрид
Извор: "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 8.7.1978 година
Отчукано во 4 примероци /БР
Доставено до I, III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 659 (602)

И З В Е Ш Т А Ј

На 8.7.1978 година беше одржан состанок со соработникот кој, во врска неговото патување во странство - СССР, ме информира следното:

"На 14.6.1978 година, со група работници од ХЦ "Глобочица" - Струга, заминавме на летање во СССР, а се вративме на 22.6.1968 година. Во исто време од Белград одеше една група меѓу кои разбрав дека имало и пензионисани генерали.

Кога стигнавме во Киев, царинските органи ни вршеа преглед на багажот и најдоа големи количини: ѕвакаќи гуми, фармерки, и др. Со нас беше и татко му на Ило Чакар, рударски инжињер во ХЦ "Глобочица" по име Јаќим Чакар, пензионер и жената му - за кого после ќе ви кажам за еден негов испад.

Кога летавме со авионот од Москва за Ленинград, водичот на нашата југословенска група ни рече дека ќе одиме на заедничка м вечера во хотел "Матко". Кога појдовме во хотелот имаше енглези, французи и други, а нас, со една група од Србија, не ставија во посебна просторија. Музиката свиреше и преди да почни вечерата еден од групата на србите рече: "Другари македонци, ајде да запееме некоја песна!" Се пееше песната "Иде Тито преко Романије". Во спротивен астал седеше инжињерот Ило Чакароски со татко му Јаќим и лицето Хиохи

./.

Само. Јаќим скокна како избезумен и застана во средината на салата кој на групата се обрати кога се пееше песната со зборовите: "А друг Сталин преко Германије"! Со овие негови зборови песната се прекрати и настана штама, сите го гледавме него. Син му Ило стана, го фати за рака таткаси и го тргна на асталот. Водич ни беше еден црногорец и на Јаќима му рече: "Со што нас Сталин не задолжил што ја пеел песната тука", а Јаќим ништо не му одговори.

Во секој хотел каде што бевме русите имаа ангажирано млади одбрани студенкиња за прихваќање на странци. По моја оценка преку фаќи форми на прифат не се исклучува можноста за присатност на руската служба.

Ангелоски Нестор, инжињер во ХЦ "Глобочица" во Струга веднаш се запозна со една студенкиња која го однесе дома - имала татко кој работел во Сибир, наводно, како работник. Го прашав што разговараа тамо, ми рече дека се водел разговор изопшто, а најповеќе се интересирале за животот во Југославија.. Нестор ми напомна дека русите имале повисок општествен стандард, а заостанувал личниот стандард и никако не рече лошо за русите кој спрема нив се однесуваше со извесни симпатии. Студенкињата, како подарок, му купила фотоапарат и фото камера, која во продавниците ја немаше. Од каде му ја набавила камерата мене не ми е познато, ниту пак ми каза дека го водел разговорот само со неа. Спомна дека понатака ќе се допишувал со писма. Кога се вративме од СССР истиот замина со ракометарите од Струга за Чехословачка.

Од Ленинград кога требаше да летаме за Киев, станав во 6,00 саатот наутро и го најдов Јаќима Чакар каде разговара со едно лице од Бугарија. Ми каза Јаќим дека било лицето македонец од околината на Благоевград и јас се приклучив во нивниот разговор. Во тој момент дојде жена му на лицето по на-

./.

ционалност бугарка. Се потенцира од нивната страна дека македонците биле бугари, јас им реков дека не е тоа така и да КП на Бугарија води антимакедонска пропаганда. Во тој момент Јаќим Чакар ми рече дека ние сме биле крив што бугарите не не признавале, нашиот јазик бил близок со бугарскиот јазик, кој во меѓувреме и намигнување со око на бугарката. Во една згодна прилика мажот на бугарката кој беше по потекло македонец ми рече дека сум бил во право само тој се плашел од жена му да дискутира."

II

Преди да оди соработникот во странство - СССР беше договорено и ориентиран на се што да се интересира. Истиот е проверен кој, како карактер, не е склон кон преувеличување. Од овој аспект податоците, изнесени во извештајот, ги примам без резерва и сметам дека се точни. Некои моменти се доста интересни и заслужуваат соодветно наше внимание.

Точно е тоа да повеќето наши граѓани кои одат во странство, нарочно во СССР се занимаваат со недозволена трговија и не се внимава толку на нивниот однос. Односот, односно истапот на Чакароски Јаќим укажува на негова просталинистичка и пробугарска ориентација за која цел истапот ќе биде задокументиран и поднесе прекршочна пријава.

Доста интересен е контактот на Ангелоски Нестор со споменатата студенкива кај која бил поканет дома. Ова укажува присатност на руската служба преку ангажирање на вакви студенти во летната ваканција. Нестор пред соработникот се произнесувал на проруска линија за која цел ќе биди воспоставен увид со цел да се види и проучи од каков карактер е ваквиот контакт и нетово понатамошно држење. Со соработникот се колеги и добри пријатели и ќе бидеме во состојба да го пратиме понатака.

./.

Веќе договорено со соработникот да биде во тек со допи-
шувањето на Нестор со студенкињата од СССР и се интересира за негови евентуални промени во поведението.

III

1. ЧАКАРЕСКИ Ламбе ЈАЌИМ, роден 1911 година во град Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, пензионер, не осудуван, стално настанет во Струга.

2. АНГЕЛОСКИ НЕСТОР, роден 1937 година во Охрид, македонец, државјанин на СФРЈ, член на СКМ, инжињер - одговорен на градежна служба при ХЦ "Глобочица" - Струга, не осудуван, стално настанет во Струга.

Инспектор,

[redacted]

04-4912/3133

184

РСВР на СРМ Скопје
ИСДБ-Струга
Инспектор: [redacted]
Струга 21.5.1987г.
Одчукано во 3 примероци
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ-Струга
Ев.бр. 172

П Р Е Д Л О Г
За дерегистрирање на соработникот "ВИХОР".

Соработникот "ВИХОР" ангажиран е во 1977 г. на патриотска основа по линија на внатрешен непријател.

На врска го држел инспекторот [redacted], сега секретар на СВР Струга, но примопредавање не е извршено од повеќе причини.

Имено соработникот "ВИХОР" се користеше за покривање на носители на непријателска активност од позиции на македонски национализам, особено на лицето Миладинов Круме (порано осудувано лице за непријателска активност од гореспоменатите позиции) и др. лица кој непријателски се однесувале во ХЦ "Глобочица". Со фактот што "ВИХОР" пред три години беше избран за Претседател на Собрание на Општина Струга, а денес се наоѓа на функција Претседател на ОК на СКМ на Струга и со тоашто веќе ја изгуби средината од која може да се очекува непријателска активност ИСДБ-Струга предлага да истиот се дерегистрира.

СОГЛАСЕН
Шеф на ИСДБ-Струга
[redacted]

ПРЕДЛАГА
И н с п е к т о р
[redacted]

О Д О Б Р У В А
Началник на III-ти сектор
[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-3566/1
05.11 2012 год
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Никола Ѓончески од Струга, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 05.11.2012 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Никола Ѓончески, со псевдоним "ВИХОР", роден во Струга на 18.09.1932 година, со ЕМБГ:1809932434021, лице кое било вршител на јавна функција - претседател на Општина Струга.

О б р а з л о ж е н и е

За Никола Ѓончески лице кое било вршител на јавна функција-претседател на Општина Струга, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите, Комисијата утврди дека во Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи , постои Лично досие бр.04300587 на лицето Никола Ѓончески. Исто така, Комисијата при собирање, истражување, анализирање и оценување на документи кои содржат информации за активности во врска со член 4 од Законот, а согласно член 14, став 1, алинеја 1 од истиот Закон, во Државниот архив на Република Македонија дојде до документи и списи кои што се однесуваат на лицето Никола Ѓончески.

Од увидот во досието бр.04300587 и во другите списи, се утврди дека истите се состојат од повеќе документи и тоа: Прашалник-Податоци за лице бр.2571 од 03.12.1968 год. составен од 2 страни; Документ на префрлување на лично досие од бр.26105 на бр.0430587 составен од 1 страна; Прашалник за ревизија на лично досие бр. 0430587 од 20.05.1987 составен од 2 страни; Предлог за ангажирање на

лицето Ѓончески Никола евид.бр.974/706 од 14.10.1977 год. составен од 3 страни; Извештај евид.бр.514(444) од 02.06.1978 составен од 3 страни; Извештај ев.бр.659(602) од 08.07.1978 составен од 4 страни ; Предлог за дерегистрирање на соработникот "ВИХОР" ев.бр.172 од 21.04.1987 составен од 1 страна; Лично досие бр.1-0 7510/1 составено од 1 страна;Службена белешка ев.бр. 798/590 од 01.12.1976 составена од 1 страна; Службена белешка ев.бр.402(294) од 19.04.1977 год. составена од 3 страни; Лично досие бр.1-20230/9 составено од 1 страна; Службена белешка ев.бр.687/509 од 15.11.1976 год. составена од 4 страни; Извештај ев.бр.15(14) од 05.01.1978 год. составен од 3 страни и Извештај ев.бр.171(130) од 20.02.1978 год. составен од 3 страни.

Сите овие докази, содржани во личното досие и списите за лицето Никола Ѓончески, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Никола Ѓончески.

лустриран

НИКОЛА КОСТУРСКИ

ЕВИДЕНЦИЈА бр. 212
2.3 1985 год.

РСЕР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Гл.инсп [redacted]
Битола, 25.02.1985 година

ОПЕРАТИВНА ПРОЦЕНКА

За досегашните коментари и искажувања од позиции на македонски национализам на Костурски Никола.

Со започнувањето да се организираат средби на бегалците од ЕМ. на поедини села, се родила идеја тие да прерастат во градски средби. За таа цел се формирале иницијативни одбори кои го тоа спроведувале. Еден од таквите организатори беше и Костурски Никола, лекар од Битола кој стоеше на чело на одборот за свикување на "Лерински средби". Досега такви се организирани четири, но тој заедно со другите членови, скоро секогаш имале недоразбирања со ОК на ССРНМ во Битола. Како тие се продлабочувале, така се поагресивно настапувале членовите, особено Никола кој што сметал дека средбите треба да прераснат во "Егејски" и преку истите требало да се влијае на Македонците во Грција со цел да се осознаеле како такви и спречела понатамошната асимилаторска политика на Грција. Тој, меѓу другото изјавувал: "Нема сила која ќе ме спречи да барам човечки права за моите сонародници во ЕМ." Едновремено, мислел дека ОК на ССРНМ не би требало да ги спречава во нивните намери и дека од поединци тоа е тенденциозно и сл. Затоа, тој сè позаносно ќи спроведувал своите намери и организирал собир на иницијативниот одбор за свикување на "егејска средба" која ќе прераснела во една стална институиција, со изработен статут, програма, печат, штембил и сл.

Овие носталгични заноси, често пати се помешани со националното и националистичкото и од тука коментари и искажувања на поединци за тоа наводно нашата влада и партија недоволно се залагала

спроведува уште со поделбата. Еден од најистакнатите лица кои што се јавува со вакви сваќања и коментари е Костурски Никола, лекар-специјалист по нуклеарна медицина при Медицинскиот центар во Битола, роден 6.03.1944 година во с.Црноец, битолско, од татко [redacted] родум од Костурско-Егејска Македонија. Никола е оженет за [redacted] татко на две деца, Македонец- СФРЈ, неосуѓуван, член на СК, регулирана воена обврска, живее во Битола на ул."Партизанска" бр.47. Основна преокупација на истиот му била "загриженоста" за положбата на Македонците во егејскиот дел на Македонија. Сметал дека недоволни биле мерките кои што ги превзема нашата влада за нивна заштита од асимилација, па заговарал своја самоиницијатива за таа цел, преку ширење на вакви идеи во поголем кург на бегалци од Егејска Македонија, а особено сред интелегенцијата од овие средини.

Од досегашниот увид и следење дејноста на Костурски, добиени се сознанија за многу широк круг на врски во интелектуални средини во Скопје,Битола, Прилеп о др. места во Републиката.
Во Скопје имал небројени врски со интелектуалци од средина на бегалците од ЕМ. али и други, но особено се споменуваат: (кои се установени)
- Петре М.Андреевски, писател,
- Слободан [redacted] Мицковиќ, писател,
- Антеле Поповски, писател,
- Блаже Ристевски, писател, па дури и ректорот Христо Андонов-Полјански.

Несомнено дека овој број е сигурно уште поголем али за сега не сме во во можност да ги сите идентификуваме. Во Битола близок е скоро со целокупната интелигенција од овој дел на Македонците, а особено со:

- ПОО "Дехитекс" и "Матица". Досега не се установени врски со ПОО "Банкари", "СОК",к "Црни","Гениколог", "Тополчани" и др.
- Андоновски Боро, од татко Глигур , род.16.1о.1924 година во Битола ул."Максим Горки" бр.19, началник на ааразно одделение, пројавуван од националилстички и боркратско-догматски позиции;

./.

3.-

- Мандушев Ѓорѓи, од тако [redacted], роден 15.05.1937 година во с.Раби,леринско, живее во Битола на ул."Иван Милутиновиќ" бр.25/15, наставник за болни деца при Медицинскиот ~~факултет~~ центар.

- Поповски Вангел, од татко_____ род.6.08.1934 година во с. Герман,леринско, живее во Битола, ул. "Белградска" бр.10, лекар-специјалист ортопед.

- Димулков Јане, од татко [redacted] роден 15.10.1934 година во с.Чеган, воденско, живее во Битола на ул."Васко Карангелевски" бб, лекар, неуропсихијатар при медицинскиот центар -Битола, повратник од СССР.

- Наумов Атанас, од татко [redacted] род.14.02.1938 година во с.Долно Котори,леринско, живее во Битола ул."Иван Милутиновиќ" бр.49, инженер во фабриката за фрижидери.

- Мацев Гоче, од татко [redacted], род.23.02.1940 година во с.Герман, леринско, живее во Битола на ул.Прилепска бр. 45/19, професор во ОУ "Ѓорѓи Сугарев".

- Шулевски Филип од татко [redacted] род.5.03.1938 година во село Горно Котори, леринско, живее во Битола на ул."Иван Милутиновиќ" бр.15/2, лаборнат во Медицинскиот центар.

- МАСАЛКОВСКИ Никола, од татко [redacted] род. 13.12.1941 година во с.Кукуречани, битолско, живее во Ресен, ул."Коле Неделковски" бр.22, професор воОУ "Мите Богоевски".

- Јаневски Борис, од татко [redacted] роден 28.XI.1943 година с.Трап, битолско, живее во Битола ул."Коле Лачето" бр.27, со завршен Хемиски факултет, лаборант при медицинскиот центар-Битола.

на кој начин?

Сметаме дека кај Костурски, националното и националистичкото е помешано. Во своите намери, се трудел да не дојди во отворен сукоб со нашите позитивни прописи, а од друга страна зборувал дека нашата влада недоволно се залагала за заштита на Македонците во Грција и "тие" морале да сторат нешто со кое барем 30% Македонци да се заштителе од асимилација. Инаку,тој доста добро ги познавал состојбите во Егејска Македонија и тоа по региони и имал врски со тамошни Македонци, лично или

./.

4

преку роднини на своите едномисленици.
Никола, за Југославија главата би ја дал, но исто така животот би го положил и би се послужил со секакви средства за да ја заштити нашата народност од 100% асимилација на Грците. Потеклото на идејата за отпочнување на една ваква дејност не би можела точно да се одреди, али по се мора да е од поодавна. Ова, се поткрепува со фактот што тој подолго време се познавал со Џамбазов Левко, од с.Жван, Демир Хисар, сега во Скопје, заведен во ПОО "Дехитекс".Добро стое и со Константинов Душан, ПОО "Матица" и со поголем број на наши интелектуалци кои што помалку или повеќе биле пројавувани по националистичка дејност или пак сега го чинат истото.

Постојат можности да Никола е "подгреан" за ваква дејност од поединци, познати носители на ваква дејност, од средини на бегалците од ЕМ. или други, али сепак повеќе би требало да се верува во првата претпоставка, затоа што е тој првиот меѓу еднаквите на кои им се родиле вакви идеи. Скоро сите споменати лица како негови врски од Битола, се бегалци од ЕМ и на некој начин пројавувани од позиции на македонски национализам. Истото важи и за спомнатите врски во Скопје и др.места.

Погоре е спомнато дека тој има врски во Лерин,Воден,Костур и други места во ЕМ. но досега не сме во можност да го тоа конкретизираме од причини што тој воопшто не спомнува имиња на лица и места. Велел дека такви контакти одржувале и неговите едномисленици.
Постојат можности Костурски лично или преку други лица да е поврзан со оперативната обработка "Провокатори" која што ја води први сектор на СДБ. Во врска со фрлениот манифест за национални и човечки права на Македонците во Грција, Никола велел: "кој и да го изготвил, тој неможел да биди растурен без помош на македонски снаги во Грција".
Во врска со ова, тој полимизирал и со соработникот " Питомец" кој вели дека Костурски верувал дека манифестот бил изготвен во прекуокеанските земји, од нашата емиграција која што имала врски со организирани групи на Македонци од Егејска Македонија, донесен во Грција и растурен.

-1-

5

Соработникот "Питомец" ја спомнува врската Јаневски Спиров Борис, лаборант при Костурски дека престојувал извесно време во Австралија, од каде се вратил 2-3 месеци преди да се растури "Манифестот" во Грција, а тој веднаш после растурањето "Измисли" двомесечно стручно освежување во Институтот за нуклеарна медицина во Скопје, од кое се добивало впечаток дека тамо го "испитувале" мисленьето и реагирањето на бегалците од Егејска Македонија и "подготвиле" понатамошна политичка и друга платформа за дејствување према Грција.

Од изнесеното може да се види дека Костурски покрај легалните форми на дејствување, превзема и недозволени кои што се во сукоб со нашите уставни определби. На еден начин, тој со својата дејност и намери се јавува како "партнер" на нашиот систем во мерките кои што ги превзема нашата влада и партија за заштита на нашата народност во соседните земји, посебно во Грција. Не ги почитува насоките на нашите општествен--политички организации, особено на ОК и РК на ССРНМ. Превзема систем на мерки за остварување на своите замисли кои несекогаш се во склад со нашите позитивни прописи. Наводно имал организирано врски со лица од егејскиот дел на Македонија преку кои ги следи состојбите меѓу македонската народност. Добивал и грчка штампа, особено ако нешто пишувало за положбата на Македонците. Посебно внимание покажал за растурениот манифест за човечки права во Грција и пишувањето на поедини листови. Од тоа вршел превод и тоа го користел за свои намени, преку раскажување и други методи сред бегалците овде.

Затоа, со цел да се проверат вистинските состојби и правите намери на ваквата активност нај Костурски и другите негови едномисленици, предлагаме над него да се заведе ПОО и да се превземат целосни мерки преку кои ќе се одговори на прашањето дали тој дејствува од непријателски или други побуди.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

6

30.10.1985 г. потпис

РСВР на СРМ
Служба за државна безбедност
ИСПОСТАВА – БИТОЛА
Гл.инспектор: [redacted]
23.09.1985 година
Б и т о л а

Засега, освен изнесените и утврдени националистички убедувања кај Костурски врз него нема. Но мора се земе за да се истражуваат и лица околу него, бидејќи има оперативни податоци за негово непријателско делување.

П Р Е Д Л О Г

За заведување во ПРЕТХОДНА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА на лицето КОСТУРСКИ НИКОЛА, од татко [redacted] роден об.03.1944 година во с.Црноец – Битолско, живее во Битола на ул."Партизанска" бр.47-а, лекар – специјалист по нуклеарна медицина при Медицинскиот центар во Битола, Македонец, државјанин на СФРЈ, оженет, татко на две деца, неосудуван, регулирана воената обврска, не минува во евиденциите на СДБ и СЈБ.

Заведувањето на предметот се предлага со цел преку преземање на оперативни и оперативно-технички средства се установи дали Костурски иницијативниот одбор за свикување на "Леринските средби" ќе користи за развивање на поширока националистичка дејност сред Македонците бегалци од Грција, да се установат и диференцираат сите негови врски и подржатели и да се документира евентуалната непријателска дејност притив СФРЈ и СРМ.

О б р а з л о ж е н и е

Фамилијата на Костурски Никола е од околината на Костур – Егејска Македонија, доселена во 1921 година во с.Црноец – СО Битола. Во 1960 година дошле во Битола каде Костурски завршил гимназија, а потоа Медицински факултет во Скопје. Специјализирал нуклеарна медицина. Оженет е за [redacted] – Битола, татко на [redacted] малолетни деца. Воената обврска ја има регулирано. Член е на СКЈ.

Од пред една година преку повеќе соработници и оперативни позиции се добиваат сознанија кои укажуваат на тоа дека основна преокупација на Костурски му била положбата на Македонците во Егејскиот дел на Македонија. Сметал дека недоволни биле мерките што ги презема нашата влада за заштита од асимилација и признавање на основните човечки и национални права на Македонците во Грција па заговарал, преку ширење на вакви идеи во голем круг на бегалците од Егејскиот дел на Македонија, особено сред интелегенцијата, да се изврши притисок на СФРЈ со цел за нејзино поголемо ангажирање и вршење притисок на Грција за признавање на националната самобитност на Македонците и давање на основни права.

Од досегашното следење на неговата активност, добиени се сознанија кои укажуваат на тоа дека тој има широк круг на врски во интелектуалните средини меѓу Македонците од Егејска Македонија во Скопје, Битола, Прилеп и Ресен и други места во Републиката.

Од пред две години, Костурски формирал културно-уметничко друштво "Гоце Делчев", во Месната заедница "Панде Кајзерот", исклучиво од бегалци од Егејскиот дел на Македонија, со цел гаење на обичаите, филклорот и песната од тој дел на Македонија. Истовремено, формирал Иницијативен одбор за свикување на Леринski средби. Првата средба е одржана во 1983 година, наредната 1984 година, под истото име, чини обид да се одржат средби на сите бегалци од Егејска Македонија. За таа цел непосредно пред Новата 1985 година одржал состанок со сите Иницијативни одбори во СР Македонија за свикување на селски и регионални собири на бегалците и на истиот бил формиран одбор за одржување на егејска средба, на кој за претседател бил избран тој. Се донесо одлука овој одбор да прерасне во стална институција, да се изработи статут, програма, печат и штембил , се залагал дејноста на средбите да има културно-забавен карактер и апелирал да се води сметка активноста на одборите да не дојде во судир со позитивните законски прописи. Вистинските намери му биле преку оваа институција, преку разни форми на дејност, барем 30% од Македонците ги заштитат од грчка асимилација.

8

Инаку, доста добро ги познавал состојбите во Егејска Македонија. Имал доста пријатели и роднини со кои одржувал врски. Постојат укажувања кои не се проверени дека контактира со некои лица од ПОО "Провокатори". Костурски се познава и повремено контактира со ПОО "Дехитекс", "Матица", "Гинеколог" и други лица пројавени на националистичка основа.

Со својата дејност, Никола се јавува како "партнер" на нашата влада и Партија за заштита на нашите Македонци во соседните земји, посебно во Грција. Се конфронтирал со ОК и РК на ССРНМ, каде бил повикуван на разговор со цел да му се укаже дека нивните активности треба да се канализираат во и преку ССРНМ. Настојувањата да создаде Егејски средби не ги дадоа очекуваните од него резултати. Посетата од Грција на средбите е слаба, а опаѓа и бројот на посетителите од републиката што може да биде поттик Костурски да почне да применува и нелегални дејствија при организирањето на средбите.

Паралелно со обработката на активноста на Костурски ќе се работи проверка на евентуално влијание и индоктринација од страна на лицата установени носители на дејност од позиции на македонски национализам, како и обработка на најблиските негоди подржатели од иницијативниот одбор.

Доколку предлогот биде прифатен ПОО да се евидентира со псевдоним "Демагог".

СОГЛАСЕН:
ШЕФ НА ИСПОСТАВАТА НА СДБ
Божидар Кулевски

ПРЕДЛАГА:
ГЛАВЕН ИНСПЕКТОР
[redacted]

ОДОБРУВА:
НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

Сд2939/

ЕВИДЕНЦИОНЕН БР.192
26.3.1987 год.

РСНР - ОРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија:ГРО/О
Извор:"Демагог"
Инсп. [redacted]
Битола,3.о1.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"На поранешните контакти заборавам да информирам за средбите и разговорите што ги водев со Бубев Драган од с.Гавато, сега на привремена работа во Мелбурн,Австралија.Се истиот се сретнав 3 пати во текот на месец август 1986 година кај мене дома и на работното место.

Тој се претставуваше за голем Македонец, активно ангажиран во работата на нашите позитивни иселенички организации во Австралија.

Наводно бил учесник во НОБ, а во 1945 година бил осуден на 12 години затвор како учесник во "демон стрелците во Скопје кога требаше да одиме да Солун".По издржувањето на казната се иселил во Мелбурн, каде и денес се наоѓал.

Македонците во оваа земја биле добро организирани, меѓутоа дел од активистите биле поврзани со грчките ДКП.За такви ги знаел Козаров Димитар од Руља, кого во една прилика го нарече "Виктор" и Митревски Ѓорѓи од Нерет, по занимање бравар.Наводно Ѓорѓи своевремено барал од Грците кредит за да отвори дуќан и кога ќе му одобриле се свртил против нив и почнал да се бави со политика.И двајцата сега се декларирале за Македонци и се фалеле дека тие го напишале "Манифестот".Бубев сметал дека се работи за луѓе на Грција, а своето мислење го поткрепувале и со фактот што нивните деца зборувале грчки и англиски, а воопшто не знаеле македонски.

Според него "Манифестот" бил напишан во Мелбурн, а тој го знаел авторот, и "ако некого го интересира името,нека ме праша ќе му кажам".

./.

15

Наводно, Бубев своевремено имал добиено писмо од истиот човек потпишан на Манифестот, па со споредба на раководите можело лесно да се утврди дека се работи за исто лице."

II

На последниот состанок со изворот беше разговарано и за неговите врски во прекуокеанските земји.Притоа го спомна името на Бубев со кого се сретнал во летото, а од разговорите имал фатено прибелешки.

Односувањето на Бубев, кој е соработник на Службата, користен по II линија е доста интересно и индикативно, посебно при презентирањето податокот за авторот на манифестот, кое од страна на изворот било оценето како провокација.

Козаров и Митревски се од порано познати на Службата под име Димитров Васил (Виктор) односно Велов Ѓорѓи.Истите се блиски со лицата заведени во ОО "Провокатори", а во текот на 1984 година заедно со Скендерис и Гоцис претстојувал во Скопје, каде се сретнал со поранешниот конзул во Австралија Цветан Николовски.

За нивното поранешно држење и односување постојат контрадикторни сознанија, а моментално се меѓу најекспонираните активисти на потокомитетот на ЦОК за МЧП во Мелбурн,Австралија.

III

Лица:
1.Димитров Васил роден 1934 година во с.Руља,леринско, член на подкомитетот на ЦОК за МЧП,Мелбурн,Австралија.

2.Велов Ѓорѓи, род.1933 година во с.Нерет,леринско, член на подкомитетот на ЦОК за МЧП во Мелбурн,Австралија.

Отчукано во 3примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

16

Сд 2939/

26-5 87 191

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија:ГРС/О
Извор:"Демагог"
Инсп. [redacted]
Битола,6.01.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"На 5.01.1987 година со сопругата отпатував за Лерин.По пристигнувањето отидов на дуќан кај браќата Гоцис, а тука ги затекнав и Петро и Стефо Димцис.
Ме поканија да одам и заедно со нив во с.Овчарани, каде имале нешто работа, меѓутоа бидејќи јас требаше да одам во с.Св.Петка, кај еден мој бивш пациент не се согласив.За да не одам сам, го оставија да ме придружува братот на Петро, Димцис Стефанос, со кого останавме скоро до вечерта. Во разговорот тој ми рече дека е во многу лоша положба.Жена му била наработа во Солун, како учителка во некое забавиште, а тој моментално бил во Лариса, но во секој момент очекувал ново преместување. Една од причините за вакаиот третман според Стефан била неговата свадба одржана во месец јуни 1986 година на која имало преку 800 гости и се пееше исклучиво македонски народни песни.
После ова бил повикан од претпоставените во Солун, предупреден поради неговото однесување и опоменат дека доколку продолжи јавно да ја декларира својата национална припадност, следувало да биде суспендиран, односно отпуштен.
Последното преместување во Лариса, со што бил разделен од сопругата, било пресметано на тоа врз него да се изврши психолошки притисок и на тој начин го принудат самиот да се откаже од службата.Свесен бил дека со вакво свое однесување

./.

17

можи да си навлече, небутов неможел да отстапи од своите убедувања и се помири со асимилацијата на нашето малцинство во Грција.

Некој негов школски другар кој работел во командата на жандармеријата во Атина го известил дека за него постои поголемо досие во кое се бележел секој негов чекор.Во истото наводно стоело дека не е подобен за работа во полицијата, бидејќи се декларирал како Македонец.

Доконку го истерале од служба имал желба да се задржи на Педагошката академија во Скопје како знаел дека со тој диплома не ќе може да се вработи во Грција.
Стефанос направи желба да се сретне со претставник на нашите власти од Скопје и побара помош и насоки во кој правец да се движат акциите за добивање национални права за македонското малцинство во Грција.Затоа се интересираше дали познавам некој "годен"човек и дали можам да му организирам контакт.Јас му реков дека имам другари во Битола и Скопје, небутов ни се на некои високи политички функции.

По патот Стефо ми раскажуваше и за случајот пред неколку години кога во Солун полицијата ухапсила двајца наши граѓани од Кичево, обвинети за кражба на автомобилски гуми.Истите биле малтретирани и успеале да извлечат од казна затвор 10 месеци, заменета со парична казна од 90.000 драхми. Стефо се сожалил,ја платил кауцијата и откако ги ослободиле заедно со нив отпатувал во Кичево.Таму го задржале 4-5 дена и цело време го нетале и частеле по кафаните.Пред заминување бил повикан во полицијата, каде наводно бил малтретиран и распрашуван од каде располага со толку парични средства, а му било предрдано и тоа дека бил дојден да се занимава со шпионажа.Кога го објаснил случајот бил предупреден и пуштен да се врати за Грција.

По враќањето во Солун бил следен секој негов чекор и кратко по тоа бил преместен на Пелопонез.

./.

18

3.-

И мене ме интересира дали е вистина ова со случајот во Кичево. Наводно едниот од двајцата кичевчани бил трговец или трговски патник, бил низок по раст и ми се чини дека се викал Добри.

Разговорот со Стефанос го водев при одење и враќање за Св.Петка.

Предходно неговиот брат Петро изрази желба да дојди во Битола и го однесам да слуша македонска народна музика. Му предложив да дојдат на прославата на патриотскиот празник на КУД "Гоце Делчев" од Битола по кој повод истото ќе приреди концерт на 4 или 5 февруари о.г. Тој со задоволство ја прифати поканата со забелешка дека ќе организира доаѓање на поголема група негови пријатели.

Коста Гоцис ми рече дека касетите со народни песни ќе веќе биле размножени во повеќе примероци и растурени низ леринските села. Спомна дека имале поголем број истомисленици во с.Забрдани,леринско с.Мокрени-костурско и с.Ракита-кајларско.

За време на претстојот не забележав мерки на полицијата како при враќање од СВ.Петка едно возило постојано одеше зад мене, меѓутоа не можам со сигурност да тврдам дека ме следеше. При влез забележав дека на граничниот премин "Неготчани" има поставено талба со напис на македонски јазик -„обавезна зелена карта" и "забрането пушење".

Пред десетина дена во своето родно место с.Забрдани,леринско беше и мојот комшија Филипов Миле, вработен во Водостопанство "Пелагонија", иначу член на Одборот за организирање на средби на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Во Грција остана една недела, а наводно виза му издејствувал некој негов братучед. Миле е еден од најактивните во Одборот, а ова е првпат да патува во Грција.Повраќањето го прашував за престојот, меѓутоа не беше многу расположен да зборува. Колку што сум запознат неговиот татко остана да живее во Ташкент-СССР каде се прежени ,а во с. Забрданиима чичко и први братучеди."

II

По враќањето од Лерин ПОО"Демагог" благовремено се јави да информира за реализираните контакти и водените разговори.

./.

19

4.-

Врската со грчките граѓани Димцис Петрос и Стефанос изворот ја воспостави преку објектите Гоцис. И двајцата се од порано познати на Службата како национално осознаени и во голема мера експонирани на промакедонски план, блиски со лицата заведени во ОО "Провокатори".

За Стефанос располагаме со потврдени сознанија дека во текот на минатата година претстојувал во Скопје со намера да се запише на ВШ, а контактирал и со претставник на Матицата на иселениците.

Служ бата и порано има регистрирано обиди на објектите да стапат во контакт со претставници на нашето највисоко републичко раководство заради добивање поддршка за нивните ангажирања и активност кое беше оценувано како смислена провокација на ГРС и обид за компромитација на нашата земја.

Интересен е и податокот за патувањето во Грција со одобрена виза на граничниот премин "Негочани" на нашиот граѓанин Филинов Миле, со кој по предходна проверка и проучување ќе биде обавен информативен разговор.

Со "Демагог" е договорено да ги продолжи контактите со именуваните постапувајќи по договорот со I и III сектор.

III

Лица:
1.Гоцис Јоаннс
2.Гоцис Константинос-ОО "Провокатори"
3.Димцис Петрос, род.1957 година во с.Д.Клептина,леринско, Македонец,грчки државјанин,професор.
4.Димцис Стефанос, род.1959 година во с.Д.Клептина,леринско, Македонец,грчки државјанин, полициски водник.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ЖСДБ-Битола

20

Стојан К

ЕВИДЕНЦИОНА БР. 113
16-2 1987 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија-ГРС/О
Извор: "Демагог"
Инсп. [redacted]
Битола, 5.02.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"На 3.02.1987 година по телефон ми се јави Митроникас Јоанис од С.Ботеско, еден од раководителите на КУД "Акритас Алмопијас" од истото место. Притоа ме информира дека конечно од Министерството за култура добиле дозвола за еднонеделно гостување, односно настап во Белград или некое друго место во СР Србија.

Имале намера по настапот да се вратат за Грција преку Битола, каде ќе останеле извесно време да разговараат со претставници на нашето КУД "Гоце Делчев", со кое од поодамна имале желба да воспостават соработка."

II

За време на минатогодишниот престој во Пожарско изворот случајно се сретнал и запознал со Митроникас Јоанис и Димитриос Н. раководители на КУД "Акритас Алмопијас" од С'ботеско.

Оттогаш се покренати иницијативите за нивно гостување во СРМ, меѓутоа Министерството за култура на Грција во повеќе наврати ги одбиваше, упатувајќи ги да гостуваат во друга република во СФРЈ или во друга земја, за конечно кон крајот на годината да им одобри гостување во Италија.

Митроникас е досега непознат и непројавен, а според непотврдени сознанија имал блиски роднини во Битола кои по идентификацијата ќе бидат детално проверени и проучени со согледување на можноста за оперативно користење.

./.

21

III

Лица:

1.Митроникас Јоанис, род.1950 година во Пожарско, Македонец, грчки државјанин, сопственик на кафеана во С'ботско.

2.Димитриос Н. стар 42 години,роден во Пожарско, сега живее во С'ботско, Македонец,грчки државјанин,бивкареки службеник.

Отчукано во 3 примероци

Доставено до:
- 1 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.СДБ - III сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

22

Сд 3781/

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 230
9.4 1987 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија:ГРС/О
Извор:"Демагог"
Инеп. [redacted]
Битола,20.о2.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"По повод прославата на годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, истоименото КУД од Битола на 7.о2.1987 година организира приредба со учество на сите културно-уметнички друштва од градот.

На свеченоста покрај другите присуствуваа и 14 грчки граѓани со македонско потекло од с.Овчарани и Д.Клештина-леринско и с.Ракита-кајларско,кои пристигнаа со три патнички коли. Меѓу нив беа и Коста Гоцис со сопругата Фани, професорот Димџис Петрос, потоа Јани И. од с.Ракита со сопругата и уште неколку нивни пријатели. Споменатиот Јани од Ракита,пред две години гостуваше во с.Трново на Леринската средба и зборуваше во репортажата на ТВ -Скопје.

Гостите беа многу задоволни од квалитетот и содржината на програмата, а посебно од застапениот фолклор од Егејскиот дел на Македонија.Изразија желба да се воспостави соработка на КУД "Гоце Делчев" од Битола и КУД од Ракита преку размена на кореографи, гостување на нашето дру КУД во Грција и заеднички настап за што ќе следеле дополнителни дговарања.

По приредбата ги поканив гостите од Грција на вечерта организирана во ресторанот на Спомен домот на културата.На истата присуствуваа и првоборците Вангел Нечевски-Тунелот и Дојчин Апчевски, потоа претседателот на ОК ССРНМ-Благој Христовски, потпретседателот на ИС СО Битола-Ѓорѓи Лумбурковски,секретарот на СВР-Владо Петковски, секретарот на СИЗ за култура Јован Кочанковски,управникот на домот -Петар Целаковски и други.

./.

23

Во еден момент некој од функционерите се заинтересира за гостите од Грција и јас им реков дека можам да ги запознаам со некого од нив.Му реков на Коста кој се согласи и дојде на нивната маса. Го прашаја за впечатоците од приредбата на што одговори дека многу му се допаднала.Тогаш Целаковски рече дека ваква приредба можела да се организира само во една социјалистичка земја, за што не можело да стани збор во Грција или некоја друга западна земја. Коста му одговори дека тој вечерва дошол да види една добра престава, организирана од добри луѓе, а дека не го интересирало ни социјализам ни капитализам.

Потоа Томе Василевски го прашуваше Коста како се вика, од каде е и што работи.Во разговорот упадна и Тунелот кој рече дека како партизан има поминато во с.Овчарани и други места во Егејска Македонија. На ова Коста истакна дека тие навистина направиле многу во време на Втората светска војна кога успеале да ги истераат германците и бугарите, меѓутоа денес се покажале како неспособни. Настана една непријатна атмосфера на го повикав Коста да се искажи докрај што ќе мисли, бидејќи изреченото преставува навреда за присутните.Потоа тој објасни дека во повоениот период било направено многу за афирмацијата на македонскиот народ во СРМ, што не било случај со деловите кои останале да живеат во НРБ и република Грција.За него било несватливо што нашите власти, а посебно боречката организација пасивно го посматрала негаторскиот однос на СПЦ и патријархот Керман кон МПЦ, на што во грчкиот печат се давало голем публицитет.Сметал дека Југославија досега требада да го надмине овој проблем кој преставувал пречка за уште поголема афирмација на македонската нација во целина.

Неговото објаснување и извинувањето поради нецелосното познавање на нашиот јазик ги задоволи присутните кои на крајот срдечно се поздравија со него и го испратија до излезот.

Јас со мојата кола ги испратив гостите од Ракита до граничниот премин "Негочани", а по патот го запрашав Јани каков бил неговиот третман по враќањето од минатогодишната крвд Леринска средба и дадената изјава во репортажите на ТВ-Скопје.Одговори дека немал никакви проблеми со полицијата и дека емисијата во селото ја следел

./.

само 2-3 фамилии.На крајот најави ново доаѓање во Битола, и ме покани да го посетам при наредното патување во Грција."

II

Изворот со извесно задоцнување информира за престојот на Гоцис Константинос, ОО "Провокатори" и останатите грчки граѓани, бидејќи претпоставуваш дека со содржината на водените разговори не има запознато првоборецот Вангел Нечевски-Тунелот поранешен припадник на Службата.

За карактерот на воспоставените врски и односи на ПОО "Демагог" со објектите пошироко имаме информирано во порано презентираните оперативни материјали.

Гостувањето на грчките граѓани по повод патрониот празник на КУД "Гоце Делчев" беше договорено при последната средба изворот со Гоцис во Битола.

Нивниот престој и присуство на прославата организирана по повод роденот ден на Гоце Делчев се доста интересни и индикативни и заслужуваат сестрана анализа од аспект на утврдување вистинскиот мотив и позадина.Дали се работи за желба лично да се присуствува на одбележувањето на годишнината од раѓањето на идеологот на македонското револуционерно движење од илинденскиот период или е во прашање вешто смислена провокативна игра на ГРС заради нивно подобро пласирање кај нашата служба?
Секако давањето одговор на ова комплексно прашање е мошне сложен проблем и бара наше уште поголемо ангажирање во барање и изнаоѓање позиции од нивната средина заради согледувањето на нивната вистинска улога и позадина.

По сеќавање на изворот и евиденцијата на граничниот премин "Меџитлиј успеавме да идентификуваме уште 5-мина од присутните грчки граѓани, а имено:Анастасијадис Ставрос,Делинаум Евангелос, Андониадис Стефанос, Сиекрис Трајанос и сопругата на Константинос-Гоцис Фани.Истите се досега непознати и непријавени,а според непотврдени сознанија сите потекнуваат од позитивни сиејства во минатото експонирани на промакедонски план и некои како такви репресирани од поранешните грчки режими.

./.

25

Информирано со телеграма бр.37 од 2о.о2.1987 година.

3.-

III

Лица:

1.Гоцис Константинос,ОЗ "Просветители"

2.Димцис Петрос од татко Кирјакос, род.14.о1.1957 година во с. Д.Клентина,леринско, каде и живее,Македонец,грчки државјанин,професо

3.Анастасијадис од т.Јоанис род.22.9.1954 година во с.Овчарани, каде и живее, Македонец,грчки државјанин .

4.Јелинаки Јоаннис род.1о.7.1963 година во с.Овчарани,леринско каде и живее,Македонец, грчки државјанин,невработен.

5.Аконтадис Стефанос, род.27.7.1961 година во с.Крушорани,леринско, Македонец, грчки државјанин,земјоделец.

6.Гоцис Вани од татко Евангелос, родена 3.о3.1947 година во с.Нерет -леринско,Македонка, грчки државјанин,домаќинка.

7.Сиакрис Трајанос, род.1о.о3.1961 година во с.Овчарани,леринско, каде и живее, Македонец, грчки државјанин.

Отчукано во 5 примероци

Доставено до:

- 1 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.МСДБ-Битола

26

30-4 1987

IV

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија:ГРС/О
Извор:"Демагог"
Инсп. [redacted]
Битола,30.03.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"На 28.03.1987 година фамилијарно престојував во Грција се задржував во Лерин и с.Д.Клештина,лернинско.
Во Лерин кратко се сретнав со Гоцис Јоанис, ОО "Провокатори" кој изрази загриженост поради заострувањето на ситуацијата со Турција и страв дека при евентуална ескалација на судирот мобилизираните војници со македонско потекло би биле ставени во првите борбени редови како во минатото. Кај населението била присутна голема вознемиреност, а имало појави да се купуваат и складираат поголеми количества прехрамбени продукти.

Во с.Д.Клештина се сретнав со полицискиот водник Димцис Стефанос кој рече дека не успеал да биде избран во личното обезбедување на пратеникот и заменик министер за рударство Пецос Георгиос. При интервенцијата во МВР на Пецос му било речено дека се работи за неподобна личност, која во најскоро време ќе биде отпуштена од служба.

Поради наводна загриженост за својата егзистенција,Димцис најави доаѓање во Скопје во текот на наредната недела, со намерата да се вработи во МВР со помош на некој свој пријател или роднина."

II

За воспоставената врска на НОО "Демагог" со Гоцис Јоанис, ОО "Провокатори" и полицискиот водник Димцис Стефанос повеќе имавме информирање во претходно презентираните оперативни материјали.

./.

27

Податокот за голема вознемиреност и присутна психоза на страв кај населението е потврден од повеќе наши извори.

Димцис и порано има најавувано интерес за вклучување на ВМШ во Скопје, а последната најава сметаме дека треба да биде искористена за наше соодветно поставување, односно обавување информативен разговор со карактер на расчистување.

За престојот на НОО "Дематег" во Лерин информиравме со телеграма бр.71/577 од 30.03.1987 година.

III

Лица:

1.Гоцис Јоанис,ОО "Провокатори"

2.Димцис Стефанос од татко Кирјакос, роден во с.Д.Клептина, леринско,сега живее во Лариса,Македонец,грчки државјанин,полициски водник.

Отчукано во 3 примероци

Доставено до:

- 1 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

28

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 671
2 9 1987 год.

[redacted]

[redacted]

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Линија:ГРС
Извор:"Домаќин"
Имен. [redacted]
Битола,15.07.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Традиционалната средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во с. Трново-Битолско, оваа година ќе се одржи на 25 и 26 јули.По тој повод Организационниот одбор изработи покана со програма која содржи спортски натпревари и литературна вечер планирани за 25.07. 1987 година и Општонароден собир закажан за 26.07.1987 година.Во прилог на поканата е публикуван текстот од новокомпонираната народна песна "Каде сте Македончиња" изведена на последниот Валандровски фестивал и Повелбата за заштита и слободна употреба на малцинските и регионални јазици што министерскиот одбор на 21 земја членка к парламентарното собрание на Советот на Европа треба да ја усвои овој месец. Во истата почетку другите се вели:"Една длабока хумана, на политички моќни далекусежни идеи е поддржана од културните, социјалните и политичките институции и личности во сите земји на Советот на Европа.

Во Предлог-Повелбата се утврдуваат "минимум одредби" кои мораат да ги потпишат и со своето законодавство да ги направат правосилни,сите земји-членки на Советот на Европа.

Потписниците се обврзуваат дека ќе ги почитуваат начелата на рамноправност на малцинските и на регионалните јазици, како и дека ќе ја поттикнуваат нивната слободна употреба, без разлика кои јазици се во прашање.

Повелбата предвидува овозможување слободна употреба на мајчиниот јазик во приватниот и јавниот живот, во средствата за информирање, како и формирање на педагошки кадар и настава на мајчин јазик.

./.

29

Независните стручњаци и двата комитети кои работат по налог на Европскиот совет, сметаат дека во северниот дел на Грција луѓето зборуваат и на словенски јазик,кој главно го нарекуваат македонски-егејско или славомакедонски.Експертите тврдат дека во Грција, меѓу јазиците на малцинствата се:македонски,влашки,турски,арбанашки и јазикот на Ромите.
Повелбата да прерасне во меѓународна конвенција!"

На крајот од поканата одборот на средбата апелира преку владата на СРМ и СФРЈ до парламентарното собрание на Советот на Европа и министерскиот одбор на земјите членки, како и сите прогресивни сили, на пошироко дефинирање и спроведување на оваа повелба.

Имаме замисла примерок од повелбата потпишан од поголем број егејски Македонци од Битола и Републиката кои ќе присуствуваат на средбата да биде испратен до Претседателството на СРМ како знак на поддршка и согласност со сите мерки кои се преземаат за заштита на нашето малцинство во соседните земји, меѓутоа се отстапи од оваа намера.

II

Извештај и овојпат благовремено информира за преземените мерки и планираните активности за овогодишната средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Исто така достави неколку примероци од поканата изготвена по повод нејзиното одржување, а која беше делена во Битола и републиката. Податоците за времето и местото на одржувањето на средбата беа објавувани и преку Радио -Битола, дневниот печат, а на неколку места во градот беа истакнати и пригодни плакати.

Според потврдени сознанија дека од поканите преку родбински врски биле испратени во Леринско и други места во Егејскиот дел на Македонија.

Како и во поранешните години Службата ќе ги следи и благовремено ќе информира за сите активности сврзани со оваа манифестација.

Информирано со телеграма бр.1433 од 17.07.1987 година.

Отчукано во 3 примероци/О.С.
Доставено до: - 2 пр.СДБ I сектор
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.МСДБ-Битола

30

сер.рио х

ВНЕСЕНО во СРБ
17-9-87

Ч Б. Жулевски! за загреб. дали. сигур?

IV-.

РСНР -СРМ
Служба за државна безбедност
Македонска -Битола
Линија:ПТС
Извор:"Демагог"
Инв.[redacted]
Битола,1.09.1987 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

"Во врска со личноста и дејноста на полициското водник Димче Стефанес од с.Д.Клентина,лерински,сакам да изнесам некои свои забелувања и размислувања.

На ова ме поттикна патот на судијатаКоле Манев од Скопје кој на последната Леринска средба во с.Трново-битолско, ми пријатели и без забелешкување ми рече да му пренесам на Димче порака дека во почетокот на септември треба да дојди во Скопје заради полагање на испитот на ВШВ.На мојот одговор дека не знам за кого зборува ми рече да не се правам наивен и дека со сигурност знае за моите врски со Стефо.

Истакнатиот Манев не го сметам за случаен, бидејќи никогаш досега во овадишните средби и разговори не ми помената тема за моите врски и контакти со луѓе од Грција.Неговото однесување за мене е очигледна провокација меѓутоа не можам да ја согледам неговата позадина.Ако се работи за човек на нашата служба, тоа е навистина непрофесионален потег, а во спротивно треба повеќе да обратите внимание на неговото однесување и врски со Грција.

Исто така доста индикативно држење и однесување има и членот на организацискиот одбор за одржување на Средбата од Скопје-Абов Кауи.Тој е многу близок со тетиното на браќата Гоцик, Ташко Н. по потекло од с.Овчарани,сега пензионер во Скопје и е во тек со сите наши активности.Тој се обидува да се претстави за чесен Македонец, заинтересиран за положбата и третманот на нашето малцинство во Егејскиот дел на Македонија, а од друга страна е една од врачките за организирање на Одборот во Скопје. Дали се работи за лични амбиции или е во прашање нешто друго неможам да одговорам.

./.

31

Имаму доста отворени прашања наметнува и држењето на Димитрие.Како е повеќе пати преметуван поради јавно и отворено декларирање на својата национална припадност, тој и понатаму продолжува со своето одбивање.Од достапните средби и разговори со него имам добиено впечаток дека сака да стапи во контакт со лица од највисоките раководители на СРМ по потекло од Егејскиот дел на Македонија, по моје мислење со Тунтуровски.

Неговото работење често од една и недоличностите однесувања од друга страна, во прв наврат наметнува впечаток и размислување за можноста повеќе него да стои полицијата. Во една прилика ова другото му го предочи мојот познаник од с.Са.Петка-керчиско Бадарне, кој го замолил да го го пушта полицијата да ги прекршува човечките Македонци.Стефо на ова само се насмеал и му рекол да ми дојдеде во него и да ме се секира.

Најновиот развој на настаните во неговото работење во Скопје и универзитетската во службата исто така може да оди во прилог на ваква претпоставка.

Меѓутоа, последниот момент според мене наметнува и друго размислување.Дали ТЕЕ, поседувајќи во работи на најразлични профили, во свој потег нема да го компромитира неговото македонското опредделување? Или пак да ја пасивизира таа цел, бидејќи што не се работи за најразлични профили, а неговото отворање од страна на предложените профилирање и фалсификување на македонското национално? Мене ми се чини дека можеби и постојат во одреден степен такви цели, иако сериозно е да се напомнам дека ќе се следат и регистрират широкото потези,кругови и контакти. А можеби во овој момент официјалната грчка политика не е спремна да реагира со превземање порадикални мерки.

XII

Последниот состанок со изворот е одржан по негово барање за да ги изнесе своите размислувања во врска со личноста и држењето на полициското водник Димитрие Стефанов.

./.

32

Сметаме дека изнесените впечатоци од непосредните контакти со него, согледувањата за евентуалните поводници и наметнатите отворени прашања се доста логични и кредибилни и бараат наше соодветно постапување за дадење внатрешен одговор.

Ова така треба да се одбележи квестинот на Жапов и Абов чие дружење и одвојување ако не се работи за мешани на Службата забележува ангажирање на Службата со цришми за соодветен оперативен третман.

III

Лица:

1.Јован Жапов, роден во с.Баница,леринско, сега живее во Скопје, судија во судот на ЗР.

2.Абас Абуи, по потекло од Егејскиот дел на Македонија,сега живее во Скопје, учесник во НОВ и ДАГ,пензионер.

3.Димитар Стефанов, род. во с.Д.Клештина,леринско, сега живее во Солун,Македонец,грчки државјанин,медицински службеник.

4.Гоце Јованов и Константинов, ОО "Преспанци".

Отпечатено во 5 примероци

Доставено до:

- 1 пр.СДВ I сектор
- 1 пр.СДВ XII сектор
- 1 пр.СДВ IV сектор
- 1 пр.МВР-Битола

ЕВИДЕНЦИЈА бр. 813
15.10 1987 год.

Р С В Р – С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава – Битола
Инсп. Љупчо Чкламовски
Битола, 13.1о.1987 година

превидентирана на 20.10.1987

Согласно Правилата за работа на СДБ, се поднесува

П Р Е Д Л О Г

За дерегистрирање од ПРЕТХОДНА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА на лицето КОСТУРСКИ НИКОЛА, од татко [redacted] роден 06.03.1944 година во с. Црнец – битолско, а сега живее во Битола на ул. "Партизанска" бр. 47-а, лекар – специјалист по нуклеарна медицина при Медицинскиот центар – Битола, Македонец, државјанин на СФРЈ, оженет, татко на две деца, заведена на 5.6. 1985 година под псевдоним "ДЕМАГОГ".

Дерегистрирањето се предлага поради тоа што од досега преземените оперативни мерки, не се потврдени основите на сомневање дека дејствува спротивно на нашите уставни определби од позиции на македонски национализам.

О б р а з л о ж е н и е

ПОО "ДЕМАГОГ" е заведен во обработка на 5.6.1985 година, поради постоење сомневање дека со своите активности се јавува како "партнер" на нашиот систем, во мерките кои ги презема нашата партија и влада заради заштита на македонското национално малцинство во соседните земји, посебно Грција; не ги почитувал насоките на нашите ОПО, посебно на ОК и РК на ССРНМ; сметал дека мерките што ги преземала нашата влада

./.

за заштита од асимилација и денационализација биле недоволни па заговарал своја иницијатива за таа цел, преку ширење на вакви идеи меѓу бегалците од Егејскиот дел на Македонија, особено меѓу интелигенцијата; дека со свои истомисленици формирал КУД "Гоце Делчев", исклучиво од бегалци од Егејскиот дел на Македонија со цел да се негуваат обичаите, фолклорот и песните од овој дел на Македонија; паралелно формирал иницијативен одбор за свикување на "Дерински средби" и бил избран за претседател на истиот; одржувал блиски односи со ПОС "Дехитекс", "Матица", "Гинеколог" и други лица од оваа структура и постоење на индиции дека е во контакт со грчки државјани опфатени во ОО "Провокатори" на I сектор СДБ.

Предметот се проучуваше и обработуваше преку соработниците "Питомец", "Мисирков" и оперативните врски "ЕЖГ" и "Таше".

Од досега добиените сознанија не беа потврдени основите на сомненија дека истиот делува непријателски од позиции на македонски национализам.

Во текот на обработката, по потврдата на сознанијата дека одржува контакти со дел од лицата заведени во ОО "Провокатори", од страна на колегите кои работат по линија на ГРС минатата година ПОС "Демагог" беше повикан на разговор заради расчистување карактерот на воспоставените врски и односи со истите. Притоа презентира значајни сознанија од наш интерес, оставајќи впечаток на отворен, искрен и објективен човек и самоиницијативно изрази спремност да информира за натамошните средби и разговори со споменатите грчки граѓани.

Контактите со него продолжија и во наредниот период, а со текот на времето доби карактер на континуирана и организирана работа, поради што по консултациите и договорите

./.

35

3.-

со I и III сектор на СДБ се одлучи истиот да се дерегистрира од ПОС и евидентира во активната соработничка мрежа.

ПРЕДЛАГА
Инспектор,
Љупчо Чкламовски

СОГЛАСЕН
Шеф на Испоставата на СДБ,

[redacted]

ОДОБРУВА
Началник на III сектор,
Божидар Кулевски

36

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
07- 1239/1
03 09 2013 год.

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по поднесената писмена изјава заверена на нотар и по службена должност за лицето Костурски Никола од Битола, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка , на седницата одржана на ден 03.09.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Костурски Никола , лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување-Советник во Советот на Општина Битола, со ЕМБГ 0603944410003, роден на 06.03.1944 година, со псевдоним "Демагог", бил соработник со органите на државната безбедност, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Костурски Никола од Битола со ЕМБГ 0603944410003, роден на 06.03.1944 година, лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување-Советник во Советот на Општина Битола, по службена должност, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката Комисијата утврди дека за лицето Костурски Никола, во Државниот архив на Република Македонија постои лично досие со бр.25968 во кое постојат документи од кои се утврди, дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, постојат писмени документи од кои се утврди дека свесно, тајно, организирано и континуирано имал активности и соработувал со органите на државната безбедност во својство на таен соработник при оперативно прибирање на информации што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност, во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини.

Во неговото личното досие бр. 25968 покрај другите документи постојат и : насловната страна од лично досие, од која јасно се гледа дека дека истото се заведува заради дејствување на лицето Костурски Никола по линија на македонски национализам и шовинизам, односно, македонски националист (шовинист, сепаратист и хегемонист).

Понатаму, од документот Оперативна процена... од 25.02.1985 година, се утврди дека со започнувањето да се организираат средби на бегалците од Егејска Македонија на поедини села, се родила идеја тие да прерастат во градски средби. За таа цел се формирале иницијативни одбори кои го тоа спроведувале... Никола кој што сметал дека средбите треба да прераснат во "Егејски" и преку истите требало да се влијае на

Македонците во Грција со цел да се осознаеле како такви и спречела понатамошната асимилаторска политика на Грција. Од Никола Костурски, добиени биле сознанија за многу широк круг на врски во интелектуални средини во Скопје, Битола, Прилеп и други места во Републиката, како и тоа да во Скопје имал неброени врски со интелектуалци од средина на бегалците од ЕМ, али и други, но особено се спомнуваат Петре М. Андреевски, Слободан Мицковиќ, Анте Поповски, Блаже Ристевски, Христо Андонов-Пољански.

И во Битола бил близок со целокупната интелигенција од овој дел на Македонците, а особено со ПОО Дехитекс и Матица, наведувајќи и голема листа на други лица... На крај од овој документ да се констатира дека службените лица работеле на тоа да се проверат вистинските состојби и правите намери на ваквата активност на Костурски и другите негови едномисленици, заради што и предлагале над него да се заведе ПОО и да се преземат целосни мерки преку кои ќе се одговори на прашањето дали тој дејствува од непријателски или други побуди. Ваквата активност, подоцна низ другите документи да се искористи и за негово ангажирање за соработка со органите. Така, од документот Предлог за заведување во ПОО... од 23.09.1985 година, јасно се гледа дека во н его, покрај општиот опис со генералиите на ова лице, опишаное и тоа зошто ова лице се заведува во ПОО, кои извори ќе се користат спрема него, со кои лица контактирал, дали врз него вршат индоктринација лицата установени носители на дејност од позиции на македонски национализам, како и обработка на најблиските негови подржатели од иницијативниот одбор. Што е најбитно за Комисијата, констатацијата дека: Доколку предлогот биде прифатен ПОО да се евидентира со псевдоним "Демагог". Значи јасно се гледа дека во сите документи, кои подолу се изнесуваат, а каде како извор се јавува "Демагог", значи дека тој псевдоним му е даден на лицето Никола Костурски.

Од документот Телеграма бр.10-67 од 03.06.1986 година, видливо е дека истата е доставена од ИСДБ Битола до РСВР СРМ СДБ 3 и 4 Сектор со укажување за делувањето Одборот за организацијата на средби на македонците од егејскиот дел на Македонија - Битола, особено опишувајќи дека се расправало за имотите на бегалците вон границите на тогашна СФРЈ. Се известува за заклучоците кои биле донесени, како и тоа дека се расправало и за основните човекови права на македонците во соседните земји, за заклучоците по повод посетата на Грчкиот премиер Папандреу на Белград и дека се очекувало од властите во Белград да го покренат прашањето за правата на македонците од егејскиот дел на Македонија, прашањето за визите, за приемот на Папандреу кај Патријархот на СПС Герман, истапот на професорот Живоиновиќ со негирање на МПЦ...Изнесувајќи дека ..."најголема активност во ова покажал ПОО Демагог, преку кого се следи дејноста и на одредени лица од овој одбор"... што укажува и на организираната дејност на лицето Никола Костурски со органите на државната безбедност за следење на горните активности.

Од документот Телеграма бр.10-185 од 29.10.1986 година, видливо е дека истата е доставена од ИСДБ Битола до РСВР СРМ СДБ 1, 3 и 4 Сектор со укажување на фактот дека, сите тие информации се добиени од ПОО Демагог, каде во телеграмата јасно стои и се опишува: ..."ПОО Демагог и порано има информирано за барања на објектите да им обезбеди видео касети со македонски народни песни"... "тој и понатаму организирано ќе се користи во овој правец, постапувајќи по договорот и извршените консултации со 1 и 3 Сектор".

И од документот службена белешка од 29.10.1986 година јасно се гледа дека Извор на информациите е Костурски Никола, кој на службеното лице на СДБ му изнесувал информации за македонците од егејскиот дел од Македонија, за нивните ставови во врска

со тамошното население, врските со лица од здружението на Македонците со потекло од егејскиот дел на Македонија кои живеат во (С.) Република Македонија, за да на крај службеното лице констатира дека ..."ПОО Демагог и порано има информирано... Тој и понатаму организирано ќе се користи во овој правец, постапувајќи по договорот и извршените консултации со 1 и 3 сектор".

Од Службената белешка од 03.01.1987 година, повторно јасно се гледа дека Извор е лицето со псевдоним Демагог, каде јасно се кажува дека..."на поранешните контакти заборавил да информира за средбите и разговорите што ги водел со лицето Бубев Драган од с. Ѓавато, сега на привремена работа во Мелбурн, Австралија. Со истиот се сретнал три пати во текот на месец август 1986 година кај него дома и на работното место. Изнесувајќи дека тој се претставуваше за голем Македонец, активно ангажиран во работата на нашите позитивни иселенички организации во Австралија"... Понатаму, Изворот изнесувал подробности за личноста на тоа лице, како се преставувал (наводно) како учесник во НОБ, а од 1945 година бил осуден на 12 години затвор како учесник на демонстрациите во Скопје кога требало да се оди на Солун, како по издржувањето на казната се иселил во Мелбурн, каде и денес се наоѓал. Изнесувал за неговите гледања за организираноста на Македонците во Австралија. Изворот изнесувал стекнати сознанија и за авторите на одреден "Манифест", дека според лицето Бубев, Манифестот бил напишан во Мелбурн, а тој го знаел авторот, па затоа кажувал: "ако некого го интересира името, нека ме праша ќе му кажам". На крај службеното лице коментира дека на последниот состанок со изворот било разговарано и за неговите врски со прекуокеанските земји, изнесувајќи дека изворот во таа насока го спомнал Бубев (соработник на службата), користен по втора линија. Службеното лице, според кажувањата на изворот, ги нотира и настапот на Бубев, како провокација, како и средбата на поранешниот конзул во Австралија Цветан Николовски со лицата Димитров Васил, Вељов Ѓорѓи, Скендерис и Гоцис, за чие поранешно држење и однесување постоеле контрадикторни сознанија, а моментално биле меѓу најекспонираните активисти на поткомитетот на ЦОК за МЧП во Мелбурн Австралија.

Од Службената белешка од 06.01.1987 година видно е дека како Извор на информациите на службата за државна безбедност повторно се појавува Демагог и истиот на службеното лице од СДБ му изнесува информации околу неговиот престој во Лерин и средбата со браќата Гоцис, осознаени Македонци од Егејскиот дел на Македонија, изнесувајќи за нивните активности и ставови околу нивната национална припадност. Изнесе сознанија и за неговиот сосед Филинов Миле, инаку член на Одборот за организирање на средби на Македонците од егејскиот дел на Македонија, како тој бил еден од најактивните во Одборот, како и тоа да тој прв пат престојувал во Грција и дека останал една недела, како и тоа да истиот ништо нему не му зборувал на за престојот во Грција.

Од овој документ е битно и тоа што: ...по враќањето од Лерин ПОО Демагог благовремено се јавил да информира за реализираните контакти и водените разговори.

Изнесе сознанија и за неговиот сосед Филинов Миле, инаку член на Одборот за организирање на средби на Македонците од егејскиот дел на Македонија, како тој бил еден од најактивните во Одборот, како и тоа да тој прв пат престојувал во Грција и дека останал таму една недела, како и тоа да истиот ништо нему не му зборувал за престојот во Грција. По вака добиените информации, службеното лице си зема обврска, по претходна проверка и проучување ќе биде обавен информативен разговор. Со Демагог е

договорено да ги продолжи контактите со именуваните постапувајќи по договорот со 1 и 3 сектор".

Од Службената белешка од 05.02.1987 година битно е да се каже дека и тука како Извор повторно се појавува Демагог, да истиот на службеното лице од СДБ му изнесува информации за лицето Митроникас Јоанис од с. С,ботско, еден од раководителите на КУД Акритас Алмопијас од истото место. Како друштвото имало намера да настапи во Белград или во некое друго место во СР Србија, но дека при враќањето сакале да поминат низ Битола, каде ќе останеле извесно време да разговараат со преставници на нашето КУД Гоце Делчев, со кое од поодамна имале желба да воспостават соработка. Во истата службена белешка изнесува и сознанија за тоа дека Митроникас бил досега непознат и непројавен, а според непотврдени сознанија имал блиски роднини во Битола, кои по идентификацијата ќе бидат детално проверени и проучени со согледување на можноста за оперативно користење.

Од Службената белешка од 20.02.1987 година битно е да се каже декаисто така, како Извор повторно се појавува Демагог, да истиот на службеното лице од СДБ му изнесува, дека по повод прославата на годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, истоименото КУД од Битола (на 07.02.1987 година) организира приредба со учество на сите културно-уметнички друштва од градот. Му изнесува дека покрај другите присуствуваа и 14 грчки граѓани со македонско потекло од с. Овчарани, Долно Клештина и с. Ракита, кои пристигнале со три патнички коли, изнесувајќи, меѓу другите, кои лица биле присутни . Изнесувајќи, дека гостите биле многу задоволни од програмата, а посебно застапениот фолклор од Егејскиот дел на Македонија...Изнесувал и за тоа кои други лица биле присутни, потенцирајќи ги Вангел Нечевски-Тунелот, Дојчин Апчевски, Благој Христовски, Ѓорѓи Лумбуровски, Владо Петковски, Јован Кочанковски и Петар Целаковски.

Во натамошниот дел од службената белешка изнесувал и за интересот на некој од "функционерите" за гостите од Грција, како тој се понудил да ги запознае со некој од нив... Изнесе за текот на разговорот на присутните со еден од гостите, како дошло до недоразбирање, како се покренало прашањето за односот на СРМ за афирмацијата на македонскиот народ тука, но дека не била иста ситуацијата со деловите кои останале да живеат во НРБ и република Грција. Изнесе дека за него било несватливо што нашите власти, а посебно боречката организација пасивно го посматрала негаторскиот однос на СПЦ и патријархот Герман кон МПЦ, на што во грчкиот печат се давало голем публицитет. Гостинот сметал дека Југославија досега треба да го надмине овој проблем кој преставувал пречка за уште поголема афирмација на македонската нација во целина. Изнесе дека за престојот на лицето Костантинос Гоцис и другите информирал со задоцнување, бидејќи претпоставувал дека за содржината на водените разговори ги имал запознато првоборецот Вангел Нечевски-Тунелот (поранешен припадник на Службата). На крај, службеното лице констатира дека по сеќавање на Изворот (и евиденцијата на граничниот премин Меџитлија) успеале да идентификуваат уште петмина од присутните грчки граѓани, кои досега не биле познати и непројавени, а според непотврдени сознанија сите потекнувале од позитивни семејства во минатото, експонирани на промакедонски план и како такви репресирани од поранешните грчки режими.

Од Службената белешка од 30.03.1987 година видно е дека како Извор се појавува Демагог, да истиот на службеното лице од СДБ му изнесува информации за неговиот (фамилијарен) престој во Грција, со кои лица се сретнал, какви ставови изнесувале

истите, како лицето Димцис Стефанос бил третиран како неподобна личност и поради тоа сакал да дојде во Скопје и да се запише на ВПШ.

Од Службената белешка од 15.07.1987 година Извор повторно е Демагог, да истиот на службеното лице од СДБ му изнесува информации за плановите за одржувањето на традиционалната средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во с. Трново-битолско, кога ќе биде истата одржана, каква ќе биде програмата, со која песна ќе биде отворена средбата, што содржи Повелбата за заштита и слободна употреба на малцинските и регионални јазици...како имало замисла примерок од повелбата потпишан од поголем број егејски Македонци од Битола и Републиката кои ќе присуствуваат на средбата да биде испратен до Претседателството на СРМ како знак на подршка и согласност со сите мерки ков се преземаат за заштитан а нашето малцинство во соседните земји,меѓутоа се отстапило од ова намера. Во истата, на крај службеното лице да констатира дека Изворот и овојпат благовремено информира за преземените мерки и планираните активности за овогодишната средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Констатирајќи, дека изворот му доставил неколку примероци од поканата изготвена по повод нејзиното одржување, а која била делена во Битола и Републиката. Како и тоа дека според потврдени сознанија поканите преку родбински врски биле испратени во леринско и други места во Егејскиот дел на Македонија. Констатирајќи дека, како и во поранешните години Службата ќе ги следи и благовремено ќе информира за сите активности сврзани со ова манифестација.

Од Службената белешка од 01.09.1987 година видно е дека Извор повторно се појавува Демагог, да истиот на службеното лице од СДБ му изнесува информации за лицето Димцис Стефаност, а како поттик му бил истапот на судијата Коле Мангов од Скопје, дека истапот на Мангов не го сметал за случаен, дека неговото однесување за него била очигледна провокација, но не можел да ја согледа нејзината позадина. Ако се работело за "човек на нашата служба", тоа било навистина непрофесионален потег, а во спротивно "треба повеќе да обратите внимание на неговото однесување и врски со Грција". Изнесувал дека доста индикативно било држењето и однесувањето и на членот на организациониот одбор за одржување на Средбата од Скопје Абов Наум. Изнесува дека, тој бил моќне близок со тетинот на браќата Гоцис, Ташко Н., по потекло од с. Овчарани, сега пенсионер во Скопје, кој бил во тек со сите нивни активности, како и тоа дека тој се обидувал да се претстави за чесен Македонец, заинтересиран за положбата и третманот на нашето малцинство во Егејскиот дел на Македонија, а од друга страна е една од пречките за организирање на Одборот во Скопје. Дали се работело за лични амбиции или било во прашање нешто друго неможел да одговори.

На крај, во коментарот на службеното лице, се изнесува дека треба да се одбележи настапот на Мангов и Абов, чие држење и однесување, ако не се работи за позиции на Службата заслужува ангажирање на Службата со примена на соодветен оперативен третман, што ќе рече според сознанијата добиени од Демагог.

Од документот Предлог за дерегистрирање од претходна оперативна обработка на лицето Костурски Никола од 13.10.1987 година се утврди дека псевдонимот "Демагог" му е даден на лицето Костурски Никола, дека дерегистрирањето се предлага поради тоа што од досега презентираните оперативни мерки не се потврдени основите на сомневање дека делувал спротивно на тогашните "наши" уставни определби од позиции на македонски национализам. Во овој документ јасно стои зошто службата извршила заведување во ПОО на ова лице, да на крај се нотира дека: контактите со него продолжија и во наредниот период, а со текот на времето добија карактер на континуирана и

организирана работа, поради што по консултациите и договорите со 1 и 3 сектор на СДБ се одлучи истиот да се дерегистрира од ПОО и евидентира во активната соработничка мрежа.

Од увидот во горенаведените писмени документи, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа дека, лицето Никола Костурски давал информации за лица интересни за службата за државна безбедност по линија на работа - македонски национализам и шовинизам.

Согласно погоре изнесеното, јасно е дека лицето Никола Костурски е евидентиран во досиејата на органите на Службата за државна безбедност, односно правниот претходник на Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, како таен соработник при оперативно прибирање известувања и податоци (информации) што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност, во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за повеќе лица, со кои се кршени или ограничувани нивните основни права и слободи од идеолошко-политички причини. Истиот свесно, тајно, организирано и континуирано соработувал со органите на државната безбедност, во својство на таен соработник, а во смисла на Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, што е предвидено во член 3 став 1 точка 17, член 4 став 1 и 2 и член 18 став 4 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и согласно член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Никола Костурски бил соработник во смисла на Законот, согласно што го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција, или јавна дејност, во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,

Претседател,

Томе Алтев

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност. За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.

ДНА: Да се достави до Костурски Никола, Собрание на РМ, Влада на РМ и Државна Изборна Комисија.

лустриран

НИКОЛА ТЕМЕЛКОВСКИ

HVR-RM-SDB 15.11.1993 GOD. 1 STRANA

CRNOMAREV RISTO DIMITAR LICNO DOSIE BR. N-25887

DRUGO PREZIME : CRNOMAROV

RODEN NA 09.09.1952 GOD. VO BITOLA

ŽIVEE VO BITOLA UL.MIRČE ACEV BR.10

NARODNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA MAKEDONIJA

ZANIMANJE: STUDENT

ŠKOLSKA SPREMA: GIMNAZIJA

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. MAKEDONSKI EKSTREMEN NACIONALIZAM
2. RAZUZNAVAČKA SLUŽBA NA BUGARIJA

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

UŠTE VO 1971 G. KOGA SE ZAPIŠAL KAKO STUDENT PO MEDICINA VO SOFIJA-RB, OSTVARIL KONTAKTI SO PRIPADNICI NA SLAVJANSKIOT KOMITET-POZNATI SORABOTNICI NA BNRS.VO SEKOJA PRILIKA GO PROPAGIRA BUGARSKOTO POTEKLO NA MAK. NAROD ISKAŽUVAJKI SIMPATII SPREMA BUGARIJA.ODRŽUVA INTENZIVNI KONTAKTI SO ČLENOVI NA VMRO-SMD, KAKO I SO NAJEKSTREMNI PRIPADNICI NA VM DRUŠTVO TO 'TODOR ALEKSANDROV' OD BELGIJA, I SO VM-ORGANIZACIJATA MPO VO SAD, KANADA I BRAZIL. VO 1983G. SE OBIDEL DA FORMIRA EKSTREMISTIČKA ORGANIZACIJA PORADI ŠTO BIL ZAVEDEN VO PO, SO PSEVDONIM 'CRNI'.BIL ČLEN NA VMRO-DPMNE, NO SPROVEDUVAL VON PROGRAMSKI AKTIVNOSTI NA OVAA PARTIJA.

DOSIETO E FORMIRANO OD RUSDB BITOLA NA 19.02.1993 GODINA

Сд 05-3616/4633
233/249
27 4 83

Р С В Р - С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Извор: [redacted]
Примил: [redacted]
Битола, 26.3.1983 година

233

[redacted]

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Македонски национализам, индиции за организирана непријателска дејност.

I

На 24.3.1983 година повикан беше изворот во работните простории и при тоа изнесе:

"Со [redacted] се познавам од преди две години. Ме запозна [redacted] негов и мој другар. Уште при запознавањето, Коле ме предупреди дека [redacted] е специфичен по својот карактер: сака да се истакнува во друштво и се што ќе предложи сака да биде по неговото, тврдоглав и упорен е во она што тој сака да го докажува и затоа навреди да се со него човек расправа и дека треба да го толерираме и прихватиме таков каков што е. Коле, посебно ме запозна и со тоа дека [redacted] често пати зборувал за сегашната состојба на Македонија и македонското прашање и да како таков се експонирал како големо-македонец и македонски националист, па затоа по ова прашање да бидам претпазлив и да не се впуштам во дискусии, нити пак тоа озбилно да го сватам, ами едноставно, прекутно да преминувам преку тоа.

Скоро во истото време кога јас го запознав [redacted] се запозна и нашиот пријател [redacted], Егејски Македонец, вработен во агенцијата "Југоагент" од Битола. На двајцата, во првите моменти ни остави впечаток дека [redacted]

е добар другар и на некој начин, занимлив, но покасно се уверивме дека тој не е таков ами е тврдоглаво - шуплив чио век. По надворешниот изглед, остава силен впечаток на влијателен човек, но тој тоа не е. Носи мустаќи и ги дотерува исто како на нашиот револуционер Гоце Делчев, на кого и по изглед е сличен и изиграва дека стоел и по мислите ка ко него. Се фали и вели дека тој, за делото на Македонија требало да се роди преди сто години и по тој однос нешто ќе сторел "тогаш".

Непосредно, после запознавањето со [redacted], јас и [redacted] заедно со сопругите бевме на излет, во природа, по повод Втори Мај. Со нас дојде и [redacted] заедно со неговата вереница [redacted]. Не се сеќавам какви разговори водевме, но во еден момент [redacted] се пофали дека има пиштол., Го извади и видовме дека е тој марка "Бровинг", калибар 7,65, доста стар, но во исправна состојба. Слеговме во едно долче и испукавме, секој по неколку меткови.

Од досегашните контакти со [redacted], можам да заклучам дека е тој ограничено интелигентен човек, како што веќе спомнав, кој што по надворешниот изглед остава впечаток на интелигентна личност која привлекува со својот надворешен изглед. Инаку е многу затворен тип на карактер. Во гимназија бил солиден ученик. Во тоа време бил син на родители во поодминати години, син единец и како таков бил многу гален. Уште од мали години се што ќе посакал му било удоволувано. За илустрација можам да наведам, а како што самиот има изнесувано, имал каубојска униформа, шешир и опрема (каубојски пиштол) па навсдно и поради тоа го засакал оружјето.

[redacted] ми има кажувано дека неговата баба потекнувала од фамилијата [redacted], од Прилеп. Една негова тетка била иселена во Торонто и 5амо членувала во МПО. Еднаш му направила екцес на др. [redacted] кога боравел тамо и имал беседа со нашите иселеници.

3.-

Инаку, [redacted] завршил матура во 1971/72 година и се уписал да студира медицина во Софија. Многу добро живеел, а наводно често пати се карал со бугарски студенти на кои им "докажувал" дека Бугарите биле едно а Македонците сосема друга нација. Тамо бил близок другар со [redacted] од с. Канино, со кого и сега студирал во Скопје, но на никого не кажува до каде е со студиите.

Во разговори,често пати го споменува ВМРО, нејзината дејност и наши дејци. Му се врти во главата Македонија и нерешеното македонско прашање. Затоа, вели дека требало да се роди тој преди сто години, а не сега. Со омраза ги споменува Грците и Србите. Има кажувано дека во 1918 година Србите му убиле стрико, брат на татко му. Нивната фамилија е многу затворена, малку луѓе ги посетуваат. [redacted] има две омажени сестри, но односите со нив им се многу лоши.

Го слават "Св. Никола" и тогаш одиме кај нив на визита. Го имам гледано тамо и [redacted], бил нивна роднина.

[redacted], има зборувано и тоа дека бил под стална присмотра на Службата за државна безбедност, поради тоа што многу зборувал по однос на македонското прашање. Смета дека во 1944 година можела да се обедини Македонија. Ченто бил во право, но Тито не дозволил да се удри на Солун ами ги пратил Македонците да гинат во Срем. Заради вакви дискусии тој се кара со нас, посебно со [redacted] кој во една прилика и го отера во мајчина, но тој пак си останува по своето убедување.

На 25.3.1983 година телефонски му се јавив во неговиот дом на [redacted] и го поканив да дојди дома кај мене и заедно со сопругите вечерта да одиме при Темелковски Коле, поради тоа што ќе одел во Сараево и тамо ќе се задржел еден месец. Се сложи и кога вечерта дојде кај мене со неговата вереница, ми рече дека истиот ден се сретнал со [redacted] и тој му рекол дека се сретнал со [redacted] и тој му рекол дека непремено нешто му требал и без друго да наврател кај него

на работа. Когаова ми го рече, тој каконешто да се сомневаше дека [redacted] побарал да неодложно [redacted] да одел на работа. Друго неспомена, али се гледаше дека тој намерно пред мене не сака да коментира и наѓага зошто [redacted] сакал да се види со [redacted]

Кога појдовме при Коле, намерно сакамвме да му отвориме разговори по разни теми од нашиот општествено-економски проблеми, но тој бешетолку мирен и повлечен, за разлика од други прилики кога треба само нешто да му спомниш и тој како навиен нема да престане. Овој пат како да ги читаше нашите намери. По извесно врнме дојде татко му на Коле и неможевме да разговараме на политички теми и преминавме на обични разговори. Изнесе дека бил при крај со студиите и ќе се женел во текот на мај или почетокот на јуни и дека за стар девер го поканил да му биде [redacted] кој му прихватил".

II

И овој извор е наш позитивен граѓанин кој што добро го познава [redacted] и како добар другар на Коле, се одлучивме да го повикаме на разговор. Тој, прилично добро ги прикажа состојбите на [redacted] и се сложи дека е волен да помогне на СДБ.за се што е во негова можност. Затоа, ние му предложивме да го покани [redacted] да заедно одат при Колета, наводно да го испратат за Сараево каде ќе останел еден месец, а да при тоа му наметнат одредени теми на разговор, но тој не гѳ прихватил разговорот, најверојатно што се плаши дека [redacted] ќе повикан да дојде на разговор при [redacted] Тој, сеуште не е дојден, а кога ќе дојди, ќе изведеме комбинација како да е викан за сосема неважна работа.

На изворот поставени му се задачи за следење дејноста над [redacted], но неупадливо, повремено и постапно оти веќе тој без разложно се сомнева на СДБ, а после ова и самиот себе

./.

си ќе се убеди и ќе си потврди дека е тоа стварност и треба да внимава на своите постапки од позиции на македонски национализам и други непријателски истапи.

III

Лица: 1. [redacted] - [redacted], од татко [redacted] роден [redacted] година во [redacted], каде и живее на ул. [redacted], студент на медицина, осумничен за непријателска дејност од позиции на македонски национализам.

Отчукано во 3 пр.
Доставено до:
- 1 пр. III сектор
- 1пр. IV сектор
- 1 пр. ИСДБ-Битола

ф 4395/

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 583
26. 2 1990 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп[redacted]
Битола, 2о.о7.1990 година

583

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - Извор: Темелковски Никола.
Податоците се однесуваат на[redacted]

Разговорот е обавен на 13.о7.1990 година во службените простории на изворот по негова иницијатива.
Трошоци од разговорот нема.
Сл.белешка ја доставувам на 2о.о7.1990 година до III и IV сектор

II - Разговорот е обавен со цел дадобиеме поблиски податоци за активностите на[redacted].

III - Од разговорот се добиени следните податоци:
"Пред неколку дена кај мене дојде[redacted], кој му е свекор на една наша работничка и притоа ме замоли да му ги умножиме во повеќе примероци статутот, програмата и пристапницата на новата партија ВМРО-ДПМНЕ за што и носеше еден топ хартија.

Во разговорот околу формирањето на оваа партија тој ми рече дека идден водач и основач на оваа партија бил [redacted] од Шведска, а покрај него голем придонес има [redacted] од с.Царев Двор-ресенско. Претседател на организацијата бил [redacted] од Струмица, а претседател на битолската секција ќе бил [redacted]. Оснивачко собрание на секцијата во Битола ќе се одржело на 17.о7.1990 година со почеток во 19,оо часот во Спомен домот на културата.

./.

Во врска со програмата ми рече дека таа пртрпела пет измени додека не го добила конечниот текст кој можел да биди прифатен од членството и со која можело да се регистрира партијата. Првата програма била многу екстремна, повикувала на вооружен бунт за соединување на Макеоднија на свесни за тоа неколку пати го промениле текстот.

Најголема активност оваа Партија имала во РЕК"Битола" од каде се зачленила најповеќе лица.

IV - Темелковски Никола е наша родбинска врска, кој случајно дошол до податоците што ценејќи дека заслужуваат наше внимание ги презентираше истите.

Лично кај него бил поранешниот [redacted], а се споменуваат уште и [redacted], сите лица окои се или биле под третман на Службата.Тргнувајќи од овие сознанија, а во контекст на тоа дека програмата на партијата била екстремна со сепаратистички елементи цениме дека и во натамошниот период овие лица ќе претставуваат наш оперативен интерес.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IVсектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 1034
12.11.1988 год.

Р С В Р - С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Опер.анал. [redacted]
Битола, 15.11.1988 год.

Линија: македонски национализам и сепаратизам

1044

НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА ВО ОБРАБОТКАТА НА ПОО "ЦРНИ"

Во ПОО "ЦРНИ" евидентира лицето [redacted], студент на Медицинскиот факултет во Скопје, заведен на 10.5.1983 година по линија на македонски национализам и сепаратизам.

Заведувањето во ПОО е базирано врз основа на добиени сознанија за определби од позиции на македонски национализам и сепаратизам изразени низ вербални истапувања и индиции за негова ангажираност за формирање на илегална група - организација, која ќе работела за создавање на "самостојна и обединета" Македонија.

Меѓутоа, во почетниот период на обработката поради неговото семејно потекло и контраверзноста во неговите вербални истапувања постоеја потешкотии при одредувањето на неговите идејно-политички определби, односно дали делува од ванчомихајловистички или од националистичко-сепаратистички позиции.

Така, во одделни случаеви ПОО "Црни" изразува "загриженост" за СРМ и македонското национално малцинство во соседните

---

x - Роден е на [redacted] година во Битола, каде и живее на ул. [redacted]
Во 1971 година со посредство на негови роднини во НРБ бил запишан на МА во Софија, каде примал стипендија од Славјански комитет, а следната година со мерките на ИС на СО СРМ бил вратен во Скопје. По 17 годишно студирање сеуште нема дипломирано.

земји, поради непризнавањето на националните права и слободи. Според него, СРМ била "најзагрозена и обесправена" република во земјата. Забележува дека највисокото општествено-политичко раководство премногу реагирало спрема НРБ поради денационализаторската политика спрема Македонците во оваа земја, што не било случај и со Грција, каде состојбата на Македонците "била потешка".

Во поедини искажувања присутни се симпатии спрема бугарската држава и народ, за кој вели дека "ни е најблизок во се", додека во други моменти ја негира самобитноста на македонскиот народ, изјаснувајќи се дека "ние отсекогаш сме биле Бугари". Според искажувања на соработникот [redacted] на верски слави и родендени, пред потесен круг на луѓе, во неговата куќа се пееле бугарски и ванчомихајловистички песни.

Тетка на неговиот татко [redacted] која подолго време живеела во САД (сега покојна) била припадник на МПО, додека [redacted] - прв братучед на [redacted] бил осудуван за националистичка дејност.

Особен шовинистички однос има спрема српскиот народ[X], така што при евентуален конфликт во САП Косово, ќе застанел на страната на Албанците, кои ги сметал "за луѓе од збор".

На соработникот [redacted] му забележувал што во својот дом имал поставено слика од претседателот Тито, а на неговиот другар [redacted], што станал член на СК.

Покрај вербалните истапувања, пред соработникот [redacted] зборувал за негова ангажираност за формирање на илегална организација, која ќе се борела за "самостојна и обединета Македонија, што беше одлучувачко при одредувањето на неговата идејно-политичка платформа на делување и заведен за

X- 1918 год. од страна на Србите наводно бил убиен негов стрико - брат на татко му.

./.

активност од позиции на македонски национализам и сепаратизам.

Во регистрираните коментари во поново време ќе напаѓа само СР Србија, а одбегнува позитивно да се произнесува за НР Бугарија. Така, за натамошното влошување на економската и политичката состојба во нашата земја ја обвинува СР Србија, која со својата политика во наредниот период ќе ја загрозела и самобитноста на СР Македонија. Во потврда на ова го изнел случајот со одземањето на спомен-плочата во манастирот "Прохор Пчински", што сметал дека било со знаење на одделни "националистички расположени" општествено-политички раководители на СР Србија.

Одржувањето на Средбата на децата - бегалци во Скопје го оценувал позитивно, а изнел мислење дека тоа биле "никулци на третиот Илинден". Средбата претставувала "удар" за српското раководство, а очекувал вакви манифестации да се организираат и за Македонците во Пиринскиот дел на Македонија.

Корегираноста во неговите искажувања ценime дека е резултат на остварено влијание врз него од страна на неговата сопруга (во брак стапи [redacted] г.) која потекнува од позитивно семејство; другарите со кои често конфронтирал во дискусии за состојби во земјата и статусот на СРМ во рамките на СФРЈ и соработникот [redacted].

Поаѓајќи од презентираните сознанија се констатира дека ПОО [redacted] претставува антијугословенски ориентирана личност, кај кого преовладуваат националистичко-сепаратистички определби, со изразен шовинистички став спрема српскиот народ.

Присутните елементи на пробугарска расположеност ценime дека се резултат на роднинаката поврзаност со НРБ, со чија помош 1971 година успеал да се запише на МА во Софија и привилегиите кои ги имал за време на престојот (стипендија од Славјански комитет, станувал во хотел од А категорија и др.).

./.

Инаку, при разветлувањето на индициите за формирање на илегална група од страна на [redacted] се констатира дека во реализацијата на оваа замисла биле земени главно другарите[x] со кои дотогаш имале чести дискусии на политички теми, при што [redacted] се експонирал како "добар познавач" на историјата на македонскиот народ и состојбите во земјата, споредувајќи се со Гоце Делчев по неговите заложби и физички изглед.

Воедно, постојат реални претпоставки дека честото собирање со своите другари го замислувал како постоење и активно делување на оваа "група". Покрај нив, за оваа цел проучувал лица експонирани или осудувани за националистичка дејност. Таков бил случајот со соработникот [redacted] од кого побарал соодветна помош, а пројавил интерес и за [redacted] вработен во Домот за народно здравје. За остварување на оваа идеја сметал дека му погодувале настаните во САП Косово, кои ги окарактеризирал како почеток на "распаѓање на Југославија".

Меѓутоа, при расветлувањето карактерот на средбите, беа контактирани неколку негови другари (Темелковски Никола, [redacted], [redacted] и [redacted], од кои дел беа и порано користени од страна на Службата, при што дојде до компромитирање на нашите мерки, а со тоа престанаа видувањата и дискусиите на [redacted] со [redacted] и Темелковски, а извесен период и со [redacted] освен со [redacted] што допринесе за негова внимателност и извесна пасивизација на вербален план, што не значи дека ги корегира своите идејно-политички определби. Покрај со нив, ПОО [redacted] контактира и со ПОО [redacted] со кого освен организирањето оддавање

X - [redacted] роден [redacted] г., вработен во "Југоагент" [redacted] (сор. [redacted] роден [redacted] г., правник, [redacted] роден [redacted] г. правник; [redacted] род. [redacted] год. лекар; Темелковски Никола, роден 1950 г. правник, [redacted] род. [redacted] г. лекар, [redacted] род. 1952 г. лекар, сите од Битола.

почит на загинатите Илинденци за националниот празник "Илинден", не се утврдени други мотиви.

И покрај тоа што интензитетот на обработката последните 2-3 години значително беше намален од објективни причини (отсуството на оперативниот работник) според најново добиените сознанија се смета дека ПОО [redacted] и натаму останал на истите позиции и го заслужува натамошното внимание на Службата.

Поаѓајќи од оценката дека претставува личност со лабилен карактер, контраверзен во истапите, без авторитет во средината на живеење и пошироко, познат како "вечити студент", цениме дека не е во состојба организирано да дејствува, при што не се исклучува можноста од инцидентни недозволени активности. Од овие причини, а поаѓајќи од одделни индиции [redacted] е селектиран во потесниот избор на можни извршители на поставувањето на сликата на бугарскиот цар Борис III на 9 Септември оваа година во близина на спомен-обележјето на загинатите борци во бугарскиот фашистички затвор во месноста "Црн мост" во Битола.

Во досегашниот период на обработката поинтензивно се користени соработниците [redacted] и [redacted], а се контактирани и погоре споменатите другари. Се користи и мерката КТ на телефонските разговори, преку која не се добиени позначајни сознанија, а која последните две години не функционира од технички причини.

Во наредниот период се наложува потребата од интензивирање на обработката со преземање на комбинирани оперативно-технички и тактички мерки, со цел следење, попречување и документирање на неговата недозволена активност, а пред се;

- натамошна насочена на соработниците [redacted] и [redacted] преку кои перманентно ќе се следи неговото движење и искажувања во врска со актуелни настани и состојби во земјата,

./.

посебно во врска со "македонското прашање";

- расветлување карактерот на контактите со ПОО [redacted] и [redacted] по потекло од Егејскиот дел на Македонија, кој од поединци се оценува за "загреан Македонец";

- дорасчистување на индициите за формирање на инегална група, со посебна ориентација кон утврдување на евентуална понова активност на овој план;

- откривање на евентуални контакти со лица експонирани на националистички позиции;

- пронаоѓање и ангажирање на нови оперативни позиции;

- реактивирање на ФТС за контрола на телефонските разговори, кое ќе придонеси за откривање на негови безбедносно-интересни врски со лица од подрачјето и пошироко;

- примена на мерката контрола на преписките, пред се со лица од НРБ и др.

Во зависност од добиените сознанија и потреби, ќе се применуваат и други оперативно-технички и тактички мерки, со цел нивно продлабочување и расветлување.

Отчукано во 3 пр.
Доставено до:
- 1 пр. III сектор
- 1 пр. IV сектор
- 1 пр. ИСДН- Битола

V 10693 Cg 05-11459/

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Извор: [redacted]
Примил: [redacted]
Битола, 3.12.1984 год.

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 861
20.12 1984 год.

861

+12

Јован Чурчин

И З В Е Ш Т А Ј

На 30.11.1984 година одржан е состанок со изворот во неговите работни простории и притоа изнесе:

"На 29.11.1984 година, вчера преди пладне, дома ми дојде [redacted] дојде преди 11 часот, а си отиде дури после 13,00 часот. Ми ја донесе книгата од Димитар Талев, "Камбаните на Преспа". Ми рече дека многу му се бендисала, али незавлезе во поголеми дискусии. Ми донесе една книга со наслов: "Лигургија за еден четник". Му реков дека ќе ја прочитам и вратам.

После ова му го читав еден членак од "Комунист" од 23.11. 1984 година, под наслов: "Напади на грчките националисти - познати антимакедонски рефрени". Му го прочитав до крај, а потоа му реков дека е добро ова, а и тој се сложи, велејќи дека така требало секогаш, а не да се бика само према Бугарија. Ова го надоврзавме и со акцијата на ПЕН -клубот кој на предлог на Хрватските писатели и одобрение на нејзиниот претседател - белгијанец му се достави на грчката влада Меморандум за признавање на човечки права на Македонците во Грција. Сето ова било сторено, [redacted], по предлог и режија на нашиот писател [redacted], претседател на Клубот на писателите на Југославија.

Му отворив дискусија н[redacted] за прославата од формирањето на егејската бригада во Битола, одржана на 17.11.1984 год. на која зборуваше другарот [redacted]. Истиот ден се

совпадна акцијата СВОЗ. па тој ми рече дека не бил на прослава, се криел дома оти сабајлето - рано кога му ја донеле поканата, ја натерал својата сопруга да излаже и каже дека божем тој отпатувал преди неколку дена во Загреб. Затоа слушал радио-пренос од прославата. Го искористив ова и го прашав за растурениот Манифест во Грција, велејќи му: "Ти, ми велеше едно време дека имаш формирано група, до каде си и што правиш со тоа"?! [redacted], без никакво размислување брзо ми одговори, велејќи: "Да, имавме и ние, се боревме за самостојна обединета Македонија. Имавме собрано многу пари. Имавме намера да купиме македонски буквари и ги растуриме во Грција. Ќе печативме и растураме летоци и разни памфлети, но еден од групата длабоко се судри со мене, бранејќи го Тито и самоуправувањето. Јас се исплашив од провокација и така од ним се дистанцирав". Го спомена [redacted] и некои други. Од ова можев да заклучам дека од поединци се деморалисал, но тој не се откажал од своите идеи и замисли. Најдобро стоел со [redacted] од агенцијата "Југо-агент". Со него, на неколку пати, преди Втори август оваа година напивале псевдонимни писма до РТВ Скопје со кои барале да за "Илинден" исклучиво се пеат такви песни, филмови, забавни емисии од народните обичаи и сл. Го потпишале со името Димитар Беровски (познато име од Кресненското востание). [redacted], како да ми лижи ми стои на бугарски позиции, како да се вози на бугарски минобус. Ништо несака да чуе српско, псуе и зборува се најлошо за ним. Вели дека неможел да ја трпи српската пропаганда во Македонија, српската литература. Го мрази [redacted] и неговото творештво, историја и сл.

На идите од [redacted], што и озбилно му се спротиставив. Му реков дека е луд секој оној кој што не го признава и го негира ова слободно катче на Македонија. Творите идеи - му реков- се најблизок пат за поновно ропство на Македонија. Ти, правиш курбан, без темел. Ние треба да се изборime да

./.

нашите сонародници во Грција и Бугарија прво добијат основни човечки и национални права, па потоа може да се размислува за друго. И самиот се воодушеви - му реков - кога пред малку на крајот од членакот што ти го читав од "Комунист", а авторот вели: "Југославија, неможе со мирна душа да гледа што се прави со нејзините малцинства во соседните земји".

Каков ефект би постигнале - му велам - ако растуриме летоци во Грција. Тоа тие чиста јабана одење - удирање со главата во ѕидот и сл. На сето ова [redacted] само кратко рече: "Немоќам да се отрпам, невротен сум јас. Немоќам никого да трпам. Ме изнервира [redacted] и така прекинавме со намерите".

[redacted], мислам дека не го убедив да се откаже од неговите идеи и тој продолжил или продолжува да дејствува али со таква негова платформа тешко ќе може да најде почва за работа. Изгледа дека сепак се надева на мене и мисли оти може за нешто да ме искористи, али умот го даже. Несакав до крај да му ја затворам вратата и затоа тој ме покани наскоро да му одам на разговор дома, а јас иако ќе одам, сепак од него се плашам да не ми стори нешто затоа што му се спротиставувам. Нервозен е премногу и многу- многу неразмислува што прави. Како таква е позната и цела негова фамилија. (мајка, татко, сестрите).

Се имам видено со [redacted] повеќе пати, но сега ништо не ми вели за неговите поранешни намери за испраќање петиција до македонската влада за преземање на поостворени и поенергични мерки за заштита на Македонците во Грција. Ми рече дека од 3 декември о.г. ќе одел во Скопје, на двомесечен семинар за освежување на неговата специјализација во нуклеарна медицина. Ќе се наоѓал на Институтот за микробиологија или нуклеарна медицина. Во петок и сабота, ќе ни ја обавувал својата функција во битолската болница. Инаку, тој, по карактер е многу цврст, а во своите искажувања премногу.

За растурениот Манифест, [redacted] вели: "Може да биде пишуван од [redacted] али во секој случај ми мирисе на ЦИА. Во сегашните односи со Грција, таа е во состојба да стори се. Таа и се буричка во се, но колку и да е провокативно од САД према Грција, ова е во наша полза". Неговото слично ми рече за ова и [redacted], како тој се восхити од таквата вест дека е растурен Манифест во Грција".

II

Најпосле, се остварува нашата комбинација за расчистување на целта, намерите и степенот на вистината за тоа дали навистина, од кои лица и до каде отишол [redacted] со своите намери. Од она кое тој го изнесува произлегува дека е застапник на национал-сепаратистичка дејност, али во своите намери ненаишол на помирока поддршка за да се зафати со организирана дејност. Она кое што своевремено му го рекол на соработникот дека има формирано група која се бори за самостојна Македонија во која имал интелектуалци и бегалци од Егејска Македонија, со сигурност можи да се тврди, а и самиот тој изнесува дека се работело за неговите другари и тоа: [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], Темелковски Никола, [redacted], [redacted] и други, какви биле и до каде биле работите кога ние ги ангажиравме, веднаш по добивањето на податокот за постоење на организирана дејност: [redacted] и Темелковски Никола, не е познато, али факт е дека ние самите погрешиме што ги ангажиравме споменатите, а тие, посебно [redacted] веднаш се конфронтира со [redacted] и истите се повлекоа од негово друштво, од време на време конфронтирајќи се со него. Навреден од тоа и таквиот однос на своите другари, тој се откажел од своите намери. Можеби тоа и добро испадна за нив што незаглавиле подлабоко, али своевремено нас не ни било познато дека ангажираме лица со кои што [redacted] сметал да формира организација. Заради ова и тешко одеше со проверката за вистинската вистина до каде се стигнало со наводната организирана дејност, од кои лица е

формирана организацијата, кои се тие лица и слу Се смета дека работите се сега подобро разјаснети. Скоро сите споменати лица на кои сметал [redacted], го напуштиле, а едино привржан му останал [redacted], бегалец од Егејска Македонија, со кого пишувал псевдонимни писма до РТВ Скопје преди "Илинден".

[redacted] добро стоел со [redacted] - [redacted], но колку го прифатил и по негови идеи "усмерил" недоволно е познато. Останува да преку [redacted] и понатаму дорасветлиме дали [redacted] го проширол својот круг на привржениции и дали нешто со нив има сторено. Тоа и е ставено во негов задаток во идната наша работа по овој [redacted]

За двомесечниот престој на [redacted] во Скопје, секторот е известен со телеграма од 15.12.1984 година, со цел да се по можност над него остварува оперативен увид.

III

Лица: 1. [redacted]
2. [redacted], лекар од [redacted]
3. [redacted] од татко [redacted] роден [redacted] година во с. [redacted], живее во [redacted] лекар - неуропсихијатар.
4. [redacted]

Отчукано во 3 пр.
Доставено до:
- 1 пр. III сектор
- 1 пр. IV сектор
- 1 пр. ИСДБ-Битола

Сл. бр. 3427/4587

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА бр. 215/138
21.4

Р С В Р - С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола КОЖЕ
Извор: Темелковски Кимле
Примил: [redacted]
215 Битола, 25.3.1983 година

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: [redacted] оперативна проверка.

I

На 25.3.1983 година повикан беше изворот во работните простории к при тоа изнесе:

"Со [redacted] се познавам уште од гимназија, учевме заедно и бевме интимни другари. Како таков, имав чести прилики да му одам и дома, како и тој да дојда кај нас. Му ги запознав родителите и другите две сестри, сега омажени. Како ученик, [redacted] беше многу добар. Тоа го постигнуваше со блокување на потолемо време за учење. Инаку, беше уште тогаш многу разгален син на родителите, а по карактер своеглав, особењак - тврдоглав. Сакаше секогаш нешто да се сторри по негов кеиф, но во тоа никогаш не успеваше затоа што ние скоро никогаш не ги почитувавме неговите предлози оти го сметавме за доста лесен човек, но поради тоа што беше многу имотен, го толерирвме да се движи во нашето друштво.

До матурирањето во гимназијата 1970/71 год. како што веќе спомнав, бев доста близок со [redacted] но после тоа тој отиде да студира Медицина во Софија, а јас отидов на Правен факултет. Додека бевме ученици во гимназијата, а поретко и после тоа, имав прилика да забележам дека фамилијата на [redacted] не го сака нашиот општествено-политички систем, посебно [redacted] кој што со голема омраза има расправано како

лица од неговата фамилија во минатото имале убивано Србите, за кој најлошо се изразува и денес. Тоа го велел и за Грците додека према Бугарија некако подруго гледа. Не би можел него нити сега да го дифинирам, но има зборувано и за Историјата на Македонија, за случајот на Методија Ченто кој што "исправно" мислел кога во 1944 година се залагал да македонската војска удри на Солун, а не да оди за Срем. Тој има кажувано дека неговата бабапотекнувала од фамилијатана [redacted] од Прилеп; дека пред војната, неговиот татко [redacted] илегално заминал за Бугарија каде го затекнала војнатаи служел како фетфебел во Солун и околината. После тоа се приклучил во НОБ, на Југославија, но бил откриен и ќе го суделе али го спасиле некои негови роднини од Прилеп и Битола.

Во САД [redacted] имал некоја баба, веројатно сестра на мајката од неговиот татко [redacted] која тамо била многу активна во МПО, дури при една прилика направила екцес на еден собир на нашите иселеници кога разговарале со некоја наша делегација.

Имам многу 4аботи слушано од [redacted] противни на нашиот систем. За тоа имаме водено тешки полемики, но тој си остана на своето и заради тоа го избегавам јас и скоро сите други другари, било од гимнаијата или покасно што сме се запознале, како напр. [redacted] и др.

Не ми е познато како [redacted] се записал на студии во Софија, [redacted] какво беше неговото држење. Како што тој кажуваше, за упис му помогнал некој нивни роднина од Софискиот универзитет, а инаку многу добро живеел тамо.

Со [redacted] горе спомнатите лица, иако го избегаваат, па тоа го чинам и јас, но кога ќе не види, се приклучува со нас и

./.

ние го примаме, али не му даваме многу внимание, нити се трудиме со него многу да навлегуваме во полемика, ако тој нешто "дупне" на политички план. Тоа како да го сметаме за нормално, си молчиме и преоѓаме преку тоа.

Сабота, на 26.3.1983 година веројатно ќе дојди [redacted] кај мене дома, по однос на тоа што ќе бидам отсатен еден месец од Битола. Она ми го изнесе [redacted] наиме тој му предложил да ме посетат, а [redacted] се сложи и прифатил.

Немие познато која година на медицина е [redacted]. Една година беше во Софија и тоа 1971/72 год. после тоа се врати и студира во Скопје. Дванаесетта година му е а уште нема завршено. Не кажува до каде е, но изгледа дава испити од III и IV година. Сеуште не е оженет. Верен е за [redacted] медицинска сестра, но не му ја сакале, али и покрај тоа, тој вели дека летово ќе се жени. Од сите страни времето го има нагазено и поради тоа дејува многу збунето и нервозно".

II

Изворот е наш добар граѓанин и член на СКЈ. Инаку, роднина на другарот [redacted] – шеф на ИСДБ, кој што и беше присутен на разговорот. Коле доста добро го прикажа карактерот на [redacted] велејќи дека имал навики за некои работи и самиот да се фали и преувеличува. Се правел големо национ налист иако немал многу читање за историјата на Македонија. Изкажувал дека е сличен на Гоце Делчев, носел слични мустаќи и навистина на него личел.

На Коле му беше отворено поставено да при наредно средување со него да влезе во пошироко разговор, посебно од областа на политичко-економскитесостојби во земјата. [redacted] веднаш прихваќал разговори, но кога се сретнале на 26.3. 1983 година вечерта во домот на Коле, тој воопшто не бил

./.

волен да се вклучта во диалози. Бил мирен и стрплив, како никогаш дотогаш. На Коле, со кого веднаш беше обавен разговор, ова држење му оставило чуден впечаток.

Поштo изворот ќе биде отсутен од Битола еден месец, па враќањето ќе биде користен за следење дејноста над [redacted] и одредување на правите состојби по тој однос.

III

Лица: 1. [redacted] од татко [redacted] роден [redacted] година во Битола, каде и живее на ул. [redacted], студент на медицина, Македонец, СФРЈ.

2. Чуруковски Трајан, роден [redacted] год. во [redacted] битолско, живеел на ул. [redacted] бр. [redacted] сега иселен во Австралија, со завршен Медицински факултет, лекар, Македонец, СФРЈ.

3. [redacted] од татко [redacted], роден на [redacted] година во с. [redacted] - битолско, каде и живее ми ж студент на Медицина, Македонец, СФРЈ.

4. [redacted] од т. [redacted] роден [redacted] година во с. [redacted], живее во Битола на ул. [redacted] со завршен Правен факултет, вработен во СО - Битола, Македонец, СФРЈ.

5. [redacted] од татко [redacted] роден [redacted] год. во Битола, каде и живее на ул. [redacted]

6. [redacted] од татко Коле, роден [redacted] година во Битола, каде и живее на ул. [redacted] вработен во РЕК - Битола.

Отчукано во 3 пр.
Доставено до:
- 1 пр. III сектор
- 1 пр. IV сектор
- 1 пр. МСДБ-Битола

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 08-184/1
16.3
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по иницијатива на трето лице и по службена должност, за лицето Никола Темелковски од Битола, поранешен носител на јавна функција, или вршител на јавна дејност или јавни овластувања, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05...), на седницата одржана на ден 16.03.2015 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Никола Темелковски, ЕМБГ 1111951410004, роден на 11.11.1951 година, лице кое било носител на јавна функција, или вршител на јавна дејност или јавни овластувања - Директор на јавно претпријатие.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите за Никола Темелковски, носител на јавна функција, јавно овластување или вршител на јавна дејност - Директор на јавно претпријатие, по иницијатива на трето лице и по службена должност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Никола Темелковски во Државниот архив на Република Македонија во личното досие бр.25887 постојат документи за соработка со органите на државната безбедност.

Во личното досие бр.25887, депонирано во Државниот архив на Република Македонија, а водено од Органите за државната безбедност за лицето Димитар Црномаров, постојат следните документи од кои се утврди соработката со органите на државната безбедност на лицето Никола Темелковски: Насловна страница од лично досие бр.25887; Службена белешка од 26.03.1983 година на РСВР на СРМ, СЈБ Управа на град Битола; Службена белешка од 20.07.1990 година; Некои согледувања во обработката на ПОО "Црни" од 15.11.1988 година на РСВР-СРМ Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, ; Извештај од 03.12.1984 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава-Битола; Извештај од 07.03.1983 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава-Битола; и Службена белешка од 25.03.1983 година.

Комисијата за верификација на фактите, од погоре наведените документи, а содржани во личното досие бр.25887 водено за лицето Димитар Црномаров, утврди:

Од документот: Насловна страница од лично досие бр.25887 се утврди дека личното досие за лицето Димитар Црномаров било водено по линија македонски екстремен национализам, поради неговото членство во партијата "ВМРО ДПМНЕ", како и поради тоа дека истиот контактирал со лица од странство, припадници на "Славјански комитет" од Република Бугарија, на Друштвото "Тодор Александров" од Кралството Белгија и "МПО" во САД, односно се утврди дека истото се водело од идеолошки и политички причини.

Од документот: Службена белешка од 26.03.1983 година на РСВР на СРМ, СДБ Управа на град Битола од истото досие, каде како извор на информации се јавува друго лице, наведено е дека, информациите кои му ги изнесува на службеното лице биле добиени од Никола Темелковски, каде детално наведува дека тој го запознал изворот на информациите со лицето опфатено во личното досие, дека тој му бил нивен заеднички другар, како и тоа дека Темелковски го предупредувал изворот дека тоа лице било упорно, се наметнувало со своите ставови, но и дека како посебно му ги посочил неговите идеолошки и политички ставови, односно дека често пати зборувал за сегашната состојба во Македонија и "македонското прашање" и да како таков се експонирал како "Големо-Македонец" и "Македонски националист". Од истата службена белешка се утврди дека изворот, заедно со Никола Темелковски, заради добивање информации за ова лице, интересни за Службата за државна безбедност, при една средба во домот на Никола Темелковски, се договориле да отворат разговор за разни теми од општествено-економските проблеми, како би добиле информации за ставовите на лицето опфатено во оваа лично досие, кои подоцна би им ги доставиле на Службата. но дека тој бил мирен и повлечен. Од оваа службена белешка јасно се утврди и тоа дека средбата на овој извор и Никола Темелковски со лицето опфатено од личното досие, било претходно договорено со службеното лице на Службата, со изговор за испраќањето на Темелковски за Сараево.

Од документот: Службена белешка од 20.07.1990 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, се утврди дека извор на информациите од каде ги добива службеното лице е Никола Темелковски. Понатаму од истата службена белешка се утврди дека разговорот бил обавен во службените простории на Никола Темелковски и дека иницијативата за средбата била од страна на Никола Темелковски. Се утврди дека податоците кои ги добило службеното лице од Никола Темелковски се однесувале на повеќе лица опфатени во поодделни лични досиеја, а за кои Темелковски имал сознанија и податоци. Се утврди како Никола Темелковски на службеното лице му изнесува за средбата што ја имал со одредено лице опфатено со лично досие, а кој му бил свекор на негова колешка и дека притоа го замолил да му биде умножен во повеќе примероци Статутот на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, за што носел и еден топ хартија. На службеното лице му ги изнел и информациите за формирањето на таа политичка партија, дека нејзин идеолог бил Драган Богдановски од Шведска, како и за тоа кои други лица дале придонес при формирањето на партијата, кој бил претседател на истата и дека претседател на битолскиот огранок било лицето од опфатено во ова лично досие. Изнел и податоци за организирањето на основачкото собрание во Битола. Од оваа службена белешка се утврди и дека Никола Темелковски подробно се интересирал околу активноста на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, изнесувајќи и подробности околу програмата на политичката партија, измените кои биле направени, пред оформувањето на конечниот текст, потребен за регистрацијата на истата. Посочува дека најголема активност оваа партија имала во РЕК "Битола", каде биле зачленети повеќе лица.На крај, од овој документ се утврди и тоа дека Никола Темелковски бил родбинска врска на службеното лице и дека и понатаму можел да даде информации за повеќе лица за кои поседувал информации.

Од документот: Некои согледувања во обработката на ПОО "Црни" од 15.11.1988 година на РСВР-СРМ Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, се утврди дека лицето опфатено во ПОО "Црни" се познавал со Никола Темелковски и дека биле "другари". Понатаму, од овој документ се утврди и тоа дека службеното лице, при расветлувањето на средбите кои ги имал ПОО "Црни" со други лица, информации добивал од неколку негови другари, меѓу кои бил и Никола Темелковски и дека истите биле поинтензивно користени, а истите ќе биле користени и во наредниот период, се со цел за поинтензивна "обработка" на тоа лице.

Од документот: Извештај од 03.12.1984 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, од истото досие, каде како извор на информации се јавува друго лице, се утврди дека при известувањето до службеното лице изворот посочил дека ПОО "Црни" имал формирано група која се борела за Самостојна Македонија и

дека во неа членувале покрај другите и неговите другари, меѓу кои бил и Никола Темелковски, односно дека тој му бил многу близок и од доверба, но дека поради тоа и бил ангажиран од Службата да му доставува информации за ПОО "Црни".

Од документот: Извештај од 07.03.1983 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, од истото досие, каде како извор на информации се јавува друго лице, се утврди дека Никола Темелковски му бил другар на ПОО "Црни" и дека за добивање на информации, службеното лице планирало во наредниот период да обави разговор покрај со други лица и со Никола Темелковски, а кои на одреден начин биле користени од Службата, од некои колеги.

Од документот: Службена белешка од 25.03.1983 година на РСВР-СРМ, Служба за државна безбедност, Испостава - Битола, се утврди дека извор на информациите од каде службеното лице на Службата за државна Безбедност ги добивал информациите бил Никола Темелковски. Понатаму од истата службена белешка се утврди дека на службеното лице му давал информации за неговиот другар опфатен со ПОО "Црни", изнесувајќи повеќе информации за неговиот личен живот, семејните односи, како и за неговите идеолошко-политички активности. Се утврди дека Никола Темелковски на службеното лице му изнесувал подробни информации и за активноста што ја пројавувал ПОО "Црни" во гимназиските денови, за време на неговото студирање во Република Бугарија, како и за средбите што ги имал со него, како со близок другар. На крај, од службената белешка, во коментарот на службеното лице јасно се гледа дека Никола Темелковски бил "добар граѓанин и член на СКЈ" , инаку, бил роднина на шефот на ИСДБ, кој бил присутен при водењето на разговорот. Се утврди дека на Никола Темелковски отворено му било поставена задача, при наредна средба со ПОО "Црни" да влезел во поширок разговор, посебно од областа на политичко-економските состојби во земјата, и дека по средбата со ПОО "Црни" во неговиот дом, со Темелковски веднаш бил обавен разговор. Се утврди дека изворот во наредниот период ќе бидел отсутен од Битола еден месец, а по враќањето истиот ќе бил користен за следење дејноста над ПОО "Црни" и одредување на правите состојби по тој однос.

Сите овие докази-документи, содржани во погоре цитираното лично досие, потврдуваат дека Никола Темелковски се појавува како таен информатор (таен соработник), кој свесно, тајно организирано и континуирано соработувал со органите на државната безбедност. Дека тоа е утврдено со повеќе документи и дека со неговите преземени дејствија на давање информации на органите на државната безбедност за личниот и семеен живот на ова лице, за неговите професионални ангажмани и неговите идеолошко политички и партиски припадности, а Никола Темелковски придонел за формирањето на тоа лично досие, на ПОО "Црни" му ги кршел основните права и слободи, што е предвидено во член 3 став 1 точка 19, член 4 став 1 и 2 и член 18 став 4 од Законот.

Комисијата за верификација на фактите смета дека доказите-документите се релевантни и од нив јасно се гледа дека Никола Темелковски, во периодот опфатен во член 3 и 4 од Законот, бил таен информатор (таен соработник).

Комисијата смета дека тајната соработка на тајниот информатор (таен соработник), со органите на државната безбедност, согласно праксата на органите на државната безбедност не ја воделе во одреден регистар, ниту тие лица-тајни информатори имале некаков псевдоним при комуникацијата во соработката. Такви активности службата преземала само со регистрираните соработници, кои покрај регистрацијата како соработник, најчесто од службеното лице кое го држело на "врска" добивале и псевдоним преку кој и соработувало. Тоа било само за регистрираните соработници, кои во хиерархијата на соработниците имале највисок ранг. Тие, при воспоставувањето на соработката како соработник биле регистрирани, а по престанувањето на соработката како соработник, истите се дерегистрирале. Некои од нив можеле и понатаму да соработуваат, но оттогаш со статус на "пријателска врска", "родбинска врска", "службена врска" или "оперативна врска", што понатаму не било поврзано со некаков формален документ и регистрација. Затоа, Никола Темелковски,

како таен информатор и не бил регистриран. Тој сепак, бил соработник како таен информатор, и како таков и давал тајни информации на службата за државна безбедност, особено за лицето заведено во ПОО "Црни", но и за други лица, посочени во документите.

Затоа согласно член 10, 14, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, одлучи дека лицето Никола Темелковски бил соработник со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција, јавно овластување или јавна дејност.

Согласно член 31 став 5 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност , против ова решение во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована врз начелата на приоритет и итност.

Согласно став 6 од истиот член, ако не се покрене постапка во рокот од став 5 на овој член ова решение станува конечно.

Согласно став 7 од истиот член, по конечното решение на Комисијата нема право на жалба.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Арнески



ПОУКА: Се упатува лицето Никола Темелковски во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собрание на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и Никола Темелковски.

лустриран

НИКОЛЧЕ БАБОВСКИ

Копија бр. 1
[redacted]

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
Оперативен Уред-Битола
Линија: ГРС
Ев.бр. 29 Државна тајна
Битола, 20.08.1998 година Строго доверливо

Врз основа на член 7 став 1 и член 2 став 1 точка "А" од Упатството за користење на средствата за посебна намена на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање (сд.бр.191-1315/1 од 2.04.1998 година), поднесувам

ПРЕДЛОГ

За одобрување на исплата на денарски парични средства во износ од 2000,во (две илјади) денари наменети заа надоместување на трошоци кои ќе бидат направени при извршување на оперативни работи, при организирање на оперативен контакт со соработникот "Ветеринар".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Соработникот "Ветеринар" активно се користи по линија на ГРС од 6.04.1998 година, а пред тоа четири години партиципираше со сознанија од по известителна линија спрема СРЈ.

Изворот располага со неспорни објективни услови за обезбедување на сознанија и нивно документирање особено по ОИ "Тенда", спрема неколку лица членови на влашката асоцијација од подрачјето кои претставуваат предмет на наш безбедносно-оперативен интерес; спрема службеници од ГКВ и сл.

Во врска со престојниот планиран контакт. ОУ-Битола изготви план во кого се предвидени задачите и очекуваните ефекти од обезбедените сознанија.

./.

2.-

Приоритет е ставен на проширување на сознанијата во врска со организираните престои во Р.Грција на грчки младинци и возрасни нови граѓани, од страна наа здружението "Браќа Манаки"-Битола, сегрчките влашки здруженија, ГПЦ, ГКВ-Скопје и сл.

Во оваа смисла имајќи го во вид изнесеното, заради успешно реализирање на предвидениот контакт како и ефикасно водење на оперативниот однос, предлагам средствата во висина на споменатиот износ потребни за надоместување на трошоци планирани да бидат направени при извршување на оперативни работи со соработникот "Ветеринар", да бидат одобрени во целост.

Битола, 20.08.1998 година

Предлага:

Гл.инсп. [redacted]

Врз основа на член 6 став 2 од Упатството за користење на средствата за посебна намена на ДБК ((сд.бр.191-1315/1 од 2.04.1998 година), одобрувам да се исплатат предложените средства во висина од 2000,оо ((две илјади) денари наменети за надоместување на трошоци планирани да бидат направени при извршување на оперативни работи, при организирање на оперативен контакт со соработникот "Ветеринар".

Директор на ДБК,

[redacted]

81

С 3371
кутија бр 1
стр. 4

1212 ГО 2109 98 237 200 00

[redacted]

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
Оперативен уред -Битола
Началник, Љубе Чкламовски
Гл.инсп. [redacted]
Ев.бр. 311 од 21.09.1998 година
16.09.1998 година
Б и т о л а

Вид на материјалот: Извештај добиен од лицето кое соработува со ДБК.
Предмет на работа: ГРС,ОИ"Тенда".
Извор:"Ветеринар". рег. бр. 4.4.98/ев. бр. 106
317180

I - По линија на ГРС изворот се користи паралелно со наметнувањето на состојбите и правилата обратени по ОИ"Тенда".Во досегашните контакти презентирал сознанија кои во подоцнежниот период се потврдувале и од други извори. Податоците ги обезбедува најчесто непосредно како учесник во одредени средини или во контакти со лица што преставуваат наш интерес.

II - Информациите се добивани во подолготраен период ((месец -јули,август и септември).

III - Предмет:ОИ"Тенда".

IV - Содржина на информацијата:

1.Изворот се користи во рамките на ОИ"Тенда" посебно во делот на асоцијацијата на власите од подрачјето "Браќа Манаки".Во тој поглед обезбедува сознанија за вклученоста на ДКП на Р.Грција и Романија,спрема активностите кои ги превзема споменатата асоцијација посебно спрема лицата Стерјадовски Христаки, Гога Јорго и Гагич Димитрие,односите со двете новоформирани асоцијации на подрачјето "Око" и "Пелагонија"и сл.

Оценуваме дека сознанијата имаат вредност, преставуваат своевиден континуитет и значајнисе за натамошното оперативно проценување и градење на модалитети за успешно спротиставување навлијанието на странските РС.

2.Со несмален интензитет се одржуваат меѓусебните средби и посетувања помеѓу одредени службеници од ГКВ-Скопје и најтесното раководство во здружението "Браќа Манаки" од Битола. Во оваа смисла, издиференцирани се неколку работи кои се изразуваат во последниот период.

./.

- Формирана е група од четири луѓе кои на некој начин изолирано работат оддругите икои ја одржуваат интензивната соработка со ГКВ-Скопје. Тоа се Христаки Стерјадовски, Гогу Јорго, Гагич Димитрие и во последно време Миха Бабовски ((сопственик на "Хера - транс").
По мое мислење со исклучок на Гога Јоргу, ќе имаат епизодна улога, прочитани се од дипломатите во поглед на личниот интерес, додека со Гогу кој е "идеен водач" работите стојат на подруг начин. Истиот емногу авторитетен и респектабилен особено пред [redacted]. Човек за контакт за подрачјетона Битола е [redacted]. Како благодарност за услуги што ги правеле за ГКВ, имаат формриано покрај сопствена и заедничка фирма и соработуваат со грчкиот трговец Мицијанос од Јаница. Интересно во тој поглед е што преку ова лице, според мои сознанија ГКВ-Скопје може дафинансира активности на "Браќа Манаки" преку производи кои без надомест им се отстапуваат на таа фирма. Моменталниот распоред на силите во здружението оди во прилог на оваа "четворка" и никако не може да се загрози нивната позиција.

Стерјадовски е највешт во "маневрирањето" остава впечаток и кај романската страна, впрочем се врти спрема интересот, затоа што таму студира и негова ќерка. И понатаму силно е изразена приватизација во одлучувањето изборот, присутен е и непотизмот како принцип на работа и сл.

Пак ќе повторам, романската секција најповеќе ја застапува Ѓорѓи Дарда, додека неговата ќерка Ева, направила обиди да се приклони на грчката страна, понуди во нашата асоцијација да обезбеди потписи за отворање ДКП на Р.Грција во Битола, меѓутоа таа иницијатива кај нас не беше посериозно третирана. Во овој контекст со создавањето на здруженијата "Око" и "Пелагонија" на некој начин силно се изразија меѓусебните антагонизми. Видлива е нервоза, нема никаква меѓусебна соработка имислам дека поради тоа [redacted] не држат "изолирани" едни оддруги во меѓусебните контакти.

На 30.07.1998 година разбрав дека во х."Молика" на покана на двата споменати дипломати дошло до средба со 5-6 наши членови ((познато и документирано од ОУ-Битола). Во тој поглед користев годишен одмор и затоа не бев на подрачјето, меѓутоа било разговарано за плановиите во нашата асоцијација, средбата била искористена за здобивање со визи, организираните курсеви и одмори во Р.Грција биле предмет на разговор и сл. Тие дипломати никогаш отворено ((барем мене не мие познато) сами не иницирале финансиска помош, меѓутоа доколку нешто не функционира во поглед на просториите каде сме сместени според најавите сигурно финансиски ќе интеровенираат.

3.-

Во досегашниот период само во една прилика сигнал за финансирање -спонзорирање ималедобиено преку [redacted] од Солун, меѓутоа реализацијата изостана.

За мене е најбитно што постепено во редовите на "Браќа Манаки" започна да се формира мошне позитивно и прогресивно "јадро" кое ја застапува автохтоната компонента за потеклото на влашкиот етникум.Покрај мене и Матовски од РЕК-Битола, ни се приклучи и Нико Поп Никола, екслидер и мошне значајна личност за Влашкиот етникум во Р.М. Во сите ситуации се трудел да биде правичен, принципиелен , а се произнесува без предходни предрасуди. Постепено со својата активност се дистанцира од погореспоменатата "четворка"."Нас" на некој начин не "симпатизира". и Нико Палигора) пензионер од Скопје, во досегашниот период повеќекратен спонзор на здружението.

Како резултат на горенаведеното, во фаза на припрема е организирање на подрачјето на "пикник" кој сакаме да прерасне во традиционален со членови на друштвото и дипломати од ГКВ-Скопје6 непосредно по фестивалот на филмската камера"Браќа Манаки" - првата половина на м.Октомври о.г.).

Во меѓувреме регистрирав големи реакции заради овозможувањето да се регистрира како "Битолско-грчко" здружението "Пелагонија". За разлика од нив ние прифаќаме двојно членство во асоцијацијата.

Интересен е и друг момент.Имено, Битола се јавува како носител на иницијативата за формирање влашка политичка партија ((протагонист е Христаки Стерјадовски) меѓутоа по тоа правање дојде до несогласување со лигата на Власите од Скопје,ивѐќе иницијативата е амортизирана, меѓутоа не и тотално уништена. Така да во наредниот период не се исклучува и таква можност. Не исклучувам можност за ова да има разговарано и со службениците од ГКВ-Скопје.

Организираните годишни одмори ((во Сарти) курсевите по грчки -влашки јазик во Јанина, ги оценувам како чисто пропагандно -субверзвина активност на грчката страна.

Ни теоретски не е можно за толку краток период да се постигне успех со јазикот. Во тие места "курс.ите" повеќе се шетаа и запознаваа со историјата на Грција, од колку што учеа. Во овој правец присутни беа замерки од грчка страна дека лицата што беа испратени имаа многу мало основно познавање на јазикот така да морале домаќините да ја менуваат програмата на курсот.Во наредна прилика посебно ќе се внимавало на овој критериум.Сите финансиски средства ги имаше обезбедено Сегрчкото Влашко здружение.

4.-

Контакт со [redacted] и особено со [redacted] остварив за време на испраќајот на [redacted] пред една недела во Музејот во Скопје. Бев информиран од службеничка во ГКВ -Скопје дека [redacted] треба исто така да замине одовој конзулат. Ниеден од членовите на здружението "Браќа Манаки" не отиде таа вечер во ГКВ-Скопје,цела група од приемот во музејот се врати назад во Битола.

3.Иако после подолго време ((најповеќе поради објективни околности) беше организиран контакт со изворот,цениме дека истиот презентира актуелни сознанија согласно инструкциите што во неколку прилики ги доби и преку телефон.

За контактот беа благовремено обезбедени парични средства вовисина од 2000,оо денари.За истакнување е фактот што тој го истакна,дека и понатаму останува на ставот да се ангажира на доброволна основа, бидејќи во неговиот случај материјалниот основ ништо не му значи. меѓутоа "Ветеринар" побара наше вклучување во поглед на обезбедување работен ангажман ((исклучкиво заради здобивање со стручна, а не и материјална сатисфакција) на неговиот брачен другар. Без оглед на споменатото за можностите да го оптеретува натамошниот оперативен однос,на мошне реален и принципиелен начин сметаме дека е зацртан обостран ангажман од взаемен интерес.

Задачите беа поставени во два правци

-Изворот е инструиран за организирано насочување спрема [redacted] во м.октомври о.г., за што постојат несомнени услови ((ќе следува посебен контакт со "Ветеринар" на кого ќе биде дециѕно запознат со нашиот план).

-"Ветеринар" доби задача за целосно оперативно покривање на најавениот престој на службеници на ГКВ-Скопје, на покана од раководството на здружението "Браќа Манаки". Во тој правец очекуваме создавање на сопствена фото-документација ,како и навремено наше анимирање заради благовремено оперативно-техничко поставување.

За време на контактот изворот презентира и други сознанија кои ќе бидат презентирани во друг оперативен материјал по линија на работа РС на Романија.

-V- Добиено вос.Братиндол од 2о-23 ч.по предходен взаемен договор на 16.09.1998г.

Гл.инсп. [redacted]

Доставено до: ОЦК

Оддел за истражување и информирање

[redacted]

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
Оперативен Уред-Битола — Државна тајна
Гл.инсп. [redacted]
Ев.бр. 359 од 27.10.1998 година — Строго доверливо
21.10.1998 година
Битола
Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК
Предмет на работа: ОЦ за контраразузнавање, ГРС ОИ "Тенда"
Извор: "Ветеринар" за евр[illegible]

I. Извор: "Ветеринар" се користи по линија на работа ГРС, од периодот кога практично е заведено и ОИ "Тенда". Досегашниот оперативен однос ((по тие теми) се остварува со одредени потешкотии од субјективна природа присутни кај изворот, поради што навременоста и корисната самоиницијативност повремено изостанува. Сознанијата кои се предмет на овој оперативен материјал ги добил преку непосреден контакт со службеници на ГКВ-Скопје за време на нивниот организиран престој на подрачјето на 10.10.1998 година.

II. Информацијата е добиена на 10.10.1998 година.

III. Предмет: Организиран престој на шест члена група службеници на ГКВ-Скопје во с. Малоиште и Трново-битолско на покана од здружението "Браќа Манаки"-Битола.

IV. Содржина на информацијата:

1. ОУ-Битола перманентно ги следи активностите и меѓусебните контакти на дипломатски структури на Р.Грција акредитирани во нашата земја и елино-влашките структури од подрачјето од рамките на ОИ "Тенда". Споменатиот престој беше реализиран во вид на "пикник" и тоа по втор пат, а имало предлози истиот да прерасне во традиционален. Навремено располагајќи со сознанија по тој повод, преземовме низа оперативни и оперативно-технички мерки при што се обезбедени

./.

валидни сознанија и документационен материјал согласно координативните договори со ОЦ за контраразузнавање.

2. На 10.10.1998 година од 10 часот, активисти од здружението "Браќа Манаки" (меѓу кои Христаки Стерјадовски со сопругата Фанија, Гогу Јорго и Вера, Гагич Димитрие, Коча Нија, Миха Бабовски со сопругата, Нико Палигоровски, Чолаковски Христо со сопругата (сопственик на камиони за превоз), Нико Палигора од Скопје со сопругата и сл.) се собравме пред хотел "Епинал"-Битола од каде се упативме во с. Маловиште. Таму пристигнавме нешто пред 11 часот. Околу 12 часот во придружба на полициско возило пристигна [redacted] со неговото службено возило „Ауди", возачот [redacted] со нив беше и новиот службеник во ГКВ-Скопје [redacted] вработена на местото I секретар во тоа ДКП, должност што досега припаѓаше на [redacted] заедно со [redacted] со ПИВ-Мерцедес 27-5-002 војдов и [redacted] неговата сопруга (и.з. [redacted] и [redacted] имал проблеми со неговото возило, го оставил поради тоа на преминот Плетвар, каде механичари од фирмата на Миха Бабовски "Хера-транс" извршија поправка и го донесоа во с. Магарево.

Од [redacted] имавме гости и тоа [redacted] претседател на сегрчкото влашко здружение од [redacted] од [redacted] каде и живее, работел како професор на факултетот за Туризам во тој град. Со него беше [redacted] од Воден и тој е претседател на влашкото друштво меѓутоа незнам поконкретни податоци за него. Истите остварија блиски средби и се преставија како стари познаници со [redacted] Во Битола најповеќе контактираат со Стерјадовски Христаки и Гогу Јорго.

Сите заедно околу 1 ч. отидовме во црквата Св.Петка во с. Маловиште. Неа нештаните ја реновираа со спонзорство обезбедено преку Палигоровски Нико од Скопје, кој потекнува од тоа село, а брат му таму и живее и е претседател на црковниот одбор.

./.

Неговата фамилија беше практично водич низ селотоо и во црквата.. [redacted] се извини зоошто не присуствуваше на нејзиното осветување и со закаснување од неколку месеци во тој момент поклони од името на Р.Грција односно ГКВ-Скопје, вредна икона која опфаќа повеќе мотиви и тоа соо посвета.

Колона од десетина возила од Маловиште се упати во с. Трново односно угостителскиот објект "Шумски фенери". Сите присутни бевме распоредени на голема маса така да потешко се доаѓаше до контакт со гостите.

Најглавни карактеристики би биле:

- А.Малас од името на ГКВ-Скопје додели повелби ((благодарници) за меѓусебна соработка на Нико Поп Никола и Стерјадовски Христаки ((лично на нив се однесуваа).

- Новопројавено лице од службениците на ГКВ-Скопје, како што спомнав беше [redacted] Незнае македонски јазик, оостави впечаток на релативно комуникативно лице, кое што средбата најповеќе ја искористи за меѓусебно запознавање со доомаќините и нашата организација.

- за цело врема друштво на [redacted] му правеа Никола Палигоровски од Битола, Миха Бабовски и Христо Чолаковски. Со [redacted] цело време беа Гогу Јорго, Стерјадовски Христаки и Гагич Димитрие.

- Кога се обидов да фотографирам делови од таа заедничка средба ((се имавме договорено од дмаќините јас да го направам тоа), до мене прилично енергично пристапи Нанос Костантинос и ми рече да не го правам тоа, дека тие ќе фотографирале ((Нанос К. и Костантинос Митропетрос) што и се случи и дека ќе ни достават изготвен албум со фотографии од заедничката средба заради архивата на друштвото "Браќа Манаки".

- Преку Миха Бабовски беа обезбедени неколку ленти со грчка и влашка музика, врз основа на кои отпочна и забава во добро расположение на сите присутни.

./.

- Во својство на преведувач во разговорите иако беше сугерирана мојта сопруга [redacted], [redacted] го имаше прифатено Гогу Јорго.

- На заминување, [redacted] напомена дека од Скопје треба да отпаатува во Атина ((на 11.10.1998 година за да го оствари правото на власе, Нанос се упати во Грција да ја однесе неговата сопруга, додека [redacted] по мое барање најпрво отидовме во Домот во Битола на Гогу Јоргу, ул."М.Т.Живков" 112, каде имаше кратка куртоазна посета и средба и со неговата фамилија, а од таму двајцата ([redacted] и јас) отпатуваме за Скопје со неговиот службен „мерцедес" за да ми издаде виза која му е неопходна за патување во Р.Грција ((истата ми ја наплати 18 долари). За време на патувањето имавме време за разговор меѓутоа мислам [redacted] беше прилично претпазлив, на некој начин сѐ ги одмеруваме силите. Разговаравме за своите семејства, за неговата кариера, напомена дека пред извесно време добил нов "мандат" и во наредните 3 години сигурно ќе престојувал во ГКВ-Скопје. Напомена дека одењето на [redacted] од Скопје е сигурно, и дека би можело да се случи одредена рокада на грчките амбасадори од Скопје и Тирана. Меѓу другото ме извести за престојниот кооктел во ГКВ-Скопје каде ќе бидат примени организирано повеќе елино-влашки асоцијации од РМ, учесниците на курсевите по грчки јазик во летниот период во Јанина и сл.

Ме советуваше да влијаам моето здружение да остани надвор од политиката, односно да презема активности согласно статутот како невладина, непартиска-интересна организација.

Воглавном овие се поинтересните моменти до кои јас во рамките на објективните можности успеав да дојдам односно да ги обезбедам за ваши потреби".

3. Според наша оценка изворот целосно се придржа на инструкциите кои му беа зададени, и обезбеди една комплетна пресава за престојот на службеници на ГКВ-Скопје на подрачјето

./.

кое во континуитет со изработената фото-документација, преставуваат солидна основа за активност по ОИ "Тенда". Новопојавените лица од средината на здружението "Браќа Манаки" ќе преставуваат предмет на ЦОП, а со посебен акцент ќе се стимулира и интензивира меѓусебниот контакт на изворот и ОО "Домар". Појдовни основи за тоа ќе преставува планот по споменатото ОИ и заклучоците (задачите) од последниот координативен состанок (24.09.1998 година) со ОЦ за контраразузнавање.

V. Добиено во Битола 21.10.1998 година.

Гл.инсп. [redacted]

M.J. / Изработено во 2 примероци.

Доставено до:

- ОЦ за контраразузнавање
- Одделение за истражување и информирање

Ф. 08-2133/347

СОРАБ. „ВЕТЕРИНАР"

[redacted] - II

копија бр. 1
стр. 3

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА Р.МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност и контраразузнавање
УДБК-Битола
Гл.инсп.[redacted]
Линија:ГРС

Ев.бр.106
14 04.1998 година

[redacted]

Врз основана член 8 од Правилникот за работа на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање (("Службен весник на Р.Македонија"-посебен Службен весник бр 10од 31 10 1995 година) поднесувам

П Р Е Д Л О Г

За АНГАЖИРАЊЕ НА СОРАБОТНИК - лицето БАБОВСКИ [redacted] НИКОЛА род 14.11.1964 година во Битола Р Македонија машки пол државјанин на РМ дипломиранветеринар вработен во земјоделскиот училиштецентар вс Битола каде и живее на ул "Јован Лалевски-Леко" бр:10.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Бабовски Никола потекнува одсредноимотна влашка фамилија Таттко му [redacted] од [redacted] година во с.Маловиште-битолско од најрано детство живее во Битола по професија еекономист,работи вопретпријатието"Јавор" Битола.

[redacted] на Никола, Бабовска [redacted] мом [redacted] род 10 01 1938 година во Љубојно-ресенско пензионирана вод ф-ка"Иднина"-Битола.Во бракот со [redacted] имаат само синот Никола,кој основно и средно образование завршил во Битола, а ветеринарен факултет во Белград.Во тојпериод бил мошне активен во студенската организација и еден од иницијаторите и предводниците на македонските студенти вс СРЈ. После враќањето на подрачјетосевработува како професор, стапува вобрак со [redacted] сокоја се уште немаат поород и станува активен член на влашкото здружение "Браќа Манаки " - Битола

Во минатиот период Бабоски Николаактивно се користеа по известителна линија спрема СРЈ подпсевдонимот "Ветеринар" при што беше континуирано присутен со актуелни сознанија.Поради негово напуштање на подрачјето

на СРЈ. "Ветеринар" ја изгуби средината и објкетивните можности за оперативенангажман по таа линијаза што со Службена белешка предложеное тој да бидедеевидентиран од соработничката мрежа.

Во оваа смисла, порадипостоење на солидни објективни можности,спремност. изразенаволја иразбирање занашитеголеми,вонаредниот период планирамеда секористи:

- по ОИ" Тенда".
- спреманеколкулица. членови на влашката асоцијација "Браќа Манаки." Битола закои во рамкиденапланотаработае предвиден соодветен оперативен третман.
- спрема Канцеларијатаза врскина Р Грција во Скопје .
- за селектирање. идентификација и проверување налица однашоперативно безбедносен интерес ((студенти, дипломати.лидери навлашките асоцијации одстранство).
- прибирање надокументи публикации и други СЈИнавлашки јазик и сл.

Мотивот од кој ќе се раководи лицето во овој оперативеноднос едоброволноста.

Доколку предлоготбиде прифатен, псевдонимот подкој ќесеводилицето во наредниот период ќебиде "Ветеринар".

Врз основа на карактерот на работоците што планирамеда ги добиваме "Ветеринар" ќесе користикако соработник-информатор

СОГЛАСЕН

Битола 14.04 1998 година НАЧАЛНИК НА УДБК-Битола,

[redacted]

Врзоснова начлен 8од Правилникот за работана ДБК и образложението ценам декасе исполнетиусловителицето Бабовски [redacted] Никола,дасе ангажира засоработник и согласно чл.12 од Правилникот за работана ДБК да се донесе Решение

Скопје ------1998 година НАЧАЛНИК НА I-ва УДБК-Скопје,

[redacted]

08-5562/8892
Кутија бр.1
стр.4 [redacted]

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
РУДБК-Битола
Гл.инсп. [redacted]
Ев.бр. 484 од 04.10.2000 година
16.10.2000 година
Битола ((Кукуречани)

Државна тајна
Строго доверливо [redacted]

Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК
Предмет на работа: ГРС, ОИ "Тенда"
Извор: "Ветеринар" сор ГРС – 4948

I. Изворот е проверен, повеќегодишен соработник на РУДБК-Битола, се користи по линија на работа ГРС. Обезбедува и презентира објективни сознанија во рамките на ОИ "Тенда". Најголемиот дел од сознанијата изворот ги обезбеди непосредно.

II. Информацијата е добиена во период на 8 и 9 месец о.г.

III. Предмет: Престој на поголема група млади членови на комуната "Браќа Манаки" во Невеска, Р.Грција.

IV. Содржина на информацијата:

"Веќе традиционално, секое лето влашката комуна "Браќа Манаки", во рамките на својата меѓународна соработка формира и испраќа групи на наши членови во Р.Грција. Целта е усовршување на влашкиот јазик, негување на традиции, меѓусебно пријателство со луѓе од различити подрачја и сл.

Во период од 10 јули до 10 август о.г. две групи од по 20 лица ((н.з. РУДБК-Битола ги обезбеди податоците со генералиите на тие лица) поделени во две смени престојуваа во градчето Невеска во Северниот дел на Р.Грција. Во објектот на локалната гимназија го изучуваа влашкиот јазик, под менторство на возрасниот педагог (има 30-годишно работно искуство) [redacted] од Невеска. Во организацијата на курсот помогна Сеѓрчкото влашко друштво со седиште во Солун, а активноста беше спонзорирана од фондот за малцинства при ЕУ.

../.

Во наставата била избрана форма за изучување на повисок степен на јазикот. Критериумите кои претходно ги имавме добиено и по кои се раководевме при селекцијата на лицата се:

- Возраст ((студенти)
- основно познавање на влашкиот јазик
- декларираност како влав.

Помошна литература, курсистите не вратија со себе во Битола, за курсот не беше издаден никаков сертификат и групата од Македонија беше исклучиво сама учесник на курсот. Во групата по 6 лица и тоа во двете смени беа од Битола, а останатите од Крушево, Скопје и мислам дека и од Штип.

Воспитувач во првата смена беше Ташули Дајовски од Битола, а во втората Пандора Н. од Крушево.

Според мене во контекст на претходните информации битни се неколку работи.

I. Многу е значајно што овој курс во Р.Грција се однесуваше на изучување на влашкиот јазик. Општо познато е дека Р.Грција не признава постоење на малцинства ниту етнички групи на нејзината територија, а го тоа ниту останатите атрибути ((јазик, култура и сл.) на тие категории на граѓани. Значи ова е еден од историските исчекори што грчката влада го прави во последно време, веројатно по притисок на меѓународните асоцијации ((особено ЕУ) каде е значаен член.

II. Не располагам со сознанија за значајна индоктринација на учесниците на курсот ((иако имаа и дводневна посета на културно-ситорички знаменитости на тоа подрачје и се протежираше интензивна комуникација на курсистите со семејства-власи по потекло од Невска). Со ваквата форма на активност во нашата асоцијација "Браќата Манаки" сметаме дека се дава придонес во автохтониот карактер на влашката популација, иако во досегашниот период во Р.Грција сакаа да го прикажат елинистичкиот карактер на тие структури. Немам доволни индикатори во моментов за да го потврдам спротивното, доколку се случувало во Невеска.

./.

III. Со целата постапка ((целите на престојот во Невеска, списоците на групите) беше во тек ГКВ-Скопје, односно од нивна страна овластен [redacted] По тој повод во една прилика со него остварив познанство, кога ни даде и гратис визи за сите курсисти. За време на разговорот ((во ГКВ-Скопје) беше професионален, и не појави особен интерес освен што ни даде до знаење дека му е позната влашката асоцијација од Битола и некои лица од неа ((пр. Стерјадовски Христаки и Нико Поп Никола).

Комуната "Браќа Манаки"-Битола со 25 членови учествуваше и на летниот курс за изучување на грчкиот јазик во Јанина. Сите тие беа под менторство на Нора Геру од Скопје.

Оваа година во Романија од Битола се запишаа 6 студенти и 2 постдипломци ((со претходно завршени студии во Букурешт). На една од наредните седници на управниот совет на Комуната, ќе се расправа околу тие прашања, мислам дека тоа е добра можност да дојдам до целосните податоци околу нивните генералии.

Во овој период ((м.Октомври) повеќе години традиционално ги одржуваме пикниците во с. Маловиште со присуство на дипломати од ГКВ-Скопје. За тоа деновиве исто така конечна одлука треба да донесе управниот совет на здружението".

2. Сознанијата кои ги обезбеди и презентира "Ветеринар" се добиени врз основа на претходно дадена наша инструкција за негов ангажман по прашања кои се третирани во ОУ "Тенда".

И оваа година РУДБК-Битола регистрира појави на организирани масовни престои во Р.Грција на наши граѓани, пред се од елино-влашко потекло по основ комбиниран годишен одмор ((посета на значајни културно-историски знаменитости, посетување на курсеви за изучување на грчкиот и влашкиот јазик ис л.).

Носителите ((финансиерите) на овие активности во најголемиот број на случаеви се познати на РУДБК-Битола ((од странство) а предмет на напад од нашите асоцијации ((елино-влашки) од подрачјето биле здружението за битолско-грчко пријателство и соработка "Пелагонија" и комуната на власите "Браќа Манаки".

./.

4.-

Во период на летото 2000 година според сознанијата со кои располагаме во РУДБК-Битола биле опфатени околу 200 наши граѓани.

Во соорганизацијата на овој вид активности, партиципираат повеќе лица третирани од ДБК по линија на ГРС ((ОО "Мисија", "ДОмар", [redacted] и други лица опфатени во рамките на ОИ "Тенда").

Перманентно се преземаат мерки и активности за целосна идентификација на сите лица што учествуваат во овие процеси. Во тек е изготвување на оперативен-личен профил на лицето кое се појавило како воспитувач на едната група која престојувала во Невеска-Р.Грција.

Активна улога во овој смисол очекуваме и во понатамошниот период да има соработникот "Ветеринар". За таа цел од него се побарани дополнителни информации кои очекуваме да ги обезбеди и презентира на ДБК. РУДБК-Битола, ќе се обиде стимулативно да делува во односната изворот со Теодорос Теодору, со оглед на неговите честии пропатувања преку подрачјето, и улогата што "Ветеринар" ја има во рамките на влашката комуна "Браќа Манаки"-Битола.

V. Добиено во Битола ((Кукуречани) на 16.10.2000 година.

Гл.инсп. [redacted]

М.Ј./Изработено во 2 примероци.

Доставено до:

- I Управа на ДБК
- IV Управа на ДБК

4948 IV

08-1996/28.3
Кутија бр.1
стр.5

[redacted]

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
РУДБК-Битола
Гл.инсп. [redacted]
Ев.бр. 99 од 27.03.2001 година
19.03.2001 година
Битола ((Кукуречани)

Државна тајна
Строго доверливо

[redacted]

Вид на материјалот: Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК
Предмет на работа: ГРС, ОИ "Тенда"
Извор: "Ветеринар" сор.

I. Изворот е повеќегодишен соработник на РУДБК-Битола по линија на ГРС. Обезбедува и презентира најчесто објективни и целосни сознанија на непосреден начин.

II. Информациите се добиени во период од м. Декември 2000 година заклучно со денес.

III. ОИ "Тенда", ОА "Рамно"

IV. Содржина на информацијата:

1. Сакам да истакнам две посебно значајни активности во кои сум партиципирал лично што сметам дека преставуваат и ваш интерес.

Првата активност беше преземена во првата половина на м. декември минатата година. Се работеше за одржување на симпозиум во Солун во просторот на Универзитетот "Македонија" во тој град во организација на сегрчкото влашко движење. На симпозиумот беа присутни околу 500 лица од најразлични места ((и наадвор од Р.Грција) голем број од тие лица беа научни работници кои се занимаваат со проблематиката со власите односно нивните етнолошки, културни и обичајни традиции. Не стана збор за правата на власите како малцинска етничка група ниту за влашкиот јазик.

За нов претседател на сегрчкото влашко движење во Р.Грција е избран [redacted] од Лариса, по професија дипломиран етнолог.

./.

Позначајни излагања на погоренаведената тема имаа два професори од Австрија-Виена ((не се по припаднос Власи) на кои не им ги помнам имињата заради нивната специфичност. Тие изнесоа податоци со кои го привлекоа вниманието во Р.Грција и тоа нови и спротивни од оние кои ги имаа изнесените од Р.Грција. Тоа предизвика полемика и се бараше дополнителна аргументација од нивна страна.

Од Битола во моја придружба беа Јорго Ивановски, Таки Стерјадовски и Гагич Димитрие. Од Скопје беше Нора Геру и одреден Вангели Н.

За време на престојот во Солун во непосредна близина на местото каде се одржуваше влашкиот симпозиум , во истиот комплекс се одржуваше и голем собир на курди. Тоа го забележавме заради истакнатите знамиња и пароли кои разбирливо заради јазикот на кој беа напишани не ги разбиравме. Не добив никакво дополнително сознание во врска со нивниот собир.

Втората значајна активност со кој асе занимава комуната на власите "Браќа Манаки" во овој период е спроведувањето на проект добиен ((финансиран) преку ФАРЕ-програмата, а се однесува на с. Маловишта, односно подем на ова село од културен, економски и еколошки аспект. Првата рата во висина на 16000 Евравеќе е пристигната на жиро-сметка, преостануваат уште две рати. Во реализирањето на проектот вклучени се четири лица од Битола ((покрај мене претседателот на месната заедница од с. Маловишта, Јован Н. потоа Ристо Палигоровски од Музеј и галерија-Битола и претседателот на сојузот на инженери од Битола).

Во врска со овој проект сакам да истакнам дека легално е добиен на конкурс, меѓутоа имав сесрдна помош и од ГКВ-Скопје, посебно Х...((ОО "Домар"). Ова лице никогаш отворено не се заинтересирало со активностите во врска со проектот меѓутоа имаи впечаток дека е целосно во тек со нив, добро му се познати целите ((ги подржува) и препорачува да се искористат овие услови и спрема други влашки села во битолско.

./.

Сакам да напоменам дека во врска со настаните во нашата земја (Танушевци, Тетово) немаме посебен ангажманн во комуната. Слушам и јас гласини дека во комуната ќе сме се организирале за групно визирање на ПИ во ГКВ-Скопје за да ја напуштиме земјата ако е потребно, но сакам категорички да ве уверам дека нема ништо од тоа. Последен пат со Х...("Домар") се видов на 16.03. о.г. во ГКВ-Скопје, кога ми услужи за четири визи, напротив од мошне кратката средба ми остави впечаток дека очекуал состојбите набргу да се разрешат и дека сомалиите не постоеле елементарни изгледи екстремистите да ги остварат своите цели. Го истакна силното пријателско расположение на наеговата земја. врз основа на што ((но и од следење на грчките медиуми ид од разговорите што јас ги имав со претставници на влашки асоцијации од Лерин и Невеска на 17.03. о.г.) јас заклучувам и препорачувам до нашите власти, слободно да се обраќаат до Р.Грција за помош во овој случај и тоа од секаков вид ((материјална, воена, логистичка, вво меѓународните организации каде Р.Грција е членка, за посредничка мисија на грчки функционери во највисоките воени или политички асоцијации од меѓународно значење и сл.).

Како што сме разговарале и поодамна (во влашките асоцијации ((кај поединци) има расположение да се основа политичка партија на власите во РМ ((од Битола ваквата идеја ја застапуваат Нико Пог Никола и Стерјадовски Христаки). Едно можам да ви гарантирам дека комуната "Браќа Манаки" никогаш нема да застане колективно зад ваквата идеја и тоа од повече причини. Не можам во овој поглед да кажам дека постои некаков менторски однос ((од ГКВ, романската амбасада и сл. иако имало од поодамна водено разговори на таа тема со преставници на тие дипломатски претставништва, за време на одржувањето на "Влашката вечер", "пикниците" што биле организирани во Битола и сл.) Сметам дека идејата е потикната од личните интереси и амбиции на поединци кои сметаат дека на таков начин подобро би се афирмирале и би ги задоволиле своите лични и економски страсти. Знам дека повеќе денови оваа пролет беа во

/.

оптег кога би се одржало оснивачкото собрание ((3.03. о.г., 11.04. о.г. и сл.) меѓутоа мислам дека со оглед и на состојбата и последно најавениот термин ќе отпадне.

Сакам уште да известам дека имам проценка доколку е потребно секој од нашите членови ќе одговори на потребите за воена мобилизација. Доколку има примери наши членови да се во потрага на ПИ сега одговорно тврдам дека е тоа нивна лична одлука. Во среда на 21.03. о.г. имаме закажано средба , на која очекувам да проговориме на тие теми и дефинитивно да се одлучи што ќе биде со престојната традиционална влашка средба. Имам најава дека и традиционалниот прием во ГКВ-Скопје по повод 25.03. о.г. ќе биде откажан".

2. Со изворот во период од заведување на ОА "Рамно" РУДБ.- Битола одржа две организирани средби на кои беа добиени и други сознанија третирани по ОИ "Тенда" при што се потврдени и проширени одредени сознанија кои беа добиени со примена на ОТС-9-Е.

Цениме дека кај изворот е присутна неискреност во врска со негов престој во ГКВ-Скопје на 18.03.2001 година придружуван од ОО "Петле". Сознанијата со кои располагаме укажуваат дека во елино-влашките средини кај помасовен број на членови на нивните асоцијации постои страв од евентуално ескалирање на кризата во земјата, спроведување на активности за пошироко мобилизирање на граѓаните и сл., според кое кај нив е присутна појавата за побарување нови ПИ ((вметнување на малолетни деца во ПИ) како и побарување на визи од ГКВ-Скопје, засега на поединечен приватен начин. Од тие причини ((како најповикани ОО "Петле" и соработникот "Ветеринар") претпоставуваме дека изворот нема храброст да се соочи со реалноста и позицијата која ја има во рамките на соработничкиот однос. Допуштаме мала можност, оваа наша констатација да биде корегирана по преземањето на оперативни

./.

активности за проверка на сознанијата со кои располагаме, меѓутоа во овој момент поради наша проценка да не провалиме мерка ОТС 9-Е не отидовме во детално расчистување на ситуацијата. И покрај сите околности максимално инсистиравме на негова целосна оперативна мобилност по прашања опфатени по ОА "Рамно".

V. Добиено во Битола на 10 и 20.03. о.г.

Гл.инсп. [redacted]

М.Ј./Изработено во 2 примероци.

Доставено до:
- I Управа на БК
- IV Управа на БК

4948 Кутија бр.1 32.1/1384 стр.5

[redacted]

МВР НА РМ
УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
РОУБК - Битола Строго доверливо
Гл.инсп. [redacted]
Ев.бр. 51 од 12.02. 2002 година
25.01.2002 год.
Битола
Вид на материјал:Извештај добиен од лице кое соработува со УБК
Предмет на работа: ГРС ОИ "Тенда"
Извор: "Ветеринар" Сораб. "Ветеринар"

I. - Изворот е проверуван повеќегодишен соработник на РОУБК-Битола по линија на ГРС. Обезбедува целосни и релативно навремени сознанија на непосреден начин.

II. - Информацијата е добиена во м.декември - јануари 2002 год.

III. - Предмет: ОИ "Тенда"

IV. - содржина на информацијата:

1. Во меѓувреме од последната наша средба до денес ((апстрахирајќи се од телефонските контакти) се случија повеќе многу значајни настани. како на приватен план кај мене ((новороденче. смрт на близок роднина. повторен избор во влашката организација) така и на службен план посебно значајно и од интерес за твојата служба:
- Во втората половина на м.декември 2001 год.се одржа изборна извештајна и програмска седница на комуната на власите "Браќа Манаќи"-Битола. За претседател повторно беа избран јас во наредниот период од 2 години а досегашниот потпреседател Јорго Ивановски си го променија местото со секретарот Зоран кој го води и нашето КУД. Изборната седница се одржа без присуство на гости ((дипломати и сл).
- И во овој период можам да ти потврдам дека продолжи многу успешна соработка помеѓу комуната "Браќа Манаќи" и Заедницата на Србите во Битола. Контактите ги држиме со Томислав и Зоран Жугич.Пред се. тоа е размена на

./.

искуства, заземање на ставови во поглед на статусот што ние го имаме како мнозинство посебно во фазата на промена на дел од Уставните одредби во Р.М ((н.з. изворот издвои одредени коментари на споменатите 2 лица во поглед на воената криза во Р.М. односно прашања третирани по ОА "Рамно" за ставовите на заедницата на србите по мисијата на НАТО, во Р.М.за политичко-економските перспективи во СРЈ, односите на таа земја со Р.М. хуманитарни акции во РМ и сл.). Најсвеж пример на меѓусебна соработка е вечерашнава забава организирана од Заедницата на Србите во х "Битола" каде ќе престојувам јас со делегација од комуната.

- Имав еден многу важен контакт во Битола ((с.Трново, хотел "Шумски Фенери") со Амбасадорите [redacted] новиот амбасадор во КГВ-Скопје [redacted] уште еден грчки дипломат на кого не му се сеќавам на името ((н.з. [redacted] генерален конзул на Р.Грција во Приштина) на 23.11.2001 год. До средбата дојде по иницијатива на [redacted] ме повика Х. ((ОО "Домар') преку телефон со цел да ме претстават на новиот амбасадор во ГКВ-Скопје. Средбата траеше околу четириесет и пет минути. јас бев сам-претставник на ккомуната на власите Покрај куртоазниот дел на средбата, грчките дипломати се интересираа за состојбите во комуната, број на членови, раководството финансиите - програмата за работа, нашето учество во изучување на грчкиот јазик, за сстуденти во Солун од нашите редови и сл.

Во таа прилика беа остварени перссспективи за продолжување на познанството со новиот амбасадор во ГКВ-Скопје.

- Проектот за с.Маловиште (финансиран преку програмата на ФАРЕ подржуван од седиштетона ФАРЕ за овој регион - Агенцијата АНГО од Кожани и нејзиниот претставник Аврамидис) ја доживеја својата завршница. Промоцијата беше во 1 м.декември 2001 год. со учество на повеќе дипломати во Р.М.((Пино Тешеира - австрискиот амбасадор, секретар од Руската Амбасада мислам дека беше [redacted] или [redacted] како и претставник од ГКВ-Скопје). На присутните им беше поклонета новата монографија а беа запознати со резултатите од проектот. Сакам да те информирам дека во тие моменти ни беше украден делот од проектот што се однесуваше на туристичките перспективи во с.Маловиште.

Надворешен претставник во проектот беше [redacted] од Кожани кој за дневнина од 350 евра помагаше со извесни сугестии и во техничкиот дел. Многу малку ги искористивме неговите услуги, повеќе тој се појави во улога на рецензент. Морам да те известам дека во овој поглед значителна помош имавме од Х. ((ОО"Домар") и [redacted]

./.

-Влашката партија ((огранокот во Битола) е создаден како своевидна противтежа од една страна на комуната на власите "Браќа Манаки" -Битола односно од оние кадри кои ги изгубија позициите во здруженијата на влашката основа. Втората причина е многу битна. Имено со исклучок на асоцијацијата "Питу Гулм"-Скопје каде каде преовладуваше романската - струја. сите други вавлашки асоцијацииопшто се третирани како да се на прогрчка основа. Затоа јавно е познато дека во Влашката партија преовладува ромнанската позиција. Навидум е така меѓутоа човек кај што е малку повеќе упатен во работите ќе дознае дека потпретседател на таа политичка партија е Стерјадовски Христаки од Битола. Истиот воедно е претседател на нејзиниот огранок во Битола во кого значајна улога има и Нико Поп Никола. Стерјадовски одигрра многу добро помеѓу двете страни. Грчката и Романската ((Керкаму Даниела дипломира во Букурешт и сега е нов кандидат за постдипломски студии најверојатно во Романија. а во оптег бил и Солун). Егзистенцијата Стерјадовски ја обезбедува во Јанина. Р.Грција во тесна соработка и зависност од угледниот грчки бизнисмен Нитциатис. фабрикант. сопственик на Месна индустрија во Јанина. Човекот е по потекло Влав, активно членувал во Сегрчкото влашко здружение. Колку што ми е мене познато политички не бил активен. меѓутоа имал добри позиции во грчката влада која повремено го користела за спонзорски цели. Нитциатис дури го споменуваат како кадровик во реонот на Јанина. Познанството на Стерјадовски со ова лице датира од времето кога беше претседател во комуната "браќа Манки". Мислам дека првичните контакти му беа во ГКВ-Скопје. на некој коктел ((н.з. изворот презентира податоци за седиштето на фирмата на С.- Христаки и за неговот ново приватно возило).

Мислам дека за време на наредните избори влашката партија нема некој голем капацитет и не е за очекување да постигне голем успех. Значајно е тоа дека со исклучок на Битола. секаде каде што се формирани нејзини огранаци замрела работата на Влашките здруженија. Во таа смисла постигната е целта. од општествена функција ((димензија) влашкиот етнос поприма политички димензии. за среќа барем до овој период не многу масовно.

Што се однесува до лицето Н... К...(ОО "Дописник") не располагам со податоци за негова висока позиција во Битола ((во огранокот на оваа партија) но не ја исклучувам можноста за членување од негова страна во истата. Имајте го во вид неговиот лош однос особено со Нико Поп Никола.

Постдипломци во Романија од Битола имаме две лица, се работи за синот на музичкиот работник Нико Наумов ((на Музичка Академија) и Мангов Н. припадник на познатото Битолско семејство. ((на Филозовски науки)

./.

4.-

((Н.З.податоците се отстапени на соодветните линиски оперативни работници во РОУБК-Битола за натамошна проверка и оперативно користење. Изворот презентира - потврди сознанија за двете ве ... кандидатки за студенти предложени од комуната "Браќа Манаки" како стипендијанти на грчката влада. од семејствата Мано и Роме. Делумни и интегрални проверки се изготвени. а согласно координативниот договор во Битола ќе следуваат поединечни ЦОП).

2. Изворот еповеќегодишна соработничка позиција на РОУБК-Биттола по линија на ГРС. Воедно претставува една од најквалитетните позиции вградена во влашката средина. при што како на подолги периоди претставува значаен партиципиент по ОИ "Тенда" и во правец на ГКВ-Скопје. Контактот е организиран после подолг период исклучиво поради објективни причини ((смрт на член на потесното семејство на изворот, новороденче во неговото семејство и посталки за негови избори значајни на професионален и општествен план). "Ветеринар" по наше инсистирање ја отвори темата која беше исклучиво значајна и активна по ОО "Рамно". Се работи за негова средба во ГКВ-Скопје во пролета 2001 година придружуван од ОО "Петел". а во присуство на високи претставници од ГКВ-Скопје, вклучувајќи го и политичкиот директор од МНР на [redacted] Во кратки црти, грчките државјани спрема двата лидери на елино-влашките популации во Битола зазеле став за сестрана подршка доколку воените дејствија ескалирале и на југ, децидно ја промовирале сега познатата идеја за "Тампон зона", и искажале голема загриженост но и спремност за акција заради заштита на грчкиот капитал во Р.М. Во последниот контекст рачунале на нивна подршка ((митинзи. јавни осуди и сл.).
Обезбедените сознанија кои егзистираат во содржината на оперативниот материјал ги оценуваме како квалитетни. целосни и објективни.
Сознанијата ќе бидат искористени и развивани во натамошни оперативни цели и модели на спротивна работа. ((ЦОП во врска со студентите во Солун и Букурешт и посебен третман на лицето Стерјадовски Христаки согласно планот за спротиставување на ГРС).

Последните денови ((30.01.о.г.) обезбедивме сознанија за пројавен интерес на ОО "Мисија" за настани и состојби во средината на комуната "Браќа Манаки".

. . ./.

5.-

Исто така и сознанија кои одат во прилог на индициите за поврзаност на нашиот граѓанин Стерјадовски Христаки со припадници на безбедносните органи на Р.Грција.

Се преземаат мерки и активности за проширување на сознанијата.

V. Добиено во Битола на 25.01.2002 година.

Гл.инсп. [redacted]

Изработено во 2 примероци

Доставено до:

- Сектор за контраразузнавање
- Сектор за аналитика, истражување и информирање

121050
121320

Сд. 3124/32.1.5798
Копија др.1
сад. 6

[redacted]

МВР НА РМ

УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА

РОУБК-Битола

Гл.инсп. [redacted]

1948 Строго доверливо

Ев.бр.233 од 06-06- 2002 год.

30-05-2002 год.Битола ((општ.Кукуречани)

Вид на материјалот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК-[redacted]

Предмет на работа: ГРС; ОИ "Тенда"

Извор:"Ветеринар" – Сора

I. Изворот е проверен,повеќегодишен соработник на РОУБК-Битола по линија на ГРС.обезбедува и презентира целосни ,најчесто навремени и објективни сознанија на непосреден начин.

II. Информацијата е добиена во IV и V месец о.г.

III. Предмет: ОИ"Тенда"

IV. Содржина на информацијата:

1. "За поголем број настани безбедносно интересни појави и средби остварени во последните 7-8 недели во влашката средина во Битола и воопшто во РМ.во кои јас бев активен учесник,
Ќе информирам хронолошки:

- Во процесот на дефинирање на законските норми во РМ. поврзани со законот за новите патни исправи во РМ.како што ни е на сите познато,албанските фактори бараат п.и.да биде напишана помеѓу другите јазици ((Македонски и Англиски) и на Албански јазик. По наше длабоко уверување ((во Лигата на комуната на Власите) тоа отстапува од Рамковниот договор и усвоените Уставни амадмани. По тоа прашање. онака како што настапува албанскиот фактор во земјава само ги подгрева страстите и помеѓу раководствата во влашките организации во Р.М. вклучувајќи ја и Влашката политичка партија. Сите се обединуваме позади потребата доколку Владата одобри п.и. да егзистира и на албански јазик,обавезно да биде тука застапен и влашкиот јазик.Дури оценуваме дека за сметка на албанците во РМ.,повредени се и други човекови права на влашката популација.Во првите моменти кога бевме примени како Влашка делегација од премиерот на Владата на РМ. и претседателот на Собранието на РМ. цел ни претставуваше да помогнеме на нив,преку нашето [illegible] мислевме тие да не ги прифатат максималистичките барања на албанците, но како минува времето работите се менуваа и овие барања се поинтензивно и сериозно се истакнуваат од влашките организации,како политичка потреба.

./.

Доколку се прифати законот за новите п.и.да предвидува и албански јазик во п.и.,обединетите Влашки организации ќе поведат најпрво правен спор пред Уставен Суд во РМ.а подоцна доколку е потребно и пред меѓународниот суд за човекови права во Стразбур.

Идентично како и за ова прашање,лидерите во влашките организации во РМ. се ангажирани со заложбата за влегување по принцип на "клуч" и на припадници на малцинствата во Македонскиот парламент. По ова прашање треба да се очекува раскол."ниски удари" и сл.за тој кој треба да ги претставува Власите во Македонскиот парламент.Митко Костов-претседател на Партијата на власите во РМ.создава можности тој да биде во таква позиција,тука користејќи ја подршката што ја има од Романската амбасада која на некој начин тивко лобира во тој правец. Во овој поглед има многу отпори,со тоа предначи комуната "Браќа Манаки"-Битола од причини што сметаме дека Костов не располага до таковов интелектуален потенцијал да ги застапува интересите на власите во РМ. туку само би преставувал можност за "поткусурување" на поголемите политички партии, нешто што јас го нарекувам "политичка проституција" или "влашкиот Амди Бајрам".

Од кога стапија на сила Уставните амадмани,каде на изненадување на многумина влашката популација доби статус на народ,засилија активностите особено од страна на романските дипломатски претставници во РМ,во правец на истакнување на тезата за постоење на "Романсконационално малцинство во РМ.".Значи тие ја оспоруваат уставната позиција на Власите во РМ.Тоа се почуствува посебно со промената на поставата на Амбасадата на Романија во Скопје каде дојде нов Амбасадор, подинамичен како нов аташе за култура [redacted],кој на многу пософистициран начин од нивните претходници ги водат работите. Во Битола побиски со нив се Нико Поп Никола.Стерјадовски Христаки,Ѓорѓи Дарди и сл.

- По повод традиционалната Влашка забава на 06-04-о.г.,имавме посета од многу гости од повеќе места од Р.М. и од Р.Грција.Таму се сретнав како домаќин со следните лица:

- [redacted] и неговата сопруга [redacted] аташе за култура во Амбасадата на Романија во Скопје.

Од нивна страна јас лично но и комуната "Браќа Манаки" трпиме притисоци за воведување на црковна богослужба на романски јазик во храмот Св.Елена и Костадин во Битола.Биле спремни да донесат романки свештеник за таа намена.Никогаш нема да му прифатиме такво нешто,само ги упатив за тие теми да разговараат со претставници на Преспанско-пелагониската епархија.

./.

3.-

Се надевам дека и таму ќе ги "откачат" ако веќе тоа го немаат досега и направено Романските преставници на влашката забава ги имавме изолирано од претставниците на ГКВ-Скопје,поради познатата нивна меѓусебна нетрпеливост и судир на интереси. [redacted] и Х...((н.з.ОО"Домар") беа гости на забавата од страната на ГКВ-Скопје. На масата каде што седеа беа заедно со битолскиот градоначалник,со претставник на црквата Томе-Фришки и членови од претседателството на "Браќа Манаки". Во последно време како карактеристика за претставниците на ГКВ-КГВ-Скопје е нивната воздржаност односно претпазливост во разговорите или при отворањето на темите за разговор. И двете лица ми оставија впечаток на извонредно информирани за подрачјето.Во тие моменти забавата ((во време од околу 1 час) ја посети В...((н.з. ООМисија") Заедно со Х...(("Домар") го отвори пред мене разговорот на тема соработката помеѓу комуната "Браќа Манаки" и здружението "Пелагонија"-Битола.Се заложија за поголема соработка,координираност особено во престојниот-летен период каде се најавуваат повторно годишни одмори и летни кампови,во Р.Грција со учество на наши членови.Координацијата ја побараа како неминовна заради задоволување на принципите на економичност.рационалност ((на пр.при упатување на членовите во Р.Грција со заеднички превоз,при издавањето на визите во Скопје и сл.).

Сакам да ги истакнам како лица кои важат нешто пред другите во влашката средина во Р.Грција,[redacted] од Костур и [redacted] до Солун.
Првиот е од пред 2-3 недели новоизбран претседател на Сегрчкото-влашко движење ((нешто слично како нашата Лига на влаите).По професија бил професор, на возраст од 45-48 години,ретко доаѓа на подрачјето и немал овде роднински врски. Карактеристично било тоа што седиштето на влашката организација се преместувала во зависност од тоа каде живеел претседателот. Сега е во Костур.
Мерсо Н. е еден од постарите членови во Сегрчкото влашко движење во Р.Грција. сега е пензионер,инаку беше по професија Новинар,публицист,поседуваше приватен дневен лист. Многу често се појавува во улога на подносител на научни трудови на теми кои ги опфаќаат власите.Кон крајот на 2000 година на еден таков симпозиум се сретнавме во Солун. Тој човек му помага во врска со сместувањето на студентите од Битола во Солун кои се испратени преку комуната "Браќа Манаки".Мерсо сега е на возраст од 68-70 години.

На 12-05-о.г.во Битола,во големата сала на СО-Битола се одржа изборно собрание на Лигата на власите на РМ.Избрано е ново раководство:

./.

4.-

За претседател-Јорго Илиевски,досегашен секретар на комуната "Браќа Манаки"-Битола;
- С...(н.з.сораб."Римини") од Крушево, потпретседател;
- Ѓоко Ѓеоргиев,од Скопје потпрдседател;
- Ѓоко Н., од Струга потпретседател;
- Секретар е лице од Штип.

Беше променет и статутот. Лицата што ја застапуваат позицијата на претходниот претседател Митко Костов, се обидоја да направат опструкција на изборната седница, меѓутоа безуспешно. ((Едно такво лице беше Никола Палигоровски од Битола).
По тој повод,во Битола не присуствуваа гости од странство или од дипломатски кор во РМ. бидејќи не беа ни поканети. Сметаме дека тие работи мораме да ги завршиме сами.Јас согласно мојата функција во комуната "Браќа Манаки" влегов како член на председателството на Лигата на Власите од РМ.

Пред 16-04-о.г.,телефонски ме побара Митко Костов. Од мене побара,,на тој ден да пречекам 25-члена романска делегација во чиј состав се наоѓале високи преставници на романската влада.На пропатување за Струга сакале да се задржат во Крушево и Битола. Инсистирав Костов да ми каже кому се цели те на престојот,кои се моите обврски и нешто поблиску околу делегацијата, на тој не беше спремен да ми даде пошироки сознанија и прилично агресивно настапи со еден вид "наредба" па затоа бев приморан да не му излезам во пресрет.Подоцна разорав дека делегацијата ја придружувал и тој, и дека во Битола како домаќин се појавил Нико Поп Никола. Сите заедно ги посетиле влашките гробишта,црквата Св.Елена и Костадин ((тука се заложиле слично :. како преставниците на амбасадата на Романија во РМ.за разгледување на можностите за вршење на богослужба во таа црква на романски јазик) и најпосле одседнале на ручек во хотелот "Битола".Помеѓу другото станало збор и за перспективите младинци од Битола да се школуваат на универзитетите во Романија.".

2. Раководејќи се од воспоставената пракса која се покажа за релативно добра. до изворот "Ветеринар" организираме непосредни,сеопфатни и содржани средби на подолги временски интервали.Во меѓуперіодите,почесто преку телефон добиваме информаци од него,и на наше барање порзани со настани или за припреми за одседнување на изворот во средина од интерес за нас посебно по ОИ "Тенда".

./.

5.-

Можеме да констатираме задоволство и во оваа прилика за позицијата што соработникот ја има наспроти надлежните дипломатски службеници при Романската амбасада и ГКВ-Скопје за влашките асоцијации од подрачјето.

Делот од информацијата во кој егзистираат актуелни политички теми ги третираме исклучиво од аспект на истражување на: поврзаноста на тие заложби со странските дипломатски претставници во РМ.,носителите на тие идеи,целите кои треба да бидат постигнати но и од аспект на откривање на идеи кои евентуално би содржеле елементи на политичко насилие во своето битие.

Сознанијата ги оценуваме како,актуелни,континуирани и објективни. Во натамошниот оперативен процес ќе се обидиме да ги надоградуваме,а оние кои се однесуваат на некој од оперативните модели кои се раазвиени и се водат во РОУБК-Битола ќе бидат искористени при градењето на натамошни мерки и активности, проценки и согледувања,ЦОП и сл.

"Ветеринар" е инструиран во следниот период со посебно внимание да ги следи процесите и да обезбедува квалитетни сознанија поврзани со најавите за организирање на престои на младинци и нови кандидати за студенти пред се на подрачјето на Р.Грција.

Предлагаме со помош на I.Сектор на УБК-Скопје да биде обезбеден извод од мобил.телефон на изворот 070/237-334 заради спроведување на вообичаена редовна контрола,добивање на поширок спектар на сознанија кои би оделе во прилог на проверка на неговата искреност,објективност и правовременост во досегашното информирање,евентуално утврдување на нови лица со кои контактирал посебно од редот на странски државјани или дипломатски службеници во РМ и сл.

V. Добиено во Битола на 30-V-2002 год.

[redacted]

Главен инспектор

[redacted]

Изработено во 2 пр.
Доставено до:
1 пр.УБК-Сектор за контраразузнавање
1 пр.УБК-Сектор за А.И.И.

МВР НА РМ
УБК
РОУБК-БИТОЛА СТРОГО ДОВЕРЛИВО
Гл.инсп. [redacted]
Бв.бр. 229 од 19.09.2003 година
10.09.2003 година
Битола (с.Дихово)

Вид на амтеријал: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК

Предмет на работа: ГРС, ОИ „Тенда„

Извор: „Ветеринар„

I. Изворот е повеќегодишна оперативна позиција на РОУБК-Битола по линија на ГРС, активен партиципиент по однос на прашања опфатени во ОИ „Тенда„. Обезбедува и презентира целосни навремени и објективни сознанија на непосреден начин.

II. Информацијата е добиена во м. Август-септември о.г.

III. Предмет: ОИ „Тенда„ , ОО „Домар„.

IV. Содржина на информацијата:

1. „Неколку настани и активности го одбележаа периодот од месец август до сега.
   - На барање на ГКВ-Скопје (н.з. преку ОО „Домар„) и економското биро на Р.Грција во нашата земја, Комуната на власите „Браќа Манаки„ предложи три младинци како потенцијални корисници на стипендии за

студии во Р.Грција. Тоа се Ивановска Ема, Роме Михаела (н.з. р.7.10.1984 година од т. Петар и м. Вјата, живее на ул.„Лалевски Јован-Леко„-12) и Мустриковски Дарко (н.з. р. 15.02.1984 година т. Александар и м. Верка живее на ул.„Бонде Скерлевски-14). Располагам со сознание дека на сите три лица им е одобрена стипендија и тие од есен веќе ќе престојуваат во Солун

Претставниците на Министерството за образование на Романија, ова лето престојуваа во РМ, мене ме побараа од Романската амбасада преку телефон за да ми закажат контакт во Скопје, меѓутоа понудениот термин ми се совпадна со смртен случај на член во Комуната и од тие причини не отидовме во Скопје.Не се предзвија повторно и затоа не сум во тек што стана со таа работа. дали, кој и колку лица од подрачјето се селектирани о.г. за студиски престој во Романија.

Сакам да истакнам едно огромно незадоволство и тоа постои кај членовите на влашките асоцијации посебно во политичката партија на власите и лично кај мене, од неисполнување на ветеното во рамките на коалицијата „ЗА„. Ние веќе сме „жигосани„ како членови на таа коалиција, ни ветуваа дека ќе добиеме 2-3 места во вториот-третиот ешалон на извршна га властно ништо од тоа. Затоа постои огорченост, се чуствува големанезверереност на членството. Јас сум во дилема со тоа што соработувам со службата, за кого и за што то правам тоа. Во месец декември о.г. ќе имаме редовни избори во Комуната „Брака Манаки„ и врз основа на нашиот (мојот) резултат покеку другото и во

2

етаблирањето на влашката популација во власта ќе се цени мојата успешност. Темава која е предмет на нашиот сегашен разговор, исто така ја дискутирав на 8.09.2005 година(национален празник на РМ) со Х... (н.з. ОС „Домар„) кој самиот со возило „Алфа-ромео„ МК 27-С-011 престојуваше на подрачјето (во кафе барот „Расчекор„).Х...(„Домар„) се интересираше токму за овие работи, за тоа кое е расположението, кои би можеле да бидат последиците, дали во целата таа работа има тенденција, исто така што беше предмет на разговорите со генералниот кадровик Ќурчиев, кога го посети наша делегација во Скопје и сл. Кои луѓе се предлагаа за високи позиции од владејата партија, дали меѓу нив сум бил и јас и сл. Исто така отворивме разговор за новонастанатата ситуација во ЦОУ „Гоце Делчев„ со заложбите за отварање на паралелки на албански јасик. А.Страла му кажал на Х...(„Домар„) дека трпел притисок и дека кај него како предавач на курсот по грчки јазик допреле паралели од типот-„што добиваат грците во Битола и што губат или добиваат албанците за сметка на останатите етнички групи„ и сл. Оваа појава може да добие несакани политички димензии и од овој аспект, кога се прават споредби. Престојот на подрачјето Х...го оправда со потребата да се прошета, да се види со пријатели и да набави продукти од граничниот Фри-шоп„.

2. Изворот е повеќегодишна оперативна позиција на РОУБК-Битола по линија на ГРС и е лице преку кое службата ги добива најквалитетните информации по ОИ

„Тенда„ кои се поврзани или се однесуваат на влашката средина (популација и нивните организации на подрачјето).

Во последниот период поинтензивно се надоврзува на ОО „Дом,ар„ со кого имаат респектибилна комуникација, која во РОУБК-Битола ја третираме слично на оперативниот модел ОК.

Изворот и во минатото настапувал со поголема доза на субјективност и користољубие спрема службата (не из материјална основа туку користољубие од административна природа) што ни укажува на потребата од претпазливост во контактите со него. Неколкупати укажувал на тоа дека него и неговите најблиски соработници во Комуната „Брака Манаки„ треба да ги задоволуваме во интересите бидејќи се на удар на туѓи притисоци и искушенија коишто да бидат наклонети (мисли на дипломатските структури на Р.Грција и Романија).

Од овие причини повторно потенцираме од потребата на најхитена примена на ОТС 9-е во неговите приватно-службени комуникации.

Впечаток од меѓусебните контакти е дека изворот е недоискажан и дека не докрај искрено ја информира Службата.

Со оглед на тоа што споменатите дипломатски структури и во наредниот период типуваат на „Ветеринар„ како на човек лидер на влашката популација на подрачјето по мое мислење многу е битно РОУБК-Битола да ги зачува и унапреди отпочнатите

4

оперативни релации и активностите во оперативниот однос ги води согласно нашите потреби и интереси.

Во оваа смисла очекуваме повратни информации, мислење (или пресек) од надлежните сектори на УБК-Скопје.

V. Добиено во Битола на 10.09.2003 година.

Гл.инсп. [redacted]

- I Сектор на УБК
- IV Сектор на УБК

Ср 31.1 – 4085/422

IV 1948 [redacted]

МВР НА РМ

УБК

РОУБК-БИТОЛА **СТРОГО ДОВЕРЛИВО**

Гл.инсп. [redacted]

Кутија бр. 1
стр. 5

Ев.бр. 236 од 1.10.2003 година

22.09.2003 година

Битола

Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со **УБК**

Предмет на работа: ГРС; ОИ „Тенда„ , ОО „Домар„

Извор: „Ветеринар„ за сор-доне

I. **Изворот е повеќегодишна** оперативна позиција на РОУБК-Битола по линија на работа ГРС. Обезбедува и презентира сознанија од интерес по ОИ „Тенда„ на непосреден начин.

II. **Информацијата е добиена** на 20.09.2003 година.

III. **Предмет: ОО „Домар„.**

IV. **Содржина на информацијата:**

1. **„На 20.09.2003 година** (сабота) преку телефон ме побара **Х...(ОО „Домар„) и ми кажа дека** се наоѓа во Битола, во **друштво бил на Ѓ...(поранешен ОО „Петел„)** во **градксата кафеана во х. „Епинал„.** Известувањето беше **со цел да ме повика** доколку сум во можност да отидам и **да се видеме. Така** и сторив при што средбата беше од **околу 14 до 15.30 часот.**

Х...(„Домар„) мене и Ѓ...(„Петле„) не чуствува како **лични пријатели. И** двајцата, како што знаете сме **најкомпетентните** лица на подрачјето како лидери на **елино-влашките здруженија.**

Во разговорот имаше и приватна тема, во смисла дали за него Х...(„Домар„) би можело да се најде партнерка од подрачјето со која би го решил брачниот статус.

Со Ѓ...(„Петле„) разговараа за здружението „Пелагонија„-Битола, дека имало многу поплаки зошто сеуште не се организирани изборите на новите органи и раководства, дека работата не му одела, зошто во канцеларијата на здружението во Битола кога биле термините за средби се дозволувало некои членови да се опиваат и со тоа да го дискредитираат и авторитетот на здружението и сл. Во оваа смисла Х...(„Домар„) бил известен дека иако некомпетентна Е.Дарда повторно самата се наметнувала да држи курсеви по грчки јазик, дека тоа не било во склад со нивните замисли, ја спомена и В...(н.з. поранешна ОО „Мисија„) како дополнително ги меша работите, дали во Битола таа барала објект за изведување на курсеви и сл.

Исто така Х...(„Домар„) сугерираше на соработка помеѓу наши две здруженија и во овој поглед изрази незадоволство од постигнатото.

Во таа прилика ни најави дека дефинитивно во месец октомври о.г. треба да си замине од ГКВ-Скопје после десетина години престој и дека наредните задачи требало да ги извршува во МНР на Р.Грција, веројатно во Атина.

За таа цел планирал да организира опроштаен коктел на кого ќе ги покани неговите пријатели-познаници со кои работел цел овој изминат период.

На ГКВ-Скопје им била потребна проценка за одреден број лица, доверливи, погодни за перспективно

2

вклучување во нивно претставништво и на подрачјето на Битола.

Воглавном овие содржини преставуваа предмет на разговор на средбата во хотелот „Епинал„.

2. Располагајќи со претходен оперативен податок, за престој на ОО „Домар„ во централното градско подрачје, РОУБК-Битола примени ОТС, при што е документиран престојот и контактот на „Домар„ со лице од нашето подрачје.

При презентирањето на информацијата „Ветеринар„ повторно ги изнесе резервите поради кои било присутно големо незадоволство во средината и помеѓу лицата кои тој ги претставува (поопширно изнесено во наш оперативен материјал бр. 229 од 19.09.2003 година) но заради подолготрајниот стаж што го има во комуникација со службата и личниот авторитет на оперативниот работник свесен за повисоките интереси ги презентира погоренаведените информации.

Објектот во кого се оствари средбата помеѓу ОО „Домар„ Ѓ...(поранешниот ОО „Петел„) и „Ветеринар„ се наоѓа во централното градско подрачје каде фрекфренцијата на лица е многу голема, што укажува на тоа дека „Домар„ очигледно одбра добра легенда следувајќи го престојот на приватен, легален, каде во разговорите може потенцијално да се вклучат и други негови познаници членови на елино-влашките асоцијации (н.з. незнаејќи дека „Домар„ е на подрачјето во истиот период преку сор. „Ветеринар„ бил повикан сор.„Валтер„ кој поради работен ангажман не се приклучил на средбата).

На 20.09. о.г. престојуваше сам со ПМВ „Алфа-ромео., МК-27-С-011.

Темите за кои бил пројавен интерес се актуелни во овие моменти, и преку други наши извори сме добивале известувања во овој правец, а со оглед на координативната улога на ОО „Домар„ , претставува континуитет во неговата активност . РОУБК-Битола во овој смисол извлекува одредени идентични паралели со активноста на поранешна ОО „Мисија„ во овие моменти на подрачјето.

Во рамките на проектот „елинизам„ (третиран по ОИ „Тенда„) во овој период најбитни се две цели за кои во континуитет се интересира и ГРС.

- Активностите, заложбите, потребите и носителите (на тие активности) за формирање приватен елинистички образовен центар по примерот на француските лицеи(идеја постара од 2-3 години со издиференцирани спонзори уште од тој период од страна на РОУБК-Битола).

- Активности насочени во правец на отварање на помошна канцеларија (конзуларна) на ГКВ-Скопје.

РОУБК-Битола интензивно го следи тој процес и прибира сознанија за можните локации заради благовремена проценка, поставување од оперативен и технички карактер.

Во прилог на извештајот Ви доставуваме фотодокументација од престојот на ОО „Домар„ на подрачјето.

V. **Добиено во Битола на** 22.09.2003 година.

Гл.инсп. [redacted]

- **I Сектор на УБК**
- **IV Сектор на УБК**

МВР на Р.МАКЕДОНИЈА
У Б К
РСУБК - Битола
Началник [redacted]
Ев. бр. и дата [redacted]
24.12.2003. година
Битола (с. Братиндол)

ДРЖАВНА ТАЈНА
СТРОГО ДОВЕРЛИВО

Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК.

Предмет на работа: ГРС, РС на Романија

Извор: "ВЕТЕРИНАР" [redacted]

I Изворот е повеќегодишна проверувана оперативна позиција на РСУБК-Битола по линија на ГРС. Партиципира со оперативни активности во рамките на ОК "Тенда". Обезбедува и презентира актуелни, објективни и квалитетни сознанија на непосреден начин.

II Информацијата е добиена од месец Октомври до денес.

III Предмет: ОК "ТЕНДА"

IV Содржина на информацијата:

"Имаше многу интересни посети на подрачјето во влашките средини, при што од страна на Романските државјани од МНР и други владини тела на таа земја како и службеници од Амбасадата на Романија во Скопје и ГКВ - Скопје, се остварија најмалку четири средби со најодговорните лица во влашката асоцијација и двата огранока на влашките политички партии на подрачјето.

- Втората половина на м. Октомври, присутни во Битола: Директорот на Дирекцијата за Романи во дијаспората [redacted] Н., придружуван од државниот секретар на МНР на Р. Романија задолжен за дијаспора (не му го знам името) и конзулот на Романија во Скопје Е. [redacted] и аташето [redacted]

- Околу две недели после оваа средба, [redacted] амбасадорот на Романија во РМ и [redacted] повторно престојуваа во Битола и по повод осветувањето на храмот "Елена и Константин".

На првата средба во Битола во присуство на раководствата на Власите и лица од црковниот одбор на црквата "Елена и Константин", претседател од Никола Пангеровски, Х. Стојаноски, Горго Ивановски, Никола Поп Никола (н.а. изворот ги презентира генералите и на други лица од таа средба) беше сугерирано, договорено, иницирано и прозавен интерес за:

- Колку финансии ни се потребни за издавање на весникот "Феникс", колкав беше неговиот тираж (1000) колкав е сега (400) примероци. Ед не повика да поднесеме писмо преку Амбасадата во Скопје до романска та Влада и сето тоа ќе биде финансирано. Нека не ве изненади тоа, ис токму така ни беше сугерирано. До овие моменти додека јас ја водев Комуната "Браќа Манаки" не го сторив тоа, не сакав, но сега после одржаните избори во комуната се уште постои таа можност.

- Детално се интересираа за имотот на црквата "Елена и Константин", ш се спаѓа во тоа, доколку имаме трошоци за правна помош во процесот на денационализацијата исто така се спремни да помогнат и инсистира многу да се заврши тој процес на денационализација. Исто така за чл новите на црковниот одбор, за новиот свештеник, за јазикот на богослужбата и сл. Најмногу во овој правец му помага Никола Палигоровск кој во текот на вчерашниот ден како голема "награда" ја доби позиција почесен романски конзул во Битола (тој е петти по ред конзул н странска држава во Битола, последните неколку години). Можете да за мислите колку доверба има. Него го користеа на три фронта и тоа во политичката партија, во комуната на Власите и црковниот одбор. Четв тиот голем мотив се студиите на неговата ќерка во Букурешт. Човекот е медиодритетска личност, неугледен во физичка смисла, недоволно об разуван, просечен интелект, без посебен авторитет во влашките круго но очигледно исполнителен. Беше особено блиски и со [redacted] лос од ГКВ-Скопје. Мислам дека тоа му беше голема дилема на Романц те своевремено. Не е прифатен во првите моменти кај повеќето актив ти на Власите на подрачјето.

Во понатамошниот дел од средбата (скоро сите [redacted] романски државјан и посебно би го издвоил Баде) се интересираа за состојбите во парт те на Власите и комуната, за програмските активности, коалиционите односи, персоналната политика во нив, до кога е мандатот на раковод ствата и сл.

Моја констатација е дека романската страна во Битола многу повеќе ј интересира политичкиот ангажман на Власите, додека грчката застапу на преку [redacted] (ОО "Маја") [redacted] и [redacted] комуната на Власите "Браќа Манаки" (невладина-непартиска активност) Ова е мое лично согледување врз основа на долгогодишното искуство, сметам дека така се поделени и пошироко за цела наша држава. Пристапот во поглед на населението кои и едните и другите го сметаа за свое им е различен. Исто така грчката страна заразлика од Романц те во Битола, барем за мојот четиригодишен мандат не понудила ниеден

./.

сиска поддршка (директна) ако се исклучи индиректната помош преку Ф.Р. програмата за конкретните проекти со кои од поодамна Ве запознав што се однесуваат на селото Маловиште.

Како резултат на "подготвителните" повеќе средби со овие лица во Битола, но и поединечни средби во Скопје, се случија следниве работи во последните четириесетина дена:

1. Нов претседател на огранок на политичката партија на Власите (тој што ја формира Митко Костов) е избран Симо Карабелевски. Тој х.Стеријадовски (се повлече од политичката партија) стана потпретседател на комуната на Власите "Браќа Манаки" (на 14.12. о.г.).

2. Нов претседател на комуната "Браќа Манаки" е Христо Палигоровски, по силни инсистирања на сегашниот почесен романски конзул во Битола Нико Палигоровски (тајното беше тајно и за него од 34 лица се изјасниа само 18). Покрај споменатиот потпретседател беше избрано 36 члено претседателство, а за секретар Христо Чулаковски од с. Нижеполе припадник на Саракачаните.
На изборното собрание присуствуваа околу 100 од вкупно 570 членови на Комуната.
За време на овие седници немаше присутни странци, дипломати и сл. Пре ходно беа договорени работите. Јас останав член на претседателството на Комуната.
Лицата од МНР на Романија и Директоратот за Романци во дијаспората, преку Охрид се упатија во Албанија каде остварија средби со таошните власти фактори (во Корча и Москополе).

Со новиот "управувачки борд" во организациите и на нивен предлог запознати се нашите историски партнери од Грција, САД, Албанија, Романија и Австралија.
Друга карактеристика за овој период, бевме пред мене [redacted] интересирале кога сме контактирале официјално за што се интересираа Грците од ГКВ-Скопје, што сакаат од нас и сл., а конкретен интерес сега не сум регистрирал.

Објавувањето на резултатите од пописот се случи после овие средби. Таа тема беше од интерес за С... (н.з. ОО "Мајка"). Мислам декабеше 18.11. о.г. кога ми се јави од Битола и ме покани на кафе. Беше придружувана од непознатиот сопруг со кого ме запозна. Ги сместив – ноќеваа во хотелот "Де-лукс".
Разговаравме и на општи теми, особено во функција на градење на меѓусебна доверба. Ме прашаа за семејството [redacted] за сопругата, а во врска со пописните резултати сакаше мој коментар

колку е реална бројката на Власите, како таа се прифаќа во влашката средина, какви се реакциите, дали постои задоволство и сл.
Исто така стана збор за Комуната (за програмата) околу изборната кон ференција, меѓутоа без некакви посебни сугестии, туку само слушаше.
Таа е новиот "координатор" на подрачјето по заминувањето на [redacted] Знае дека јас ќе бидам негов Кум и има посебен респект. Затоа гради односи и има поголема доверба.
Во разговорите стана збор и за владиката Јован, но само информативно без предлози, сугестии. И кажа дека се обидувал да богослужи во црк вата "Елена и Костадини", но дека сите се дистанцираме од него.
Имам впечаток дека тема што посебно и "лежи" е елинизмот. Живеела во Солун, не знам што работела претходно, но со оглед на моето искуство ја ценам како за полицаец. Спротивно од нејзе, Елени Вакали ми изгле да за класичен дипломат.
Со нејзе и [redacted] имав средба на подрачјето по повод испраќањето од ГКВ-Скопје на [redacted].
После средбата со мене, С... ("Маја") се средна со членови на здруже нието "Пелагонија" непосредно пред нивната изборна конференција (со Страла и Евгени Ристевски) кои се сега нови предводници на оваа здруже ние. Разбрав дека аптекар од Лерин, [redacted] и бил близок братучед (познат на РОУБК-Битола, престојува во битолското казино, своевремено третиран од инспекторатот за граница и странци при СВР-Битола).
И нејзиното потекло по предците и било од подпелистерското село Маг рево.

- Поврзано со [redacted] се оженил за мојата внука [redacted] ковска, и тоа се случи во овој меѓупериод. На 26.12. б.г. ќе се вен чаат во Кеанти каде сега живеат и работат. Според тоа што ме извести на висока позиција е во канцеларија на МНР во Кеанти. Се занимава со "муслимански прашања" и нешто слично, или поврзано со тоа, не знам точно. Можеби и преку [redacted] ќе знам повеќе подетално. Јас ќе бу кум. По нивната регистрација ги очекувам да дојдат и во Битола по по вод новогодишните - божиќните празници.
[redacted] има сознанија дека во 2004. година конечно би требало да се отвори канцеларија за врски на Р.Грција во Битола. Тој би сакал да работи тука но не зависело само од него. Очекува тоа да се случи во месец март-април или после Олимписките игри во Атина.
Ме запозна дека за да го научи грчкиот јазик и обезбедил приватна на ставничка во нивниот дом на неговата сопруга. Приватно, карактерно е многу добродушен човек. Со срце и душа е во РМ. Скоро сите спомени го поврзуваат со оваа земја. Завршил педагошки факултет во Белград и

осумдесеттите години, после кое се јавил на конкурс во МНР на Р.Гр ја и е испратен во Скопје.
Единствено дете е во семејството [redacted] Татко му издавал дук ни под кирија, инаку бил "вулканизер" по професија. Мајка му е дом ќинка.
И со него во минатото имаме разговарано на тема на Саракачаните во Битола. Ги има многу малку, потекнуваат од подпелистерските села Е же Поле и дел од Гопеш. Прифатени се во комуната "Браќа Манаки". П угледни саракачани на подрачјето се Христо Чулаковски, актуелен се ретар на комуната "Браќа Манаки", Елпида - Сочинителот од филмот "О симо", професорот на биотехничкиот факултет Козар и сл.
Познати ми е интенцијата која ја протежираат С... ("Раја") и члено Вакали во поглед на формирање здруженија, асоцијации - се раководат од девизата "Разделе па владеј".

Од нив побарав и добив информација околу визниот режим за студентит што ни се наоѓаат во Солун и Костур. Најавија од Нова година построг режим, ќе добивале само по една виза. Сеуште немаат и "зелена карта за престој. Не знам од кои причини тоа му го прават на студентите. Од Битола тему се вкупно 18 лица (16 во Солун - 2 во Костур). Прим стипендија од околу 450 евра. Бараат за нивните членови, идните да гледаат во вработување по завршување на факултетот во некоја грчка фирма на подрачјето. Со тоа многумина сметаат дека тие ќе бидат тој сигурните чувари на грчкиот капитал".

2. Средбата со изворот беше испланирана во функција на заокружување надополнување и прецизно коментирање на информацијата што оперативно ја добиваме во телефонски контакт со изворот во минатиот период. Сознанијата ги цениме како објективни, актуелни и квалитетни, кои в едно претставуваат континуитет и се вклопуваат во организираниот те на оперативниот однос со изворот, пред се по СИ "Терда" и неколкуте оперативни модели по ГРО и РС на Романија.
Средбата беше искористена и за пласирање на теза за потребите на РСУБК-Битола од инструктивна природа.

Во поглед на прашањата што го тангираат поранешниот ОС "Доктор" изво рот има задача да ги прошири сознанијата за евентуална негова поврза ност со продавачи овчетници на подрачјето (расчинети од ГПШ) и одр жени во мала верска заедница.

-/-

Поврзано со лица кои се опфатени во рамките на оперативните модели во работа по II Сектор на УБК, изворот презентира сознанија кои се опфатени во наш секундарен – аналитички материјал бр. 342 од 25.1 2003. година.

V Добиено во Битола, на 24.12.2003. година.

Изработено во два примероци
Доставено до:
1 пр. I Сектор на УБК;
1 пр. IV Сектор на УБК.

Бр 231-5399/266 Поверлив

МВР НА РМ
УБК
РОУБК-БИТОЛА СТРОГО ДОВЕРЛИВО
Нач. [redacted]
Ев.бр.260 од 17.05.2005 година
11.05.2005 година
Скопје
Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК
Предмет на работа: ГРС
Извор: "Ветеринар" ←4948

Копија др.1 стр.4

I. Изворот е повеќегодишна оперативна позиција на РОУБК-Битола по линија на ГРС. Обезбедува и презентира објективни и квалитетни сознанија во рамките на ОИ "Тенда" на непосреден начин.

II. Информацијата е добиена во м. април-мај о.г.

III. Предмет: ОИ "Тенда".

IV. Содржина на информацијата:

1. Подолг период не сме контактирале непосредно од причини што по основ на работниот ангажман престојувам во Скопје, патувам и во странство но и бев активно вклучен во предизборната кампања за локалните избори во РМ. Прашањата што Вас ве интересираат ги следам повремено и ќе се обидам да Ви ги систематизирам:

- Поврзано со ГКВ-Скопје, имам остварено една официјална средба од кога таму настапи новиот грчки амбасадор [redacted] Впечаток имам дека се е во тоа претставништво променето. Самите методи во работењето, затвореноста спрема јавноста, скоро и да не постои респект спрема елино-влашките асоцијации од кога е дојдена Теодора. Сметам дека и вие се запрашувате зошто е така, дали е тоа личен поглед на амбасадорот или политика диригирана од МНР односно НД. Мислам дека вистината е некаде на средина, односно во комбинација на двата фактори. Нема повеќе повластици да можат преку ред да визираат ПИ елино-влашките асоцијации. [redacted] е ненокни да сторат нешто повеќе во овој поглед. Нормално после ваков однос, сите се бранат и затоа

Теодора нема никаков углед, ја ословуваат како "роспија" заради несоодветната облека што ја носеше на официјалниот прием во ГКВ-скопје по повод грчкиот национален празник. Јас му ги препуштив сите контакти на Ристо Палигоровски од Битола, меѓутоа мислам дека нема многу фајде од тоа.

Ме зачудува индолентниот однос на амбасадорката уште повеќе што во Скопје дојде од Букурешт.

[redacted]се уште е во Ксанти. Очекуваше два близнаци коѓи неговата сопруга ги изгуби поради лекарска грешка во 6 м. од бременоста. Неговата служба е насочена спрема исламскиот фактор, наспрема Турција. Канцеларијата во Ксанти е еден вид испостава на РС при МНР на Р.Грција.

- .Во последниот период го запознав во 2 прилики новото аташе за печат (информации) односно по мое пропаганда во Романската амбасада во Скопје [redacted]ставa впечаток на професионалец, прилично тактички и перфидно настапува (ме потсетува на тебе). Во РМ го истражува влашкиот комплекс, (асоцијациите, влашкиот јазик, публикации на влашки, собири организирани од власите, статусот на власите во РМ и сл.). Јас како долгогодишен лидер на влашката популација во Битола имав поднесено доста иницијативи до државниот врв. Една од нив беше можноста за тројазичност на општината Крушево, што не беше прифатено. [redacted] се интересирал за овие работи. Тој е човек што има тактика и она што сака да го иницира го прави. Од друга страна конзулот [redacted] е многу послаб од него. Склон е на алкохол и тогаш во таква состојба дури и навредливо се однесувал. Мислам дека ќе си оди во Романија за скоро.

По мое мислење човек бр.1 во РМ на [redacted] е Митко Костов, лидерот на втората влашка партија во РМ.

- Во делот на Агрокомплексот каде јас раководам значаен ресор, последните најави од Косово за воведување на царини би биле погубни за овој сектор. Огромен процент од македонските прехрамбени производи што се наменети за извоз одат таму. Замислете тоа какво ембарго ќе биде доколку се случи. Јас ја застапувам тезата на преговори и договори воопшто да не дојде

2

до тоа а не за репроцитет без обид во првата фаза да дојде до поволно решение.

Спрема мене имало обиди да помогнам да се инвестира грчки капитал во Агрокомплексот. Дојдов до еден интересен податок, за фирмите за кои што беа заинтересирани во Скопје, Гевгелија и Д.Капија, насекаде како соинвеститор се јавуваше [redacted] промакедонскиот патриот од Леринско. Нормално тоа многу му сметаше на грчките инвеститори и затоа не дојде до склучување на договор.

Во Охрид постои фирма со назив "Агроинвест" предводена од избесен [redacted] Ми наликува како паралелна Агро-берза. Имам информации дека наголемо се спремал за нелојална конкуренција, односно монопол на пазарите во Западна Македонија. За да се осигурат дека ќе имаат изричита контрола на прирткупот на земјоделскиоте производи сакаат да формираат „Земјоделска полиција". Незнаат точно за каква форма се работи, дали ќе биде тоа некој вид агенција за обезбедување но благовремено предупредувам дека ќе бидат големи проблеми ако тоа така профункционира".

2. Непосредната средба со изворот е организирана после подолг период на подрачјето на Скопје каде моментално изворот привремено престојува поради работен ангажман. Во таа смисла оценуваме дека сеуште располага со потребните објективни можности за обезбедување на сознанија од наш интерес првенствено на ОИ „Тенда,,. Комуникациите со акредитирани службеници во ГКВ-Скопје и Романската амбасада во тој град поради позицијата што "Ветеринар-[redacted]има во демократкстата партија на власите во РМ периодично се остварувала, по официјални поводи.

Изворот е нунко на поранешниот ОО "Домар" преку кого ги следиме активностите и евентуалните рефлексии спрема подрачјето во оперативна надлежност на РОУБК-Битола, од каде потекнува и неговата сопруга.

Заслужуваат внимание и натамошно проширување на сознанијата во делот на агрокомплексот, заложбите за грчки инвестиции во таа сфера како и носителите на тие иницијативи.

3

Презентираните сознанија по наша оценка се објективни и добиени од проверен извор.

Со "Ветеринар" беше договорена поголема динамика во средбите во престојниот период, поради очекувањата во летниот период да се организираат традиционалните летни кампови во Р.Грција и Романија.

Делот кој ги опфаќа нашите студенти во овие две претходно наведени земји ќе го разговараме дополнително од кога изворот ќе собере и припреми валидни податоци.

V. Добиено во Скопје на 11.05.2005 година.

Началник на РОУБК-Битола

[redacted]

- I Сектор на УБК
- IV Сектор на УБК

Приоритетно да биде КВГ и [redacted]

4

Бр 34.2-995/370

МВР НА РМ
УБК
СУБК-БИТОЛА [redacted]

СТРОГО ДОВЕРЛИВО [redacted]

[redacted]

Ев.бр. 33 од 26.01.2006 година
24.01.2006 година
Битола

Вид на материјал: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК
Предмет на работа: ГРС, ОИ "Тенда", РС на Романија
Извор: "Ветеринар" [redacted]

I. Изворот е повеќегодишна оперативна позиција на СУБК-Битола по линија на ГРС. Поради објективните можности партиципира и по линија на РС на Романија во најзначаен дел со сознанија опфатени по ОИ "Тенда". Обезбедува и презентира, целосни објективни сознанија на непосреден начин.

II. Информацијата е добиена во последниот месец.

III. Предмет: ОИ "Тенда"

IV. Содржина на информацијата:

1. "Се случија повеќе работи во последниот период како најзначајни ги истакнуваме моите контакти со новиот романски амбасадор во РМ [redacted] придружуван од дипломатот [redacted] мое познанство и контакт со новиот грчки конзул во Битола, [redacted] вработување на мојата сопруга во ГКК-Битола, неколку коктели во овие дипломатски претставништва, средба со висок функционер во МНР на Романија и сл.

Одиме по ред:

- Постои огромно незадоволство во Влашката средина во РМ, како во редовите на политичките партии на власите така и во дел на здруженијата пр. Комуната "Браќа Манаки"-Битола. Се работи за договор кој во работна верзија се наоѓа пред министерството за образование на РМ и кој предвидува уредување на односи со сферата на образованието. Договорот бил во делот во Министерството за образование што го предводи [redacted] Спорни се две работи. Се бара дозвола за основање на романска гимназија во Битола и се

истакнуваат како аргументација историски невистини дека до 1948 година постоела таква во Битола. Втората работа е еднократно здобивање со право само Р.Романија да стипендира македонски студенти но не и обратно.

Двата предлози во влашката средина се сфакаат како дирекно мешање во внатрешните работи на нашата земја и дека со тоа Романија асимилаторски и пропагандно настапувала негирајќи го автохтоното потекло на влашката популација на овие простори. Цела оваа работа според моите сознанија ја подготви државниот секретар во МНР на Романија [redacted] при неодамнешниот престој во нашата држава.

Со него кратко се сретнав. Од Битола отпатува во Албанија, каде во Корча имаше една неприпремена средба со припадници на влашкиот ентитет од Балканот (н.з. СУБК-Битола информира за тој настан). Според мене тој ја застапува тезата дека предците на сите власи на Балканот се Романци. Ова е негова изјава за београдски "Данас".

Бидејќи сум во објективна можност, ја држам работата подалеку од медиумите, инаку мислам дека ќе се одрази на македонската политичка сцена.

Со [redacted] и Амбасадорот [redacted] во последниот 2-3 месечен период имав две средби, една во Амбасадата на Романија во Скопје и втората во х. "Александар Палас".

[redacted] е нов, поставен околу 3 месеци, сега постепено ја прима проблематиката се запознава со приликите во РМ, со луѓето, [redacted] му е десна рака, задолжен за влашкото прашање во РМ-координатор. Мислам дека е разузнавач во Амбасадата. Го истражуваат расположението на власите во поглед на Биполаризацијата во државава дали е фактички така, како на тоа гледаат другите ентитети со исклучок на Албанскиот, што се предлага за надминување на таа ситуација, во оваа смисла во изборниот законик, за иницијативите на [redacted] од турската средина во свој поглед и сл.

2

Исто така се интересираа за моќта на политичката партија на власите, што јас ја водам, бројноста, за моето национално чуство и сл.

[redacted] се интересираше за можниот наследник на починатиот почесен конзул на Романија во Битола. Ми ги соопшти критериумите:

- Помлад, угледен, образован човек, по можност од редовите на бизнис круговите, кој ќе може да "влече" напред во репрезентирање на нивните и обостраните потреби, а не како досега човек кој ќе биде "туркан" од нивна страна. Конкретно за име не стана збор, а динамиката би одела некаде до летото о.г.

Преку [redacted] воспоставив познанство со новиот грчки конзул во Битола, [redacted] Тој помогна за вработување на мојата сопруга во ГКК. Сите наши државјани во тоа претставништво се со договорен статус, на некој вид пробна работа.

Со грчкиот конзул 2-3 пати сум пиел кафе и еднаш скоро заедно и со неговиот татко патувавме до Лерин, поврзано со проектот околу ревитализацијата на с. Маловиште.

[redacted] потекнува од Патра, дипломирал филозофија, неоженет, има сериозна врска со девојка-вереница од Атина, која го имаше посетено во Битола. Со понизок дипломатски ранг бил во Сирија-Дамаск и во Тирана-Албанија. Мајка му е почината, татко му сега пензионер порано работел како професор.

[redacted] исто така е во фаза на учење на приликите во РМ во регионот и Битола. Сака многу да постигне на економски план, но мислам дека економијата најслабо ја познава.

Се интересирал за здруженијата на елино-влашка основа. Свесен е за капацитетот на власите во Битола и за тоа дека елино здружението "Пелагонија" е основано на интересиска основа.

Во поглед на спорот околу името на нашата земја истакнал дека уште повеќе години ќе се влечи и нема објективни услови да се надмине. Не постои спремност во Р.Грција ниту

еден политичар да се жртвува тоа да го објасни објективно особено пред грчките националисти.

ГКК, ни оддалеку не е екипирана со економски експерти како што била првичната замисла. Засега [redacted] не ми влева доверба дека ќе има успех во економски поглед, веројатно се ќе се сведи на визите.

Блиски познаници на конзулот од Битола се градоначалниците на Битола и Демир Хисар, газдата на х. "Епинал" [redacted], семејството [redacted] често го посетувал, и во моментов вели дека му било хендикеп што нема "десна рака" што ќе го води низ патештествијата на Битола. [redacted] се обидува да ја прави таа работа меѓутоа нема капацитет.

Околу Косово, оценка на [redacted] е дека тоа ќе има домино ефект на Балканот за што неговата земја поинтензивно се подготвувала. Особено по признавањето на РМ од САД по уставно име, тој како дипломат имал мал простор за маневар по задачите што ги добивал од МНР на Р.Грција.

Убеден е дека грчките националисти уште долго време ќе ја компромитираат неговата земја пред меѓународната заедница, дека ќе губат спорови пред европскиот суд за човекови права и дека треба да помине подолг период за тоа да се промени.

Угледот на [redacted], шеф на ГКВ-Скопје, во кругови каде јас се движам е многу низок. Никој не може да ја дефинира. Исто таква била кога службувала и во Романија. Практично се работи за карактер. Како ќе одат работите со РМ од страна на нивните дипломатски службеници зависи од личноста што е на чело на претставништвата, а не толку од некоја посебна одлука на Владата на Грција.

2. Средбата со изворот е подготвувана подолг период и реализирана кога се создадоа објективни услови и негов престој на подрачјето. "Ветеринар" е извор кој значително придонесува со партиципирање во СУБК-Битола по ОИ "Тенда" со кого се организираат контакти на подолги интервали заради објективни околности.

4

Цениме дека е искрен. Објективен и презентира квалитетни сознанија соодветно на наши давани инструкции и неговите објективни можности. Слаби страни му се самоиницијативноста.

Сознанијата ги цениме како целосни и правовремени и значајни по линиите на работа ГРС и РС на Романија.

Особено се значајни за СУБК-Битола, неговите воспоставени релации со шефовите на дипломатското преставништво на Романија во РМ и ГКК-Битола. Во тој правец ќе инсистираме на продолжување на иницијативите и стекнување меѓусебна доверба. Значаен факт е и вработувањето на неговата сопруга во ГКК-Битола, за што подетални сознанија добивме преку друг извор и благовремено ќе ви бидат презентирани.

Сознаниајта заслужуваат секундарен третман, СУБК-Битола по електронска пошта првично и во вид на телеграма ги информира повисоките оперативни инстанци.

V. Добиено во Битола на 22.01.2006 година.

Началник на СУБК-Битола

[redacted]

- I и IV Оддел на УБК

Р. МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-607/1
18.9 2014 Год
СКОПЈЕ

Бр.07-607/1

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Николче Бабовски од Битола, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 26, 28, 29, и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05..), на седницата одржана на ден 18.09.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Николче Бабовски, ЕМБГ 1411964410015, роден на 14.11.1964 година во Битола, со псевдоним "Ветеринар", кандидат за носител на јавна функција - Пратеник во Собранието на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите за лицето Николче Бабовски, кандидат за носител на јавна функција - Пратеник во Собранието на Република Македонија, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објануване на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Николче Бабовски во Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија постои досие за соработка со органите на државната безбедност.

Од увидот во досието за соработка се утврди дека истото се состои од повеќе документи и тоа: Предлог со Решение за ангажирање на соработник Ев.бр.106 од 14.04.1998 година; Извештај од соработник Ев.бр.70 од 24.02.1998 година; Извештај од соработник Ев.бр.190 од 15.06.1998 година; Предлог за одобрување на исплата на денарски парични средства Ев.бр. 29 од 20.08.1998 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 311 од 21.09.1998 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 359 од 27.10.1998 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 31 од 23.02.1999 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 318 од 05.10.1999 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 111 од 11.04.2000 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 484 од 24.10.2000 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 99 од 27.03.2001 година; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК Ев.бр. 124 од 21.03.2001 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 51 од 12.02.2002 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 233 од 06.06.2002 година; Телеграма бр. 32.8-53-2124 од 01.08.2002 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 343 од 13.08.2002 година; Извештај добиен од лице

кое соработува со УБК Ев.бр. 229 од 19.09.2003 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 236 од 01.10.2003 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 343 од 24.12.2003 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 131 од 23.03.2004 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр.260 од 17.05.2005 година; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК Ев.бр. 33 од 26.01.2006 година.

Од увидот во документите добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија се утврди дека лицето Николче Бабовски, ЕМБГ 1411964410015, роден на 14.11.1964 година во Битола, со псевдоним "Ветеринар",кандидат за носител на јавна функција - Пратеник во Собранието на Република Македонија, на доброволна основа бил ангажиран како соработник со органите на државната безбедност во периодот од 14.04.1998 година до 26.01.2006 година.

Од документите: Предлог за ангажирање на соработник Ев.бр.106 од 14.04.1998 година и Решение за ангажирање на соработка со лицето се утврди дека лицето Бабовски Николче од страна на УБК бил ангажиран за соработник, како и тоа дека и пред формализирањето на соработката истиот се користел од страна на УБК под псевдоним "Ветеринар". Исто така, се утврди дека УБК донела решение и за формално воспоставување на соработничкиот однос со него.

Од документот: Извештај од соработник ЕВ.бр.70 од 24.02.1998 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за влашкото здружение "Браќа Манаки" Битола, за лицата кои се инволвирани во тоа здружение, нивните активности и сл.

Од документот: Извештај од соработник ЕВ.бр.190 од 15.06.1998 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за влашкото здружение "Браќа Манаки" Битола, за лицата кои се инволвирани во тоа здружение, нивните активности и сл. Се утврди дека "Ветеринар", во соработката со УБК примал и задачи да ги селектира лицата кои требало да го посетуваат курсот по грчко-влашки јазик, како и целокупните активности поврзани со организирањето на годишен одмор на младинци од РМ со влашко потекло на бреговите на Егејско море и сл.

Од документот: Предлог за одобрување на исплата на депарски парични средства... ЕВ.бр.29 од 20.08.1998 година, се утврди дека на "Изворот" "Ветеринар", му биле се исплатени и одредени парични средства.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.311 од 21.09.1998 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава извештаи и информации за влашкото здружение "Браќа Манаки" Битола, за лицата кои се инволвирани во тоа здружение, нивните активности, за иницијативата за формирање на политичка партија на власите и сл. Од овој документ се утврди и тоа, дека истиот бил ангажиран на доброволна основа, дека материјалната основа за соработката со УБК не му била многу битна, но дека од нив побарал вклучување на УБК во поглед на обезбедување на работен ангажман на неговиот брачен другар.

2 - 8

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.359 од 27.10.1998 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за влашкото здружение "Браќа Манаки" Битола, за лицата кои се инволвирани во тоа здружение, нивните активности и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.31 од 23.02.1999 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за влашкото здружение "Браќа Манаки" Битола, како имало тенденција на раздвижување, противење на политиката на раководството предводено од лицето Христаки Стерјадовски, за формирањето и регистрацијата на женската секција, кој ја предводи и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.318 од 05.10.1999 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за група младинци (подмладок од Заедницата "Браќа Манаки" Битола), кои посетувале курс по грчки јазик, за посетата на други лица направена на курсистите и сл. Информира и за предвремени избори во раководството и претседателството на Заедницата "Браќа Манаки" Битола, кој имал најголеми шанси да биде претседател, игрите околу тоа и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.111 од 11.04.2000 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за активностите на влашките здруженија, нивните планови за иднина, за делувањето на поединци од тие здруженија и сл.

Коментарот на службеното лице укажува на фактот што "Ветеринар", располага со потребна спремност да презема активности за наша сметка, максимално инсистира на спазување на конспиративната компонента и нагласу го прифаќа во целост принципот на доброволност... Прашањето за промената на називот на на асоцијацијата "Браќа Манаки" ќе го третираме во наредниот период, а можностите кои ги добива "Ветеринар" спрема лица што се предмет на наш интерес сукцесивно ќе ги користиме соодветно на нашите потреби.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.484 од 24.10.2000 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за иницијативите за активностите во влашките здруженија, поставувањето на поединци членови, за меѓународната соработка на Комуната на Власите "Браќа Манаки" Битола и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.99 од 27.03.2001 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за иницијативите за расположението кај поединци за формирање на политичка партија на Власите во РМ, кој застапува таквата идеа, дека истата била

поттикната од лични интереси и економски страсти и сл. Информира и за одредени ставови на одредени припадници на Влашката заедница во однос на кризата во РМ, појавата на побарување на нови патни исправи и упишување во нив на малолетни деца и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.124 од 21.03.2002 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за иницијативата за организирање на избори во Лигата на Власите од РМ, за иницијативата од лицето Мите Костов, за неговото бојкотирање и разрешување, како и за неговата цел да ги држел под контрола двете моќни влашки организации во Битола. Се утврди дека изнесува и за превирањата во влашките здруженија, учеството на повеќе личности како и давање на сугестии за контола на тие личности и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.51 од 12.02.2002 година, се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му дава информации за повеќе значајни настани, како на приватен, така и на службен план, посебно значајно и од интерес на службата и службеното лице. Се утрди дека информира повторно за случувањата во Комуната на Власите"Браќа Манаки" Битола, за неговиот повторен избор за претседател, за изборот на другите органи, како и за контактите и вреките што ги имале со Заедницата на Србите во Битола, преку контактите со Томислав и Зоран Жугиќ. Се утврди дека "Изворот" издвоил одредени коментари на споменатите две лица во поглед на нивните политички ставови за воената криза во РМ, за ставовите на заедницата на Србите по мисијата на НАТО во РМ, за политичко-економските перспективи во СРЈ, односите на таа земја со РМ, хуманитарни акции во РМ и сл. Се утврди дека давал информации и за Влашката партија (огранокот во Битола) кој бил создаден како своевидна противтежа од една страна на Комуната на Власите "Браќа Манаки" Битола, односно од оние кадри кои ги изгубија позициите во здруженијата на влашката основа. Изнесува податоци за делувањето на припадниците на влашката заедница во Битола, за нивните политички ставови, за нивните лични интереси и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.233 од 06.06.2002 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му давал информации за поголем број настани интересни појави и средби остварени во последните 7-8 недели во влашката средина во Битола и воопшто во РМ, во кои тој бил активен учесник. Информациите ги давал по хронолошки пат. Изнесувал за тоа како лидерите на влашките организации во РМ биле ангажирани со заложбата за влегување по принцип на "клуч" и на припадници на малцинствата во Македонскиот парламент, дека по ова прашање можело да се очекува раскол и виски удари и сл., за тоа кој требало да ги претставува Власите во Македонскиот парламент, односно дека Митко Костов-Претседател на Партијата на власите во РМ создавал можности тој да биде во таква позиција... Се утврди дека информирал дека во овој поглед имало многу отпори, со тоа предвачела Комуната "Браќа Манаки" Битола, од причини што сметале дека Костов не располагал со таков интелектуален потенцијал да ги застапува интересите на

4 - 8

Власите во РМ...Изнесувал информации за одржувањето на изборното собрание на Лигата на Власите на РМ, како било избрано новото раководство, кој бил избран за претседател, потпретседатели, секретар и сл. Се утврди дека информирал за активностите на лицата Митко Костов, Нико Поп Никола и сл. На крај од коментарот службеното лице во овој документ да се констатира дека раководејќи се од воспоставената пракса која се покажала за релативно добра, со изворот "Ветеринар" организирале непосредни, есопфатни и содржајни средби на подолги временски интервали. Во меѓупериодите, почесто преку телефон добивале информации од него и на нивно барање, поврзани со настани или за припреми за одседиување на изворот во средина од интетес за УБК. Се утврди сека Службата сознанијата ги оценувала како актуелни, континуирани и објективни. Во натамошниот оперативен процесе ќе се обиделе да ги надоградуваат, а оние кои се однесуваат на некои од оперативните модели кои биле развивани и се воделе во РОУБК Битола ќе биделе искористени при градењето на натамошни мерки и активности, проценки и согледувања.

И од документот: Телеграма бр.32-8-53 од 01.08.2002 година исто така се утврдува дека соработникот "Ветеринар", давал информации за одржувањето на Меѓународниот етно-фестивал во с. Маловиште, битолско насловен како "Смотра на влашката култура и традиција", дека истиот бил организиран од Здружението на граѓани "Еке", изнесувал за тоа кој бил покровител, како и за присуството на поголем број посетители како и градоначалниците на Битола и Цапари и сл.

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.343 од 13.08.2002 година, се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработувало со УБК, дека "Извор" на информациите бил "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му давал информации за одржувањето на Меѓународниот етно-фестивал во с. Маловиште, битолско, дека истиот бил организиран од Здружението на граѓани "Еке" од тоа село, за тоа, кој бил претседател на на тоа здружение (Ристо Палиторовски), кои биле други поугледни членови во здружението (Гагич Димитрие, Стерјадовски, Христаки и сл.), кој бил покровител, како и за присуството на градоначалниците на Битола и Цапари и сл. На крај, од коментарот службеното лице да се констатира дека соработникот "Ветеринар" благовремено до РОУБК Битола го најавил одржувањето на ова културна манифестација во с. Маловиште, како и целокупната предвидена програма, организаторите, покровителите, целите и гостите што биле поканети и се очекувало да присуствуваат по тој повод. Се утврди дека изнесувал за тоа кои биле носителите на овие активности (Х.Стерјадовски, Д.Гагич и Р.Палиторовски), пројавени се во РОУБК Битола по ОИ Тенда. "Ветеринар" добил инструкции да ги собере и докомплетира сознанијата што се однесуваат на членови на Комуната "Браќа Манаки" од Битола.

Од документот Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.229 од 19.09.2003 година се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, на службеното лице на УБК му давал информации за работата на Здружението на власите "Браќа Манаки" , за добивањето на стипендии на три младинци-студенти за студирање во Солун и други во Романија, за состојбата во политичката партија на Власите, за големото незадоволство од него поради неисполнувањето на ветеното во рамките на Коалицијата "ЗА", како и за тоа да тие биле "жигосани", како членови на таа коалиција, како им недостаа

5 - 8

дека ќе добиеле 2-3 места во вториот-третиот епалон на извршната власт, но дека немало ништо од тоа. Од изнесеното се утврди дека тој бил во дилема со тоа што соработувал со службата, за кого и за што го правел тоа. Дека во месец декември о.г. ќе имало редовни избори во Комуната "Браќа Манаки" и врз основа на неговиот резултат, помеѓу другото, ќе се стаблирала на влашката популација во власта, и ќе се ценела неговата успешност.

Се утврди дека од неговите информации ќе се утврдувало какво било расположението, кои би можеле да бидат последиците, како и тоа, дали во целата таа работа има тенденција, што било и предмет на разговорите со генералниот кадровик Ќурчиев, кога го посетиле во Скопје и сл. Се утврди дека информирал и за фактот кои луѓе ќе биле предлагани за високи позиции од влашката партија, дали меѓу нив бил тој и сл. Изнесувал информации и за новонастанатата ситуација во ЦОУ Гоце Делчев, со заложбите за отворање на паралелка на албански јазик и тн.

На крај, во коментарот службеното лице да констатира дека "Изворот" бил повеќегодишна оперативна позиција на РОУБК Битола преку кое Службата ги добива најквалитетните информации...кои биле поврзани или се однесувале на влашката средина, популација и нивните организации на подрачјето.

"Изворот" и во минатото настапувал со поголема доза на субјективност и користољубие... што ни укажува на потребата од претпазливост во контактите со него.

Неколкупати укажувал на тоа дека него и неговите најтесни соработници во Комуната "Браќа Манаки" треба да ги задоволуваме во интересите бидејќи се на удар на туѓи притисоци и искушенија кому да бидат наклонети...

Од документот Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.236 од 01.10.2003 година, се утврди дека и овој извештај бил добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите бил "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, својата улога на соработник ја користел и за давање информации на УБК за одредени лица интересни како лидери на елино-влашките здруженија. Се утврди дека изнесувал информации за Здружението Пелагонија Битола, зашто имало многу поплаки зошто сеуште не биле организирани изборите за новите органи и раководства, дека работата не одела, зошто во канцеларијата на Здружението во Битола кога биле термините за средби се дозволувало некои членови да се опиваат и со тоа да го дискредитираат и авторитетот на здружението и сл. Се утврди дека изнесувал информации за лицето Е. Дарда, која иако била некомпетентна, повторно се наметнувала да држи курсеви по грчки јазик, дека тоа не било во склад со нивните замисли....

Од документот Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.343 од 24.12.2003 година се утврди дека и овој извештај бил добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите бил "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации и во овој извештај изнесувал податоци за Здруженијата на власите, за Црковниот одбор на црквата Елена и Констадин, за лицата Никола Палигоровски, Х. Стерјадовски, Јорго Ивановски, Никола Поп Никола (ги презентирал и генералите и на други лица), дека било сугерирано, договорено, иницирано и бил пројавен интерес за финансиите за издавање весникот "Феникс", за неговиот тираж и тн. Се утврди дека изнесувал ставови за почесниот конзул на Република Романија во Битола, Никола Палигоровски, како, наводно тој бил користен на три фронта: во политичката партија, во Комуната на Власите и во црковниот одбор. Се утврди дека за него изнесувал дека неговиот

6 - 8

четврт големм мотив му биле студиите на неговата ќерка во Букурешт, како тоа да тој бил медиокритетска личност, неугледен во физичка смисла, недоволно образован, просечен интелект, без посебен авторитет во влашките кругови, но очигледно исполнителен...

Се утврди дека изнесувал информации за новиот претседател на огранокот на политичката партија на Власите, формирана од Митко Костов, Симо Караболевски, за потпретседателот на Комуната на Власите "Браќа Манаки" Христо Стерјадовски и претседателот Ристо Палигоровски, за начинот на нивниот избор, за изборот на секретарот Христо Чолаковски, кој бил припадник на "Саракачаните", за изборот на претседателството и сл.

Исто изнесувал информации и за членовите на Здружението Пелагонија, непосредно пред нивната изборна конференција, за лицата Страла и Евгени Ристевски, кои сега биле нови предводници на тоа здружение.

На крај, од коментарот службеното лице да се констатира дека средбата со "Изворот" била испланирана, истата била во функција на заокружување, надополнување и опширно коментирање на информацијата што сукцесивно ја добивале во телефонски контакт со "Изворот" во минатиот период. Сознанијата биле објективни, актуелни и квалитетни. Средбата била искористена и за пласирање на тези за потребите на РОУБК Битола од инструктивна природа. Во поглед на прашањата што го таргетираат поранешниот ОО Доктор, "Изворот" имал задача да ги прошири сознанијата за евентуална негова поврзаност со пројавени екстремисти на подрачјето и тн.

Од документот Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.131 од 23.03.2004 година, се утврди и тоа дека и овој извештај бил добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации изнесувал за Здружението "Комуна Браќа Манаки" Битола, за неговото раководство, кои лица влегоа во тоа раководство, како тие работеле, бројот на членови на раководството, соработката со други здруженија, каква била соработката со редакцијата на влашки јазик при МРТВ и сл. Се утврди дека изнесувајќи негативни ставови за лицето Никола Палигоровски, за семејството Робе (Миле и Маргарита), сопственици на печатницата "Тутемберг", нивната наводна соработка со "Владиката Јован", изнесувајќи повеќе информации и за други активности во Република Македонија.

Од документот Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.260 од 17.05.2005 година, се утврди дека и овој извештај е добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите бил "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, својата улога на соработник ја користел и за давање информации на УБК за одредени лица, како што биле лидерот на втората влашка партија Митко Костов, за друго лице (Бајрам Н.), за кого информирал дека неговата фирма се припремала како паралелна "Агро берза", како и за "нелојалната конкуренција", односно монопол на пазарите во Западна Македонија. Информирал, како некој сакал да формира "Земјоделска полиција"...

Од документот: Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ЕВ.бр.33 од 26.01.2006 година, се утврди дека извештајот бил добиен од лице кое соработува со УБК, дека "Извор" на информациите е "Ветеринар", како и тоа да покрај другите информации, својата улога на соработник ја користел и за давање информации на УБК за одредени лица од влашката средина во РМ, како и во Здружението "Комуна Браќа Манаки" Битола. Исто така изнесувал и одредени информации и за други лица од Битола и Демир Хисар.

7 - 8

Сите овие докази, содржани во досието на лицето Николче Бабовски, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 26, 28, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, одлучи дека лицето Николче Бабовски бил соработник со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција, јавно овластување или јавна дејност.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томо Апчев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на известувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Николче Бабовски.

8 - 8

лустриран

ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ

RSVR-SRM-SDB 26.01.1984 GOD. 1 STRANA

LIČNO DOSIE BR. 1-25658

N O S I T E L :

PREZIME : GILEVSKI

TATKO : [redacted]

IME : PASKAL

RODEN NA 01.07.1939 GOD. VO S.SETOMA,KOSTUR,EG.MAKEDONIJA

NARODNOST MAKEDONSKA A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : LIKOVEN UMETNIK

ŽIVEE VO SKOPJE AVTOKOMANDA ZGR.46 BR.5

SORABOTNIČKI ODNOS : SORAB.NA DR ANGAŽ.NA KOMP.MATERIJAL

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII :

1.UČESNIK VO MLADO NACIONALISTIČKA GRUPA

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : BIL POD ISTRAGA

DOSIETO FORMIRANO VO USDB SKOPJE 1958 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI

POTEKNUVA OD PROGRESIVNA FAMILIJA OD EGEJ. MAKEDONIJA. PO SLOMOT NA DAL DOAĐA VO NAŠATA ZEMJA, A POTOA, SO GRUPA DECA, E ISPRATEN NA ŠKOLUVANJE VO UNGARIJA KADE OSTANUVA DO 1956 G. PO VRAĆANJETO SE VKLUČUVA VO MLADONACIONALISTIČKA GRUPA KOJA E NABRGU OTRKIENA I SO UČESNICITE SE RASEKSTUVALO. SE DVIŽI VO KRUG NA UMETNICI.

Фотографија

Организациона единица II одделение
Оперативец Дајан Петровски
Ев. бр._____

АНКЕТЕН ЛИСТ

За „Глигор"
(псеудоним)

1. Презиме и име	Гилевски Паскал
2. Име на татковото	[redacted]
3. Име на мајката	
4. Дата на раѓање	1 III 1939
5. Место на раѓање	с. Селона Костурско
6. Улица и број	Бр. 46 Од 5. Автоколонија Скопје
7. Брачна состојба	неженет
8. Кој го ангажирал	Дајан Петровски
9. Кога е ангажиран	во октомври 1964 г.
10. Кога е реактивиран (причини за исклучување)	—
11. Кога е примен од други служби и од кои	—
12. Дали псеудонимот го знае или не	не
13. Националност (за Босилградани и Егејски Македонци да се нагласи посебно)	Егејски Македонец
14. Државјанство	Грција - без државјанство
15. Дали е повратник - од која земја и колку време бил таму	да 1956 Грција, бил 7 1947-56
16. Кои школи ги завршил	средно училиште во Солун и Грчкиот ликовен академија во Атина
1 -за студенти на кој факултет и која година	
-за ученици која школа и кој разред	
17. Каде работи	без работа
18. На какво работно место	—
19. Квалификација	—
20. Каде работел порано	сликар
21. Дали е член во масовни, спортски и др. организации	не
22. Дали е член на СКЈ	не

23. Со какви податоци се располага за неговата ужа фамил.	
- негативни	
- позитивни	позитивен
- не проверувана	
24. Дали патувал во странство, кога и каде	во Бугарија од 1942 до 1956 г.
25. Дали има роднини во странство и кои	во Бугарија сестра и во Бугарија - Бугарски, Пречек поштенски да биле пратени на казнителните дела - за нац. непријателска дејност — 11 —
26. Кои странски јазици зборува потполно - делумно	
27. Дали е проучуван и како	
28. Дали се пишувани податоци	
29. Дали е предупредуван-зошто	
30. Дали е приведуван-зошто	
31. Дали бил под истрага-зошто	биле за нацистичка непријателска
32. Дали е казнуван и со каква казна	не
33. Дали бил во прихватилиште и колку време	
34. Каде е извршено ангажирањето	во нашата средина
35. Цел на ангажирањето	
- разработка - која	Обработка на сумњиви лица од соработници, информатори и по други линии - Бугарија Бугарски
- контрола - која	
- повремена контрола-која	
- странци	
- ДК претставништво	
- обработка на бази	
- емиграција	
- претпријатие - кое	
- средина - која	
36. Основ на ангажирањето	
- присилно-од која катег.	
- доброволно-кои моменти	до Прва година
37. Роднини, пријатели и познати во Скопје кои може да ги контролира. За секое лице да се дадат основни генералии. (Ако се многу лица да се напишат на друг лист како прилог)	1. [redacted] во Скопје 2. [redacted] 3. [redacted] 4. [redacted] 5. [redacted]

15 X 1964 г.

Скопје

Оперативен службеник

Одобрува [redacted]

Регистриран во евиденција на соработничка мрежа на ДБ на 26.X.64 год.

01. 512-

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik: Trajan Petrovski
14.X.1964 god.
S k o p j e

P R E D L O G

Za angažiranje na GILEVSKI [redacted] PASKAL za sorabotnik.


GILEVSKI PASKAL, od tatko Boris i majka Stavrula Gacova, roden e na 1 juni 1939 god. vo s. Semota-Kostursko, Egejska Makedonija. Proizleguva od seljaka rabotnička poveće člena familija, koja vo vreme na oslobodителното dviženje vo Grcija preminuva vo Jugoslavija. Paskal zaedno so grupa deca odveden e vo Ungarija kade živeel se do 1956 godina, koga po normaliziranjeto nameg judržavnite odnosi se vraća pri raditelite vo Skopje. Vo Skopje završuva sredna umetnička škola, a vo Belgrad prv stepen Likovna akademija, otsek slikarstvo. Seušte nema primeno jugoslovensko državjanstvo i se vodi kako apatrid. Živee pri roditelite vo Autokomanda zgr. 46 stan 5.

CEL NA ANGAŽIRANJETO

GILEVSKI PASKAL, uštе kako učenik vo Skopje se vklučuva vo nacionalistička organizacija na grupa Egejci koja vednaš po negovoto aktiviranje e razotkriena. Na nego vo dovolna mera deluvala propagandata vršena vo Ungarija vo odnos na našata zemja i toa što vo Grcija imal sestra koja bila osudena na 20 godini zatvor. Soslušan e vo juni 1958 godina i ponatamu so nego ne raboteno.

Gilevski ima dobar krug na poznati lica i od sredinata na Egejcite i od sredinata na pisatelite i umetnicite. Vo najintimni odnosi e so braćata Cirilovi, s dobro stoi i so mladite pisateli doi dosega se projavuvale po II-li nija, pr.: Ivan Čapovski, Bogomil Gjuzel, Radoven Pavlovski, Ljubiša Taškovski, Jovan Kotevski i dr. Isven niv ima dobar krug poznati novinari i intelektualci od Radioto i televizija

./.



Трајан Бешировски
II - одделение - ОВР "Идаја" Обр. бр. 3

Година 1965 Валута динари

"Гиго"
(псеудоним сарадника)

Месец	Примитак	Издатак	САЛДО
VIII - II. 65		10000	
IV - V - 65		5000	
VI - VII - 65		4000	
VII - VIII - 65		50000	
IX - X - 65		15000	
XI - XII.		30000	

i od Društvoto na likovnite umetnici. Dobro stoi i so povratnikot od Polska završen student na Filozovski fakultet Tanas Nikolovski, koj se ima projavuvano so interesni iekažuvanja za našata služba, inaku dober prijatel na Taško Belčev, asistent na Filozofski fakultet poznat kako čovek što i napravil dosta loša usluga na našata zemja, kako spiker na hačio Varšava i kako čovek na polskite organi na bezbednosta.

Za ovie sredini nemame dobar uvid i veruvam deka će se postigne celta na angažiranjeto , ako Gilevski bide angažiran za sorabotka. Duri i samiot izrazuva želba da kontaktira so nas.

OBJEKTIVNI I SUBJEKTIVNI MOŽNOSTI

GILEVSKI neprekidno e vo kontakt so Egejci od pomladite generacii, so mladi pisateli, novinari i umetnici. Nivnite megjusebni odnosi, diskusii i mislenja mu se nekogašdostapni, bidejći i samiot se zanimava so umetnost i pišuvanje na literaturni tvorbi, kako i prevodi od ungarski. Dosta e načitan i inteligenten. Vo nivno društvo e cenet i uživa doverba. Posebna možnost e toa što toj e bez rabota, pa vo sekoe vreme e sloboden i se dviži vo ovie kulturni sredini . Smetam deka može da bide vklučen vo razrabotuvanje na asistentot Belčev , koj e interesen za nas.

Predlagam da nosi pseudonim " Gligor".

DAL SOGLASNOST
NAČALNIK NA ODDELENIE
[redacted]

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

C D O b A I L,
NAČALNIK NA UPRAVATA ZA DB,
[redacted]

518-7.

Dosie br. 518
Prilog br. 18
Strana br. 1

П Р Е Д Л О Г

За разрада над лицето Гилевски Паскал

Роден е 1939 год. во с.Сетома-Костурско, Егејска Македонија, од татко Борис, по народност Македонец, без државјанство, по занимање ученик во школото за примената уметност, неженет, живее во Скопје ул. "Индустриска" бр. 29.

Према информациите со кои располагаме Гилевски е припадник на младинска илегална организација која има за задатак обединување на Македонија. Тој наводно со неја раководел во школата за примената уметност. Припадниците на таа организација под негово раководство одржувале состаноци во школата на кои ја проучувале како основен материјал "Илинденската епопеја". Према информациите Гилевски одржувал и врски со внатрешноста на Македонија.

Констатирано е да е близок со Јанговски Ристо ученик во III годиште кој отворено непријателски истапува по прашањето на обединување на Македонија. Досега нема индиции да се здружено со Гилевски во оваа организација, но према истапите на Јанговски таква можност постои, затоа што тој отворено ја оправдува организираната дејатност на некои младинци од Битола и вборува да би се приклучил во организирана работа ако би знаел да таква постои во Скопје.

Од горните причини сметаме да се над Гилевски отвори разрада, утврдиме неговата дејатност и пристапи кон реализација.

3.VI.1958 год.
Скопје

Оперативен работник,
[redacted]

8436

SVK-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik:Trajan Petrovski
26.X.1964 godina
S k o p j e

PREDMET: Prezemani merki po povremenata kontrola nad Asprovski i Balkanov

SLUŽBENA BELEŠKA

LICA:

1. SORABOTNIK "Gligor"
2. SORABOTNIK "Marčin"
3. BALKANOV Nikola ANGEL, vo povr. kontrola.
4. SAROV TAŠKO, Kgeec, minuva vo kartoteka.
5. ŠIRILOV PANDE TAŠKO

19068 од Гоggea.
519-
Дл. 23268 од Гевгелија

Vo vrska so povremenata kontrola nad Balkanov i Asprovski raboteno e po predvideni od plan.

Realizacijata e izvršena so soslušuvanjeto i angažiranjeto na Balkanov za sorabotka, pred negovoto zaminuvanje vo JNA, vo septemvri ovaa godina.

Izvršeno e proučuvanje na poveće lica od nivna sredina i lica koi se spomnuvaa vo dnevnikot na Velkov Glagoja. Razgovarano e so Petevski Tanas, tehničar vo "Troektantsko biro" i so Širilov Taško, za što veće imame pišuvano.

Angažiran e sorabotnikot "Gligor" kako rezultat na rabotata nad povremenata kontrola .

Ponovo e aktiviran sorabotnikot "Marčin", koj bil isprašten dve dogini poradi nesredena rabota na operativata vo T. Veles i kaj nas.

Soslušano e licato Sarov Taško i vo vrska so negovoto poznanstvo voo Balkanov i Asprovski.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 6 primerka

172

Регистриран во евиденција на соработничка мрежа на ДБ на 26.X.64 год.

Бр. 518

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik:Trajan Petrovski
20.X.1964 godina
Otčukala: S. Ivanova
S k o p j e

I Z V E Š T A J

Od izvršenoto angažiranje na GILEVSKI Boris PASKAL.

GILEVSKI Borisov PASKAL, Egeec, bez državjanstvo, nezaposlen, završen student na I-stepen Likovnia akademija vo Belgrad, beše zemen vo predvid za angažiranje uštе vo tekot n maj i juni ovaa godina. Rabotejći nad povremenata kontrola nad Asprovski Pandol i Balkanov Angel, navlegovme vo sredina na interesni lica, pretežno Egejski Makedonci, intelektualci, so koi Gilevski e postojano vo društvo. Od druga strana Gilevski kako učenik vo Srednoto umetničko učilište vo Skopje beše vklučen vo edna nacionalistička organizacija zaedno so Taško Širilov i Gjorgji Dimitrov. Po otkrivanjeto na istata toj beš samo sočlušan i ponatamu ne beše so nego raboteno. Osven toa, kako povratnik od Ungarija, toj ima dosta poznati liva povra nici -intelektualci, za koi našata služba projavuva interes. Gilevski dobro stoi so grupata na mladite pisateli, so novina rite i studentite po književnost, bidejći i samiot se zanimava so pišuvanje. Postojano kontaktira so Meto Fotev, Bogomil Gju zel, Jozo Boškovski, Mateja Matevski, braćata Širilovi, Tanas Nikolovski, Mazev, Taško Belčev i drugi lica od umetničkite sredini.

Po realiziranjeto na povremenata kontrola nad Balkanov i Asprovski, preminavme na kontakti so Gilevski vo nasoka na angažiranje . Gi imavme vo vid i negovite želbi i izjavi za sorabotka. Za taa cel so nego beše kontaktirano vo negoviot stan vo Avtokomanda i razgovarano poopširno. Potoa bea ostvareni uštе dva kontakti. Se nosime so vpečatokot deka

./.

Gilevski e načitan čovek, so dobri poznavanja od oblasta na književnosta , dosta komunikativen. Zatoa veruvame deka sorabotkata so nego će ja postigne baranata cel.

Istiot ima psevdonim "Gligor".

DAL SOGLASNOST
NAČALNIK NA II-ODDELENIE
[redacted]

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

O D O B R I L,
NAČALNIK NA UPRAVATA ZA DB,
[redacted]

ДОСИЕ БР.518

СПИСОК НА ЛИЦА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО КАРТОТЕКАТА НА УДБ-а:

1. СТОЈАНОВСКИ ГОЦЕ — Бегалец од Егејска Македонија, ученик во школото за применета уметност во Скопје, сегаш настанет во Скопје, Македонец.

2. САРОВ ТАШКО — Бегалец од Егејска Македонија, ученик во школата за применета уметност, сега студент, Македонец. Припаѓал на групата со Гилевски Паскал.

3. САРИЕВСКИ ТРПО — Бегалец од Егејска Македонија, ученик, сега студент, настанет во Скопје, исто така, припаѓал во групата на Гилевски Паскал.

4. ГЕОРГИЈЕВСКИ ВЛАДО — Исто така бегалец од Егејска Македонија, ученик, сега студент, припаѓал на групата на Паскал Гилевски, Македонец.

5. ЏАНГОВ РИСТО — Бегалец од Егејска Македонија, ученик, Македонец, сегашно настанет во Скопје, припаѓал на групата на Гилевски Паскал.

16 мај 1961 год.

С К О П Ј Е

518

(Редни број на досието)

ПОПИС НА МАТЕРИЈАЛОТ

Редни број	Датум на внесувањето	ВРСТА НА ВЛОЖЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ	Орган. единица	Број страници на прилогот	Потпис на обработувачот
1.	16.V. 1961 г.	Список на учениците-Егејци во школата за применета уметност.		9	
2.	./.	Список на ученици со кои може да се разговара.		1	
3.	./.	Список на лица кои ги провалува Гилевски Паскал		1	
4.а	./.	Ракописна изјава од Гилевски Паскал		9	
4.	./.	Куцана изјава од Гилевски Паскал		7	
5.	./.	Извештај од "Биолог", 28.4.58 год.		1	
6.	./.	Извештај за разговорот со Лазар Личеновски, 7.5.58 г.		1	
6.а	./.	Извештај од "Јоже", 21.5.58 год.		2	
7.	./.	Извештај за Павловски Таки и Ристе, 27.мај 1958 г.		2	
8.	./.	Предлог за разрада над Гилевски Паскал. 3.6.58 год.		1	
9.	./.	Ракописна изјава од Гилевски Паскал		9	
10.	./.	Извештај од "Сотир", 6.6.58 год.		1	
11.	./.	Записник од соочена Паскал Гилевски, 30.6.58 г.		4	
12.	./.	Извештај од "Габер", 15.I.59 г.		1	
13.	./.	Извештај од Величковски Владо, 20.II.59 г.		1	

Dosie br. 518
Prilog br. 9
Strana br. 1

Изјава

Од Паскал Гилевски, ученик во II. год. од школа за примењена уметност во Скопје. Сега живеам во гад Скопје зграда 46 стан 5. Аутокоманда, кај родителите и две сестри и еден брат. По нација сум македонец од Егејска Македонија.

Роден сум во месец јули 1939 год. во село Сештома, Костурска околија во Егејска Македонија. Пајкоми од 1944 год. живеев во Југославија. Грижата за одгледување на нас, шест браќа, голаштовари работ на мајками. Јас, како 5 годишно дете морав да облекам гуња и да ги пасам со другите овчари од селото (се разбира сите многу поголеми од мене) налудројните овци и два волови. Поцрнат од сонцето, со неизтрижена долга коса јас скрием зад некоја грмушка долго плачев, гледајќи ја мајкам да оди, и да вдишу секавиот гадот што ги вдишеа сите мои. Од тоа време само за едно се сеќавам: дека многу плачев.

После 2-3 години во борбата на македонскиот народ од Егејска Македонија и прогресивните грчки народ, од нашата куќа ја испративме најголема сестра која за малку време беше фатена од монархофашистите и затворена во затворот „Аверов" во Атина која уште е таму осудена за 20 години.

Пролетта (како што велат поголемите 18 мај) 1948 год. заедно со мајдинци други деца тргнавме пешки по кусо време (денјата требаше да се крием од непријателските авиони кои непрестано кружеа над нас заплашувајќи не со своите сиви клунови што блуваа бомби. После неколку дневно кусо патување стигнавме во Југословенските граници и не одведоа во село Бубрско кај што поминавме неколку денови.

Dosie br. 518
Prilog br.
Strana br.

Во Битола се качивме на воз и кога не сите зачудени видовме од малките прозорци на возот, дека се наоѓаме во еден сив град со црвени куќи. Тоа беше Будимпешта. Кога не пушија ни дадоа нови алишта не однекоа сите во едно огромно здание кое се викаше „Mátyaslaktanya". Таму беше ужасно. Преку цел ден ни копита се слушаа беспрекинато плачови на мали деца, партизанки тешки и што ли не!!... За да не утешат ни даваа секавци мрачки. Таму поминавме како што се сеќавам само 30 дена (зборувам за 34 мои сеќавања, зашто едни зубите останаа). Нас, раководителите (се разбира скоро сите луѓе) од кои еден познавам Михалис Иконому (кој 1954 год. ми беше учител по грчки јазик), не испратија во град Печ јужна Унгарија. Таму ни испратија и еден српски учител кој не учеше да пишуваме на кирилица. Но учителот по малку време си оттиде. Во Печ поминавме едно лето и потоа не преместија во Балатон Замарди. Овде почнавме да учиме. Учителки ни беа некои помлади жени и такаа партизанки кои не учеа да пишуваме македонски и грчки.

1949 год. пролетта околу 600 македонци и луѓе не преселија во село Сеј кај што останав се до 1955 год. 1952 год. ни ја менаа македонската азбука и граматика ни дадоа нови книги со новата азбука (зашто доаѓаа учебни книги испратени од Југославија т.е. НР.Македонија. Сето тоа ни изгледаше доста тешко но се свикнавме. Сите предмети како сметање, геометрија, историја и другите предмети учевме на унгарски јазик со унгарски учители. Учевме и грчки јазик, грчка историја и географија („Зашто, ни велеше учителот, пореклото на нашите Михалис Иконому „кога ќе одите во Грција вие ќе управувате па затоа треба да знаете грчки да зборувате). Во овој дечки дом „Сеј", почнавме пијано со сила не собираа и ни предаваа нашата наречена „политички часови". Во првите денови тоа стануваше скоро секој ден после вечер. Во овие часови кој дружеа 1 или 2 часови ни кажуваа или ни читаа весник од грчки весници за животот во Грција. Многу пати ни кажуваа весник (се разбира лажни) за „тешкиот живот во Југославија.

Dosie br. 518
Prilog br. 9
Strana br. 3

Со овие кратки вести за Југославија и особено за животот на еднаш српските деца во детските домови, сакам во кус да зацртам огин на омразата против Југославија. Тоа донекаде ја објаснува Зашто ние слепо веруваме, како што може да верува едно дете на каша возраст, верувавме дека причина за неуспехот на македонскиот народ од Егеј, причина за цела катастрофа беше Југославија. Децата кашите џелатели сакаа да направат од нас деца со една омраза, дури и према нашите татковини што живеа во Југославија, што можат да се изразат преку одвратните изрази „јаничари на Ал-вен". Но таа омраза не успеа да ја фрлаа во кашите очи и по заслепувачкиот детски дух, во тој неможеше да верување долго. 1954 год. читавме на весниците дека се подобрија односите меѓу Југославија и СССР. Но тоа не му пречеше на нашите џелатели да ни зборуваат сé кајлото за Југославија кога, кај кои сакавме да одиме во Југославија кај нашите родители. Истата 1954 год. најдекат одиме во Унгарија од Чехословачија. 1955 год. завршив осмолетка во Сегедин и тогаш започнувањето на нашите џелатели не можеше да ја исполни нашата долгогодишна желба: да станеме луѓе, како од школата за време на часовите сите изјавија дека сме најдобрите меѓу сите што даваат испити. I. год. гимназија (овде V клас) продолжив во Дар фехервар. Таму ја засакав многу литературата и по џелата на некои професори од гимназијата почнав да пишувам и по некој стих. Желбата да одам во Југославија и да по научам добро македонскиот јазик за мене стана секојдневен сон.

1956 год. во Унгрија не слушајќи ги советите на нашите џелатели „да останам во Унгарија и таму да завршам со шпионството", јас заедно со најмалиот 2 сестри и брат избегнав во Југославија.

Во Скопје се запишав во школа за примена уметност и како човек кој успева во нештото стана и јас се почувствував како еден од најсреќните луѓе, ми се исполни долгогодишната желба: да одам во уметничка школа.

Јана, како малку стеснителни во македонскиот
јазик јас се трудев и да 1 година изучувам
да добрувам, зашто кога добров
бев на македонскиот јазик. I. година
со успех и бев напуштен. II. година
долгите добро, вложувајќи поголеми
напори литературно да добрувам на мајчин
мајчин јазик. Истовремено почнав да пишувам
стихови. Бев активен и во литературното друш
тво на школата како член на уредувачкиот од
делението друштво („Младост") Особено ме заинтере
сираа јунаците и римската античка, како и совре
менната македонска литература а особено Бла
не Конески, Аце Шопов и М. Матевски.
Околу 20 јануари 1958 год. во Универзитетската
библиотека се запознав со еден студент (кој
сме тогаш, штедливо не му го знам, само што знам
дека е стејач и дојден од Румунија) кој ме
праша дали пишувам. Јас му одговорив дека
пишувам и дека стихови. Кога ме праша какви
стихови разговарајќи му одговорив дека имам
за сакам прозодијата и сакајќи да ја со гле
да пак еден пат и да ја пишувам најузака
та љубовна. Но понекогаш (а тоа особено кога
земам учество во сесијата во затворот „Идеров") пи
шувам и за родниот крај Стејарија канав и сре
дината „Мајчин збор" пишувано кога сум
стомнив за мајчин на мајката која ја чекала
францускиот во Грција само затоа зашто татко
ѝ се наоѓаше во Југославија. Тие сиви
години за нашиот живот од 1944-48 год. јас
сакав да ги опишам во неколку стихови.
Студентот кога ја слушна песната и неколку бор
ги ме праша дали би сакал да се обединам
Егејска Македонија како и Пиринска со Вардар
ска. Јас без да размислувам му одговорив:
„Секој Македонец би ќе одговорил „да" а ка
ко јас кој во Егејска Македонија имам 2 сес
три а ерудата во затвор веќе 10 години.
После ме праша дали ќе сакав ќе ме повре
се добре внимателно да се чувствам пред обединува
ње. Му одговорив: „Со интервјуата на нашиот
народ (егејскиот) од 1949 год. нема мајка која
не плаче за 2-3 синови и керки. Нашиот на
род уплашен од своја сенка, изјасни од прашите
работи не би сакал за овие години да
се бори за своите правилни. Тој веќе не ве
рува во никој. Јас ова го слушам од самите

луѓе, затоа имав причина да зборувам со
многу луѓе кои учествуваа во оваа борба.
Сите тие се очајани. Затоа единствен пат,
јас мислам да е дипломатскиот пат, мирен
начин." На тојата мисла тој само се насмее
ме и рече дека ова никогаш не може да би-
де. Јас цитирајќи го од сеќавање Волтер
што ми рекоа: дека „најубавата слобода е
слободата постигната без крв, одговори
Стојчевски
сеќавам. Разговаравме доста часа но се
сеќавам малку. Јас многу бев колеблив. Исто
времено ме убедуваше дека по пат на бор-
ба може да се дојде до обединување на Егеј-
ска Македонија со другите два делови се-
каде во тоа време звучеше зборот „не" нашиот
народ (егејскиот) е слаб за пушка. И него-
вата судба мислев да се реши по другиот пат
само не пак со крв и огин. Истиот студент
ми даде и некому книги да прочитам: „Маке-
донска литература и литературен јазик", Македон-
ска лит. во IX. век. од Блаже Конески едно списа-
ние „Социјалистичка зора" и некому други книги.
Со слична содржина. Но тоа време бев зафатен со
полагање на училишни работи, лектири и така
поминев без да ја прочитам само „Мак. лит. и лит.
јазик" од Б. Конески. Кон крајот на месец јану-
ари ме запозна со некој си Митко, но со кого
не сум разговарал скоро ништо, за него знам
и тоа дека сега е војник. Јас ниту имам навик
обичај никогаш да го прашам некогаш нешто.
Затоа ниту за него ќе ништу за Митко не знам
скоро ништо, освен тоа дека сакаат обединува-
ње на Македонија.

Долго време не го имав видено Ива (тој
секогаш ме среќаваше во народна библиотека
затоа јас скоро цел ден талку седев и читав ли-
тература и училишни работи затоа живеев во
барака кај немаше струја ќе морав да читам
да се приспособувам по часовите во библиотеката.)
скоро го забравив и еднаш на пат се среќа-
ме случајно. Ме праша како сум и ми каца
дека веќе не се занимава со такви работи
и дека тоа беше само една „игра". Ми рече де-
ка и јас да не мислам никогаш за тоа. Јас
отпрвин се зачудив за тој пресврт кај него но
сепак не му дадов прашања зошто го прави
сето тоа. Ми рече „здраво" и си оттаде. Од
тогаш кога се среќаваме на кратко повеќето
пати се поздравуваме и разговараме само за
девојчиња. Но многу ретко се среќаваме.

Во истата се најдов со Горе, бидејќи Никола ме
дојде и таму разговарање за таков работи по
како што се сакаваа сосема малку зашто на
кобро бевте. Го запитав ова дека ми рече да
спијам некој стих за Гоце Делчев зашто мислев
да донесат венец на 2 август на Гоцевиот гроб.
Јас му рекоа дека ќе се обидам да спијам нешто, ама уште стопам забораваа. Ми кажа и ова
дека тој е на колиштето во школата и ако тој
стане секретар на младинското колиште ќе се
потруди да ги собере таму само такви кои се
со чисти мисленја за Македонија. За организација
јас мислам слобода, но јас никогаш не по кажи
нуваа ова. Ми кажа да треба во провинцијата
да се ставаат такви учители и ако ова
стане брз спијам со митинзи сеќе да бараат
прикључување на Егеј и Пирин со Бугарија,
Јас овде бев малку расеран како сеќаам во
такви разговори. Му кажав и на душко за овие
и спијам разговарав за сета работа со Ташко Ширалов, ученик од VII. клас во машка гимназија. Која ме слуша ташко ми рече дека
најдобро е ова и да не се занимаваам со
такви работи. Првиот пат ќе ме убеди (бев
дека ми се играев) Кога ми рече ка-
ко мислиме да правиме и која јас видов де
ка нема никаква јасна цел освен ова де
ка треба да се соедни Егеј и Пирин а ка-
ко ова ништо мене ќе ми биде јасно.
О ова разговор со Ташко (јас му кажав
нему дека не сум добар познавач на овие
работи) јас сосема ретко размислев за ова
а последново време ми стануваше јасно де-
ка ова беше од моја страна глупост, глу-
пост даска зашто мислев за работи за кои
немам идеја како се вршат.
Пред разговорот со Ташко зборував со еден
студент по име Танас (филозофски факултет
го прашав дали мисли за Егеј т.е. нацио-
нален да се прикључи кон Н.Р. Македонија.
Тој ми кажа дека и тој сака такво обеди-
нување ама дека ќе се зафаќа со такви ра-
боти зашто многу учи.

Dosie br. 618
Prilog br. 9
Strana br. 8

ОВР"Идадија"
Отсек ЈБ
Службеник:Трајан Петровски
Состанок одржан на 22.I.1966 год.
од 12 до 14 часот во ОВР
Евиденција бр.___
Отчукано во 5 примероци

Скопје, 26.I.1966 год.

Инсп: Гилевски
344

И З В Е Ш Т А Ј 2/19

Предмет: Некои моменти во врска со излегувањето на ревијата"Мисла".

Како што и сами знаете ревијата "Мисла" излегува од печат за прв пат на 4 јануари оваа година. Неј ин главен уредник е Божин Павловски, а заменик Благоја Мактински - Георгиевски, уредник на културна рубрика на "Студенски збор". По правот број, и воопшто по идејата за излегување на едно вакво списание, има и одредени коментари во културните среди Например, Цветан Станоевски - новинар во културна рубрика во "Нова Македонија" влезе во сукоб со Божин Павловски, поради тоа што јавно во печат публикува негови мислења за "Мисла" кои во основа ја одобруваат идејата на една ваква ревија, но не и содржината, која не донесува ништо ново, од она што го имаме. Миле Маркоски, син на Венко, смета дека излегувањето на многу публикации е безпотребно и наведува пример дека во Македонија излегуваат 36 весници и списанија /не сметајќи ги и фабричките весници/, кои имаат многу слаба читателска публика и се повторуваат едно со друго, а се фрлаат само средства.

Неодамна бев и кај Славко Јаневски во"Кочо Рацин". Славко ме извести дека и нему му побарале да даде нешто за печат, но подвлече дека не знае што да прави, дали да даде нешто или не. Конкретно не се искажа. И Душко Јаневски е на слични позиции. И нему му барале но он се уште се воздржува.

./.

Сум слушал од некои членови на редакцијата на "Мисла" дека добивале многу писма во кои има доста пофа би, особено од млади почетници, кои сметаат дека ќе почнат за прв пат да се појават во печат. Пујоски Васил ми рече дека и Матеја Матевски им пратил писмо во кое позитивно се изразил за првиот број.

Имам разговарано и со Божин Павловски. По негово мислење излегувањето на "Мисла" пречи на културниот додаток кој излегува во "Нова Македонија" и просто го засе нува, па затоа многу новинари биле против излегувањето на "Мисла".

Некои писатели, како Чинго, Петре Андреевски Радован Павловски, Ташко Георгиевски ја одобруваат реви-јата.

II

За ревијата "Мисла" до сега имаме регистрир но доста коментари кои претежно не ја одобруваат. На при-мер писателот Стојан Тарапуза вели дека тоа не е издржана работа и се воздржува да даде песна, иако бил понуден. Редакцијата на "Студенски збор", со исклучок на Благоја Лактински и Горги Најдовски, кои членуваат и во "Мисла" смета дека тоа е промашена работа и веруваат дека наскоро ќе биде во правење нејзиното излегување од печат.

Треба да се истакне и тоа што "Мисла" нема свое седиште. Има само поштенски фах. Како и тоа што бара-њето за регистрирање на списанието во ОВР "Кисела Вода" е поднесено во време кога "Мисла" беше веќе готова за печат. Средства за излегување на "Мисла" биле собрани од продажба на книги по повод месецот на книгата, од страна на самите членови на редакцијата. Но овие средства не се достатни ни за неколку броеви. Редакцијата се повикува на големиот број претплатници /8000/ претежно млади луѓе по школите. "Мисла" е ревија /списание/ кое според нејзини создавачи, ги штити "малите авторски права" т.е. оние што неможат да се пробијат на полето на литературата.

Подвлекуваме и тоа дека меѓу членовите на

./.

редакцискиот колегиум на "Мисла" веќе владее навесен неред, не-добрзбирање, каранџи и сл. Например, Ристо Јачев, студент и Горги Најдовски, студент и новинар во "Студентски збор" се изразуваат дека атмосферата меѓу нив самите е прилично нередена - конфузна, за што претежно вината ја фрлаат на Божин Павловски.

III

32832

- Божин [redacted] Павловски, роден 1942 год. с.Жван , писател.

Службеник

[redacted]

ОВР"Идадија"
Отсек ДБ
Извор:"Глигор"
Примил:Трајан Петровски
Состанок одржан на 14.I.1966 год од
12 до 14,30 часот во ОВР"Идадија
Евиденција бр.___
Отчукано во 5 примероци
доставено до VIII служба

Скопје, 15.I.1966 год.

171

2/36,18

И З В Е Ш Т А Ј

Предмет: Поинтересни искажувања за ситуацијата во средината на уметниците.

Во вторникот во Работнички дом т.е. во Редакцијата "Културен живот", ме повика главниот уредник Борис Вишински да се договориме за настапување на полето на уметничката критика и нејзината застапеност во иднина во ова списание. Всушност овој состанок т.е. средба со Вишински беше аранжирана од пред неколку дена и одредено беше да се најдеме во вторникот. Кога отидов во Редакцијата во вторникот кај Вишински, го најдов и Јордан Грабуловски, уметник. Од страна на Вишински беше предложено да во идните бројеви на "Културен живот" се појавуваат написи во вид на монографии во кои ќе бидат застапувани членовите на друштвото на ликовните уметници и во кои детално ќе биде претставено на читателите нивното творештво. Така, се договоривме во овој број јас да напишам монографија за Јордан Грабуловски , за што и Јордан се сложи. Јордан потоа рече дека оваа идеа е многу добра и дека ова било прв пат за него што ќе се пишува, а творел од 1938 година. Јордан истакна дека во сите градови на Македонија имал изградено по еден споменик , а никој т.е. јавноста незнаеле ништо за уметникот - автор. Грабуловски вика дека имаме ликовно творештво во Македонија, но немаме ликовна политика. Немаме луѓе кои што би ја култивирале таа ликовна политика и би ги издвојувале најголемите вредности на нашите уметници, па би ги преставувале не само на југословенски план, туку би ги препорачувале и на светски план. Тој не се сложува со досегашната политика што ја води Белград,

./.

во ситуација кога скоро секојдневно се избираат од Македонија правите т.е. најдобрите уметници, кога се организираат изложби на југословенски и светски план. "Белград не знае ништо по конкретно кој е повреден уметник за да ја претставува нашата нација, туку ги извлекува уметниците од Македонија како со јадица" - смета Грабуловски.

Грабуловски за Хаџи Бонков има лошо мислење. Хаџи Бонков сега е стипендист на една американска фондација и се наоѓа во САД.Грабуловски вели дека он прв почнал со работа на металната пластика и дека е прв пионер на таков начин на работа во уметноста; а Хаџи Бонков се претставувал како он да е пионер во оваа гранка , како почнал да работи на металната пластика после Грабуловски.

Јас бев дома и кај Грабуловски и водев разговор во врска со неодамнешните напади вонаписот објавен во "Нова Македонија" против него, подписан од страна на Протуѓер, Шијаковиќ, Џане Јанкуловски, Александар Ристевски, Драган Поповски и Томе Андреевски членови на ДЛУМ, кои се однесува на неодржувањето на овогодишна изложба т.е. на изложба есенска во 1965 г. која не се одржа. Грабуловски е председател на друштвото на ликовните уметници и тој конкретно е најден за кривец за неодржувањето на оваа есенска изложба. Грабуловски смета дека есенската изложба во 1965 год. не требало да се одржи , бидејќи немало добри дела од сите уметници кои би биле презентирани на гледачката публика. Од друга страна Галеријата на современата уметност организира посебна изложба, не зависно од ДЛУМ под директива на Никола Мартиновски. Мартиновски избра за оваа изложба 13 уметници, и меѓу нив го брои и Јордан Грабуловски. А како што рекоа Грабуловски ја откажа есенската изложба на ДЛУМ а учествува на изложбата од уметничката галерија. На оваа изложба од Галеријата на Грабуловски му било нудено да му бидат откупени негови дела , но тој несакал да ги продаде од познати причини да не би групата на Протуѓер, Шијаковиќ и другите кои го дадоа написот во "Нова Македонија" , кренала поголема врева. Да наведам и тоа дека Грабуловски не беше за одржување на есенска изложба од причини што пролетната изложба на ДЛУМ беше многу лоша, т.е. и критиката лошо ја оцени. Затоа Грабуловски остро го критикува Џанета Јанкуловски, кој доѓал дома кај него и му се плачел што нема атеље и услови за работа. Грабуловски постапува правилно што дал Џане Јанку-

ловски и другите како него и што покажале на уметнички план, па да бараат општеството да им дава услови.

II

Изворот бидејќи е ликовен критичар , добро е плесиран во средините на ликовните уметници и известува за сите превирања и деформации во нивните средини.

III

18370 -Грабуловски Јордан, вајар, нимува во карт.на ДБ

32443 -Јанкуловски [redacted] Александар,роден во Прилеп, работи во РТВ, нимува во картотеката

- Протуфер Дине, уметник, нимува во картотеката

1220

Службеник
Трајан Петровски

94

ОВР "Idadija"
Otsek DB
Službenik: Trajan Petrovski
Izvor: "Gligor"
Sostanok održan na 7.I. 66 god.
usmeno
Evidencija br. _____
11.I. 1966 god.

AKCIJA " DINARA "

I Z V E Š T A J 2/11.12

PREDMET: Namera na lice da emigrira vo Francija.

Za vreme na novogodišnite praznici se sretnav so Manev [redacted] Nikola, so kogo bevme i vo bar vo hotel "Skopje". Od razgovor so nego doznav deka režiserot na Televizija Skopje Filipovski Ilija, denovive imal namera da otpatuva vo Francija i tamu da ostane. Toj bil nezadovolen od životot ovde, posebno od primanjata. Ima završeno dva fakulteta i Filozofski i akademija ta režija. Kako čovek e dosta kulturen i obrazovan. Manev Nikola e crtač na detskite emisii vo Televizija. Namerata za ostanuvanje vo Francija Filipovski mu ja soopštil vo doverie. Vo Paris imal nekoj poznanik i se nadeval deka dobro ke se snajde.

II

Filipovski e proveren i ne minuva niz kartotekata na DB. Na teren ke bide proveren i proučen, a potoa ke odlučime dali ke go povikuvame na razgovor ili ke prevzememe drugi merki.

III

НЕ МИНУВА 14.I 196 [illegible]

1. Lice: Filipovski [redacted] Ilija, roden 1.VIII.1923 godina, vlav.
2. Manev [redacted] Nikola, roden 4.IV. 1941 god. crtač vo Televizija - Egejski Makedonec.

Službenik,
Trajan Petrovski

- 2 -

91

0119/15

OVR "Idadija"
Otsek DB
Službenik: Trajan Petrovski
Izvor: " Gligor"
Sostanok održan na 7.I.1966 vo OVR "Idadija" od 11 do 12 časot
usmeno

Evidencija br. _____
11.I. 1966 god.

11/13

I Z V E Š T A J

PREDMET: Kontrola "Samoil"

So Mile Nedelkovski imav prilika da se sretnam pred četiri dena vo "Nova Makedonija". Otvorivme ratgovor. za napisite što gi objavivme vo minatata nedela na 26 dekemvri 1965 god. vo kulturniot prilog. Mile imaše dadeno napis pod naslov: " Odgovornost i za zlostorstvoto protiv jazikot". Mile istakna deka ona što go napišal e dobro, no ništebi sakal da "isturi gnev" protiv nekoi ličnosti ," politikanti' rakovoditeli i drugi, no toa nemožel sosoema javno da go manifestira, kako što go mislel. Toj reče deka našite visoki funkcioneri, samo pravat loša usluga i štetat na pravilniot jaziče razvitok kaj nas. Zatoa Mile veli: " Sekoj što krvavel vo revolucijata, a sega zatail, na planot na jazičnoto pole t.e. zatail ili zatajuva "zaslužuva prekor za nekompletnost i nedoslednost". Zatoa bara odgovornost za zlostorstvata protiv jazikot" t.e. za obie što upotrebuvaat srbizmi i sl.

32313 ов. бел. Бебзовски

II

Mile Nedlkovski se ima vo vrska so prašanjeto za jazikot izrazuvano i pred sorabotnikot "Jože". Vo prilog na izveštajov go davame prečukan tekstot na negoviot napis. "Odgovornost i za zlostorstvoto protiv jazikot" objaven vo "Nova Makedonija" na 26 dekemvri 1965 god. poradi pocelosno sogleduvanje na negovite pogledi.

./.

ODGOVORNOST I ZA ZLOSTORSTVOTO PROTIV JAZIKOT

Napisov za jazikov naš sekojdneven ne e pomesen vo svetlinite na naporite što gi pravat filozofite i lingvistite „tuku vo gasnite komori" na negovata sekojdnevna /i prazn[illegible] upotreba.

Rečisi i nema čovek koj zradi glupost ili neznaenje „zaradi indiferentnost ili nepismenost„- se poradi komotnoto čuvstvo deka nema za toa dabide zemen na odgovornost - ne go navreduva. Rečisi i nema javno istapuvanje ili predavanje„ javna diskusija ili privatno soopštenie „što da obiluva se konfuzni i komični formulaciikoi % namesto da zainteresiraat/odbivaat se jazična nedonesenost iskrivokolčenost.Ima luge „koi zaradi nepismenost ili neodgovornost„ "za polesno izrazuvanje" pribegnuvaat kon srpskohrvatskiot i se strankite opštat službenen na srpsko-hrvatski.Vakvoto neodgovorno odnesuvanje kon jazikot naš„ne go navreduva samo negovoto dostoinstvo„i i ne vnesuva samo smut, tuku i pred se go doveduva vo prašanje službuvanjeto na odnosniot nepismen graganin„ vo odnosnata ustanova„organizacija i kolektiv.

Strego se pazi i vnimava na nadležnostite na službenicite na nivnite rabotni mesta „na nivnite diskusii za svoite pretpostaveni i na nivnite diskusii voopšto„no nikako ne se obrnuva vnimanie na nivnata pismenost- sekoj ima prave da bide nepismen? - se čini. Koj da se optovaruva sega so takvi "gluposti"dali nekoj upotrebuva JE namesto E„namesto JA„ koga se bara zgolemuvanje na proizvodstvoto i ažurnost v[illegible] službata.A se prašal li nekoj dali seto toa ne zavisi „pred se„od jazična kultura na službenikot„ od negovata nepismenost A dali nekoj i nekogaš vratil služben akt ili stručen elaborat što sozdaval teškotii baš poradi jazična defektnost?

Megutoa„ ne e točno deka našite luge„ nemaat čuvstvo i tradicija za jazik.Treba samo ednaš da se vidat stručnjacite„javnite rabotnici„graganite poznavači na stranski jazici„kolkumnogu crvenat koga ke zgrešat vo svojot „anglisk[illegible] francuski „germanski ili pak samo koga ke zgrešat vo padežnite formi vo svojot srpskohrvatski a kolku spokojno i neo-

./.

dgovorne tie " kinat sečosemki" pri slušenjeto sos vojot majčin jazik.I trebe samo ednaš da se obideš da go braniš od niv nivniot majčin jazik,pa da se najdeš vo položba na "državen neprijatel br. 1".vednaš dabideš ekvalifikuvan kako šovinist,nacionalist,satupen lokal -patriot.

Ne e od včera na pokaz deka nam posebni teškotii ni sozdava ne elementirana neprismenost- i toj problem bara itno i sistematsko rešavanje tuku baš onaa se završeme sredno i visoko obrazovanie. Ako i ponatamu našite visoki učilišta liferuvaat nepismeni stručnjaci,nabrgu ke se sučime so se problemot koga za eden takov stručnjak ke treba da "proizvo duvame"jazični pemagala ili veće toa e potreba broj eden? Dost e samo da se pročita samo eden sudski akt ,pa da se svati seta kakafoničnost,seta komičnost i neodržlivsest na pravata ,jazično formulirana taka.Dosta e samo da se pročita pridružniot tekst na našite fabrikati,pa da se izgubi doverba i vo nivnite kvaliteti.Stručnosta na našata jazična zaednica ke bide pod nivoto na stručnosta na drugite jazični zaednici, se dotogaš dodeka ne postignema perfektnost vo vo domenot na majčiniot jazik. Nesposobnosta na izvesni luge da go naučat i pravilno da se služat so sovojot jazik,ne sboruva samo za ograničenost na čuvstvoto,tuku i za red ,red ograničenosti,nedoslednosti i izreduvanje.

Našata, oružana borvba vo vo sklopot na Jugoslovenskata revolucija, ne se sostoeše samo vo političko i ekonomsko oslobodduvanje na zemjata, tuku se manifestiraše i vo mnogu drugi i isto tolku znajačni posebnosti na edna prerodbenska nacionalna revolucija,a vo prv red vo jazikot.I za toa,sekoj što krvavel togaš na toj plan,a sega zatail,ili zatajuva,vo ovoj tolku sudtestven za nacijata ,zaslužuva prekor za nekompletnost i nedoslednost.Bez strav deka ke bide povredena nego vata sueta,negoviot akoritet i dostoinstvo na revoleioner - Renesansata što ja doživuvame sega i srednovekovieto što go doživuvavme do včera go bara toa od nas i so site deset pritiska na dežurnoto zvenče.Toj što zadocnil ili zadocnuva a nemu mo site učilišni pravila mu sleduva neopravdan.I - nema lutenje?.

Mile Nedelkovski

3858

ОУН "Идадија"
Отсек ДБ
Службеник: Трајан Петровски
Извор: "Oлигор"
Состанок одржан на 22.XI. 65 год.
од 10 до 12 часот во ОУН"Идадија"
усмено
Евиденција бр. ———— 019/15
26.XI. 1965год.

И З В Е Ш Т А Ј

ПРЕДМЕТ: Обезбедување на унгарски дипломати.

Во среда на 17.XI. 1965год. вечерта во дипломатска кола "Волга" дошле во Скопје дипломатските службеници на Унгарската амбасада во Белград Олах Јожев и Хорн. Олах Јожев е советник во амбасадата по културни прашања ,а Хорн е економски советник. Во четвртокот на 18.XI. 1965 год. ми испратиле од Скопската пошта телеграма,во која ми соопштуваат дека дошле и дека сакаат да се видиме во Инвалидски дом. Адреса моја знаеја од пооданана.Вашност,со Олах Јожев се запознав пред година и пол, кога бев студент на ликовна академија во Белград.Еден ден кога тргнав за Белград добив задача од Славко Јаневски да одам во Унгарската амбасада,бидејќи добро знам унгарски, како повратник од Унгарија и бидејќи добро преведам литература од Унгарски, и да го побарам Олаха за да ми даде некои дела од Унгарски писатели за превод на Македонски за "Кочо Рацин" .Олах ми ги препорача за превод делата на писателот Дарваш Јоже,долгогодишен министер за просвета и култура во Унгарија. Од тогаш т.е . од таа средба со Олах, почесто бев повикуван на котлети,ручеви и сл Од Олах дознав дека пред војната живеел во Скопје осум години /изгледа татковиот бил трговец/.Олах пред доаѓањето како дипломат во Белград,бил на служба во Унгарската амбасада во Москва.Знае одлично српски и малку Македонски.

Одзивајќи се на телеграмата во петокот се јавив во Инвалидски дом.каде ме чекаше Олах.Откако се поздравивме го распрашав зашто е дојден.Тој одговори дека дошол за пропаганда на Унгарска литература во Македонија и изрази желба да ги посети "Кочо Рацин"градска телевизија ,театарот и др. културни установи.

./.

Potoa razgovaravme na literaturni temi.Mu kažav deka prevodot od Petefi izleguva od pečat sega i deka so prevodot na romanot na Dormaš sum pri kraj. Potoa toj mi zboruvaše za nekoi novi iminja vo Ungarskata literatura. Mi dade knigi poklon od ungarskiot pisatel Ileš Gjula,koj beše vo Bled na kongres na Pen klubot .Mi podari i edna kniga za ungarskoto slikarstvo na Francuski jazik. Potoa mi reče deka vo 18 časot ima dogovoreno sostanok so urednikot na " Narodna zadruga" Anastasovski so kogo se poznavale.

Vo 6 časot dojde Atanasov voInvalidski.Vo isto vreme dojde i Horn.Togaš Onak me zapozna so Horn.I togaš razbrav deka Horn e ekonomski sovetnik i deka pred da dojde vo Belgrad bil diplomata vo Bugarija.Na predlog na Atanasovski i Olah otidovme vo Cardak - vednaš so nivnata kola./ Da napomenam deka Olah i Atanasovski razgovaraa na srpski jazik/. Tamo naračavme pijaloci po želba i orginalni Makedonski jadenja. Pokasn no doznav deka seto toa go platil Atanasovski vo meguvreme koga ednaš stanav od masata. Olah nastojuvaše se da plati no Atanasovski go p redohitri. Vo Cardak se zadržavme do 22 časot Razgovaravme za apstraknata umetnost .Horn mi reče deka vo Belgrad saka da bidam negov gost,samo ako go ubedam deka apstraknata umetnost nešto vredi. Potoa Atanasovski raskažuvaše za razni običai vo Istambul bidejći bil tamo. Potoa Horn potseti deka trebalo da odi kaj Dragi Miloševski ,urednik vo "Trudbenik" po ekonomski problemi. I taka nesvrzano podvleče deka go interesira kako e dosega prifatena reformata vo "akedonija bidejći mnogu go interesira" oti i oni vo Ungarija ke odele na sliđen čekor". Pritoa počna da zboruva kako vo Bugarija zemjodelstvoto bilo dobro razbieno.Rabotnicite bile dobro platteni od stručnjacite.Zatoa rabotnicite imale čuvstvo prema zemjata i imale rezultati. I Atanasovski se soglasi so toa . Olah upadna so zborovite deka SSSR se oddava isključivo na teška industrija,dodeka site drugi zemji vključuvajći ja i ungarija i SFRJ,sepak bile zemjodelski zemji. Potoa Atanasovski go praša Horn dali i Ungarija ke odi na svetski ceni kako nie. Horn reče deka ke odi na rentabilni ceni koj ke odgovarale na moćta na naselenieto, a nikako na svetski ceni. Potoa Horn pak podvleče:" Mnogu značaen čekor e reformata.Golema zasluga ima Kiro Gligorov kako mnogu go cenam i lično go pznavam. Toj e eden od najdobrite Jugoslovenski ekonomisti".Potoa, Olah reče deka Horn ke napiše studija za Jugoslovenskata reforma

./.

se cel da ja zaposnme Ungarskata javnost.

Potoa nastanma nekoj procentualni sproreduvanja na ceni,produktivnost i sl. Megu Horn i Atanasovski ,Horn konstatira deka Ungarija vo samjodelatveto e konsolidirana i voopšto nema gubitok. Posle toa doaga Bugarija kade retko se javuva gubitok,pa Jugoslavija. Drugi razgovori ne vodevme bidejći i vremo beše da si odime.Po vraćanjeto vo Skopje mene i Atanasovski ne odnesoa do doma.Slednio den jas se srtenav so Olah vo 9,3o sastat i odma bidejći beše dogovoreno odtodovme vo teatar kaj upravnikot Stojmir Popovski. Olaga na Popeski mu dade drami od Ungarski pisateli vo prevod na srpski. Se interesiraše kakvi se možnostite za postavuvanje na tie drami na skopskiot repertoar.Stojmir reče deka ke gi razgleda i veti deka ke postavi edna Ungarska drama na repertoarot vo teatarot vo idnata sezona.Potoa Olah mu go preporača i Ungarskiot kompositor Bartok Bela ,za izbor na balet. Popeski ni dade na mene i Olah karti za večernata prestava na teatarot "Čorbadži Teodos" od Iljoski.

Potoa odidovme vo Radio Skopje kade ne primi Tomislav Simovski ,Aco Alekov i Lazo Dimitrovski i tamo tekata na razgovor beše razmena na radio drami,reportaži i dr. radio emisii. Od prestavnicite na Radioto mu beše rečeno deka postoi golema želba da se proširat vrskite na toa pole. Potoa Olah im podari knigi na razni jazici,od oblasta na Ungarskata literatura.

Potoa bevme vo"Koče Racin" kade ne primi Aco Šopov i Slavko Janevski .I so niv razgovaretme se odnesuvaše na prevodi na nekoi dela od Ungarski za Makedonski. Mu beše rečeno deka izbor od Petefi izleguva sega od pečat,a deka od Dermoš ke se pečati prevod vo 1967 god. Potoa bevme na ruček vo hotel "Vodno" kade se zadržavme do večerta.Podoka nie so Olah bevme vo ovie kulturni ustanovi Horn beše na razgovor so Boris Petkovski i so Dragi Miloševski novinar vo stopanska rublika vo" "Trudbenik".

Večerta jas Olah i Horn bevme na pretstavata "Čorbadži Teosod" vo Teatar.Potoa mene me dopratija do doma a tie sledniot den si zaminaa. Da napomenam deka hotelot "Vodno" mnogu im se dopadna .Tamu vodevme razgovori iskluživo za umetnosta i za Ungarskata literatura.Olah i Horn mi pokanija da gi posetam vo Belgrad.

II

./.

- 4 -

II F 6595

Lica: Olah Jožef, sovetnik za kultura vo Unganskata ambasada

Horn e ekonomski sovetnik vo Unganskata ambasada.

J885

Atanasovski [redacted] Vasko, roden 1926 god. vo Kavadarci, urednik na "Narodna sudruga".

Službenik,
Trajan Petrovski

2683

OVR-"Idadija"
otsek DB
službenik: TrajanPetrovski
izvor: "Gligor"
sostanokot e održan vo moj stan
na 31.VIII.1965 godina od 17 do
19,00 časot, usmeno
Evidencija broj___
Otčukano vo 6 primerka
Otčukala: [redacted]
Dostaveno do VIII služba
2.IX.1965 godina
Skopje

I Z V E S T A J 74/15

Predmet: Pointeresni momenti od 8/28
Struškite večeri na poe 1/29,30
zijata.

Na godinešnive Struški večeri na poezijata se slučija dosta nepoželni sceni. Ušte prviot den vo Struga, na takanarečenata večer "nok bez interpunkcija" dojde i do fizičko obračunavanje.

Na prvoto čitanje vo Struga, so koe i se otvorija Struškite večeri ne bea odbrani da čitaa svoi pesni Ljubiša Taškovski, Mile Nedelkovski, Miho Atanasovski, Boško Smakoski, Ivan Čapovski , Stojan Tarapuza i dr. Kako navredeni se čuvstvuvaa Ljubiša i Mile i celata vina za nivnoto neizbiranje da čitaat ja prefrlaa na Milan Đurčinov. Ljubiša vo eden razgovor mi reče oti Đurčinov mu rekol deka toj i Miho Atanasovski bile staveni vo crna kniga i zatoa nemal pravo da čitaat.

Po svečenata večera vo hotelot vo Struga, negde o olu polnok, t ebaše da se održi čitanje pod xxia naslov nok bez interpunkcija". No taa manifestacija ja promaši celta. Prv ja otvori ovaa manifestacija Gane Todorovski pročituvajki ja svojata pesna "nok bez interpunkcija". Posle Gane ne se javuvaše niko da pročita pesni. Pritoa počnaa da se slušaat nevkusni dovikuvanja Evtušenko, Evtušenko No Evtušenko reče deka nemože da čita. Od druga strana pak Cingo i Petre Andreevski dovikuvaa glasno, so zborovite koj e

Evtušenko" "Kakov Evtušenko" i sl. Bidejki nikoj ne se javu vaše da čita t.e. recitira, stana bugarskiot poet Deordi Džagarov i preku Mikrovonot pobara da stane nekoj Makedonski poet da pročita pesni i posle da kaže nešto za Makedonskata poezija. Posle toa dodade Džagarov, deka na toj naš poeš što ke se javi da čita i zboruva za makedonskata poezija, Evtušenko ke mu rakopleska i samiot ke vikal: Evtušenko,Ev tušenko. So ovie zborovi ne se znaeše točno, što saka da kaže Džagarov. No vednaš po Džagarov stana Mile Nedelkovski i reče: "Prvo ke mu odgovaram na Džagarov. Toj treba da znae deka Makedonskiot narod e sposoben sam da si rakoples ka na svojata poezija i deka ne e potrebno stranci da mu ra kopleskaat. Vo meduvreme bidejki nikoj ne se javuvaše da recitira, se javi glumecot Ljuba Tadić koj beše kako gostin pokanet i izrecitira nešto.

Gledajkiжи ja vakvata mačna atmosfera stranskite poeti među niv i Evtušenko ke veke si razotidoa. Negde po polnok okolu eden i dva časot nastana gužva među bugarskiot poet Džagarov koj ne si beše otiden i naši poeti. Imeno Dža garov slušnav kako vo eden moment na Petre Andreevski mu re če: "Ti si bugarski poet a ne Makedonski". Petre Andreevski na toa se uvredi i bidejki beše napien mu reče; oštro na Dža garov, "kuti bugarska svinjo" - zakanuvajki mu se so tepanje No Džagarov, koj ne beše napien, počna i ponatamu da zbori i se kara so Andreevski. Tuka se zameša i Gane Todorovski koj beše pijan , so cel da gi smiri. Togaš Petre Andreevski mu opali šamar na Gane, veljejki mu deka čovek ne znae dali Gane e makedonec ili Bugarin. Džagarov togaš mu reče i na Ga ne deka e bugarski poet na što Gane se uvredi i mu reče da prestane i deka ne e za toa društvo. Džagarov na toa odgovo ri deka vo Makedonija ne videl ništo drugo osven Bugari i Šiptari. Togaš skokna snimatelot Gale od televizija gi zasuče rakavite i zede eden stol za da mavne na Džagarov. Ženamu na Džagarov spiska. Našite poeti pritrčaa i ne mu dozvolija na Gale da mava. Džagarov vednaš stana da si odi i izleguvajki na vrata mu se obrati na Gane: "Aj, zbo gum Gane- bugarski poetu" i počna da ja recitira "Taga za jug" od Konstantin Miladinov. Da napomenam deka vo meduvre me vo gužvata , kako što mi reče Ljubiša Ђaškovski, Simon Drakul koj beše gostin peel bugarski fašistički pesni za da go nervira Džagarovski. Doznav i toa deka pred gužvata

glumecot Kiril Kortošev i Džagarov razgovarale na tema za Makedonija.

Pisatelot Branko Varošlija vo edna prilika vo Struga mu rekol na Evtušenko deka ne e poet tuku peat i deka negovata poezija nema kvaliteti. Evtušenko mu odgovo ril deka e dojden kako "brat po krv", a ne da pokaže što pišuva i deka zatoa ne saka da zbori so Varošlija.

Po moja precenka i po precenka na Boško Smakos ki, pesnata što ja pročita vo Struga ,šiptarot Murat Isaku sodrževe niški na albanizam. No bidejki ne bev vo sostojba da ja slušnam ponovo ili pročitam, nemožam podetalno da rečam ništo.

Na pat od Sv. Naum za Ohrid među Petre Andreevski i Ljubiša Taškovski stana tepačka vo brodot, koja davše loša slika posebno kaj stranskite poeti.

Da naglasam i toa deka stranskite poeti bea zapostaveni za celo vreme. Našite se družea samo so Evtušenko, a često gi odbegnuvaše na pogoden način. Jas imav prilika da razgovaram so Ungarskite i grčkite poeti. Tie nosea dobri vpečatoci od prestojot kaj nas, od toa što go videle, no loša slika im bea tepačkite i neposvetuvanje to polno vnimanie kon niv t.e. zapostavuvanje za smetka na Evtušenko. Za diskusijata koja se odnesuvaše za mestoto i odgovornosta na pisatelot pred sebe i svetot, Ungarskiot poet Fodor Jožef reče deka site diskutanti "mlatele prazna slama". Stavot na Džagarov edino go braneše Ljubiša Taško vski, koj zboruvaše deka našite go maltretirale, zatoa taka istapil.

II

Sorabotnikot "Gligor" beše pokanet na Struški te večeri na poezijata i po vrakanje tamu vednaš mi se javi što podnese i drugi izveštai. Bugarinot Džagarovski vo Skopje ostvari kontakti so grupa umetnici, za koi pred viduvame rasčistuvanje .

III

- Deordi Džagarov, bugarin 4204
- Gane Todorovski, pisatel 37059
- Petre [redacted] Andreevski, pisatel. 32313
- Mile [redacted] Nedelkovski, pisatel.
- Fodor Jošev, ungarski pisatel, 29316
- Ljubiša Taškovski, pisatel.

SLUZBENIK,
Trajan Petrovski

2305

ОВР"Идадија"
Отсек ДБ
Службеник:Трајан Петровски
Извор:"Глигор"
Состанок одржан на 9.VII.1965 год.
во ОВР, усмено
Доставено 4 прим.VIII служба
Евиденција бр._____
12.VII.1965 год.
Скопје

Предмет: Искажување на националистичка основа.

IM 3/23

И З В Е Ш Т А Ј

Неодамна, на денот на отворањето на бугарската гимназија во "Тафталиџе", се запознав, со еден бугарски поет, преку Ѓорѓи Николовски, дипломиран правник, повратник од Полска. Именно, бугаринот кај мене дома го донесе самиот Николовски, се намера, по негово барање да се запознае со некој писател и преводач. Јас на бугаринот му дадов неколку песни од Грчкиот нобеловец Сеферис, бидејќи изрази желба да преведе на бугарски, песни од грчки поети. Од краткиот разговор со бугаринот нема нешто особено за одбележување. Истиот ден, вечерта, се сретнав повторно со Ѓорѓи пред кафанета "Дубровник". Откако го прашав како се запознал со бугаринот /на што одговори дека го запознал некој негов комшија/, Ѓорѓи ми се обрати со овие зборови:"Зошто ти Паскале, преведуваш од грчки и ја афирмираш грчката литература, кога знаеш дека Грците се виновни за нашата судбина. Тие ни го растуриле отништето и претопиле се што е наше. Нема веќе повраток во родната земја". Јас му одговорив дека за литературата и уметноста не требаат постојат граници и дека не правам ништо лошо кога веќе преведувам од грчки такви значајни дела, како што е на пр.делото на нобеловецот Сеферис. Ѓорѓи пак ми се спротивстави, негирајќи го мојот одговор. Тој во меѓувреме ме праша:"Зарем овде се осеќаш како дома". Јас му одговорив дека се осеќам бидејќи сум во Македонија, без оглед на тоа што Егејска Македонија не е ослободена. Ѓорѓи тогаш подвлече деканеговиот единствен идеал да ја види слободна својата земја, е срушен.

Потоа тој го обвини нашето раководство и другарот Тито, за денешната мирољубива политика што ја водат со Грција, истакнувајќи дека на Грците треба да им се постави

ултиматум во однос на Егејското прашање. Соработката на културно и други полиња, со еден непријател каков што се Грците, доведува до уште поголемо губење и бришење и не последното нешто што е македонско. Јас се обидов да ги убедам дека нашата денешна политика во овие услови е најприфатлива и дека денес не е време за ултиматуми и затегнување на ситуацијата, но дека историјата во иднина ќе го донесе правиот час кога ќе се ослободи и Егејска Македонија.

Позеќе околу ова прашање не споревме. Се разделивме со ветување дека и во иднина ќе разговараме и дека јас, на негово барање ќе му прочитам нешто што сум напишал.

II

Изворот е проверен и стабилен. Информацијата сам ја наметнал Горѓи Николовски, егеец, правник, брат на Танас Николовски, кој беше близок со некои лица од организација "НОДМ".

На соработникот му е поставена задача перманентно во иднина да дискутира во однос на Егејска Македонија со Горѓи и Танас, пред кои ужива доверба и детално да ме известува.

Мислењата на Горѓи како правник се особено интересни и од наша страна ќе бидат преземени мерки на целосно проучување на неговата личност и погледи.

На соработникот му е дадена награда во висина од 50.000 динари. Со-работникот поднесе извештај и во врска со акцијата "Динар".

III

Николовски Горѓи, Егеец, повратник од Полска, правник.

Службеник

Петровски Трајан

805

СВР-Скопје
II ОТО
Службеник:Трајан Петровски
Извор:"Глигор"
Состанокот одржан на 13.III.1865 год.
од 12 до 12,20 часот во станот на сораб.
Усмено
Евиденција бр. 805
15.III.1965 год.
Скопје

Лица:
1.Цане [redacted] Јанкуловски, роден во Прилеп, уметник-сценограф во телевизија.

И З В Е Ш Т А Ј

На 10.III.1965 година во Работнички дом се сретнав со Цане Јанкуловски, уметник - сценограф во Телевизија-Скопје, брат на писателот Миле Неделковски. Во Работнички дом присуствувавме на изложбата на академскиот вајар Маневски Стефан. Отворивме збор за уметноста на Маневски, при што Јанкулоски зазеде негативен став, истакнувајќи дека кај нас нема уметност каква што треба и дека тој ќе докажел со своите идеи што ги имал, а кои требело да ги оствари, што значи покинот уметничко дело. Неговите идни дела ќе претставувале врв во македонската уметност. Но рече дека нема средства тоа да го оствари. Немал пари и атеље. Јас тогаш го прашав дали побарал со молба негде некои средства. Тој рече дека за тоа треба пријателство. Но најмногу ме зачуди тоа кога ми рече дека сакал да бега во Италија. Јас го прашав како ќе бега, дали илегално или по легален пат. Тој рече дека сега учел италијански јазик и дека од страна на Телевизија Скопје ќе го испрателе на некои курсеви во Италија и така ќе ја остварел замислата. Потоа јас го прашав како би се снашол таму. Тој ми одговори со овие зборови:"Јас само да појдам, па лесно е. Кога овде успевам да се снаоѓам, таму да не стане збор". Тогаш подвлече дека овде му било тешко да живее и сакал да се откаже од југословенско државјанство. Тој отказ ќе го добиел со бекството.

II

"Глигор" има добиено конкретна задача, исклучиво да ги следи искажувањата на Миле Неделковски и брат му Цане Јанкуловски, бидејќи единствено тие, на крајно екстремен начин, се појавуваат во културните средини.

./.

Веколку станува збор за испраќање на Јанкуловски на специјализација во Италија, мислам дека треба да се преземат конкретни мерки.

Овој состанок со соработникот беше прилично краток, бидејќи не беше закажан, а се одржа по мое барање.

Отчукано во 5 примероци

Службеник
Тр.Петровски

748
9-III-65

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik: Trajan Petrovski
Izvor: "Gligor"
Sostanok održan na
5.III. o.g. od 18 do 20 časot
vo moj stan
6.III.1965 godina
S k o p j e

I Z V E Š T A J

4113115

32313 1. MILE [redacted] NEDELKOVSKI, roden 1935 godina vo Prilep, pisatel.

30827 2. TAŠKO [redacted] BELČV, roden 1926 god. asistent na Filozofski fakultet.

11943/1203. BOŽIN [redacted] PAVLOVSKI, rod. 1942 godina mlad pisatel.

LICA:

Pred dva dena bev kaj Taško Belčev vo negoviot seminar na fakultet. Vo tekot na razgovorot so nego doznav deka mu odbile nekoja prevedena kniga od grčki na makedonski jazik. Toa mu go storil Slavko Janevski. Na toa beše prilično ljut i revoltiran što nigde vo izdavačkite kući ne naogja na priem. Potoa se prefrlivme na razgovor vo vrska so negovoto patuvanje vo Italija. Bidejći sum bez rabota mu se pretstaviv deka imam ga mera barem za izvesen period da otpatuvam vo Italija, pa mu pobarav kako postar da me upati vo taa rabota i da mi preporača nekoj način na povrzuvanje so lica-Egejci . Razgovorot go vodevme na grčki jazik. Belčev mi odgovori deka e poarno da si najdam rabota ovde i vednaš potencira deka Rim bil da svrši rabota vo nekakva biblioteka i ne se sretnal so lica. Togaš mi go citira stihot od Vapcarov.
"Bezmilosna e borbata i volčka.
I velat deka kriela epičnosti .
No će me sneni drug i točka.
Što tuka znači nekakva sličnost".

./.

Otkoga vidov deka e pretpazliv poveće ne navleguvav na taa tema vo razgovor, tuku pak se prefrliv na književnosta, a potoa si otidov velejći mu deka će go posetam pak.
Minatata nedela se sretnav vo Radio Skopje, idejći za vo grad, sc Mile Nedelkovski. So nego razgovarav za prestojnoto godišno sobranie na Društvoto na pistatelite, što će se održi na 14.III. o.g. Mile zboruvaše deka na toa godišno sobranie će se diskutiralo na tema:"Mestoto na pisatelot vo sovremenoto opštestvo". Potoa Mile prodolži so ovie zborovi: "Daj mi ti mene opštestvo, pa jas togaš bi diskutiral za mestoto na pisatelot vo toa opštestvo". Jas mu rekov ova da mu go objasni, istaknuvajći mu deka ne go razbrav. Toj odgovori deka nema opštestvo i spored toa nemože da zboruva za pisatelot vo toa opštestwo. Potoa mu pobarav da mi dade da mu prevedam na Ungarski jazik nekoja drža. Toj mi reče deka za sega ne bi trebalo jas da mu preveduvam ništo, bidejći ako bi mu prevel togaš lesno moželo da se slući da odi i toj i jas vo zatvor. Taka go prekinavme razgovorot , bidejći toj se simna od avtobusot pred= mene.
Se imam sretnato i so Božin Pavlovski. I so nego razgovarav za godišnoto sobranie na Društvoto na pisatelite na SRM. Pavlovski ne e zadovolen od toa što na ova godišno sobranie će se pos-tavela temata: "Mestoto na pisatelot vo sovremenoto opštestwo". Toj smeta deka so toa diskusijata će se razvodni i ništo ne se postiga. Potoa mi zboruvaše kako vo "Kočo Racin" mu odbile zbirka raskazi i go pogrdni zborovi se izrazuva še za Slavko Janevski. Drug razgovor so nego ne vodev.

II

Sorabotnikot treba i ponatamu da kontaktira so Belčev, no će diskutira isključivo na temi od literaturata. Za kontaktite so pisatelite i umetnicite ima dobieno od porano jasni nasoki, osobeno vo odnos na Nedelkovski, Jankulovski, Smaćoski i drugi kako niv. Sleden sostanok e zakažan za 15.III. o.g.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 5 primerka

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik: Trajan Petrovski
12.II.1965 godina
S k o p j e

Predmet: Kontakt so s[o]
rabotnikot "Gligor".

SLUŽBENA BELEŠKA

Na 11.II.1965 godina vo 18 časot, vo moj stan se sostanav so sorabotnikot "Gligor", po moe baranje. Ovoj sostanok e vonreden bidejći redovno zakažaniot sostanok treba da se održi na 19.II

Na ovoj sostanok mu prenesov na "Gligor" da se zainteresira koj od pisatelite i redakciite e pretplaten na belgradskoto spisanie "Delo" , so namera da go zaplenime br. 2 od ovaa godina, po telegrama od Belgrad bidejći toj broj e zabranet. Na sostanokot razgovaravme i za ponatamošnite negovi kontakti so Belče i Trendafil Krivošieev, za koi veće pišuvavme, so namera "Gligor" da se približi poveće do Belčev. Na sorabotnikot mu predadov 10.000 dinari.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 2 primerka
Dostaveno do:
2 prim. vo VIII-služba

3889

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik: Trajan Petrovski
Izvor: "Gligor"
Sostanok održan vo moj stan
na 25.XII.1964 godina od
18 do 19,30 časot
Usmeno
25.XII.1964 godina
Otčukala: [redacted]
S k o p j e

I Z V E Š T A J 30827

5801/59

6. НЕУСТАНОВЕН — Д
198 5 г. потпис

7236/73

LICA:

1. BELČEV TAŠKO, Egeec, povratnik od Polska, asistent na Filozovski fakultet.
2. SMAĆOSKI BOŠKO, mlad pistatel.
3. ČAPOVSKI IVAN, mlad pisatel, Egeec, raboti vo Televizija-Skopje.
4. NEDLEKOVSKI MILE, mlad pisatel.
5. ŠIRILOV PECE, Egeec, mlad pisatel.
6. RADOVAN PAVLOVSKI, mlad pisatel.

Vo tek na poslednive dve nedeli bev dva pati na stan kaj Belčev Taško, bidejći mi imaše dadeno adresa, no ne go najdov. Pred tri dena otidov na fakultet vo barakata kade što raboti i tamu go najdov . Belčev mi dade da pročitam nekolku pesni od negovia zbirka što ja pripremal za pečat. Vo taa zbirka imaše takanarečen vojnički pesni so stihovi: "Grutka mileži na srceto", "Žena so crni šamii" i sl. Ima i takvi pesni vo koi se zboruva vo alegorija deka poezijata denes kaj nas propagjala, nemalo poezija.

Belčev istakna deka mu gi odbivale za pečatenje negovite zbirki

./.

Taka na primer: Toj dal zbirka pesni so partizanski temi-vo "Koco Racin". Megjutoa, mu ja odbile. A Blaže Koneski za tie pesni se izrazil vo svoja recenzija najpofalno. Jas go prašav Belčeva zošto mu gi odbivaat zbirkite, dali od politički pobudi ili od drugi pričini. Toj reče deka neznae poradi što no najverojatno reče poradi toa što e lošo pretstaven so svoeto političko minato. Belčev imal dadeno sega predvod od grčk na edna detska kniga vo "Koco Racin.

Rešivme da se najdeme i da diskutirame na razni temi, osobeno od književnosta , kaj nego na stan, bidejći veče mi iga dadeno adresa.

Na neodamne nite Racinovi sredbi vo Titov Veles se sretnav so Pece Širilov. Jas go prašav vo tekot na eden razgovor dali nešto prateše od VIII-Kongres na SKJ. Širilov istakna deka go pratel Kongresot i mnogu pofalno se izrazi za zalaganjeto na Tito i Vlahović, za kulturata i umetnosta, so zborovite deka tie vnesle "novisvaćanja" vo tie oblasti.

Vo Radio-Skopje bev pred dva tri-dena. Slučajno upadnav vo edna diskusija koja ja vodeše Boško Smaćoski, Ivan Čapovski i drugi pomladi pisateli. Smaćoski zboruvaše za denešnata naša literatura . Toj reče deneš nemame poezija i kultura, no edinstveno biblijata vredela kako najgolemo ostvaruvanje. Toa gi nadminuvala vo sekoj pogled denešnite kvaliteti vo kulturata. Nemu, na Čapovski, Radovan Pavlovski im se dopagjal bibliskiot stil na pišuvanje i crpele motivi od nea.

Se šmam sredbato i so Mile Nedlekovski. Toj mi se žaleše deka ne može nikade da se zaposli, nikoj ne go primal. Jas go prašav zošto. Toj reče deka toa se dolži na negovoto apsenje vo Prilep, koga bil kako učenik - po IB. Toj trebalo da ja dobie i nagradata "Koco Racin" za negovata zbirka %Srce od zlato" , za ovaa godina. No ne mu ja dodeluvale , bidejći bil zatvor po IB.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 7 primerka

3405

СВБ-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik: Trajan Petrovski
Izvor: "Gligor"
Sostanokot održan na
4.XII.1964 godina
od 18 do 19 časot vo moj stan
Uvideno
6.XII.1964 godina
Otčukala: [redacted]
S k o p j e

I Z V E Š T A J -

LICA:

30827 1. TAŠKO [redacted] BELČEV, Egeec, asistent na Filozovski fakultet, povratnik od Polska.

12950/130 2. VLADIMIR PJANKO, Poljak, lektor na Filozovski fakultet

801/59 3. IVAN ČAPOVSKI, Egeec, mlad pisatel, raboti vo Radio-Skopje.

31339 4. ŽIVKO ČINGO, mlad pisatel, raboti vo Televizija.

18140 5. SLAVKO [redacted] JANEVSKI, pisatel.

26351 6. Dimitar SOLEV, pisatel.

3185 ?17. METO [redacted] POTEV.

Vo vrska so postavenite zadači od minatiot kontakt, šoinici jativno otidov na Filozovski fakultet i se zapoznav so Taško Belčev. Go najdov vo negovata kancelarija, zaedno so Vladimir Pjanko-lektor , inače Poljak. So Pejnako se poznavam od poreno, a so Belčev se zapoznav vo toj moment, pretstavuvajći mu se deka i jas sum dojden od Ungarija. Potoa otvorivme raggovor zsa literaturata, počnuvajći so mojot prevoč na nekolku Ungarski poeti, objaven vo "Kočo Racin". Toj na tos odgovori deka dal prevoč na grčka poezija vo "Kočo Racin" no ne bil siguren deka će mu ja objavat. Pritoa počna da se žali deka ništo ne mu objavuvale vo Skopje, deka bil razočaran t.e. "očesen" kako što nemiot potertuvaše. Za negovite trudovi nikoj ne pokažuval razbiranje. Jas go pra-

Sav na što se dolži toa, po negovo mislenje. Toj odgovori deka toa e rezultatj najverovatno svrzan so negovoto političko minato "koe pogrešno bilo tolkuvano". Pjanko samo go slušaše razgovorot i voopšte ne se umeša. Vo toj moment vleze Milan Gjurčinov so ušte dve lica i taka go prekinavme razgovorot.

Neodamna bev vo Radio Skopje kade se sretnav so Ivan Čapovski, Nivko Čingo, Meto Fotev i drugi lica. Stanuvaše zbor vo nivnoto društvo za oktomvriskite nagradi koi bea dadeni na Slavko Janevski i Dimitar Solev. Čapovski Čingo i Fotev istaknuvaa deka nepravilno im se dodeleni nagradite na Slavko i Solev. Tie istaknuvaa deka stalno nagradi mu bile dodeluvani na Slavko. Toa bilo nepravilno. Fotev reče deka Solev za svojata proza "Kratkata prolet na Mono Samonikov" ima pozajmeno nešto od Hemingvej, koj imal slična kniga. Čapovski pak reče deka očekuval toj nagrada, za svojata poezija "Pepel pod maslinite".

II

Sleden sostanok so "Gligor" e zakažan za 25.XII.1964 godina. So rabotnikot e prilično fizički opadnat i poradi toa ne go zadolžuvam so pogolemi zadači. Za komentari vo vrseka so VIII-Kongres smetav za potrebno da ne go zadolžuva,.

I ponatamu treba da kontaktira so Belčev i Tanas Nikolovski so cel da navleze poblisku vo nivnoto društvo.

Operativ-en službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 8 primerka

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddele-nie
Službenik:Trajan Petrovski
23.XI.1964 godina
S k o p j e

PREDMET: Kontakt so sora
botnikot "Gligor".

SLUŽBENA BELEŠKA

So sorabotnikot "Gligor" kontaktirav na 23.XI. o.g. od 9 do 9,20 časot na otvoreno mesto, bidejći toj ne se javi na zakažaniot sostanok na 19.XI.1964 godina.

"Gligor" istakna deka usileno rabotel na prevod od grčki jazik na pesnite od Jorgos Seferis-nobelovec za literatuma. Prevodot go završil i go predal vo "Kočo Racin" vo predvideniot rok. Sleden sostanok e zakažan za 4.XII.1964 godina vo 18 časot vo moj stan.

Na sorabotnikot mu ostanuvaat istite zadači od prethodniot sostanok . Plus toa ima zadača da sledi pointeresni komentari vo sredinata na pisatelite i novinarite , vo vrska so VIII-Kongres na SKJ.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

Otčukano vo 2 primerka

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
бр. 07 - 3606/1
16 11 2012 год
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Паскал Гилевски од Скопје, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 16.11.2012 год.година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Паскал Гилевски, со псевдоним "Глигор", роден во с.Сетома, Костур, Егејска Македонија, на 01.07.1939 година, со ЕМБГ:0107939450059, лице кое било вршител на јавна функција - директор на Народна универзитетска библиотека"Св.Климент Охридски" Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

За Паскал Гилевски, лице кое било вршител на јавна функција-директор на Народна универзитетска библиотека"Св.Климент Охридски" Скопје, Комисијата за верификација на фактите по службена должност повеќе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите, Комисијата утврди дека во Државниот архив на Република Македонија, постои Лично досие бр.1-25658 на лицето Паскал Гилевски.

Од увидот во досието бр. бр.1-25658 и во другите списи, се утврди дека истите се состојат од повеќе документи и тоа: Лично досие бр.1-25658 од 26.01.1984 год. составено од 1 страна; Фактура за исплата на парични средства од 1965 год. составена од 1 страна; Анкетен лист

Ев.бр.5/8 од 15.10.1967 год. составен од 2 страни; Предлог за ангажирање на соработник бр.518 од 14.10.1964 год, составен од 2 страни; Извештај од извршено ангажирање бр.518 од 20.10.1964 год., составено од 2 страни; Трошкови за соработникот "Глигор" од 11.02.1965 год. составен од 1 страна; Список на лица за регистрација во картотека на УДБ-а од 16.05.1961 год.; Попис на материјалот ред.бр.518 од 16.05.1961год. составен од 1 страна; Предлог за разрада на лицето Гиневски Паскал, досие бр.518, прилог 8 од 03.06.1958 год. составен од 1 страна; Изјава од Паскал Гилевски, досие бр.518, прилог 4-9, составена од 8 страни; Изјава од Паскал Гилевски, досие бр.518 прилог 9, составена од 6 страни;Список на лица кои ги провалува Гилевски Паскал, досие бр.518, прилог 3, составен од 1 страна; Извештај од 05.04.1966 год. составен од 2 страни; Извештај од 26.03.1966 год. составен од 2 страни; Извештај од 04.03.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 04.03.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 26.01.1966 год. составен од 3 страни; Извештај од 15.01.1966 год. составен од 2 страни; Извештај од 17.02.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 24.01.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 15.01.1966 год. составен од 3 страни; Извештај од 12.01.1966 год. составен од 2 страни; Извештај од 11.01.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 11.01.1966 год. составен од 1 страна; Извештај од 26.11.1965 год. составен од 4 страни; Извештај од 23.11.1965 година составен од 1 страна; Извештај од 19.05.1966 година составен од 1 страна; Извештај од 19.05.1966 година составен од 2 страни; Извештај Ев.бр.2300, од 05.11.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 05.11.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 30.10.1965 год. составен од 3 страни; Извештај од 16.10.1965 година составен од 3 страни; Извештај од 17.08.1965 год. составен од 2 страни; Извештај од 02.09.1965 година составен од 3 страни; Извештај од 02.09.1965 год. составен од 2 страни; Извештај од 02.09.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 05.10.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 12.07.1965 год. составен од 1 страна; Извештај од 12.08.1965 гоина составен од 2 страни; Извештај од 15.06.1965 година составен од 1 страна; Извештај од 24.05.1965 год. составен од 2 страни; Извештај од 05.10.1965 година составен од 1 страна; Извештај од 05.04.1965 год. составен од 1 страна; Извештај Ев.бр.1085 од 29.03.1965 год. составен од 1 страна; Извештај Ев.бр.1028 од 27.03.1965 година составен од 3 страни; Извештај Ев.бр.879 од 18.03.1965 година составен од 1 страна; Извештај Ев.бр.825 од 15.03.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 06.03.1965 година составен од 2 страни; Извештај од 20.02.1965 година составен од 4 страни; Службена

белешка од 12.02.1965 год. составен од 1 страна; Извештај од 06.02.1965 год. составен од 4 страни; Извештај од 21.01.1965 год. составен од 4 страни; Извештај од 09.01.1965 год. составен од 2 страни; Извештај од 25.12.1964 год. составен од 2 страни; Извештај бр.21443 од 30.12.1965 год. составен од 2 страни; Извештај од 06.12.1964 год. составен од 2 страни; Службена белешка од 23.11.1964 год. составена од 1 страна; Службена белешка од 20.11.1964 год. составена од 1 страна; Извештај од 05.11.1964 год. составен од 2 страни; Службена белешка од 26.10.1964 год. составен од 1 страна; Извештај од 20.10.1964 год. составен од 2 страни и Службена белешка од 13.10.1964 год. составена од 2 страни.

Сите овие докази, содржани во личното досие и списите за лицето Паскал Гилевски, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Тоше Ацев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Паскал Гилевски, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државната изборна Комисија.

лустриран

ПЕТАР КАРАЈАНОВ

Поправки

ЈВР-УДБ
1. Бугарска подрвка
27. 4. 1964
Скопје

2. БОЖИН ПАВЛОВСКИ, прозаист, новинар во "Нова Македонија" психички растроен тип. Павловски е заведен во категорија повремена контрола по II линија. Тој во неколку наврати ги има брането ставовите на Левко Цамбазовски /негов братучед/ од с.Жван Битолско, кој беше во затвор. Зборува дек "нашата власт не можела да го свати Левко." Се придружува на групата "гневни писатели". Пишува написи за селото и зборува дека за селанецот не треба култура /извор: Карајанов Петар, бивш главен уредник на "Млад Борец"./ Лично ми има зборувано дека бугарската младина е поваспитана од нашата. Се допишува во војска со Радован Павловски и двајцата ком статираат дека е потребно да се "држат и да не семенуват" . Тргнуваат од неко возвишен идеал", што секогаш ги движи напред /најдени преписки од конспиративен претрес што го вршев јас/. Според него, во Македонија нема добар писател. Се проценува самиот. Истакнува

/и мене лично/ дека ~~ми~~ пишува за осетливи теми пр. од рудник во кој работи татко му. Поднел ракопис во "Култура" и му бил вратен на поправка. Еднаш случајно ми се обрати со овие зборови:"Немој да зборуваш нешто за мене пред уредникот од "Култура" оти можат да ми го одбијат ракописот. Обработувам шкатливи проблеми, современи, сталне е во психичка депресија. Воопшто неподобен за работа со нас. Пијува и ноќе и дење, а ракописите не ги дава на читање. Склон е да прифати се негативно.

Okolisko sobranie na Titovveleška okolija
Sekretarijat za vnatrešni raboti
Ispostava za vnatrešni raboti
23.X.1963 godina
Gevgelija

000220

Interesni podatoci:
- Vo Švedska ne postoi makedonska politička emigrantska organizacija.
- Emigrantot Karajanov Zvonko e politički nezainteresiran i e so namera da se repatrira.

Lica koi se spomenuvaat:
- Karajanov Zvonko i negovata žena
- Stojčeva Sterniša

Izveštajot e od Karajanov Petar, koj što prestojuvaše vo privatna poseta na Švedska od 13.VIII. do 16.X.1963 god.
Izveštajot go podnel na 19.X. 1963 god. na službenik [redacted]

I Z V E Š T A J

Karajanov Petar, e roden 1937 godina vo Gevgelija, kade i stalno živee, po zanimanje e student na filozofskiot fakultet, odnosno apsolvent na filološka grupa-angliski jazik.

Patuvaše vo privatna poseta na Švedska kaj negoviot brat, emigrantot Karajanov Zvonko, vastanet vo gradčeto Ramnez. Viza dobi lično toj od Švedskata ambasada vo Belgrad, a isto taka i tranzitni vizi od ambasadite na Avstrija, Germanija i Danska.

Pokraj ova patuvanje imenuvaniot dosega nema patuvano vo inostranstvo.

Po pokana od mojot brat Zvonko, a vodno i da ja udovolam želbata na moite roditeli se odlučiv da otpatuvam za Švedska i izvesno vreme pominam kaj nego.

Na pat za Belgrad zaminav na 10.VIII.1963 godina i pošto dobivanjeto na potrebnite vizi otpatuvav za Švedska. Od Švedskata ambasada vo Belgrad dobiv pravo na boravok od 1 mesec so napomena da dokolku bi sakal da ostanam poveke takvo odobrenie ke dobijam tamu.

Na pat za Švedska patuvav dobro bez bilo kakvi komplikacii pri preminot na granicata.

Vo Stokholm pristignav so zakasnuvanje, pa poradi toa Zvonko ne me prečeka. Ušte odma go produživ patuvanjeto za Ramnez, kade bev prečekan od Zvonko, koj što slučajno zaminal na kaj stanicata. Zaedno so nego otidovme pravo vo negoviot stan.

Ramnez e naselba so okolu 5.500 žiteli. Zvonko ima dvosoben stan, sopstvenost na fabrikata, kade što toj raboti, a imeno fabrika

./.

za proizvodstvo na elizižiri i radarski žici, a koja što se vika, odnosn najzinata firma e "Ramnes Bruk". Zvonko raboti na mašina zaedno so uštc trojca rabotn ici. Toj im g odgovoren.

Kaj nego doma se sretnav so negovata žena, odnosno mojata sna po ime Štefica Sterniša. Istata kaj Zvonko živee od vtorata polovina od mesec juli ov. g. koga dopatuvala so redovna patna isprava. Zvonko so nea se zapoznal preku pisma, a so posredništvo na gevgeličanecot [redacted] nastavnik po predmetot fiskultura vo Nova Pazuva, inaku na Zvonko drugar od detinstvo. Štefica e rodena vo Hercegnovi, a vo Pazuva beše nastavnička po predmetot peenje. Na 7.X.1963 godina Zvonko i Štefica se registrirna, za koe što i bev primoran da go prodolžam poveke od eden mesec svojot boravok vo Švedska.

Vo razgovor Zvonko mi kažuvaše deka mesečno zarabotuval okolu 1500 kruni, što mu bile dovolni za živeenje, a isto taka i nešto mu ostanuvalo. Ima svoja kola, marka "Simka" no od postar tip.

Dodeka boravev vo Ramnesé fabrikata kade što raboti Zvonko ja posetiv samo ednaš i toa so posebna dozvola dodeka pogonot, kade toj raboti go posetuvav počesto. Primetiv deka vo oddelenieto za izrabotka na žici za radari rabotat isključivo ženi.

Vo vrska so razgovorot što go obaviv so tebe pred da zaminam vo Švedska jas so Zvonko razgovarav na poveke pati vo vrska so tie. Vogłavno od tie razgovori treba da go spomnam slednoto:

Zvonko ne členuva vo politička emigrantska emigracija i e politički nezainteresiran i takov stav e so namera da zadrži i ponatamu, bidejki kako što mi reče toj ne izvršil begstvo od politički pobudi i sl. Vo Švedska ne postoi makedonska emigrantska politička organizacija. Po kažuvanjeto na Zvonko raboti organizirano samo Hrvatskata politička emigrantska organizacija, koja što ima za cel restavracija na NDH. Vo istata členuvale samo postari emigranti, a imeno lica koi što vo vreme na NOB pripagjale na fašistički voeni formacii, dodeka od ponovata emigracija brojot e mnogu mal. Vo Ramnes od nekolkuta jugoslovenski emigranti koi što tamu živeat, samo eden postar Hrvat po ime Jože e člen na hrvatskata organizacija. Vo eden razgovor toj na Zvonko mu zapretil i mu rekol da dokolku i ponatamu ostane politički nezainteresiran koga ke dojdel toj na vlast nemalo da mu dozvoli vraćanje vo Jugoslavija. Zvonko nemožeše da mi dade pokonkretni podatoci za aktivnosta na hrvatskata organizacija, bidejki i vaušnost takva vo Ramnes ne postoi. Za ostanalite emigranti koi što živeat vo Ramnes mi reče deka bile politilki nezainteresirani.

Vo vrska so položbata na jugoslovenskata emigracija vo Švedska, vZvonko mi reče deka istata se naogja vo nezavidna položba, a imeno deka počestite teŋački vo Malme, kade što ima najpoveke emigranti doprinese

/

da na emigrantite od Jugoslavija se gleda so lošo oko. Na nekolku pati na švedskata televizija se prenesuvani i tepački na jugoslovenski emigranti so policija i so drugi lica. Za [redacted] poranešna negova ljubovnica, a sega emigrantka vo Švedska, a po poteklo od Gevgelija. Zvonko od mene dozna deka živeela vo Malme, taka da nemošeše nešto pokonkretno da mi kaže.

Isto taka centralno prašanje na našite razgovori beše i negovata repatrijacija vo SFRJ. Vo princip toj e so namera da se vrati i toa za skoro vreme. Megjutoa, izrazi bojaznost da ne i ovoj pat kako porano koga se vratil od Grcija nekoi lica go šikaniraat vo smisol na dodeluvanje na rabota i sl. Jas mu rekov deka toa bilo vo minatoto i deka sega toa ne postoi. Kako primer mu navedov i odobruvanjeto moe, odnosno dobivanjeto na pasoš da otpatuvam kaj nego vo poseta. Vo razgovor mu zboruvav za novini vo Gevgelija, a imeno za toa deka gradot postepeno se industrijalizira i go menuva svojot lik, so novi stanbeni zgradi, ustanovi i dr. Posebno interesiranje Zvonko projavi za fabrikata vo izgradba, a koja što treba da proizveduva metalni alati, a voedno i izjavi želba da po vraćanjeto na vo Jugoslavija se zaposli vo istata. Koga stanuvaše zbor za toa, a pokonkretno rečeno za negovoto vraćanje vo Jugoslavija mu gi prenesov i tvoite pozdravi i soveti za negova lojalnost, za koe što se zablagodari i reče deka ke postapi po toa.

Vo vrska so repatrijacijata za Zvonko razgovarav i so mojata snna, a voedno deluvav da i taa od svoja strana doprinese za što poskorašno nivno vraćanje vo Jugoslavija. Tan mi obeće deka za pola godina se nadeva da dojde vo Gevgelija.

Vo razgovor Zvonko mi kažuvaše deka posle negoviot ilegalen premin na granicata bil 3 meseci vo logor vo Avstrija. Mi napomna deka posle begstvoto na negoviot drugar od logorot [redacted] Zvonko od strana na policijata bil tepan, bidejki go smetale kako špiun na Jugoslavija.

Za Zvonko sakam da kažam i toa deka za razlika od porano e mnogu poinakov vo smisol na ozbilnost, ne pienje na alkohol, domakinlok i dr. Kako što toj mi veleše otkoga e vo Švedska samo dva pati dosega se ispijanil, a što ne beše slučaj dodeka beše vo Gevgelija.

Dodeka boravev vo Švedska, odnosnot na vlasta sprema mene beše korekten. Koga izjaviv želba da mi se odobri prestoj za uštе eden mesec bev upaten vo sosedniot grad Surehamar, kade što ima policiski organi. Posle 12 dena od podnesenoto baranje dobiv prodolžuvanje na boravokot, a za koe što plativ 4 kruni.

Švedanite po priroda se ladni lugje, pa poradi toa i priemot kaj niv e takov. Mnogu retko kontaktirav so lugje od tamu. Ne osetiv da bilo koj projavuva interes za mene. Možam da navedam samo edna dis-

kusija so nekolku lica od Ramnes, koga vo razgovor za Jugoslavija izjavija deka taa zemja e siromašna i za sega ponazadna od Švedska. Im odgovoriv samo tolku deka za toa ke možeme da zboruvame posle nekolku godini.

Na pat za Jugoslavija patuvav vo edno kupe so stranci, megju koi imaše i dvajca Finci. Interesno e da se odbeleži deka fincite najpofalno se izrazija za našeto opštestveno uredjuvanje, a so najpofalni zborovi za drugarot Tito.

Koga pristignav vo Stokholm na vraćanje za Jugoslavija kontaktirav so nekolku Jugosloveni, mladi lugje, inaku emigranti. Otkoga doznaa deka patuvam za Jugoslavija mi rekoa deka sum bil srećen toa što go pravam, bidejki i tie imale želba, no bile emigranti i nemožele da se vratat. Jas togaš im go spomnav zakonot za amnestija, a za koe što rekoa deka tie toa go znaat, no se plašat da ne i pokraj toa koga ke se vratat vo Jugoslavija ne bidat zemeni na odgovarnost. Nastojuvav što poubeditelno da im dokažem deka toa ne e taka.

Bi sakal da spomnam deka po vraćanjeto mi vo Gevgelija nekolku lica so začudenost me prašaa i vo ironija mi postavija prašanje "se vrati li", a isto taka po kažnvanjeto na mojot tatko dodeka boravev vo Švedska lica vo Gevgelija zboruvale deka nemalo da se vratam vo SFRJ i sl.

OPERATIVEN KOMENTAR: Karajanov Petar pred negovoto zaminuvanje vo Švedska beše angažiran, a za koe što postoeše odobren predlog.

Moe mislenje e deka Petar vo granicite na negovite možnosti postaveniot zadatok go izvrši i mimo toa što za postoenjeto i aktivnosta na emigrantskite organizacii dade skromni podatoci.

Na mislenje sum da i ponatamu preku nego i negovite roditeli deluvam za što poskorešno vraćanje na Zvonko vo Jugoslavija.

So Petar ke održuvam i natamu kontakti i ke vršam preku toa pripremi zaradi negovo angažiranje.

Otčukano vo 6 primerka
2 do RSVR-SRM,
2 do SVR-Otsek za DB,T.Veles
1 vo knigata za informacii
1 kaj operativecot

Operativen službenik,
[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-908/1
27.5.2013 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Петар Карајанов, од Скопје, согласно член 3, 10, 14, 18, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012) и член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, на седницата одржана на ден 27.05.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Петар Карајанов, од Скопје, роден на 04.05.1936 година во Гевгелија, со ЕМБГ 0405936450075, лице кое било носител на јавна функција - Секретар и претседател на градскиот комитет на СКМ - Скопје, член на ЦК на СКМ, претседател на Општествено политичкиот собор на Собрание на СРМ.

О б р а з л о ж е н и е

За лицето Петар Карајанов, лице кое било носител на јавна функција - Секретар и претседател на градскиот комитет на СКМ - Скопје, член на ЦК на СКМ, претседател на Општествено политичкиот собор на Собрание на СРМ, Комисијата за верификација на фактите по поднесената писмена изјава заверена на нотар и по службена должност, а согласно член 3,10,14,18,29,31 и 40 од Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот,

Во ова постапката Комисијата утврди дека за лицето Карајанов Петар, во Државниот архив на Република Македонија, во две досиеја постојат документи оформени во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои неспорно се утврди дека тој давал информации и им укажувал на органите на државната безбедност одредени сознанија за одредени лица кои биле интересни за органите на државна безбедност, а кои биле земени во оперативна обработка од идеолошко-политички причини, односно истиот свесно, тајно, организирано и континуирано соработувал со органите на државната безбедност во својство на таен соработник.

Документите се утврдени во следниве досиеја: во личното досие 6825 постои Извештај од 23.10.1963 година, а во лично досие бр.2599 постојат: Службена белешка ев.бр.1431 од 21.11.1962 година и Податоци од 27.01.1964 година.

Од увидот во горенаведените документи за лицето Карајанов Петар, се утврди дека истиот уште кога бил студент во 1963 година, при патување и посета на неговиот брат во Шведска, кој на илегален начин побегнал таму, давал

информации за него и неговата сопруга како и за други лица-емигранти, но и за лица кои контактирале со него при враќањето и престојот во Гевгелија. Карајанов Петар пред неговото заминување во Шведска бил ангажиран, а за кое што постоеше одобрен предлог. Истиот во границите на неговите можности поставениот задаток го извршил. Инспекторот кој го држел на врска констатирал дека со него и понатаму ќе одржувал контакти и преку тоа ќе вршел припреми заради негово ангажирање.

Покасно, во времето кога бил главен уредник на весникот „Млад борец", а и потоа, по барање на службите го следел секое дејствије и давал информации за одредено лице. Информирал за неговите написи, односи со трети лица, неговиот став кон трето лице кое службите го следеле, а кое било негов братучед и кој бил во затвор како и за неговото допишување со одреден познат поет.

Сите овие докази за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Карајанов Петар, постојат документи, дека тој, како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност, во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеа, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, со што се исполнува условот од член 4 и член 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 3, 10, 14, 18, 29, 31 И 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за верификација на фактите утврди дека лицето Карајанов Петар, бил таен соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон, и затоа одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Арнев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Петар Карајанов.

лустриран

ПЕТРЕ КРЦОСКИ

RSVR-SRM-SDB 29.08.1981 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. L-05438/7

N O S I T E L :

PREZIME : DJURČINOVSKI

TATKO : [redacted]

IME : STEVČE

RODEN NA 24.02.1952 GOD. VO PRILEP-S. DEBRESTE

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : DREAR (METALOSTRUGAR)

ŽIVEE VO SKOPJE NA UL.D.H.DIMOV BR. [redacted]

SORABOTNIČKI ODNOS : [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. UČESNIK VO MLADO-NACIONALISTIČKA GRUPA

DOSIETO FORMIRANO VO RSVR-SRM 1968 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

PRI KRAJOT NA 1968G.BIL OPFATEN VO NACIONALISTIČKA GRUPA TAKANARECENA "MLADINCI", SOSTAVENA OD 7 LICA.CEL NA GRUPATA BILA BORBA ZA OBEDINUVA-NJE NA SRM I OTCEPUVANJE OD SFRJ,KAKO I PISUVANJE I RASTURANJE NA LETO-CI.POSLE 2 MESECA.(POD VLIJANIE NA TATKO MU)SAM JA PRIJAVIL GRUPATA,KO-GA BIL [redacted] ZA NEJZINOTO REALIZIRANJE.

РСВР - СРМ
СДБ - „ентар Скопје
Работник: Крцоски Черо
25.IV.1969 година
Кичево

П Р Е Д Л О Г

За наградување на соработникот "Младинец" со парична сума од 10000 стари динари.

Соработникот "Младинец" беше вклучен во предметот досие за лица под псевдонимот "Младнец" и истиот активно и успешно ја обавуваше работата, односно ги решаваше нашите поставени задачи. Бидејќи гореспоменатиот соработник е ученик а од друга страна правеше стварно некои материјални трошкови со "Младинци" затоа предлагам да му се даде паричната сума од 1000 стари дин.

о/РЗ

ОДОБРИЛ
РАКОВОДИТЕЛ НА ЦЕНТАР ЗА ДБ
[redacted]

1084

РСДР на СРМ – ОДБ
Испостава – Кичево
Сам.инспектор:П.Крцоски
Кичево,30.I.1980 год.
Бр. 41
Одлучано во 3 примероци
Доставено:
– III и IV сектор

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР: [redacted], род.1943 год. во с. Другово, каде и живее, по занимање келнер, не вработен.

ПРЕДМЕТ: – Македонски национализам, сепаратизам и ВМ.
– акција "Светлост 80"

ЛИЦА: – МОЈСОСКИ [redacted]ЏИРКО, род.1949 год. во с. Добреновец, живее во с. Другово, наставник по математика и физика во СУ "КЈ Гиту";
– КРСТЕСКИ [redacted]ЗОРАН, род.1949 год. во Кичево, КВ машинбравар во Ф-ка "Т.Целески". Бил организатор на младонационалистичка група реализирана во 1969 год. Бил 2 месеци во истражен затвор;
– ВИКОЛОСКИ [redacted]СТЕВАН, род.23.5.1946 год. во Дуногубица, живее во Другово, работи во железара во Скопје;
– ВЕЉАНОСКИ [redacted]ЛАУНКО, род.19.2.1951 год. во с.Турје СО Охрид, живее Другово работи магационер во земјодел. стопанство "Кичево". На негово приватно бифе во 1969 год. со негово знаење биле прикажени националистички пароли од страна на Шаумоски Александар-"Насер",и др.

./.

Во повеќе средби со [redacted] обавени се разговори и опфатени прашања покрај другото и во врска со Мојсовски [redacted] Кирил кого тој добро го познавал. Двајцата често се сретнувале сами или во повеќе другари. Го знае како незгоден човек кој често, скоро во секоја средба зборувал и настапувал од националистички позиции. Многу ги мразел албанците и турците и бил против нивни да им се даваат правата. Основна преокупација му била Македонија, постојано зборува за обединување на Македонија заедно во етнички граници - Егејска Пиринска и СР Македонија. Не признавал други песни освен македонски и тоа само револуционерни од Илинденскиот период.

На 4.12.1979 год. поголема група биле на гости кај Бого Стефаноски во Другово, работи новач во ООЗТ "Јакупчани" во Кичево. Сите пееле и тоа се македонски револуционерни песни. Ја испеале и песната за Владо Црнобуевски и убиството на кралот. Мојсовски молчел и делувал лут, не пеел како друг пат, седел од страна и само ги посматрал. Му било забележано зошто така се понаша а тој им се развикал: "Не пеам, ве гледам и ве слушам вие не пеам бидејќи не сме со исти идеи, вие само пеете... Не тоа, туку треба ли ја барате Македонија, треба да работиме, да се бориме. Со вас не пеам, вие сте србомани, продадени души..."

Своите ставови ги манифестирал и на другите. Со него истомисленици биле уште Велановски [redacted] Паун, Николовски Стеван, Стојмир Билбиловски и други. Николовски одкако пил како Мојсовски иначе повеќе. Со пијанел, најповеќе пеел песни револуционерни меѓу кои ја знае нумерал и за Владо Црнобуевски. Многу ги напаѓал албанската и турската народност - ги мразел. Во кафана во с. Извор на неутврден датум есента 1979 год. подинаков станал и сакал да се тепа ако има тука некој "шинтар"...

Целото друштво се собирало по слави, веселби, верски празници и стално се борело да сидат заедно. Се организирале и 4 од нив биле во Крушево пред 2 август 1979 год. за таму да обезбедат

./.

место за спиење за Илинден... Кирко рекол дека ќе собере свое друштво до 15 лица како Кротески, Горе [redacted] и други.

Во меѓусебна дискусија на 13.I.80 год. ме подржувале Ристо Шишкоі дека бил во право, не требало да го "судат" ме направил ниите лоше "ск ја барал Македонија" ако рекол лоше за Тито "што ако рекол" и ти.

Кирко пред[redacted] велел дека го загрижувала здравствената состојба на Тито и како му изгледале работите (на 13.I.1980 год) тој ќе умрел а после во Југославија ќе дојделе Русите. Тој не ги сакал, СССР не била демократска земја, но се плашел а очекувал дека ќе дојдат. Тоа ќе биделе лоше и за Македонија.

На 19.12.1979 год. кај Мојсоски во с. Другово сатинел Зоран Кротески. Со себе носел повеќе грамофонски плочи со македонски песни. Кротески и Мојсоски биле многу блиски. Кротески го знаел како "загреан" за Македонија и дека пред околу 10 год. бил гонет за тоа. Тоа било заедничкиот јазик што ги врзувал нив двајцата а и другите.

[redacted] често се спротиставувал на Мојсоски и Николоски а тие за тоа му се лутеле и понекогаш го одбегнувале од друштво.

II

На мислењето на [redacted] му се верува. Тој во спонтан разговор, го споменувале Мојсоски како интересен за Службата а потоа бил повратен на разговор во кој се добиени наведените податоци. [redacted] ќе се користи и натаму а му се дадени инструкции за неговое понашање со нив пред се да не ни се спротиставува и т.н.

./.

Според зборовите на изворот потврдени и од други врски, сметам дека околу Мојсоски се собира непријателски расположена група од националистички позиции и која во наредниот период треба да биде предмет на интерес на Службата. Покрај Мојсоски посебно се акцентираат Николоски и Крстески како лица кои одскокнуваат во активност.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

4720369

RSVR-SRM
SDB-II sektor Skopje
Izvor: "Prosek"
Oper.rab: Pero Kreoski
Kičevo, 29.5.1972 god.

1640

I Z V E Š T A J

PREDMET: Kvalifikuvani vraski na Bordioski Trajče koj istapuva na nacionalistička osnova.

Na den 27.5.1972 god. imav sostanok so sorabotnikot "Prosek" i vo obavestiot razgovor pokraj drugoto reče slednoto:

Bil sreden so Trajče Bordioski koga nedaleku od niv pominal Zoran Krstevski. "Prosek"mu se obrnal na Trajče so zborovi dali go poznava /pokažuvajći na fototo so raka/ na što Trajče odgovoril: "A,da, go znam i toa dobro go znam, toa e slatko dete, ako go gledaš samkov ne vo glava ima mnogu. So nego [illegible] se viduval nekolku pati, sme sedele i zaedno i sme razgovarale po naširoko. Za Makedonija obidžoti toj znae mnogu, mi raspravaše sé za nego, pred da bide zatvoren, koga go setuvaše i posle toa. Zoran mi veli deka mnogu mu leži Makedonija na srce i ne može da se otkaže od toa. Mi veli, dobro, rabeši, ali mnogu opasno, pazi se da ne vleziš po tie vrati, se sebe-ge ne pravi takvi razgovori. Toj mi veli deka dobro e da mi imam nekoj prijatel od CVR toj ne će znae ništo a jas ništo će si rabotam. Mora taka da bide toa e korisno. Jas će rabotam, ne mora da stanam nekakva slavna ličnost ne dosta e da ne spomnuvaat deka sum se borel za toa. Makedonija da se obedini ida se odvoi od SFRJ /odvojuvanjeto retko go spomnuva

ine jasno/ možeda bide silna i jaka država. Za ovaa rabota imame pomoš i od drugite delovi na Makedonija. Ima od Egejska Makedonija jaki bogataši na Zapad i tie bi pomagale vo izgradbata na Obidineta Makedonija?

Silno gi mrazel albancite i e protiv nacionalnata ravnopravnost. Veli deka Krste Crvenkovski mnogu pograšil što tuj im dal mnogu pravo. Veli deka makedoncite ništo ne sme prisnuvti od nekoi i ne negiraat, a veće nie davame na drugi nacionalni prava i priznavanja.

Trajče često svratuva kaj Zoran Angeloski, fotograf vo Kičevo i se nego se mnogu bliski. I doma se posetuvaat no šomu mu na Trajče e protiv toa prijatelstvo. Zoran i Trajče zaedno odele i nadver od Kičevo vo poširoko društvo najmnogu vo Makedonski Brod, kade Zoran ima svoj dučan. Zoran e sklon na pijanje kako i Trajče no tuka obavenano se povrzani i na zaednička neprijatelska dejnost.

II

Izvorot povtorno se svrtna na dejnosti na Trajče i na negovata ličnost. Za nego reče deka e sposoben da organizira, da pridobie bilo kogo smeodliv e i spremen da se izvleče od bilo što. Oddaden e na pijanje poradi što e smenet od rabotnoto mesto. Bil poranio prodavač-odgovoren na prodavnica no poradi navodna pronevera i loš odnos e smenet vo magacin sa opšt rabotnik. Mnogu golema netrpelivost izrazuva kon albancite na terenot i e protivnik što tie uživaat isti prava kako i makedoncite. Ne e precisen i jasen dali se bori za obedinuvanje na Makedonija vo etničkite granici so otcepuvanje od Jugoslavija ili ne no otcepuvanjeto go spomnuva vo nekolku navrati, po toa bi se rekole deka e nacionalist-separatist.

Negovite navodni kontakti se Vecko Avramoski, Zoran Kreteski, Zoran Angeleski, prijatelstvoto na "Presek" za zaednička rabota, prijatelstvoto i na uste nekoi drugi poznati ludje koi navodno gi vrbuval i gi pridobil za negovi istomisleznici go svrtuva nasete vnimanie. No, podatocite što izvorot-sorabotnikot ni gi dava ne se proverени i ne se semeni za strogo točni. Sorabotnikot i vo pojetna faza na sorabotuvanje i penataka će se prezemat merki za negovo proveruvanje vo iskrenosta i sl. Kako Trajče se zapoznal so Zoran Kreteveski ne e poznato no zivna zaednička vrska e Zoran Angeleski. Koga Zoran Kreteski vo 1969 god. beše pritvoren i stavan vo istražen satvor za organizirane nacionalistička organizacija, beše dojdeno do podatok deka imal vrski i so Zoran Angeleski koe trebalo da se izmoštat karti za Makedonija vo etničkite granici. Zoran Angeleski beše povikan na razgovor no sé negiraše.

Zoran Kreteski, pak, po osloboduvanjeto od istražen satvor sprotivno na našite očekuvanja-e mnogu distanciran od SDB. Vrz razgovoret što go vodel so Trajče, toj e pak interesen za SDB. Svoeto iskustvo duri i so preporaki, go prenesuva na Trajče za bezbednosno po negova strana, neprijatelsko raboti-nje.

Dali Trajče se najduva vo organizirana grupa ili toj veće organiziral ne e potvrdeno, no toa e isto opasno što pribira okolu sebe istomisleniti i neformalno pretstavuvat grupa nacionalistička nastroeni za da moźebi vo pogodno vreme vo idnina se konstituiraat /i ne moreat i prezemat odredeni akcii. Se pečesti se na terenot diskusii na taa tema no organiziranost ne e otkriena.

Za idnata postavenost na sorabotnikot "Presek" posebni sodźi ne mu se dadeni od aspekt na naša opreznost vo rabotata a

toj i ponatamu će kontaktira so Trajče i će go tolerira vo razgovorite so cel daetkrie koi sé drugi lica će spomne Trajče. Idniot sostanok so "Presek" zakažan e za 10.3.1972 god. ili rezervni 11.3.1972 god.

BB

Operativen rabotnik
Pere Krcoski

IV сели 0

РСНР – СРМ
СДБ – Контратива Кичево
Кавер: [redacted]
Опер.раб. П.Крцоски
Кичево, 18.1.1974 год,

73

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Никола Пеј-оски од Кичево, каде бил поврзан со лица интересни за СДБ по ВИ линија, сега се наоѓува во Австралија, а поѓден преку Франција

Со оглед дека располагаме со податок дека Костадин Сафески заедно со Никола Пејоски од Париз заминале во Австралија, обавив разговор со [redacted] од Кичево нивен другар од детство. Во разговорот, [redacted] отворено и едноставно постави пред нас, го објасни заминувањето на Костадин и покасно и на Никола во Франција.

Во 1966 год. [redacted] заедно со Костадин Сафески и Кире Грозданоски ги напуштиле студиите во Скопје и решиле да заминат во Франција. По две години боравок [redacted] и Кире Грозданоски се вратиле во земјава и се вработиле и понатаму да остане и сега се' уште се наоѓа во Париз.

Прво време биле прифатени во некое прифатилиште за избеглици или само со патни исправи. [redacted] тука останал 14 дена. Кире тоа во почетокот на април месец 1966 год. Во прифатилиштето се сретнал и со некој крив човек од Битола кој сакал бил осуден за ВИ дејност, но се истиот почнал контакти. Кире кои две кои во прифатилиштето останал и некој непознат човек надвор од Скопје, кој се викнувал дека е професор по југословенска книжевност. Истиот пред тоа бил во Париз и работел во американска библиотека. Се вратил во Скопје и работел како професор во некоја гимназија. Но, поради некорект [redacted]

требало да биде гонет па се снашол и заминал во Франција.Кога ова го раскажувал Кице Софески се сетил дека за него и тој случај, слушал во Скопје од некој другар. Поради тој случај човекот се нашол ито ја нацуртил американската библиотека во Париз. Дејувал многу интелигентно со познавања и разбирања по многу прашања. Изворот не се сеќава на детали од тој разговор, но вели дека како таков човекот се представувал и како без симпатии према Југославија. Однако излегле двајцата од приватилиштето повторно се сретнале во метро и кратко се распрашале при што човекот рекол дека средил се' во врска со стан и работа.Бил на возраст од околу 30 години.

Кице се снашол добро во работата. Се движел претежно со французи а помалку со Југословени, односно Македонци. Воената обврска не ја регулирал и не сакал да се врати во земјава. Се сравнел дека со студиите не направил ништо, па одлучил барем да спечали повеќе пари. Во тоа и успеал пошто по карактер бил материјалист-инрт - стегнат во трошење. Во тоа време изворот не гледал непријателски ставови на Софески во однос на Југославија, но сега каков е не може да рече.

Покасно во 1970 год. во Франција заминал Никола Пејоски од Кичево кој исто така ги промашил студиите, па се одлучил да печали. Се нашле во Париз со Софески и често другарувале. Софески во однос на Никола бил на поголема висина и се мислел дека Никола може да подпадне под влијание на Софески, а никако обратно. Есента 1973 год. се случи нешто неочекувано кога Софески заедно со Пејоски заминале во Австралија. Прво заминал Никола а по месец и пол заминал и Софески. По краток боравок Софески се вратил во Париз каде и сега се наѓдува. Не е јасно ито се содржи во овие патувања, а се предпоставува дека Кице сака да се врати во Земјава и да го користи законот за амнестија и да ја регулира воената обврска.

Изворот понатаму се задржа и во однос на ликот на Никола Пејоски. Секогаш бил интересен во нивното друштво со своето пона-

нање. Зборувал несредено, непохрабро а кога се зборувало по одредени политички прашања или видови тој се јакувал велејќи дека треба сотоа да се преземи, дека вилезите слушаат а ОЗН си ја бришат работата и тие секаде се најдуваат - се' видат. На изворот му кажувал дека во Кичево има човек голем "македонофилинот" миодејќи приятел на Зоран Кртевски. Никола бил во тек со активноста на Зоран и неговата група а со поедини и тој се познавал.Никола во другите бил избегаван и третиран како неповерлив друга - лажлив карактер и не добар другар. Но бил човек од акција но можел да подлаѓа под туѓа сугестија и се' да направи зависно мој и каков човек ќе го завеле.

II

За поврзаноста и запознатоста на Никола Најоски во врска со "Младинци" - ВМ група реализирана во 1969 год. може да се види и во досието на "Младинци". Неговата улога со истата група не е дообјаснета. Поштто е упатен во начинот на илегално дејствување и темата позната, во странство лесно ќе успее да се вклопи сред непријателскиот дел на македонската емиграција. Неговото движење сега во Австралија ќе биде предмет на идната работа на службата, како и начинот на неговото заминување преку Франција и движење во Париз.

Интересот на службата ќе биде свртен и кон Софевски Костадин со цел да се изврши евентуелно негова вклученост во непријателската емигрантска организација во Париз.

За тоа ќе се користи изворот како и бројни наши работници на привремена работа во Париз. Овде е интересно да напомнам дека пр еку Заводот за вработување од Кичево во Париз не е испратен ниту еден работник а сепак таму,според изворни податоци се најдуваат од 30-50 лица. Сите - претежно се инвалиди неуспешни

посетаник и во Париз повратник. Тој момент ќе биде предмет на наше интересирање со оглед дека е можно некои од нив да се повратат и вклопат врз македонската непријателска организација како што, впрочем, имаме случаи и досега.

МК

Оперативен работник,
П. Христевски

РСВР на СРМ-СДБ
Испостава
Извор: Сораб."Мајстор"
Опер.раб:П. Крцоски
Ничево, 3.6.1975 год.
Ев.бр.208
Доставено до III сектор

И З В Е Ш Т А Ј

ПРЕДМЕТ: Поддршка во јавноста на нашите ста вови, наспроти антијугословенската и посеб но антимакедонската активност од Бугарија

На состанокот одржан со сор аботникот "Мајстор" покрај другото стана збор и во врска со активностите наши, наспроти бугарската пропаганда за денационелизација на македонското населенив во Пи ринска Македонија и негирање на нашата НОБ.

Почев од говорот на Претседателот Тито при последната посета на СРМ, па говорите на други републички и сојузни функционери во широката јавност примено е со задоволство. Посебно се цени што ја вноста се запознава на овој начин а што порано се одвивало по ди пломатски пат за што јавноста не била широко запозната.

Одделни националистични расположени лица како Зоран Крстески и Досе Костадиноски исто така ја одобруваат нашата политика теж нејќи така да продолжи.

Се очекувало на нашите ставови, од Бугарија да се одговори со пожестоко темпо, а при пописот во Бугарија оваа година секако ќе имало и такви кои и без бугарската пропаганда ќе се изјаснат како Бугари.

II

Со соработникот подолго време не беше направен контакт, така што, при овој состанок повеќе внимание се обрна на неговото упатување на прибирање податоци интересни за СДБ. Посебно е упатен да контактира со Крстески Зоран при што да се добие слика дали Зоран и денес се бави со организирана непријателска дејност или не и дали лицата со кои контактира Зоран е интересни за нас. Упатен е и кај Костадиноски Досе кој на соработникот му е предпоставен старешина, со цел да се добијат конкретни негови коментари.

ЈК


Опер.работник на ДБ
П. Крцоски

ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

X	1

Број на лично досие	23470	1 0 2 3 4 7 0	8
Основен орган	Centar Skopje		
Датум на пополнувањето на прашалникот	9.VI.1969 god.	3 2	10

		презиме	татково име	име	
1		SPIROVSKI	[redacted]	MIROSLAV	11-40
2	Датум на раѓање	1949 god.			4 9 — 42
3	Место на раѓањето и општина	s.Srbjani-Kičevo			1 2 0 6 8 — 47
4	Народност	Makedonec			0 4 — 49
5	Државјанство	SFRJ			0 1 — 51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Kičevo			1 2 0 3 2 — 56
7	Занимање	učenik IV klas			3 7 3 — 59
8	Однос со органи за ВР	-			0 — 60
9	КАТЕГОРИЈА — Прва	član na mladinska nacionalistička grupa			4 8 — 62
	КАТЕГОРИЈА — Втора	[redacted]			0 0 — 64
	КАТЕГОРИЈА — Трета				0 0 — 66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени				0 — 67
11	Колку пати е осудуван				0 — 68
12	Висина на казната-осудата				0 0 — 70
13	Кога е формирано досието	14.XII.1968 god.			6 8 — 72



Tufekdžioski [redacted] Živko, od noemvri 1968 god. opfaten vo mladinska nacionalistička grupa koja imala cel da se bori za obedinuvanje na Makedonija i sozdavanje samostojna država. Rabota na proširuvanje na grupata so novi lica, sozdavanje široka organizacija vo site gradovi na SRM, pribiranje oružje, municija i drugi eksplozivni materijali, izgotvuvanje statut na organizacijata, pišuvanje i rasturanje letoci i sl. Medjutoa, konkretni akcii ne se prezemeni.

/OK

13

1

Da se evidentira i kartonira.

[redacted]

[redacted]

RSVR-SRM-SDB 11.02.1982 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. 1-21642/4

NOSITEL : DRUGI IMINJA :

PREZIME : STOJANOVSKI [redacted]

TATKO : [redacted]

IME : BRANKO

RODEN NA 08.02.1936 GOD. VO KIČEVO-S. RAŠTANI

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : PROFESOR

ŽIVEE VO KIČEVO NA UL.'HEROJ KARPOŠ'BR. [redacted]

SORABOTNIČKI ODNOS : [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. RAKOVODITEL (ČLEN) NA POVOENA VANČOVISTIČKA ORGANIZACIJA (GRUPA)

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : PRITVORUVAN

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB KIČEVO 1956 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

1954 G.KAKO UČENIK VO KIČEVSKATA GIMNAZIJA ZAEDNO SO NEGOVI EDNOMISLENI CI FORMIRAL TAKANAREČENO DRUŠTVO'SLOGA',KOE NAVODNO IMALO ZA CEL DA SE MEDU SEBE POMAGAAT VO UČENJETO.PODOCNA POPRIMILO VM KARAKTER,ZARADI ŠTO BIL APSEN,RASČISTUVANO I VRZ BAZA NA MATREIJALOT ANGAŽIRAN.VO 1972 G. REGISTRIRANI SE ANTISAMOUPRAVNI ISTAPI ZARADI ŠTO PRESTAVUVA INTERES ZA SDB.

IV

RSVR - SRM
SDB - II sektor, Skopje
Izvor: [redacted]
Oper.rab.: Pero Krcoski
Kičevo, 23.11.1971. godina
4647

SLUŽBENA BELEŠKA

PREDMET: Branko Stojanoski -
negovata neprijatelska dejnost
i deka zad nego stojat drugi ludje
"Jama"

So izvorot [redacted] profesor po francuski jazik vo gimnazijata Kičevo, obaviv informativen razgovor od koj proizleze slednoto:

Go poznavam Branko Stojanoski od porano i znam za negovata dejnost, kako i toa deka beše i gonet. No, ne treba da se zastane na nego. Treba da se pogledne koj beše zad nego. Branko vsušnost beše maša na [redacted], a tie voopšto ne se ni čepnati. Tie dvajca bea mnogu bliski so "Jama" kogo site veće dobro go znaat koj e. Dvajcata prema nego imaa poseben stav, bea gotovi nemu da mu svršat sekakva rabota - a toa se dolži kako rezultat deka se ednomislenici.

Momentalno, denes kako stojat ne mi e poznato, a može da se proveri bidejći "Jama" sega e vraten vo Kičevo i raboti vo "Mladost" Kičevo. Toj postojano patuva za s. Srbjani kade mu živee familijata. Znači, sekako deka Brako so "Jama" se povrza preku [redacted] i [redacted]. A "Jama" može bi i samiot ne znae što saka - ne razbirliv e no seto negovo se sveduva na toa deka e apsolutist -

saka cvrsta raka i komanda. Do skoro toj i obrazovno stoeše lošo, a imaše dobri rabotni mesta. Od "Vinko" Vinica bil isteran pa se zaposli tuka. Vo Prilep završi Viša komercijalna škola i najverojatno ja vodi komercijalnata služba vo "Mladost".

Na "Jama" mu stojat dobri ludje zad grb koi go držat. Žena mu na "Jama" e sestra na [redacted] od Skopje. [redacted] e profesor na Filozovski fakultet - antička literatura, a [redacted] navodno bil zamenik direktor na Železara vo Skopje.

Za Branko Stojanoski znam deka od porano se druži so Živko Noveski - sega na studija vo Skopje - književnost na Fil. fakultet. Branko se druži so nego i znam deka nešto pišuvaa zaedno - se posetuvaa.

Živko Noveski e sin na [redacted] porano rabotel vo otkupna stanica na tutun vo Kičevo i često patuval vo Brod Makedonski.

II

Podatocite ne se provereni po izlaganjeto na izvorot, no se veruva vo nivnata točnost so ogled na karakterot na vrskata i što negovite podatoci se povrzuvaat i potvrduvaat so podatoci dobieni od drugi izvori.

Pišuvav i porano za ulogata na [redacted] kako direktor na Gimnazijata vo Kičevo od koja do sega izlegle nekolku nadonacionalistički grupi /"Bura, "Mladinci"/. Denes, ako pogledneme nazad toj zaslužuva vnimanie na SDB - bil poglaven učesnik na "Branik" na tesna vrska so "Jama", na pozadinska pozicija kaj "Bura", direktor na členovite na "Mladinci", na rabota blizok so represirani lica, blizok "prijatel" so [redacted] - direktor na Osumgodišno učilište "KJ Pitu" koj ja komentáraše položbata vo SFRJ kako krajno zategnato i deka će dojde do rasparčuvanje

na socijalistički republiki, go zafati vo pogolema mera Makedonskoto prašanje, a znaeme deka e od represiran tatko kako VM element i tn.

Prijatelskata vrska [redacted], ne proverena dobra vrska, koj i porano bil koristen od strana na SDB za obrabotka na "Jama". Bil vo izvesna mera kompromitiran so negovoto odbivanje da članuva vo organizacijata i što bil i e član na SKJ. No sepak toj će se koristi i ponatamu za stranični zapazuvanja bez da mu davame posebni zadači. Sorabotkata od ovoj vid i toj ja prifaća. Izvorot reče deka bil ponuden da članuva vo org. od strana na "Jama" preku [redacted]steski student na Medicinski fakultet vo Belgrad. Site členovi se rasturile koj vamu koj tamu, a dali denes imaat org. ne znae.

DS

OPERATIVEN RABOTNIK
Pero Krcoski

RSVR-SRM-SDB 14.02.1985 GOD. 1 STRANA

RAHMANI [redacted] IMER LIČNO DOSIE BR. N-25796

RODEN NA 19.02.1956 GOD. VO KIČEVO S.ŽUBRINO

ŽIVEE VO KIČEVO S.ŽUBRINO

NARODNOST ALBANSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: STUDENT

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. ALBANSKI IREDENTIZAM

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. ALBANSKI IREDENTIST
2. PRIPADNIK(ČLEN) NA ILEGALNA ORGANIZACIJA ILI GRUPA VO ZEMJATA

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

SPORED OPERATIVNI SOZNANIJA BIL ČLEN NA ILEGALNA GRUPA-ORGANIZACIJA KOJA NEPRIJATELSKI DEJSTVUVALA VO SKOPJE OD POZICII NA ALBANSKI NACIONALIZAM I IREDENTIZAM. ISTAPUVAL OD OVIE POZICII ISTAKNUVAJĆI DEKA ALBANSKATA NARODNOST VO JUGOSLAVIJA BILA VO NERAMNOPRAVNA POLOŽBA VO ODNOS NA DRUGITE NARODI.

DOSIETO E FORMIRAND OD ISPOSTAVA SDB-KIČEVO

04-4416

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Испостава - Кичево
С.инспектор: Перо Крцески
Кичево, 12.6.1982 год. Примено на 14.07.82
Ев.бр. 3о8

6953
19.7.82 Кичево

Врз основа на чл.15 од Законот за внатрешни работи и чл.36 од правилата за работа на Службата за државна безбедност а заради проверка на добиените податоци кои укажуваат на можност за постоење на непријателска дејност, се

П Р Е Д Л А Г А

ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ПРЕТХОДНА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА на лицето РАХМАНИ ИМЕР од татко [redacted] род. 19.2.1956 година во с.Жубрино, каде и живее, студент на Медицинскиот факултет во Скопје, Албанец, државјанин на СФРЈ, воената обврска не ја регулирал, не е осуден.

Обработката ќе носи псевдоним "ДЕНИС" а ќе ја води самостојниот инспектор Перо Крцески од МСДБ - Кичево.

Податоците кои укажуваат на постоење непријателска дејност се однесуваат на:

Рахмани Имер потекнува од фамилија која порано не се експонирала од непријателски основи. Во с.Жубрино била една од фајсеромаките. Татко му [redacted] се наоѓа на времена работа во САД.

Според оперативните сознанија Рахмани бил член на илегална група - организација која непријателски дејствала во Скопје од националистички и иредентистички позиции. Најблиски негови врски биле Зенку Бајрам, Амин Бешири, Скендер Нанеки (ПОО "Сократ") и Реџеп Алиии. Заедно со нив во 1980 година во група патувал во Албанија.

Истапуват од албански националистичко-иредентистички позиции против единството на СФРЈ, при што посебно истакнуваат дека албанската народност во Југославија била во хиерархиска неравноправна положба во споредба со другите народи.

Извори на сознанија се: соработникот "Тихо", [redacted] и др.

Со цел поцелосна обработка и конкретизирање на вакватa непријателска активност на Рахмани ќе се преземат поодделни оперативни и оперативно-технички мерки за проверка и потврдување на добиените оперативни сознанија за организирано непријателско дејствување и откривање врските со странскиот фактор - разузнавачки странски служби и непријателска емиграција.

За успешното водење на ПОО, ќе се изготви план на мерки и активности.

СОГЛАСЕН
Шеф на ИСДБ
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Сам.инспектор,
Перо Крцоски

ОДОБРУВА
Началник на III сектор
[redacted]

RSVR-SRM-SDB 21.11.1983 GOD. 1 STRANA

LIČNO DOSIE BR. 1-25615

N O S I T E L :

PREZIME : LABROSKI

TATKO : [redacted]

IME : VANGEL

RODEN NA 07.01.1926 GOD. VO KIČEVO

NARODNOST MAKEDONSKA A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : ZEMJODELEC

ŽIVEE VO KIČEVO UL.'J.MIHAJLOVSKI' BR. [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII :

1.LICE NA BIROKRATSKO-ETATISTIČKI, DOGMATSKI ILI RANKOVIČEVSKI POZICII

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB KIČEVO 1983 GODINA

LINIJA NA RABOTA : BIROKRATIZAM - ETATIZAM (NOVOEKSPONIRANI)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

NEPRIJATELSKI ISTAPUVA OD BIROKRATSKO-DOGMATSKI POZICII. GO NEGIRA SISTEMOT VO SFRJ, A GO VELIČI TOJ VO SSSR KAKO NAJDOBAR I EDINSTVENO ISPRAVEN. SMETA DEKA VO NAŠATA ZEMJA VLADEE BEZREDIE I EDINSTVENIOT IZLEZ OD SEGAŠNATA KRIZA E POMOŠTA OD SSSR.

Сд оп-7387/4144
Журнал - IV.
Бирои доим.
За доделено на 1700 „Охридар"

РСВР на ЈРЛ - ЈДБ
Експозитура - Кичево
Кичево, 28.10.1979 год.
Зв.бр.748
Доставено:
- III и IV сектор

П Л А Н

За преземање на оперативни, оперативно технички и други мерки спрема носителот на КК "Охридар".

1.- Ќе се изврши диференцијација на досега познатите негови врски во Кичево и други места во земјава:
- лица непријателски расположени и како такви негови истомисленици;
- лица со кои би можело да се разговара заради ангажирање.

РСК: 15.11.1979 год.

2.- Ќе се установуваат неговите нови врски и истите ќе се селектираат според интересот на ЈДБ.

НК: Трајански период.

3.- Од редот на неговите врски ќе се ангажира соработник спрема него преку кого ќе се следи непријателската активност и поврзување со други истомисленици;

РС.: повратански период;

./.

4.- Ќе се стапи во контакт со ЈБ во ЈНА заради проверка на податок дека во ЈНА бил осуден и лежел во затвор;

РОК: 30.11.1979 год.

5.- Ќе се изучи досието на носителот на ИКО "Влав" - кој му е негов брат и со УЈДБ Скопје ќе се договорат заеднички настапи спрема двајцата;

РОК: 30.11.1979 год.

6.- нововангажираните врски [redacted] и [redacted], ќе се инструираат со посебни и конкретни задачи во следење на неговата непријателска активност;

РОК: 15.11.1979 год.

7.- Заради установување на неговите врски во Скопје, Белград и други места, при патување во тие места над него ќе се организира следење;

РОК: програмски период

8.- Ќе се следи неговото движење, активност и коментари во посебни акции;

9.- Ќе се преземат и други мерки и активности со цел стривање, следење и документирање на непријателската активност.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

3540

Сл.бр.2689/1829

РСВР на ЗРМ-СДБ
с.спостава - Кичево
З.инспектор:П.Крцески
Кичево,7.4.1980 год.
Св.бр.196
Сдружено во 3 примероци
Доставено:
- III,IV сектор

Г Л А Н

На мерки и активности спрема носителот на ЈОС "Своштар" во 1980 година.

- Да се евстави прегледот на врски на "Своштар"
  а - родбини;
  б - пријатели;
  в - имајќи едновременици и други интересни врски.
  Рок: 25.4.1980 год.

- Да се контактираат и инструираат оперативните врски кои се внесени спрема лицето [redacted]
  Рок: 30.4.1980 год.

- Да се регистрира како соработник [redacted] код и до сега се користи спрема "Своштар" на соработничко ниво, за што предходно ќе се изготви предлог и со него обавар разговори;
  Рок: 30.4.1980 год.

- Да се обават информативни разговори со повеќе врски на "Своштар" со цел добивање податоци за негово држење и евентуално од нив земање изјави како судска документација.
  Рок: 30.6.1980 год.

- Ќе се обави разговор со началникот на СНС Крушево во Крушево преку кого ќе се изучат врските на "Овоштар" во Крушево и други места во земјава;
  Рок: 30.VI.1980 год.

- Ќе се изучи досието на брат му Зорго кој е носител на ПОО "Влав" а го води РСДК Скопје.
  Рок: 15.5.1980 год.

- Ќе се стапи во контакт со ЈН во ЈНА заради проверка на податокот дека "Овоштар" додека бил во ЈНА бил осуден на затвор;
  Рок: 30.9.1980 год.

- Ќе се следат на поширок план неговите активности, движење, контакти со интересни лица и коментари во акции...;
  Рок: програмски период

- Ќе се предложи мерка примена на ОТС на неговиот телефон дома 21-560;
  Рок: 30.4.1980 год.

- Ќе се одн на до азјаснување на врските со лицата поранешни приврженици на ВМБ или пројавени (Митрески, Димоски и др.) со цел следи евентуално нивно поврзување на локален или регионален план и сл.
  Рок: - програмски период.

Замостоен инспектор
Перо Крпоски

IV/

РСВР на СРМ - СДБ
ИСПОСТАВА - КИЧЕВО
С.ИНСПЕКТОР: П.Крцоски
Кичево, 23.01.1982 година
Евид.број:_____

П Л А Н

На мерки и активности спрема ПОО "Овоштар"

На основа севкупните сознанија и оценките, ПОО "Овоштар" ќе продолжи да се обработува и во наредниот период со цел на релација на планираните задачи:

- Натамошно продлабочување на сознанијата за непријателски дејствување и поврзаност со истомисленици - поранешни приврженици на ИБ и новопројавени;

- Ќе се откриваат нови врски на подрачјето и пошироко во земјава и странство и со нив надополнува прегледот на врските кои ќе се селектираат и одредува нивниот однос спрема нив;

- Ќе се предложи и примени мерка "Полог" на неговиот домашен телефон /21-560/ а мерка следење ќе се примени при патување вон подрачјето;

- Ќе продолжи користењето на постоечките оперативни позиции и создавање нови, со цел остварување што потполн увид и обезбедување оперативна и судска документација за неговата активност;

- Ќе се направи обид за ангажирање на [redacted] /кое беше планирано од порано/ како со цел обработување на "Овоштар", така и пошироко сред бирократско-догматската категорија и поранешни при-

врзаници на ИБ. Ќе се преземат и други мерки и активности во текот на обработката.

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Перо Крцоски

о/АБ

Сд 25-996/

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
Кичево,27.I.1984 год.
Ев.бр. 54
- IV сектор

П Л А Н

На мерки и активности спрема ПОО "Овоштар" во 1984 год.

Оценка е дека "Овоштар", според досегашните податоци, нема организирана илегална активност. Меѓутоа постои убедување дека тој своите ставови ги проверува и ги доизградува со други лица од ИБ категоријата и со нив истапува пред своите врски. Заради проверка и проширување на сознанијата, ќе се презема следното:

- Ќе продолжи поинтензивна обработка на "Овоштар" и тоа преку: Соработникот "Трајан" ќе се упатува на "Овоштар" со конкретни задачи да ги продлабочува сознанијата за неговата непријателска дејност, со акцент дали е поврзан и со кого. Преку него да доаѓа до сознанија за брат му ПОО "Влав" со цел да се открие врска со лица сврзани со оперативната акција "Дим". Паралелно ќе се следат и коментари на "Овоштар";

- Оп.врска "Ускана" кој изгради добра позиција кај "Овоштар" ќе се упатува со задачи за коментари, следење, контакти и установување врски-истомисленици;

- Посебно ќе биде предмет на истражување врската и односот на "Овоштар" со [redacted] за кого располагаме дека порано имал контакти со брат му "Влав".

- Применување на мерката "Полог" на телефонот дома.

- Ќе се преземат и други мерки и активности кои ќе се наметнат со цел до крајот на I шестомесечие со "Овоштар" да се расчисти во смисол евентуална реализација.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

Ф 6694/

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
Кичево,28.I.1987 год.
Ев.бр. 276
- III,IV сектор

П Л А Н

За работа во 1987 год. спрема ПОО "Овоштар".

ПОО "Овоштар" останува во обработка и во текот на 1987 год. Меѓу другото цел е да се согледа држењето на Лаброски после расчистувањето со него во октомври 1986 год. За таа цел ќе бидат преземени следното:

- Ќе се остварува засилен увид врз Лаброски, за која цел поинтензивно ќе се користат создадените позиции околу него;

- Ќе се користат погодни моменти и со Лаброски ќе се обавуваат разговори;

- Доколку се создадат поволни можности ќе продолжи примената на мерката "Полог", за ќто ќе биде изготвен предлог за продолжување на примената;

Во однос на син му [redacted], студент на електротехнички факултет во Скопје, ќе се извршат проверки и изучи неговата средина во Кичево. Цел е да се селктираат лица кои ќе се опфатат во разговори и постапно ангажираат спрема [redacted]. Инаку [redacted] во Скопје постојано е на врска со стрико му [redacted] (ПОО "Влав") кој влијае врз него;

- Ќе се преземат мерки за изучување средината и на вториот син [redacted]

- Ќе се преземат и други мерки и активности кои ќе се наметнат во текот на работењето.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

RSVR-SRM-SDB 21.11.1983 GOD. 1 STRANA

LIČNO DOSIE BR. 1-25607

N O S I T E L :

PREZIME : KRSTEVSKI

TATKO :

IME : VELO

RODEN NA 19.03.1930 GOD. VO KIČEVO S.SRBJANI

NARODNOST MAKEDONSKA A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : TEHNIČAR

ŽIVEE VO KIČEVO 'NOVA NASELBA' BB

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII :

1.LICE NA BIROKRATSKO-ETATISTIČKI, DOGMATSKI ILI RANKOVIĆEVSKI POZICII

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB KIČEVO 1983 GODINA

LINIJA NA RABOTA : BIROKRATIZAM - ETATIZAM (NOVOEKSPONIRANI)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

POČESTO ISTAPUVA VELIČEJĆI GI SISTEMOT I POLITIKATA NA IE ZEMJI-ČLENKI NA VD. JA OKRIVUVA POLITIKATA NA NAŠETO RAKOVODSTVO, A OSOBENO SREDSTVATA ZA JAVNOTO INFORMIRANJE, KOI DOPRINESUVAAT ZA PERMANENTNO VLOŠUVANJE NA ODNOSITE POMEBU SFRJ I NRB.

04-4161

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ИСПОСТАВА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЕВИД.БР.263
15.04.1982 година
К И Ч Е В О

Врз основа на чл.23 од Законот за внатрешни работи а во врска со точка 6 од Упатството за примена на мерките со кои се одстапува од начелото за неповредивоста на тајната на писмата и другите средства за општење, како и за примена на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност СД бр. 01-73/1 се

П Р Е Д Л А Г А

Примена на мерката "Полог" на телефонот во станот на КРСТЕСКИ ВЕЛО, роден 1930 година во Србјани, живее во Кичево, Нова населба бб, градежен техничар вработен во СИЗ за патишта, Македонец, државјанин на СФРЈ, оженет, татко на 3 деца, осудуван, во СДБ е носител на ПОО "Србјани" заради проверка на податоци според кои дејствувал непријателски од бирократско догматски позиции.

О б р а з л о ж е н и е

Од 1979 година во СДБ над Крстески се води ПОО под псевдоним "Србјани" заведена на основа податоци според кои тој дејствувал од бирократско-догматски позиции и истапувал пред врски на СДБ.

Тој го критикувал и напаѓал југословенското самоуправно општество, а го фалел системот на уредување во ИЕ земји, а посебно СССР кого го поддржавал исцело во политиката во светот. Го ис-

такнувал како чувар на социјализмот во светот и славјанството. Според некои податоци се поврзувал со истомисленици на подрачјето и од други места во земјава. Истапува и од националистички позиции напаѓајќи го братството и единството на југословенските народи и народности. Се експонира и на групашка основа во општината при што покажува лабилност и превртливост така што се поврзал со групата Вито Гуроски (ПОО "Сокар").

Во поврзувањето со истомислениците користи домашен телефон 22-020.

Мерката се применува прв пат. Од истата очекуваме натамошно установување на неговите врски и потврдување и проширување на податоците добиени по оперативен пат.

Од примената на мерката да се прават информации а поинтересните да се даваат во оригинал. Снимениот материјал да се чува за договор и одлучување зависно колку е тој интересен и потребен. Во моменти кога треба да се преземат и други мерки, најбрзо да се известува ИСДБ - Кичево или задолжената организациона единица која може да ги оствари.

[redacted]

ПРЕДЛАГА
САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР
Перо Крцоски

[redacted]

Ценејќи ги горните наводи, сметам дека се исполнети условите од чл.23 од Законот за внатрешни работи ("Сл.весник на СРМ"

Сд 04-7387/4143

Курир - IV.
Брак у бегању.
Во досието на 1700 и Србјани

РСВР на СЈВ - СДБ
Експозитура - Кичево
Кичево, 2[illegible].10.1979 год.
Св.бр. 349
Доставено:
- III и IV сектор

П Л А Н

За преземање на оперативни и оперативно технички мерки спрема носителот на НОО "Србјани".

1.- Ќе се изврши диференцијација на неговите врски и тоа во родното место, во Скопје, Белград и други места;

2.- Неговите досега познати врски ќе се диференцираат според односот: Врски - негови истомишленици и врски со кои Службата би можела да разговара и комбинира спрема и околу него;

3.- Ќе се установуваат новите негови врски и истите ќе се секектираат според интересот;

4.- Ќе се ангажира соработник преку кого ќе може да се следи негова непријателска активност и поврзување со истомишленици;

5.- Ќе се врши оперативен увид во работата и односот кон самоуправните органи и законски норми, особено ако тој е осуден за злоупотреба на службена должност;

Работи во одреден со интерес

./.

6.- При патување во други места, особено кога се очекува дека ќе оствари интересни контакти, над него ќе се применуваат мерките следење;

7.- Ќе се следи неговото движење, контакти коментари и други активности во врска на значајни моменти во земјава и во светот во време на акции на Службата;

8.- Ќе се преземат и други мерки и активности со цел откривање, следење и документирање на неговата непријателска активност.

Известувам се анализирам во СЗБ кои одреди во скоро да се изучат (одредени лица) Петрушевски, како што е известено, ќе ги предвиди.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

RSVR-SRM-SDB 29.08.1981 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. 1-07470/8

NOSITEL : DRUGI IMINJA :

PREZIME : KORUNOVSKI NIKODINOSKI

TATKO : [redacted]

IME : STOJAN

RODEN NA 28.08.1932 GOD. VO KIČEVO-S. KNEŽINO

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : SLUŽBENIK

ŽIVEE VO KIČEVO NA UL.G.DELČEV BR.[redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. RAKOVODITEL (ČLEN) NA POVOENA VANČOVISTIČKA ORGANIZACIJA (GRUPA)

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : BIL POD ISTRAGA

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB KIČEVO 1963 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

VO 1963 G.ZAEDNO SO UŠTE OVE LICA SE DOGOVORIL ZA NEPRIJATELSKA DEJNOST NA LINIJA NA MAKEDONSKI ANCIONALIZAM.POTOA NA NIZA SOSTANOCI.NA RAZNI MESTA SE DOGOVARAAT PO PROBLEMI OD ORGANIZACIONA PRIRODA I JA ODREDUVAAT CELTA NA ORGANIZACIJATA.IMENO TAA TREBALA DA SE BORI ZA OBEDINUV.NA MAKEDONIJA I OTCEPUVANJE OD SFRJ.PO PREVZEMENITE MERKI POVTORNO E VO OB RABOTKA PORADI DEJNOST NA ISTA LINIJA I POVRZUV.SO REPRESTRANI VM ELEN.

РСВР - СРМ
СДБ - II сектор
Извор: [redacted]
Опер.раб. Крцоски Перо
Кичево, 7.III.1972 год.
1252

Чиј? 1
1.2.2020

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Саморехабилитирање на младонационалистот Никодиноски Стојан пред изворот Корчноски

На ден 28.II.1972 год.ме побара изворот [redacted] и во подолгиот разговор ме информира дека претходниот ден 27.II.1972 год. кај него дошол фамилијарно Никодиноски Стојан и останал подолго време. Во разговорот Стојан го зафатил и случајот со себе во кој бил осуден за непријателска дејност-национализам. На изворот му рекол дека тој не е непријателот дека тој ништо непријателско не направил, а сиот случај да биде затворен и обвинет бил наместен од други. Пред изворот рекол дека него го наместил на одговорност Ајрадиноски Мустафа од с. Србица, сега живее во Кичево работи на жел. станица. Како Стојана, Мустафа го наместил и Јована Јосифоски а пак Јован насрнал и тој посебно на Стојан. За Јован рекол дека тој такво нешто имал уште од порано а не тогаш. Стојан рекол дека со татко му се фаќал за гуша, се карал само заради тоа што тој (татко му [redacted]) во време на НОБ бил член на ДМ организација. После завршувањето на процесот на обвинување, судење и затворање Стојан го сретнал Мустафа и го прашал зашто така зборувал за него. Мустафа наводно му одговорил и му рекол дека тоа го сторил по барање на [redacted] тогашен службеник на СДБ во Скопје. После тоа Стојан го натерал тоа нешто да му го каже и на обвинителот кое нешто и го сторил (наводно). Обвинителот му рекол на Стојана дека кај него нема кривично дело но дека Стојан не бил доволно отпорлив а бил осуден и заради тоа да се оправда лежењето во истражен затвор.

Пред изворот Стојан изнел едно мислење дека неговото досие во ОВР не е заклучено и стои отворено...

Врз основа на последниот разговор а и поранешните исто така, изворот заклучува - повеќе предпоставува дека Стојан би се сложил да соработува со СДБ.

Стојан пред изворот се исповедал и за својата психичка оптовареност во секојдневниот живот. Рекол дека положбата во општеството, вофабриката се погодни и е потребно да се дискутира, да се разгледуваат некои прашања но дека тој тоа не може да го прави од еден аспект. Го прогонувала мисла дека штом бил станал да нешто дискутира секој би рекол "еве го осудеников - овој е непријател а дискутира".Затоа Стојан не одел на состаноци и со тоа не дискутира, а сакал кога би можел тоа да го прави без да го прогонуваат такви мисли.

Покрај другото, Стојан ја прокоментирал и посетата на Американскиот претседател Никсон на НР Кина како не поволно за Југославија, со тоа што Кина би од Никсон барала западно-европските земји работна рака да земаат од Кина. Со тоа ќе нема каде да оди на работа нашата работна рака.

II

Со изворот и порано се водени разговори во врска со Никодиноски Стојан а според до сега добиените податоци и овој пат на изворот му се верува. Стојан пред изворот е слободен, близок, зборува со поверение, но јак од друга страна, од аспект на опрезност на СДБ најскептички гледам дека Стојан како да знае дека [redacted] по некој случај неговите зборови би ни ги кажал нас.Тој така може да мисли под предпоставка дека [redacted] како поранешен командир на милиција во Кичево;

сеуште работи за ОВР. Едно е јасно нашиот интерес за Стојан е во тек бидејќи стои предпоставка дека како да е организирана и има услови за тоа. Во фабриката каде работи во главен магацин има и други младонационалисти, како Крстески Зоран од реализираната група "Младинци" во 1969 год. Попоски Раде, Симјаноски Стево.

Стојан повремено и привидно се доближува до мене но никогаш не сторил повеќе од желба да се видиме, да отидам дома "некогаш повака", да разговара со мене да ми докаже дека тој ништо не бил крив, дека на општеството - на јавноста ќе покаже кој е тој и сл. Постојано обвинува дека бил насоднат од други односно од Мустафа и Јоше. Поопстојното идно ангажирање према Стојан ќе го покаже и евентуалната вистина:нели тој син на [redacted] кој бил четник,по ослободувањето и добивањето сите права Македонија ќе се ставел во рожа да покаже и докаже спротивното од татко си дека тој е Македонец.Низ тоа истакнување дека е Македонец наспроти дека не е продражи́кевец и да не го јавноста смета како и татко му пренаглил што стигнал и до интерес на СДБ и прогон. Идната работа над него ќе покаже што е точно.

Оперативно е дознаено дека со Димитриоски Цветко нема никаква родбинска врска, а жена му е лута на тоа пријателство. Можно е тука да се работи и за неморал, да е врската меѓу нив [redacted] бидејќи кај Целе работаат повеќе [redacted]

Пред околу 2 год. во покривот на старата куќа на Стојан при поправка на истата, изведувачите на работата пронашле списокови и други материјали на ДМ учесници во НОБ сопственост на [redacted]. Денес тие се наоѓаат кај Стојан, а што сторил тој со нив не ни е познато.

МК

Оперативен работник,
Перо Крцоски

„Зоја"

RSVR-SRM-SDB 03.11.1983 GOD. 1 STRANA

LIČNO DOSIE BR. 1-25567

N O S I T E L :

PREZIME : MARKOSKI

TATKO : [redacted]

IME : STOJAN

RODEN NA 23.02.1948 GOD. VO KIČEVO S.VRANEŠTICA

NARODNOST MAKEDONSKA A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : NEPOZNATO

ŽIVEE VO AVSTRALIJA MELBURN

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII :

1.RAKOVODITEL (ČLEN NA RAKOVODSTVO) NA EM. ORGANIZACIJA (GRUPA)

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB KIČEVO 1983 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKA EMIGRACIJA

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

PRIPADNIK NA DOOM I PRETSEDATEL NA MEK ("MAKEDONSKA ETNIČKA KOMUNA") ZA VIKTORIJA - AVSTRALIJA.

IV Од-03-6718/1903 1

РЗВР на ЈРМ - СДБ
Експозитура - Кичево
С.инспектор:П.Крцоски
Кичево,31.8.1983 год.
Ев.бр. 483
- II,IV сектор

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Македонска емиграција во Австралија

ЛИЦА: МАРКОСКИ СТОЈАН (ТКС "Даицан")

Во месец август 1983 год. добиена е писмена пратка од Маркоски Стојан од Фуцкрај (Мелбурн) Австралија. во Фуцкрај, еден вид циркуларно писмо кое било испратено уште и до други лица. Борис Трајков, Цеце Вељаноски, Ник Макапулос и Џорџ Саид, кој е потписник на писмото.

Сметам дека ова е смислена работа на Стојан по последното писмо што му го испративме ние и во кое имаме настапено во поостра форма спрема него.

Очигледно дека тој е лут, а со ова писмо сака да ни покаже како тој во Австралија е ценет и преставува нешто и некој со што сака да си ја подигне цената.

Писмото го доставувам во прилог на белешкава со цел да се преведе од англиски а за натамошни задачи ќе следи договор со секторот, по преведување на писмото.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

1104

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
С.инспектор:П.Крцоски
Кичево.30.3.1983 год.
Ев.бр. 187
- II,IV сектор

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР:

ПРЕДМЕТ: - Македонска емиграција на Запад.

ЛИЦА: - МАРКОСКИ СТОЈАН (ПОО "Данајан")

Со Маркоски Стојан во 1976/77 год. беа воспоставени односи во кои беа водени разговори по прашања во врска со состојбите во Македонското иселеништво во Австралија и дејствувањето на Македонската непријателска емиграција на Запад во целина. Притоа Стојан пружи податоци, како на основа она што слушал од други, така и за своето поврзување со одделни лица од емиграцијата, за време престојувањето во Австралија. Тогаш Стојан остави впечаток на отворен човек.

Изричито ја изразуваше наклонетоста кон СРМ и СФРЈ како и кон позитивните чинители сред Македонското иселеништво во Австралија. Меѓутоа, морам да додадам дека истиот е не стабилен човек и склон лесно да подлегнува под туѓи влијанија. Таков се смета во средината.

Пред заминувањето во Австралија, со Стојан беше обавен разговор во смисла ангажирање. Без размислување тој прифати, по што беа разменети адреси со цел писмено да се јавува.

./.

По заминувањето, тој неколку пати се јави со писма во кои изнесуваше податоци. о тек на времето, прекина и повеќе не се јавува.

Од разговорите и добиените писма од него, редовно се обработувани (изготвувани) во материјали (Службени белешки) и доставувани до секторот. Како оперативна врска носеше псевдоним "Фуцкрај".

Со оглед на сознанијата на Службата, дека тој во последно време се повраал со лица непријателски расположени во Австралија, и непријателски делувал против СФРЈ; над него СДБ заведе ПОО под псевдоним "Дамјан". Од обзири што порано бил користен како извор и напишано му е писмо со цел да се воспостави врската и продолжи преписката. Писмото во препис на машина е во прилог на белешкава. Испратено му е препорачано на 30.3.1983 год.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

РСВР – СРМ – СДБ
Испостава – Кичево
Инспектор:П.Крноски
Кичево,4.05.1983 год.
Бр. 245
– II,IV сектор

Сд.03-1037/

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР:

ПРЕДМЕТ: – Македонска емиграција
на Запад

ЛИЦА: – МАРКОСКИ СТОЈАН, ПОО "Дамјан".

На 28.04.ог. од страна на Стојан Маркоски, од Мелбурн, Австралија, добиена е писмена порака, која всушност е одговор на нашата од 30.03.1983 год.

Во белешкава, го пренесувам целиот текст од пораката.

Мелбурн, 11.04.1983 год.

"Ми чини задоволство да ви се јавам и најискрено од мене поздравам како одговор на вашето писмо кое за прв пат ми се јавувате во момент кога нагубив надеж дека некогаш ќе се јавите...

Навистина не ќе биде лесно да се даде подполн одговор на вашето писмо немам можеби зборови, можеби храброст, можеби пријатели кои ќе ми веруваат. Навистина како и порано верувајќи ќе ти речам се искрено и точно како и да сум во твојата канцеларија. Судбината прави од човекот што сака. Последен пат ти се јавив 1981 г. и тоа е точно, истата година постанав симпатизер на потоа член на Австралиската Социјалистичка Работничка Партија, се стекнав со нови пријатели и нови идеи. 1982 постанав член на Австралијан Лајбл Партија и веедно постанав Австралиски др-

(Југословенско државјанство. Со мојата активност во политичкиот живот во Австралиското општество се створи интерес кај мене да стораш нешто и за македонските иселеници, да ги помогнам и издигнам на нивото со другите етнички групи во Австралија. Македонците во Австралија живеат во страв од притисоците кој ги врши поедини балкански конзулати и немат рамноправен третман како другите етнички групи-дискриминација од сите страни а никој не застанува во нивна одбрана - препуштени се на самите себе. Австралија им гарантира (хумен рајтс, манмеки рајтс, социјал рајтс) тоест човечки права, национални права, социјални права, како и на сите други националности, некој ни ги одзема, непрекидно се врши врз нас психички терор да се нарекуваме сешто и се али Македонци не. Некому му пречи македонското име - балканските врховисти соработуваат помеѓу себе. Кога велиш дека нешто со мене се случува можеби и си во право. Ја сум познат активиста, јавен македонски активиста во цела Австралија, тоа нешто им пречи на непријателите на Македонскиот народ. Од 2.8.1982 г. јас сум председател на Македонската Етничка Комуна од Викторија. Ова организација е прва јавна македонска општествено-хуманитарна организација, регистрирана по Австралиските закони, не политичка организација. Чисто Македонска, со Македонци од сите делови на Македонија. Ова организација е градител на братството и единството на македонскиот народ. Некому тоа му смета. Ние соработуваме со многу хуманитарни организации од Европа и Америка. Од првата наша Се Македонска Конференција испративме поздравно писмо до Собранието на СР Македонија и Матицата на иселениците од Македонија и до денес немаме добиено одговор. Додека другите балкански држави и без барање на поплавија со книги и весници на англиски јазик...

Голем број на нашите членови се од Егејска и Пиринска Македонија, по тие причини ние не можеме да бидеме Бугарска, Грчка или Југословенска организација, него чисто Македонска. Сепак на мој ризик по моја иницијатива јас воспоставив контакт со Југословенскиот конзул во Мелбурн Цветан Николоски и се обратив за помош. За последниве пет години имам бидено до конзулатот само четири пати

и тоа во последниве четири месеци и имам испратено четири писма и немаме добиено одговор. Од таму од каде очекуваме помош и поддрепа добиваме удари. Ние сакаме соработка и разбирање ние не преставуваме и не сем државотворна организација и никогаш нема да бидеме анти Југословенска или анти Бугарско организација. Нашата активнос нема да ги премнинува границите на Австралија. Доколку некој сака да соработува со нас ние сме спремни во секое време. Кога велиш дека лоше брзо се слуша и во тоа си во право. Во првата средба со Југословенскиот конзулат во Мелбурн ги чув и овие зборови; Стојане јас во тебе гледам комплитно друга особа од она што го има чуено од твоите; пријатеји; Драги Перо, сета моја грешка е во тоа што сум Македонец, нема лицемерие за доказ ти испраќам артикли од весниците. Драги Перо додека стоиш на македонската страна ти никогаш нема да бидеш на спротивната страна од мене. Рачунај секогаш дека сум близу до тебе. Не верувај на сечии зборови. Биди сигурен и кога ќе бидам мртов ќе ги плашам непријателите на МАКЕДОНИЗМОТ.

Никакви заплакувања и никакви пари немоќат да го промеат мојот став. За мене парите немаат голема вредност а смртта е последниот подарок што го подарила природата. Животот во тугина е нестварен како сон.
Носталгија тоа е магепсна сила која трае до три години а после и се бубн силата, интензитетот се намалува-една трећина од мојот живот сум во тугина па психолошкиот инстинкт за прилагодување го направил и своето.

Кога велиш животот е дол-маѕистина, понекогаш и тешок но кој се интересира за нашите судбини. 3000 000 илјади Македонци без надеж за повраток, кој е сноси таа одговорност, кој си го зел правото да работничката класа се продава на западниот империјалистам? Ние сме корисни само на Австралија, ние е изградуваме и воедно сем другоразредни граѓани. Шеесет илјади Македонци и тоа само во Мелбурн тоа се три нови градови како Кичево. Кој се интересира за улотата и местото на македонската емиграција во Австралиското општество? Никој. Тоа треба да биде брига на секој свесен Македонец, било во СР Македонија било овде. Што преставува

Македонија без Македонци? ЈЕС-ПРАВО, ПАБЛИК-НАРОД - ПРАВО НАРОДНО тоа сме НИЕ, РЕПАБЛУКА дел од Македонскиот народ. Ако ние сме против Репабликата ние сме против самите себе. Ние сме дел од македонската РЕПАБЛИКА. Ние односно нашата организација додека јас сум на кормилото никогаш нема да се мева во проблемите на РЕПУБЛИКАТА или Федерацијата-тие проблеми ќе си ги решава работничката класа, ние имаме наши проблеми и тоа крупни каде понекогаш бараме и помош и совет од страна. Пере јас не знам колку сум јасен за вас дали дадов подполно одговор на вашето писмо во сепак се надевам дека во идина доколку има нејасне спремен сум без снобевајне да ви пишам за сше што ве интересира а истовремено и за нашата работа и нашите успеси од МАЦЕДОНИЕН-ЕТНИК КОМУНИТИ ОФ ВИКТОРИЈА. Со напомена дека нашата комуна е само еден бренч на МАЦЕДОНИАН ЕТНИК КОМУНИТИ КОНЦИЛ ОФ АУСТРАЛИЈА.

Примете искрени братски поздрави од вашиот другар Стојан Борисов Марковски и неговата фамилија.

Со надеж дека ќе се јавите и ќе дадете ваше мнение за нашата работа.

Поздрав до целата ваша фамилија и твоите КОЛЕГИ...

II

Во прилог на белешкава доставуваме:"Весник на Македонските општини во Австралија", Фотографија од учесниците на II сабор на МЕК во колор техника, фотокопие од Македонски неделен гласник од говорот на Маркоски на II семамедонски собор, апел до сите Македонци испратен од раководството на МЕК, примерок од П. порака испратена од страна на С.Маркоски до Иле Стојаноски во Лајлор-Австралија, и оригинал П.Порака од С.Маркоски.

Сите овие материјали беа во прилог на пораката од Маркоски.

Самостоен инспектор
Пере Крцоски

RSVR-SRM-SOB 07.07.1982 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. 1-09778/2

N O S I T E L :

PREZIME : RGBEVSKI

TATKO : [redacted]

IME : STOJMIR

RODEN NA 28.08.1931 GOD. VO KIČEVO-S. LAVČANI

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : SLUŽBENIK

ŽIVEE VO KIČEVO-S.SRBJANI

SORABOTNIČKI ODNOS : [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. IZVRŠITEL NA USNA NEPRIJATELSKA PROPAGANDA

2. UČESNIK VO MLADO-NACIONALISTIČKA GRUPA

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : OSUDUVAN NA 5 GOD.

DOSIETO FORMIRANO VO ISOB KIČEVO 1956 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

KAKO VODEN PITOMEC OTPOČNAL DA DELUVA NA NACIONALISTIČKA LINIJA OD SEPA-
RATISTIČKI POZICII VO VRSKA SO MAKEDONSKOTO PRAŠANJE.PO IZDRŽANATA KAZ-
NA STANAL ČLEN NA ORGANIZIRANA NACIONALSITIČKA GRUPA KOJA RABOTELA NA
ISTA OSNOVA.REALIZIRAN E SO ANGAŽIRANJE.NO BIDEJĆI NE RABOTEL.A ISTAPU-
VAL,POVTORNO E VOVEDEN VO CENTRALIZIRANA [redacted] VO 1965 G.E PREVEDU-
VAN,NEDUTOA PRODOLŽIL SO NEPR.DEJNOST.

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава: Кичево
С.инспектор: П.Крцоски
Кичево, 12.12.1980 година
Евидентен број: 683
Доставено до: III и IV сектор

П Р Е Д Л О Г

За реализација на ПОО "Јама"

Над лицето Робески Стојмир, роден 1931 година во с.Лавчани, живее во с.Србјани, завршил висока економска школа, вработен во РО "Копачка" - Кичево, Македонец, државјанин на СФРЈ, оженет, во 1967 година, бил заведен ПОО "Јама" затоа што биле добиени сознанија дека се бавел со непријателска дејност од позиции на македонски национализам и сепаратизам. Непријателска дејност не е докажана, се предлага реализација.

О б р а з л о ж е н и е

Робески во 1949 година по завршување на средно образование, бил упатен (запишан) на воена академија, таму имал непријателски истапи на националистичка основа, заради што бил осуден на 5 години затвор. За време издржувањето на затворот бил помилуван и пуштен од затвор по издржани 15 месеци. По враќањето во Кичево првовремено бил пасивен, но во 1956 година се поврзал со националистичка група "Слога" ("Бура") заради што бил предупреден, но притоа искористен и за расчистување и појаснување на дејноста, организираноста и платформата на групата.

Повремено и после тоа бил контактиран и користен од СДБ. Во 1965 година бил ангажиран за соработник, но соработката била

3.-

Робески за соработка се познати било највредно да се ангажира спрема ПОО "Делитекс" и други познати експонирани лица од Републикава. Реализацијата односно пристапот во разговорите со него ќе бидат по посебно изготвен план за тоа по одобрување на предлогов.

[redacted]

ПРЕДЛАГА:
Сам.инспектор,
Перо Крцоски

[redacted]

о/ЉИ

РСВР НА СРМ-СДБ
ИСПОСТАВА КИЧЕВО
САМ.ИНСПЕКТОР: П.Крцоски
Кичево, 23.01.1982 година
Евидентен бр.____

— 11 —

П Л А Н

На мерки и активности спрема ПОО "ЈАМА"

Во 1982 година спрема ПОО "Јама" ќе се преземат мерки од кои да се добијат сознанија за неговото држење, дали дејствува организирано, кои му се врските, формите и методите на делувањето итн.

За тоа цел ќе се презема следното:

- Ќе се изучат неговите кревки и направи преглед на низ, а потоа ќе се селектираат според тоа кои какво држење имаат;

- Ќе се ангажираат нови поквалитетни оперативни позиции преку кои ќе се следи севкупното негово држење, активност, поврзаност со познати носители и други истомисленици на подрачјето и пошироко и сл.;

- Ќе се следат реагирањата и коментарите за состојбите кај нас и во светот;

- Паралелно со тоа, ќе продолжат контактите со него, кои и во минатото се одржувале, оцени, неговото однесување, а потоа ќе се одреди односот на Службата спрема него се алтернација ако може да се ангажира на следење на непријателската структура од позиции на МНС, како на подрачјето така и пошироко, што ќе доведе и до дерегистрација од водење во ПОО, се ангажирање.

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
Кичево,27.I.1984 год.
Ев.бр. 56

П Л А Н

На мерки и активности спрема ПОО "Јама".

Во планскиот период во 1984 год. зацртано е со ПОО "Јама" да се расчисти, односно преземат мерки и активности по кои ќе се заклучи што понатаму со него, пред се со ориентација да се ангажир

За таа цел ќе се преземе следното:

- Ќе се повика и со него обави разговор по посебно изготвен план, во кој пред се ќе се разгледаат субјективно-објективните услови и можности "Јама" да се ангажира за соработка со СДБ. Притоа да каже кои му се врските во Кичево, со кои е на контакт и спрема кои би можел да се упатува, врските во други места во Републикава (Скопје, Битола, Охрид, Струга и други места), евентуално врски во странство и сл.

- Преку постојните оперативни позиции ќе се преземе следното:
- Опер. врска "Премка" ќе се инструира со нови задачи и поинтензивно да контактира со "Јама", заради следење на неговото дражење контакти со истомисленици и откривање нови врски, коментари и т.н. како и неговиот пристап кон работата и извршување на работните задачи;

- Опер. врска [redacted] ќе се задолжи со задачи исти како и "Премка" со тоа што тој ќе сеусмери и на изучување врски и контакти на "Јама" со други репресирани лица вработени во организацијата како Стојкоски Стојмир, Мирчески Милисав и [redacted].

- Во разговор ќе се опфати [redacted] кој е поранешен дерегистриран соработник на СДБ и притоа направи обид за повторно ангажирање меѓу другото со цел да се искористи и спрема "Јама" Зависно од резултатите со "Јама" дополнително ќе се определат и други задачи.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

IV

Т-Тетр
6.12.74
Бликоси

РСВР на СРМ-СДБ-III-сектор
Испостава
Извор: [redacted]
Оп.раб.П.Крцоски
Кичево 6.XI.1974 година
Ев.бр.7/1587

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Вработување на ППР "Јама"
на раководно работно место.

Од друг извор дознав дека ППР "Јама" се вработил во "Треска" погон "Копачка"-Ки.чево. Од тој аспект обавив разговор со [redacted] шумарски инжинер, директор на погон во "Копачка". Истиот рече дека ППР "Јама" е вработен по конкурс на кој ги исполнувал условите. Примен е од комисија за вработување и отпуштање на работници. Ќе завземе раководно работно место шеф на продајна служба и преку не ќе имал можности да има увид врз целото производство, ќе патувал во повеќе места и ќе работел на контрола на приливот на средствата во фабриката.

II.

Веднаш на изворот му беше предочено минатото на ППР "Јама" , со оглед да тој не знаел за него,пошто е родум од Македонски Брод. Се заложи дека ќе се труди да врши увид врз работата и движењата на ППР "Јама" и за тоа ќе ме известува доколку е од интерес за СДБ.

Инаку ППР "Јама" веќе една година се најдуваше без работа по што напушти работа од производното претпријатие "Младост"Кичево.

Сега тој ќе има повеќе легални можности да се движи како низ градот така и во други места, а нас ни останува да го добро покриеме и обезбедиме неговото движење.

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
П.Крпоски

о.мм

Сд 04-3496/2506

Ш/Уреш - IV -

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
С.инспектор:П.Крцоски
Кичево,17.5.1980 год.
Ев.бр.289
Доставено:
- III,IV сектор

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР: - [redacted], род.1935 год. во Битола живее Кичево, наставник, оперативна врска на СДБ.

ПРЕДМЕТ: - Македонски национализам и сепаратизам
- Акција "Единство"

ЛИЦА: - РОБЕСКИ СТОЈМИР (ПОО "Јама")

[redacted], според наната задача искористил прилика, се сретнал и обавил разговор со Робески кој во изнесувањето бил краток и рекол дека за Југославија била голема загуба што починал Председателот Тито и со тоа и била нанесена голема штета.

На закопот на Другарот Тито се знаело дека нема да дојде Картер бидејќи бил срамен пред светот со неуспешниот обид во Иран да ги спаси заложни цити и што бил завземен со проблеми во САД околу изборите.

./.

Робески после тоа веднаш преминал на својот личен проблем околу неговата работа изразувајќи незадоволство од третманот во РО "Копачка". Зафатил и прашања како во Југославија постоеле "преголеми" распони во плати и за пример зел негов пријател војно лице кој пред 3 години земал плата од два и пол милиони стари динари.

Според изворот, Робески бил извеан човек, не стабилен, без никаков авторитет, изгубен, се сретнувал со него но не гледал и не приметувал кај него организирана непријателска работа, со него никој не се нафаќал на такво нешто. Но, секогаш изразувал незадоволство од личниот третман од одредени лица по одредени прашања.

II

[redacted]го сметам за човек кој е способен да процени и објективно да прикаже состојба. Тој и во други прилики во разговори зборувал за Робески, но сега смета како е наведено.

И од други извори добиваме сознанија за едно покоректно однесување на Робески, односно не располагаме со сознанија на тајно - организирано непријателско држење, туку често изнесување позитивно за Другарот Тито неговото дело и мисли и сл. како и подршка во основните и главни карактеристики на Југословенската политика.

Сум со намера, а за тоа го консултирам и секторот, со Робески (ПОО "Јама") да се отпочни процес на реализација и контакти со него во кои ќе се водат разговори корисни од повеќе аспекти.

Самостоен инспектор
Перо Крцоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1018/1
26 06 2013 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Крцоски Петре од Охрид, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка , на седницата одржана на ден 20.06.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Крцоски Петре, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, со ЕМБГ 2301944430005 роден на 23.01.1944 година бил наредбодател, корисник на информациите од органите на државната безбедност во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Крцоски Петре од Охрид со ЕМБГ 2301944430005, роден на 23.01.1944 година, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи-самостоен инспектор, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29 и 31 од Законот, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и дали бил наредбодател и корисник на информации од таен соработник, согласно Законот.

Во постапката Комисијата утврди дека за лицето Крцоски Петре, во Државниот архив на Република Македонија, во повеќе лични досиеја постојат документи од кои се утврди, дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, добивал и се послужувал со информации од органите на државната безбедност врз основа на кои носел или

учествувал во носење на одлуки со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини. Во личните досиеја бр. 5438, 7074, 4563, постојат повеќе документи кои се заеднички за сите досиеја а тоа се: насловна страница од лично досие од 29.08.1981 година, предлог за наградување на соработник од 25.04.1969 година, службена белешка Ев.бр.41 од 30.01.1980 година, насловна страница од лично досие од 29.08.1981 година, извештај од 29.03.1972 година, службена белешка од 18.01.1974 година, извештај Ев.бр.208 од 03.06.1975 година, извештај Ев.бр.47 од 10.02.1976 година, извештај Ев.бр.21 од 21.01.1981 година; во личното досие бр.21642 постојат: насловна страница од лично досие од 11.02.1982 година, службена белешка од 23.11.1971 година и службена белешка Ев.114 од 12.03.1987 година; во личното досие бр.25796 постојат: насловна страница од лично досие од 14.02.1985 година, предлог за заведување во претходна оперативна обработка на лице Ев.бр.308 од 12.06.1982 година, план на мерки и активности на ПОО "Денис" Ев.бр.309 од 12.06.1982 година и службена белешка Ев.бр.587 од 10.10.1983 година; во лично досие бр.26088 постојат: прашалник за ревизија на лично досие од 18.03.1987 година, службена белешка Ев.бр.72 од 19.03.1986 година и службена белешка Ев.бр.277 од 16.05.1986 година; во личното досие бр.25615 постојат: насловна страница од лично досие од 21.11.1983 година, план за преземање на оперативни, оперативно технички и други мерки Ев.бр.348 од 28.10.1979 година, план на мерки и активности спрема носител на ПОО Ев.бр.196 од 07.04.1980 година, план на мерки и активности спрема ПОО од 23.01.1982 година, план за мерки и активности по ПОО Ев.бр.69/4 од 04.02.1983 година, план на мерки и активности спрема ПОО Ев.бр.54 од 27.01.1984 година и план за работа во 1987 година спрема ПОО Ев.бр.276 од 28.01.1987 година; во личното досие бр.25607 постојат: насловна страница од лично досие од 21.11.1983 година, предлог за примена на мерката "Полог" Ев.бр.263 од 15.04.1982 година, план за преземање на оперативни и оперативно-технички мерки спрема носителот на ПОО Ев.бр.349 од 29.10.1979 година, план на мерки и активности спрема ПОО од 25.01.1982 година, план на мерки и активности по ПОО Ев.бр.69/3 од 04.02.1983 година, план на мерки и активности спрема ПОО Ев.64р.53 од 27.01.1984 година, план на мерки и активности спрема носителот на ПОО Ев.бр.117 од 03.02.1986 година и план за работа спрема ПОО Ев.бр.277 од 28.01.1987 година; во личното досие бр.7470 постојат: насловна страница од лично досие од 29.08.1981 година, службена белешка од 07.03.1972 година и службена белешка од 17.04.1974 година; во личното досие бр.25567 постојат: насловна страница од лично досие од 03.11.1983 година, службена белешка Ев.бр.483 од 31.08.1983 година, службена белешка Ев.бр.511 од 08.09.1983 година; службена белешка Ев.бр.187 од 30.03.1983 година и службена белешка Ев.бр.245 од 04.05.1983 година; ; во личното досие бр.9778 постојат: насловна страница од лично досие од 07.07.1982 година, предлог за реализација на ПОО Ев.бр.683 од 12.12.1980 година, план на мерки и активности спрема ПОО од 23.01.1982 година, план за работа по ПОО Ев.бр.68/4 од 04.02.1983 година, план на мерки и активности спрема ПОО Ев.бр.56 од 27.01.1984 година, план на мерки и активности спрема носителот на ПОО Ев.бр.239/4 од 26.04.1980 година, службена белешка Ев.бр.163 од 07.04.1978 година, службена белешка Ев.бр.171 од 12.04.1978 година; службена белешка Ев.бр.415 од 12.10.1978 година, службена белешка Ев.бр.7/1587 од 06.11.1974 година, службена белешка од 06.12.1972 година, службена белешка од 13.09.1973 година, службена белешка од 18.05.1973 година, службена белешка Ев.бр.185 од 27.04.1978 година, службена белешка Ев.бр.275 од 09.06.1978 година, службена белешка Ев.бр.388 од 09.10.1978 година и службена белешка Ев.бр.289 од 17.05.1980 година.

2 - 3

Од увидот во горенаведените писмени документи, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа да лицето Крцоски Петре преземал дејствија на следење и сослушување на лица, прислушкување и прибирање информации за нив, определување на планови за работа како и мерки и активности, дејствувања за тајно следење и обработка на тие лица, поставување на прислушни апарати во просториите каде делувале, како и тоа, да добивал и се послужувал со информации од други лица-соработници, кои ги проследувал до органите на државната безбедност за активностите на тие лица кои биле земени во оперативна обработка од идеолошко-политички причини.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека лицето Крцоски Петре со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, добивал и се послужувал со информации од органите на државната безбедност врз основа на кои носел или учествувал во носење на одлуки со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини што е согласно член 18 став 6 и 7 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, а согласно член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Крцоски Петре бил наредбодател, корисник на информациите утврдени во Законот, согласно што го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апчев

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.

ДНА: Да се достави до Крцоски Петре, Собрание на РМ, Влада на РМ и Државна Изборна Комисија.

3 - 3

лустриран

ПЕТРЕ НАКОВСКИ

ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

x	1

Број на лично досие	4589
Основен орган	RSVR - SRM
Датум на пополнувањето на прашалникот	30.I.1968 г.

1 1 0 1 0 4 5 8 9	8
0 1 1	10

	презиме	татковско име	име	
1	BELČEV	[redacted]	TAŠKO	11-40

2	Датум на раѓање	17.III.1926 г.	26 42
3	Место на раѓањето и општина	s. Pateli Eg. Makedonija Grcija	0 0 1 0 9 9 47
4	Народност	Makedonec	0 1 4 49
5	Државјанство	SFRJ	0 1 1 51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Skopje, 938 br.59	0 9 0 3 3 56
7	Занимање	asistent na filozofski fakultet	0 1 1 0 59
8	Однос со органи за БР	nemal	0 60
9	КАТЕГОРИЈА — Прва	Bivši privrzenik na RIB	1 6 62
	КАТЕГОРИЈА — Втора	Opravdano somnitelen za sorsbotka so Polska razs. služba	1 1 64
	КАТЕГОРИЈА — Трета	Izvršitel na neprijatelska propaganda	1 1 66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се преземени	Saslušavan vo prihvatilište Idrizovo vo 1960 g.	6 67
11	Колку пати е осудуван		0 68
12	Висина на изречената-осудата		0 0 70
13	Кога е формирано досието	21.VII.1960 g.	6 0 72

14 Кратка содржина на досието:

Učesnik vo DAG od mart 1948 g. do likvidiranjeto na pokretot a potoa preku Albanija otišol vo Polska, kade diplomiral na filozofski fakultet.
Negvoto držanje do 1955 g. mu bilo anti Jugoslovensko na poziciite na RIB, a se manifestiral vo korespondencijata so naši gradjani deluvajći propagandno a istotaka i so svoite stati koi se pečateni vo emigrantskata štampa na KPG.
Za vreme na negovot boravokvo NR Polska sorabotuval so Polskata DB Vo 1960 g. dojden e vo SFRJ.
Vo 1962 g. voveden e vo operativna kontrola pod somnenie da e ufrlen od PRS- Iako nee dokažana negovata delatnost, postojat istapi na nacionalni omrazi, štetni ideološki svaćanja, širenje na negativni vesti od vnatrešen i nadvorešen plan i sl.
Vo 1965 g. e deregistriran od kontrola.

o/Djl

15	Што да се прави со досието	Da ostane vo oper. arhiv

017 74

14 75

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО:
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО:
(читок потпис)

Д.Б. 325/9-III-62 год. 1

I Oddelenie
I Otsek
Izvor:"Nakovski Petar"
Primil: [redacted]
7.III.1962 god.
S k o p j e

Lice:1.Belčev Taško dg.Makedoneo-povratnik od Polska

2839
18
1

SLUŽBENA BELEŠKA - misto

Od razgovorot so liceto Nakovski Petar povratnik od Polska.

Vo razgovorot Nakovski iznese za razgovori koj što gi vodel so Belčev Taško. Dvajcata se videle na 2.III.1962 god. i medju drugi razgovori razgovarale okolu pišuvanje na knigi, raskazi, pesni i sl.a bidejći Belčev ima napišano i saka da mu se otpečati kniga na Nakovski mu rekol deka ovde za pečatenje na knkga e teško. Za da ti se otpečati trebe d bideš dosta afirmiran. Ponatuka mu rekol trebe da pokreneme prašanje za da se obnovi pečatenje na vesnikot "Egejski glas". Na toa Nakovski namerno mu rekol da nemu e poznato za takov vesnik da izleguval pa sega da se obnovi. Belčev mu odgovoril da po toa će razgovaraat drug pat.

Na 4.III.1962 god. se sretnale so Belčev koj šetal so edna ženska na koja imeto nei go znam, a e sestra na Pando Papahristu(Šapkarov) koj se najduva vo Polska. Ženskata sega živee vo Belgrad i skoro diplomirala arhitektura. Dojdena e na gosti pri nejzini rodnini. Vo razgovor nešto osobeno nemalo. Pokasno go sretnale Karuševski Vangel - povratnik od Polska sega živee vo Skopje - avtokomanda a raboti kako nastavnik vo nekoe okolo predava matematika. Vangel mu prišol na Nakovski i mu rekol "štom so Belčev si blizok, kaži mu da ne go napadja vo knigata Begalovski Andon bidejći da nee taka kako što go Belčev prikazuva". Begalovski sega e vo Polska živee vo Ščečin i raboti vo galanterija, a popladne vo biblioteka.

Belčev sega pišuva skripta od polska literatura koja treba da služi vo univerzitetot. Kolku što Nakovski primetil, toj se služel od polski priračnici nameneti za niži i sredni školi. Nakovski misli da tea skripta ne bi trebalo da bide primena bidejći ne odgovara kvalitetno na univerzitetot.

OPERATIVNA BELEŠKA

Nakovski dava vpečatok na čovek koj što znae što e našata služba interesira. Postavi prašanje da ako Belčev insistira za da se bara izleguvanje na "egejski glas" kako da se postavi i vo opšto kakvo držanje da ima prema nego. Mu beše rečeno da nikakvo posebno držanje ne bi trebalo da ima od onoa što go ima kako poznanik i prijatel. Koga go završivme razgovorot se dogovorivme da pak će se vidime, a toj pošto odi na predavanja mi kaža koga e slobocen togajmu rekov da možeme da se vidime na 13.III. na odredeno mesto, a toj reče deka toj će vlegol vo knižara kako da gleda nekoj knigi i taka bi se videle, dava somnenie da e verziran vo vakvi sreḱbi i drženje konspiracija.

Otčukano vo 3 primerka/JK
Dostaveno:
1 pr.vo VIII Oddelenie
1 pr.vo dosḱeto na Belčev
1 pr.vo otsekot

Бр.266/2-1

1

DSVR na NRM
I Oddelenie
I otsek
Izvor: Nakovski Petar
Primil: [redacted]
24.11.1962 god.
S k o p j e

Lica: 1. Belčev Taško, Mg.Make-
donec - povratnik od Polj
ska - asistent na Filo-
zofski fakultet vo Skopje

SLUŽBENA BELEŠKA

Od razgovorot so prijatelskata vrska Nakovski Petar, povratnik od Poljska.

Od razgovorot koj go vodevme od poveće prašanja po karakteristično e što go toj iznese slednoto:

Se sretnal so Belčev Taško vo fakultetot i kratko se zadržal vo razgovor. Belčev mu raspravai deka sega pišuval kniga koja veće bila gotova i go dal rakopisot da nekoj go čitat, a posle će e dal da se pečati. Mu rekol deka pišuval za makedonskata emigracija vo stranstvo, vo što bilo prikažano mnogu za Makedoncite vo site zemji. Nakovski izrazi somnevanje da Belčev može toa da go pravilno opiše. Toj reče da veruvam deka poveće Belčev toa go pravi radi rehabilitacija i za interes. Tova go taka misli što mu e poznato da Belčev vo Poljska ima pišuvano protiv Jugoslavija, a pak vo rabotata na makedonskata emigracija skoro i nebil aktiven, pa prema toa i neće može realno da go toa prašanje i prikaže. Nakovski reče deka će mu poseta da go materijalot pročita i posle mi kaže što e realno, a što nee.

Ponatamka vo razgovorot iznese da i za rabotata na Belčev vo Poljska somneva. Kaže da na nego neefatlivo mu e da Belčev bil raskrinkuvan od odgovorni rakovoditeli na [illegible] dobie dobra rabota i to kako redaktor [illegible] omogući studiranje i sl. Vakvi

slučajno nese poznati da e imalo nekoj raskrinkuvan, a posle nagraden so dobra rabota.

"akovski pred da trgne za Jugoslavija otišol vo komitetot za da e predade kandidatskata kniška i tamo go primil vtoriot sekreter na komitetot po poreklo grk. Vo razgovorot toj go razubeduval zošto da se seli za Jugoslavija, a ne za Bugarija. Mu zborel da ako se useli vo Bugarija ce može da prodolži so studiranje i podobro će mu bide voopšto za negoviot ličen profesionalitet. "akovski mu e rekol da se seli vo Jugoslavija zatoa što saka da živee vo NR Makedonija bidejki da e Makedonec, a ako se useli vo Bugarija to bi bilo isto kako da e i vo Poljska.

Vo razgovorot se dotaknavme dali znae toj kolku ime i kakov e stavot na intelegencijata od Makedoncite. Toj reče da ima okolu 60 lica koj studiraat vo razni gradovi vo Poljska i da nekoj veće završuvat. Za niv se proiznese da neznae ništo lošo, samo nagласi da vo kolku tie se doselat tuka veruva da kaj niv može da se oseti vo prvo vreme reagiranje poradi toa što tie tamo ne osetile nikakva teškotija vo životot bidejki da sami za seve nese vodile griža za nivniot opstanok oni bile stalno vo domovi. Koga bi došle ovde tie veće opravdano moreat da se sami snajduvat za nivniot život vo opšto, što sekako će osetat poteškotija, a ton će im bide i prva poteškoca vo nivniot život. Drugo tie nemat nekoja pogolema prestava za našiot društven život, bidejki se vladi i stalno po domovi kade se vaspitavani po pravilata na domovite vo duhot na taa zemja.

Zabeleška

"akovski e skoro dojden, dosta intelegentan. Politički verziran i ostava vpečatok da može lesno da se

[illegible] a naročito kaj inte-

So nego za prv pat razgovarav za da se što poveće približime so cel da odime na postepeno angažovanje. Ništo konkretno nemu e postaveno od toa da povremeno se viduvame, na što izjavi da razgovarat mu bil prijaten i da e željen da i ponatamu vo sekoj sekame možeme da porazgovarame i da e spremen de ni kaže se što na nego mu e poznato.

Kódano vo 3 primerka

Dostaveno:

1 primerak za VIII oddelenie
1 " vo dosieto na Belčev
1 " vo otsekot
k/ŠK

ДО: СЕКР... ЗНАТРЕ ...50Т...

9 бр. 2501/II
17.4. 1902 год.
СКОПЈЕ

ДО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Т У К А

Dosie br.
Prilog br. 5
Strana br. 1

Ви доставуваме материјал за нововрбованиот Наковски Петре, со псеудоним "Сашо", роден на 17.VII.1937 вод. во с.Кричиште, Костурско,Ег.Македонија, од татко [redacted] и мајка [redacted], Македонец, без државјанство, оженет, по занимање учител, настанет во Скопје.

На врска ке го држи [redacted]

Шеф на I отсек I одделение,

[redacted]

03-5717

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
РЕГИОНАЛНА УПРАВА НА СДБ - СКОПЈЕ
ЛИНИЈА НА РАБОТА: [redacted]

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК: [redacted]

РЕГИСТАРСКИ БРОЈ: 334
ДАТА НЕ ЕВИДЕНТ: 29.7.'94

Врз основа на член 22 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност "Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник број 10/92, поднесувам

П Р Е Д Л О Г

За престанување на соработката со соработникот - лицето Наковски Петре од татко Радо, роден на 17.07.1937 година во с. Кричишта - Костур - Грција, Македонец, државјанин на Р.Македонија, постојано настанат на ул. "892" бр. 56 - Скопје.

Во соработката лицето се водеше под псевдоним "Сашо".

О б р а з л о ж е н и е

На 17.04.1962 година лицето Наковски Петре е заведен во активна соработничка мрежа под псевдоним "Сашо".

Соработникот "Сашо" се користеше организирано од страна на СДБ за оперативно покривање на повеќе лица под третман на СДБ.

Со оглед на тоа дека не постојат објективни и субјективни услови за натамошно негово користење предлагаме соработникот "Сашо " да се дерегистрира, а воедно да се . .ништи и неговото соработничко досие.

Скоп је, 27.07.1994 година

С О Г Л А С Н И
НАЧАЛНИК НА II ОДДЕЛЕНИЕ
[redacted]
НАЧАЛНИК НА РУСДБ-СКОПЈЕ
[redacted]

2.-

О Д О Б Р У В А

Врз основа на член 22 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност и образложението, ценам дека се исполнети условите да престане соработката со лицето Наковски Петре и да се донесе Решение.

Скопје, 27.07.1994 година

НАЧАЛНИК НА II УПРАВА

[redacted]

Врз основа на член 22 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр. 10/92, а по Предлог на Началникот на II Управа, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За престанување на соработката со соработникот - лицето Наковски Петре, од татко Радо, роден на 17.07.1937 година во с. Кричишта - Костур - Грција, Македонец, државјанин на Р.Македонија, постојано населен на ул."892" бр. 56 Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение и поднесениот Предлог на Началникот на II Управа на СДБ, Ев. број: 939 од 29.7.1994 година, се констатира дека се престанати потребите за соработка со лицето Наковски Петре, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Примерок од Решението да се достави до подносителот на предлогот и организационата единица за докуметнација, заради бришење од евиденција, согласно член 76 став 2 од Правилата за работа на СДБ.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1412/1
14.11 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи, по службена должност за лицето Александар Назов од Струмица, согласно член 4, член 10, член 14, 1член 8 став 4, член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност (Службен весник на Република Македонија бр.86/2012), на седницата одржана на ден 14.11.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Александар Назов, лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување - професор на Вишата земјоделска школа во Струмица со ЕМБГ 1908931460000 роден на 19.08.1931 година, бил таен соработник - извор, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите за лицето Александар Назов, лице кое било носител на на јавната функција или јавното овластување - професор на Вишата земјоделска школа, по службена должност, согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, покрена постапка за утврдување на соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од истиот Закон.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата утврди дека за лицето Александар Назов, во Државниот архив на Република Македонија, во личното досие бр.21506 формирано за лицето Иван Дамјанов, постојат документи од кои може да се утврди истиот бил таен соработник и извор, во смисла на член 18 став 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Од увидот во личното досие бр. 21506, се утврди дека се работи за следниве документи: Службена белешка бр.340/17-231 од 25.10.1983 година, составена од 2 (две) страници; Службена белешка бр.213/17-159 од 21.05.1985 година, составена од 2 (две) страници; Службена белешка бр.225/17-165 од 28.05.1985 година, составена од 3 (три) страници; и План за оперативно обезбедување и обработување на предметот во ПОО "Дијамант" од Струмица, составен од 2 (две) страници;

Во горенаведените документи јасно се гледе дека лицето Александар Назов, се користел како извор при прибирање на информации за лицето Иван Дамјанов со псевдоним "Дијамант", во врска со неговите ставови за работата на школото, но и за дискусиите кои се воделе по повод смртта на Енвер Хоџа и состојбите во НСР Албанија. Исто така изнесувал и ставови на "Дијамант" и Љупчо Дрвошанов, во врска со екскурзија на студентите во Бугарија. Во планот за оперативно обезбедување и обработување на предметот во ПОО "Дијамант", Александар Назов е наведен како еден од лицата со кои ќе се интензивираат контактите за "континуирано следење и документирање на секаков вид непријателска активност и други негативни манифестации".

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Александар Назов, постојат документи во органите на државната безбедност, дека тој како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, ,член 18 став 4,член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Александар Назов, бил таен соработник на органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Арнев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд Александар Назов, да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Државната изборна комисија и лицето Александар Назов.

2 - 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 02-1161/1
10.01. 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи, по службена должност за лицето Петре Наковски од Скопје, согласно член 14, 20 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка(" Службен весник на РМ" бр.38/05) , на седницата одржана на ден 10.01.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Петре Наковски со ЕМБГ 1707937450060, роден на 17.07.1937 година, во с. Кричиште, Костурско, Егејска Македонија, со псевдоним "Сашо" бил вршител на јавна функција-амбасадор.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Петре Наковски од Скопје со ЕМБГ 1707937450060, роден на 17.07.193 година во с.Костурско Егејска Македонија, лице кое било носител на јавна функција-амбасадор, постапувајќи согласно член 14 и 20 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност по службена должност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата утврди дека за лицето Петре Наковски, во Управата за државнаа безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат документи во микрофилм бр.04304029079422066100 од досие формирано од поранешната Управа на службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, од кои се утврди соработка со органите на државната безбедност.

Такви документи постојат и во досие водено за друго лице во Државниот архив на Република Македонија .

Во досието за лицето Петре Наковски, добиено од Управата за државна безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат следниве документи: евиденционен лист од 03.11.1995 година; допис од 17.04.1962 година; предлог за престанување на соработката рег.бр.934 од 29.07.1994 година, со одобрение од началникот на 2-ра та управа; и решение за престанување на соработката. Другите документи, согласно подзаконските акти на Управата за безбедност и контраразузнавање биле поништени.

Во Државниот архив на Република Македонија, во личното досие бр.4589 водено за лицето [redacted] постојат следните документи од кои се утврди соработката со органите на државната безбедност на лицето Петре Наковски: документ-лично досие бр.4589 од 23.05.1990 година, составено од една страна; прашалник за ревизија на лично досие бр.4589 од 30.01.1968 година, составено од две страни; службена белешка бр.325/9 од 07.03.1962 година, составена од една страна: оперативна белешка; службена белешка бр.266/27 од 24.02.1962 година, составена од три страни.

Од увидот во документите, добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи се утврди дека лицето Петре Наковски од Скопје, бил регистриран соработник на поранешната Служба за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи, дека истиот имал и добиено псевдоним-"Сашо" и дека поради престанувањето на објективните услови за соработка, во 1994 година, предложено е, соработката да престане, а истиот да биде дерегистриран.

Од увидот во документите добиени од Државниот архив на Република Македонија, опфатени во досието бр. 4589, за лицето [redacted] во службените и оперативната белешка, се утврди дека Петре Наковски на службата им давал информации и им укажувал одредени сознанија за тоа лице кои било интересно за Службата за државна безбедност, а кои биле земени во оперативна обработка и интерес за Службата. Информирал околу залагањето на лицето [redacted] за излегувањето на "Егејски глас", како и за ставот на интелигенцијата од македонците. Кај инспекторот оставал впечаток дека може лесно да се прилагоди и постави во секоја средина, а нарочито кај интелигенцијата. Разговорот му бил пријатен и дека бил "желен" да и понатака е спремен да каже се што на него му е познато.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Петре Наковски постојат документи во досиејата на органите на државната безбедност, дека тој , како таен соработник информатор при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, притоа остварувајќи и погодности за себе при напредување во службата, со што се исполнува условот од член 4 и 18 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност по службена должност.

Од сето погоре изнесено, согласно член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на

документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Петре Наковски бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Арнев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Петре Наковски, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државната изборна Комисија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-3455/3
06.12 2012 год.

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за дополнување на решението бр.07-3455/1 од 15.10.2012 година, согласно член 3 став 2, член 219 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2005, 110/2008 и 118/2008) и член 14 став 1 алинеја 11 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, на седницата одржана на ден **06.12.2012** година го донесе следното

ДОПОЛНИТЕЛНО РЕШЕНИЕ

Решението бр.07-3455/1 од 15.10.2012 на Комисијата за верификација на фактите се дополнува.

Решението од став 1 во изреката, по зборот: "ЕМБГ 1707937450060", се додаваат зборовите: "со псевдоним Сашо", а во останатиот дел останува непроменето.

Со ова дополнително решение се решаваат сите прашања кои не беа опфатени со решението кое се дополнува.

Образложение

Комисијата за верификација на фактите, за лицето Петре Наковски од Скопје донесе решение бр.07-3455/1 од 15.10.2012 година, со кое утврди соработка со органите на државната безбедност. Во тоа решение не е утврдено дека лицето Петре Наковски, покрај соработката со органите на државната безбедност во својство на информатор, бил и регистриран соработник со органите на државната безбедност и дека истиот имал добиено и псевдоним "Сашо", под кој организирано бил користен од Службата за државна безбедност.

Постапувајќи согласно член 14 став 1 алинеја 11 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и член 3 став 2 и 219 став 1 од Законот за општата управна постапка - собирајќи, истражувајќи, анализирајќи и оценувајќи документи кои содржат информации за активностите согласно со членот 4 од овој закон, Комисијата по службена должност, разгледа и утврди нови факти и нови докази за други прашања кои не беа одлучени за лицето Петре Наковски од Скопје, односно дека истиот бил регистриран соработник на поранешната Служба за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи, дека добил и псевдоним "Сашо". Тие докази (документи) се следниве: евиденционен лист од 03.11.1995 година; допис од 17.04.1962 година; предлог за престанување на соработката рег.бр.934 од 29.07.1994 година, со одобрение од началникот на 2-ра та управа; и решение за престанување на соработката.

Со новите факти и докази изнесени во ова решение, Комисијата ги реши сите прашања кои се предмет на ова постапка за лицето Петре Наковски од Скопје, поранешен носител на јавна функција - Амбасадор.

Комисија за верификација на фактите
Претседател,
Томе Апчев

ПОУКА: Против ова решение може да се поведе постапка пред надлежниот суд во рок од осум дена по приемот на решението.

ДНА: До Петре Наковски.

2 - 2

лустриран

РАСТИСЛАВ ТЕРЗИОСКИ

RSVR-SRM-SDB IV SEKTOR 29.06.1992

DEREGISTRIRANI SORABOTNICI

DOSIE ZA LICE

USDB - SKOPJE

7 STRANICI

0430 40 120981 220 661 00

SORABOTNIKOT 'BARBAROS' E ANGAZIRAN PO MNS VO INI - SKOP
JE. VO TEKOT NA SORABOTKATA POKAZAL SOLIDNI REZULTATI.
DEREGISTRIRAN E NA 19.04.1990 GOD. PORADI PENZIONIRANJE.

L I C A			DATUM I MESTO NA RAB. STR.
TERZIOSKI	[redacted]	RASTISLAV	27.10.1932 PRILEP 1

OBRABOTIL [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK [redacted]

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
БРОЈ.НР. 2592
12.09.1981 година
СКОПЈЕ

01-7226
Кон IV.

Недоумица с словото
и јасно, но да видиме
сепак некогаш добро
да се сфати

Милиц

Тимо
Жупанчиќ
11

П Р Е Д Л О Г

за регистрирање на соработник

Јането ТЕРЗИОСКИ РАСТИСЛАВ, од татко [redacted] и мајка [redacted] роден на 27.10.1932 година во Прилеп, завршил филозофски факултет, Д-р по историски науки, вработен во Институтот за национална историја - Скопје, разведен, татко на едно дете, стално настанет во Скопје на ул."487" бр. [redacted], воената обврска ја регулирал, член е на СК, нема евиденција на СЈБ и СДБ не викува.

Терзиоски Растислав потекнува од семејство чии родители по занимање биле учители. Неговиот татко [redacted] роден 1892 година во Македонски Брод, починат како учител, работел во повеќе места, Македонски Брод, Прилеп и с.Дебреште - прилепско. Исто така и неговата мајка [redacted] по потекло од Г.Велес, почината се занимавала со учителска дејност.

За време на НОВ имале пасивно држење. Растислав од потесно семејство има четири сестри и тоа: [redacted] на и еден брат по име [redacted]

[redacted] е најстара негова сестра, по занимање е професор по биологија, омажена е за академикот [redacted] по занимање е учителка и со семејството живее во с.Дебреште, Прилеп.

Исто така и [redacted] занимање е учителка, омажена е за проф. [redacted] проректор на Скопскиот универзитет. [redacted] по занимање е медицинска сестра, со семејството живее во с.Јабука - Панчево.

[redacted] братот на Растислав роден е [redacted] година во с.Дебреште, Прилеп, по занимање е Д-р [redacted] вработен е во Ренгенолошкиот институт - Скопје, со семејството живее во Скопје.

Терзиоски Растислав раното детство го поминал во с.Дебреште, Прилеп, каде го завршил и основното училиште. Гимназија учел во Прилеп и како ученик во VI клас станал член на СКОЈ во 1947 година. Во тоа време учествувал и во повеќе работни акции како "Братство единство" и други локални акции. По завршувањето на гимназијата во 1951 година бил распореден за учител во с.Ропотово, Прилеп, а во 1953 година заминал на отслужување на воената обврска во Загреб, од каде потоа по регулирање на истата во 1954 година се запишува на Филозофскиот факултет во Скопје на групата историја. Како солиден студент факултетот го завршил во 1958 година. За време на студиите пројавил општествена активност, бил претседател на студентската организација на историската група и сл. Во 1959 година се вработил во Институтот за национална историја како асистент, каде без прекин работи и сега. Се занимава - работи на проблематиката од НОВ; Историјата на македонскиот народ, периодот од 1941 до 1945 година. Од оваа проблематика има објавено повеќе трудови (монографии, зборници на материјали, зборници на документи од НОВ, статии и др.). Докторирал на историските науки во 1965 година на тема: "Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија; кој труд во 1974 година отпечатен е во издание на ИНИ и награден со Ноемриска награда.

Во редовите на СК членува од 1961 година и пројавил покрај научната и голема општествено-политичка активност. Бил неколку пати секретар на партиската организација во ИНИ, потоа претсе-

дател на Синдикалната организација, претседател и член на Собранието на историчарите на СРМ, претседател на Научниот совет во ИНИ, секретар на Југословенската делегација на Југословенско-советската комисија по историски прашања. Во врска со проблематиката со која се занимава и пошироко истражувал во архивите во повеќе ИКЗ како СССР, НР Бугарија и др.

Растислав бил оженет за [redacted] од татко [redacted] веен пензионер, учесник во НОВ, родена во 1936 година во с.Пера, Битолско, по занимање правник, вработена во Уставен суд на СРМ.

Во брачот имаат еден син [redacted] студент (како ученик предупредуван од Службата, заради тоа што напишал текст на училишна група со проталинистички гледишта) кој живее со неговата мајка.

Терзиоски Растислав неколку години се користи како оперативна врска при оперативната обработка на лицата заведени во ПОС по линија на МНС, а се вработени во ИНИ како Дракуловски Симон, Ристевски Блаже, Битовски Крсте и др.

Посебно видна е неговата соработка со Службата од неговите чести патувања и престои по разни основи, истражувачка работа, научни конгреси, симпозиуми и сл. во странство, особено во ИКЗ, СССР, Румунија, Бугарија и други земји каде остварувал контакти со разни личности интересни за СДБ, односно информирал и за други појави и состојби како во земјата и странство.

Во досегашната соработка со Терзиоски постигнати се добри резултати кои се темелат на едно организирано, ангажирано и совесно извршување на поставените задачи.

Благовремено информирал за националистичката активност на горе-споменатите лица, манифестирана преку јавни истапи, вербални напукувања или пишани текстови и сл. нивни патувања по разни осно-

ви надвор од земјата, симпозиуми и други манифестации на културен и научен план. Информирал за лицата интересни за СДБ кои ги посетуваат на работното место како Гане Тодоровски, Миле Неделковски, Богомил Ѓузелов и др.

Тргнувајќи од неговиот широк круг на познанство, големата комуникативност и пријателството со споменатите лица, воедно ценејќи ги резултатите и спремноста за идна соработка условуваат моќност да Терзиоски Растислав одговори на нашите идни задачи.

Неговото интелектуално ниво е на висина, го красат позитивни човечки особини, скромност, сталоженост, педантност, трудољубивост, одговорност и сл.

Имајќи ги во вид неговите човечки и идејни квалитети, средината во која работи и живее, резултатите покажани во досегашната соработка, како и можноста и ситуацијата да на непосреден начин ги следи сите настанати појави и непријателската активност на споменатите лица како и нивните привржаници, исполнети се условите за негово регистрирање за соработка.

Кандидатот ќе го носи псевдонимот "БАРБАРАС"

Врската ќе се одржува непосредно.

СОГЛАСЕН
НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ
[redacted]

ПРЕДЛАГА
САМ [illegible]
[illegible]

СЛОБРУЊА
НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

Број на акт. 02-419 01/304-0/120981 2 Број на "Интерно" 7
РСВ - [redacted] - I Сектор 206610

ДО УПРАВАТА ЗА СЛУЖБАТА ЗА ДБ - СКОПЈЕ

Извршена проверка и достапните податоци за оценка за безбедносната подобност на лицето [redacted], роден на 27.10.1952 година во Прилеп, по националност професор, со стан на ул. [redacted] Скопје - Сопиште.

Лицето во времето од 16-19 август 1986 година боравел во Белград и при тоа контактирал со лице натурализирано во Советска ФР.

Проверката треба да содржи и оценка за евентуален разговор со лицето со цел расчистување на основот на неговите контакти.

12.9.1986 година

НАЧАЛНИК НА I СЕКТОР
[redacted]

Кога е примена на шифр дел
Кога е предаден на наш дел
Забелешки

6

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОП.РАБОТЕНИК: [redacted]
Внес.број: [redacted]
19.04.1990 година
С к о п ј е

Врз основа на член 49 од Правилникот за работа на СДБ од [redacted]

П Р Е Д Л О Г

За регистрирање од соработничката врска на лицето ТЕРЗИОСКИ РАСТИСЛАВ, од татко [redacted] роден на 27.10.1932 година во Прилеп, Македонец, државјанин на СФРЈ, д-р по историски науки, вработен во КИК-Скопје, од крајот на 1988 година пензионирран, живеалиште во Скопје на ул."487" бр.[redacted]

О б р а з л о ж е н и е

Во текот на месец септември 1981 година Терзиоски Растислав беше ангажиран за соработник на СДБ под псевдоним "Барбарос". Неговото ангажирање за соработник беше резултат на неколкугодишното користење како оперативна врска при оперативната обработка на лицата евидентирани во КК по линија на КИК, вработени во КИК-Скопје како [redacted] "Водилорец", [redacted] "Виктор", [redacted] "Дворник", [redacted] "Асистент" и др.

Во досегашната соработка со Терзиоски постигнати се добри резултати кои се темелат на организирано ангажирање, конспиративно и совесно извршување на поставените задачи.

благовремено информирал за националистичката активност на горе-споменатите лица, нивни патувања по разни основи надвор од земјата, симпозиуми и други манифестации на културен и научен план, за лицата интересни за СДБ, со кои комуникација остварувале на работното место и сл.

Посебно важна е и неговата соработка со Службата од неговите чести патувања и престои по разни основи, истражувачка работа, научни конгреси, симпозиуми и сл. во странство, особено во [redacted], СССР, Романија, Бугарија и други земји каде остварувал контакти со разни личности интересни за СДБ, односно информирал и за други појави и состојби како во земјата и странство.

Меѓутоа, со оглед на тоа што после пензионирањето Горановски Ристислав [redacted]ова ја има прекината комуникацијата со лицата, за кои и беше ангажиран за соработник на [redacted], службените патувања и престои по разни основи во странство, како и со оглед на тоа што поголемиот дел од споменатите лица се дерегистрирани од понатамошна обработка и повеќе не постои основот на ангажирањето,

Предлагаме истиот да се дерегистрира од активната соработничка мрежа на [redacted] по линија на македонски национализам и сепаратизам.

[redacted]

Божидар Јакимовски

[redacted]

Стевчо [redacted]

IV 04-1637

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИНСПЕКТОР: Милорад Лазески
Ев.бр.: 738
16.03.1980 година
С К О П Ј Е

Едноструко!

ЛИЦА: ПОО "УЧЕНИК"

ТЕРЗИОСКИ ПРЕДРАГ, ученик во III/3 клас во гимназијата "Никола Карев" Скопје.-

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

На 14.03.1980 година обавив разговор со оперативната врска "Историчар" инаку татко на Терзиоски Предраг. Разговорот беше обавен во неговиот дом, а предмет на истиот беше бегањето – заминувањето на Предраг од домот на неговата мајка [redacted] без најава и губење во непознат правец. "Историчар" изјави дека за таквиот потез на неговиот син разбрал од негови пријатели и се изненадил, но причини за тоа не можел да согледа бидејќи, Предраг живеел со мајкаму, со која пред осум години биле одвоени, разведени, а кај него истиот доаѓал повремено за пари да му даде и сл.

Заради таквите околности не бил во објективна можност да над Предраг има поголема контрола и увид. Имено, за него знае дека добро учел, бил одличен ученик но го зачудил фактот што во оваа година настанале нагли промени во успехот и во една средба и разговарал со Предраг истиот му изнел дека тоа е само привремена слабост и ветил дека ќе се врати на старите позиции со успехот. Оценувајќи да лошиот успех на Предраг не би значел повод за таков чекор на "Историчар"му беше предочено за активноста на Предраг и напишаниот текст на училишната клупа со непријателска содржина, при што ис-

тиот во моментот делуваше изненадено и просто не веруваше дека така нешто може да стори неговиот син, запрашувајќи да ли е точно констатирано да е тој или можеби е некој друг, кое нешто му беше целосно објаснето и потврдено, Изненаден прашуваше што би можело да го наведе Предраг да прави такви работи, истакнувајќи да не случајно контактира со така инспирирани и задоени другари, соученици и сл., односно се движи во така ориентирани средини, напоменувајќи дека навистина тој од разведувањето со мајкаму немал можност и услови за поцелосен увид со огледда на Предраг и самата мајка му забранувала за чести видувања и т.н., односно настојувала што повеќе го отуѓи од него. Како што напомена предходно го знаел дека добро учи, едновремено Предраг и многу читал и бил напреден доста за својата возраст, а на располагање имал разна литература како од книжевен фонд така од научен и историска граѓа која "Историчар" ја прибирал од поодамна и ја користел во обавувањето на својата функција. Со самото разделување во бракот тој од станот ништо не понел тоа што го имал тамо останало па и книгите кои на Предраг му биле при рака па којзнаел тој како ги толкувал при читањето и тоа што не го исклучува фактот тоа нешто да му послужило за некаква инспирација која е тешко сватлива и разбирлива, односно "клицата" за таквата активност на Предраг во тие моменти "Историчар" не му беше разбирливо и не можеше да си ја објасни. Понатака додаде дека Предраг е сеуште личност несозреана, разгалена, комотна, полн со бујна машта и фантазија, а во тоа нешто покрај годините допринела слабата контрола како и можеби во самиот развој. му се одразило и одењето во Лондон два пати за учење на јазикот, цени дека тоа прерано му е дозволено на 14 години и т.н.

Се сеќава дека при последниот контакт во текот на февруари кога Предраг го посетил дома меѓу другото му спомнал дека летово има намера повоно да оди од Југославија, а би сакал да појде во САД и притоа му го спомнал неговиот подалечен род -

нина, братучед Терзиоски Драгиша кој живеел во САД па едновреме му побарал и адреса на што добил одговор дека има но таа е стара па во текот на оваа година ако Драгиша дојде би се договориле поконкретно за неговото одење и сл. На крајот "Историчар" истакна дека ќе настојува да неговиот син се врати и каде да е да го продолжи училиштето, а едно времено рачуна на Службата дека ќе допринесе во целост за отргнување од таквите заблуди на Предраг, тотална корекција и одење по правилниот пат во животот.

IV - Сметам дека она што "Историчар" го истакна во однос на "Предраг" како личност како и за другите околности, моменти и ситуации и сл., има реалност што одредени сознанија се потврдија и имаа разговорот обавен со мајката на Предраг [redacted] заедно со оперативниот работник [redacted].

Оценка е дека во иднина "Историчар" ќе има еден поодговорен однос и контрола со што ќе допринесе во изградувањето и дооформувањето на Предраг на позитивен план.

И н с п е к т о р
[redacted]

о.мм

ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

X 1

Број на лично досие	25612
Основен орган	УСЈБ Скопје
Датум на пополнувањето на прашаликот	18. 11. 1983

1 0 2 5 6 1 2 8

4 1 10

	презиме	татково име	име	11-40
1	Терзиевски		Перица	
2	Датум на раѓање	31. 8. 63 год		63 42
3	Место на раѓањето и општина	Битола	1	1 4 8 0 2 4 0 0 9 47
4	Народност	Македонец		1 1 2 43
5	Државјанство	СФРЈ		1 0 0 51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Скопје	1	1 8 2 5 1 0 4 56
7	Занимање	ученик		0 4 0 6 59
8	Однос со органи за ВР			1 60
9	КАТЕГОРИЈА Прва	Лица на бирократско-државни позиции		63 62
	КАТЕГОРИЈА Втора	Членување на ~~СКОЈ~~		42 64
	КАТЕГОРИЈА Трета			66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени			67
11	Колку пати е осудуван			68
12	Висина на казната-осудата			70
13	Кога е формирано досието			8 3 72

14 Кратка содржина на досието: ~~Терзиовски Трајко~~ не 27.2.80 год. не ерно од клучните во лик Никола Керв'ска, по најпуна шеалитет, за живее СКЈ(б); за живее СССР; за живее Југославија; македонците се бугари; македонија е недробов дел од Бугарија; големосрбите од власта во Белград, сакаат да ги денационализираат македонските бугари. Големиот руски народ треба да биде јарко жив кое треба да се содржат сите словенски народи - Уште Вистинското слобода.

15	Што да се прави со досието	003

74

75

ПРАЩАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: Јакш. Вељаноски
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: .....
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: .....
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: .....
(читок потпис)

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Барбарас" - соработник
САМ.ИНСПЕКТОР: [redacted]
ЕВИД.БР. 2377
30.07.1982 година
С К О П Ј Е

ЛИЦЕ: Ансоров Ратко од татко [redacted] роден 1937 година во с.Моноспитово, Струмица, емигрант во САД, Бафало, поранешен припадник на МПО.

Низ евиденција на СДБ минува - досие бр.7749.

И З В Е Ш Т А Ј

На 27.07.1982 година остварив контакт со изворот во неговиот дом и притоа ме информира дека предходниот ден се сретнал со Ансоров Роберт од Скопје вработен во Републички завод за школство, со кого се познаваат од поодамна и неговиот брат Ансоров Ратко со кого прв пат се запознал. Од разговорот дознал дека Ратко живее во САД, и тоа од поодамна, имал сопруга Американка, а допатувал на годишен одмор и да ги посети своите во Струмица и неговиот брат во Скопје. Во пошироките разговор Ратко проја-вил интерес дали сегашните тврдења сврзани за историјата на ма-кедонскиот народ, јазик и култура се базираат врз вистинска историска документација и дали таквите тврдења и документација за самобитноста на македонскиот народ може да преставуваат до-волен против аргумент наспроти идеологијата и тврдењата на МПО. Притоа потенцирал дека непријателската активност и пропаганда по-себно била ориентирана против заедништвото на Југославија, со цел да укажат дека моменталната ситуација со Македонците не е нивна вистинска желба дека е тоа вештачка творевина од 1944 го-дина, наметната од Србите и сл.

Истовремено се произнел дека во најново време и покрај таквата пропаганда на МПО меѓу помладите Македонци кои живеат во САД

истата станува се' побанална и понеприфатлива меѓу тој свет, кој бара против аргументација во побивање на нивните тези. Смета дека досега на тој план мошне малку се чини и има потреба од едно пошироко преставување на историска граѓа и литература непосредно сврзана за историјата, историскиот развој, јазик и култура на македонскиот народ со цел вистинско согледување. Во тој контекст додал дека се' она што се чини на општо југословенски план со разни културни, забавни и други манифестации многу малку се постигнува ефект, бидејќи југословенството меѓу македонската емиграција тешко се прифаќа.

Оценил дека подостатно би било и далеку поголеми ефекти би се постигнале на тој план до колку би се презентирало се' она што е и што обележува национално македонско.

Притоа ја спомнал и фамилијата на Марија Бунева за која рекол дека се високи интелектуалци со авторитет и како такви се наоѓаат во врвот на МПО.

II

Изворот е проверен низ досегашната соработка со СДБ. Сознанијата кои ги презентира ценам дека се точни.

Истиот се користи при обработката на лица во ПОО по линија на МНС и при негови службени патувања најчесто во ИЕ земји.

Напоменувам дека ова е случајна средба со Ансаров Ратко. Со оглед да изворот со неговиот брат Ансаров Роберт се поодамнешни пријатели, Роберт користејќи ја таа прилика, а знаејќи дека изворот се бави со научна работа на полето на историските науки, интересно е да се напомене дека Роберт инсистирал кај изворот за поаргументирано и понаучно му изнесе работи сврзани со историскиот развој на македонскиот народ со цел да му расветли и

развие низа нејасноти и дилеми на Ратко, односно му ја прикаже вистинската состојба и статутот на Македонците во рамките на СФРЈ и пошироко.

На крајот на поменувам дека синот на Роберт, Емил веќе неколку години престојувал на студии кај неговиот чичко Ратко во САД.

Со службената белешка да биде запозната ИСДБ - Струмица заради преземање на соодветни мерки према Ратко, т.е. евентуално се искористи неговиот престој за еден поширок разговор и сл. по оценката.

САМ.ИНСПЕКТОР
[redacted]

ВТ/

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
СТ-693/1
27-03 2013 год
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Растислав Терзиоски, од Скопје, согласно член 10, 14, 2 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 22.03.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Растислав Терзиоски од Скопје , роден на 27.10.1932 година во Прилеп, со ЕМБГ:2710932450024, со псевдоним "Барбарас", лице кое било носител на јавна функција - научен советник во Институтот за национална историја-Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

За Растислав Терзиоски од Скопје, лице кое било носител на јавна функција - научен советник во Институтот за национална историја - Скопје, Комисијата за верификација на фактите по службена должност, согласно член 14 и член 20 од Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во истиот Закон, по претходно добиен список на носители и бивши носители на јавна функција во Институтот за национална историја бр.03-22/2 од 12.01.2012 година. Врз основа на известувањето на Министерството за внатрешни работи, Управата за безбедност и контраразузнавање, бр.сд.36-48/1 од 09.01.2013 година, како и со увид во документацијата во Државниот Архив на РМ, се утврди дека лицето Растислав Терзиоски, евидира во евиденциите на Управата за безбедност и контраразузнавање, а за него постојат документи и во Државниот архив на Република Македонија.

Управата за безбедност и контраразузнавање достави до Комисијата копија од микрофилмски запис бр. 043040 120981 220 661 00 составен од следните документи тоа: Регистрационен лист на соработник од 29.06.1992 година, составен од 1 (една) страна; Предлог за регистрирање на соработник Ев.бр.2592 од 12.09.1981 година, составен од 4(четири) страни; Наредба за целосна проверка на РСВР-СРМ-СДБ-I-Сектор од 12.09.1986 година, составена од 1 (една) страна; и Предлог за дерегистрирање од соработничка мрежа Ев.бр.359 од 19.04.1990 година, составен од 2(две) страни, додека досието со документите од соработката е уништена согласно подзаконските акту на УБК.

Од истражувачката работа на членовите на Комисијата за верификција на фактите во Државниот архив на Република Македонија се најдени следните документи: Прашалник за ревизија на лично досие бр.25612 од 18.11.1983 година, составен од 2 (две) страни; Службена белешка Ев.бр.738 од 16.03.1980 година, составена од 3 (три) страни; Извештај Ев.бр.2344 од 30.07.1982 година, составен од 3 (три) страни.

Од увидот во горенаведените документи за лицето Растислав Терзиоски од Скопје, се утврди дека: Предлогот за негово ангажирање е даден на 12.09.1981 година, како резултат на неговото повеќегодишно користење како оперативна врска, при оперативна обработка на лица вработени во ИНИ како [redacted] и др. Ратислав Терзиовски,информирал за националистичката активност на споменатите лица, манифестирана преку јавни настапи, вербални искажувања низ пишани текстови, нивни патувања по разни основи надвор од земјта. Информирал за лица интересни за СДБ кои ги посетувале на работното место како [redacted] и други. Меѓутоа, со оглед на тоа дека после пензионирањето ја прекинал комуникацијата со лицата за кои и бил ангажиран, на 19.04.1990 година е даден предлог за негово дерегистрирање од активната соработничка мрежа на СДБ по линија на македонски национализам и сепаратизам и на 19.04.1990 година е дерегистриран.

Сите овие докази за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Растислав Терзиоски, постојат документи во органите на државната безбедност, дека тој, како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност, во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеа, оформени и

водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, со што се исполнува условот од член 4 и член 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 18, 27 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за верификација на фактите утврди дека лицето Растислав Терзиоски, бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон, и затоа одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател
Томе Алцев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Растислав Терзиовски.

лустриран

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ

КЗУК-СКМ-СДБ 22.08.1980 ГОД. СТРАНА

ЛИЧНО ДОСИЕ БР. 1-02741/7

Н О С И Т Е Л :

ПРЕЗИМЕ : ХАЗИУ

ТАТКО : [redacted]

ИМЕ : НИЗЕТ

РОДЕН 1945 ГОД. ВО ГОСТИВАР-С. ГРАДЕЦ

ПО НАРОДНОСТ АЛБАНЕЦ А ДРЖАВЈАНИН НА СФРЈ

ЗАНИМАЊЕ (РАБОТНО МЕСТО) : ЛЕКАР

ЖИВЕЕ ВО ГОСТИВАР НА УЛ.БЕЛИЧИЦА ББ

СЕ ЈАВУВА КАКО ПРИПАДНИК НА СЛЕДНИВЕ КАТЕГОРИИ :

1. ИЗВРШИТЕЛ НА ЛСНА НЕПРИЈАТЕЛСКА ПРОПАГАНДА

ДОСИЕТО ФОРМИРАНО ВО ИСДВ ГОСТИВАР 1976 ГОДИНА

ЛИНИЈА НА РАБОТА : АЛБАНСКИ ИРЕДЕНТИЗАМ

МАНИФЕСТИРАНА НЕПРИЈАТЕЛСКА ДЕЈНОСТ И КАРАКТЕРНИ ОСОБИНИ :

КАКО СТУДЕНТ ВО ЗАГРЕБ ЗАЕДНО СО СВОИ СОМИСЛЕНИЦИ ВО ИСТИ СТАН ЈА ЧУВАЛ СЛИКАТА НА ЕНВЕР ХОЏА, АЛБАНСКО ЗНАМЕ И ДРУГ ПРОПАГАНДЕН МАТЕРИЈАЛ.ЗБОРУВАЛ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕЃУ СТУДЕНТИТЕ-АЛБАНЦИ, КОЈА БИЛА ПОВРЗАНА СО МАТИЦА ХРВАТСКА И ЛЕСНО ДОБИВАЛА ВИЗИ ЗА ПАТУВАЊЕ ВО НРА, А И САМИОТ ПАТУВАЛ. СОБИРАЛ И ПОМОШ ЗА СМЕНЕТИТЕ ХРВАТСКИ РАКОВОДИТЕЛИ. ПРИ РАСШИРУВАЊЕТО СОЗНАНИЈАТА ДЕЛУМНО СЕ ПОТВРДЕНИ.

I - бор Сф 04-1839/1174 2

21.5.80

РСВР-СРМ-СДБ 3 СЕКТОР СКОПЈЕ
ИСПОСТАВА НА СДБ ГОСТИВАР
Инспектор, [redacted]
16.04.1976
св.бр. 104

IV

1700, златар

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР: Харуни Сефедин, роден од с. Градец,каде и живее,а работи како Инспектор во Заводот за школство Гостивар.

ПРЕДМЕТ:Немет Авзиу и други лица од с. Градец,организирана непријателска активност.

Во разговорот кој со изворот го обавив на ден 14.04.о.г во просторија на Заводот за школство Гостивар ги примив следните сознанија:

Изворот во разговор со лицето [redacted] сластчар од с. Градец,гостиварско е информиран дека лицето Хавзиу Нимет,сега лекар од с. Градец во 1973 година додека бил како студент во Загреб заедно со една поголема група студенти во која имало студенти од САП Косово и СР Хрватска биле во посета на НР Албанија.

Саит Мамути во станот на Хавзиу Нимет во Загреб, во кој стан станувал заедно со неколку другари од Призрен - САП Косово кога бил како студент држел слика на Енвер Оџа и албанско знаме, како и некаква литература и весници кои Саит не ги видел но претпоставува дека се од НР Албанија.

Изворот е на мислење дека Џимет Авзиу во с. Градец и околните седа има свои сомишленици меѓу кои ги спомена следните: Мамути Хасан,Зулебеари Даут,Салиу Исмаил,Амети Исни,Мамути Саит,Зулфикари [redacted] и некои лица од Тетоско меѓу кои и некој Беби [redacted] д с.Боговина.

Пред два месеца Беби во бифето на некој Енвер од с. Боговина, во присаство на Мамути Саит непријателски истапил извикувајќи да живее Енвер . Споменатото извикување не се однесувало на сопственикот на бифето Енвер,него на Енвер Оџа.Дека е тоа така се потврдува,според искажувањето на Саит пред изворот, со фактот што во моментот на извикувањето спомената Беби имал слика на Енвар Оџа.

Изворот во разговорот натамошно дека споменатата група лица од с. Градец и некои од Тетовско одржувале врска со свои сомишленици од САП Косово и Загреб./

II

Изворот Середин пред и две години повеќе бараше за да биде примен да работи во СДБ,меѓутоа поради здравствени причини и некои не расчистени сознанија за неговото идејно политичко држење не беше примен.Оттогаш наваака, а особено од средината на минатата година кога за истиот се добиени сознанија за непријателски истап(сл.белешка од 16.11.1975 год.Бн.Бр.179) со истиот заради одржување одреден континуитет обавувавме почести разговори.

Во еден од последните разговори истиот се искажа дека ја сака службата на ДБ и дека прифаќа извршување на наши задачи, а како протиувслуга побара во понатамошното негово дошколување да го спомагаме.(Запишан е на трет степен студии група Албанологија)

По однос на сознанијата кои ни ги презентира изворот дека е искрен бидејќи истите се потврдени и преку други наши извори

Во врска со сознанието кое се однесува на истапот на Веби од с. Боговина да се запознае ИСДБ Тетово со напомена да не се превземаат никакви мерки без наша согласност бидејќи во спротивното претиа опасност од провала на изворот.

Во врска со лицата кои се споменуваат како истомишленици на Хавзиу Нимет,лекар од с. Градец ке извршиме поширок оперативни проверки.

Цениме дека сознанијата кои досега се добиени се доволни за заведување на ПОО за што ке следи посебен Предлог.

[redacted]

- Хавзиу Нимет,роден 1945 година во с. Градец од [redacted] албанец не оженет, има завршено медицински факултет во Загреб,а сега работи како лекар од општа практика во с. Неготино,гостиварско.

-[redacted]кути Хасан,роден 1959 година во с. Градец, [redacted] има завршено гимназија,вработен е како службеник во М.К с. Неготино.Сега се наоѓа на одслужување воениот рок.Оженет е со [redacted] Тетово.

-[redacted]улебеари Даут, роден 1950 година во с. Градец [redacted] ,тетовско.Има завршено осумгодишно училиште,работи како земјоделец.Во последно време има искажувања и истапи кои може да се доведат во врска со непостоење и активност на непријателска група.

- Залиу Исмаил,стар на 40 години роден од с. Градец каде и живее,земјоделец. За непријателска активност во непријателските демонстрации од 1968 година е суден и издржал казна затвор од две години.

- Амети Исни,роден 1942 година во с. Градец од [redacted] гостиварско.Има

завршено Правни факултет и сега работи како Стручен соработник при Општинскиот Суд во Гостивар.

- Мамути Саит, роден 1943 година во с. Градец од [redacted] има завршено Осумгодишно училиште.Сега работи како слаткар во Загреб- Населје Трешко. Неговиот чичко Нефки исто така работи како слаткар на Ул. Никола Тесла - Загреб.

- Зулфикари Миљами,стар на 40 години роден од с. Градец,каде и живее,наставник,сега пом.директор на Осумгодишното училиште во с. Неготино.

- Беби Ш. [redacted] роден од с. Боговина,каде и постојано живее,а наводно сега работел како слаткар во Загреб.Неговиот тако наводно после ослободувањето е ликвидиран како балиста.

РСВР СРМ СДБ 3 СЕКТОР СКОПЈЕ
Испостава на СДБ Гостивар
Инспектор: [redacted]
27.04.1976 година
ЕВ.бр. 130

Сигнирано за работење
10.5.76

Со 04-2104/1344
3
I - Бихаб
ОЈИ 14.5.76
IV.
- Гледа лица и др. објекти - веш. сознања, договорено со исл. Гостивар да се реги - стрира во пос[redacted]
13.05.1976

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ИЗВОР: Харули Сефедин, професор од с.Градец, каде и живее.

ПРЕДМЕТ: Хавзију Нимет, во времето на смену-ване на некои раководители во СР-Хрватска, собирал материјална помош.

На ден 26.4.1976 година обавивме разговор со изворот во кој разговор ме запозна дека преку лицето Милански Кемал од с.Добридол-гостиварско, дошол до податоци дека Нимет во времето [redacted] Хрватска беа сменети од функција некои раководители, кои [redacted] и др.преку слаткарите и други лица во Загреб и други места собирал парична и друга помош.

Според искажувањето на Кемал пред изворот, Нимет за собирање на паричната и друга помош бил ангажиран од некое "Албанско друштво". Помошта наводно била сврзана со политичката ситуација во СР Хрватска.

II

Изворот е наша оперативна врска. Сознанијата кои ни ги презентира ги цениме за точни.

Хавзију Нимет, во времето на сменување на некои раководители во СР Хрватска бил студент на Медицинскиот факултет во Загреб. За неговото тогашно и сегашно лошо држење како порано така и сега се добиени сознанија кои се регистрирани во наши службени белешки.

Со Кемал билејќи е позитивна личност планиравме разговор.Разговорот покрај потврдување ,проширување и документирање на добиените созна-

нија ке има за цел и негово понатамошно ангажирање.

[redacted]

- Мињаими Емрула Кемал, роден 1940 година во село Добридол-гостиварско каде и постојано живее, повремено работи и живее во Задар каде има своја слаткара.

- Хавзију Нимет, роден 1945 година во с.Градец каде и живее,работи како лекар во село Неготино, гостиварско.

I -то дво Бр 04-2265/1456
20.5.76 4

РСВР-СРМ-СДБ 3 СЕКТОР СКОПЈЕ
ИСПОСТАВА НА СДБ ГОСТИВАР
Инспектор, [redacted]
8.05.1976 година
Ев.Бр. 143

IV

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: ПОО " Златар "

Во крајот на минатиот месец, Харуни Сефедин- наша оперативна врска го инструиравме за време на Првомајскиот празник да појди во Загреб и оствари контакт и разговор со Мамути Саит.

Контактот и разговорот имаше за цел да се потврдат, прошират и документираат порано добиените податоци за постоење и активност на албанска националистичко-иредентистичка група која според порано добиените податоци делува во Загреб и с. Градец, гостиварско.

Харуни Сефедин на 3 Мај о.г. остварил контакт и разговор со Саит. Меѓутоа за разлика од предходните разговори кога Саит пред Сефедин бил многу поотворен, овој пат не само што бил доста резервисан него и воопшто одбегнувал да води разговор на таа тема.

II

Харуни Сефедин во еден поранешен разговор со Саит доби доста сознанија кои одат во потврда на некои порано добиени сознанија за тоа дека во Загреб и с. Градец делува албанска националистичко-иредентистичка организација.

2.-

(Наши сл.белешки Ев.бр.39 од 1975 и 104 од 1976 година)

Причината што при овој разговор Саит бил доста резервисан и што воопшто несакал да разговара на таа тема веројатно е во стравот да не дојде до провалување и хапсење на групата, што е и разбирливо ако се има во предвид фактот што во последнава година службата со реализација хапси и се осудени повеќе такви националистички групи во земјата.

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-2657/1
30.07 2012 год
СКОПЈЕ

Бр.07-2/1382

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Сејфедин Харуни од Гостивар, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност (Службен весник на Република Македонија бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Сејфедин Харуни, ЕМБГ 2601944473018, роден на 26.01.1944 година во с.Градец Гостивар, кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

За Сејфедин Харуни, кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија , Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Сејфедин Харуни во Државниот Архив на Република Македонија не постои лично досие но дека податоци за него се евидирани во лично досие на друго лице бр. 2741 со псевдоним "Златар", негов соселанец од с.Градец Гостивар.

Лицето со псевдоним "Златар" е обработуван заради усна непријателска пропаганда, албански иредентизам, поседување на слика на Енвер Хоџа, албанско знаме, посета на НР Албанија, коминикации со лица учесници во Мас движењето во Хрватска, вршење влијание на селаните да не се дозволи зафаќање на изворската вода од нивното село Градец. Информации за него доставувало и лицето Сејфедин Харуни, кој евидира како "извор" и " оперативна врска", што се утврдува од следните документи: Службена белешка

ев.бр 104 од 16.04.1976 година составена од 4 страни; Службена белешка ев.бр 130 од 27.04.1976 година составена од 2 страни; Службена белешка ев.бр 143 од 08.05.1976 година составена од 2 страни и Службена белешка ев.бр 129 од 27.04.1976 година составена од 2 страни.

Сите овие докази, содржани во досието на лицето со псевдоним "Златар" каде што како извор се наведува лицето Сејфедин Харуни Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува услов за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Алцев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Сејфедин Харуни да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Сејфедин Харуни.

лустриран

СИЉАН АВРАМОВСКИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: Оперативен материјал
ИЗГОТВИЛ: [redacted]

Ев.број: 233
21.02.1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

УДБК-Скопје, следејќи ги настаните околу организирањето на "мирниот про тест" на студентите располага со сознанија дека како организатори на овие протести покрај Мирјана Китановска, претседателка Студентската орга низација на Педагошкиот факултет Св."Климент Охридски" е и поголема гру па на членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. Така лицата: Фи лип Петровски, Димитрија Диновски, Марта Луковска, Зоран Петровски-Снај пер, Горавчо Ивановски, Наско Н., Милчо Н. и други последниве неколку дена биле во постојани контакти со своите постари и поискусни активисти на матичната партија (генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ и Иван Соколов) од каде покрај морална и материјална подршка околу истрајноста, добивале и конкретни задачи.

Воедно деновиве организаторите на овој протест воспоставиле контакт со бугарскиот државјанин Ињо К., активист на ВМРО-СМС од Софија кој инаку зел активно учество во актуелните протести во својата земја, Бугарија. Исткот, на споменатите организатори користејќи го своето "искуство" им давал насоки и инструкции за начинот на водењето на протестите.

Според сознанијата со кои располагаме деновиве членовите на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ и нивните постари сопартици превземале интен зивни активности низ подрачните единици на Републиката со цел ни [illegible] - гирање околу поттикнување на сите незадоволни категории на луѓе (по - чајни работници, измамените девизни штедачи, градежни работници и други социјално загрозени лица) за нивно приклучување кон протестите. Според проценката, студентските протести ќе претставуваат "увертира за она што

треба да се случи наскоро"[x], вклучувајќи ги сите горе наведени категории на лица.

За таа цел во Скопје биле забележани интензивни контакти помеѓу Иван Соколов со некои од раководните лица на УНАСМ посебно со потпретседателот Атанас Лефтеров со чија помош протестите би добиле пошироки димензија и би се прошириле во Републиката.

Во тој контекст се и сознанијата за средбата одржана меѓу претставници на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (во случајов со организаторите на студентските протести) со Улицето Шехтански, претставник од помладокот на Демократската партија.

Оперативните сознанија на УДБК-Скопје, укажуваат на тоа дека според искажувањата на организаторите на протестот во Универзитетот "Кирил и Методи" во Скопје била потпишана петиција, наводно од страна на 620 универзитетски професори, во која се оправдувале студентските и средношколските протести а која, петиција денеовиве ќе ја проследеле до Премиерот и Претседателот на Р.Македонија.

Според соопштението на иницијаторот на студентските протести Мирјана Китановска дека истите се организирани до денеска, 21.02.о.г. на барање на останатите организатори терминот е пролонгиран, така да за утре, 22.02. о.г. со почеток во 21,00 часот е закажана "забава" која ќе се одржи на Плоштадот "Македонија" во Скопје, за која веќе се растурени "покани за журка" и на која се поканети повеќе музички групи.

Според сознанијата на УДБК-Скопје Дипломатско-Конзуларните претставништва во Р.Македонија посебно на соседните земји како и останатите странски мисии со голем интерес го следат текот на настаните во врска со протестите, воедно прибирајќи сознанија и податоци за востановување на вистинскиот карактер на истите.

---

x - Според сознанијата на 27.02.о.г. ќе биде организиран масовен протест за што од вчера е започнато растурање на покани во сите средови ќе [illegible]. Во нивниот [illegible] наречен "фестивал" чија крајн цел е со притисок користејќи ги притоа сите методи и средства за остварување на крајната цел дестабилизација на државата, оставка на Владата и распишување превремени парламентарни избори.

УДБК-Скопје, во рамките на својот интерес и понатака перманентно ќе ги следи активностите на организаторите, како и развојот на настаните околу најавените протести, за што благовремено ќе информира.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- [redacted]

[redacted]
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ЈБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: Оперативен материјал
ИЗГОТВИЛ: [redacted]

Ев.број: 239
24.02.1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

На 22.02.о.г. со почеток во 19,00 часот на плоштадот "Македонија" во Скопје беше одржан најавениот музички хебеинг (журка) и овој пат организиран од страна на студентската организација на Педагошкиот факултет и дел од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. На оваа прослава која помина без инциденти присуствувале околу 3.000 учесници.

УДБК-Скопје во доменот на својот интерес дојде до одредени безбедносно интересни сознанија. Имено, непосредно по заршувањето на хепенингот делот од организаторите на протестот инаку членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (Горчо Јованоски, генерален секретар, Димитар Димовски, потпретседател и Филип Петровски) воспоставиле средба со Иван Соколов на која истиот им дал инструкции за начинот на понатамошното организирање и водење на протестите.

Горенаведените младинци воедно воспоставиле и средби со други свои сопартијци меѓу кои и со Александар Флороски. На оваа средба им била дадена морална подршка за нивно истрајување "остварувањето на целите на протестот" со убедување дека"поголемниот дел" од структурите во државата биле на нивна страна, освен некои служби во МВР на Р.Македонија. Во однос на материјалните средства потребни за непречено одвивање на протестите Флороски напоменал дека"покрај парите" биле обезбедени и станови со телефони во случај на некој од организаторите на протестите да му претстои опасност да биде повикан на разговор од страна на полицијата" Главна задача на организаторите според, насоките на Флороски била да излезат на улиците што повеќе средношколци и студенти, а другото било "нивна работа".

Воедно добиено е и сознание дека"новинарот на американскиот прес центар (информирано со информација бр.234) на средбата која што ја остварил с

време на хепенингот со Филип Петровски и Димитар Димовски го изразил своето задоволство од начинот на кој била организирана журката.

По завршување на овој "музички хепенинг" Иван Соколов и Горанчо Јовановски го напуштиле Скопје (според наши проценки се упатиле во други делови на Републиката со цел агитирање и добивање пошироки димензии на протестите и прикључување на новите незадоволни категории на лица кон истите).

Што се однесува до другите организатори, студентите на Педагошкиот факултет УДБК-Скопје, располага со сознанија дека во неделата на 23.02. о.г. бил одржан состанок на Педагошкиот факултет на кој бил заземен став протестите да продолжат и оваа недела, а според непотврдени сознанија и оваа сабота ќе имало "покана за журка" на плоштадот "Македонија".

Според податоците со кои располагаме поголем дел од професорскиот кадар од Педагошкиот факултет ја дале својата подршка на Студенската организација на овој факултет за натамошно продолжување на протестите.

УДБК-Скопје и натаму во доменот на своето работење ќе го следи начинот на одвивање на протестите за што благовремено ќе информира.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа ✓+
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓+
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-643
15.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со генералниот митинг што денеска во 18,00 часот ќе се одржи на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија", од аспект на негово можно ескалирање и предизвикување последици по безбедноста и стабилноста на Република Македонија, УДБК-Скопје дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, на денешниот одржан состанок на организаторите на протестниот митинг (инаку митинг во организација на најголемата вонпарламентарна опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ) на кој меѓу другите присуствуваа Зоран Петревски викан "Снајпер", Димитар Димовски, Борис Трајковски и други, Александар Диневски потенцирал да истиот помине во мир и без предизвикување на било какви ексцесни ситуации. Според сроченото сценарио, протестот ќе започне во 18,00 часот каде на насобраната маса со говор (во траење од 5 до 7 мин.) ќе им се обрати Зоран Петревски, за да на крај ги "покани" да претходно изготвениот меморандум (на кој се нотирани барањата поради кои ќе се организира овој митинг) се достават до официјалните власти на Р.Македонија (Влада на Р.Македонија, Собрание на Р.Македонија и Резиденцијата на Претседателот Киро Глигоров). По обиколката и доставувањето на меморандумот, насобраната маса повторно ќе се врати на плоштадот "Македонија", каде на бината со свои говори ќе настапат повеќе лица. На крај на насобраната маса ќе им се обрати со говор (во траење од околу половина час) и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Георгиевски, со што околу 21 часот и ќе заврши протестот.

Според организаторите протестот ќе продолжи и утре 16.05.1997 година, во исто време (со оглед на тоа што очекуваат да не бидат прифатени нивните барања) но, со помал интензитет од денешниве. Имено, на утрешниот ден незадоволството ќе го изразат лицата од Скопје и неговите околни градови.

Воедно, УДБК-Скопје располага со непотврдени сознанија дека вакви слични протести но во организација на УНСМ наредните денови ќе се организираат и во повеќе градови во внатрешноста на Републиката, како "увертира" во организирање на масовно присуство на новиот "генерален митинг" што наводно повторно ќе се организира во Скопје, за 10.06. оваа година. Имено, овој ден е крајниот "рок" кој организаторите наводно ќе го достават до официјалните власти на Р.Македонија за исполнување на нивните барања.

Во врска со текот и начинот на одвивањето на најавениот протест, како и последиците кои ќе произлезат од истиот посебен интерес појавија и вработените од Амбасадата на Р.Бугарија во Скопје и Мисијата на УНПРЕДЕП. Имено, В.лчов Димитар, службеник во Бугарската Амбасада во Скопје побарал од останатите службеници како и од други лица да го следат текот на протестот за што благовремено да информираат. Воедно, на предлог на Бугарската Амбасада девеска треба да допатува и бугарска ТВ екипа која од "лице место ќе известува за настанот". На вработените од Мисијата на УНПРЕДЕП во Скопје, деновиве им било издадено соопштение (по претходно одржаната средба помеѓу претставникот на оваа Мисија Керим Н. со претставници на МВР) со сугестија да ги избегнуваат местата во периодот на одвивањето на протестот "поради опасност од нарушување на ЈРМ". Воедно, при оваа Мисија со "формирани" и три екипи со задолженија за следење и информирање за одвивањето на самиот митинг.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на

состојбите, и попречување на екстремните активности со можност за нарушување на ЈРМ во погоем обем, а кои би можеле да настанат за време на одвивањето на протестите.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чохревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа ✓+
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓+
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-694
16.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со вчерашниот одржан митинг на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија" како и најавите на организаторите на истиот дека вакви протести ќе продолжат "сé до моментот додека нивните барања не се реализираат" (информирано) УДБК-Скопје во доменот на своите надлежности во смисол на безбедноста и стабилноста на Републиката а со можност на предизвикување на ексцесни состојби, дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, непосредно пред започнувањето на самиот протест меѓу организаторите на истиот настанала меѓусебна караница и разидување во реализирањето на претходно сроченото сценарио за реализирање на протестот. Причина за вака настанатата состојба била разочараноста од малиот одзив* на граѓаните кои дојдоа да го "изразат своето незадоволство" на плоштадот "Македонија", и проценката дека нема реални можности во наредните денови да се продолжи со организирање на вакви слични масовни собирања. Така, по согледувањето на вакватa состојба, дел од организаторите на протестот Љупчо Георгиевски, Иван Соколов и Борис Змејковски предложиле отстапување од сценариото за движење на масата по маршрутата Собрание на Р.Македонија, Резиденција на Претседателот Киро Глигоров со доставување на

---

* - Пред одржувањето на протестот организаторите на митингот очекуваа на истиот да присуствуваат 50.000 лица, додека според нивна интерна оценка стајува збор за бројка од 10-12 илјади лица, а на јавноста ја презентираа цифрата од 25.000 присутни.

меморандум, а целокупната активност да се одвива на самиот плоштад (опција која во дел е и реализирана на вчерашниот собир). На овој предлог со свои ставови се спротивставиле Зоран Петревски викан "Снајпер" и Владимир Змејковски викан "Лаци". Првиот, кој според сценариото ја имал улогата на "уводничар кој требал да ја повика масата на прошетка" ја застапувал таа опција, додека вториот, инсистирал на безусловно доставување на меморандумот, а во зависност од дадените услови "и со насилно влегување во објектот на Собранието на Р.Македонија". Недоразбирањето и конфликтот меѓу организаторите на протестот кулминирало со настанатата тепачка за време на говорот кој го држел Љупчо Георгиевски. Имено, позади бината во дискусијата околу организирањето на протестот водена помеѓу Владимир Змејковски викан "Лаци" и Н.Н. лице од внатрешноста на Републиката преминала во меѓусебна тепачка.

За време на одвивањето на протестот на плоштадот "Македонија", дел од присутните, разочарувањето од пропустите во организирањето на самиот протест, релативно малиот одзив на лица кои присуствуваа на истиот, како и од промената на сценариото, го искажаа со извикување на негодување упатени до организаторите. Така, дел од нив самоиницијативно, во помали групи се упатија кој Собранието на Р.Македонија, каде околу 22,15 часот пристигна неколкучлена "делегација" на организаторите предводена од проф.Бојков, кој и го врачи меморандумот во архивата на Собранието на Р.Македонија.

Разидувањето меѓу организаторите на протестот уште повеќе се продлабочи пред самиот крај на истиот и тоа околу завземањето на "став во врска со прашањето за континуирано одвивање на вакви протести" за наредните денови. Од тие причини, организаторите на протестот во раните утрински часови одржаа затворен состанок во својот "Штаб", кој состанок својот епилог ќе го има денес во 11 часот, за кога е и закажано продолжението на состанокот. Додека дел од организаторите се залагаат за континуирано одвивање на протести, ставот на Љупчо Георгиевски, во врска со ова прашање е "да се прекине со секакви

понатамошни собирања, а за резултатите од организираниот протест се пласираат преку конференција за печат". Овој негов став е образложен од проценката дека на секој понатамошен собир ќе доаѓа до сѐ поголемо осипување на масата, што всушност ќе биде и 'доказ повеќе на фијаското од вчерашниот митинг, како и од неговата лична разочараност од несогласувањата, конфликтите и разидувањата кои владеат меѓу неговите најблиски соработници.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на идните можни состојби, и попречување на евентуалните екстремни активности што можат да доведат до нарушување на ЈРМ во поголем обем.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- Г-дин Добри Величковски, директор на ДБК
- Г-дин Сиљан Аврамовски, началник на I Управа ✓
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- Г-дин Михајло Костуранов, началник на IV Управа ✓+
- [redacted]

[redacted] РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ - [redacted]
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-1053
10.09. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Расколот кој неодамна настана во најголемата вонпарламентарна опозициона партија во Р.Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на партијата, како и поводот и причините кои доведоа до ваква состојба (информирано) со несмален интензитет е предмет на интерес како на странските разузнавачки служби, така и на лица под третман на ДБК, а на директен или индиректен начин се вклучени во општествено-политичкиот живот во Републиката.

Имено, "идејата" на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, да го подигне рејтингот на партијата и да ги среди состојбите и превирањата во истата, само со чинот на поднесување на оставка на потпретседателот, [redacted] генералниот секретар, Борис Змејковски и целокупниот Извршен комитет, а на индиректен начин и да се "ослободи" од т.н. "бизнис-блок" (Борис Змејковски, Чедо Радомировиќ и Александар Диневски), за кои се манипулира дека под "параван на партијата" се вмешани во разни финансиски малверзации" не го вродија саканиот плод.

Така мебусебните несогласувања, а во поново време и обвинувања помеѓу двете фракции во партијата, една на чело со сега екс-потпретседателот [redacted] за која "спротивната страна" вели дека е поборник на "врховистичката пробугарска струја" и втората на екс-генералниот секретар Борис Змејковски, за кого приврзаниците на [redacted] велат дека ја застапува "просрпската струја", поткрепувајќи ја оваа теза со фактот дека "позади себе го има Чедо Радомировиќ, акционер на стаклата "Зајачар" од Р.Србија", придонесе за сé поголема дезориентација помеѓу

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-1317/1
03.10.2013 2013год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Сиљан Аврамовски од Скопје, согласно член 3 точка 16, , член 4, член 10, член 18 став 6 и 7, член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 03.10.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Сиљан Аврамовски, кое било носител на јавна функција - началник на I Управа на ДБК, со ЕМБГ 1004960450174, роден на 10.04.1960 година, бил наредбодател и корисник на информации, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За, лицето Сиљан Аврамовски, кое било носител на јавна функција - началник на I Управа на ДБК, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот.

Во постапката за утврдуање на соработка со органите на државната безбедност, Комисијата утврди дека за лицето Сиљан Аврамовски, во Државниот архив на Република Македонија и во досието доставено од страна на Собранието на Република Македонија по барање на трето лице,како член на одредена политичка партија, во досието или предметот под кодното име "Темел", постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствувања со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните во смисла на горенаведениот Закон.

Од увидот во документите кои постојат во Државниот архив на РМ, како и во досието доставено од страна на Собранието на РМ ,се утврди дека за лицето Сиљан Аврамовски, како наредбодател и корисник на информации, во смисла на член 18 став 6 и 7 од горенаведениот Закон, постојат следниве документи, и тоа: Информација Ев.бр.233 од 21.02.1997 година, составена од 3 (три) страници; Информација Ев.бр.239 од 24.02.1997 година, составена од 2 (две) страници; Информација Ев.бр.14-693 од 15.05.1997 година, составена од 3 (три) страници; Информација Ев.бр.14-694 од 16.05.1997 година, составена од 3 (три) страници;и Информација Ев.бр.14-1053 од 10.09.1997 година, составена од 3 (три) страници;

Сите горенаведени документи со кои се кршени или ограничувани основните слободи и права на лица за кои се водело досие од идеолошко-политички причини, доставени се и до лицето Сиљан Аврамовски, како началник на I Управа на ДБК. Документите се состојат од информации и извештаи за прислушкување, тајно следење, наблудување, документирање на дејствија преземени од страна на повеќе лице, членови на партијата ВМРО-ДПМНЕ и членови на Унијата на млади сили на истата партија. Повеќето информации се однесуваат на организацијата на "музички хепенинг", од страна на претседателката на студентската организација на Педагошкиот факултет "Св.Климент Охридски", и Унијата на млади сили на партијата ВМРО-ДПМНЕ, со цел следење на нивните контакти со постари и поискусни активисти на партијата, потоа организацијата на генерален митинг на плоштадот "Македонија" и други протести. Информациите се добивале преку оперативната мрежа која преземала континуирани мерки и активности за следење на развојот на состојбите и попречување на екстремните активности на лица експонирани од позиции на македонски екстремизам и врховизам, инволвирани во споменатата партија, со цел спречување на ситуации кои можат да настанат за време на одвивањето на протестите и при тоа да ја загрозат безбедноста на државата.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, затоа, согласно член 4, 14, 18 став 6 и 7, и член 29 И 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и согласно член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека лицето Сиљан Аврамовски, бил наредбодател корисник на информациите на органите на државната безбедност, и согласно наведеното го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Адиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Сиљан Аврамовски, да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Сиљан Аврамовски.

2 - 2

лустриран

СЛОБОДАН БОГОЕВСКИ

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи (Службен весник на СРМ бр.37/8о) и чл.58 од Правилата за работа на СДБ- "Службен весник на Р.Македонија"- посебен Службен весник Бр.10/92, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во оперативна обработка (О.О) на лицето ИБРАИМИ [redacted] ВЕДРЕДИН, роден на 25.1о.1952 година во с.Г.Речица, СО Тетово а живее во Тетово на ул."1о2"бр.[redacted] државјанин на Р.Македонија, со завршено средно училиште-гимназија во Тетово, вработен во трговските претпријатие "Интерпремет" во Тетово.

Лицето ќе се води во О.О по псевдоним "ДЕВИЈАНТ".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.број 172 од 1о.о3. 1995 година, одобрен од Началникот на II Управа на СДИ, се констатира дека постојат основи за сомнение дека лицето Ибраими Ведредин спроведува активности насочени кон насилно рушење или загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Р.Македонија.

Со оглед на изнесените исполнети се условите од чл.16 од Законот за внатрешни ра боти и чл.58 од Правилата за работа на СДБ,поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од ова решение да се достави до организационата единица за аналитика,документација,евиденција и инфорнирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ

Слободан Богоевски

4

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" број 37/80), член 58, став 3 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник број 10/92), а по доставен Предлог, одобрен од Началникот на II Управа на СДБ, Евид.број 454 од 12.10.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ЗАВЕДУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА за лицата:

1. Атанасов [redacted] Ѓорѓи, роден 8.03.1948 година, во с.Ораовица, Радовиш, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, живее во Радовиш на ул."Ленинова" број [redacted], платен секретар на ловното друштво;

2. Мијалов [redacted] Добре, роден 21.02.1964 година во Радовиш, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, живее во Радовиш на ул."Методија Митевски-Брацо" број [redacted] ловочувар;

3. Пранговски [redacted] Тоде, роден 9.02.1960 година во с.Ораовица, Радовиш, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, живее во Радовиш на ул."29 ти ноември" [redacted] сопственик на приватна фирма;

4. Петров [redacted] Милчо, роден 24.03.1956 година во с. Подареш, Радовиш, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, живее во Радовиш на ул."Ѓорче Петров" [redacted] вработен во ЈЗ - Радовиш, како доктор.

Во групната оперативна обработка, лицата ќе се водат под псевдоним "Пролет".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците во образложението на доставениот Предлог, одобрен од Началникот на II Управа на СДБ, Евид.бр.454 од 12.10.1994 година, се констатира дека се исполнети условите од член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ број 37/80) и член 58 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник број 10/92), за заведување и водење на оперативна обработка над лицата: Ѓорѓи Атанасов, Добре Мијалов, Тоде Пранговски и Милчо Петров, кои спроведуваат активности насочени кон насилно рушење или загрозување на Уставниот поредок.

Од овие причини, врз основа на член 58 став 3 од Правилата за работа на СДБ, одлучено е како во диспозитивот на ова Решение.

./.

Врз основа на чл.41 и 44 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р Македонија" - Посебен службен весник бр. 1о/92), а по предлог на началникот на I Управа, Ев.бр.12-352 од 8.1о.1993 год. донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ во земјата на лицето НЕДЕЛКОВСКИ МИЛЕ роден на 9.11.1935 година во с.Загорани, Прилеп, Македонец, државјанин на Р Македонија, вработен во НИРО "Култура", постојано настанет во Скопје на ул. Пушкинова бр. [redacted].

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение од поднесениот предлог на началникот на I Управа, Ев.бр.12-352 од 8.1о.1993 година, се констатира дека се исполнети условите од член 41 и 44 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење на лицето Неделковски Миле, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Организационата единица - подносителот на предлогот да преземе мерки за извршување на решението.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ

Слободан Богоески

Врз основа на чл.41 и 44 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р Македонија" - Посебен службен весник бр. 1о/92), а по предлог на началникот на I Управа, Ев.бр.12-367 од 2о.1о.1993 год. донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ во земјата на лицето НЕДЕЛКОВСКИ МИЛЕ роден на 9.11.1935 година во с.Загорани, Прилеп, Македонец, државјанин на Р Македонија, вработен во НИРО "Култура", постојано настанет во Скопје на ул. Пушкинова бр. [redacted].

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение од поднесениот предлог на началникот на I Управа, Ев.бр.12-367 од 2о.1о. 1993 година, се констатира дека се исполнети условите од член 41 и 44 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење на лицето Неделковски Миле, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Организационата единица - подносителот на предлогот да преземе мерки за извршување на решението.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ

Слободан Бртоески

(2)

Врз основа на член 41 и 44 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен службен весник бр.10/92) а по Предлог на Началникот на РУСДБ-Скопје, Ев.бр. 1350 од 25.11.1994 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ТАЈНО СЛЕДЕЊЕ во земјата на лицето МИЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ, Македонец, државјанин на Р.Македонија, со стан на ул."Пушкинова" бр. [redacted] во Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Од изнесеното образложение од поднесениот Предлог на Началникот на РУСДБ-Скопје,Ев.број: 1350 од 25.11. 1994 година се констатира дека се исполнети условите од член 41 и 44 од Правилата за работа на СДБ за тајно следење на лицето Миле Неделковски, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Организационата единица - подносителот на Предлогот да преземе мерки за извршување на Решението.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Слободан Богоески

Врз основа на член 58 точка 1 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност (С.д.бр. 01-1710 од 19.05.1992 година) , а по Предлог на Началникот на II Управа Ев.бр. 516 од 11.05.1993 година, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во оперативна обработка (О.О) на лицето ДЕМИРИ АЛАЈДИН, роден на 19.12.1954 година во Тетово, СО Тетово, Република Македонија, државјанин на Р.Македонија, привремено вработен Швајцарија.
Лицето ќе се води под псевдоним "Камелеон".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.бр. 516 од 11.05.1993 година, одобрен од Потсекретарот на СДБ, се констатира дека постои основ за активна, систематска и организирана активност на лицето Демири Алајдин, насочена кон загрозување на поредокот утврден со Уставот на Р.Македонија.

Со оглед на изнесеното исполнети се условите од член 58 точка 1 с Правилата за работа на СДБ, поради што е решено како во диспозитивот на ова решение.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Слободан Боревски

Врз основа на чл.16 од Законот завнатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр.37/80) член 56 и 57 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр.10/92) поднесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во ПРЕДХОДНА ОБРАБОТКА на лицето ЈОВАНОВСКИ [redacted] ИВАНЧО, роден 3.о3.1951 година во с.Беловодица, прилепско, Р.Македонија, државјанин на Р.Македонија, по занимање економист, вработен како книговодител во Пиварницата "Јоска Јорданоски-Сандански" во Прилеп, живее во Прилеп на ул."Трајко Тарцан" бр.[redacted]

Лицето ќе се води под псеводним "ЛЕВИ".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот евидентен број 479 од 22.о9.1992 година одобрен од Началникот на II управа се констатира постоење индиции дека лицето Јовановски Иванчо, спроведува активности насочени кон насилно загрозување или рушење на уставното уредување и безбедност на Република Македонија.

Со оглед на изнесеното, исполнети се условите од чл.16 од Законот за внатрешни работи и чл.56 од Правилата за работа. на СДБ,поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОДСЕКРЕТАР НА СДБ,
Слободан Богоевски

4

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр.37/8о) член 58 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник - број 1о/92), а по Предлог на Началникот на II Управа на СДБ, евидентен број 149 од 3о.03.1993 год. поднесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во Оперативна обработка (ОО) за лицето ЈОВАНОСКИ [redacted] ИВАНЧО, роден 03.03.1951 година во с.Беловодица, прилепско, Р.Македонија, позанимање економист, вработен како книговодител во Пивариницата "Јоска Јорданоски - Сандански" во Прилеп, живее во Прилеп ул."Трајко Тарџан" бр[redacted]

Лицето ќе се води под псевдоним "Леви".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот евидентен број 149 од30.03.1993 година одобрен од Началникот на II Управа на СДБ, се констатира дека постојат основи за сомнение дека лицето Јованоски Иванчо, спроведува активности насочени кон насилно рушење или загрозување на уставното уредување и безбедноста на Република Македонија.

Со оглед на изнесеното исполнети се условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и член 58 од Правилата за работа на СДБ, поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ,
Слободан Б[redacted]евски

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр. 37/8о) и член 58 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р. Македонија - посебен Службен весник бр. 1о/92), а по Предлог на Началникот на II Управа на СДБ ев. бр. 277 од о2.о4.1993 година, донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА (ОО) на лицето ДИМКОВСКИ [redacted] ПРЕДРАГ, роден на 28.о5.1956 година во Скопје, Р. Македонија, државјанин на Р. Македонија, сопственик на приватно претпријатие во Куманово, живее во Куманово на адреса "11 октомври" бр. [redacted]

Лицето ќе се води под псевдоним "РИМЈАНИН".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот ев. бр. 277 од о2.о4.1993 година одобрен од Началникот на II Управа на СДБ, се констатира дека постојат основи за сомнение дека лицето Димковски Предраг спроведува активности насочени кон насилно рушење или загрозување на Уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија.

Со оглед на изнесеното исполнети се условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и член 58 од Правилата за работа на СДБ поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до Организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ,
Слободан Богоески

7

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ бр.37/80), член 56 и 57 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија - посебен Службен весник број 10/92), поднесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во ПРЕТХОДНА ОБРАБОТКА (ПО) на лицето ЈОВАНОСКИ КИРИЛ, од татко [redacted] и мајка [redacted], роден 23.11. 1957 година во Прилеп, Р.Македонија, со државјанство на РМ, по занимање работник, вработен како помошник продавач во РО "Центропромет" - Прилеп, живее во Прилеп на ул."Марко Цепенков" бр.[redacted]

Лицето ќе се води под псевдоним "МАЛИША".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот евидентен број 180 од 21.04.1993 година, одобрен од Началникот на II Управа на СДБ се констатира постоење индиции дека лицето Јованоски Кирил, спроведува активности насочени кон насилно загрозување или рушење на Уставниот поредок и безбедност на РМ.

Со оглед на изнесеното, исполнети се условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и член 56 од Правилата за работа на СДБ, поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ,
Слободан Богоевски

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на СРМ" бр. 37/80), член 56 и 57 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" – посебен Службен весник бр. 10/92), поднесувам

Р Е Ш Е Н И Е

За заведување во претходна обработка (ПО) на лицето ДЕЛЕВСКИ [redacted] СТОЈЧЕ, роден на 18.08.1961 година во Тетово, Р.Македонија, државјанин на Р.М. По занимање општ работник вработен како производител кај [redacted] и [redacted] сопственици на ШТ "Теха" во Тетово. Стојче живее на ул. Илинденска бр. [redacted] телефон 26-473.

Лицето ќе се води под псевдоним "Каратист".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.бр. 1241 од 8.12.1993 година, одобрен од Началникот на II Управа се констатира постоење индиции дека лицето Делевски Стојче спроведува активности насочени кон насилно загрозување или рушење на Уставниот поредок и безбедност на Р.Македонија.

Со оглед на изнесеното, исполнети се условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и член 56 од Правилата за работа на СДБ, поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Слободан Богоевски

5

Врз основа на член 56 и 57 од Правилата за работа на СДБ ("Службен весник на Р.Македонија" - посебен Службен весник бр.10/92), а по доставен Предлог, одобрен од Началникот на II Управа на СДБ, Ев. број 490 од 27.06.1995 година, донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

За дерегистрирање на претходна обработка (ПО) за лицето ДЕЛЕВСКИ Тодор СТОЈЧЕ, роден на 18.08.1961 година се констатира дека повеќе не постојат причини за понатамошно водење на ПО, заради што е одлучено како во диспозитивот.

Со оглед на изнесеното, престанати се условите од чл. 16 од Законот за внатрешни работи, а врз основа на чл. 56 и 57 од Правилата за работа на СДБ, решено е како во диспозитивот на ова Решение

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација, евиденција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Слободан Богоевски

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Сл.весник на СРМ" бр.37/80) член 58 од Правилата за работа на СДБ ("Сл.весник на Р.Македонија" - посебен сл.весник бр.10/92), а по предлог на началникот на II Управа на СДБ Ев.бр.03-256 од 26.04.1995 год. донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

за ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА (ОО) за лицето СОКОЛОВ [redacted] ИВАН, роден 01.10.1961 год. во Виница, Р.Македонија, државјанин на РМ и на Австралија со завршено средно образование, невработен, живее во Скопје на ул."Горно Врановска" бр.[redacted]

Лицето ќе се води под псевдоним "КЕНГУР".

О б р а з л о ж е н и е

Од податоците и образложението во Предлогот Ев.бр.03-256 од 26.04.1995 год. одобрен од началникот на II Управа на СДБ, се констатира дека постојат основи за сомнение дека лицето Соколов [redacted] Иван, спроведува активности насочени кон насилно рушење или загрозување на Уставниот поредок и безбедноста на Р.Македонија.

Со оглед на изнесеното, исполнети се условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и член 58 од Правилата за работа на СДБ, поради што е решено како во диспозитивот на ова Решение.

Примерок од Решението да се достави до организационата единица за аналитика, документација,е видениција и информирање.

ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Слободан Богоевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-223/1
17.3 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Слободан Богоевски од Скопје, согласно член 3 точка 16, член 4, член 10,14, член 18 став 6 и 7, член 29 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и член 3 став 2, 205,209,210 и 212 од Законот за општата управна постапка,("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05...) на седницата одржана на ден 17.03.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Слободан Богоевски, лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување - потсекретар во СДБ, со ЕМБГ 1012951450113, роден на 10.12.1951 година, бил наредбодател и корисник на информациите, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За, Слободан Богоевски, ЕМБГ 1012951450113, роден на 10.12.1951 година, лице кое било носител на јавна функција или јавно овластување - потсекретар во Службата за државна безбедност, при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), по службена должност поведе постапка за утврдување на фактите, дали бил наредбодател или корисник на информациите или имал соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите,Комисијата утврди дека за лицето Слободан Богоевски, во Државниот архив на Република Македонија, во неколку лични досиеја на други лица постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствувања со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните, како и дека бил и корисник на информациите добиени од тајниот соработник, во смисла на горенаведениот Закон.

Од увидот во личните досиеја депонирани во Државниот архив на Република Македонија, се утврди дека за него постојат следниве документи:

Во личното досие бр.3804, постојат: Решение за тајно следење во земјата на лице, Ев.бр.12-352 од 08.10.1993 година, составено од 1 (една) страница; Решение за тајно следење во земјата на лице, Ев.бр.12-367 од 20.10.1993 година, составено од 1 (една) страница; и Решение за тајно следење во земјата на лице, Ев.бр.1350 од 25.11.1994 година, составено од 1 (една) страница.

Во личното досие бр.26447, постои: Решение за заведување во оперативна обработка (ОО) на лице, Ев.516 од 11.05.1993 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26414, постојат: Решение за заведување во претходна оперативна обработка на лице,донсено врз основа на предлог Ев.бр.479 од 22.09.1992 година, составено од 1 (една) страница; и Решение за заведување во оперативна обработка (ОО) на лице, врз основа на предлог Ев.149 од 30.03.1993 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26430, постои: Решение за заведување во оперативна обработка (ОО) на лице, Ев.277 од 02.04.1993 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26448, постои: Решение за заведување во претходна обработка (ПО) на лице, донесено по Предлог Ев.бр.180 од 21.04.1993 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26492, постојат: Решение за заведување во претходна обработка (ПО) на лице,донесен по Предлог Ев.бр.1241 од 08.12.1993 година, составено од 1 (една) страница; Решение за дерегистрирање од претходна обработка (ПО) на лице, врз основа на предлог Ев.бр.490 од 27.06.1995 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26529, постои: Решение за заведување во оперативна обработка (ОО) на лице, врз основа на предлог Ев.03-256 од 26.04.1995 година, составено од 1 (една) страница;

Во личното досие бр.26514, постои: Решение за заведување и водење на оперативна обработка за лица, врз основа на предлог Ев.454 од 12.10.1994 година, составено од 2 (две) страница;

Во личното досие бр.26524, постои: Решение за заведување во оперативна обработка (ОО) за лице донесен по предлог Ев.бр.172 од 10.03.1995 година, составено од 1 (една) страница;

Од сите овие документи се потврди дека лицето Слободан Богоевски ЕМБГ 1012951450113, роден на 10.12.1951 година, постапувајќи како потсекретар во СДБ, активно бил вклучен како наредбодател и корисник на информациите при спроведување на дејствија кон одредени лица, за кои се воделе постапки од идеолошко-политички причини, а од 17 ноември 1991 година и од партиски причини, како заведување во претходна обработка (ПО) и оперативна обработка (ОО), следење, фотографирање, снимање, прислушкување на лицата опфатени во горните лични досиеја, а кои биле санкционирани или проверувани

поради нивните ставови и гледишта, кои биле спротивни на тогашната политика на владеење и работа. Сето наведено се правело со цел наведените лица да се дискредитираат и да се прикажат како непријатели во Македонија, односно како припадници на други идеологии или приврзаници кон друга партиска припадност.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите, смета дека се релевантни, затоа, соглано член 14, член 18 став 6 и став 7 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, утврди дека Слободан Богоевски, бил наредбодател и корисник на информации од органите на државната безбедност, и согласно наведеното го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
П р е т с е д а т е л,
Томе Арнев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Слободан Богоевски. да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Слободан Богоевски.

3 - 3

лустриран

СЛОБОДАН КАТУШЕВСКИ

25.05.1984 GOD. 1 STRANA

RISTOVSKI [redacted] GOCE LICNO DOSIE BR. N-25622

RODEN NA 08.04.1958 GOD. VO KRIVA PALANKA S.OSIĆE

ŽIVEE VO SKOPJE UL.STUD.DOM 'GOCE DELČEV'

NARODNOST MAKEDONSKA DRZAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: NOVINAR

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. ANARHOLIBERALIZAM

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

. ANARHOLIBERAL

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

EDEN E OD GLAVNITE NOSITELI NA IDEJATA ZA IZMENA NA KONCEPCIJATA NA 'STUDENTSKIOT ZBOR', VO SMISOL NA LIBERALIZACIJA NA NEGOVATA SODRŽINA TOA NA NAČIN KAKO E TOA STORENO VO DRUGITE UNIVERZITETSKI CENTRI VO EMJATA, KADE NOSITELITE NA ANARHO-LIBERALIZMOT IMAAT DOMINANTNI POZI- I I SE POČESTO GI KORISTAT ZA ESKALACIJA NA SVOJATA NEPRIJATELSKA DE- IST.

] E FORMIRANO OD UPRAVA ZA SDB SKOPJE

по политичката 1608
анархолиберализам

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Сам.Инспектор: Слободан Катушевски
Евид.број 271
28.01.1982 година
С к о п ј е

[redacted] - IV книга

ЛИЦЕ: РИСТОВСКИ [redacted] ГОЦЕ, роден 1958 година во с.Осиче,Крива Паланка,студент на Интердисциплинарни студии по новинарство и апсолвент на Југословенска книжевност,уредник на актуелно-политичката рубрика во "Студентски збор"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

3582

ПРЕДМЕТ: Расчистување со лицето Гоце Ристовски потписник на писмото кое требало да биде одговор и поддршка на апелот на Штрајкувачкиот комитет на бродоградилиштето во Шчечин од 14-ти декември 1981 година,близок пријател на Димитар Николов од кого бил непосредно запознат со иницијативите од Белград и Загреб (В.Мијановиќ и В.Десница) и носител на одредени анархолибералистички тенденции во редакцијата и надвор од неа.

- На ден 2о.01. од 1о,3о - 12,3о часот, 22.01. од 16,3о - 18,оо часот и 27.01.1982 година од 2о,оо - о2,оо часот после полноќ во службените простории на РСВР-СРМ-Скопје обавено е расчистување со Гоце Ристовски, студент по новинарство и притоа се добиени следниве сознанија:

- Димитар Николов со кого сум посебно близок последнава година, во почетокот на октомври 1981 година ме информира дека при едно месечниот престој во Белград пролетта истата година (1981) имал прилика да се запознае со Владан Мијановиќ, лидер на 68-та кого го ценел, а истата година на Филозофијадата во Липице се запознал со Владан Десница, студент и новинар во "Студентски лист" од Загреб. Притоа Д.Николов изнесе мислење дека истите луѓе имаат специфични погледи, сваќања и дејности со кои знаат да идат

од крајност во крајност, но дека истовремено и нудат редица добр решенија и идеи. Истиот месец од Николов добив фотокопија од поезијата на Гојко Ѓого ("Волнени времиња") која е повлечена од јавност и забранета. Песните (не сите) содржани во фотокопијата ги откуцав во редакцијата во два примерка (еден за мене, вториот за Димитар), а истата Николов рече декат треба да ја врати затоа што наводно ја добил од Белград. Стиховите од Ѓого ги читавме и анализиравме во мојата соба (студ.дом "Гоце Делчев") и донесовме заклучок дека тоа не е поезија и дека другарот Тито не заслужува така тенденциозни и вулгарни стихови. Во тој период Николов ме запозна и со петицијата која се подготвувала во Белград, како одговор на преземените мерки од страна на ЈНА, Службата и пресудите на низа студенти, кои се наводно невини во однос на некои кој сеуште слободно живеат и работат. И покрај тоа што ја коментиравме оваа петиција, Димитар не се изјасни дали ја прифаќа или отфрла како таква.

Што се однесува до писмото и потписите кој Димитар ги собирал јас со таа негова активност бев запознат на 5.01.1982 година кога допатував од Крива Паланка. Имено, Димитар ме информира дека добил 2 - писма од В.Десница од Загреб. Првото писмо било без пошироко образложение како да се делува, а подоцна (за новата година) стигнало и второто писмо во кое поред смерниците за делување стигнал и апелот - како документ. Истиот ден, во редакцијата се расправаше многу отворено за апелот кој беше добиен од Загреб. Во дискусијата учествуваа Димитар, [redacted] и јас. Оригиналниот апел створи забуна меѓу нас, а [redacted] и [redacted] ведна наш побараа да бидат прешкртани нивните потписи. Веднаш по ова Николов не запозна со содржината од разговорот со [redacted], асистент во Институтот за социолошки, политички и правни истражувања, Скопје и додаде дека тој ([redacted]) имал право. Потоа сите поединечно се изјаснувавме за тоа дали да се прекине акцијата и одлучивме тоа да го направиме веднаш,со заклучок дека во писмото од Загреб има некои нејасни работи кои треба да ги отфрлиме, а својот ентузијазам и снага да ги усмериме спрема нешто покорисно, пред се да се потрудиме да ги исправиме недостатоците

во работата на НИО "Студентски збор". За одбележување е фактот, дека ние, сите овие дискусии и писма не ги криевме од никого уверени дека во тоа нема ништо нелегално.
Со Димитар ја имаме анализирано и 68-та година која мене ми е нејасна и далечна, а Николов ја познава многу подобро и негов заклучок е дека настаните во таа година донеле и низа позитивни промени во животот на студентите и не може да се посматра еднострано.

Во редакцијата најмалку ни смета односот на директорот и главниот уредник, се залагаме за реаматеризација на листот исто онака како е и во другите студентски гласила во СФР Југославија и лично сметам дека ние во студентските листови од Белград и Загреб сакаме да го пренесеме ентузијазмот и концепцијата, а не нихилизмот и негативностите.

Димитар во основа е емотивен, импулсивен, комуникативен, не е склон на полтронство и конформизам, идејно е определен за патот на СКЈ, добро ја познава националната историја, но не е националист, има многу позитивни тумачења на некои идејни застранувања, и сметам дека неговите контакти со Десница и Мијановиќ се повеќе заради потребата да им импонира на луѓето, со нешто ново и интересно, а во краен случај да ги потисне своjте комплекси на по мала вредност. Негово мото е дека општествените интереси се над личните интереси.

Написот на Славко Николоски "Зошто се роди четвртиот рајх" прво го добивме Димитар, [redacted] и јас, и веднаш го испланиравме за печат со техничкиот уредник, однапред убедени и покрај поддршката што му ја пруживме на С.Николоски дека текстот ќе биде повлечен. Сега мислам дека тој текст требаше да ни послужи и како казна спрема главниот и заменикот уредник, како некоја потсвесна освета за сите неправди кои ни ги нанеле, а кои уверен сум, ја заслужиле.

Подоцна во меѓусебните разговори написот го оценивме како негативен и тенденциозен и како таков го отфрливме и потиснавме од нашата свест.

Во досегашната наша активност сигурно е дека сносиме голема вина и ние новинарите, особено Д.Николов и јас како најискусни и најав торитетни во редакцијата на "Студентски збор", сигурно дека со својот пример и насоки на делување сме делувале и на останатите и на извесен начин сме ги индоктринирале, но не треба да се занемари и целокупната состојба во "Студентски збор", активноста на младинските конференции од најниско до највисоко ниво (Универ зитетска,... и Републичка), како и активности на ОО на СК во НИО "Студентски збор" и факултетот.

Сметам дека насоките на нашата активност не се наша трајна определба, искуството со писмото и потписите веќе ни помогна да ги согледаме нашите застранувања и не треба да се дозволи заради тоа да бидеме жигосани и отфрлени уште од самиот почеток на нашиот живот, односно ќе ни биде потребно разбирање и прилика да ги исправиме направените грешки.

Во сево ова досега голем удел имаше состојбата во НИО "Студентски збор",каде постојано се кршат многу административни и самоуправни акти, се работи без икаква одговорност пред општеството, се игра комар или шах, не се доаѓа редовно на работа и слично, многу одлу ки важни за сите нас се донесуваат без кворум, без адекватен состав и сето тоа, исклучиво од стално вработените. Тоа кај нас помладите создава револт, напорите кои ги преземаме се секогаш безуспешни и заради тоа кај нас се јавува и сомнение во можноста проблемите да се менуваат по самоуправен пат, односно се создаваат предуслови за појава на реакционерни елементи во нашето однесување, конформизам, опортунизам и кариеризам или неконтролирана реакција која ќе ни штети и нам и на општеството.

- Мислам дека Гоце Ристовски презентира повеќе интересни моменти од нивната досегашна активност, беше во извесна мера и самокритичен и свесен за починетите гршки и самиот се оцени како еден од поекстремните членови на оваа неформална групација.

Од разговорите со другите извори ([redacted] С.Николоски, [redacted]) може да се заклучи дека доприносот на Гоце

Ристовски на планот на индоктринацијата на останатите е рамен на оној на Димитар Николов, со таа разлика што Гоце нема контактирано со В.Десница и В.Мијановиќ за што бил ангажиран Д. Николов.

Прекуцаните стихови од фотокопијата на забранетата збирка на Г. Гого "Волнени времиња" засега ќе преставува единствена валидна документација која би можела да биде искористена против него,но тука би можеле да се приклучат и изјавите на дел од членовите на редакцијата за неговото делување на планот на нивната индоктрина цијa.

Заради блискоста на Г.Ристовски и Д.Николов, нивните чести контакти и намерата на Николов секоја сабота и недела да престојува во собата на Ристовски се налага потреба од примена на мерката ОТС ад-хок во истата соба.

Расчистувањето со Гоце Ристовски продолжува и наредните денови.

ПРИЛОГ: Изјава од расчистувањето
со Гоце Ристовски

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV Сектор
- III Сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР
Слободан Катушевски

Уб 05-2911/32

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
САМ.ИНСПЕКТОР: Слободан Катушевски
Евид.број: 1170
02.03.1982 година
С к о п ј е

IV студ – 3/82
Слободан
22/4

ЛИЦА: 1. Славко Николоски
2. Гоце Ристовски

Слов. Студ.
Слов. Сав.

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Расчистување со лицето Славко Николоски, автор на необјавениот памфлет "Зошто се роди Четвртиот рајх" во кој тенденциозно, злонамерно и невистинито ја прикажува општествено-политичката состојба во земјата и еден од носителите на активноста во "Студентски збор" од анархоли бералистички позиции.

- На ден 28.02.1982 година од 16 до 21 часот во службените простории на РСВР – СРМ, Скопје обавено е расчистување со С.Николоски, студент по новинарство, со цел да се добијат конкретни сознанија за уделот на Гоце Ристовски во активноста на неформалната групација која делувала од позиции на анархолиберализам во редакцијата на весникот.

- Влијанието на Г.Ристовски во редакцијата посебно дојде до израз на почетокот од 1981 год., по неговото именување за уредник на актуелно-политичката рубрика, кога именуваниот "атмосферата" и размислувањата во редакцијата почна да ги усмерува во друг правец.

Имено, од тој период започна повеќекратно да се наметнува либерализација на односите во редакцијата, актуелизирање на разговорите и барањата за нова концепција на весникот "Студентски збор" и иницијативата за промена на целокупното раководство на НИО "Студент

ски збор". Кога се зборуваше за нова концепција на весникот се мислеше истиот да се менува, како по својот технички изглед, така и по својата содржина користејќи ја како модел концепциската поставеност на студентските гласила "Студент", "Студентски лист", "Полет" и други. Според Г.Ристовски "Студентски збор" со старата концепција е најслаб весник во земјата и затоа сите мие, од редакцијата треба да се користиме со стилот на пишувањето на колегите од другите гласила во земјата, односно да пишуваме што е можно покритички за теми и проблеми од сите аспекти на општествено-политичкиот живот во републиката и пошироко.

Истовремено, истиот подвлекуваше дека за квалитетот на нивното гласило доволно зборува и фактот на "Студентски збор" и покрај триесет и пет годишното излагање сеуште не е забрануван или повлекуван од печат. Во целост ме поддржа и се сложи со содржината на мојот необјавен напис "Зошто се роди Четвртиот рајх" и имаше мислење истиот да се печати заради што се вакануваше и со повлекување на својот текст од припремниот број на весникот, а се послужи и со невистина само да се отпечати мојот напис.

Гоце е и потписник на писмото во знак на подршка на "Синдикалната организација "Солидарност", го поттикнуваше Димитар Николов да биде истеран во активноста за прибирање потписи, му даваше безрезервна подршка, а истовремено се дистанцираше и самиот не преземаше ништо конкретно.

Сметам дека Гоце Ристовски користејќи ги својот интелектуален потенцијал, искуството и авторитетот, искушеност беше најзаслужниот новинар во редакцијата на "Студентски збор" и еден од носителите на нашата анархолибералистичка активност, ако не и пресуден за сите новинари.

- Сметам дека преку ова расчистување и изјава С.Николоски делумно успева да го отслика ликот и улогата на Гоце Ристовски во активноста на оваа неформална група која во редакцијата на весникот делуваше од анархолибералистички позиции.

ПРИЛОГ: Изјава од Славко Николоски од
28.02.1982 година

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДК - Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Слободан Катушевски

о/АБ

0.4

ŠSVR-SRM-SDB 05.12.1983 GOD. 1 STRANA

LIČNO DOSIE BR. 1-25635

N O S I T E L :

PREZIME : NIKOLOV

TATKO : [redacted]

IME : DIMITAR

RODEN NA 10.02.1958 GOD. VO SKOPJE

NARODNOST MAKEDONSKA A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : STUDENT

ŽIVEE VO SKOPJE UL.'PAVLE ILIĆ' BR. [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII :

1.ANARHO - LIBERAL

DOSIETO FORMIRANO VO USDB SKOPJE 1983 GODINA

LINIJA NA RABOTA : ANARHOLIBERALIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

ISTAPUVAL OD POZICII NA ANARHOLIBERALIZAM I SE POVRZAL SO BEZBEDNOSNO INTERESNI LICA NADVOR OD REPUBLIKATA SO NAMERA DA SOZDADAT NEFORMALNA GRUPA ISTOMISLENICI ZA DELUVANJE OD OVIE POZICII.

No.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Сам.инспектор: Слободан Катушевски
Ев.број: 4466
18.11.1984 година
С к о п ј е

ЛИЦЕ: ПОО "МАЛИОТ БАКУЊИН"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - Состанокот е одржан на ден 12.11.1984 година од 09,00-10,30 часот во службените простории на РСВР-СРМ, Скопје.

Сознанијата се добиени во усмена форма, оперативни трошоци нема.

II - Цел на разговорот со ПОО "Малиот Бакуњин" беше, да се согледаат неговите можности во процесот на понатамошната обработка на интересни лица и состојби, од средината на студентската и средношколска младина и театарот, како и да се проверат евентуалните негови повторни контакти со ПОО-а и безбедносно-интересни лица по анархолиберализам од Белград и Загреб.

Како повод за овој разговор беше искористено враќањето на патната исправа на "Малиот Бакуњин".

III - Оперативни сознанија:

Во периодот од 1982 година, кога со мене повеќе пати беше разговарано во службените простории на РСВР, а особено после моето дипломирање на Филозофски факултет - група Историја и отслужувањето на кадровскиот рок во ЈНА, ги сватив моите грешки и застранувања од претходниот период.

Од истите причини, иако престојував во Белград една година (како војник), избегнував секаков контакт со лица со кои сум комуницирал до 1982 година. Единствено, во две прилики бев со Душан Гамсер, новинар во Институтот за општествени науки, но при тоа не сме разговарале ништо невообичаено, посебно не за активностите на анархолибералите во Белград.

По отслужувањето на Воениот рок и враќањето во Скопје, месец јули о.г., воглавном ги избегнувам контактите со моите поранешни пријатели и познаници. Целокупното мое живеење се одвива во малото во кое живеам, повремено присуствувам на музички концерти и очекувам да бидам вработен.

Во една прилика, Душко Н. студент, не ми е познато на кој факултет, познато ми е само дека до 1982 година беше повремен музички соработник на весникот "Студентски збор", ме запозна со неговата иницијатива и иницијативата на неговите пријатели [redacted], да конституираат алтернативен Студентски културен центар, кој би егзистирал самостојно, со свои средства. Имено, нивна идеја била да користат одделни простории на Филозофски факултет како бифе, кое би работело како и сите оние навор, во градот, и тоа да им биде еден од основните извори на финансирање.

Инаку во рамките на овој алтернативен центар би функционирале повеќе секции, како музичката, театарска, информативна и др. Истовремено, Центарот би служел за организирање и на сите други активности на студентската младина, како и за нивно благовремено и целосно информирање за состојбите, проблемите, решенијата и слично.

Оваа идеја Душко Н. ја има копирано од мене, од периодот пред 1982 година, кога истата ја имав и елаборирано. Меѓутоа, после преземените мерки на Службата ја напуштив истата, иако сметав дека во основа и не беше негативна. Од овие причини, нивен пред-

лог беше да се ангажирам во реализацијата на оваа, некогаш моја идеја. На почетокот го прифатив предлогот, за набрзо да се откажам и ја напуштам соработката со нив. Моментно, не ми е познато до каде стигнале со остварувањето на плановите. Знам дека за реализацијата на оваа иницијатива очекуваа значајна помош од своите родители и блиски роднини.

IV - Оперативно мислење:

- Сознанијата добиени од "Малиот Бакуњин" преставуваат потврда на оние, добиени од изворот "Студент".

- Неговото однесување пред одењето во ЈНА, за време на отслужувањето на воениот рок и сега, се совпаѓа со презентираните сознанија.

- Според службените забелешки од Одделението за безбедност на Командата на I Армија, базирани на примена на тајно праќање, посматрање и други мерки на Службата врз "М.Бакуњин", не се евидентирани безбедносно интересни моменти, сознанија и податоци кои би укажувале на негова активност од анархолибералистички позиции, нити контакти со лица кои преставуваат интерес на СДБ.

- Од овие причини, сметам дека ПОО "Малиот Бакуњин" треба да биде дерегистриран и користен за следење на безбедносните состојби во студентските и други културни средини.

- Исто така, со негово посредство ќе може да се следи и активноста на Јордан Плевнеш, Љубиша Никодиновски-Биш и други безбедносно интересни лица од позиции на анархолиберализам.

- Ќе биде искористено и неговото познанство и пријателство со ПОО "Повратник", базирано пред се' на нивното потекло заради следење и документирање на коментарите и другите севкупни активности на овој предмет во работа.

- Исто така, по иницијатива на "Малиот Бакуњин", кој има бројни роднини и пријатели - Македонци, од Егејскиот дел на Македонија, како во земјата,така и во соседна Грција - Воден со околијата и Солун, така и во НР Бугарија - Пловдив. Особено е интересна неговата роднинска врска, со скорешниот заменик министер во владата на социјалистите, Пецос.

- Од овие причини, договорена е и наредна средба со "Малиот Бакуњин", со намера да се согледаат неговите можности во процесот на понатамошна обработка на безбедносно интересните лица и средини во земјата и пошироко, како да се обават нужните консултации со линијата по ГРС - офанзива.

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

САМ.ИНСПЕКТОР,
Слободан Катушевски

о/ЊП

СЈ 03-2011/24

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
САМ.ИНСПЕКТОР: Слободан Катушевски
ЕВИД.БР. 444
13.02.1982 година
С К О П Ј Е

IV сектор - 3497

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: Расчистување со лицето Мирјана Гелевска, потписник на писмото во знак на поддршка на апелот на Штрајкувачкиот комитет на бродоградилиштето во Шчечин од 14-ти декември 1981 година

На ден 10.02.1982 година од 16,00 - 24,00 часот обавено е расчистување со М.Гелевска со цел да се добијат поконкретни и точни сознанија за активноста на Димитар Николов, по добивањето на писмото од В.Десница со јасни инструкции за она што треба да се направи во нашата република за поддршка на синдикалната организација "Солидарност".

- Првиот работен ден по Новата '82 година (4.01.1982 год) околу 12,00 часот Димитар Николов преку телефон ме побара дома и ми рече итно да дојдам во редакцијата на "Студентски збор" со цел да ме запознае со нешто важно и интересно. Кога стигнав во редакцијата, во просторијата на главниот уредник веќе беа Славко Николоски, Весна Анчевска, Роберт Шотаровски, Ристо Вртев и Димитар Николов. Го прашав Димитар зошто ме повика, но истиот не ми одговори, а кога отидов во соседната просторија дојде по мене и ме запозна со започнатата акција за собирање потписи во знак на поддршка на полскиот народ и додаде дека истата акција се спроведува во целата земја. Ми го покажа писмото со текст од неколку реченици и 6 - 7 потписи и побара од мене да го при-

ложам и својот потпис што јас и го направив. На прашањето, од каде му е ова писмо, одговори дека го добил од Загреб, од некој иладински функционер со кого тој контактира. Истовремено ме информира дека лицето (В.Десница) му се јавило и телефонски при што инсистирало Димитар да ја започне активноста на овој план(на прибирањето на потписи) а наскоро во писмото ќе добие и подетални инструкции за истото. Во оваа прилика ми покажа само едно оригинално писмо во кое беа содржани ветените инструкции испишани со фломастер.

По ова уводно запознавање со акцијата,Д.Николов се интересираше дали можеме да прибереме потписи и од некои од нашите поафирмирани културни работници, за да писмото добие во значење. Одговорив дека зајдам неколку лица од културата кои во овој дел од денот можат да се најдат во бифето на драмските уметници ("Саво").

Д.Николов, Р.Вртев и Јас појдовме кај "Саво" со намера да соберем потписи, како и да го завршиме започнатиот разговор. Инсистирав Димитар детално да ми објасни како го добил писмото. Ми кажа дека додека бил во Брезовица на дочек на новата '82 година, дома телефонски го барал во повеќе наврата пријателот (В.Десница) од Загреб. По враќањето од Брезовица во Скопје тие се слушнале и пријателот го запознал со она што треба да го преземе на планот на собирање потписи.

Понатаму Д.Николов изјави дека преставува единствена врска за Македонија на одделни пријатели (В.Мијановиќ, В.Десница...) од Белград и Загреб и во колку нешто му се случи,особено по оваа активност за собирање потписи, врската би се прекинала. Од овие причини сметаше дека неговата улога би требало да ја преземам Јас или Р.Вртев, заради што ќе биде потребно да отпатуваме во овие два републички центра каде Димитар би не запознал со именуваните,со што би бил обезбеден континуитет во контактите и по неговото евентуално приведување од ОВР. Притоа ни наметна идеа

патувањето да го покриеме со изговор дека заради службени потреби потребно е да бидеме во Белград и Загреб, а истовремено би ги покриле направените трошоци со дневници од редакцијата.

На моето прашање каде ќе заврши писмото со потписите, Димитар одговори дека ќе биде упатено до Полската амбасада во Белград, а една фотокопија би била објавена во "Праксис интернационал".

Разговорот го продолживме за тоа од кого се можеме да земеме потписи при што Димитар предложи да земеме и од Љубиша Николиновски - Биш, но Јас ја отфрлив таа варијанта сметајќи дека со тоа би можеле само да си наштетиме. По ова јас земав потписи од Зози Димитар и Мето Јовановски, го фотокопирав писмото (се што е врзано со фотокопиите дадено е во претходната изјава од 09.02.1982 година) и со Мице Јачкуловски, уредник на КИКС си заминав дома.

- Сметам дека добиените сознанија од М.Гелевска се интересни за Службата, објективни и точни.

Со цел истите да бидат потврдени и од други извори, ќе биде обавено расчистување со Ристо Вртев, хонорарен соработник на "Студентски збор" и непосредек учесник во поголемиот дел од активностите на Димитар Николов на овој план.

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Слободан Катушевски

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Виктор"
САМ.ИНСПЕКТОР: Слободан Катушевски
Евид.број: 153
14.01.1982 година
С к о п ј е

11/02

И З В Е Ш Т А Ј

I. ИЗВОР: Соработник - "Виктор"

Состанокот е одржан на ден 13.01.1982 год. од 16 до 18,30 часот во домот на изворот по негова иницијатива. Сознанијата се добиени во усмена форма, оперативни трошоци нема.

II. Цел на состанокот беше изворот да презентира сознанија за циркуларното писмо со кое одделни студенти од Катедрата за интердисциплинарни студии - отсек новинарство манипулираат и го имаат наменето за Синдикалната организација "Солидарност".

III. Оперативни сознанија:

Неодамна во клубот на драмските уметници група студенти од Катедрата за интердисциплинарни студии - отсек новинарство, кои истовремено се ангажирани во весникот "Студентски збор" ми понудија да се запознаам со содржината на писмото наменето за Синдикалната организација "Солидарност", Полска, а истовремено и да го дадам својот потпис во знак на поддршка на Апелот, кој на 14-ти декември Штрајкувачкиот комитет на бродоградилиштето во Шчечин го упатил на меѓународната јавност. Заради потребите на Службата се потпишав на писмото, но истовремено побарав и фотокопија од истото, со образложение дека би сакал да го имам како документ каде стои мојот потпис со цел истиот да не биде искористен и за други цели.

Во разговор со одделни студенти за иницијаторите, мотивот и целите на ова писмо и потписи кои се бараат, бев информиран дека иницијативата потекнува од Загреб, и евентуално Белград, каде би требало да се обединат и во форма на петиција испратат до владата во Полска како протест за заведената воена состојба, а воедно тоа би било одговор и поддршка на Апелот на Штрајкувачкиот комитет од Шчецин.

IV. Оперативна забелешка:

- Сознанијата и фотокопијата од писмото кое го презентира соработникот се интересни за Службата.

- Издиференцирани се два студента кои биле ангажирани со писмото, а за кои сметаме дека можат да бидат искористени за расчистување со случајот.

- За таа цел ќе биде обавен разговор со Ристевски [redacted] Гоце, студент на IV година на Катедрата за интердисциплинарни студии - отсек новинарство, од кого треба да се добијат првичните сознанија за неговата активност и активноста на останатите учесници во умножувањето на писмото и собирање на потписи.

- Истовремено во соделство со ИУСДБ - Карпош планирана е реализација на случајот со расчистување и предупредување на главните носители на оваа активност со цел откривање на иницијаторите, нивната поврзаност, мотивите, целите и слично.

ПРИЛОГ: Писмото упатено до Синдикалната организација "Солидарност" Полска со единаесет потписници на истото.

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Слободан Катушевски

о/АБ

[redacted] ANIE LIČNO DOSIE BR. N-25629

RODEN NA 14.01.1931 GOD. VO GOSTIVAR

ŽIVEE VO SKOPJE

NARODNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: LEKAR

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. GRABANSKA DESNICA (ANARHOLIBERALIZAM)


SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. PRIPADNICI NA GRAĐANSKATA DESNICA (ANARHOLIBERALI)
2. PRIPADNIK NA GRAĐANSKA DESNICA (ANARHOLIBERAL)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

KAKO DIREKTOR VO NIP 'NOVA MAKEDONIJA' IMAL LIBERALISTIČKI STAVOVI SPREMA POVEĆE OPŠTESTVENO-POLITIČKI PRAŠANJA. GI OPRAVDUVAL NACIONALISTIČ. ISTAPI NA LICA, JA OPRAVDUVAL AKTIVNOSTA NA LICA OKARAKTERIZIRANI KAKO LIBERALISTI PO 21-TA SEDNICA NA CK SKJ. VO 1980 GOD. KAKO DIREKTOR VO 'VARDAR FILM',BEZ SOGLASNOST NA RAB.SOVET,SKLUČIL ŠTETEN DOGOVOR,SO ŠTO OVOZMOŽIL ODLIV VO STRANSTVO NA SUMA OD 25.000 DOLARI.

DOSIETO E FORMIRANO OD UPRAVA ZA SDB SKOPJE NA 05.12.1983 GODI



ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

Број на лично досие	25629
Основен орган	Усб. Скопје
Датум на пополнувањето на прашалникот	1.12.1983

1 0 2 5 6 2 9 8

4 1 10

		презиме	татково име	име	
1		Тодовски	[redacted]	Данче	11-40
2	Датум на раѓање	14.1.31			3 1 42
3	Место на раѓањето и општина	Разаројоле			2-4807045 47
4	Народност	Македонец			1 2 49
5	Државјанство	СФРЈ			1 0 0 51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Ск.			1-4825 56
7	Занимање	Лекар			0 3 0 1 59
8	Однос со органи за ВР	Цивил			0 60
9	КАТЕГОРИЈА Прва	Лице на либерално-демократска позиција			6 2 62
	КАТЕГОРИЈА Втора	—			0 0 64
	КАТЕГОРИЈА Трета	—			0 0 66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени	~~Кривична пријава~~ ~~Пријава~~ Осуден со Одлука од 4.9.1982 год 3-2-83 чл.162 став 1 чл.177 став 4/184 став 3 од КЗ на СРМ.			1 67
11	Колку пати е осудуван	1 —			1 68
12	Висина на казната-осудата	3 месеци — условно			0 1 70 ?
13	Кога е формирано досието				72

РСВР - СРМ - СДБ
VII ОДДЕЛЕНИЕ
С К О П Ј Е

7 1

И З В Е Ш Т А Ј О Д С Л Е Д Е Њ Е БР: "В"-7/81

Над АНТЕ ПОПОВСКИ, државјанин на СФРЈ, со стан на ул."Караорман" бр.[redacted]

Следен - по иницијатива на Катушевски Слободан, а со цел извршување на оперативно-техничка мерка.

Следењето е извршено на 23.01.1981 година.

Извештајот се доставува на 27.01.1981 година.

Преку примена на мерката следење, добиени се следните податоци:

23.01.1981 година

Постапено на работа во 13,45 часот.

Во 15,35 часот Анте Поповски, Бранко Гапо, едно машко лице и возачот на колата (СК 738-57 сопственост на "Вардар-филм") излегле од "Вардар-филм" се [redacted] во горе споменатата кола и отишле на ул."Миле Поп Јорданов" агр.бр.29 блез 4. Во кој стан влегле не бевме во можност да видиме, бидејќи истите беа следени на поголемо растојание.

Забелешка:

Во 16,30 по завршувањето на оперативно-техничката акција следењето е прекратено во договор со инспекторот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- 2 прим.УСДБ - Скопје
- 1 прим. IV сектор
- 1 прим. во Одделението

НАЧАЛНИК НА VII ОДДЕЛЕНИЕ
[redacted]

04-813

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Вожко"
Опер.работник: Катушевски Слободан
Влез.број 425
20.01.1981 година
С к о п ј е

Лице: 1. ПОО "ДЕКАР"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - ИЗВОР: Оперативна врска "Вожко"
Состанокот е одржан на 16.01.1981 година во ресторанот "Остро во" од 17,30 до 20,00 часот по моја иницијатива.
Состанокот се одржа во уобичаена форма, оперативни трошоци 5о денари.

II - Цел на состанокот беше ангажирање на изворот за следење на состојбите во "Вардар-филм", со посебен акцент на активноста на ПОО "Декар" и неговиот придонес во тој контекст.

III - ОПЕРАТИВНИ СОЗНАНИЈА:

Самоуправните органи во "Вардар-филм" имаат компетенција да ги спроведуваат одлуките на поединци во колективот, а пред сè ПОО "Декар" и Карафезов Љубе, раководител на производниот сектор, имаат многу блиски на предметот на работа.

По налог на "Декар" работничкиот совет ја отфрла можноста реализ нита наводите од работењето на "Вардар-филм" кое е многу негативно да допрат до јавноста и да се достават до Републичката заедница на култура која го финансира низното работење и каде жува колите наводи да се "прилагодат на реалноста" и да изгледаат позитивни.

Истиот манипулира со финансиските средства и вработените без никаква одговорност, по негов налог и често со негов потпис

се откупуваат идеи за сценарија (кои најчесто содржат 2-3 страни текст) и сценарија од особи кои сака да ги задожи или ни е никаков домашин, а тие се отфрлаат како се платени по 1о, 2о и повеќе илјади долари.

Без знаење на одговорните во колективот телефонски наложил на "Југославија-филм" Белград да се исплатат 1о илјади амер рикански долари, а при тоа да не се знае нити причината, ни тн намената на тој налог кој сојузната филмска заедница го надоместува со пребивање на побарувањето од девизните средства кои "Вардар-филм" ги остварува по основ на авторските права за прикажување на македонски филмови надвор од земјата.

Присутна е појавата да се преговара во приватна режија со стра ни државјани или кои граѓани, а не име на "Вардар-филм" и при тоа во истото да знаат само две лица, ПОО "Лекар" и преговарачот најчесто Стевчо Аџевски, директор на филм.

Директорот на филмот по претходен договор со генералниот директор на сметка на "Вардар-филм", со приватен такси отпату вал во Будва (и назад) со цел да преговара со нам државјанин, времено вработен во СР Германија за побарувања од 5о илјади амер рикански долари под услов да за 12 месеци колективот ја врати истата сума со 1оо% камата (1оо илјади американски долари). ?

Единствен договор за кој малку се знае е постигнат е со "Алкалоид" Скопје од каде е земена сума од 5о илјади американски долари, која треба да послужи како аконтација за ангажирање на филмски режисер без гаранција за успех и без гаранција дека истиот ќе биде вратен.

Заради отсуство на организација и контрола во работењето како и реална калкулација за вредноста на работите, сликите филмови во "Вардар-филм" чинат многу повеќе од реалната вредност.Само

превозните трошоци на последните три снимени филма во просек изнесуваат еден милион (нови) динари иако истите се снимани во Републиката. Како илустрација може да послужи и фактот да неколку приватни таксисти во градот побаруваат од "Вардар - филм" по 2оо-3оо илјади (нови динари), трошоците за репрезентација се поголеми, а филмската трака се користи двојно повеќе од југословенскиот просек што чини околу еден милион девизни динари повеќе.

За одбележување е и некоординираното користење на основните средства на секоја филмска организација за хонорарна работа на јчесто во работното време кога филмските работници треба да бидат на своите работни места.

IV - ОПЕРАТИВНА ЗАБЕЛЕШКА:

На крајот сум дека извештајот објективно ги презентира сознанијата интересни за Службата, а некој од нив ќе бидат и документирани на следните состаноци.

- Од изнесеното јасно произлегува либералистичкиот и индивидуален однос на ПОО "Лекар" кон средствата кои помошта заедници ја и ги доделува на секоја филмска организација, што е особено значајно во годините, кога се чинат напори за економска стабилизација на земјата.

- Таквиот однос се одразува и на филмската продукција на "Вардар-филм" како единствена организација од сличен карактер во Републиката која треба да не репрезентира на југословенски план и помирено.

- "Бенко" е контактиран прв пат со цел да го ангажираме за на јнепосредно следење на состојбите во "Вардар-филм" со посебен акцентна ПОО "Лекар" и други интересни лица кои ќе бидат индиферентирани во контактите со извештај. Во почетните контакти

понагласен ќе биде нашиот интерес за материјално-финансовото работење на оваа организација, за подоцна да му бидат по ставувани и поконкретни задачи за ПОО "Лекар" и неговите по интересни контакти во работните простории.

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV Сектор
- III Сектор
- Началникот на УСДБ-Скопје

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
Катуневски Слободан

ЈА.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОП.РАБОТНИК: Катушевски Слободан
КВ.БРОЈ 273
28.01.1981 година
С К О П Ј Е

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

За мерките и начинот за изведување на акцијата за примена на ОТС во работните простории на ПОО "Лекар".

1. Време на изведување на акцијата
- Акцијата ќе биде изведена на ден 01.02.1981 година (недела) околу 24,оо часот.

2. Локација на објектот и обезбедување
- Работните простории на ПОО "Лекар" се наоѓа во зградата на "Вардар - филм", Скопје на улица "8-ми март", во непосредна близина на Судот за прекршоци. Објектот и е познат на еки пата од V-от Сектор, просторијата во која треба да се инсталира ОТС се наоѓа на прв кат и во неа се влегува преку канцеларијата на секретарката на предметот во работа.
Обезбедени се клучеви од влезната врата на објектот, портирницата во која се сместени телефонските врски и канцелариите на секретарката и ПОО "Лекар" (истите се заклучуваат секојдневно по завршувањето на работното време).

3. Обезбедување на акцијата
Заради безбедносно изведување на акцијата ќе бидат превземени следниве мерки:
Од самиот почеток на акцијата пред влезот на "Вардар - филм" Скопје ќе биде поставен оперативен работник во милиционерска

униформа со задача да интервенира на евентуален повик или да ја информира екипата во објектот за приметливост на нејзиното работење (светло, шумови, движење.....).
За затемнување на прозорците каде ќе работи екипата ќе се преземат соодветни мерки.

Со командирот на СМ "Центар" ќе биде остварен договор за неспетано одвивање на акцијата од нивната позорна служба на тој реон.

- Ден пред и во текот на извадување на акцијата ПОО "Некар" ќе биде ставен под следење.

4. Дејствие на акцијата
Акцијата ќе започне во вечерните часови (околу 24,оо часот) со повикување на чуварот на објектот во СМ "Центар" на разговор, кој однапред ќе биде подготвен. Разговорот ќе го води оперативен работник од УСДБ - Скопје и истиот ќе биде завршен по извадувањето на акцијата.

По извршувањето на проверите околу објектот и во самиот објект оперативно - техничката екипа ќе влезе во објектот, а после извадената работа екипата и останатите учесници ќе се повлечат во базата.

5. Учесници во акцијата
- еден оперативен работник во милиционерска униформа
- екипата од V-от Сектор за постакување ОТС
- три оперативни работници, од кои еден ќе обавува разговор со чуварот во СМ "Центар", а двајца ќе бидат ангажирани во непосредното извршување на акцијата.
- две возила за оперативно - техничката екипа и лицата за на дворешно обезбедување на објектот
- четири радио станици "токи - воки"
- батериски ламби

6. Начин на комуницирање
- Учесниците меѓусебно ќе комуницираат со радио станици "тони - воки" и со однапред подготвен код.

- Пред навлегувањето на акцијата непрекинатоста на сите средства за комуницирање ќе биде детално проверена.

ОП.РАБОТНИК:
Катушевски Слободан

МГ/

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Повеќе"
ОП.РАБОТНИК: Катушевски Слободан
Ев.бр. 421
03.02.1981 година
С К О П Ј Е

ЛИЦЕ: 1. РОБОВСКИ [redacted] ВАСИЛ, роден 1949 год. во с.Габреш - Костур, настанет во Скопје со стан на ул."П.Ацев" бр.[redacted] вработен во "Вардар-филм"-Скопје како ноќен чувар.
Не минува низ евиденциите на СДБ и СЈБ.

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. ИЗВОР: "Повеќе".

На 29 и 30.01.1981 год. обавени се разговори со лицата Ангеловски Диме, техничар и Митевски Борче, телефонист во "Вардар - Филм", Скопје, Супелов Трајко, Јанкулов Харитон и Балковски Алеко,пензионери.

II. Цел на разговорите беше целосна оперативна проверка на лицето Робовски Васил, ноќен чувар во "Вардар-филм", Скопје заради негово евентуално ангажирање за изведување на акцијата за вградување на ОТС во работната просторија на ПОО "Лекар".

III. Податоци добиени од разговорите;
Васил потекнува од средно имотно трговско семејство, негови татко Филип, роден во с. Габреш - Костур по занимање бил трговец, а после доаѓањето во Скопје работел како продавач во "Славија" увоз - извоз, Скопје.

Не учествувал во НОБ и ДАГ кој го помагал само пасивно. Општествено-политички не бил активен, не минува низ евиденцијата на СДБ.

Починал 1976 година заради прекумерно консумирање на алкохол

Мајка му [redacted], родена во с.Габреш е домаќинка, корисник на семејна пензија. Од потесното семејство лицето има два брата и сестра;

Робевски [redacted] роден во с.Габреш од 1948 год. живее во Прага - ЧССР, оженет за чехословачка државјанка, татко на три деца, по занимање професор и научен работник по Историја и фолклор, наш државјанин, често престојува во земјата, не минува низ евиденцијата на СДБ.

Робевски [redacted] роден во с.Габреш, по занимање е графички работник, последниве години времено се вработил и престојувал во Канада, оболен од тешка болест и веројатно починат и

Манева - Робовска [redacted], родена во с. Габреш, економист по занимање, вработена во РТВ Скопје, а мажена и мајка на две малолетни деца.

Васил е роден 25.1о.1949 год. во с.Габреш - Костур, од образование има средно фискултурно, досега не појавил никаква општествено-политичка активност, не е член на СКМ, воената обврска ја регулирал, не е оженет, не минува низ евиденциј-те на СДБ и СЈБ, вработен е како ноќен чувар во "Вардар-филм", Скопје од 1979 год. По природа е тих,повлечен, не мн-гу комуникативен, коректен и одмерен во односот со луѓето.

На мислење сум дека лицето Робовски [redacted] Васил е позитивна и безбедносно подобна личност, но треба да се има во предви-

дека неговите квалитети не преставуваат гаранција за успешно ангажирање и користење во акцијата за вградување на ОТС во работната просторија на ПОО "Лекар".

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV Сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК:

Катушевски Слободан

АБ/

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Повеќе"
ОП.РАБОТНИК: Катушевски Слободан
ЕВИД.БР. 423
03.02.1981 година
С К О П Ј Е

ЛИЦЕ:
1. Мутовиќ [redacted] Душко, роден 01.06.1951 година во с.Бањани-Скопје, вработен во "Вардар-филм", Скопје како ноќен чувар.
Не минува низ евиденциите на СДБ и СЈБ.

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - ИЗВОР: "Повеќе"

На 29 и 30.01.1981 година обавени се разговори со лицата Ангеловски Диме, техничар и Митевски Борче, телефонист во "Вардар-филм" Скопје, Павчевиќ Љубо земјоделец и оперативната врска "Терма".

II- Цел на разговорите беше целосна оперативна проверка на лицето Мутовиќ Душко, ноќен чувар во "Вардар-филм" Скопје заради негово евентуално ангажирање за изведување на акцијата за вградување на ОТС во работната просторија на ПОО "Лекар".

III-Податоци добиени од разговорите:

Мутовиќ Душко потекнува од сиромашно земјоделско семејство, неговиот татко [redacted] роден во с.Бањани - Скопје се занимавал со земјоделие, општествено-политички не бил активен, учес

ник е во НОБ од 1944 година (Сремски фронт), не минува низ евиденцијата на СДБ, починат кон крајот на 198о година. Мајка му [redacted] родена во с.Бањани - Скопје, домаќинка по занимање, починала 1976 година.

Од потесното семејство лицето има сестра [redacted], родена 1946 година во с.Бањани, омажена, работи како продавачка во робната куќа "Центро".

Душко е роден о1.об.1951 година во с.Бањани, од образование има само основно, досега не појавил некаква општествено-политичка активност, не е член на СКМ, воената обврска не ја регулирал од здравствени причини, оженет е, татко на едно малолетно дете, вработен е како ноќен чувар во "Вардар-фили", Скопје од 1978 година, не минува низ евиденциите на СДБ и СЈБ.

Во средината во која живее и работи познат е како скромен, работлив, некомуникативен, коректен, стабилен и културен во односот со луѓето.

На мислење сум дека Душко е позитивна и безбедносно подобна личност и може да се земе во предвид за негово евентуално ангажирање и користење во акцијата за вградување на ОТС во работната просторија на ПОО "Лекар".

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

ОПЕР.РАБОТНИК:
Катушевски Слободан

БС/

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Бошко"
ОП.РАБОТНИК:Катушевски Слободан
ЕВИД.БР. 1341
30.04.1981 година
С К О П Ј Е

ЛИЦЕ: 1. ПОО "Лекар"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - ИЗВОР:Оперативна врска "Бошко".

Состанокот е одржан на ден 29.04.1981 година од 18,00 до 19,30 часот во бифето "Аеродром" по наша иницијатива.

Сознанијата се применети во усмена форма, оперативни трошоци 80 динари.

II- Цел на состанокот и разговорот беше да се добијат конкретни сознанија за ПОО "Лекар" сврзани со проектот "Сем Пекимпо" и Самоуправната спогодба и договорот склучени на 2 и 3.07.1980 година помеѓу "Алкалоид" - Скопје и "Вардар-филм" - Скопје.

III-Оперативни сознанија:

ПОО "Лекар" без одлука на Работничкиот совет и без договор со другите самоуправни и работни тела на "Вардар-филм", Скопје на ден 02.07.1980 година склучил Самоуправна спогодба за здружување на труд и средства заради трајна деловно-техничка соработка помеѓу "Вардар-филм" и "Алкалоид" - Скопје, а следниот ден (03.07.1980 година) заклучил договор аналогно на веќе пот-

пишаната Самоуправна спогодба со кој износот од 50.000 американски долари "Алкалоид" го става на располагање на "Вардар-филм" (читај ПОО "Лекар") врз основа на фиктивно прикажани 1,5 милиони долари како сопственост на Работната организација за производство на филмови, Скопје ("Вардар-филм").

Предметот во работа инсистира на итен состанок на Работничкиот совет на РО со цел покрај разгледувањето на планот и програмата за санација да биде донесена и одлука со која макар и формално ќе биде прифатена и потврдена Самоуправната спогодба и Договорот со "Алкалоид", Скопје, како и нивниот ангажман и направените трошоци на проектот "Сем Пекимпо".

"Лекар" и Стево Ацевски моментно се ангажирани на преговори со финансиери од Италија и СР Германија со цел да добијат сума од 3 милиони долари, во форма на краткорочен кредит, со провизија од 100%. И во овој случај, самоуправните и работните тела на "Вардар-филм", Скопје се во целост заобиколени.

IV- Оперативна забелешка:

- ПОО "Лекар" со својата активност во РО во целост ги дезавуира работните и самоуправните органи на "Вардар-филм" и општествено-политичката заедница.

- Неговиот ангажман во проектот "Сем Пекимпо" преставува флагрантно кршење на самоуправувањето, за што во Законот за здружен труд и КЗ на Македонија постојат одредби лична одговорност и основ за кривично гонење.

- За досегашната активност на предметот во работа итно да се изготви информација за општествено-политичките фактори на градот и Републиката, а Службата за дел од неговото незаконско работење за кое има прибавено валидна документација ќе поднесе пријава за кривичен прогон.

ПРИЛОГ: Фотокопија од Самоуправната спогодба и договорот помеѓу "Алкалоид" - Скопје и "Вардар-филм" - Скопје, односно ПОО "Лекар".

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

ОП.РАБОТНИК:
Катушевски Слободан

о/БС

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Бошко"
Опер.работник: Катуневски Слободан
Евид.број 1438
12.5.1981 година
С к о п ј е

Сите податоци поврзани не треба да се користат информации
2/р

ЛИЦА:

1. ПОО "ЛЕКАР"
2. АЦЕВСКИ СТЕВО, роден 1943 год. во Скопје, со стан на ул."Хаџиевска" кула [redacted] директор на филм, не води ниту има евиденции во СЈБ и СДБ

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - ИЗВОР: Оперативна врска "Бошко"

Состанокот е одржан на ден 8.5.1981 година од 12,оо до 13,3о часот во ресторантот "Почивка" по наша иницијатива. Сознанијата се примени во усмена форма, оперативни трошоци 6о динари.

II - Цел на состанокот и разговорот беше да се добијат поконкретни сознанија за состанокот на Работничкиот совет на "Вардар-филм" Скопје, одржан на о1.4.1981 година на кој условно е дадена согласност да се потпише договор за ангажирање на Сем Пекинпо.

III - ОПЕРАТИВНИ СОЗНАНИЈА:

На седницата на Работничкиот совет на "Вардар-филм", Скопје, одржана на о1.4.1981 година Ацевски Стево, директор на филм и најнепосреден соработник на ПОО "Лекар" во проектот "Сем Пекинпо", во присуство на предметот на работа невистинито ги тумачел одредбите на договорот закључен на ден 3.7.198о година помеѓу "Вардар-филм" и "Алкалоид" - Скопје, а во врска со Самоу празната спогодба за здружување на труд и средства бр.19-47о2/1 од о1.7.198о година, со кој "Алкалоид" му отстапил на "Вардар-филм" 5о илјади американски долари со обврска да му бидат вратени веднаш по пристигањето на правот износ на девизните средства за изработка на филмот "Отфрлен" и чие постоење е само фиктивно.

Имено, С.Ацевски како член на Работничкиот совет и непосреден учесник во проектот, на присутните членови на Советот, договорот (бр.19-47о2/1) со "Алкалоид" го протумачил како документ со кој "Вардар-филм" не е обврзан да ги врати отстапените средства. По ова, во објаснувањето на потребата од прифаќањето на проектот се вклучи и ПОО "Лекар" кој ни укажувал на присутните на материјалната корист што ќе ја имаат сите поединечно,како и работната организација која се наоѓа во незавидна финансиска состојба, во која се даде согласност за ангажирање на Сем Пекинпо за снимање на филмот "Отфрлени".

Со ветување и искривено прикажување на фактите од страна на предметот во работа и Ацевски, како и со помош на претседателот на Работничкиот совет изведувана е Одлука со која се изразува согласност да се потпише договор за ангажирање на режисерот Сем Пекинпо за режија на филмот "Отфрлени", под услов да се обезбедат средства од 5о илјади американски долари, кои средства нема да паднат на товар на "Вардар-филм", а реализацијата на филмот да биде зависна од обезбедувањето на сите материјално-финансиски и други претпоставки.

IV - ОПЕРАТИВНА ЗАБЕЛЕШКА:

Текот на состанокот и направениот записник од него, претставуваат уште една потврда за активноста на ПОО "Лекар" и С.Ацевски, директор на филм за кој веќе е дадена оценка во претходните службени белешки.

Мое мислење е дека согласноста на Работничкиот совет да се потпише договор за ангажирање на Сем Пекинпо под приложените услови создава спротивен ефект од оној кој сакал да го постигне предметот во работа. Имено, договорот е реализиран, парите се исплатени без законски основ (досега не е понуден никаков разговор или документ од разговорите со Сем Пекинпо врз основа на кој би се кинисле направените трошоци кои ја преминуваат сумата од 1 милион нови и девизни динари), а на овој состанок точно 6 дена по исплатата се бара согласност за потпишување на догово

Интересно е да на денот на исплатата на Сем Пекинпо, 27.3. 1981 година, бил одржан состанок на Работничкиот совет на "Вардар-филм" на кој присуствувал и ПОО "Лекар" - по службена должност, а С.Аџевски бил ангажиран околу реализацијата на налозите за исплата на веќе пристигнатиот американски режисер но од сето тоа Советот бил информиран на крајот од состанокот само за престојот на Сем Пекинпо во градот со кого ќе се разговара за реализација на филмот "Отфрлени" во кое доколку "Вардар-филм" прифати би бил во својство на извршен продуцент.

Нашата активност во наредниот период ќе биде усмерена на прибавување на целокупната документација за овој "случај" која досега не е презентирана пред Советот, а пред се ќе се работи на прибавувањето на евентуалниот договор со Сем Пекинпо кој и покрај ветувањата дека ќе биде приложен до книговодството и РС на "Вардар-филм", сеуште не се доставува што наведува на претпоставка дека е фиктивен или штетен договор.

ПРИЛОГ:

1. Фотокопии од записниците на седниците на РС на "Вардар-филм" Скопје, одржани на 27.3. и 01.04.1981 година.

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV Сектор
- III Сектор
- началникот на УСДБ-Скопје

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
Катуневски Слободан

ЈЛ.

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
Извор: "Гајта"
Сп.работник: Катушевски Слободан
Евидентен бр. 259
08.09.1981 година
С к о п ј е

Акција "Струга-81"
Лица:
1. ПОО "Декар"
2. ПОО "Дневник"
3. ПОО "Поет"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. Извор: Оперативна врска "Гајта".
Состанокот е одржан на 04.09.1981 година од 12,00 - 14,30 часот во бифето на пензионерскиот дом - "Чаир" по наша иницијатива.
Соопштењата се примени во усмена форма, оперативни трошоци 50 динари.

II. Цел на состанокот беше да се добијат некои сознанија во однесот и коментарите на ПОО "Декар" и ПОО "Поет" на "Струга-81

III. Оперативни сознанија:

ПОО "Декар" кој бил незадоволен од одлуката на комисијата за доделување на наградата "Браќа Миладиновци", да истата му се додели на поетот [redacted], а не нему, ја омаловажувал и бојкотирал изворната поетска манифестација, главнајќи дел од свеченото отварање на истата во кој требало да се претстави со свои стихови.

Во тој контекст, предметот на работа изразил жалење што СВП заради судирот на интересите на одредени лица (организатори

на оваа манифестација) запаѓаат во крива и кревки нивоа дека треба нешто да се менува со цел"Струшките вечери на поезија повторно да оживеат".

Неодамна поттик предмет како рецензент на стихозбирката од ПОО "Анатесова" - "Скопјани" во НК "Нова" (се работи за нејзина рецензија), му забележал на "Анатесова" дека во некои стихови "политизира" што може да предизвика реакција во јавноста и притоа дадата предмета во работа имаше остар дијалог во кој ПОО "Анатесова" предложи ПОО "Денар" сепак забележаните за стихозбирката да ги презентира во некое јавно гласило, што и "Денар" денешно и го направи следниот ден во "Вечер".

ПОО "Поет" кој и покрај присуството во Струга не земал учество во свеченото отварање на XX-тите Струшки вечери на поезија, оправдувајќи се пред организаторите дека неговото го направи врз основа на состојбата во која се наоѓал (наводно бил под дејство на алкохол), веднаш по завршувањето на свеченото отварање на поетската манифестација бил виден на вечера со [redacted] во сосема нормална состојба.

IV. Оперативна забелешка:

- Оперативната врска "Гајта" е користен повеќе пати и секогаш презентирал интересни и објективни сознанија за СДЕ.

- Стихозбирката "Скопјани" ќе биде дадена на рецензија на наши врски - критичари со цел да се види дали инстинктот не нè мами стиховите се непријателска содржина.

- Мислењето на ПОО "Денар" за СВП кое го презентира "Гајта" претставува потврда на веќе добиените слични сознанија од други извори.

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- III сектор
- НАЧАЛНИК НА УСДБ-СКОПЈЕ

ОП.РАБОТНИК:
Катуневски Слободан

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Виљана"
ОП.РАБОТНИК: Слободан Катушевски
Бр.бр. 2612
16.09.1981 година
С к е п ј е ЛИЦЕ: 1. ПОО "Лекар"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. ИЗВОР: Оперативна врска "Виљана".

Состанокот е одржан на ден 15.09.1981 год. од 11-12,30 часот во "Панорама" по наша иницијатива. Соопштењата се примени во усна форма, оперативни трошоци 60 динари.

II. Цел на состанокот и разговорот беше односот и ангажирањето на ПОО "Лекар", по неговото запознавање со специјалната информација од РСНР - СРМ - Скопје испратена до републичкото и градското раководство и неговите коментари на "Струга-81".

III. Оперативни соопштенија:

По запознавањето на предметот во работа со специјалната информација за состојбите во "Вардар-филм", Скопје, степенот на негативната влија, одговорноста што ја сноси и можните санкции, кои РСНР-СРМ,Скопје ја има доставено до републичкото и градското раководство, ПОО "Лекар" е вешто вклучен, упатен и правилно ориентиран во својот однос кон работните обврски и во контактите со вработените од "Вардар-филм". За сето тоа, предметот во работа пред изворот отворено го објаснувал Стево Ацевски, директор на филм кого го именувал со потврдни зборови.

Меѓу другото "Лекар" се пожалил на осаменост, наводно не чувствувал ниту потреба ниту желба да престојува во својот дом,

реализирал дека пријатели во вистинската смисла на зборот и нема, а кога на сето тоа ќе ги додадеме проблемите во матичната РО единствено му преостанувал алкохолот.

Што се однесува до "Струга-81" сметам дека оваа појавна манифестација е во сериозна криза, а годинешната според неговите покажувања, е најлоша и најголема од најавеното постоење и требало итно да се преземат мерки за враќање на угледот и значајот на СВП не само за домашните, туку и за странските гости и посетители.

XV. На мислење сум дека материјот презентира објективни и точни сознанија за ПОО "Лекар" кои се интересни за СДК.

- Идентични сознанија се добиени и од соработникот "Виктор" и оперативната врска "Пријател".

- "Билјана" е инструирана да биде почесто во контакт со предметот во работа, и со него да разменува мислење за проблеми или одговори кои ќе бидат интересни за СДК, особено оние од сферата на културата, неговиот однос и коментари за другите предмети во работа и интересни лица по национализам и анархолиберализам, состојбите во "Вардар-филм", Скопје и слично.

ДОСТАВЕНО ДО:

- XV Сектор
- XXI Сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

о/АБ

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК:

Катуневски Слободан

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Виктор"
ОП.РАБОТНИК: Катушевски Слободан
ЕВИД.БРОЈ 2350
23.09.1981 година
С К О П Ј Е

04-6870

[redacted]

ПОО "Лекар" [redacted]

И З В Е Ш Т А Ј

I - ИЗВОР: Соработник "Виктор"

Состанокот е одржан на ден 20.09.1981 година од 11,30 до 14,00 часот во ресторантот "Победа" по наша иницијатива.

Созимањата се применети во усмена форма, оперативни трошоци 80 динари.

II - Цел на состанокот и разговорот беа реакциите и коментарите на ПОО "Лекар" по неуспешните преговори со американскиот режисер Сем Пекинпо и моментните состојби во културата.

III - Оперативни сознанија:

Неодамна, во бифето на "Вардар - филм" - Скопје, ПОО "Лекар" ми изрази стравувања за својата перспектива заради обвинението за наводното негово несамоуправно работење во РО иако, според предметот во работа за такво работење главен виновник бил Стеван Апостски, директор на филм кој погрешно го информирал за ефектите од повеќе филмски проекти меѓу кои и проектот за филмот "Отфрлен" за кој бил ангажиран американскиот режисер Сем Пекинпо.

"Лекар" за своите позиции во општеството кои ги смета за неадекватни на неговото име и придонес што го има дадено во изминатите

години, за сложените односи во филмската продукција на Републиката и воопшто за негативните трендови во културата ги обвинува општествено-политичките фактори заради неспособноста да ги разрешат најосновните проблеми во пошироката општествено-политичка и економска заедница и притоа изразам мислење дека ПОО "Табакера II" и он лично се "жртви" на нивната немоќ. Притоа предметот во работа го посочи членот на претседателството на ЦК на СКМ Димче Беловски како главен виновник за сегашните влошени состојби во културата и како особа која ги девалвира неговите позиции во истата.

IV - Оперативна забелешка:

Презентираните сознанија од соработникот ги сметам за објективни, точни и интересни за СДБ.

ПОО "Лекар" пред повеќе наши извори изразувал страдување за себе и својата кариера и секогаш вината за тоа ја префрлал на Стеван Ацевски, иако предметот во работа бил носител на таквите несамоуправни активности во РО "Вардар - филм".

За СДБ е интересно барањето на предметот во работа на некакви сличности помеѓу неговата состојба и место во општеството кои самиот ги оценувал како сериозни, со состојбата, местото и третманот на ПОО "Табакера II", особено кога се знае дека ПОО "Лекар" е член од иницијаторите "Табакера II" да одговара за своите непријателски истапи, при снимањето на филмот "Црвениот коњ".

СДБ и понатаму ќе се ангажира на продлабочување на контактите со постоечките врски и изнаоѓање на нови, со цел навремено информирање, следење и по можност документирање на неговите коментари и активности од позиции на национализам, либерализам и анархолиберализам.

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК:
Катуневски Слободан

о/вг

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "МИЛОШ"
САМ.ИНСПЕКТОР; Слободан Катушевски
Евидентен бр. 350/
09.12.1981 година
С к о п ј е

ЛИЦА:
1. ПОО "ЛЕКАР"
2. ПОО "САРКОМ"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I. Извор: оперативна врска "Милош". Состанокот е одржан на ден 07.12.1981 година од 9,00-11,00 часот во ресторантот "Победа" по наша иницијатива. Сознанијата се добиени во усмена форма, оперативни трошоци 120 динари.

II. Цел на состанокот беше да се добијат безбедносно интересни сознанија за ПОО "Лекар" како на рабоното место така и надвор од него, а истовремено да се согледаат и можностите на изворот во процесот на понатамошната обработка на истиот предмет.

III. Оперативни сознанија:

Неодамна, без поканет од ПОО "Лекар" да го посетам во неговите работни простории во РО "Вардар-филм", Скопје, каде ги затекнав др. [redacted] и "Лекар" со сопругите и ПОО "Сарком". По извесни дискусии, неинтересни за Службата, "Сарком" го потенцираше значајот и вредноста на уводниците на ПОО "Лекар" од 70-тите години, печатени во весникот "Нова Македонија", кога именуваниот беше генерален директор на истата новинско издавачка организација. Имено, ПОО "Сарком" нагласи дека се работи за содржини

кои ќе останат ненадминати во нашето новинарство, па и пошироко. "Лекар" не ги коментираше овакви изјави на "Сарком", но беше очигледно дека е задоволен од нив. После оваа средба, ПОО "Лекар" сврати во мојот дом и на моето прашање каква личност е "Сарком", одговори дека се работи за способен адвокат кој во минатото бил осуден за ВМ дејност.

Во истата прилика, предметот во работа ме информира дека негови блиски пријатели сочиниле многу интересна "збирка на песни" кои "Лекар" ги пишувал во моменти на посебно расположение, најчесто под дејство на алкохол, . збирката е умножена во околу 30 примероци, но не напомена кои се ги поседуваат тие примероци.

IV. Оперативна забелешка:

- Сметам дека изворот беше објективен и точен и презентира сознанија интересни за СДБ.

- Неговите можности во процесот на понатамошната обработка на ПОО "Лекар", иако не се така големи како во минатото, остануваат значајни за нашето информирање за активноста и коментарите на предметот во работа.

- Истовремено, обзирајќи ја блискоста на "Милош" со ПОО "Пена" и Михаил Ренцов истиот ќе биде користен и во нивната оперативна обработка, за што веќе има добиено и конкретни задачи.

ДОСТАВЕНО ДО:
- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Катушевски Слободан

БН/

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: "Биљана"
САМ.ИНСПЕКТОР: Слободан Катушевски
ЕВИДЕНТЕН БРОЈ 189
13.01.1982 година
С К О П Ј Е

ЛИЦЕ: ПОО "Лекар"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - Извор: Оперативна врска "Биљана". Состанокот е одржан на ден 12.01.1982 година од 10,00 - 11,30 часот во"Панорама" по нејзина иницијатива.

Сознанијата се добиени во усмена форма, оперативни трошоци 60 динари.

II- Цел на состанокот беше изворот да презентира поинтересни сознанија од нејзиниот неодамнешен разговор со ПОО "Лекар" во службените простории на "Вардар-филм", Скопје.

III-Оперативни сознанија:

На 07.01. оваа година во службените простории на "Вардар-филм" обавив разговор со ПОО "Лекар", во кој предметот во работа изрази стравување за развојот на настаните во РО, особено сега кога треба да се изврши корекција на правилникот за лични доходи со која треба да бидат опфатени дел од вработените. Именно, "Лекар" изјави дека е немоќен да работи со сите оние кои нешто значат во "Вардар-филм", Скопје на дури и со оние за кои смета дека се негови луѓе (Љубе Караѓоз, Мишо Самоиловски, Ву-

одлука од работничкиот совет за исплата на тие средства. Во тој контекст, битно е да се додаде и тоа дека сумата од 1,4 милиони динари е исплатена за идеи за сценарија и сценарија кои најчесто немаат никаква вредност, и се отпишуваат како такви, или пак не се ни напишани и доставени до "Вардар-филм" иако хонорарот е исплатен во целост или дел од него (50%), [redacted].

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV сектор
- III сектор
- Началник на УСДБ-Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
Слободан Катушевски

о/БС

6871 ПРИМЕНО 2599 бр. 6871/IV
2-3-1981 г. потпис

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА СР МАКЕДОНИЈА
Ев.бр.217 – Служба за државна безбедност –
23.01.1981
Организациона единица УСДБ – Скопје

Врз основа на член 15 од Законот за внатрешни работи и член 36 од Правилата за работа на СДБ, а заради проверка на добиени податоци што укажуваат на можност за постоење на непријателско дејствување се предлага

ЗАВЕДУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА

на лицето ПАВЛОВСКИ [redacted] БОЖИН
(презиме, татково име и име)
роден-а 7.01. 1942 година во град-село с.Жван
општина Демир Хисар, СР Македонија, националност Македонец
државјанин СФРЈ, по занимање писател и директор
на работа во ИК "Мисла" со
стан на ул. "Илинден" бр. [redacted] во Скопје
брачна и семејна состојба оженет, татко на две деца има
завршено Филозовски факултет.

Предметот го носи псевдонимот "ПРОЗАИСТ", а ке го води инспекторот Катушевски Слободан.

ПОДАТОЦИТЕ КОИ УКАЖУВААТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛСКА ДЕЈНОСТ СЕ СОДНЕСУВААТ НА:

Како еден од основачите и повеќегодишен директор на ИК "Мисла" технономенаџерски манипулира со вкупните средства на РО, истите ги користи за своја лична афирмација и со нив ги става во подредена состојба литерарните творци од Републиката.

Отворено ја манифестира блискоста со повеќе лица кои делуваат од позиции на национализам, либерализам и анархолиберализам ("Апотеоза", "Критичар" и "Поет") и други по овој основ новопријавени лица како: Петре М.Андреевски, Евтим Клетников, Јордан Цветановски – Плевнеш и други.

По пат на наметнување врз издавачкиот совет врши селекција на авторите и делата за издавање, при што најчесто ги протежира споменатите лица со што практично ги врзува за себе, ги прави зависни и непречено манипулира со нив. Со вакви манипулации всушност врши обединување на

експонираните екстремни литерати, создава опозиција спрема другите литерарни творци, издавачки куќи и списанија во Скопје и Републиката, а посредно и спрема некои општествени акции во сферата на културата. Освен тоа ја подржува иницијативата на горните лица за покренување на списание што временски се совпаѓа со тенденциите на познатите либерали и анархолиберали од другите Републички центри за издавање на нови списанија)"Праксис интернационал", "Јавност" и др.) со цел да им даде простор да го презентираат своето творештво пред широката јавност.

Во очи на новогодишните празници на негово име е испратена анонимна достава "ОО "Јуда"), која не ја пријави на Службата а во договор со Драган Тодоровски, ПОО превземаат (приватно) мерки за установување на анонимецот.

Извор на сознанијата "Архив", "Гајта", "Советник", "Мишо","Пријател"

Со цел да се проверат и расветлат наведените податоци, ќе се применат следните мерки:

- Ќе се издиференцираат и проучат лица од работната средина("ИК"Мисла") за пристап и евентуално ангажирање со цел добивање сознанија за неговото однесување и делување на работното место како и надвор од него.
- Ќе се изучува карактерот на неговата поврзаност со други лица и неговото влијание врз истите.
- Ќе се проучат условите за примена на оперативно технички средства ("Полог", "Радика" и "Стационар") во работните простории и неговиот стан со цел проверка и потврда на сознанијата за неговата субверзивна и општествено штетна активност, како и добивање нови сознанија за неговата и активноста на неговите соработници со цел нивна идентификација, проверка и проучување, а посебно на оние кои водат или упатуваат на откривање носителот на дејноста од ОО "Јуда".
- За обработка на предметот ќе се сочини посебен план со мерки и активности за поорганизиран пристап и обработка на истиот.

СОГЛАСЕН
НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ
[redacted]

ОДОБРУВА
НАЧАЛНИК НА II СЕКТОР
[redacted]

ПРЕДЛАГА
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
Слободан Катушевски
С Катушевски

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
УПРАВА НА СДБ СКОПЈЕ
Евид.бр. 237
26.01 1981 година
С к о п ј е

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи, а во врска со точка 6 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење како и примена на технички средства во работата на Службата за државна безбедност Сд.бр.01-73/1 од 10.04.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

Примена на мерката КОНТРОЛА НА ПРИПИСКАТА И ДРУГИТЕ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ во земјата и странство на лицето ПАВЛОВСКИ БОЖИН, од татко [redacted] роден на 07.01.1942 година во с.Жван - Демир Хисар, стално настанет во Скопје, со стан Бул."Илинден" бр.[redacted] оженет, татко на две деца, писател по занимање и директор на ИК "Мисла", се заведува за прв пат во ПОО под псевдоним "Прозаист".

О б р а з л о ж е н и е

Како директор на ИК "Мисла" техноменаџерски манипулира со вкупните средства во РО, истите ги користи за своја лична афирмација и со нив ги става во подредена состојба литературните творци од Скопје и републиката.

Отворено ја манифестира блискоста и контактите со повеќе лица кои делуваат од позиции на национализам, либерализам и анархолиберализам како што се: "Апотеоза", "Критичар", "Поет"

и други новопројавени по овој основ како: Петре М. Андреевски, Ефтим Клетников, Јордан Цветановски-Плевнеш и др. Преку наметнување на издавачкиот совет врши селекција на авторите и делата за издавање при што најчесто ги протежира горните лица со што практично ги врзува за себе и создава простор за непречено манипулирање со нив. По овој основ создава опозиција спрема другите литерарни творци, издавачки куќи и списанија во републиката, а посредно и спрема некои општествени акции во сферата на културата.

Ја подржува иницијативата на истите за покренување на списание што временски се поклопува со иницијативите на познатите либерали и анархолиберали од другите републички центри за покренување на нови списанија ("Праксис интернационал", "Јавност" и други) со цел да им даде простор своето творештво да го презентираат пред широката јавност.

Заради откривање и установување на лица, установи и институции од земјата и странство со кои именуваниот одржува или воспоставува писмени врски, а со цел да се утврди нивниот карактер, селектира кругот на поинтересните лица, да се следи и по можност документира неговата активност, како и создавање оперативна документација од поинтересните пратки за евентуален настап и комбинирање спрема наши граѓани со кои именуваниот ќе се допишува, примената на сваа мерка за внатрешната пошта и онаа од надвор се наметнува како неопходна.

При контролата на пратките посебно внимание да се обрне не околностите што укажуваат на заклучок дека се соопштуваат податоци за организирана непријателска дејност, договарање на средби, состаноци и слично што може да биде изразено во прикриена форма, алегорија или на однапред договорен начин, а посебно на оние кои упатуваат кон откривање на носителот на непријателската дејност од ОО "Јуда".

За податоците од исклучително значење веднаш телефонски да се известува оперативниот работник кој ја предлага мерката.

Мерката се применува за прв пат, а ќе се користи додека постојат оперативни потреби за откривање, попречување и документирање на неговата непријателска дејност.

НАЧАЛНИК НА УСДБ СКОПЈЕ
[redacted]

НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

ПРЕДЛАГА
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
Слободан Катушевски

Ценејќи ги горните наводи за оправданоста на предложената мерка сметам дека се исполнети условите предвидени со член 23 од Законот за внатрешни работи "Службен весник на СРМ" бр.45/72 за примена на мерката, а врз основа на точка 2 став 2 од споменатото Упатство, предлогот го доставувам на соодветно решение.

РЕПУБЛИЧКИ ДОТСЕКРЕТАР НА СДБ
[redacted]

01-827

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Служба за државна безбедност
УПРАВА НА СДБ СКОПЈЕ
Евид.бр. 238
26.01 1981 година
С к о п ј е

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи, а во врска со точка 6 од Упатството за примена на мерките со кои се отстапува од начелото за неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење како и за примена на техничките средства во работата на Службата за државна безбедност Сд.бр.01-73/1 од 10.04.1973 година, се

П Р Е Д Л А Г А

Примена на мерката ТАЈНО ОЗВУЧУВАЊЕ СО ФИКСНО ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКО СРЕДСТВО во работната просторија на ПАВЛОВСКИ БОЖИН, од татко [redacted] роден на 07.01.1942 година во с.Жван - Демир Хисар, стално настанет во Скопје, со стан на Бул. "Илинден" бр. [redacted] оженет, татко на две деца, писател по занимање и директор на ИК "Мисла", се заведува во ПОО под псев доним "Прозаист".

О б р а з л о ж е н и е

Како директор на ИК "Мисла" техноменаџерски манипулира со вкупните средства во РО, истите ги користи за своја лична афирмација и со нив ги става во подредена состојба литературните творци од Скопје и републиката.

Отворено ја манифестира блискоста и контактите со повеќе лица кои делуваат од позиции на национализам, либерализам и анархолиберализам како што се: "Апотеоза", "Критичар", "Поет"

и други новопројавени по овој основ како: Петре М. Андреевски, Ефтим Клетников, Јордан Цветановски - Плевнеш и др. Преку наметнување на издавачкиот совет врши селекција на автори те и делата за издавање при што најчесто ги протежира горните лица со што практично ги врзува за себе и создава простор за непречено манипулирање со нив. По овој основ создава опозиција спрема другите литерарни творци, издавачки куќи и списанија во републиката, а посредно и спрема некои општествени акции во сферата на културата.

Ја подржува иницијативата на истите за покренување на списание што временски се поклопува со иницијативите на познатите либерали и анархолиберали од другите републички центри за покренување на нови списанија (Праксис интернационал, "Јавност" и други) со цел да им даде простор своето творештво да го презентираат пред широката јавност.

Мерката ќе овозможи регистрирање содржината на неговите разговори со лица кои преставуваат наш интерес заради нивно установување, проверка и проучување, како и за регистрирање на сознанија и податоци кои водат кон откривање носителот на непријателската дејност од ОО "Јуда".

Според наша оценка постојат услови за безбедносно и непречено изведување на акцијата за што ќе биде сочинет и детален план.

НАЧАЛНИК НА УСДБ СКОПЈЕ
[redacted]

НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

ПРЕДЛАГА
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
Слободан Катушевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-248/1
28.03.2014 2014 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Катушевски Слободан од Скопје, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2, 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05...) , на седницата одржана на ден 28.03.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Катушевски Слободан, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи-самостоен инспектор и главен инспектор во ОСДБ Скопје со ЕМБГ 2003952450243 роден на 20.03.1952 година бил наредбодател и се послужил со информациите од тајните соработници, во смисла на член 18 став 6 и 7 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Катушевски Слободан од Скопје со ЕМБГ 2003952450243, роден на 20.03.1952 година, раководно лице со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи-самостоен инспектор и главен инспектор во ОСДБ Скопје, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот и дали бил наредбодател и корисник на информации од таен соработник, согласно член 18 став 6 и 7 од Законот.

Во постапката Комисијата утврди дека за лицето Катушевски Слободан, во Државниот архив на Република Македонија, во повеќе лични досиеја постојат документи од кои се утврди, дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања и се послужувал со информации добиени од тајните соработници со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини или остварувал лична материјална корист или погодности при вработување или напредување во службата.

Така, во личното досие бр. 2599, се утврди дека постојат: документ-заведување на претходна оперативна обработка од 02.03.1981 година, предлог за примена на мерката контрола на преписката и другите поштенски пратки Ев.бр.237 од 26.01.1981 година и предлог за примена на мерката тајно озвучување со фиксно поставување на техничко средство Ев.бр.238 од 26.01.1981 година.

Во личното досие бр.25622, се утврди дека постојат: уводна страница од лично досие од 25.05.1984 година, службена белешка Ев.бр.271 од 28.01.1982 година, службена белешка Ев.бр.1170 од 02.03.1982 година, службена белешка Ев.бр.1372 од 12.04.1982 година и службена белешка Ев.бр.1640 од 21.05.1982 година.

Во личното досие бр.25635, се утврди дека постојат: уводна страница од лично досие од 05.12.1983 година, службена белешка Ев.бр.4466 од 18.11.1984 година, службена белешка Ев.бр.487 од 14.02.1982 година, службена белешка Ев.бр.444 од 13.02.1982 година и извештај Ев.бр.153 од 14.01.1982 година.

Во личното досие бр.25629, се утврди дека постојат: уводна страница од лично досие од 23.01.1987 година, извештај од следење бр.7/81, службена белешка Ев.бр.205 од 20.01.1981 година, оперативен план Ев.бр.273 од 28.01.1981 година, службена белешка Ев.бр.421 од 03.02.1981 година, службена белешка Ев.бр.423 од 03.02.1981 година, службена белешка Ев.бр.1341 од 30.04.1981 година, службена белешка Ев.бр.1438 од 12.05.1981 година, службена белешка Ев.бр.2557 од 08.09.1981 година, службена белешка Ев.бр.2012 од 16.09.1981 година, извештај Ев.бр.2850 од 23.09.1981 година, службена белешка Ев.бр.3501 од 09.12.1981 година, службена белешка Ев.бр. 189 од 13.01.1982 година, извештај Ев.бр. 2634 од 10.09.1982 година и службена белешка Ев.бр.1307 од 27.04.1981 година.

Од увидот во горенаведените писмени документи, опфатени во личното досие бр.2599 и тоа: документот-заведување на претходна оперативна обработка од 02.03.1981 година, се утврди дека личното досие е формирано заради тоа што лицето опфатено во тоа лично досие, манифестирало блискост со повеќе лица кои делувале од позиции на национализам, либерализам и анархолиберализам (идеолошко-политички причини) и дека предметот ќе го водел Катушевски Слободан. Од предлогот за примена на мерката контрола на преписката и другите поштенски пратки Ев.бр.237 од 26.01.1981 година и предлогот за примена на мерката тајно озвучување со фиксно поставување на техничко средство Ев.бр.238 од 26.01.1981 година јасно се гледа дека со преземањето на тие дејствија, врз тоа лице се кршени и ограничувани основните слободи и права и дека во тоа учествувал и Слободан Катушевски.

Од увидот во писмените документи, опфатени во личното досие бр.25622 и тоа: уводната страница од лично досие од 25.05.1984 година, се утврди дека личното досие за тоа лице е формирано и водено заради појава на либерални и анархо-

либерални ставови (идеолошко-политички причини). Од службена белешка Ев.бр.271 од 28.01.1982 година, јасно се утврди дека истата е составена при расчистувањето со тоа лице и неговите либерални и анархо-либерални ставови и дека во истата преземал дејствија и активности и ја составил Слободан Катушевски. Од службена белешка Ев.бр.1170 од 02.03.1982 година, се утврди дека истата е водена заради расчистување со две лица, а заради нивните идеолошки сваќања во преуредувањето на весникот Студентски збор (идеолошко-политички причини) и дека белешката ја составил Слободан Катушевски. Од службена белешка Ев.бр.1372 од 12.04.1982 година јасно се утврди дека истата ја водел и составил Слободан Катушевски за лицата опфатени со ПОО Студент и ПОО Малиот Бакуњин од идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија им се кршени и ограничувани основните слободи и права. Од службената белешка Ев.бр.1640 од 21.05.1982 година се утврди дека истата ја водел и составил Слободан Катушевски за лицето опфатено со ПОО Студент од идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија му се кршени и ограничувани основните слободи и права.

Од увидот во горенаведените писмени документи, опфатени во личното досие бр.25635 и тоа: уводна страница од лично досие од 05.12.1983 година, се утврди дека досието е водено против едно лице, дека истото е формирано и водено заради појава на анархо-либерални ставови (идеолошко-политички причини). Од службена белешка Ев.бр.4466 од 18.11.1984 година, се утврди дека истата ја водел и составил Слободан Катушевски за лицето опфатено со ПОО Малиот Бакуњин од идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија му се кршени и ограничувани основните слободи и права. Од службена белешка Ев.бр.487 од 14.02.1982 година, се утврди дека истата ја водел и составил Слободан Катушевски за лицето ПОО Малиот Бакуњин од идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија му се кршени и ограничувани основните слободи и права. Од службена белешка Ев.бр.444 од 13.02.1982 година се утврди дека истата ја водел и составил Слободан Катушевски за истото лице. Истата е водена поради идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија му се кршени и ограничувани основните слободи и права. Од извештај Ев.бр.153 од 14.01.1982 година, исто така се утврди дека истиот е воден и составен од Слободан Катушевски за истото лице. Истиот е воден поради идеолошко-политички причини и дека со преземените дејствија нему му се кршени и ограничувани основните слободи и права.

и мојата мајка се сватчеди оставиите оженети не ни се родниии

Поучен сум во правото од член 7 од З.К имено дека имам право да зборувам на мајчин јазик.

Се согласувам на на што зборувам на македонски јазик бидејќи јас тој го знам.

Поучен сум и с имајќи да зборувам во смисла на член 229, 2^1 од ЗКР и дека сум должен да ја зборувам вистината и за последиците да одговарам како и на погодни правења да ме даваат одговор до колку сметам дека себе или близок во смисла на чл.227 од ЗКП ќе го изведе на срам или кривично дело.

По занимање сум студент на машински факултет во Приштина I година.

Средно образование завршив во гимназијата Кирко Милески во Кичево. Како ученик во III година учебна а 1982/83 година учев во исти клас со оние.

Не се сеќавам точно за датумот тоа беше некаде во пролета 198 година точно кој месец сепак не се сеќавам некаде под настаните на одење на кај дома ми приведе мојот соученик Али Табани со кој безбе блиски другари и во разговор ми рече дека во Кичево се формира некоја илегална организација но во првиот момент не ми каза што е нејзината цел само ми напомна дека ќе се состриме договориме и читаме литература која е забранета. Јас се согласив и се договоривме во одреден ден и време да одиме кај него дома. Не се сеќавам точно на датумот кога на договореното време јас отидов во куќата на Али се најдов со него а тука беше и Џелал. Сите тројца Али јас и Џелал продолживме и отидовме во куќата на Сафет. Кога влеговме во куќата на Сафет тоа беше навечер во колку часот нејзнам во соба на Сафет ги затекнавме покрај нас тројцата, Сафет Табани, Бесим Табани и Бајтри Ахмеди од с. Јајас. Во овие средба пра зеде з ор Сафет и не информира дека за на станеме членови на илегалната организација потребно е да положиме заклетва. За таа цел на маса беше ставено албанското знаме и на него беше ставен текст на заклетва. На знамето имаше и нож и кога ја полагавме заклетвата и тоа поединечно секој клекнуваше пред знамето го држеше ножот во левата или десната рака и го читаше текстот кој беше напишан на харитијата. Заклетвата ја полагавме секој поединечно. Колку што се сеќавам содржината беше следната: се колнам во знамето и орелот дека нема да ја изјавам тајната на организацијата и други зборови за кои сега со сигурност не можам да се сетам. Секој која ја полагаше заклетвата а ние присутни кои ги споменав ја полагаме заклетвата откако ќе ги кажеме зборовите го бакнуваме знамето.

Откако положивме заклетвата Сафет предложи да собереме пари за да се купи машина за чукање која машина ни е потребна за изготвување на весникот. Во таа прилика не каза како ќе се вика името на тој весник.

Испратив да кажам дека покрај знамето имаше и весник "Зери и Косовес" кој на македонски јазик значи Глас на Косово.

Во тоа прилика го видов и весникот "Ули и лирис" но не го прочитав само го видов. Во таа прилика јас дадов пари за машина но точно колку пари дадов не се сеќавам.

На тој состанок Сафет ни напомна дека организацијата е тајна дека не треба да се кажува нејкому за организацијата дека потребно е да придобиеме на наша истомисленици и да се организираме во тројки.

На овој состанок ништо не се зборуваше за целта на организацијата него беше заклетвата тоа што спомнав и конспирацијата.

После извесно а сме точно колку дена поминав не се сеќавам во школо Али ми даде еден примерок од весникотЗери е Косове во превод глас на Косово односно прво ми даде "Ули и лирис" а потоа ми даде "Зери и Косовес." Јас двата весника ги прочитав и во двата весника беше слична содржината со која се напаѓа Југославија а поточно во Ули и лирис имаше повеќе работи од историја за Скендер Бег и за останите албански херои а додека во Зери Косовес се оправдуваа настаните на Косово како албанскиот народ е обесправен преку другите. Косово да добие право на Република за на други детаља од весниците не се сеќавам.

страница бр.3 КОС пр.95/87

Откако ги прочитав на весниците му ги вратив назад на Али.

Постапувајќи по упатството на Сафет за формирање на трајни и подготвувања на нови простории во една прилика во тоа време Јас му поидов на Фатон Зенку од Кичево кој исто така учеше со мене и му кажав дека имаме формирано илегална група за читање на материјали кои се илегални но кога не слушна за што се работи Фатон ми одговори дека сега време за такви работи и дека е зкучет со учењето. Јас на Фатон на друг не сум му приказ. Не ми е познато дали покрај нас во училиштето во тоа постоеле и други илегални групи и дали и тие како и нас давале заклетва.

Јас кај Сафет сум присуствувал само на еден состанок и тоа на состанок кога ја дадов заклетвата. Од тогаш само се Али сум се сретал едкаш двапати кога ми ги дале илегалните весници а кога му ги вратив илегалните весници а други активности со групата не сум имал.

Друго немам што да кажам записникот ми е диктиран наглас исто ите во него ги признавам за свои и своерачно го потпишувам.

Записничар, Истражен судија, Сведок,

IV

ОКРУЖЕН СУД СКОПЈЕ

95/87

КАМИЛ АЛИУ

Милаим Зибери и други од Кичево

Здружување заради непријателска дејност

по чл.136 ст.1 в.в. со член 114 од КЗ на СФРЈ

9.06.1987 година

Стеван Павлески

[redacted]

[redacted] лично

КАМИЛ АЛИУ
Неврус Алиу

завршил ВПШ не вработен

Кичево "Охридска" 56

Кичево, "Охридска" 56

1964 година

несроден, нескаран, опоменат

Камил Алиу

КИО БР.95/87

Пред да си честитаме меѓу себе сите редом го бакнавме албанското знаме.

Познато ми беше дека фтората група ја сочинуваа Бесим, Сафет, Бастри и Али и исто така со двете групи раководеше Милаим.

Втората група кога положи заклетва кога точно незнам но знам дека заклетвата се полагаше во куќата на Сафет и тоа на ден пред нас или ден по нас.

Јас тоа го велам од мое размислување бидејќи на првиот состанок кога бевме Милаим, Сагет и јас се одлучи да се формираат две групи и од таме извлекуваме заклучок а и во разговорите со Сафет, Бесим и Али. Знам дека тие братучеди и од иста куќа и од тие разговори произлегуваше дека тие ќе бидат една група.

После заклетвата после два три дена почнавме со изготвување на весникот. Кога се изготвуваше првиот број на весникот бев присутен и јас, односно Милаим мене ми ја даде машината и ми даде еден текст да го отчукам на неа а тој текст беше од историјата на албанскиот народ, односно "Принципата арбрис" на превод незнам што значи. Откако го напишав овој текст ја вратив машината на Сафет.

Сакам да појаснам затекнав литература за весникот и тоа го затекнав весникот "Зери и Косовес" во превод "Глас на Косово" "Лајмтари и лирис" известител на слободата, "Лирија" што значи Слобода и некој други материја и знам дека од овие материјали се за деа делови и се пишуваа во нашиот весник "Ули и лирис"

Првиот број содржеше некаде околу 1о страници но точно сега во овој момент која содржина е имаше не можам да кажам. Колку што можам да се сетам првата страница на весникот излегаше вака: На левиот горен агол го пишуваше името на весникот"Ули и лирис" на десната страна имаше еден амблем но што беше тој амблем не се сеќавам и надолу што имаше во првата страна беше штампан материјал. Од овој весник јас добив еден примерок и одкако го прочитав го дадов на другарката Адиље Бешири која од како го прочита ми го врати а од како ми го врати она јас му го вратив на Милаим.

Мене ми позната дека е штампан само е ден број а дали се штампале други броеви тоа незнам.

Сакам да кажам да јас имам читано само "Зери и К совес" и тоа во една прилика кога бев кај сафет тој ми даде да прочитам и веднаш го вратив. Овој весник знам дека се штампа во Швајцарија а како дошол до Сафет не знам.

Сакам да појаснам дека Миалим водеше строга сметка да нашата работа биде многу илегална да се внимава да не бидме откриени тоа стално го напоменуваше а најверке се налути кога во една прилика професорот по историја о та беше некаде при крајот на четврата година во нивниот клас напомнал дека во нашето училиште има илегална група и има свој весник и напомнал дека брзо ќе бидат откриени и ќе бидат отстранети ученици.

Потоа испадна и случајот на Салие се разбра дека и фатен весникот и таа Салие на ја рачунавме за сериозна. На ова најостро реагираа Милаим и Сафет и тогаш го дистанциравме Ади односно пред овој настан Ади го дистанциравме бидејќи и тој не не биеше сигурен. Од како се случи сето ова Сафет јас и Гаим без знаење на Миалим Сафет го донесе сиот материјал што го имаше кај него и тоа 1о примероци од нашиот весник "Ули и лирис" примероци 1ден мислам од "Зери Косовес" и доста ленти. Прво овој материјал ги скривме кај Гаим дома во шталата каде спијат кравите а по два три дена сите овие материјали ги донесовме кај мене дома и весниците ги палевме во подрумот односно во шупите кои се наоѓаат поред куќата тука ги изгоревме материјалит и тука ги искршивме сите ленти.

./. Кадри Алчу

Литературата беше колку што се сеќавам од авторите Исмаил Кадаре, Петро Марко, Мурат Исаку и други и тоа мојата тројка ја сочинувавме јас, Шукри, Насер и мислам дека и Адил но не сум сигурен.

Вакви тројки во тоа време имавме формирано повеќе и тоа опфаќаа некаде околу 2о тина души. За принципот на оваа работа често пати во ме присуство се караа Милаим и Сафет и тоа Сафет приговараше на стилот на работа велејќи дека на овој принцип во нашите редови влегле и луѓе кои не треба да бидат со нас, дека на ваков начин ќе се компромитираме но никојпат Сафет не даваше конкретен предлог как треба да работиме.

Нешто покасно а тоа беше некаде крајот на 1982 год. почнавме да се издвојуваме да се дефиренцираме и тие што немавме доверба во нив да ги изоставаме а ова го правевме по директива на Милаим.

Не се сеќавам тачно за датумот но ми сечини дека беше пролета март месец 1982 год. кога во една прилика во куќата на Сафет каде бев присутен јас, Милаим и Сафет и дојде до дикусија да на ваков начин читањето на литература нема голема корист и дека треба да се направи наш весник кој весник сами ќе го изготвуваме а потоа тој весник да го растураме на наши истомисленици, во кој ќе стекнеме доверба.

Во оваа средба кога падна зборо за весникот се укажа и потреба дека треба да се купи машина да на неа биде отчукуван весникот. Знам дека се собираа пари за таа машина но одмене пари не побара бидејќи ме рачунаа дека сум сиромав. Знам дека пари дадоа Сафет, Милаим и Али односно не сум сигурен дали тие дадоа пари или сам ја купи Али. Знам дека ја купи од Приштина а таа машина беше Портабл зелена боја на која машина имам чукано и јас.

Кога сме веќе кај машината сакам да кажам и тоа машината најпосле остана кај Али и јас кога ме распрашуваа во врска со машината на другарите од безбедност им кажав дека машината се наоѓа кај Али кој сега се наоѓа во Америка.

Откако се направија припреми(зачитање на весникот) чукање на весникот. На истиот состанок Милаим го даде името на весникот и рече треба да се вика весникот "Ylli i lirisë" - во превод "Ѕвездата на слободата" а потоа рече дека треба да се организираме и да работиме во две групи и дека е потребно да дадеме заклетва.

Појаснувам да на овој прв состанок во куќата на Сафет бевме присутни јас, Милаим и Сафет и на овој состанок одлучиваме трите работи по предлог на Милаим да се издава весникот, да се формираат две групи и да се полага заклетва. Сакам да напомнам и тоа да кога предложи Милаим да ќе чука весник Сафет се противеше од причини што мислам дека главно го водеше ако се пишува весник ќе бидеме лесно откриени.

После извесно време но точно после колку време не се сеќавам одржавме втор состанок и тоа во мојата куќа некаде околу 22 часот на кој состанок бевме присутни јас, Милаим, Ади, Шукри, Рецеп, Гзим, Насер и други но не сум сигурен уште кој и тогаш извеади Миалаим едно албанско знаме го разви на маѕата која беше во собата, извади нож, или пак јас го донесов од кујната не сум сигурен но знам дека имаше и нож и сите присутни застанавме околу масаѓ и Милаим ја изрекуваше заклетвата. Колку што се сеќавам заклетвата класеше вака:"Јас секој го кажува своето име и презиме се колнам пред ова знаме дека ќе му бидам верен, ќе и бидам верен на оваа организација марксисти ленинисти и чесно ќе ги извршувам сите задачи и пред секоја опасност да се наоѓам, другарите нема да ги издаам и сл. на што во овој момент не се сеќавам.

Откако ја положивме заклетвата на сите на ред ни честиташе Миалим а потоа ние сами меѓу себе си честитавме со поздравување со рака и бакнувајќи се меѓу себе.

Кајтаз Алиу

КИО БР.95/87

страна бр.4

Пред да си честитаме меѓу себе сите редом го бакнавме албанското знаме.

Познато ми беше дека фтората група ја сочинуваа Бесим, Сафет, Бастри и Али и исто така со двете групи раководеше Милаим.

Втората група кога положи заклетва кога точно незнам но знам дека заклетвата се полагаше во куќата на Сафет и тоа на ден пред нас или ден по нас.

Јас тоа го велам од мое размислување бидејќи на првиот состанок кога бевме Милаим, Сагет и јас се одлучи да се формираат две групи и од тамо извлекуваме заклучок а и во разговорите со Сафет, Бесим и Али. Знам дека тие братучеди и од иста куќа и од тие разговори произлегуваше дека тие ќе бидат една група.

После заклетвата после два три дена почнавме со изготвување на весникот. Кога се изготвуваше првиот број на весникот бев присутен и јас, односно Милаим мене ми ја даде машината и ми даде еден текст да го отчукам на неа а тој текст беше од историјата на албанскиот народ, односно "Принципата арбрис" на превод незнам што значи. Откако го напишав овој текст ја вратив машината на Сафет.

Сакам да појаснам затекнав литература за весникот и тоа го затекнав весникот "Зери и Косовес" во превод "Глас на Косово" "Лајмтари и лирис" известител на слободата, "Лирија" што значи Слобода и некој други материја и знам дека од овие материјали се ва деа делови и се пишуваа во нашиот весник "Ули и лирис"

Првиот број содржеше некаде околу 1о страници но точно сега во овој момент која содржина е имаше не можам да кажам. Колку што можам да се сетам првата страница на весникот излегаше вака: На левиот горен агол го пишуваше името на весникот"Ули и лирис" на десната страна имаше еден амблем но што беше тој амблем не се сеќавам и надолу што имаше во првата страна беше штампан материјал. Од овој весник јас добив еден примерок и одкако го прочитав го дадов на другарката Адиле Бешири која од како го прочита ми го врати а од како ми го врати она јас му го вратив на Милаим.

Мене ми позната дека е иштампан само е ден број а дали се штампале други броеви тоа незнам.

Сакам да кажам да јас имам читано само "Зери и К совес" и тоа во една прилика кога бев кај сафет тој ми даде да прочитам и веднаш го вратив. Овој весник знам дека се штампа во Швајцарија а како дошол до Сафет не знам.

Сакам да појаснам дека Миалим водеше строга сметка да нашата работа биде многу илегална да се внимава да не бидме откриени тоа стално го напоменуваше а највеќе се налути кога во една прилика професорот по историја о та беше некаде при кјрајот на четврата година во нивниот клас напомнал дека во нашето училиште има илегална група и има свој весник и напомнал дека брзо ќе бидат откриени и ќе бидат отстранети ученици.

Потоа испадна и случајот на Салие се разбра дека и фатен весникот и таа Салие на ја рачунавме за сериозна. На ова најостро реагираа Милаим и Сафет и тогаш го дистанцираме Ади односно пред овој настан Ади го дистанцираме бидејќи и тој не не биеше сигурен. Од како се случи сето ова Сафет јас и Гзим без знаење на Миалим Сафет го донесе сиот материјал што го имаше кај него и тоа 1о примероци од нашиот весник "Ули и лирис" примероци 1ден мислам од "Зери Косовес" и доста ленти. Прво овој материјал ги скривме кај Гзим дома во шталата каде спијат кравите а по два три дена сите овие материјали ги донесовме кај мене дома и весниците ги палевме во подрумот односно во шупите кои се наоѓаат поред куќата тука ги изгоревме материјалит и тука ги искршивме сите ленти.

./. Камил Ајчу

Појаснувам дека касетите ги кршевме со чекан а потоа ги запаливеме.

Јамата во која ги горевме материјалите повеќе не постои е срушена и тоа е срушена од снегот. А потоа ја расчистивме рушевината а на то место немаме ништо изградено.

Практички овој ни беше последен заеднички состанок на мене Сафет и Гзим.

Напомнувам уште еднаш да за оваа работа Милаим не знееше.

Откако ги уништивме материјалите се оретнавме со Милаим и тоа јас, Милаим и Сафет мислам дека во градот, така одејќи разговаравме на што многу се лутеше Милаим зашто не сме му кажале него и зошто сме ги уништиле материјалите.

Потоа настапи летото сите се разидовеме по одмори, за упис на факултет, кој отиде во војска, а во септември сите отидовеме во војска јас отидов на 9 септември 1985 година.

По враќањето од војска 1984 година повеќе со моите другари од групата не сум се сретнал. Јас отидов на студии во Призрен, Сафет во Приштина, Милаим во Загреб а Ади во Америка.

Друго немам што да кажам изјавата ми е диктирана на глас наводите во него ги признавам за свои и своерачно ги потпишувам.

Записничар, [redacted] Истражен судија, Сведок, Кадил Ајду

ОКРУЖЕН СУД ВО ЈАКОВЈЕ КИО Бр. 95/87

СУД ВО _____ КИО _____ бр.

З А П И С Н И К

ЗА СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОКОТ

ЏЕЛАЛ ПУРЕЛКУ

По кривичниот предмет против Милаим Зибери и други од Кичево

од _____ за кривично дело Здружување заради непријателска дејност

по чл. 136 ст. 1 в.в.со чл. 114 од КЗ на СФРЈ суд во _____ на ден _____

19___ година. 25.6.1987 година

П р и с а т н и:

Истражен судија, [redacted]

Тужител Стеван Павлески

Бранител _____

Записничар, [redacted]

Сведок, лично

Обвинет _____

Откако сведокот е предупреден дека е должен да зборува вистина, дека не смее ништо што му е познато да премолчи, дека не е должен да одговара на прашањата предвидени во членот 229 и чл. 231 ст. 2 ЗКП и дека за давање на лажни искази се одговара по КЗ, земени се од него следниве податоци:

Име и презиме Џелал Пурелку

Име на таткото Ахмет Пурелку

Со што се занимава студен во II-ра година на електротехнички факултет Приштина

Роден во град (село) с.Туин - Кичево

Живее во град (село) с.Туин - Кичево

Година на возраста 5.5.1965 година

Однос спрема обвинетиот и оштетениот

не е сроден, не скаран, опоменат.

Повикан да изнесе што му е познато по предметот, тој изјави:

Сведокот е опоменат во смисла на член 7 од ЗКП, а имено дека има п, во да зборува на мајчин јазик.

Сведокот изјави се согласувам наказот да го давам на македонски јаз бидејќи македонски разбирам.

Сведокот е опоменат во смисла на чл. 229 и чл. 231 ст. 1 од ЗКП, а имено дека е должен да ја зборува вистината и за последиците за л жно сведочење, како и на поедини прашања да не дава одговор во к лку со нив самиот себе или некој негов близок во смисла на чл.227 ЗКП ќе го изложи на срам или на кривична одговорност.

По занимање сум студент и студирам на техничкиот факултет во Пришт на 2-ра година на електротехника.

Средното образование го завршив во Кичево во гимназијата "Кирко Кит ски".

Не се сеќавам точно за датумот но тоа беше во учебната 1982/83 год кога јас бев 3-ти клас гимназија. Тоа беше некаде пролета на 1983 к кога во една прилика во школо ми појде еден школски другар по име Али Шабани, во разговор ми рече дека сака со мене да разговара по интимно во врска со правата на албанскиот народ кој ги има во Југос вија, односно ми рече дека албанскиот народ не ги ужива истите пра како што ги уживаат другите народи и народности во Југославија. Во тоа време и јас така мислев и ме информира дека постои илегална орг зација на која сум член, а иста така побара и од мене доколку се согласувам со неговото мислење и ако сакам и јас да станам член на таа организација. Понатаму во разговорот ми рече дека потребно е да ја читам историјата на албанс иот народ, да нашите соученици во гим зијата ги осветиме и ги организираме за да се борат за своите прав Појаснувам да јас до овој момент за оваа работа не сум знаел, а име не сум знаел дека постои илегална организација. Од тој момент дојдо до такви сознанија дека постои илегална организација и се согласив да станам и јас член на таа организација. Тој ден ми заказа да се најдеме после неколку дена пред ресторанот Пирин и дека ќе одиме в некоја куќа, каде што треба да се учленам во организацијата и да по гам заклетва.

Појаснувам да јас во тоа време живеев во село и ќе останував во Кич во. Тој ден специјално останав во Кичево и на договореното место и договореното време дојде Али заедно со Гзим Мехмеди . После од тук сите тројца отидовме во една куќа во Кичево, влеговме внатре во куќ та и се качивме на вториот спрат. Во куќата, во собата таму ги зате ковме Бесим Шабани, Сафет Шабани и Бастри Ахмеди.

Појаснувам да до овој момент со овие другари несум бил близок и не сум ги познавал. Тогаш прв пат ги запознав.

Појаснувам да покасно разбрав дека оваа куќа, во оваа куќа живеат Бесим Шабани и Сафет Шабани.

Откако се поздравив со присутните и запознав, прво слушавме музика, а потоа Сафет Шабани прв зема збор и ни каже дека треба да полагаме заклетва и дека од овој момент сме членови на илегална организација но име на организацијата не спомна или пак јас не се сеќавам.

КИО бр.95/87

3.

Потоа донесов албанско знаме но точно кој го донесе знамето дали беше Сафет или Бесим, беше некој од двајцата, го стави знамето на маста и нож. Знамето беше црвено со двоглав црн орел.

Потоа почнавме еден по еден да полагаме заклетва и тоа на тој начин што еден ја читаше текстот на заклетвата, а тој што полагаше заклетвата клекнуваше на коленици испред знамето, во десната рака го земаше ножот и ги повторуваше зборовите на заклетвата.

Јас полагав заклетва пред последен. Колку што се сеќавам на зборовите од тестот на заклетвата гласеше вака Се колнам во знамето албанско, дека ќе се борам за албанскиот народ, и на крајот се сеќавам дека беа зборовите дека со овој нож ќе се убијам инаку на целиот тест на заклетвата не се сеќавам.

По полагањето на заклетвата се разговараше дека треба да се чита марксистичка литература, но дали стана збор за читање на илегални весници во овој момент не се сеќавам.

После неколку дена пак се сретнав со Али Шабани пред школо и ми даде еден весник, илегален весник кој се вика "Зери и Косовес", што на македонски значи власт на Косово. Кога ми го даде весникот ми рече да го прочитам и да не му го давам никому но нему да му го вратам.

Испуштив да кажам одкако положив заклетва Али ми рече дека сега сум член на илегалната организација и дека ќе контактирам само преку него.

Весникот кој ми го даде Али точно како изгледаше сега неможам да го опишам бидејќи е поминато подолго време. Колку што се сеќавам во него пишуваше за Трепча и за Обилиќ, но конкретно што пишуваше во овој момент не можам да се сетам.

Весникот го имав кај мене еден ден или два дена, го прочитав само еднаш, а потоа му го вратив на Али. Весникот јас на друг не сум му го давал, бидејќи Али така ми рече, да го прочитам и да го вратам назад.

После неколку дена во друга прилика кога се сретнав со Али ми даде еден друг весник и ми рече дека овој весник е на нашата организација и тој се викаше "Ули и Илирис" што значи на македонски јазик Ѕвезда на слободата. Колку што можам да се сетам во овој весник пишуваше за исклучените професори од гимназијата на "Мирко Милески", имаше и други тестови но јас сега во овој момент за содржината на текстовите не се сеќавам. Од овој весник јас имав добиено преку Алил 3-4 примероци и истите ги држев по ден два кај мене и одкако ги прочитев му ги вратив на Алил. На друг не сум давал.

Сакам да напоменам да во една прилика кога веќе станав член на организацијата Али ми рече дека треба да собираме пари и тоа кој по колку може да даде, кој пари ќе се користат за потребите на организацијата. Јас во таа прилика им дадов 2о.ооо с.динари. Друг пат пари не ми барал.

Какви активности имав од пролетта на 1983 до пролета 1984 година кога мислам дека беше мај месец 1984 год. Али ми рече дека оваа организација повеќе не постои и нема да имаме никакви активности. Со Али сум се сретнавал и покасно но за овие работи не сме разговарале.

КИО бр.95/87

4.

Сакам дапојаснам да весниците кои ги читав и ги добивав од Алил г
бивав но точно кога кој весник го добив и кој датум и месец не мо
да посочам.

Сем со Али посебно со никој од организацијата не сум контактира
а исто така не сум контактирал со другарите кои ги спомнав на по
токот од мојот исказ со кои заедно дававме заклетва во куќата на
Сафет. Со нив се видов само во моментот кога ја дававме заклетвата
Друг пат насамо со нив.

Друго немам што да кажам, Записникот ми е диктиран на глас, навод
те во него ги признавам за свои и своерачно го потпишувам.

Записничар [redacted] Истражен судија Сведок

2

Сд.03-425/132

РСВР на СР Македонија
Служба за државна безбедност
ИСДБ Тетово
Линија на работа: АЕЕ
Инспектор: [redacted]

ЕВИДЕНТЕН БРОЈ: 45
ДАТА НА ЕВИДЕН: 07.01.1991 година

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи, ("Службен весник на СРМ" број 37/80), точка 56 од Правилата за работа на СДБ ("Службен лист на СФРЈ" – доверливо гласило број 18/90 година), подвесувам

П Р Е Д Л О Г

ЗА ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА (ОО) за лицето

РАМАДАНИ Рамадан НАМИЈА, роден 20.06.1956 година во с.Теново, СО Тетово, СР Македонија, каде и живее, државјанин на СФРЈ. По занимање возач, привремено вработен во Еслинген, СР Германија.

Лицето ќе се води под псевдоним "Анархист".

О б р а з л о ж е н и е

Намија Рамадани по неговото заминување на привремена работа во СР ГЕрманија во 1979 година преку неговиот татко се запознава со поедини членови и активисти од албанската емигрантска организација "Црвен фронт". Од браќата Гвала и Кадри Зека е ангажиран за член во оваа организација. Веднаш отпочнува со непријателска дејност против нашата земја. За вакаата активност посебно се истакнува не само со екстремно вербално истапување од позиции на албански шовинизам и сепаратизам туку и со растурање субверзивно-пропагандни материјали од НСР Албанија и АЕЕ.

Врбува припадници од албанска народност за вклучување во непријателска дејност против нашата земја, учествувал во организирање антијугословенски демонстрации, собири, прослави и сл., присуствувал на состаноци од "Црвениот фронт" кој подоцна се трансформира како "Народно движење за Косово Републи-

ка"; во 1984 година бил во туристичка посета во Албанија од каде обезбедил поголема количина субверзивно-пропагандан материјал кој го растурал меѓу привремено вработените граѓани; организирал илегално уфрлување субверзивно-пропагандни материјали во нашата земја; учествувал и во многубројни антијугословенски демонстрации.

Според оперативни податоци во неговиот стан поседувал и машина за фалсификување на патни исправи за потребите на "НДРК".

Според потврдени оперативни податоци контактирал со Амбасадата на НСР Албанија во Виена. Регистрирани се оперативни податоци дека заговара и изразува спремност и за диверзантско-терористички акции према нашите дипломатско-конзуларни претставништва во СРГ за која цел и набавувал оружје.

Целокупната досегашна и натамошна непријателска дејност ја спроведува за остварување на сепаратистичката парола "Косово Република", обединување со Албанија и создавање "Етничка голема Албанија", во која би влегла и Западна Македонија.

Според најновите оперативни сознанија Рамадани постанува активен член и во Партијата за демократски просперитет во Македонија со седиште во Тетово, со цел преку легална партиска активност ја продолжи неговата натамошна екстремна непријателска дејност против нашата земја. Одредена непријателска дејност е документирана.

Имајќи ги предвид сите досегашни потврдени оперативни сознанија и податоци цениме дека постојат основано сомневање дека Рамадани Намија е вклучен во организирана екстремна противуставна дејност против нашата земја. Кон ова додаваме и за регистрираните оперативни податоци за спремноста на Рамадани за терористичка активност против добра и интереси на нашава земја, како и сознанија за разузнавачка активност, односно соработка со албанската разузнавачка служба.

Ценејќи ги сите овие околности сметаме дека се исполнети условите од Правилата за работа на Службата за државна безбедност за заведување на Рамадани Намија во предмет на работа во оперативна обработка.

3.-

Со цел натамошно целосно расветлување на непријателската дејност ќе се изготви годишен оперативен план за работа со конкретни задачи, мерки и активности.

Тетово, 07.01.1991 година

СОГЛАСНИ
ШЕФ НА ИСДБ ТЕТОВО
[redacted]
ПОМ[illegible]К НА 11 СЕКТОР
Хајри Бери[illegible]

Врз основа на изнесените наводи, ценам дека се исполнети условите од член 16 од Законот за внатрешни работи и точка 56 од Правилата за работа, поради што одобрувам лицето со Одлука на секретарот да се заведе во ОО.

Скопје, 07.01.1991 година

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван Павлески

(7)

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА СР МАКЕДОНИЈА
ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА ИСПОСТАВА НА СДБ - ТЕТОВО
Ев.бр.350 Тетово, 20-4-1990 год.

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи /"Сл.весник на СРМ" бр.37/80 год./, член 71 и 75 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност /Сд.бр.021-68-6/3 од 6-1-1989 год./, односно точка 4 од Упатството за постапката и начинот за примена на оперативно-техничките средства и методи на Службата за државна безбедност /Сд.бр.05-3801 од 30-5-1989 год./, се поднесува

П Р Е Д Л О Г

ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА - ТАЈНА КОНТРОЛА НА ТЕЛЕФОНСКИТЕ РАЗГОВОРИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕЛЕФОНСКИ СООБРАЌАЈ на телефонскиот број - 9949-71139160-277, во местото Еслинген, СР Германија, сопственост од НАМИЈА РАМАДАНИ, носител на ЛО "Поскок", роден на 20-6-1956 година во с.Теново, СО Тетово, по народност Албанец, држ. на СФРЈ, привремено вработен во Еслинген, близу Штутгард, каде и живее на адреса "КАРЛ БЕДКР" СТР.12, 7300 - Еслинген.

КОНТРОЛАТА да се врши во двата правца, односно од споменатиот телефон према земјата и од земјата према истиот телефон.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Намија Рамадани по неговото заминување на привремена работа во Еслинген, СРГ, 1979 година, активно се вклучува во непријателска активност против нашата земја во рамките на албанската непријателска емиграција, за што со наш Предлог Ев.бр.455 од 15-6-1981 год. е заведен во ЛО "Поскок". Во досегашната обработка се потврдија основите на сомневања за заведувањето во обработка, односно е докажана и документирана непријателската активност што ја спроведува како активен член во албанската непријателска емигрантска организација "Народно движење за Косово република" - фракција на Ибраим Келменди, во спрега со албанската разузнавачка служба и албанскиот

национализам и сепаратизам во земјата. Одредени оперативни сознанија укажуваат за "Пескоп", дека заговара диверзантско-терористички акции спрема наши дипломатско-конзуларни преставништва во странство.

Според расположливите оперативни сознанија "Пескоп" во земјата остварува контакти со свои врски преку телефонските броеви: 094-41-099; 094-41-175; 094-29-176 и други кои засега не ни се познати.

Потребно е да се врши контрола на сите телефонски разговори од подрачјето на СР Македонија со ОО "Пескоп".

Очекуваме МЕРКАТА да ја оправда нејзината примена со оглед дека комуникацијата со истомисленици во земјата "Пескоп" ја одржува и преку телефонска врска.

Примената на оваа мерка треба да допринесе за откривање нови врски во земјата и навремено дознавање за неговите намери и планови.

Интересните разговори да се снимаат и репродуцираат заради оперативно користење при натамошната обработка на предметот.

Примероци од материјалите да се достават до РСНР на СРМ - Служба за државна безбедност - XI Сектор и до Испоставата на Службата за државна безбедност - Тетово.

С О Г Л А С Н И
ВРО НА ВСДБ ТЕТОВО,
Хасан Ајдини

ПОМ. НАЧАЛНИК НА XI СЕКТОР,
Хаки Бајки

П Р Е Д Л А Г А
И Н С П Е К Т О Р,
[redacted]

3.-

Ценејќи ги горните наводи сметам дека се исполнети условите од член 23 од Законот за внатрешни работи /"Сл.весник на СРМ" бр.37/80/ за примена на мерката, а врз основа на член 71 и 75 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност /"Сл.бр.021-68-6/3 од 6-1-1989 година/, односно точка 4 од Упатството за постапката и начинот за примена на оперативно-техничките средства и методи на Службата за државна безбедност /Сл.бр.05-3801 од 30-5-1989 год./, ПРЕДМЕТОТ го доставувам за донесување на соодветно решение.

РЕПУБЛИЧКИ ЈАВНОБЕЗБЕДНОСЕН СЕКРЕТАР НА СОБ,

Стојан Павлевски

Сд 03-2287916 8184

5130

20

РСВР на СРМ - СКОПЈЕ
ЈСДБ - ОХРИД
Сам.инспектор: [redacted]
Отчукано во 3 примероци /ЈД
Доставено до II и IV сектор
Скопје и ЈСДБ - Охрид
Охрид, 11.04.1990 год.
Бр.бр. 134

Врз основа на член 106 и 107 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, се доставува

П Р Е Д Л О Г

За пресметување на Претходна обработка во Оперативна обработка "МЕТАЛЕЦ".

Над лицето ВРЕТОСКИ Јамбев АНГЕЛЕ, роден 17.10.1949 год. во с.Велгошти, СО-Охрид, по националност Македонец, државјанин на СФРЈ, со завршено средно металско училиште, на времена работа во Сиднеј-Австралија, оженет, татко на 2 деца, поради потврдени сознанија дека непријателски делува во националистичко-сепаратистички групации на македонски непријателска емиграција во Австралија.

Оперативната обработка ќе го носи псевдонимот "Металец" а ќе ја води самостојниот инспектор Гоце Лазороски.

О б р а з л о ж е н и е

Ангеле Вретоски во ПО "Металец" е заведен со Предлог на ЈСДБ - Охрид Бр.бр.41о од 25.04.1977 годинк по добиени

-/-

оперативни сознанија дека членува во националистичко-сепаратистичка групација на ДООМ, а во потконтетот на ЦК на ДООМ бил одговорен и до него се испраќало емигрантското списание "Македонска нација" со цел да го растура. Исто така, бил близок со потпретседателот на ЦК на ДООМ [redacted] На одредени собири и средби со наши исселеници во Скопје регистрирани од негова страна истакнувал националистичко-сепаратистичка основа на Ангеле Вретоски.

Во текот на обработката преку оперативните позиции на Службата се почувди непријателска активност на Ангеле Вретоски. Неговата непријателска активност континуирано продолжува со згодемен интензитет и по заминувањето во ПО.

Покасно станува главен и одговорен уредник на списанието "Глас на Македонците" и држи радио час. Овие позиции ги користи за непријателско делување и придобивање на истомисленици. Во земјата не доаѓа.

Имајќи ги во вид сегашните состојби на дезорганизираност во редовите на македонската непријателска емиграција во натамошната обработка спрема Ангеле Вретоски ќе бидат преземени мерки и активности за негово пасивизирање и убедување за доведување во земјава со цел расчистување и евентуално придобивање за насочување за позитивно делување на македонското иселеништво во Австралија.

Како извори за придобивање на сознанија во натамошната обработка ќе се користи оперативната позиција Љиљана Тошеска, секретар на КУД "Григор Прличев" во Мелбурн, која има суб-

./.

јективни и објективни можности за напад врз Ангеле Вретоски, бидејќи со него контактира при одржувањето на радио час на македонски јазик, а ќе се проучуваат и користат нови извори на сознанија.

СОРАБОТНИК

[redacted]

Пом.началник на II Сектор

[redacted]

ПРЕДЛАГА

Сам.инспектор

[redacted]

О Д О Б Р У В А

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДВ

Стеван Павлески

RSVR-SRM-SDB 31.10.1990 GOD. 4 1 STRANA

MORA HIMET AHMET LIČNO DOSIE BR. N-26325

RODEN NA 01.05.1944 GOD. VO KIČEVO S.JAGOL

ŽIVEE VO KIČEVO UL.JANE SANDANSKI BR.43

NARODNOST ALBANSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: NEVRABOTEN

ŠKOLSKA SPREMA: FILOZOFSKI FAKULTET

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. ALBANSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM
2. VRSKI NA NEPRIJATELSKATA EMIGRACIJA VO ZEMJATA

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. ALBANSKI NACIONALIST (ŠOVINIST,SEPARATIST I HEGEMONIST)
2. VRSKA NA ALBANSKATA EMIGRACIJA VO ZEMJATA

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

POTEKNUVA OD NEPRIJATELSKO-BALISTIČKO SEMEJSTVO. KAKO PROFESOR NA SUC 'PANČE POPOSKI' VO GOSTIVAR ORGANIZIRAL BOJKOT NA NASTAVATA PO MAKEDONSKI JAZIK. ZA DA GI ODBEGNE MERKITE NA SDB ZAMINUVA VO ŠAD KADE SE POVRZUVA SO ANE I UČESTVUVA VO DEMONSTRACII PROTIV SFRJ. KON KRAJOT NA 1989 GOD. SE VRAĆA VO ZEMJATA I SE VKLUČUVA VO AKTIVNOSTITE NA PDP. IZBRAN E ZA PREDSEDATEL NA OGRANOKOT NA PDP VO KIČEVO. VO SEPTEMVRI 1990 GOD. SO DVA PRESTAVNIKA NA PDP PATUVA VO SRG, ŠVAJCARIJA I FRANCIJA ZA PRIBIRANJE NA PARIČNI SREDSTVA ZA AKTIVNOSTITE NA PARTIJATA.

DOSIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-KIČEVO NA 31.10.1990 GODIN

9.04.5164/5188

6130

30.10.

РСВР на СРМ - СДБ
Испостава - Кичево
Кичево, 2.10.1990 год.
Ев.бр. 356
- III,IV сектор

26325

Врз основа на чл.15 од Законотза внатрешни работи и точка 56 од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, а заради проверка на добиените оперативни податоци што укажуваат за постоење на непријателска активност, се:

П Р Е Д Л А Г А 26325

Заведување во оперативна обработка на лицето АХМЕД МОРА, од татко Имет, роден 1.5.1944 год. во с. Јагол-Кичевско, со постојано место на живеење во Кичево на ул."Јане Сандански" бр.43, Албанец, државјанин на СФРЈ, завршил филозовски факултет, невработен.

О б р а з л о ж е н и е

Потекнува од непријателско-балистичко семејство од време на војната. Ахмед на СДБ познат е од порано. Работеше како професор во средношколскиот центар "Панче Попоски" во Гостивар. Во 1988 год. беше разоткриен како организатор за бојкотирање на наставата по македонски јазик од страна на учениците од албанска народност и организатор на демонстрациите одржани истата година во Гостивар во кои учествуваа поголем број ученици. Одбегнувајќи мерки на СДБ замина во САД каде беше на врска со членови на АНЕ (Сулејман Елези ПС "Слаткар", Имер Бехиеди ПО "Тренер" и др. Во САД има учествувано во повеќе антијугословенски демонстрации и други непријателски манифестации.

./.

Кон крајот на 1989 год. се врати во земјава. На врска е со повеќе безбедносно интересни лица меѓу кои Рамазан Насуфи ПО "Демагог", Оломан Сулејмани и др. Исто така добиени се податоци дека е на врска со членови на АЕО во западно-европските земји (Фазли Велиу СО "Идеолог", Гафур Адили ПО "Бегунец" и др.).

На 23.06.1990 год. на изборно собрание одржано во Хотел "Унион" во Кичево Ахмед е избран за Председател на огранокот на ПДП во Кичево. Како председател е еден од поактивните во омасовување на партијата при што на состаноците настапува со разни ветувања кои се незаконски и противуставни.

На 22.09.1990 год. Ахмед заедно со Митаф Зибери од Тетово и Ешреф Алиу од Скопје како преставници на ПДП отпатуваа во повеќе ЗЕ Земји. Нивното патување е со цел формирање на граноци на ПДП меѓу наши работници во странство и собирање парични средства. Беа во Австрија, СР Германија а со намера биле да патуваат во Швајцарија и Франција. Според податоците Ахмед во Австрија и СР Германија остварил повеќе контакти со безбедносно интересни лица членови на АЕО.

Според податоците Ахмед активно организирано и систематски работи кон создавање на услови за насилно рушење на уставниот поредок на земјата.

Заради документирање на таквите негови непријателски активности како и утврдување на неговите врски, предлагаме Ахмед да се заведи во оперативна обработка.

Во колку биди одобрено заведување на оперативната обработка истата ќе се води под псевдоним "Професор", а ќе ја води Мирко Ангеловски инспектор во ИСДБ Кичево.

./.

Спрема Ахмед со задача ќе бидат упатени соработниците "Базел" и "Оскар", а ќе се разгледаат можностите за упатување на СВ "Јане".

За успешно водење на обработката изготвен е посебен план кој е во прилог на предлогов.

И З Г Л А С Н И
ШЕФ НА ВОЛКА - КИЧЕВО
[redacted]

НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

П Р Е Д Л А Г А
И н с п е к т о р
[redacted]

О Д С Е Р У В А
РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван Павлески

Ф.04:4913/4896

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИСПОСТАВА КИЧЕВО
Кн.број: 316
03.10.1990 година
К и ч е в о

Врз основа на член 23 од Законот за внатрешни работи "Сл.весник на СРМ" бр.37/80 и точка 58 од Правилата за работа на СДБ ("Сл.лист на СФРЈ" бр.18 од 27.07.1990 година и точка 2 став 2 од Упатството за начинот и начинот на примена на ОТС и методите на СДБ, СД.05-3201 од 30.05.1989 година се достевува:

П Р Е Д Л О Г

За примена на мерката ТАЈНА КОНТРОЛА на телефон и другите телекомуникациони средства на претплатничкиот број 22-352 сопственост на АХМЕД МИРА, од татко Хамит, роден 01.05.1944 година во с.Јагол-Кичевско, постојано живее во Кичево на ул."Јане Сандански" бр.43, Албанец, државјанин на СФРЈ, завршил Филозофски факултет, вработен во ОО со занимање "Професор".

О б р а з л о ж е н и е

Потекнува од непријателско балистичко семејство од крвта на вујната. За Ахмед од порано добиени се податоци дека организирано непријателски, од позиции на албански национализам и сепаратизам, дејствува против уставниот поредок на СФРЈ. Ахмед работеше како професор во средношколскиот центар "Панче Попоски" во Гостивар од каде во 1988 година напушти и замина во САД. Во набудувани добиени без оперативни податоци дека Ахмед бил еден од организаторите на бојкотирање на наставата на македонски јазик од страна на учениците од Албанската народност и организирање на демонстрации.

Во САД Ахмед беше поврзан со членови на АНЕ (Сулејман Елези ПО "Слаткар", Имер Мехмеди ПО "Тренер и други), учествувал во повеќе антијугословенски демонстрации и манифестрации и сл. Крајот на 1989 год. се врати во земјава. На врска е со повеќе безбедносно интересни лица (Насуфи Рамаван ПО "Демагог", Оло ман Сулејмани и др.). Добиени се оперативни податоци дека на врска е и со Фазли Велиу ОО "Идеолог", Гафур Адили ПО "Бегалец" и други лица одинтерес за СДБ кои се наоѓаат во западно-европ ските земји.

На 23.06.1990 год. на изборното собрание одржано во хотел "Унион" во Кичево Ахмед е избран за председател на огранокот на ПДП во Кичево. Како председател е еден од поактивните во омасовување на партијата при што на состаноците се служи со ветување кои се незаконски и против уставни.

Имајќи го во предвид горе изнесеното, предлагаме примена на мерката тајна контрола на телефонските разговори.

Со примената на мерката се очекува да се потврдат досега добиените оперативни податоци, да се добијат нови, да се установат негови безбедносно интересни врски и карактерот на нивното кореспондирање.

С О Г Л А С Н И
ШЕФ НА СДБ - КИЧЕВО
[redacted]
НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

П Р Е Д Л А Г А
И н с п е к т о р
Мирче Ангеловски
[redacted]

Ценејќи ги горните наводи сметам дека се исполнети условите од чл.23 од Законот за внатрешни работи, а врз основа на точка 38 од Правилата за работа на СДБ, предлогот го доставувам за донесување на соодветно Решение.

РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван Павлески

Ф. Ск. 981
6981/V

04-2521
(5)

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
ОП.РАБОТНИК: [redacted]
Евид.број: 325
1о.о4.199о година
С к о п ј е

19 25925

МИНУВА — 18.5.1990
Бр. 6128

Врз основа на член 16 од Законот за внатрешни работи ("Сл.весник на СРМ" 37/8о) и член 1об од Правилата за работа на Службата за државна безбедност, а заради проверка и потврдување на податоците кои укажуваат на постоење на организирана непријателска активност, се предлага

ЗАВЕДУВАЊЕ ВО ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА

На лицето АМЕТИ Абдугафур ЏАБИР, роден 29.1о.1945 година во с. Пржовце, СО Тетово, Албанец, државјанин на СФРЈ, дописник на "Рилиндија", писател, со место на живеење во Скопје ул."Прохор Пчински" бр.96.

Од 1983 година Амети Џабир се води во Претходна обработка по линија на албански национализам и сепаратизам со псевдоним "Енигма".

ОО ќе го носи псевдонимот "Енигма", а ќе ја води оперативниот работник Алексо Доневски.

Во текот на 1981 година според непотврдени податоци на СДБ на САП Косово, Амети Џабир, по налог и задача на Теки Дервиши (репресирано лице, поранешен приоритетен ПО), бил во СР Германија, каде контактирал со Јусуф Грвала, тогашен раководител на албанската непријателска емиграитска организација "Црвен фронт".

Според расположивите сознанија на Амети му била позната организираната непријателска активност на Теки Дервиши. Бил во тек со припремите за префрлање на Дервиши на Запад по убиството на Јусуф Грвала.

Додека работеше во Редакцијата на весникот "Флака е влазеримит" настапувал од групашко-одбранашки позиции и многу често ги бранел националистичките позиции на некои новинари од "Рилиндија" према кои се преземале идејно-политички и други мерки.

По исклучувањето на Теки Дервиши од "Флака е влазеримит", Џабир во разни прилики ги напаѓал сите комунисти и работни луѓе во Редакцијата дека се кукавици, затоа што гласале за мерките према Теки Дервиши.

Како дописник на "Рилиндија", Џабир со разни написи, навредливо и нереално го претставуваше остварувањето на рамноправноста на албанската народност во СР Македонија. Неговиот брутален и цинички јазик и стил на пишување е исти како и пишувањето на албанските националисти и сепаратисти. Еден негов напис во весникот "Рилиндија" целосно е објавен во "Зери и Популит" од Албанија.

Во договор со некои новинари од Редакцијата на "Рилиндија" смислено со лаги лансираат и актуелизираат актуелни проблеми и прашања како за масовното иселување на Албанци од СР Македонија во Турција и сл., со што директно влијае во поставување и развој на патернализмот од САП Косово према Македонија.

Џабир постојано е во друштво со лица репресирани и познати како албански националисти и сепаратисти од Скопје, СР Македонија и САП Косово.

За Џабир постојат индиции за негова илегално организирана непријателска активност.

Со цел проверка и потврдување на сознанијата и податоците кои укажуваат на негова непријателска дејност, ќе се изготви План на мерки и активности.

СОГЛАСНИ
ЗАМ.НАЧАЛНИК НА УСДБ-СКОПЈЕ
[redacted]
НАЧАЛНИК НА III СЕКТОР
[redacted]

ПРЕДЛАГА
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК
[redacted]

ОДОБРУВА
РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван Павлески

RSVR-SRM-SDB 26.02.1986 GOD. 1 STRANA

BOGDANOVSKI NASKO DRAGAN LIČNO DOSIE BR. N-20218

RODEN NA 18.09.1929 GOD. VO KUMANOVO S.KLEČEVCE

ŽIVEE VO KUMANOVO S.KLEČEVCE

NARODNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: NOVINAR

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. MAKEDONSKA EMIGRACIJA

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. LICE ŠTO PONINALO NIZ POLICISKA INSTITUCIJA
2. ORGANIZATOR-RAKOVODITEL NA MAKEDONSKATA EMIGRACIJA
3. AVTOR(UČESNIK) VO PIŠUVANJE NA NAPISI VO STRANSKI I EMIG.PEČAT

STATUS NA LICETO:

POVRATNIK

EMIGRANT

SUDSKO ADMINISTRATIVNI MERKI: OSUDUVAN NA 13 GOD.

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

VO 1951 GOD. EMIGRIRAL VO GRCIJA, A OD TAMU, PO KUS PRESTOJ VO BRAZIL, SE VRATIL VO EVROPA. PRESTOJUVAL VO POVEĆE ZEMJI I SE POVRZAL SO EKSTREMNATA EMIGRACIJA I NEPRIJATELSKI DELUVAL PROTIV SFRJ. VO ŠVEDSKA STANAL ČLEN I RAKOVODITEL NA EMIGRANTSKA ORGANIZACIJA. VO 1971 GOD. OSNIVA SPISANIE I E INICIJATOR ZA SVIKUVANJE NA VONREDEN KONGRES NA OKM. STANAL I PRETSEDATEL NA DOOM. VO 1978 GOD. E APSEN I OSUDEN.

DOSIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-KUMANOVO

РСВР на СРМ
СДБ - II Сектор
Гл.инспектор: [redacted]
Ев.бр. 97
14.11.1990 година
С к о п ј е

П Р Е Д Л О Г

За враќање на 20.000 ДМ оперативната позиција "Јак"

Пролетта 1987 година, во времето на покренувањето на постапката за помилување на осуденикот Драган Богдановски, беа остварени повеќе контакти со оперативната позиција "Јак" од Западен Берлин. Во овие контакти, тогашниот помошник на Р.С. Крсте Јовчевски и "Јак" договорија (во мое присаство) "Јак" да и даде на СДБ 20.000 ДМ со кои би се купил стан за Драган Богдановски по неговото излегување од затвор.

Во мај или јуни 1987 година, неговиот брат Јаковлевски Манојл ми предаде 20.000 ДМ, испратени од "Јак", кои јас му ги предадов на Крсте Јовчевски. Овие средства не се употребени за купување на стан, бидејќи истиот е купен со средства на РСВР, а парите се депонирани во касата за специјални средства на СДБ.

На 17.10.1990 година, преку телефон "Јак" најави доаѓање во земјава и изрази желба да отседне во станот што го уплатил за Драган Богдановски. Договоривме за ова да разговараме кога ќе дојде. На 13.11.1990 година, остварен е контакт со "Јак" на кој му е кажано дека неговите 20.000 ДМ не се употребени за купување на стан, туку за други потреби за Д.Богдановски (купување алиста, опремување на станот, месечна надомест и сл.). На ова "Јак" одговори дека парите, според усниот договор, ги дал за купување стан, кој подоцна би останал во негова сопственост, а во меѓувреме на Д.Богдановски му испраќал пари за редовно живеење.

2.-

На крајот од разговорот договоривме следна средба, во меѓувреме да проверам што е со дадените 20.000 ДМ, на која би договориле како да се разреши проблемот.

Со оглед на горенаведеното, предлагам сумата во износ од 20.000 ДМ да му биде вратена на "Јак".

СОГЛАСЕН
ПОМ.НАЧАЛНИК НА II СЕКТОР
Хаки Бекиу

ПРЕДЛАГА
ГЛ.ИНСПЕКТОР
[redacted]

ОДОБРУВА
РЕПУБЛИЧКИ ПОТСЕКРЕТАР НА СДБ
Стеван Павлески

Комисија за верификација
на фактите
Бул. "Гоце Делчев" бр.8
МТВ 17-ти кат
Тел. 02 / 3254-200
Фах. 02 / 3254-205
www.kvf.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 08-188/1
16.03.2015год
Скопје
Во документите кои постојат во досието бр. 1064, во службената белешка од 23.07.1975, инспекторот јасно наведува дека два пати обавил разговор со Томе Серафимовски, академски вајар и директор на домот на културата во Гостивар ,еднаш во ателјето на истиот и еднаш во просториите на клубот на РЦВР-СРМ, а разговорот се однесувал на вербалните истапи на ППР-Автор во неговоите службени простории, при што за одредени лица кои биле предмет на обработка на органите на државната безбедност, изнесувал вредносно негативни информации и оценки во однос на нивните идеолошко-политочки ставови. Службената белешка од 15.09.1975 год. се однесува на изјава на Томе Серафимовски, каде истиот давал информации за разговорите на одредени лица во авторската агенција во Скопје, за време на прославата на „100 годишнината од работата на Крсте Мисирков".Службена белешка од 04.03.1976, е составена според искажувањата на друга оперативна врска, каде се утврдува дека Томе Серафимовски на истиот му кажал за изјава на друго лице доставено до СДБ. Во двете своерачно напишани изјави освен биографски податоци за себе, дава биографски податоци, информации од негови обавени раговори, ставови и мислења на одредени лица кои биле предмет на обработка на органите на државната безбедност

Во Службена белешка од 16.08.1968, од досието бр. 19657, јасно стои дека истата е составено во СДБ-Скопје, и дека извор е Томислав Серафимовски, истиот во овој документ информаирал и за одредени македонски иселеници во Париз, за Албанскиот емигрантски центар во предградието на Париз иту.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Томе Серафимовски, постојат документи во органите на државната безбедност, дека тој како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани

2 - 3

основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 18 став 4,член 28 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Томе Серафимовски, бил таен соработник на органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
П р е т с е д а т е л,
Томе Адиев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд Томе Серафимовски, да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Државната изборна комисија и лицето Томе Серафимовски.

3 - 3

лустриран

ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ

ВМРО-ДПМНЕ

Скопје, „Македонија" 17а
тел.: + 389 (0)91 124 244; факс: ... 124 336

ВМРО-ДПМНЕ
ИЗВРШЕН КОМИТЕТ
Бр. 09-292
07 02 2011 година
СКОПЈЕ

До Постојана анкетна комисија за заштита на човекови права и слободи при Собрание на Република Македонија

Предмет: Материјал од Дирекција за безбедност и контраразузнавање од времето кога министер на МВР бил д-р Томислав Чокревски, а директори на Дирекција за безбедност и контраразузнавање биле [redacted] и Зоран Верушевски

Почитувани,

Ви доставувам материјал на Ваше разгледување.

При контролата над законитоста на работењето на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, посебно да се констатираат фактичките состојби во врска со незаконитоста на работењето на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање при следењето, прислушкувањето и снимањето на телефонските разговори, како и фотографирање на одделни личности од раководството и истакнати активисти на ВМРО-ДПМНЕ, вклучувајќи го и Претседателот на Партијата на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски и Потпретседателот на Партијата г-ѓа Доста Димовска, кои биле во функција на откривање на плановите за програмските оперативните активности на Партијата, раководството и на нејзиното членство, како и за дискредитирање на раководните кадри во Партијата.

Ваквото следење, прислушкување и снимање на телефонските разговори, како и фотографирањето на одделни членови од раководството и истакнати личности од ВМРО-ДПМНЕ не само што не е во согласност со уставниот принцип на неповредливоста на приватноста на граѓаните, Законот за внатрешни работи, Правилникот за организација и работа на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, Правилникот за вршење на работите на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Упатството за постапката и начинот на примена на оперативно-технички средства и мерки од работници со посебни должности и овластување во Министерството за внатрешни работи, туку со такви пречекорувања на службените овластувања од раководните кадри во Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање се сторени и кривичните дела неовластено прислушкување и тонско

снимање од чл. 151 став 3 од Кривичниот законик и посебното снимање по член 152, став 2 од Кривичниот законик.

Во прилог Ви доставуваме фотокопии од списите за преземените оперативно-технички мерки од страна на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, а за докажување на сите факти и околности што се релевантни за утврдување на незаконистоста во работењето на одговорните кадри во Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за безбедности и контраразузнавање би требало да се изврши увид и во потребната документација што се наоѓа во Дирекцијата за безбедности и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи.

По извршената контрола над законитоста во работењето на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи,

ПРЕДЛАГАМ

Анкетната комисија за заштита на човековите права и слободи при Собрание на Република Македонија да му достави извештај на Собранието на Република Македонија со констатации за извршени незаконитости во работењето од страна на раководните кадри во Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за безбедности контраразузнување, односно да констатира прекршување на човекови права и слободи загарантирани со Уставот на Република Македонија и со законска регулатива.

Со оглед на карактерот на нашиот предлог барам предлогот да биде разгледан по итна постапка.

Скопје, 07.02.2001

Филип Петровски
член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ
кои ги применувало СДБ (ДБК) спрема членовите и седиштето на ВМРО-ДПМНЕ

1. **СЕДИШТЕТО НА ВМРО ДПМНЕ**
Мерка "тајно следење"
Псевдоним "Темел"
04.10.1995г.; 09.10.1995г.
10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.10.1995 г.
19 и 20.10.1995 г.
25.04.1996; 18, 19, 20, 21 и 22.02.1997 г.
24, 25, 26, 27 и 28.02.1997 г.
19, 20 и 21.03.1997
15 и 16.05.1997 г.
30.08.1997 г.
29.10.1998 г.

Извештаи од разговори со оперативна брска "Брчо" за седиштето на партијата "ВМРО-ДПМНЕ" од 11.11.1997; 10.12.1997 и 12.01.1998 г.

2. **ГЕОРГИЕВСКИ ЉУБЧО**
Мерка "тајно следење"
04.02.1998 псевдоним "Мона Лиза"
05.02.1998 псевдоним "Мона Лиза"

3. **ДИМОВСКА ДОСТА**
Мерка "тајно следење"
18, 19, 20, 21 и 22.02.1997 г., псевдоним "Дама"
24, 25, 26, 27 и 28.02.1997 г.
19, 20 и 21.03.1997 г.
05.06.1997г.
30.09.1997г.

4. **ПЕТРОВСКИ ФИЛИП**
Мерка "тајно следење"
18, 19, 20, 21.02.1997 г.
25.02.1997 г.

3

5. **ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР**
Извештај од набљудувањé и документирање,
псевдоним "Паун"
04, 05, 06, 07, 08 и 09.10.1995 г.
10.10.1995г.
Предлог за примена на мерка "тајно следење - набљудување"
8.11.1995 г.

6. **Информација за настаните околу организирањето на "мирниот протест" на студентите**

21.02.1997

достaвена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
[redacted], директор на ДБК

7. **Информација за одржаниот музички хепенинг (журка) од страна на Студентската организација на Педагошкиот факултет и дел од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ**

24.02.1997 г.

достaвена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
[redacted], директор на ДБК

8. **Информација за активностите на организаторите на студентските протести**

4.03.1997 г.

7

9. **Информација во врска со повикот на лидерот на најголемата опозициона партија во Република Македонија ВМРО-ДПМНЕ, испратен преку мас-медиите до граѓаните на Република Македонија на генерален митинг**

19.03.1997 г.
доставена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
[redacted], директор на ДБК

10. **Информација за најавен генерален митинг закажан за 15.05.1997 пред плоштадот "Македонија", организиран од најголемата опозициона политичка партија ВМРО-ДПМНЕ**

15.05.1997 г.

доставена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- **[redacted], директор на ДБК**

11. **Информација од состанокот на организаторите на протестниот митинг**

16.05.1997 г.

доставена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- **[redacted], директор на ДБК**

12. **Информација за расколот во најголемата опозициона Партија ВМРО-ДПМНЕ, за поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на Партијата**

10.09.1997

доставена до:
Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- [redacted] директор на ДБК

13. **Службена белешка за сознанија кои се одне[redacted] внатрешно-политички состојби во ВМРО-Д[redacted]**

15.09.1997 г.

ДБК-1-ва Управа

14. **Информација за панихидата во чест на "Владо Черноземски" во Црковниот храм "Св.Ѓорѓи" [redacted]**

11.11.1997 г.

доставена до:
- [redacted] директор на ДБК

15. **Информација за екстремната емиграитска орган[redacted] "Македонски лавови"**

13.11.1997 г.

доставена до:
[redacted] директор на ДБК,

16. **Информација за активностите на екстремните кругови во редовите на ВМРО-ДПМНЕ од позиции на македонски екстремизам и врховизам**

25.11.1997 г.

доставена до:
- [redacted], директор на ДБК,

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: Оперативен материјал
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Ев.број: 233
21.02.1997 година
С к о п ј е



И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

УДБК-Скопје, следејќи ги настаните околу организирањето на "мирниот протест" на студентите располага со сознанија дека како организатори на овие протести покрај Мирјана Китановска, претседателна Студентската организација на Педагошкиот факултет Св."Климент Охридски" е и поголема група на членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. Така лицата: Филип Петровски, Димитрија Димовски, Марта Луковска, Зоран Петровски-Снајпер, Горанчо Ивановски, Наско Н., Милчо Н. и други последниве неколку дена биле во постојани контакти со својте постари и поискусни активисти од матичната партија (генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ и Иван Соколов) од каде покрај морална и материјална подршка околу истрајноста, добивале и конкретни задачи.

Воедно деновиве организаторите на овој протест воспоставиле контакт со бугарскиот државјанин Иљо Н., активист на ВМРО-СМС од Софија кој инаку зел активно учество во актуелните протести во својата земја, Бугарија. Истиот, на споменатите организатори користејќи го своето "искуство" им давал насоки и инструкции за начинот на водењето на протестите.

Според сознанијата со кои располагаме деновиве членовите на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ и нивните постари сопартици превземале интензивни активности низ подрачните единици на Републиката со цел нивно ангажирање околу поттикнување на сите незадоволни категории на луѓе (стечајни работници, измамените девизни штедачи, градежни работници и други социјално загрозени лица) за нивно приклучување кон протестите. Според проценката, студентските протести ќе претставуваат "увертира за она што

треба да се случи наскоро"[x], вклучувајќи ги сите горе наведени категории на лица.

За таа цел во Скопје биле забележани интензивни контакти помеѓу Иван Соколов со некои од раководните лица на УНАСМ посебно со потпретседателот Атанас Лефтеров со чија помош протестите би добиле поширока димензија и би се проширале во Републиката.

Во тој контекст се и сознанијата за средбата одржана меѓу претставници на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (во случајов со организаторите на студентските протести) со [redacted] Шехтански, претставник од помладокот на Демократската партија.

Оперативните сознанија на УДБК-Скопје, укажуваат на тоа дека според искажувањата на организаторите на протестот во Универзитетот "Кирил и Методи" во Скопје била потпишана петиција, наводно од страна на 620 универзитетски професори, во која се оправдувале студентските и средношколските протести а која, петиција деновиве ќе ја проследеле до Премиерот и Претседателот на Р.Македонија.

Според соопштението на иницијаторот на студентските протести Мирјана Китановска дека истите се организирани до денеска, 21.02.о.г. на барање на останатите организатори терминот е пролонгиран, така да за утре, 22.02.о.г. со почеток во 21,00 часот е закажана "забава" која ќе се одржи на Плоштадот "Македонија" во Скопје, за која веќе се растурени "покани за журка" и на која се поканети повеќе музички групи.

Според сознанијата на УДБК-Скопје Дипломатско-Конзуларните претставништва во Р.Македонија посебно на соседните земји како и останатите странски мисии со голем интерес го следат текот на настаните во врска со протестите, воедно прибирајќи сознанија и податоци за востановување на вистинскиот карактер на истите.

---

x - Според сознанијата на 27.02.о.г. ќе биде организиран масовен протест за што од вчера е започнато растурање на покани во сите градови низ Републиката. Во нивниот жаргон овој масовен протест е наречен "фестивал" чија крајн цел е со притисок користејќи ги притоа сите методи и средства за остварување на крајната цел дестабилизација на државата, оставка на Владата и распишување превремени парламентарни избори.

УДБК-Скопје, во рамките на својот интерес и понатака перманентно ќе ги следи активностите на организаторите, како и развојот на настаните околу најавените протести, за што благовремено ќе информира.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- [redacted]
- [redacted]
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: Оперативен материјал
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Ев.број: 6239
24.02.1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

На 22.02.о.г. со почеток во 19,00 часот на плоштадот "Македонија" во Скопје беше одржан најавениот музички хебенинг (журка) и овој пат организиран од страна на студентската организација на Педагошкиот факултет и дел од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. На оваа прослава која помина без инциденти присуствувале околу 3.000 учесници.

УДБК-Скопје во доменот на својот интерес дојде до одредени безбедносно интересни сознанија. Имено, непосредно по завршувањето на хепенингот дел од организаторите на протестот инаку членови на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (Горчо Јовановски, генерален секретар, Димитар Димовски, потпретседател и Филип Петровски) воспоставиле средба со Иван Соколов на која истиот им дал инструкции за начинот на понатамошното организирање и водење на протестите.

Горенаведените младинци воедно воспоставиле и средби со други свои сопартијци меѓу кои и со Александар Флороски. На оваа средба им била дадена морална подршка за нивно истрајување "остварувањето на целите на протестот" со убедувања дека"поголемиот дел" од структурите во државата биле на нивна страна, освен некои служби во МВР на Р.Македонија. Во однос на материјалните средства потребни за непречено одвивање на протестите Флороски напоменал дека"покрај парите" биле обезбедени и станови со телефони во случај на некој од организаторите на протестите да му претстои опасност да биде повикан на разговор од страна на полицијата". Главна задача на организаторите според, насоките на Флороски била да излезат на улиците што повеќе средношколци и студенти, а другото било "нивна работа".

Воедно добиено е и сознание дека"новинарот на американскиот прес центар (информирано со информација бр.234) на средбата која што ја остварил с

време на хепенингот со Филип Петровски и Димитар Димовски го изразил своето задоволство од начинот на кој била организирана журката.

По завршување на овој "музички хепенинг" Иван Соколов и Горанчо Јовановски го напуштиле Скопје (според наши проценки се упатиле во други делови на Републиката со цел агитирање и добивање пошироки димензии на протестите и приклучување на нивните незадоволни категории на лица кон истите).

Што се однесува до другите организатори, студентите на Педагошкиот факултет УДБК-Скопје, располага со сознанија дека во неделата на 23.02. о.г. бил одржан состанок на Педагошкиот факулт на кој бил заземен став протестите да продолжат и оваа недела, а според непотврдени сознанија и оваа сабота ќе имало "покана за журка" на плоштадот "Македонија".

Според податоците со кои располагаме поголем дел од професорскиот кадар од Педагошкиот факултет ја дале својата подршка на Студенската организација на овој факултет за натамошно продолжување на протестите.

УДБК-Скопје и натаму во доменот на своето работење ќе го следи начинот на одвивање на протестите за што благовремено ќе информира.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
[redacted]
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
[redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-693
15.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со генералниот митинг што денеска во 18,00 часот ќе се одржи на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија", од аспект на негово можно ескалирање и предизвикување последици по безбедноста и стабилноста на Република Македонија, УДБК-Скопје дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, на денешниот одржан состанок на организаторите на протестниот митинг (инаку митинг во организација на најголемата вонпарламентарна опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ) на кој меѓу другите присуствуваа Зоран Петревски викан "Снајпер", Димитар Димовски, Борис Трајковски и други, Александар Диневски потенцирал да истиот помине во мир и без предизвикување на било какви ексцесни ситуации. Според сроченото сценарио, протестот ќе започне во 18,00 часот каде на насобраната маса со говор (во траење од 5 до 7 мин.) ќе им се обрати Зоран Петревски, за да на крај ги "покани" да претходно изготвениот меморандум (на кој се нотирани барањата поради кои ќе се организира овој митинг) се достават до официјалните власти на Р.Македонија (Влада на Р.Македонија, Собрание на Р.Македонија и Резиденцијата на Претседателот Киро Глигоров). По обиколката и доставувањето на меморандумот, насобраната маса повторно ќе се врати на плоштадот "Македонија", каде на бината со свои говори ќе настапат повеќе лица. На крај на насобраната маса ќе им се обрати со говор (во траење од околу половина час) и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Георгиевски, со што околу 21 часот и ќе заврши протестот.

Според организаторите протестот ќе продолжи и утре 16.05.1997 година, во исто време (со оглед на тоа што очекуваат да не бидат прифатени нивните барања) но, со помал интензитет од денешниве. Имено, на утрешниот ден незадоволството ќе го изразат лицата од Скопје и неговите околни градови.

Воедно, УДБК-Скопје располага со непотврдени сознанија дека вакви слични протести но во организација на УНСМ наредните денови ќе се организираат и во повеќе градови во внатрешноста на Републиката, како "увертира" во организирање на масовно присуство на новиот "генерален митинг" што наводно повторно ќе се организира во Скопје, за 10.06. оваа година. Имено, овој ден е крајниот "рок" кој организаторите наводно ќе го достават до официјалните власти на Р.Македонија за исполнување на нивните барања.

Во врска со текот и начинот на одвивањето на најавениот протест, како и последиците кои ќе произлезат од истиот посебен интерес појавија и вработените од Амбасадата на Р.Бугарија во Скопје и Мисијата на УНПРЕДЕП. Имено, В´лчов Димитар, службеник во Бугарската Амбасада во Скопје побарал од останатите службеници како и од други лица да го следат текот на протестот за што благовремено да информираат. Воедно, на предлог на Бугарската Амбасада денеска треба да допатува и бугарска ТВ екипа која од "лице место ќе известува за настанот". На вработените од Мисијата на УНПРЕДЕП во Скопје, деновиве им било издадено соопштение (по претходно одржаната средба помеѓу претставникот на оваа Мисија Керим Н. со претставници на МВР) со сугестија да ги избегнуваат местата во периодот на одвивањето на протестот "поради опасност од нарушување на ЈРМ". Воедно, при оваа Мисија се "формирани" и три екипи со задолженија за следење и реферисување за одвивањето на самиот митинг.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на

состојбите, и попречување на екстремните активности со можност за нарушување на ЈРМ во погоем обем, а кои би можеле да настанат за време на одвивањето на протестите.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- [redacted]
- [redacted]
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- [redacted]
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ: [redacted]
Евид.број: 14-694
16.05. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во врска со вчерашниот одржан митинг на плоштадот "Македонија" во Скопје, под мотото "Стоп на економското, социјалното и државното пропаѓање на Р.Македонија" како и најавите на организаторите на истиот дека вакви протести ќе продолжат "сé до моментот додека нивните барања не се реализираат" (информирано) УДВК-Скопје во доменот на своите надлежности во смисол на безбедноста и стабилноста на Републиката а со можност на предизвикување на ексцесни состојби, дојде до нови сознанија и податоци.

Имено, непосредно пред започнувањето на самиот протест меѓу организаторите на истиот настанала меѓусебна караница и разидување во реализирањето на претходно сроченото сценарио за реализирање на протестот. Причина за вака настанатата состојба била разочараноста од малиот одзив* на граѓаните кои дојдоа да го "изразат своето незадоволство" на плоштадот "Македонија", и проценката дека нема реални можности во наредните денови да се продолжи со организирање на вакви слични масовни собирања. Така, по согледувањето на ваквата состојба, дел од организаторите на протестот Љупчо Георгиевски, Иван Соколов и Борис Змејковски предложиле отстапување од сценариото за движење на масата по маршрутата Собрание на Р.Македонија, Резиденција на Претседателот Киро Глигоров со доставување на

*** - Пред одржувањето на протестот организаторите на митингот очекуваа на истиот да присуствуваат 50.000 лица, додека според нивна интерна оценка станува збор за бројка од 10-12 илјади лица, а на јавноста ја презентираа цифрата од 25.ооо присутни.**

меморандум, а целокупната активност да се одвива на самиот плоштад (опција која во дел е и реализирана на вчерашниот собир). На овој предлог со свои ставови се спротивставиле Зоран Петревски викан "Снајпер" и Владимир Змејковски викан "Лаци". Првиот, кој според сценариото ја имал улогата на "уводничар кој требал да ја повика масата на прошетка" ја застапувал таа опција, додека вториот, инсистирал на безусловно доставување на меморандумот, а во зависност од дадените услови "и со насилно влегување во објектот на Собранието на Р.Македонија". Недоразбирањето и конфликтот меѓу организаторите на протестот кулминирало со настанатата тепачка за време на говорот кој го држел Љупчо Георгиевски. Имено, позади бината во дискусијата околу организирањето на протестот водена помеѓу Владимир Змејковски викан "Лаци" и Н.Н. лице од внатрешноста на Републиката преминала во меѓусебна тепачка.

За време на одвивањето на протестот на плоштадот "Македонија", дел од присутните, разочарувањето од пропустите во организирањето на самиот протест, релативно малиот одзив на лица кои присуствуваа на истиот, како и од промената на сценариото, го искажаа со извикување на негодување упатени до организаторите. Така, дел од нив самоиницијативно, во помали групи се упатија кој Собранието на Р.Македонија, каде околу 22,15 часот пристигна неколкучлена "делегација" на организаторите предводена од проф.Бојков, кој му го врачи меморандумот во архивата на Собранието на Р.Макеодниј.

Разидувањето меѓу организаторите на протестот уште повеќе се продлабочи пред самиот крај на истиот и тоа околу завземањето на "став во врска со прашањето за континуирано одвивање на вакви протести" за наредните денови. Од тие причини, организаторите на протестот во касните утрински часови одржаа затворен состанок во својот "Штаб", кој состанок својот епилог ќе го има денес во 11 часот, за кога е и закажано продолжението на состанокот. Додека дел од организаторите се залагаат за континуирано одвивање на протести, ставот на Љупчо Георгиевски, во врска со ова прашање е "да се прекине со секакви

понатамошни собирања, а за резултатите од организираниот протест се пласираат преку конференција за печат". Овој негов став е образложен од проценката дека на секој понатамошен собир ќе доаѓа до сѐ поголемо осипување на масата, што всушност ќе биде и доказ повеќе на фијаското од вчерашниот митинг, како и од неговата лична разочараност од несогласувањата, конфликтите и разидувањата кои владеат меѓу неговите најблиски соработници.

УДБК-Скопје преку постојната оперативна мрежа ќе превзема континуирани мерки и активности за следење на развојот на идните можни состојби, и попречување на евентуалните екстремни активности што можат да доведат до нарушување на ЈРМ во поголем обем.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин Томислав Чокревски, министер за внатрешни работи
- [redacted]
- [redacted]
- Г-дин Живко Георгиевски, началник на II Управа
- [redacted]
- [redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ
УПРАВА НА ДБК ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ИЗВОР: **Оперативен материјал**
ИЗГОТВИЛ:
Евид.број: 14-1053
10.09. 1997 година
С к о п ј е

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Расколот кој неодамна настана во најголемата вонпарламентарна опозициона партија во Р.Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на партијата, како и поводот и причините кои доведоа до ваква состојба (информирано) со несмален интензитет е предмет на интерес како на странските разузнавачки служби, така и на лица под третман на ДБК, а на директен или индиректен начин се вклучени во општествено-политичкиот живот во Републиката.

Имено, "идејата" на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, да го подигне рејтингот на партијата и да ги среди состојбите и превирањата во истата, само со чинот на поднесување на оставка на потпретседателот, Доста Димовска, генералниот секретар, Борис Змејковски и целокупниот Извршен комитет, а на индиректен начин и да се "ослободи" од т.н. "бизнис-блок" (Борис Змејковски, Чедо Радомировиќ и Александар Диневски), за кои се манипулира дека под "параван на партијата" се вмешани во разни финансиски малверзации" не го вродија саканиот плод.

Така меѓусебните несогласувања, а во поново време и обвинувања помеѓу двете фракции во партијата, една на чело со сега екс-потпретседателот Доста Димовска, за која "спротивната страна" вели дека е поборник на "врховистичката пробугарска струја" и втората на екс-генералниот секретар Борис Змејковски, за кого приврзаниците на Димовска, велат дека ја застапува "просрпската струја", поткрепувајќи ја оваа теза со фактот дека "позади себе го има Чедо Радомировиќ, акционер на стакларата "Зајачар" од Р.Србија", придонесе за сé поголема дезориентација помеѓу

членството и активистите на партијата со "лична дилема", кон која фракција да се приклонат.

Ваквата дезориентација придонесе и да отпочнат со меѓусебни физички пресметки, помеѓу засега челниците на оваа партија. Така на 03.09.о.г. во Штабот на партијата, по една "партиска расправија" помеѓу Борис Змејковски и Никола Трајанов, викан "Хилер", правен застапник на ВМРО-ДПМНЕ, дошло до меѓусебна физичка пресметка, што резултирала со закана од страна на "Хилер" дека ќе го употреби пиштолот, марка Магнум, кој го имал фперено во Змејковски. Во "одбрана" на лицата во конфликтот, притекнале, Владимир Змејковски, викан "Лаци" (брат на Борис Змејковски), од едната страна и Стефановски Влатко, викан "Рамче", (телограничител на Љубчо Георгиевски) од другата страна.

Во врска со превирањата кои настанаа во ВМРО-ДПМНЕ, Тодор Петров, претседател на Семакедонскиот светски конгрес, се произнел дека, "во оваа партија дошло до меѓусебна пресметка, помеѓу двете струи кои лебдеа во истата и тоа, пробугарската на чело со Љубчо Георгиевски и Доста Димовска и просрпската на чело со Борис Змејковски и Чедо Радимировиќ". Во тој контекст го дал и своето толкување дека, досега "партијата работела по иструкции кои ги издавала Р.Бугарија лично на Доста Димовска, а истите биле спроведувани во дело од страна на лидерот Љубчо Георгиевски". Во понатамошното образложение Петров напоменал дека, "без разлика на расплетот на настаните во самата партија, непосредно пред одржувањето на новите парламентарни избори, во Р.Македонија, ќе дојде до коалиција помеѓу СДСМ и фракцијата на ВМРО-ДПМНЕ, предводена од Борис Змејковски". Оваа своја констатација, Петров ја поткрепува со фактот дека и досега постоеле контакти помеѓу овие две партии (Борис Змејковски) и дека "ова е договорена акција помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ".

Што се однесува до угледот на екс-потпретседателот Доста Димовска, во самата партија меѓу дел од активистите владее мнение дека "истата во новонастанатата ситуација е искористена од страна на лидерот Љубчо Георгиевски како "пробен балон" за да ги разобличи своите противници". Меѓу дел од активистите на оваа партија

кои ќе се приклонети на Димовска, а индиректно и на Љубчо Георгиевски, сметаат дека "расколот во партијата е смислена акција на МВР на Р.Македонија со цел, да го уништи рејтингот, кој оваа партија го има меѓу народот" и тоа во периодот кога се наближува времето на одржувањето на парламентарните избори. Воедно, меѓу овие приврзаници е раширена и веста дека на денот на поднесувањето на колективната оставка на Извршниот комитет на партијата, лидерот на истата Љубчо Георгиевски, наводно, покажал документ во кој се "кријат доказите со кои располагаат, дека Борис Змејковски, Александар Диневски и Иван Соколов" се работници на одредени припадници на МВР на Р.Македонија.

Расцепот, кој настана во политичкиот врв на оваа партија, се рефлексира и во останатите партиски органи, па така деновиве дојде и до разрешување на Зоран Петревски од функцијата претседател на "Унијата на млади сили", кој беше приклонет кон Борис Змејковски.

УДБК-Скопје располага со сознанија дека Штабот на ВМРО-ДПМНЕ, на 03.о.м. бил посетен од страна на Амбасадорот на Р.Франција во нашата земја, господин Жак Унцингер, при што остварил средба со претседателот на партијата Љубчо Георгиевски.

УДБК-Скопје и понатака континуирано ќе ја следи и попречува разузнавачката активност на странските разузнавачки служби, а воедно ќе ги следи и попречува евентуалните екстремни активности на лица под третман на ДБК експонирани од позиции на македонски екстремизам и врховизам, а кои се инволвирани во споменатата партија.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Г-дин, Томислав Чокревски, Министер за внатрешни работи,
- [redacted]
- [redacted]
- Г-дин, Живко Георгиевски, Началник на II Управа,
- [redacted]
- [redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07 - 1234 /1
19.9 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Томислав Чокревски од Скопје, согласно член 3 точка 16, член 4, член 10, член 18 став 6 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.38/05) на седницата одржана на ден **19.09.2013** година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека лицето Томислав Чокревски-Министер за внатрешни работи, со ЕМБГ 1112934450007, роден на 11.12.1934 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

За Томислав Чокревски, лице кое било носител на јавна функција- Министер за внатрешни работи при Владата на РМ, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност,по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Томислав Чокревски во Државниот архив на Република Македонија и во досието доставено од Собрание на РМ,по барање на трето лице, како член на одредена политичка партија,во досието или предметот под кодното име "Темел", постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствување со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните.

Од увидот во Државниот архив на Република Македонија, како и во досието доставено од Собрание на РМ, се утврди дека за лицето Томислав Чокревски, постојат следниве документи: материјал од Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање од времето кога министер на МВР бил др.Томислав Чокревски, ев.бр.09-292 од 07.02.2001 година доставено од Извршниот комитет на партијата ВМРО-ДПМНЕ до Анкетната комисија за заштита на човекови права и слободи при Собранието на РМ, од 2 (две) страни; Оперативни технички мерки кои ги применувало СДБ(ДБК) спрема членовите и седиштето на партијата ВМРО-ДПМНЕ, од 4 (четири) страни; Информација ев.бр.233 од 21.02.1997 година од 3 (три) страни; Информација ев.бр.239 од 24.02.1997 година од 2 (две) страни; Информација ев.бр.309 од 04.03.1997 година од 3 (три) страни; Иформација ев.бр.14-693 од 15.05.1997 година од 3 (три) страни; Информација ев. бр.14-694 од 16.05.1997 година од 3 (три) страни и Информација ев.бр.14-1053 од 10.09.1997 година од 3(три) страни.

Од увидот во горенаведените документи се утврди дека по предлог и одобрување на тогашниот министер за внатрешни работи Томислав Чокревски, СДБ применувал технички мерки спрема членовите и седиштето на партијата ВМРО-ДПМНЕ, вклучително и иницијаторот . Во документите кои Комисијата ги имаше на увид се утврди дека повеќе извештаи се доставени до тогашниот министер за внатрешни работи Томислав Чокревски, ивештаи од каде јасно може да се утврди дека се кршени човекови права и слободи. Се прислушкувани повеќе лица и е загрозено нивното слободно движење.Од документот за оперативно техничките мерки се гледа јасно дека за повеќе лица членови на партијата ВМРО-ДПМНЕ се применувале мерките тајно следење, наблудување и документирање,како што се мерка тајно следење на седиштето на партијата ВМРО- ДПМНЕ, мерка тајно следење на претседателот на партијата, Љубчо Георгиевски, тајно следење на потпретседателот на партијата,Доста Димовска, Филип Петровски, извештаи за наблудување и следење на членот на партијата, Александар Флоровски. По наредба на тогашниот министер за внатрешни работи,

до него се доставени и повеќе информации за организирање на мирниот протест организиран од студентите на Педагошкиот факултет "Климент Охридски" и поголема група на членови на Унијата на млади сили на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, согласно член 4, 14, член 18 став 6 и член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и врз основа на член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка утврди дека Томислав Чокревски бил наредбодател во смисла на овој закон и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција или јавно овластување во периодот на примената на овој закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд Томислав Чокревски да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави на лицето Томислав Чокревски, Собрание на РМ, Влада на РМ и ДИК.

3 - 3

лустриран

ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ

LIČNO OSIE BR. 1-05451/0

N O S I T E L :

PREZIME : [redacted]

TATKO : [redacted]

IME : [redacted]

RODEN NA [redacted] GOD. VO LERIN-[redacted] EGEJSKA MAKEDONIJA

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE TRABOTNO MESTOI : NOVINAR

ŽIVEE VO SKOPJE NA UL. [redacted]

OSIETO FORMIRANO VO OSDB SKOPJE 1962 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAN I ŠOVINIZAN

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

ISTAPUVA PROTIV DRŽAVNOTO I PARTISKOTO RAKOVODSTVO SEKOGAŠ KOGA DISKUTI
RA PO PRAŠANJE NA EGEJSKA MAKEDONIJA.PROJAVIL ŽELBA I INICIJATIVA DA IZ
DAVA VESNIK ISKLUČIVO ZA MAKEDONCITE OD EGEJSKA MAKEDONIJA.

ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

		x	1
Број на лично досие	5451	1 0 0 5 4 5 1	8
Основен орган	SVR - Skopje	0 2	10
Датум на поведување-ето на прашалникот	9.XI.1967 год.		

		презиме	татково име	име		
1		[redacted]	[redacted]	[redacted]		11-40
2	Датум на раѓање	[redacted]			3 3	42
3	Место на раѓањето и општина	[redacted] Lerinsko			0 0 0 0 9	47
4	Народност	Makedonec			0 4	49
5	Државјанство	SFRJ			0 1	51
6	Стално место на живеење-живеалиште	Skopje, [redacted]			0 9 0 3 3	56
7	Занимање	novinar			2 4 7	59
8	Однос со органи за ВР	nema			0	60
9	КАТЕГОРИЈА Прва				0 0	62
	КАТЕГОРИЈА Втора				0 0	64
	КАТЕГОРИЈА Трета				0 0	66
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени	Ne se prevzemeni			0	67
11	Колку пати е осудуван				0	68
12	Висина на казната-осудата				0 0	70
13	Кога е формирано досието	9 mart 1962 god.			6 2	72

14 Кратка содржина на лицето:

Imenovaniot istapuva protiv državnoto i partiskoto rakovodstvo sekogaš koga diskutira po prašanje na Egejska Makedonija. Se projevuva kako nacionalista. Organiziraco i toj na neprijatelska rabota nema ni i pokraj toa e interesen za SDB.

o/DjM

15	Што да се направи со лицето	Da ostane vo operativen arhiv

98 74

1 75

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО [redacted]

ГО ШИФРИРАЛ: [redacted]

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО [redacted]

7236/73
(Ознака и број на досието)

1

ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕЊЕ НА ДОСИЕ

[redacted]
(Презиме и име на носителот на досието)

Досие испратено
Собранје на „Црна Гора"
на увид и со цел

25 IV 1963

[redacted]

Материјалот е наводнето за откривање
на државна информација.
од 3. VI. 64.

[redacted]

Материјалот го добил во предлог на
Нач. Но. II одд. [redacted] со цел за анг.
операција на [redacted] Од материјалот
јасно се гледа дека [redacted] има поврзе
ности на Информативната служба и ако
е гл. на СКЈ, а потоа член на
Неговите писмените задачи и во ова
му е уважено, а некој задачи треба
ќе бара нему се тајните.

Одлука ова, ако не е завери во материјал
на Информативни службени, треба да пре-
ќе 16-II-65 год.

[redacted]

LIČNO DOSIE BR. I-03227/6

N O S I T E L :

PREZIME : [redacted]

TATKO : [redacted]

IME : [redacted]

RODEN NA [redacted] GOD. VO PRIŠTINA-[redacted] SAP KOSOVO

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO NESTO) : KNIŽEVNIK I KNIŽEVEN KRITIČAR

ŽIVEE VO SKOPJE NA [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

I. IZVRŠITEL NA USNA NEPRIJATELSKA PROPAGANDA

DOSIETO FORMIRANO VO USDB SKOPJE 1952 GODINA

LINIJA NA RABOTA : VNATREŠEN NEPRIJATEL

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

VO 1954 GOD. POČNAL DA SE SOLIDARIZIRA SO LINIJATA NA IB, ODOBRUVAJĆI GI STAVOVITE NA ISTOČNITE ZEMJI. ISTO TAKA VO TOA VREME GI BRANI KONCEP CIITE NA MILOVAN DILAS.ZBORUVA DEKA NAŠATA ZEMJA SE NAOĐA VO BEZIZLEZNA EKONOMSKA SITUACIJA,DEKA RABOTNICITE POOOBRO ŽIVEELE PRED VOJNATA. POD DEJSTVO NA ALKOHOL GI NAPAĐA NAJVISOKITE RAKOVOOITELI, MEĐU KOI I PRET-SEDATELOT TITO.

17723

(Ознака и број на досието)

1

ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕЊЕ НА ДОСИЕ

[redacted]

(Презиме и име на носителот на досието)

2о ново ротка. Отуја бивају -
вање на Вуоцинца во
1. Зрна кинеи' на Осоеец

2 Г. 10 бр

[redacted]

RSVR-SRM-SDB 15.02.1982 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. 1-22464/2

N O S I T E L :

PREZIME : [redacted]

TATKO : [redacted]

IME : [redacted]

RODEN NA 18.12.1938 GOD. VO LERIN [redacted] EGEJSKA MAKEDONIJA

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : SLUŽBENIK

ŽIVEE VO SKOPJE NA UL. [redacted]

SORABOTNIČKI ODNOS : SORAB.NA DB ANGAŽ.NA KOMP.MATERIJAL

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. UČESNIK VO MLADO-NACIONALISTIČKA GRUPA

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : SOSLUŠUVAN

DOSIETO FORMIRANO VO USDB SKOPJE 1964 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

VO 1963/64 G.PROJAVIL INTERES ZA NACIONALIST.DEJNOST,OSOBENO ZA PESNITE
NA [redacted] OTGANIZATOR NA NACIONAL.GRUPA VO KOČANI.OVOJ INTERES
GO PROJAVUVA UŠTE EDEN SOMISLENIK,SO KOGO SE ZEMENI VO POVREMENA KONTRO
LA,REALIZIRAN 1964 SO RASČISTUVANJE I ANGAŽIRANJE I SO TOA PRESEČENA NE
GOVATA AKTIVNOST.MOŽE I VO IDNINA DA SE KORISTI ZA SOZNANIJA OD GRČKI I
NAŠI GRAĐANI OD EG.DEL NA MAKEDON.KAKO I POVRATNICI OD IE ZEM.VO SKOPJE

РЕГ.НА 8.IV.1964 ГОД.

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik:Trajan Petrov ski
26.III.1964 godina
S k o p j e

1. IV. 1964

P R E D L O G

Za registriranje vo povremena kontrola na [redacted]

[redacted], od tatko [redacted] roden e na 6 mart 1941 godina vo [redacted]-Egejska Makedonija, Makedonec, državjanin na SFRJ, gradežen tehničar, sega na rabota vo pretprijatieto "Nova Pruga"-Skopje, so stan na ul. [redacted] ne ženet i ne osuduvan. Ima završeno sredno Tehničko učilište v[redacted] 1960 godina . Od 1961 god. do 1963 godina bil redoven student na Tehnički fakultet , no poradi slaba materijalna položba gi napuštil studiite i se zaposlil vo pretprijatieto "Nova pruga". Istiot ne e član na SKJ.

[redacted], od tatko [redacted] i majka [redacted], roden e na 18 dekemvri 1938 god vo [redacted]-Lerinsko, Egejska Makedonija, Makedonec, državjanin na SFRJ, student, so stan na [redacted] Vo Skopje e doselen od Valandevo 1956 god. a se do 1962 godina nemal primeno jugoslovensko državjanstvo. Negovata familija ne ni e poznata

O b r a z l o ž e n i e

[redacted] preku [redacted] se zapoznava t so sorabotnikot [redacted] vo početokot na ovaa godina. Trajcaata , na sorabotnikot, otkoga se zapoznavaat pobli zu, mu doveruvaat plan za ostvaruvanje na edna nivna zamisla. Imeno tie sobirale poetski tvorbi na [redacted] koj umre vo 1960 godina, a koj na našata služba beše poznat po razrebotka [redacted] vo tekot na 1959 godina formiral nacionalis

./.

tička grupa vo Kočani. Vo momentot na razotkrivanjeto na taa organizacija, [redacted] umira od TBC vo Skopje . Natamošnata rabota vo razotkrivanje na nacionalistička organizacija koja rabotela vo Skopje, istovremeno so onaa vo Kočani, čii inicijator bil [redacted] bieše stopirana bidejći nemavme pojdovna osnova.

[redacted] vo posledno vreme mnogu se zainteresirani za pesnite i dnevnikot na [redacted] koi gi pišuval pred amrtta. Tie nastojuvaat da napravat izbor i da gi objavat vo nekoe izdavačko pretprijatie. Na sorabotnikot [redacted] mu beše stavena na raspolaganje mašina za kucanje na pesnite i dnevnikot na [redacted] Celta na zaveduvanje na povremenata kontrola e prvenstveno da ustanovime dali [redacted] [redacted] i drugi lica koei družat so niv, imale nekakva vrska so pokojniot [redacted] na politički plan, bidejći [redacted] imal formirano nacionalistička organizacija vo Skopje, za koja do sega nemame nikakvi soznanija. Postojat indicii deka tie znaat nešto poveće vo vrska so nekoi nacionalistički organizacii što delovale vo Skopje i Valandovsko pred tri-četiri g godini, [redacted] kako što samiot istaknal "bil indirektno povrzan so nekoja organizacija koja delovala vo 1960 godina. Vo dnevnikot na [redacted] opfateni se dosta lica, za koi isto taka će prezememe merki za ustanovuvanje.

Smetame za potrebno deka zaveduvanjeto na povremenata kontrola e opravdano i zatoa ja predlagame.

Operativen službenik,
Trajan Petrovski

DAL SOGLASNOST
NAČALNIK NA II-ODDELENIE
[redacted]

O D O B R U V A
NAČALNIK NA UPRAVATA ZA DB,
[redacted]

6. V 1964

СВР-Скопје, Управа за ДБ
II-Одделение
Службеник: Трајан Петровски
4.IV.1964 година
С к о п ј е

П Л А Н

За работа по повременатата контрола заведена над лицата [redacted].

Над лицата [redacted] роден 1938 година во [redacted]-Леринско-Егејска Македонија, со стан на ул. [redacted] и [redacted], роден 1941 година во [redacted]-Егејска Македонија, со стан на ул. [redacted] предложивме заведување повремена контрола . Гореспоменатите се појавуваат како интересни за нашата служба, поради нивните контакти со лица апсени за националистичка активност; нивните дискусии по однос на Македонското национално прашање и активноста околу собирањето на песни и раскази од [redacted] кој умре 1960 година од ТБЦ, познат на нашата служба преку разработката [redacted]

Во насока на проучување на обемот на националистичката активност на овие лица и врските со покојниот [redacted] предвидуваме преземање на повеќе оперативни мерки.

1. Предвидуваме постепено проучување на [redacted] и неговото друштво,како и неговите контакти со [redacted] кој е заведен во контрола.

2. Ќе заведеме контрола на поштата на [redacted] кој се наоѓа од месец март, во ЈНА; во однос на писмата што ќе ги прима првенствено од [redacted]

3. Ќе примениме пратња над [redacted] воколку нема да бидеме во можност по друг пат да ги установиме неговите врски и контакти.

./.

4. Предвидуваме проучување и евентуално повикување на [redacted], новинар во "Млад борец", кој исто така се познавал со покојникот [redacted].

5. Предвидуваме установување на повеќе лица преку [redacted] наставник во "Иван Горан Ковачиќ", а кои се споменуваат во дневникот на [redacted]; бидејќи за националистичката дејност на [redacted] пред неговата смрт во Скопје, сеуште ништо не знаеме. [redacted] добро го познавал [redacted], а веруваме и неговото друштво. Работата со [redacted] ќе ја одвиваме преку соработникот [redacted] кој веќе контактира два пати.

Дам согласност
НАЧАЛНИК НА II-ОДДЕЛЕНИЕ
[redacted]

Оперативен службеник,
Трајан Петровски

О Д О Б Р И Л,
НАЧАЛНИК НА УПРАВАТА ЗА ДБ,
[redacted]

4/XI 64 VIII –
28.10.66 A –

SVR-Skopje, Uprava za DB
II-Oddelenie
Službenik:Trajan Petrovski
26.X.1964 godina
S k o p j e

PREDMET: Prezemani merki po povremenata kontrola nad [redacted]

29. X. 1964

[redacted]

SLUŽBENA BELEŠKA

LICA:

1. [redacted]
2. [redacted]
3. [redacted], vo povr. kontrola.
4. [redacted] Egeec, minuva vo kartoteka.
5. [redacted]

Vo vrska so povremenata kontrola nad [redacted] i [redacted] raboteno e po predviden plan.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата утврди дека за лицето Трајко Батанџиовски, во Управата за државна безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат документи во микрофилм бр.043040 270976 237 661 00 и службена белешка бр. 212203 190475 235 211 00 од досие формирано од поранешната Управа на службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, од кои се утврди соработка со органите на државната безбедност.

1 - 3

Во досието за лицето Трајко Батанџиновски, добиено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи постојат следниве документи: документ за дерегистрација од 26.06.1990 година составен од една страна; предлог за регистрирање како соработник од 27.09.1976 година составена од 3 (три) страни, предлог за дерегистрација од 09.04.1990 година составена од 2 (две) страни, службена белешка од преглед со податоци на студенти од Битола кои студирале во Бугарија од 21.10.1982 година и службена белешка од 14.02.1975 година составена од 5 (пет) страни. Другите документи, согласно подзаконските акти на Управата за безбедност и контраразузнавање биле поништени.

Од увидот во документите, добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи се утврди дека лицето Трајко Батанџиновски од Прилеп, бил ангажиран и регистриран соработник на поранешната Служба за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи на 30.09.1976 година со псевдоним "Виктор". Трајко Батанџиновски бил ангажиран со задача да ги следи нашите студенти во Варна.

Во перидот на ангажираност Трајко Батанџиновски бил користен како оперативна врска преку кого имале целосен оперативен увид на нашите студенти во Варна.Тој презентирал бројни и квалитетни сознанија од интерес на СДБ, исто така бил користен и да открива новозапишани студенти и да прибира други сознанија од интерс на СДБ сврзани со акциите "Пирин", "Витоша", "Прослави" и др .што со успех ги извршувал. Поради објективни причини и неможност за наоѓање на нови сознанија од СДБ предложено е, соработката да престане, а истиот да биде дерегистриран.

Од увидот во службена белешка бр.21220314027513603800 од 14.02.1975 година се гледа дека Трајко Батанџиновски како извор дава информации за повеќе лица како што се [redacted] и [redacted] за кои дал информации и им укажувал одредени сознанија за тие лица кои биле интересни за Службата за државна безбедност.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Трајко Батанџиновски постојат документи во досиејата на органите на државната безбедност, дека тој , како таен соработник информатор при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, притоа остварувајќи и погодности за себе при напредување во службата, со што се исполнува условот од член 4 и 18 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност по службена должност.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 18, 28 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност и член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Трајко Батанџиовски бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примената на овој Закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Тоне Адиев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Трајко Батанџиовски, Собрание на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државна Изборна Комисија.

лустриран

ТРАЈКО ОГНЕНОВСКИ

RSVR-SRM-SDB 29.08.1981 GOD. STRANA 1

LIČNO DOSIE BR. 1-13876/8

N O S I T E L :

PREZIME : LJUTOVSKI

TATKO : [redacted]

IME : PETAR

RODEN NA 07.07.1923 GOD. VO DONJI NIZAR-S. SLEPČE

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : PENZIONER

ŽIVEE VO BITOLA NA UL.'KOČANI' BR.[redacted]

SORABOTNIČKI ODNOS : SORAB.NA DO ANGAŽ.NA KOMP.MATERIJAL

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. PRIVRZENIK NA RIB

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : OSUDUVAN NA 7 GOD.

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB BITOLA 1948 GODINA

LINIJA NA RABOTA : BIROKRATIZAM - ETATIZAM (IB)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

KAKO KAPETAN NA JNA JA PRIFATIL RIB.SE DOPISUVAL SO [redacted] OD ČSSR,KOJA MU PRAĆALA ISEČOCI OD TAMOŠNI VESNICI VPERENI SPREMA SFRJ.PO-RADI OVA BIL VO 1950 G.APSEN I OSUDEN.BIL ANGAŽIRAN ZA SORABOTKA-BEZ RE ZULATATI.OD 1964 ZEMEN VO POVREM.OPER.KONTROLA,A 1976 ZAVEDEN VO POD.SE ZABELEŽUVA NEGOVATA NADEŽ ZA KRAJOT NA DENEŠNATA ANARHIJA VO SFRJ I SLA VENJE ZA DELOTO ZA KOE LEŽEL VO ZATVOR.

Сф 05-2945/1737

РСВР – СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава – Битола
Извор: "Г.ичо" -6014
Примил: [redacted]
Битола, 12.03.1984 година

29.3. 139/1115

1700 [illegible]

И З В Е Ш Т А Ј

На 12.03.1984 година одржан е состанок со изворот во работните простории и при тоа изнесе:

"На повеќе пати сум разговарал со Петар Лутовски и тој е толку отворен за разговор и контакти, не само со мене и во други лица. Напросто, тој својот однос го има променето за 360°. Порано беше исклучиво затворен во себеси и никому нити "здраво" не му велеше, беше тмурен и намуртен, а сега е ведар, смел, разговорлив, насмеан и без резерви станува во контакт и разговара со секого и на секоја тема. Активен е во Сојуз на борци во Битола, Демир Хисар и Ресен. Пикува за работи од НОБ, посебно за одредот од овој регион и други настани за кои боречките организации од овие општини за одредени работи и посебно го ангажирало, посебно Ресен, од кеде добивале добра материјална награда.
Во почетокот на март бил повикан од Ресенчани како консултант за поправка на куќата и правење на спомен дом, на првобореците [redacted] овчарот, во с.Златари – Ресенско. Биле повикани и некој видни борци од Битола, кои кога разбрале дека Петар е во комисија со нив, тие не се јавиле во селото.

Лутот е многу активен и во Здружението на пензионерите, посебно во хорот. Порано од кешите бетање со километри е сега е напнет и како да се "гости" дека остаре и овој сака да се занимава со нив, да се шали, да разговара и слично.

Ваквиот изменет однос е приметлив и забележан и од други лица. Со некои од нив сум правел и разговор за Пецо за кого и тие се чуделе, но анализирајќи го тоа , јас сметам дека и тој сака да се рехабилитира како осуденик пред неговите релативно млади деца во тоа што смета да издаде и свои мемоари."

II

Изнесеното е сосема точно и оцената за таквиот изменет однос е точна и потврдена и од други извори. Еден од нив кој што успеал да влијае во позитивна смисол е секретарот на друштвото за наука и уметнос Трајко Огненовски кој самоиницијативно пријави дека го зел под рака Петрета со цел да му помогне за организирање на симпозиум за НОБ. во Демир-Хисарскиот крај. Петар, не бил волен многу да се ангажира или го убеди со зборовите дека требало да мисли за своите деца што утре можеле да се прашуваат дали нивниот татко бил непријател на ова општество или пак само згрешил, но увидел дека греши и се поправил со тоа што "оставил" писан материјал за неговото активно учество во НОБ. и дал придонес во позитивна смисол за историјата на овој народ.

Сем знајењето на Трајко кој што се бави со ваква дејност, Перо бил на извесен начин поддржуван и безрезервно прихваќан и усмеруван од боречките организации на споменатите општини кое секако позитивно влијаело во позитивното негово поведение.

Изворот ја следи дејноста на Петар за кого покасно ќе се извршат анализи и преоценки оправданоста за неговото понатамошно водење во ППО.

III

- ПОО "Дути"

Отчукано во 4 примероци
Доставено до:
2 пр. РСВР СДБ III и IV сектор
2 пр. ИСДБ - Битола

IV [redacted] IV

Сд 04-3682/3519

ЕВИДЕНЦИОНА бр. 234
13.4. 1984 год.

РСНР – СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава – Битола
Извор: Мр.Трајко Стојановски
Имен. [redacted]
Битола, 16.04.1984 година.

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: ПОО "Бутовски"

На 11.04.1984 година во работните простории на извесот одржан е состанок при кој присуствуваа:

Бутовски Петар во последно време често посетува во друштвото за науке и уметност, каде имаме разговарано повеќе пати. За разлика од порано кога Перо беше затворен човек и избегнуваше секакви контакти се лутеше, сега забележуваме големи промени во неговото однесување. Скоро преку ноќ почна да пишува за одредени настани од НОБ во овој крај и безрезервно да разговара се лутете на најразличните теми.

На 10.04.1984 година Бутовски ме посети во друштвото и остави да му отпечатам материјал за активноста на партизанскиот одред "Даме Груев" од овој регион. При тоа, во еден спонтан разговор за значењето од пишување на вакви материјали изјави: "Јас и сите мои кораме да се заложиме и да придонесеме колку што сме во можност, за да утре не не проколнуваат нашите деца".

Петар, од неодамна прилично се ангажира во боречките организации во Битола, Ресен и Демир Хисар, каде е добро прифатен. Во мое присуство се вклучи и во организирањето на собирот за НОБ во Демир Хисар, меѓутоа на подготвителниот состанок кој се одржа пред неколку дена имаше резервирано држење, не се јави за дискусија и не даде отворена подршка. Причината го опреме тоа ке појдеме во супер со [redacted]

-1-

кои се против одржување на симпозиум, затоа што пред неколку години заедно со Кутовски објавив нерецензирани брошури за народноослободителното движење во Демир Хисар, а зашто имаат земено добар хонорар.

Сметам дека при контактите со Перо имам извршено врз него влијание во позитивна смисла и дека со неговата комуникативност во последно време сакаше да се рехабилитира пред своите деца и пошироко, меѓутоа имам впечаток дека тој сеуште нема докрај расчистено со неговите поранешни опредежби и пријатели.

II

Изворот е секретар во ДКУ - Битола кој се користи за следење на негативни појави во издавачката дејност во Битола. Изнесените податоци сметаме дека се објективни и точни, потврдени се и од други извори. Иако, ПОО "Кути" во најново време остава впечаток дека сака на определен начин да се рехабилитира и да докаже пред своите деца и пошироко дека не е непријателски ова опшествo, туку тоа само згрешил, во моментов немоќен со сигурност да се рече дека тоа е правата причина за промените во неговото однесување. Заради тоа во наредниот период ќе бидат преземени мерки кои ќе бидат насочени кон утврдување на правите мотиви, па во зависност од добиените резултати ќе се планираат понатамошни мерки.

На изворот поставена му е задача да и повремено го следи дејството на ПОО " Кути".

III

1.ПОО "Кути".

Отпукано во 3 примероци
Доставено до:
1 пр.СДБ III сектор
1 пр.СДВ IV сектор
1 пр.ИСДБ - Битола

RSVR-SRM-SDB 17.03.1986 GOD. 1 STRANA

KOSTURSKI [redacted] NIKOLA LICNO DOSIE BR. N-2596B

RODEN NA 06.03.1944 GOD. VO BITOLA S.CRNOVEC

ZIVEE VO BITOLA UL.'PARTIZANSKA' BR.[redacted]

NARODNOST MAKEDONSKA DRZAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: LEKAR SPECIJALIST

SKOLSKA SPREMA: MEDICINSKI FAKULTET

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. MAKEDONSKI NACIONALIZAM I SOVINIZAM

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:


1. MAKEDONSKI NACIONALIST (SOVINIST,SEPARATIST I HEGEMONIST)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

SO SVOJATA DEJNOST SE JAVUVA KAKO 'PARTNER' NA NASATA VLADA I PARTIJA ZA ZASTITA NA MAKEDONCITE VO SOSEDNITE ZEMJI, POSEBNO VO GRCIJA. SE KONFRONTIRAL SO OK I RK NA SSRNM, KADE BIL POVIKUVAN NA RAZGOVOR SO CEL DA MU SE UKAZE DEKA NIVNITE AKTIVNOSTI TRBA DA SE KANALIZIRAAT VO I PREKU SSRNM.

DOSIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-BITOLA NA 05.11.1985 GODI

OBRABOTIL : [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK :



ZAVERNA =

DO RSVR NA SRM ; SDS 3 I 4 SEKTOR - SKOPJE .

VRSKA : NASHA TELEGRAMA BR. 1621 OD 11-11-1985 GODINA .

P OD ,, DEMAGOG'' GO ZAPOZNAL SORABOTNIKOT ''MISIRKOV'' SO ZAKLUCCOCITE OD SOSTANOKOT NA INICIJATIVNIOT ODBOR ZA ORGANIZIRA NJE NA LERINSKITE SREDBI ,NA KOI SE RASPRAVASSE ZA EVIDENTIRANJETO NA IMOTITE NA BEGALCITE OD EGEJSKIOT DEL NA MAKEDONIJA I GO ZAMOLIL ISTIOT DASI DASE DA [redacted] NA ODDELENIJETO ZA ISTO-RIJA PRI DRUSHTVOTO ZA NAUKA I UMETNOST - BITOLA ; SO CEL DNU MU DADELO JAVNA POSROBKA I SE ZALOZILO ZA REALIZACIJA NA OVIE ZAKLUCOCI.

ZA MANU REKOL DEKA TA BILA '' VLASSKA AKADEMIJA''; BIDEJKI VO NEJA POLITIKATA JA KREIRALE GRUPA VLASI KOI NE BILE ZAINTERESIRANI NA NAUCSEN PLAN DA SE AFIRMIRALA VISTINATA NA MAKEDONSKOTO PRASHANJE. SPOREDI '' DEMAGOG'', NASHITE POLITICARI I NAUCCNICI ZABORAVILE DEKA MAKEDONIJA BILA DO SOLUN I PIRIN. ZARADI TOA SEKOJ CESEN MAKEDONEC TREBALO DASE BORI ZA PRIZNAVANJE NA NACCIONALNITE PRAVA NA [redacted] VO EGEJSKA I PIRINSKA MAKEDONIJA , ODNOSNO ZA OBEDI NUVANJE NA MAKEDONIJA VO RAMKITE NA JUGOSLAVIJA .

IZVOR '' MISIRKOV''

[redacted] .

Y-2

[redacted] год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Изготвила: [redacted]
Битола, 7.05.1986 година

Внатрешна проблематика

АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ ЗА ПОО "ДЕМАГОГ"

ПОО "Демагог" евидентира лицето Костурски Никола[x], лекар-специјалист по нуклеарна медицина при Медицинскиот центар - Битола, заведен на 25.10.1985 година по линија на македонски национализам и сепаратизам.

На отворањето на обработката и предходна сознанија добивани од почетокот на 1984 година па натаму од повеќе оперативни позиции (соработниците "Уна" и "Питомец" и оперативните врски "Тане" и "ЕКГ") за коментари и исказувања, кои беше маразувана "загриженост" за положбата на македонската народност во Грција; напади врз нашето општествено-политичко раководство за "недоволна" ангажираност во барањата за признавање националните права на Македонците во Егејскиот дел на Македонија; сознанија за неговиот размислувања на кој начин можело да се постигне оваа цел; неговите недозволени активности во рамките на Иницијативниот одбор за собирање на "леринските средби", со кои се поставува како "партнер" на нашето општествено-политичко раководство, контакти со безбедносно интересни лица и др.

Целта на обработката беше установување на идејно-политичките определби на Костурски и на неговите истомисленици, поблиски

---

x - Роден е на 6.03.1944 година во с.Црнец-битолско, додека неговиот татко [redacted] потекнувал од с.Вмбел, Егејска Македонија, а живее во Битола на ул."Партизанска" бр.[redacted]

./.

а истовремено вршење притисок врз грчката влада за признавање националната самобитност на Македонците и поттикнување на активности кај нашето општествено-политичко раководство за нивна заштита од целосна асимилација.

За оваа цел, почетните активности беа насочени кон проширување кругот на познанствата со бегалци од Егејскиот дел на Македонија, особено од интелектуалните средини во Битола,Скопје,Прилеп, Тетово и други места, меѓу кои ширел вакви идеи, како и со Македонци од Егејскиот дел на Македонија (Лерин,Воден,Костур и др.места) како би и таму "имале луѓе, кои би го продолжиле делото на Илинден"

Истата година се јавува како иницијатор и организатор за свикување на"Леринска средба", во чии рамки настојувал да опфати што поголем број на бегалци од Егејскиот дел на Македонија, пред се интелектуалци и на раководни работни места. 1984 година Костурски прави обиди да се одржи средба на сите бегалци од Егејска Македонија, а за оваа цел биле поканети голем број на егејски Македонци од сите делови на СРМ и странство.

Во декември 1984 година на состанок во МЗ "Панде Кајзерот" бил избран Иницијативен одбор за свикување на "Леринските средби" дедека Костурски за претседател, а била донесена Одлука Одборот да се конституира во стална институција со Статут, Програма за работа, печат, штембил и жиро-сметка, дедека средбата следната 1985 година да носи назив "Средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија". Со ваков предлог истапил и на состанок со претставници од ОК и РК на ССРНМ, што не било прифатено.

И покрај тоа што Костурски апелирал средбата да има културно-забавен карактер, самите одлуки донесени на состанокот најавуваат долгорочна и континуирана активност, која ќе води кон постигнување на неговата цел- средбата да преставува собир на сите Македонци од Егејскиот дел на Македонија, а не само

./.

од Лерин и леринско.

За членови на Иницијативниот одбор биле избрани околу 15 лица[x] по потекло од Егејскиот дел на Македонија, меѓу кои како поактивни соработници на Костурски се [redacted]

1985 година активностите на Костурски беа насочени кон популаризирање и омасовување на средбата[xxx], која за разлика од предходните траеше два дена и која според содржината на поканите и одредени манифестации во кои беа присутни автономистички елементи, како и присуството на гостите (Македонци од сите делови на Егејска Македонија) средбата е политизирана и имала карактер на собир на Македонците од Егејскиот дел на Македонија[xxxx].

---

x - Покрај наведените за членови на Иницијативниот одбор биле избрани [redacted] пензионер, [redacted] од с. Ваница-леринско, [redacted] од с.Овчарани-леринско, [redacted] од с.Стини-леринско, невработен, [redacted] од костурско, пензионер, [redacted] с.Горничево-леринско, вработен во фабриката за кожи, [redacted] од леринско [redacted] од с.Герман-леринско,пензионер [redacted] од Лерин и [redacted] од с.Медово-леринско.

xx- [redacted] потекло е од с.Д.Котори-леринско,вработен во РО "Раде Кончар"; [redacted] од с.Забрдани-леринско, вработен во РО "Водовод и бањи" [redacted] с.Буф-леринско, мининер во РО "Лозар"; [redacted] од .с.Чеган-воденско , економист во "Транскоп"; [redacted],педагог при Медицинскиот центар.

xxx-Во оваа насока бил рефератот кој го прочитал Костурски при отворањето на средбата.
-Од сор."Новинар" побарал во "Витолски весник" да објави напис за одржувањето, Програмата и значењето на средбата.
-Од истиот соработник барал да му изготви список на егејски Македонци со високо образование и на функции во СРМ, кои планирал да ги покани на средбата,
-Низ градот на неколку места поставил плакати за средбата.
-На 27.07.1985 г.во весникот "Нова Македонија" било објавено неговото писмо"Леринската средба-мост на зближување".

xxxx-На насловната страна на поканите стоеше ликот на Гоце Делчев [redacted] на третиот фотосите од насловната страна на букварот(ст.

Вебедносно значајна компонента прететавуваат и формираните пододбори во состав од три членови во сите поголеми градови во Републиката, чија активност се сведувала на делење на покани за средбата и организирано доаѓање на истата.Поголема соработка Иницијативниот одбор остварувал со пододборот во Скопје, во кој поактивни биле [redacted]д с.Ваница-леринско, правник; [redacted]од с.Котори-леринско,историчар и [redacted],пензионер.

Напоредно со овие активности, за постигнување на поголем успех во наведените замисли, 1984 година при МЗ "Панде Кајзерот' на иницијатива на Костурски било формирано к КУД "Гоце Делчев" исклучиво од бегалци од Егејскиот дел на Македонија, со цел гање на обичаите, фолклорот и песната на тој дел од Македонија, а членовите на ова КУД имале воспоставено врски со лица од овој крај, како и со КУД "Акритис Алиопијас" од с.Соботско[x], кое неговало македонски фолклор.

---

x - Кон крајот на февруари Костурски претстојувал во Грција каде договар гостување на ова КУД во Битола, а планирал да организира гостување воГрција на КУД "Гоце Делчев" од Битола.

-- за Македонците во Егејскиот дел на Македонија, печатен во Атина 1925 година и стиховите: "Весет години од сонот сонуван недосонуван, буквите забуквареи недобуквареи, зборот најчин-маченик се етори, но негласја - зошто времето толку пепел нема колку што ние еган, ни заборав толку има - колку што ние љубев".

Во покината стои и анекс со текст од новинарот [redacted]во кој се споменува Нејскиот мировен и Севрскиот договс со кој Грција беше обврзана да обезбеди заштита на негрчкит народности, а 1925 година да издаде буквар на Македонците.

- За време на одржувањето на средбата бил растурен летак "добродојдовте во Битола на традиционалните средби на бегалците од Егејскиот дел на Македонија", а се продаваше знаменца од КИФ "Комити" од Скопје.

- Воедно, младинци организирано се движеле во дресови со видно истакнат амблем на КИФ "ВЕП"Македонија" (ВЕП- Вардарска Егејска и Пиринска Македонија).

./.

Во прилог на горната констатација говори и фактот што членовите на Иницијативниот одбор не ги прифаќаат иницијативите на СК и РК на ССРНМ "Леринските средби" да бидат во надлежност на Културно-просветната заедница, од каде ќе ги добиваат насоките при организирањето на истите и кои ќе имаат исклучиво културно-забавен карактер.

Во текот на обработката добиени се"други сознанија кои несумнос претставуваат израз на националните чувства и неговата заинтересираност за положбата на овие Македонци, а кои неможат да се сметаат како елементи за негова националистичка расположеност Овие сознанија укажуваат дека Костурски редовно ги следи сите појави и настани во земјата и странство поврзани со македонската народност во Грција, а во одделни случаеви при коментирањето присутни се одредени неодговорни искажувања, како и негови размислувања како конкретниот настан или појава да биде искористен за постигнување на неговите замисли. За илустрација наведуваме неколку примери:

- Пред соработникот "Питомец" реагирал и изразувал жалење што во Воден на Мирка Гинова и бил подигнат споменик под името Ирена Гинис.

- Во врска со написот во весникот "Нова Македонија" за [redacted] кој по неуспехот на Илинден 1903 година рекол дека ќе имаме и втор Илинден, Костурски изготвил писмо кое планирал да го испрати до рубриката "Писма од читателите" во кој го поставувал прашањето дали вториот Илинден мислел за сите или само за вардарските Македонци.

- Во мај 1984 година го слушал предавањето на [redacted] о Работничкиот универзитет -Битола, на кого му забележувал што на крајот изнел дека "не требало да се занесуваме со тоа дека треба да бараме промена на границите со Грција. Тоа во никој случај не требало да се помисли".

- По повод прослевата 40- годишнината од формирањето на

./.

Егејската бригада, на која зборувал другарот [redacted] К.стурски се ангажирал со организаторите за поголемо присуство на лица по потекло од Егејскиот дел на Македонија.

- 1984 година Костурски со воодушевување го одобрувал растурањето на Манифестот за МЧП во Грција. Изнел мислење дека на каков начин требало да се компромитира Грција, со што меѓународната јавност се запознавала со постоењето на македонска народност во Грција и со мерките на асимилација.

Поврзано со Манифестот, регистрирани се негови записи од мнето на Иницијативниот одбор да испрати петиција до општествено-политичкото раководство о на СРМ со потписи од поголем број егејски Македонци - интелектуалци, со кое ќе се изразела поддршка на „Комитетот" и поставело барање до грчката влада за заштита на нашата народност. Воедно, добивањето поддршка на Манифестот планирал да го постави и пред ОО на СК каде членувал, а преку нея и до ОК на СКМ во Битола.

Изнел мислење дека растурањето на Манифестот го одобрувале голем број Македонци кои очекувале отворена поддршка од највисокото политичко раководство и актуелизирање на македонското прашање. Пред соработникот "Питомец" зборувал за уште едно растурање на Манифестот (за да не се мислело дека тоа било работа на мала група занесењаци", односно дека "тоа била група која крвави и смело чекори во смрт"[x], што како индиција укажува на негова информираност за носителите на оваа акција и евентуална поврзаност, што во текот на обработката не е потврдено.

- Го следел пишувањето на грчкиот печат во врска со Манифестот, врнел превод и ги запознавал егејските Македонци.

---

x - Изнел мислења дека Манифестот бил печатен во прекуокеанските земји од нашата емиграција, која имала врски со организирани групи на Македонци во Егејскиот дел на Македонија, донесен во Грција и растурен од нив.

./.

- Во Грција претстојувал повеќе пати[x] и добро ги познавал состојбите во Егејскиот дел на Македонија, а добивал грчки весници кои пишувале во врска со македонското прашање.

- На соработникот "Мисирков" му понудил пишувани материјали (добиени од негови постари другари и пријатели), а изразил спремност да обезбеди снимени магнетофонски ленти со наводен говор во врска со Симпозиумот кој минатата година го подготвувале ДНУ од Битола и МАНУ.

Од презентираните сознанија неможат да се извлечат констатации дека преземените активности и коментари биле мотивирани од непријателски побуди.

Од преземените оперативни мерки, утврдивме е широк круг на познати пријатели на Костурски. За најблиските соработници во рамките на Иницијативниот одбор освен недозволените активности при организирањето на Дојранските средби, друга илегална дејност нее регистрирана.

Покрај нив, Костурски контактира и со поголем број на безбедносно интересни лица, меѓу кои неколку предмети во ПОО и пријавени на бирократско - догматски и националистички позиции. За дел од нив во досегашниот период не се добиени сознанија за содејство со Костурски (ПОО "Гинеколог", [redacted] специјалист по инфективни болести, [redacted] невропсихијатар по потекло од Егејскиот дел на Македонија, [redacted] лекар - специјалист на ортопедско одделение) се негови колеги на работното место.

Одредени индиции на овој план постојат за ПОО "Дехнтеко"[xx], со кого се познавале од средношколските денови, со ПОО "Матица" од кого добивал книги за читање од Историјата на Македонија

---

x - При престој во Дојран за време на мајските празници 1985 годин го посетил некој клисар на црква, кој знаел многу македонски песни, за кој мислел дека ќе го поканел во Битола и некој угостител кој имал музика. При тоа престојувал во с.В мбел, каде планирал снимање на истите, не биле откриени од полицијата поради што и избегале.

xx - Пред соработникот "Питомец" за "Дехнтеко" Костурски изјавил дека нашите власти голема грешка правеле што осудувале луѓе како него".

и за [redacted] кувар во Медицинскиот центар[x].

Покрај овие, регистрирани се контакти и со [redacted] судија во Окружниот суд -Битола, Егеец[xx] и [redacted][xxx], но засега нее разјаснет нивниот карактер.

Повремени контакти Костурски имал и со лица од Скопје и други градови, меѓу кои како познајни ги потенцираме познанствата со [redacted] писатели од Скопје, за кои не се добиени сознанија за содејство, освен дека одат во прилог на оценката за проширување на кругот на познатите,како и со претседателот на КУД "Гоце Делчев" од Скопје, во рамките на соработката со КУД од Битола.

Костурски се познавал и со [redacted] полковник и [redacted] генерал, доктори-специјалисти при ВМА-Белград,по потекло од Егејскиот дел на Македонија.[xxxx]

---

x - Во врска со средбите [redacted] рекол дека "Во прво време беа искри, а сега пламен кој никој не ќе биде во состојба да го изгасне.Ние сме решени да одиме до крај и единаш да се дадат тие човечки права на Македонците во Грција".

xx - [redacted] по потекло е од с.Песочница-леринско, после изречената пресуда на неколку деца од Прилеп за растурање на летоци вканцеларија плачел велејќи "што доживеав да го суди својот народ.

xxx [redacted] е лаборант во Медицинскиот центар, со завршен Хемиски факултет, според оценка на соработникот "Питомец" националистички расположен, бил во Австралија и после два до три месеци од неговото враќање бил растурен Манифестот за ВМРО.

xxxx- Едниот од нив (ќе се добиени прецизни сознанија) нивувал литература со тематика од Егејскиот дел на Македонија и ги поттикнувал да се формира стална институција за средби на сите Македонци од Егејскиот дел на Македонија.

./.

Инаку, според одредени оценки, во средината каде што живее и работи Костурски има добар авторитет, важи за лојален граѓанин на нашата земја, голем патриот,добар стручњак, активен во општествено-политичките организации и самоуправните органи во Медицинскиот центар. Важел за доста чесен и објективен, поради што бил избиран за претседател на самоуправната работничка контрола за битолскиот регион.

Покрај од презентираните сознанија за ангажираноста на Костурски околу организирањето на Дрвенските средби и други активности, како и мирењата во опфатеноста на егејските Македонци постои опасност оваа дејност да добие карактер на организираност на егејските Македонци во барањата национални права за Македонците во Грција и евентуално искористувањеод поединци за разгорување на националистичка дејност во оваа средина.

Во прилог на оваа оценка се и искажувањата на [redacted] презентирани во фусноата на страна 10 и на [redacted] на составокот за евидентирање на имотите дека "Одберот не работи туку така, туку да се докажеме како избрани Македонци од тој дел на Македонија".

Во досегашната обработка на предметот не се регистрирани сознанија за илегална активност, како и искажувања против општествено политичкиот систем на нашата земја. Неговите коментари и напади врз општествено-политичкото раководство исклучиво се поврзани со признавањето на националните права на македонската народност во Грција. За неговите намери и активности отворено зборува пред своите соговорници.

После повикувањето на разговор во ОК ССРНМ-Битола по одржаниот состанок за евидентирање на имотите, Костурски се повлече од функцијата-претседател на Иницијативниот одбор[x], бидејќи како што изјавувал "сите активности што ги презел погрешно биле толкувани,иако тој имал најдобри намери ".

x - За нов претседател на Иницијативниот одбор бил избран [redacted] за потпретседател [redacted]

./.

Но и покрај тоа, најновo добиените сознанија во април оваа година за активноста на Костурски (одржувањето на втор состанок на Иницијативниот одбор[x] во врска со евидентирањето на имотите на бегалците од Егејскиот дел на Македонија, како и неговите побарувања од секретарот на СКР-Битола за добивање на согласност од РСКР за одржување на "мирни демонстрации" пред Конзулатот на Грција во Скопје по повод најавувањето на Папандреу во Парламентот за "непостоење на македонска народност во Грција") укажуваат дека нее пасивизиран и дека натаму ќе продолжи со своите недозволени активности.

Од овие причини, сценуваме дека во наредниот период оперативниот интерес спрема Костурски треба да биде усмерен кон:

- Утврдување на идејно-политичките определби преку директно контактирање по повод негови патувања во Грција и други контакти со грчки граѓани, во соделство со X-ви сектор;

- Расветлување на индициите за евентуална поврзаност со лица од обработката "Провокатори";

- Идентификување на лица и карактерот на контактите со грчки граѓани;

- Преку оперативните позиции кои се користат спрема него да се работи на разјаснување карактерот на контактите со лица во ПЕО и селектирани како безбедносно-интересни, посебно уделот и влијанието врз активноста на Костурски на ПЕО "Матица" и "Дехитекс";

- Натамошно следење активностите на Иницијативниот одбор при организирањето на Леринските средби;

-Следење активноста на диференцираните членови на Иницијативниот одбор, кои се експонираат со своите деструктивни активности и благовремено попречување на одделни негативни тенденции и појав

---

x - Состанокот бил одржан на 22.04.1986 година од 17-19,30 часот во салата на СО-Битола, со две точки на дневен ред:1.Евиденти-рање на имотите од Егејскиот дел на Македонија;2.Регистрира-ње на Одборот во стална институција со статус на правно лице.

За успешно реализирање на овие задачи, ИСДВ како и досега, организирање и перманентно првенствено ќе ги користи соработниците "Новинар" (5 материјали), "Питомец"(16), "Мисирков" (4), "Уна" (1) и "Уранија" и оперативните врски "Таше" (1), "ЖИГ"(1), "Павле" (1) и новоангажираната "Дурда".

Во наредниот период се планира воведување на мерката - контрола на преписките на Костурски со странство, а во зависност од техничките можности поставување на ОТС во неговиот стан или на работното место, како и преземање на други оперативно - тактички мерки, кои ќе произлезат во натамошната обработка на предметот.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.XIX сектор
- 1 пр.IV сектор
- 1 пр.ИСДВ-Битола

ЕВИДЕНЦИОНА Бр. 813
15 10 1987 ГОД.

Р С В Р - С Р М
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп. Љупчо Чкламовски
Битола, 13.1о.1987 година

Евидентиран во ПОО на 26.10.1987

Согласно Правилата за работа на СДБ, се поднесува

П Р Е Д Л О Г

За дерегистрирање од ПРЕТХОДНА ОПЕРАТИВНА ОБРАБОТКА на лицето КОСТУРСКИ НИКОЛА, од татко Јанко, роден 06.03.1944 година во с. Црнеец - битолско, а сега живее во Битола на ул. "Партизанска" бр. [redacted] лекар - специјалист по нуклеарна медицина при Медицинскиот центар - Битола, Македонец, државјанин на СФРЈ, оженет, татко на две деца, заведена на 5.6. 1985 година под псевдоним "ДЕМАГОГ".

Дерегистрирањето се предлага поради тоа што од досега презентираните оперативни мерки, не се потврдени основите на сомневање дека делува спротивно на нашите уставни определби од позиции на македонски национализам.

О б р а з л о ж е н и е

ПОО "ДЕМАГОГ" е заведен во обработка на 5.6.1985 година, поради постоење сомневања дека со своите активности се јавува како "партнер" на нашиот систем, во мерките кои ги презема нашата партија и влада заради заштита на македонското национално малцинство во соседните земји, посебно Грција; не ги почитувал насоките на нашите ОПС, посебно на ОК и РК на ССРНМ; сметал дека мерките што ги преземала нашата влада

./.

за заштита од асимилација и денационализација биле недовоини па заговарал своја иницијатива за таа цел, преку ширење на вакви идеи меѓу бегалците од Егејскиот дел на Македонија, особено меѓу интелигенцијата; дека со свои истомисленици формирал КУД "Гоце Делчев", исклучиво од бегалци од Егејскиот дел на Македонија со цел да се негуваат обичаите, фолклорот и песните од овој дел на Македонија; паралелно формирал иницијативен одбор за свикување на "Лерински средби" и бил избран за претседател на истиот; одржувал блиски односи со ПОО "Дехитекс", "Матица", "Гинеколог" и други лица од оваа структура и постоење на индиции дека е во контакт со грчки државјани опфатени во ОО "Провокатори" на I сектор СДБ.

Предметот се проучуваше и обработуваше преку соработниците "Питомец", "Мисирков" и оперативните врски "ЕКГ" и "Таше".

Од досега добиените сознанија не беа потврдени основите на сомненија дека истиот делува непријателски од позиции на македонски национализам.

Во текот на обработката, по потврдата на сознанијата дека одржува контакти со дел од лицата заведени во ОО "Провокатори", од страна на колегите кои работаат по линија на ГРС минатата година ПОО "Демагог" беше повикан на разговор заради расчистување карактерот на воспоставените врски и односи со истите. Притоа презентира значајни сознанија од наш интерес, оставајќи впечаток на отворен, искрен и објективен човек и самоиницијативно изрази спремност да информира за натамошните средби и разговори со споменатите грчки граѓани.

Контактите со него продолжија и во наредниот период, а со текот на времето добија карактер на континуирана и организирана работа, поради што по консултациите и договорите

[redacted]

со I и III сектор на СДБ се одлучи истиот да се [redacted] трира.од ПОС и евидентира во активната соработничка [redacted]

ПРЕДЛАГА
Инспектор,
Љупчо Чкламовски

СОГЛАСЕН
Шеф на Испоставата на СДБ,
[redacted]

СОГЛАСУВА
Началник на III сектор,
Божидар Кулевски

RSVR-SRN-SDB 17.05.1985 GOD. 1 STRAN

NEDŽIPI [redacted] REŠAT LIČNO DOSIE BR. N-031

RODEN NA 11.01.1938 GOD. VO RESEN S.GRNČARI

ŽIVEE VO BITOLA UL.'OHRIDSKA' BR. [redacted]

NARODNOST ALBANSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE: PROFESOR NA UNIVERZITET

ŠKOLSKA SPREMA: OSTANATI FAKULTETI I VISOKI ŠKOLI

ZNAENJE NA JAZICI:

1. ALBANSKI
2. MAKEDONSKI

LINII NA RABOTA NA SDB:

1. ALBANSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNITE KATEGORII:

1. ALBANSKI NACIONALIST (ŠOVINIST,SEPARATIST I HEGEMONIST)

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

ISTAPUVA OD POZICII NA ALBANSKI NACIONALIZAM. VELI DEKA ALBANCITE SE OBESPRAVENI, POSEBNO VO BITOLA I RESEN. PROJAVUVA INICIJATIVA I POTTIKNUVA GRAĐANI OD ALBANSKATA NARODNOST DA VRŠAT PRITISOK VRZ SOBRANIETO NA OPŠTINATA ZA OTVARANJE GIMNAZIJA NA ALBANSKI JAZIK.
KONTAKTIRA SO LICA EKSPONIRANI PO LINIJA NA ALBANSKI NACIONALIZAM I IREDENTIZAM.

DOSIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-BITOLA

OBRABOTIL : [redacted] ODGOVOREN RABOTNIK :

ПРАШАЛНИК ЗА ЛИЧНО ДОСИЕ

X 1

Број на лично досие	3160
Основен орган	МСДБ-Битола
Датум на пополнувањето на прашалникот	15.6.1977 гпдома

1003160 8

04 10

11	презиме		25 татково име	35 име	
1	ПЕЦИНИ		[redacted]	РЕШАТ	
2	Датум на раѓање	11.1.1938 година			38 47
3	Место на раѓањето и општина	с.Грнчари - Ресен			24015 52
4	Народност	Албанец			07 54
5	Државјанство	СФРЈ			01 56
6	Стално место на живеење-живеалиште	Битола, ул.Охридска бр.[redacted]			02009 61
7	Занимање	професор			292 64
8	Однос со органи за ВР	немал			07 65
9	КАТЕГОРИЈА Прва				00 67
	КАТЕГОРИЈА Втора				00 69
	КАТЕГОРИЈА Трета				00 71
10	Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени	не се преземени			0 72
11	Колку пати е осудуван				0 73
12	Висина на казната-осудата				00 75
13	Кога е формирано досието	22.3.1973 година			73 77

14 Кратка содржина на досието:

Произлегува од селска земјоделска фамилија, баптистички расположена. Татко му [redacted] бил воjни емигрант по ослободувањето, а сега се наоѓал во Германија.

Решат, во 1973 год. се поврзал со разни националистички елементи, судени, емигранти и повратници од битолскиот и Преспа и покренал иницијатива за формирање на албанска гимназија во Битола. Како не наишол на подршка од партиските во Битола, организирал делегации до републичките фактори, жалејќисе дека му се нарушуваат правата на албанската народност во овие краеви.

Според мислењето на органите на СДБ истиот преставува интерес за СДБ.

Јк.
Откуцано на 14.1о.1977 година

15	Што да се прави со досието	да остане во оперативен архив.

98 79
1 80

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: .....
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: .....
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: .....
(читок потпис)

Ш Ш 41-1027/1030

Стр. бр. 813
6.12 1994 год.

РСВР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Извор: "Мисирков"
Инсп.Домчевски Иде
Битола, 26.11.1934 година

И З В Е Ш Т А Ј

На 22.11.1934 година во работните простории на изворот одржан е состанок при што изнесе:

"На 20.11.1934 година на работното место ме посети Мр.Нецип Решат со кого разговаравме подолго време. Решат, докторската дисертација на тема "Албанската народност во Македонија помеѓу двете светски војни" имал намера да ја брани на Филозофскиот факултет во Загреб и за таа цел испратил писмено барање до истиот факултет на кое му било одговорено дека ќе се одобрува покренување на постапка за стекнување на докторат на науки. Се одлучил да докторира во Загреб, бидејќи не наидувал на разбирање кај некои историчари во Македонија кои според него неоправдано давале негативни рецензии за неговите трудови.

Во докторската дисертација го имал вклучено и материјалот од својот научен труд "Врските и соработката меѓу албанците и македонците во минатото" за кој во август оваа година академик Милош Пандевски негативно се произнесе.

Во врска со неговото постапување за редовен професор по националната историја на Вишата педагошка школа во Битола, истакнал дека желало да биде избран само затоа што бил Албанец. Настојувал да ни објасни дека не е во право, бидејќи со реформата ќе отпаднат и други професори и дека тука нема никаква тендециозност, меѓутоа Решат остана убеден во своите ставови.

./.

II

Соработникот "Мисирков" е секретар во ДНУ - Битола, каде членува и често назрева и Неципи Рецат - ПОО "Магистер".

На ПОО "Магистер" во последно време повеќе трудови во Битола и Скопје му беа негативно отценувани и заради тоа се има одлучено да докторира во Загреб. Во врска со неговото поставување за редовен професор на ВПШ во Битола дадоа вакви и слични изјави со цел да извршат притисок врз надлежните органи за да биде поставен на ова работно место.

На изворот поставена му е задача доколку е во можност да набави примерок од докторската дисертација на ПОО "Магистер" и да го следи неговото држење и реагирање.

III

Лица:
1. ПОО "Магистер".

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
1 пр.СДБ III сектор
1 пр.СДБ IV сектор
1 пр.ИСДБ-Битола

Бр.04-702/1
Битола - Скопје - 11

ЕВИДЕНЦИЈА Бр. 468
12-5-1988 год.

РСВР -СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Извор: "Мисиркол"
Инсп. Дамчевски Иле
Битола, 9.05.1988 година

И З В Е Ш Т А Ј

На 6.05.1988 година одржан е состанок со изворот при што е го поднесе следниот пишан извештај:

"На 4.05.1988 година во Друштвото за наука и уметност службено ме посети Рецепи Нешат, во врска со неговото докторирање за да му извршам промена во неговото досие. При тоа останав во разгово подолго време.
Нецепи последната тема т.е. докторската дисертација прво ја иницира во Скопје но не му беше прифатена. Потоа ја преведе на српскохрватски јазик и се подготви да ја брани во Загреб. НО, та бидејќи се барало да се говори на српско хрватски, а тој имал проблеми со говорот, со писмена молба ја повлекол темата и на 25.03.1988 година докторирал во Приштина на албански јазик. Еден од главните рецензенти при докторирањето му бил проф. др. Масар Кодра од Скопје. Во Приштина често се гледал и доста му понагал проф. Ирфан Пашоја, за кого се зборува во суперлатив, ме тоа поконкретно за средбите со него избегнува да разговара. Има желба да ја отпечати докторската тема на албански јазик, бидејќи на македонски "немало" кој да ја преведи. Инаку темата се вика: "општествено-економската и политичката положба на Албанците од Македонија во стара Југославија.
Основна негова преокупација во научното творештво е разработув ењето на историјата на Албанците во Македонија-потеклото, животот придонесот во добивањето на државност на македонскиот народ.
По оценка на дел од историчарите во Битола кои се упатени во неговото творештво сметаат дека е воочливо величењето на Албанц

./.

. тендениозно прикажување на настаните од историјата, без некои посебни аргументи (манипулира со усмени кажани од луѓе).

Посебно ја потенцира врската на Албанците со Македонците во борбата, меѓутоа во таа тенденција како да е присутно настојувањето , борбата на Албанците да ја прикажи како борба на еден народ за своја земја, а не да му помага на друг народ и дека тој народ "си ја брани својата земја".

Албанците, вели во разговорот, се по порекло од Илирите, старосе делците за што зборуваат во прилог и презимињата што завршуваат на и и.тн., исти завршетоци како и романите, потекло од некогаш. Воедно, во Илинденското востание прикажува масовно учество на Албанците на страната на Македонците(поголем број историчари го тврдат спротивното).Во еден свој труд Нецини тврди дека Албанци од с.Обедник (во Обедник се потурчени) изјавувале за време на востанието "Готови сме да го дадеме животот за Даме Груев".Ова тврдење нее проверено и постои веројатност да се измислици на авторот.Имињата на некои Албанци од овој крај што се споменуваат како жртви патриоти и народни херои наводници од страна на Нецини, проверено и докажано се наоѓаат на страната на непријателот.

Бучан Арапиј ата го смета за народен јунак, бегови и аги од албанско потекло-познати злосторници тој ги смета за борци за слобода на народот.

Вакви и слични тенденции биле присутни и во докторската дисертација, за што зборуваат и дадените негативни рецензи во Скопје пр неколку години на истиот материјал кој тогаш беше во работна фор

Уште еднаш напоменувам дека овие оценки за творештвото на Нецини се дел од кои согледувања, а поголем дел од разговори на историчари водени во мојата канцеларија.

Овој пат во разговорот со мене Нецини беше доста скржав и внимателен.После средбата го поканив на слатки во слаткарницата "Пелис сопственост на Жан Ани (безбедносно интересен н.з.) за кого пр рече дека не го познава, меѓутоа кога отидовме таму срдечно се поздравија.

./.

3.-

Во разговорот во слаткарницата, откако малку се опуштивме, ми изрази жалење што настанале вакви состојби со Албанците и дека многу "невини" млади луѓе веќе заминале по затворите. Потоа малку во револт рече: замислете каква држава сме ние, судот суди петнаесетгодишните деца од 15-16 години за ништо. Што знаат тие. Ако суди е јунак нека ги суди водачите организаторите, а не децата, брука жива". После тоа како да се покаја што така кажа. Инаку, вели ту, неможе човек пријателски да се наборува, незнае со кого зборува. Цел народ се направил кодош, неразбран, плен со друг си ги копаат очите. Затоа молчи и седи дома. Како да е цела Југославија против мене, вели тој, давај молба да примам во служби и биди одбиен, давај молба за докторската ми одбиваат. Цела среќа што се најдоа добри и разбрани во Југославија и благодарение на тоа мојот докторски труд излезе на видело."

II

Изворот е секретар на Друштвото за наука и уметност во Битола и е ангажиран за следење на безбедносно интересни лица и појави по линија на македонски национализам и граѓански елементи.
Со оглед на тоа што тој е во објективна и субјективна можност да контактира и со ПОО"Магистер" кој е член на ДНП-Битола на минатиот состанок му беше поставена задача да разговори со него под изговор да изврши промена на податоците во неговото досие. Поставените задачи соработникот ги реализира и ги поднесе презентираниот писан извештај. За во наредниот период поставени му се задачи и натаму да ја следи научно истражувачката работ на ПОО"Магистер" и редовно да информира.

Оценките и сознанијата за негативните тенденции во творештвото на "Магистер" ќе бидат проверени и преку други автори кои се уаптени во оваа проб лематика и се во можност да дадат објективе оценка. Во зависност од сознанијата кои ќе бидат добиени во врска со секторот ќе се планираат понатамошни мерки и активности.

III

Лица:
1.ПОО"Магистер".

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- [illegible]

Од.04/9746/10970
Битеш - Скопје - IV
ЕВИДЕНЦИЈА Бр.1030
13.11.1988 год.

РСНР - СРМ
Служба за државна безбедност
Испостава - Битола
Инсп.Дамчевски Ице
Битола,2.11.1988 година Линија:АНС

ИЗВЕШТАЈ ОД СОРАБОТНИК

I - Извор:"Мисирков"
Податоците се однесуваат за ДОО"Магистер".
Состанокот е одржан на 1.11.1988 година во просториите на Друштвото за наука и уметност-Битола од 15-16 часот по иницијатива на изворот.

Трошоци од состанокот нема.
Материјалот се доставува до III и IV сектор на СДБ.

II - На предходните состаноци соработникот беше ориентиран покрај редовните активности по линија на МНС да ги продлабочи досегашните сознанија за него.

III - Соработникот го поднесе следниот пишуван извештај:
"Нешипи Решат , професор, доктор по историски науки,предавач на Педатошката академија-Битола(досегашен) по национална историја, најпрво магистрирал во Загреб, а потоа докторирал исто така на Приштинскиот универзитет на катедрата за национална историја. Имал проби за докторираше на Универзитетите во Скопје и Загреб, но поради неприфаќање,пак се јавува во Приштина и оваа година, 1988 година во март докторира на темата за економската, социјалната и културната, како и просветната положба на Албанците во Македонија меѓу двете светски војни.Главна негова преокупација во проучувањето е албанската народност во Македонија-културни, просветни,постигнања,учеството во националните борби.Во своите досегашни научни трудови и публицистички, зашто подолго време бил дописник на албанските списанија и дневен печат, има за цел да ја расветли албанската народност во Македонија низ вековите, д го потенцира фактот дека Албанците од век живееле и културно-

./.

просветно и револуционерно делувале во овие краеви.Егзистенцијата на Албанците во овие краеви за него значат нивното постоење и нивното право на татковина на овие краеви.Пишувајќи за историјата од Илинденскиот период тој проба да фалсификува некои податоци т.е. непријатели и угнетувачи на македонскиот народ (аги и бегови и други високи ~~[illegible]~~ државни чиновници од турските угнетувачи) да ги направи учесници во Илинденското востание.Се гордее што е Албанец и при судењето на иредентистички групи со внимание ги следи процесите судски.Со потценување гледа на исламизираните Македонци-Торбешит на Турците кои останале во Битола и кои треба да се сметаат за Албанци, а не за Турци, зашто,според неговата теорија:"тие се во основа Албанци, зашто ако беа Турци ќе се најдеа во Истамбул и подалеку од тој град во Мала Азија.Потекнува од с. Грнчари и вели дека таму , во Преспата, живеат чисти Албанци кои во дадени околности се кажувале за Турци, Но според односот имал добар однос, тие биле Албанци,спрема него.

Р.Неципи спаѓа во Бекташите.Тој го потенцира неговото припаѓање во оваа секта и според него тие се:чист, хетеродоксен ред на дервиши,основано во поранешните векови од Хаџи Бекташ-учен дервиш.

На 28.1о1.988 година во ДВУ -Битола каде сум ~~[illegible]~~ вработен ме посети професорот од Скопје Али Вишка,кој откако ги заврши работите за кои беше дојден, ме покани да го посетиме др.Неципи Решат, со кого биле пријатели и се познавале од порано.Имајќи ги во предвид од порано поставените обврски од службата за Неципи, поканата ја прифатив. Во домот на Решат бевме примени со мала доза на сомневање, но срдечно,гостопримливо.Во тој момент во куќата имаше екипа (од 6-7 мина) од РТС-програма на албански јазик, која снимаше емисија за научното творештво и докторската дисертација на Неципи.При влегувањето тој не запозна дека емисијата се снима по негово барање, а му помогнале и некои негови пријатели во Скопје.Со снимањето по негово мислење ќе се афирмирале неговите вистински научни вредности,кои во Битола не само што не биле адекватно вреднувани туку и се потценувале.

./.

Решат Неципи живее во долниот кат на куќата што ја делат со Нецип Неципи, прв братучед, трговски патник за текстилство. Р.Н. не примна во трпезаријата каде веќе беше наместено за почестување, секако поради снимателите.Просторијата мала, непосредно поврзана со нишата со хармоника врата.Меѓу двете простории преграда ламперија.На средината од преградата, на горн от крај до таванот, бакрорез портрет на Скендербег.На празниот ѕид, спротивно на прозорот, голема репродукција на уметничка фотографија, по се изгледа 50 x 50 см.Скендербег качен на коњ и меч в раце, карактерна слика.Под неа, во малата изложбена витрина две книг, од кои едната историја на Скендербег,другата историја на Албанија,на албански јазик.Покрај нив просторот го украсуваат разни ситни спомени од дрво и две кукли со албанска народна носија.На истата страна во собата се наоѓа и телефонот.

Во куќата се говори исклучиво албански,само со контактите со Македонците-македонски.Тој и целата фамилија, по негово кажување зборуваат чисто албански, не приучено."Штом се дало збор морало да се извршува", нарочно го потенцира овој албански карактер. Се разговараше за неговите идни планови, за кои тој е разпчаран, бидејќи еве како доктор на наука неможе да си најде соодветно место.Вели дека нее прифатен и дека е омразен човек меѓу ~~својте~~ колегите и општо.Се надева на подобри времиња неговата"макотрпна докторска тема да донесе поубав леб. Во салонот на куќата има изложено:пиштол и сабја-сувенири од стари времиња на неговото семејство, негов исказ.Контактите со народот, со населението му се строго контролирани.Освен со неговите роднини пријатели има малку од Македонците,спрема неговото искажување.Со оглед на околностите, иако посетата беше кратка, создаде поволни околност за понатамошни успешни контакти со Решат.

II

Изворот е секретар на ДНУ -Битола, каде активно челнува и ПОО"Магистер".Ангажиран е за следење на безбедносно интересни појави и лица по линија на МНС, меѓутоа е во објективни можности да ја следи и научно-истражувачката активност на "Магистер" за што на предходните состаноци поставени мусе конкретни задачи.

./.

Со оваа посета и присуството на професорот Али Вишко, кој бил близок пријател на Решат,создадени се услови да сработникс стекне поголема доверба и ги продлабочи досегашните сознанија.

Договорено е во наредниот период "Мисирков" да ги согледа најновите планови и активности на "Магистер" и да обезбеди тек од неговата докторска дисертација.

Информирано со телеграма бр.2288 од. 2.11.1988 година.

Отчукано во 3 примероци
Доставено до:
- 1 пр.СДБ III сектор
- 1 пр.СДБ IV сектор
- 1 пр.ИСДБ-Битола

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-756/1
09.04 2013 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Трајко Огненовски, од Битола, согласно член 10, 14, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 09.04.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Трајко Огненовски, од Битола, роден на 13.11.1939 година во Битола, со ЕМБГ: 1311939410022, со псевдоним „Мисирков", поранешен носител на јавна функција - професор на Педагошкиот факултет-Битола.

О б р а з л о ж е н и е

За лицето Трајко Огненовски, поранешен носител на јавна функција - професор на Педагошкиот факултет-Битола , Комисијата за верификација на фактите по службена должност, согласно член 27 од Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во истиот Закон, по претходно добиена листа на поранешни и сегашни носители на јавна функција на Педагошкиот факултет-Битола бр.03-109/2 од 05.03.2013 година, доставено по барање на Комисијата бр.07-557/1 од 26.02.2013 година, согласно член 23 став 2 од Законот.

Во постапката за верификација на фактите,Комисијата утврди дека за лицето Трајко Огненовски,во Државниот архив на Република Македонија, во неколку лични досиеја на други лица постојат документи од кои се утврдува неговата соработка со органите на државната безбедност.

Од извршениот увид се утврди дека се работи за следните документи и тоа:

-Во личното досие бр.13876 на лицето [redacted] со псевдоним „Љути", се најдени следните документи: Извештај Ев.бр.139/115 од 29.03.1984 година, составен од 2 (две) страни; и Службена белешка Ев.бр.234 од 19.04.1984 година, составена од 2 (две) страни;

- Во личното досие бр. 25968 на лицето [redacted] со псевдоним „Демагог", се најдени следните документи: План за оперативна обработка на ПОО „Демагог" , ев.бр.393 од 06.05.1985 година, составен од 4 (четири) страни; Телеграма бр.2438 од 13.12.1985 година, составена од 1 (една) страни; Аналитички осврт за ПОО „Демагог" ,од 07.05.1986 година, составена од 11 (единаесет) страни; Предлог за дерегистрирање од ПОО на лицето [redacted] ев.бр.813 од 15.10.1987 година, составен од 3 (три) страни;

- Во личното досие бр. 03160 на лицето [redacted] со псевдоним „Магистер" се најдени следните документи: Прашалник за лично досие бр.3160 од 15.06.1977 година, составена од 2 (две) страни; Извештај ев.бр.813 од 06.12.1984, составена од 2 (две) страни; Извештај ев.бр.468 од 12.05.1988 година, составена од 3 (три) страни; Извештај од соработник ев.бр.1030 од 17.11.1988 година, составена од 4 (четири) страни;

Од увидот во горенаведените документи за лицето Трајко Огненовски со псевдоним„Мисирков", се утврди дека: Трајко Огненовски како секретар на Друштвото за наука и уметност, сега Македонско научно друштво - Битола, самоиницијативно се пријавил за организираниот Симпозиум за НОБ, со цел за истиот понатаму да информира за добиените сознанија за [redacted] Т.Огненовски сметал дека тој има извршено позитивно влијание врз [redacted] и дека истиот остава впечаток дека сака да се рехабилитира и да докаже пред своите деца дека не е непријател на ова општество, но дека сеуште нема до крај расчистено со неговите поранешни определби и пријатели. Планот за обработка на [redacted] со псевдоним „Демагог", зафаќал неколку пункта и тоа: обработка на „Демагог" , од аспект на установување на неговите идејно-политички и националистички определби и документација на неговата непријателска активност. За ова цел за негова обработка биле ангажирани повеќе соработници, меѓу кои и „Мисирков", кој бил насочен кон проучување на „присуството" на лицето со псевдоним „Матица", во градењето на концепцијата на„Леринските средби", и степенот на влијание што го остварува врз „Демагог". Во документот Телеграма истакнато е дека, „Демагог" го запознал соработникот

„Мисирков" со заклучоците со состанокот на иницијативниот одбор за организирање на леринси средби на кои се расправал за евидентирањето на имотите на бегалците од егејскиот дел од Македонија. Исто така ги изнел неговото мислење за тоа дека секој македонец требал да се бори за обединување на Македонија во рамките на Југославија. Во Аналитичкиот осврт за ПОО „Демагог",стои дека „Демагог" на соработникот„Мисирков" му понудил пишувани материјали, изразил спремност да обезбеди снимени магнетофонски ленти со изворен говор во врска со Симпозиумот кој минатата година го подготвувале ДНУ од Битола и МАНУ. Во предлогот за дерегистрирање на „Демагог", наведено е дека истиот е обработен од неколку соработници меѓу кои и „Мисирков". Трајко Огненовски се јавува како извор и во предметот за обработка на [redacted], по линија на албански национализам и шовинизам. Во извештаите доставени од страна на „Мисирков" залицето со псевдоним, „Магистер", наведено е дека двајцата имале состаноци, разговарале во врска со докторската дизертација на „Магистер", и му било поставена задача да набави примерок од истата. „Мисирков" редовно информирал за научно-истражувачката работа на „Магистер", со цел следење на безбедносно интересни лица и појави по линија на македонски национализам и граѓанска десница, со оглед на тоа што„Магистер", беше член на ДНУ-Битола а изворот имаше објективна и субјективна можност да контактира со истиот.

Сите овие докази за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Трајко Огненовски, постојат документи во органите на државната безбедност, дека тој, како таен соработник, информатор, при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност, во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеа, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, со што се исполнува условот од член 4 и член 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 4, 14, 18, 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, и соглано член 212 став 2 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за верификација на фактите утврди дека лицето Трајко Огненовски, бил соработник со

органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршењето јавна функција во периодот на примената на овој Закон, и затоа одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Државната изборна комисија и до лицето Трајко Огненовски.

лустриран

ЏЕМО ЈАШАРИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 08-3271
01.06. 2015год
Скопје

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност и иницијатива од трето лице, за лицето Џемо Јашари од Гостивар, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објанување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2,член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, на седницата одржана на ден 01.06.2015 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Џемо Јашари, поранешен Шеф на ИСДБ-Гостивар, при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, ЕМБГ 1006941473018, роден на 06.10.1941 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објанување на соработката со органите на државната безбедност, ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Џемо Јашари од Гостивар, со ЕМБГ 1006941473018, роден на 10.06.1941 година, поранешен Шеф на ИСДБ-Гостивар при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот, по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, како и дали бил наредбодател или корисник на информации од таен соработник, согласно Законот.

Комисијата за верификација на фактите во постапката за утврдување на факти утврди дека за Џемо Јашари, во Државниот архив на Република Македонија, во две лични досиеја, постојат документи од кои се утврдува дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини.

Во личното досие бр. 26031 водено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија,а кој се наоѓа во Државниот Архив на РМ, постојат документите: Насловна страна од лично досие бр.26031; Службена белешка бр.274 од 23.09.1976 година; Извештај бр.306 од 15.10.1976 година; Предлог бр.279 од 26.09.1976 година; Предлог бр.269 од 10.06.1985 година; Предлог за заведување на претходна оперативна обработка бр.5267 од

31.03.1986 година; Службена белешка бр.6 од 04.01.1987 година; Предлог за примена мерка контрола на преписките и другите поштенски пратки бр.115 од 01.02.1988 година; Службена белешка бр.155 од 12.02.1988 година; Службена белешка бр.129 од 09.02.1982 година; Предлог бр.260 од 20.01.1990 година; План на мерки и активности бр.246 од 20.01.1990 година; Службена белешка бр.422 од 17.05.1990 година и Предлог на примена на мерка тајна контрола на преписките и другите поштенски пратки бр.762 од 02.10.1990 година.

Од увидот во горенаведените писмени документи, од личното досие бр.26031, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа дека на предлог и одобрување на Џемо Јашари, биле издадени налози за заведување на лицето во претходна оперативна обработка на линија албанска емиграција, албански национализам и албански иредентизам, оформил мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него И лица од неговот потесно семејство.

Од увидот во писмените документи содржани во личното досие бр. 26031, се утврди дека и овие документи укажуваат на фактот дека Џемо Јашари издаавал налози за заведување на лице во претходна оперативна обработка на линија на албански национализам и иредентизам, истиот оформил мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него, кршејќи ги основните слободи и права на ова лице.

Од увидот во горенаведените писмени документи од личното досие бр.26031 водено за лицето Зулбеар Бешири, се утврди следното: Од Насловната страница од ова лично досие се утврдй дека досието за лицето Зулбеар Бешири се водело поради тоа што тој манифестирал непријателска дејност и се јавувал како припадник на следните категории албански иредентист, член на албанска емиграција и лице кое растурал пропаганден материал, односно досието е водено од идеолошко-политички причини.

Од увидот во документот: Службена белешка бр.274 од 23.09.1976 година, од истото лично досие, се утврди дека Џемо Јашари, како инспектор во СДБ Гостивар ја изготвува ова службена белешка, во која се гледа дека ангажирал лица соработници за да се следи Зулбеар Бешири, и врз основа на изнесените информации од соработниците , дека истиот учествувал на состаноци во организации кои биле непријателски расположени кон тогашниот систем, дека службата се организирала да го ангажира Зулбеар Бешири на компромитирачки материал, во интерес на СДБ.

Од увидот во документот: Извештај бр.306 од 15.10.1976 година, се утврди дека и во овој документ како службено лице на СДБ, Џемо Јашари, успеал да го реализира планот на СДБ со тоа што оперативно го ангажира Зулбеар Бешири, на кого му одредува псевдоним Патар, а воедиом и изготвува план за целосно делување на Патар во Германија , следејќи ја целокупната активност на лица и организации кои делувале како непријателски расположени према тогашниот систем.

Од документот:Предлог бр.279 од 26.09.1976 година се утврдува дека самостојниот инспектор Џемо Јашари, предлага ангажирање и го регистрираа во активна сорбаботничка мрежа, на основа на компромитирачки материал, за соработка со службите за информирање во средините каде тој живеел и работел. Во овој документ инетересно е тоа дека Зулбеар Бешири бил пуштен да се врати во Германија откако ја прифатил соработката, што наведува на тоа дека бил принуден на соработка.

Од документот:Предлог бр.269 од 10.06.1985 година се утврдува дека,шефот на СДБ -Гостивар, Џемо Јашари, дава предлог за дерегистрација на лицето Патар, од соработничката мрежа поради несоработка со СДБ, односно сотаботникот Патар ги избегнувал сите контакти со СДБ и не давал никакви информации, но сепак според Шфот Џемо Јашари ќе има третман на лице безбедносно инетересен за службата.

Од документот:Заведување на претходна оперативна обработка бр.5267 од 31.03.1986 година,се утврдува дека на согласност на Шефот на испоставата во Гостивар Џемо Јашари, лицето Зулбеар Бешири е заведен на претходна оперативна обработка, а предметот на обработката го носи името Патар, со намера во иднина де врши детална проверка на лицето, документирање на неговата непријателска активност и контрла на неговите пратки.

Од документот Службена белешка бр.06 од 04.01.1987 година, од истото лично досие, се утврди исто така дека и во овој документ како службеник на СДБ-Гостивар, обавувал разговор со членови од неговото потесно семејство и преку неговиот син праќаат порака до ОО Патар, за да он се парализира на непријателски план, а исто така се закануваат и дека воопшто нема да го толерираат и ако не прифати соработка ќе му биде одземена патната исправа.

Од документот Предлог бр.115 од 01.02.1988 година, се утврдува дека на предлог на инспекторот Џемо Јашари се применува мерката контрола на преписките и другите поштенски пратки за лицето Зулбеар Бешири, поради неговите непријателски делувања во Бремен.

Од документот: Службена белешка бр.155 од 12.02.1988 година, од истото лично досие, се утврдува дека се прави примопредавање за следење на предметот Патар на Џемо Јашари.

Од документот Решение бр.25 од 23.02.1988 година,се утврдува дека се носи Решение за определување на мерката контрола на преписките и другите поштенски пратки за лицето Зулбеар Бешири, кое решение следи по предлогот за применување на истата мерка од инспекторот Џемо Јашари.

Од документот Службена белешка бр.129 од 09.02.1989 година, од истото лично досие, се утврди дека и во овој документ како службеник на СДБ,Џемо Јашари ангажира лица од неговото семејство,да информираат за непријателските делувања на Зулбеар Бешири, а исто така преку истите врски кои ги обезбедувал службеното лице настојувал да се врши психолошки притисок, со дистанцирање на неговото семејство до него, а исто така и го заплашувале дека ив о странство кон него и неговото потесно семејство ќе се применат строги мерки.

Од документот Предлог бр.260 од 20.01.1990 година, може да се утврди дека на предлог на инспекторот Џемо Јашари, предметот ПОО Патар се преквалификува во ОО Патар, што подразбира подигнување на оперативното ниво за превземање на повисоки дејствија од страна на СДБ кон Зулбеар Бешири.

Од документот План бр.246 од 20.01.1990 година, може да се утврди дека службеното лице Џемо Јашари подготвил план на активности за следење и прислушкување на Зубеар Бешири и неговот потесно семејство.

Од Службена белешка бр.422 од 17.05.1990 година, од истото лично досие, исто така се утврди дека како службеник на СБД-Гостивар, кој презема дејствија со тоа што е земан и на информативен разговор лица кои го познавале Зулбеар Бешири, па дури и неговиот татко за да добие сознание дали иститот дошол во Гостивар од Германија, и сакал да ја дознае причина зошто Зулбеар Бешири веќе четири години не доаѓа во Госивар

Од документот Предлог бр.762 од 02.10.1990 година,може да се утврди дека самостојниот инспектор Зулбеар Бешири, предлага примена на мерка тајна контрола на преписките и другите поштенски пратки, на лицето Зулбеар Бешири, со цел установување на содржината на преписките и другите поштенски пратки,поради неговот непријателско делување во Бремен.

Ова укажува дека со дејствијата Џемо Јашари предлагал и одобрувал дејствија со кои се кршени одредени основни слободи и права на одредени лица, но дека, крајно оценил дека поради тоа Што била постигната целта поставена во планот за работа, тие требало да се дерегистрираат од категоријата повремена контрола.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Џемо Јашари во периодот додека бил на служба во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, како службено лице кое вршејќи ја својата функција, со писмени документи наредувал или одобрувал дејствувања со кои беа кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните. што е согласно член 18 став 6 од Законот, односно истиот бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна фуикција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Џемо Јашари, во периодот додека бил на служба во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за

внатрешни работи, како раководно со посебни должности и овластувања, наредувал или одобрувал дејствувања со кои се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните, што е согласно и со член 3 став 1 точка 1б од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Џемо Јашари бил наредбодавец, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примена на овој Закон..

Согласно член 31 став 5 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност , против ова решение во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована врз начелата на приоритет и итност. Согласно став 6 од истиот член, ако не се покрене постапка во рокот од став 5 на овој член ова решение станува конечно. Согласно став 7 од истиот член, по конечното решение на Комисијата нема право на жалба.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Апчиј

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.

Да се достави до Џемо Јашари, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државна Изборна Комисија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 08-525/1
01.06. 2015год
Скопје

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност и иницијатива од трето лице, за лицето Џемо Јашари од Гостивар, а согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012) и член 3 став 2,член 205, 209, 210 и 212 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, на седницата одржана на ден 01.06.2015 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УТВРДУВА дека Џемо Јашари, поранешен Шеф на ИСДБ-Гостивар, при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, ЕМБГ 1006941473018, роден на 06.10.1941 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012).

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на фактите, за Џемо Јашари од Гостивар, со ЕМБГ 1006941473018, роден на 10.06.1941 година, поранешен Шеф на ИСДБ-Гостивар при Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија, согласно член 3, 4, 10, 14, 18, 28, 29, 31 и 40 од Законот, по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во член 4 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, како и дали бил наредбодател или корисник на информации од таен соработник, согласно Законот.

Комисијата за верификација на фактите во постапката за утврдување на факти утврди дека за Џемо Јашари, во Државниот архив на Република Македонија, во две лични досиеја, постојат документи од кои се утврдува дека во периодот од донесувањето на Декларацијата на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година до денот на започнување на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со писмен документ наредувал и одобрувал дејствувања, со кои се кршени или ограничени основните права и слободи на граѓаните од идеолошко-политички причини.

Во личното досие бр. 26031 водено од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи при Владата на Република Македонија,а кој се наоѓа во Државниот Архив на РМ, постојат документите: Насловна страна од лично досие бр.26031; Службена белешка бр.274 од 23.09.1976 година; Извештај бр.306 од 15.10.1976 година; Предлог бр.279 од 26.09.1976 година; Предлог бр.269 од 10.06.1985 година; Предлог за заведување на претходна оперативна обработка бр.5267 од

31.03.1986 година; Службена белешка бр.6 од 04.01.1987 година; Предлог за примена мерка контрола на преписките и другите поштенски пратки бр.115 од 01.02.1988 година; Службена белешка бр.155 од 12.02.1988 година; Службена белешка бр.129 од 09.02.1982 година; Предлог бр.260 од 20.01.1990 година; План на мерки и активности бр.246 од 20.01.1990 година; Службена белешка бр.422 од 17.05.1990 година и Предлог на примена на мерка тајна контрола на преписките и другите поштенски пратки бр.762 од 02.10.1990 година.

Од увидот во горенаведените писмени документи, од личното досие бр.26031, се утврди дека сите тие укажуваат на тоа дека на предлог и одобрување на Џемо Јашари, биле издадени налози за заведување на лицето во претходна оперативна обработка на линија албанска емиграција, албански национализам и албански иредентизам, оформил мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него И лица од неговот потесно семејство.

Од увидот во писмените документи содржани во личното досие бр. 26031, се утврди дека и овие документи укажуваат на фактот дека Џемо Јашари издадавал налози за заведување на лице во претходна оперативна обработка на линија на албански национализам и иредентизам, истиот оформил мрежа од соработници за негово следење, снимање, контрола на телефонските разговори, издавал налози за повикување на информативни разговори на одредени лица за кои сметал дека биле блиски до него, кршејќи ги основните слободи и права на ова лице.

Од увидот во горенаведените писмени документи од личното досие бр.26031 водено за лицето Зулбеар Бешири, се утврди следното: Од Насловната страница од ова лично досие се утврдә дека досието за лицето Зулбеар Бешири се водело поради тоа што тој манифестирал непријателска дејност и се јавувал како припадник на следните категоии албански иредентист, член на албанска емиграција и лице кое растурал пропаганден материал, односно досието е водено од идеолошко-политички причини.

Од увидот во документот: Службена белешка бр.274 од 23.09.1976 година, од истото лично досие, се утврди дека Џемо Јашари, како инспектор во СДБ Гостивар ја изготвува ова службена белешка, во која се гледа дека ангажирал лица соработници за да се следи Зулбеар Бешири, и врз основа на изнесените информации од соработниците , дека истиот учествувал на состаноци во организации кои биле непријателски расположени кон тогашниот систем, дека службата се организирала да го ангажира Зулбеар Бешири на компромитирачки материал, во интерес на СДБ.

Од увидот во документот: Извештај бр.306 од 15.10.1976 година, се утврди дека и во овој документ како службено лице на СДБ, Џемо Јашари, успел да го реализира планот на СДБ со тоа што оперативно го ангажира Зулбеар Бешири, на кого му одредува поевдоним Патар, а воедном и изготвува план за целосно делување на Патар во Германија , следејќи ја целокупната активност на лица и организации кои делувале како непријателски расположени према тогашниот систем.

Од документот:Предлог бр.279 од 26.09.1976 година се утврдува дека самостојниот инспектор Џемо Јашари, предлага ангажирање и го регистрираа во активна сорбаботничка мрежа, на основа на компромитирачки материал, за соработка со службите за информирање во средините каде тој живеел и работел. Во овој документ интересно е тоа дека Зулбеар Бешири бил пуштен да се врати во Германија откако ја прифатил соработката, што наведува на тоа дека бил принуден на соработка.

Од документот:Предлог бр.269 од 10.06.1985 година се утврдува дека,шефот на СДБ -Гостивар, Џемо Јашари, дава предлог за дерегистрација на лицето Патар, од соработничката мрежа поради несоработка со СДБ, односно сотаботникот Патар ги избегнувал сите контакти со СДБ и не давал никакви информации, но сепак според Шфот Џемо Јашари ќе има третман на лице безбедносно интересен за службата.

Од документот:Заведување на претходна оперативна обработка бр.5267 од 31.03.1986 година,се утврдува дека на согласност на Шефот на испоставата во Гостивар Џемо Јашари, лицето Зулбеар Бешири е заведен на претходна оперативна обработка, а предметот на обработката го носи името Патар, со намера во иднина де врши детална проверка на лицето, документирање на неговата непријателска активност и контрла на неговите пратки.

2 - 4

Од документот Службена белешка бр.06 од 04.01.1987 година, од истото лично досие, се утврди исто така дека и во овој документ како службеник на СДБ-Гостивар, обавувал разговор со членови од неговото потесно семејство и преку неговиот син пратаат порака до ОО Патар, за да он се парализира на непријателски план, а исто така се заканувааат и дека воопшто нема да го толерираат и ако не прифати соработка ќе му биде одземена патната исправа.

Од документот Предлог бр.115 од 01.02.1988 година, се утврдува дека на предлог на инспекторот Џемо Јашари се применува мерката контрола на преписките и другите поштенски пратки за лицето Зулбеар Бешири, поради неговите непријателски делувања во Бремен.

Од документот: Службена белешка бр.155 од 12.02.1988 година, од истото лично досие, се утврдува дека се прави примопредавање за следење на предметот Патар на Џемо Јашари.

Од документот Решение бр.25 од 23.02.1988 година,се утврдува дека се носи Решение за определување на мерката контрола на преписките и другите поштенски пратки за лицето Зулбеар Бешири, кое решение следи по предлогот за применување на истата мерка од инспекторот Џемо Јашари.

Од документот Службена белешка бр.129 од 09.02.1989 година, од истото лично досие, се утврди дека и во овој документ како службеник на СДБ,Џемо Јашари ангажира лица од неговото семејство,да информираат за непријателските делувања на Зулбеар Бешири, а исто така преку истите врски кои ги обезбедувал службеното лице настојувал да се врши психолошки притисок, со дистанцирање на неговото семејство до него, а исто така и го заплашувале дека ив о странство кон него и неговото потесно семејство ќе се применат строги мерки.

Од документот Предлог бр.260 од 20.01.1990 година, може да се утврди дека на предлог на инспекторот Џемо Јашари, предметот ПОО Патар се преквалификува во ОО Патар, што подразбира подигнување на оперативното ниво за превземање на повисоки дејствија од страна на СДБ кон Зулбеар Бешири.

Од документот План бр.246 од 20.01.1990 година, може да се утврди дека службеното лице Џемо Јашари подготвил план на активности за следење и прислушкување на Зубеар Бешири и неговот потесно семејство.

Од Службена белешка бр.422 од 17.05.1990 година, од истото лично досие, исто така се утврди дека како службеник на СБД-Гостивар, кој презема дејствија со тоа што е земан и на информативен разговор лица кои го познавале Зулбеар Бешири, па дури и неговиот татко за да добие сознание дали истиот дошол во Гостивар од Германија, и сакал да ја дознае причина зошто Зулбеар Бешири веќе четири години не доаѓа во Госивар

Од документот Предлог бр.762 од 02.10.1990 година,може да се утврди дека самостојниот инспектор Зулбеар Бешири, предлага примена на мерка тајна контрола на преписките и другите поштенски пратки, на лицето Зулбеар Бешири, со цел установување на содржината на преписките и другите поштенски пратки,поради неговот непријателско делување во Бремен.

Ова укажува дека со дејствијата Џемо Јашари предлагал и одобрувал дејствија со кои се кршени одредени основни слободи и права на одредени лица, но дека, крајно оценил дека поради тоа Што била постигната целта поставена во планот за работа, тие требало да се дерегистрираат од категоријата повремена контрола.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Џемо Јашари во периодот додека бил на служба во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи, како службено лице кое вршејќи ја својата функција, со писмени документи наредувал или одобрувал дејствувања со кои беа кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните. што е согласно член 18 став 6 од Законот, односно истиот бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека Џемо Јашари, во периодот додека бил на служба во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за

внатрешни работи, како раководно со посебни должности и овластувања, наредувал или одобрувал дејствувања со кои се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните, што е согласно и со член 3 став 1 точка 16 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Џемо Јашари бил наредбодавец, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција во периодот на примена на овој Закон..

Согласно член 31 став 5 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност , против ова решение во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована врз начелата на приоритет и итност. Согласно став 6 од истиот член, ако не се покрене постапка во рокот од став 5 на овој член ова решение станува конечно. Согласно став 7 од истиот член, по конечното решение на Комисијата нема право на жалба.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател.
Томе Апчев

ПОУКА: Против ова решение во рок од 8 дена од денот на доставувањето на ова решение, може да се поведе постапка пред надлежен суд, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд да биде известена Комисијата.

Да се достави до Џемо Јашари, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државна Изборна Комисија.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Кеј Димитар Влахов бр. 19, 1000 Скопје

За издавачот:
Д-р Филип Петровски

Ликовно-графичко обликување, дизајн на корица и компјутерска обработка:
М-р Емилија Роп
Јован Стојановски
Горан Стојковски

Печати:
Европа 92
ул. Крижевска бр. 52, 2300 Кочани

Формат:
А4

Тираж:
300